**УНИВЕРЗИТЕТ “КИРИЛ И МЕТОДИЈ” ВО СКОПЈЕ**

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ “ЈУСТИНИЈАН ПРВИ”**

**ФАКУЛТЕТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ**

**м-р Ирена Шуменковска**

# ГРЦИЈА ОД ПАДОТ НА ХУНТАТА ДО ПРЕСПАНСКИОТ ДОГОВОР (1974 – 2018) ВНАТРЕШНО-ПОЛИТИЧКИОТ РАЗВОЈ И НЕГОВОТО ВЛИЈАНИЕ НА ОДНОСИТЕ СО СОСЕДИТЕ

**Докторски труд**

**Скопје, 2024**

**Ирена Шуменковска**

# ГРЦИЈА ОД ПАДОТ НА ХУНТАТА ДО ПРЕСПАНСКИОТ ДОГОВОР (1974 – 2018)

## ВНАТРЕШНО-ПОЛИТИЧКИОТ РАЗВОЈ И НЕГОВОТО ВЛИЈАНИЕ НА ОДНОСИТЕ СО СОСЕДИТЕ

– А п с т р а к т –

Патот на демократската консолидација на Грција низ годините е нелинеарен и нерамномерен. Колапсот на воениот режим во 1974 година донел нова ера во грчката историја. Новиот демократски Устав во 1975 година придонесол за различен политички амбиент. Нова демократија и ПАСОК биле партиите со најголема популаризација и оставиле траен белег во грчката политика во овој период. Покрај радикалната реторика на лидерот на ПАСОК, Грција не ги нарушила односите со НАТО, а воедно, во 1981 година, станала дел од Европската Заедница. Грчката православна црква имала големо општествено влијание во државата. Грција не е секуларна држава, а тоа додатно и давало дополнителна можност на црквата да влијае врз повеќе сфери особено кога се во прашање односите со соседните држави со кои Грција имала отворени прашања.

Надворешната политика на Грција била исполнета со низа несогласувања и заладени односи со соседните држави, особено со Албанија, Турција и Македонија. Додатен импулс на овие заладени односи биле кипарското прашање, егејските спорови, грчкото малцинство во Албанија и спорот за името со Македонија. Грција вешто ги користела своите предности во надворешната политика, како членството во ЕУ и НАТО и можноста да лобира за да извлече подобра преговарачка позиција. Тоа дополнително ја рангирало Грција во повластена состојба во компарација со државите од соседството.

Политиката на Грција од падот на хунтата до Преспанскиот договор во периодот од 1974 до 2018 година имала влијание врз односите со соседните држави Албанија, Република Македонија и Турција. Докторската дисертација има за цел да

истражи дали внатрешно-политичките случувања и политиката на Грција од падот на хунтата до Преспанскиот договор, во периодот од 1974 до 2018 година, имаат влијание врз односите со соседите.

Целта на докторската дисертација е анализа на грчката внатрешна и надоврешна политика од падот на хунтата до Преспанскиот договор од 1974 до 2018 година, којшто е исклучително значаен период за дефинирање на внатрешната и надворешната политика на Грција. Оваа дисертација ќе се обиде да докаже дека оваа нова констелација на односите, создадена во периодот од 1974 до 2018 година, била пресудна за Грција и одлуките кои оваа земја ги донела на внатрешен и надворешен план, особено во односите со соседните држави Албанија, Македонија и Турција. Во таа насока, одлуките донесени во овој период имале пресудно значење во трасирањето на нејзиниот развој на надворешен план. Консеквентно на тоа, докторската дисертација ќе тежнее да ја апострофира демократизацијата на грчкото општество и да ги утврди главните карактеристики на билатералните односи со соседните држави во периодот од 1974 до 2018 година.

**Клучни зборови:** Грција, Република Македонија, Албанија, Турција, внатрешно - политички предизвици, надворешна политика, билатерални односи, Грчка православна црква, Цариградска патријаршија, европска интеграција, грчка должничка криза.

**Irena Shumenkovska**

# GREECE FROM THE FALL OF THE JUNTA UNTIL THE PRESPA AGREEMENT (1974-2018)

## INTERNAL POLITICAL DEVELOPMENT AND ITS INFLUENCE ON THE RELATIONS WITH ITS NEIGHBORS

– A b s t r a c t –

The path of democratic consolidation of Greece over the years is non-linear and uneven. The collapse of the military regime in 1974 ushered in a new era in Greek history. The new democratic Constitution in 1975 contributed to a different political environment. New Democracy and PASOK were the most popular parties and left a lasting mark on Greek politics during this period. Despite the radical rhetoric of the leader of PASOK, Greece did not break relations with NATO, and in 1981 it also became part of the European Community. The Greek Orthodox Church had a great social impact in the country. Greece is not a secular country, and this gave the church an additional opportunity to influence several spheres, especially when it comes to relations with neighboring countries with which Greece had open issues.

Greece's foreign policy was filled with a series of disagreements and strained relations with neighboring countries, especially with Albania, Turkey and Macedonia. The Cyprus issue, the Aegean disputes, the Greek minority in Albania and the name dispute with Macedonia added impetus to these cooled relations. Greece skillfully used its advantages in foreign politics, such as membership in the EU and NATO, and the ability to lobby to gain a better negotiating position. It further ranked Greece in a favorable position in comparison with neighboring countries.

Greece's policy from the fall of the junta to the Prespa Agreement in the period from 1974 to 2018 had an impact on Greece's relations with its neighboring countries Albania, Republic of Macedonia and Turkey. The doctoral dissertation aims to investigate whether the internal political developments and politics of Greece as of the fall of the junta to the Prespa

Agreement in the period from 1974 to 2018 have had an impact on its relations with the neighbors.

The goal of the doctoral dissertation is an analysis of the Greek internal and external policy from the fall of the junta to the Prespa Agreement from 1974 to 2018, which is an extremely significant period for defining the internal and external policy of Greece. This dissertation will try to prove that this new constellation of relations created in the period from 1974 to 2018 was decisive for Greece and the decisions this country made on the internal and external level, especially in the relations with the neighboring countries of Albania, Macedonia and Turkey. In that direction, the decisions made during this period had a decisive significance in tracing its development externally. Consequently, the doctoral dissertation will tend to apostrophize the democratization of Greek society and determine the main characteristics of bilateral relations with neighboring countries in the period from 1974 to 2018.

**Keywords:** Greece, Republic of Macedonia, Albania, Turkey, domestic political challenges, foreign policy, bilateral relations, Greek Orthodox Church, Patriarchate of Constantinople, European integration, Greek governement-debt crisis.

## Листа на кратенки

АНЕЛ Независни Грци – Национален патриотски сојуз

АНТАРСЈА (ANT.AR.SY.A) Атикапиталистичка левичарска соработка за симнување на власта

БДП Бруто домашен производ

БНП Бруто национален производ

ДЕА Антикапиталистичка левица

ДИМАР Демократска левица

ДЦА Договор за одбранбена соработка

ЕГЕ Унија на грчки жени

ЕДИК Унија на демократскиот центар

ЕЗ Европска Заедница

ЕЕЗ Европска Економска Заедница

ЕЕЗ* Ексклузивната економска зона

ЕК Европска комисија

ЕОКА Национална организација на кипарски борци

ЕПС Европска политичка соработка

ЕСМ Европски механизам за стабилност

ЕУ Европска Унија

ЗЕУ Западноевропска Унија

КИДИСО Движење на демократски социјалисти

ККЕ/КПГ Комунистичка партија на Грција

| | |
|---|---|
| КЛП | Коалиција на левицата и напредокот |
| ЛАЕ | Народно единство |
| ЛАОС | Народен православен митинг/собир |
| МАВИ | Северноепирски ослободителен фронт |
| ММФ | Меѓународен монетарен фонд |
| МНР | Министерство за надворешни работи |
| МПЦ | Македонска православна црква |
| МПЦ-ОА | Македонска православна црква – Охридска архиепископија |
| МСП | Меѓународниот суд на правдата |
| НАТО | Организација на северноатлантски договор |
| НД | Нова демократија, Nea demokratia |
| НПГ | Група за нуклеарно планирање |
| ОБСЕ | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| ОГЕ | Федерација на грчки жени |
| ООН/ОН | Организација на Обединети Нации |
| ПАСОК | Панхеленското социјалистичко движење |
| ПД | Преспански договор |
| ПЈРМ | Поранешна Југословенска Република Македонија |
| ПКК | Работничка партија на Курдистан |
| САД | Соединети Американски Држави |
| СИН/SYN | Коалиција на левичарски движења и екологија |
| СИРИЗА | Коалиција на радикална левица – прогресивен сојуз |

СРМ Социјалистичка Република Македонија

СССР Советски Сојуз

ТМТ Турска одбранбена организација

То Потами/ Реката Центристичка и социјал-либерална политичка партија во Грција

ТРСК Турска Република Северен Кипар

UCC Ослободителна војска на Чамерија

УНКЛОС / UNCLOS Конвенција на Обединетите Нации за поморското право

UNFICYP Мировните сили на Обединетите Нации на Кипар

FYROM / FYR Macedonia / ФИРОМ the Former Yugoslav Republic of Macedonia

## Содржина

Вовед ..... 11

Методологија ..... 17

**1. ВНАТРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА ГРЦИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1974 – 2018** ..... 18

1.1 Падот на воената хунта во Грција и владеењето на Константин Караманлис ..... 27

1.2 Европската интеграција на Грција и подемот на ПАСОК ..... 41

1.3 Крајот на студената војна и владеењето на Константин Симитис ..... 61

1.4 Современи тенденции во грчките општествени политики на почетокот на XXI век, согледана преку владеењето на Костас Караманлис и Јоргос Папандреу ..... 74

1.5 Грчката должничка криза и влијанието на Андонис Самарас ..... 79

1.6 Преспанскиот договор и Владата на Алексис Ципрас ..... 106

1.7 Заклучок ..... 119

**2. ВЛИЈАНИЕТО НА ГРЧКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА ВРЗ ВНАТРЕШНАТА И НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА ГРЦИЈА** ..... 123

2.1 Внатрешните релации помеѓу Грчката православна црква и Цариградската патријаршија ..... 141

2.2 Стратегијата на Грчката православна црква врз кипарскиот спор ..... 151

2.3 Односот на Грчката православна црква врз грчко-македонските билатерални односи ..... 161

2.4 Заклучок ..... 167

**3. СОСЕДСКИТЕ БИЛАТЕРАЛНИ ОДНОСИ НА ГРЦИЈА – НОВА МОЖНОСТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТЕНЗИИТЕ НА БАЛКАНОТ** ..... 170

3.1 Грчко-албанските билатерални односи ..... 182

3.1.1 Статусот на грчкото малцинство во Албанија ............................. 193

3.2 Грчко-турските билатерални односи ......................................................... 208

3.2.1 Кипарскиот спор - причини и импликации за градењето на миротот ..................................................................................... 245

3.2.2 Билатералниот спор за поморско разграничување на Егејското Море ..................................................................................... 264

3.3 Заклучок ..................................................................................................... 279

**4. ГРЧКО-МАКЕДОНСКИТЕ БИЛАТЕРАЛНИ ОДНОСИ** ................................ 284

4.1 Патот на независност: предизвици и перспективи .................................... 305

4.2 Дваесет и седумгодишниот преговарачки процес ..................................... 322

4.3 Преспанскиот договор: успех за Грција и нова визија за Македонија ...... 356

4.4 Заклучок ..................................................................................................... 376

**5. ЗАКЛУЧОК НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА** ......................................... 380

Додатоци ........................................................................................................... 388

Библиографија ................................................................................................... 391

# Вовед

*„Грција повторно се раѓа, Грција ќе постигне големи работи, Грција ќе живее вечно”.*[1]

– Јоргос Пападопулос

Модерната грчка историја била изградена врз длабоки политички расцепи, а десничарските партии доминирале во грчката политика во поголемиот дел од минатиот век. Во XX век Грција често потпаѓала под диктаторска власт. Тоа можеме да го забележеме за време на режимот на Јоанис Метаксас, кој на власт бил во периодот од 1936 до 1941 година и за време на воената хунта од 1967 до 1974 година. Метаксас бил генерал и активно учествувал за време на Балканските војни, а во периодот на Првата светска војна се борел за одржување на грчката неутралност и се спротивставувал на плановите на тогашниот премиер Елефтериос Венизелос. После обновувањето на монархијата во 1935 година, кралот Џорџ II го назначил за министер за армиски работи, а еден месец подоцна за премиер. За време на неговото владеење тој ја потиснал политичката опозиција и успеал да спроведе одредени економски и социјални реформи. Кога Италија ја нападнала Грција во 1940 година, Метаксас се приклонил кон западнот сојуз. Режимот 4 август, или подобро познат како „еежимот на Метаксас”, со поддршка од кралот Џорџ II, го суспендирал Грчкиот парламент и продолжил конзервативно да претседава со антикомунистичката Влада. За време на овој режим, Метаксас ги задржал блиските врски со Велика Британија и Франција, наместо со силите на Оската.

Во текот на XX век Грција повторно потпаѓа под диктаторска власт, во периодот од 1967 до 1974 година, или подобро познаткако период на владеење на воената хунта или режимот на полковниците. Во 1967 година бил извршен воен удар од страна на група полковници од грчката армија. Во тој период биле преземени антидемократски мерки, Грчкиот парламент бил распуштен, бил формиран мал Парламент, забранети биле политичките партии, уставот бил суспендиран, а бил реактивиран воениот Закон од страна на Метаксас. Национализмот, расизмот и

[1] Mikedakis, Emmi. *Manipulating Language: Metaphors in the Political Discourse of Georgios Papadopoulos (1967 – 1973).* In E. Close, M. Tsianikas and G. Frazis Greek Research in Australia: Proceedings of the [3rd] Annual Conference of Greek Studies, Flinders University, 2–-24 June 2000. Flinders University Department of Languages – Modern Greek: Adelaide, p.84

шовинизмот биле распространети низ грчкото општество. Во центарот на нивната идеологија била „мегали идејата" и старите илузии за Византиската империја. Лидерот на воената хунта, Јоргиос Пападопулос, забранил објавување на незаконските дела извршени од луѓето на режимот во печатот. Диктаторскиот режим ги имал сите елементи на фашизам. Воената хунта се обидела да даде законски рамки на диктатоскиот режим, со прописи приближни на прописите на Метаксас. Диктатурата се карактеризирала со политики, како што се антикомунизам, ограничувања на граѓанските слободи, затворање, тортура и егзил на политичките противници. Со овој режим управувал Јоргиос Пападопулос од 1967 до 1973 година. Во обидот за обнова на неговата поддршка бил ставен крај на ерата на Пападопулос, со друг државен удар од страна на тврдокорниот Димитриос Јоанидис (водечка грчка воена фигура од периодот на воената хунта), кој управувал со државата до крајот на воената хунта на 24 јули 1974 година.

Државниот удар од 1967 година и воената хунта која траела до 1974 година биле обид да се обезбеди политичката и културната чистота на народот во Грција, иако средствата и обидите на полковниците да постигнат такви цели резултирале со период на интензивен страв, недоверба и политичка нестабилност. Настаните што го забрзале државниот удар, дополнително ја зголемиле меѓународна загриженост над комунизмот и нестабилноста на надворешните односи на Грција со Турција. Националната и меѓународната клима и настаните кои се случиле во текот на целиот удар имале влијание врз уништувањето на режимот, што резултирало со евентуално враќање на демократијата во Грција и на воспоставување демократски систем.[2] Притисокот од турската инвазија на Кипар довела до промена во грчкото општество и воспоставување на Третата грчка република.

Блоковската поделеност целосно ги променила дотогашните односи на континентот, а токму прашањето на Грција претставувало првиот голем предизвик за американската надворешна политика во Студената војна. Кипарскиот спор бил дополнителен мотив за сè поголемото присуство на влијание на САД и СССР врз политичката ситуација во Грција. Падот на хунтата придонесол за демократизација на грчкото општество и за целосна европеизација на Грција. Историјата на ЕЗ ни

[2] Jamons, Persephonie. *How did Greece return to democracy following the 1967 coup d'état by the military junta?*. MHIS321 Twentieth-Century Europe (53)

покажува дека проширувањето делува како поттик за продлабочување, бидејќи инсистира на институционални промени и реформа на политиките на Заедницата, притоа се нагласува дека проширувањето не може да ги стави во опасност основите, целите и кохезијата на Заедницата, ниту нејзиниот иден развој. Главен мотив на ЕЗ за проширувањето во 1981 година со Грција бил геополитичкиот фактор. И покрај негативната оценка од Комисијата во однос на идното проширување на Заедницата со Грција, важноста на геополитичкиот фактор, а воедно и безбедноста, се истакнуваат како пресудни во проширувањето. Влијанието на Студената војна и нејзиниот неизвесен исход, географската местоположба на Грција, заострените односи со Турција во однос на нерешеното прашање околу идниот статус на Кипар, можноста за стимулирање на комунистичките сили кои очигледно сѐ уште биле присутни во грчкото општество, проследено со влијанието на СССР, биле само дел од причините од коишто произлегува проширувањето на Европската Заедница со Грција како 10-та земја-членка во европското семејство. Враќањето на демократијата во Грција ги сигнализирало напорите на државата дека се движи паралелно со другите западни политички системи.

***Хипотеза***

Политиката на Грција од падот на хунтата до Преспанскиот договор, во периодот од 1974 до 2018 година, имала влијание врз односите со соседните држави: Албанија, Република Македонија и Турција. Докторската дисертација има за цел да истражи дали внатрешно-политичките случувања и политиката на Грција од падот на хунтата до Преспанскиот договор, во периодот од 1974 до 2018 година, имаат влијание врз односите со соседите.

Политичките промени во Грција во периодот од 1967 до 1974 година придонесуваат да биде категоризирана како изолирана држава, внатрешно поделена, опкружена со држави со тоталитарни режими и целосно зависна од големите сили. Грција, на економски план, била класифицирана во категоријата сиромашни аграрни земји. На политички план често била под влијание на клиентелистички партии. Во 1960-тите и 1970-тите години во Грција се случиле низа настани на внатрешен и на надворешен план, кои го обележале нејзиното променливо политичко расположение. Падот на диктатурата на воената хунта во летото 1974 година предизвикал низа

турбуленции во Кипар, а тоа ги отворило портите за една нова ера. Кипарската криза во 1974 година можела да се смета како голема пресвртница во однос на грчките безбедносни размислувања во периодот после Втората светска војна. Турската инвазија и последователна окупација на северниот дел на Кипар, била многу трауматично искуство за Грција, но исто така и основа за нови размислувања во однос на безбедноста.

Дисертацијата ќе се насочи кон анализа на внатрешната и надворешната политика во Грција во периодот од 1974 до 2018 година. Покрај демократизацијата на општеството, овој период бил важен поради зачекорувањето на Грција на европскиот пат.

**Целта на првиот дел** од дисертацијата е да се анализа внатрешната политика на Грција во периодот од 1974 до 2018 година. Овој период ќе биде согледан преку владите и политиките на Константин Караманлис, Андреас Папандреу, Константин Мицотакис, Константин Симитис, Костас Караманлис, Јоргос Папандреу, Андонис Самарас и Алексис Ципрас. Во овој дел посебен акцент се става на европската интеграција, политичкиот плурализам, финансиската криза, реформските политики и мерките за штедење, проследени преку ставовите кои ги застапувале Нова демократија, ПАСОК и СИРИЗА.

Заклучокот за овој дел ќе биде проследен со анализа на политиките преземени од владите во овој временски интервал, акцентирајќи ја внатрешната политика на Грција во периодот од 1974 до 2018 година.

**Целта на вториот дел** од дисертацијата е да се анализира влијанието на Грчката православна црква врз грчкото општество. Религијата игра важна улога во одредени општества како што е грчкото и има големо влијание во креирањето на политиките на внатрешен и надворешен план. Религиозната моќ која ја поседувале верските водачи влијаеле врз верниците преку убедување и усвојување на одредени не само религиозни, туку и политички и социјални позиции. Односите меѓу Грчката православна црква и Цариградската патријаршија имаат понатамошно влијание врз развојот на настаните и грчко-турските билатерални односи.

Заклучокот за овој дел ќе биде проследен преку анализа на влијанието на Грчката православна црква врз грчкото оштество. Целта е да се прикаже можноста за влијание врз политиките на внатрешен и надворешен план во Грција во периодот од 1974 до 2018 година.

**Целта на третиот дел** од дисертацијата ќе биде да се анализаат односите со соседните држави Албанија и Турција. Развојот на настаните на Балканот директно влијаат врз мирот и стабилноста на грчкото општество. Променливите соседски односи се карактеристика за грчката надворешна политика. Билатералните односи со соседите се нова можност за зголемување на тензиите на Балканот. Грчката надворешна политика за време на Студената војна и после нејзиното завршување, настојува да ги задржи основните принципи кои ја обликуваат надворешната политика, преку промоција на сопствените национални интереси во контекст на сојузи и обврски, мир и стабилност во регионот, реафирмирање на владеењето на правото и справување со причините и појавата на насилството. Покрај напорите за негување добри билатерални односи со соседните држави, Грција сè уште има отворени прашања со соседните држави Албанија, Македонија и Турција. Во оваа дисертација ќе се согледаат билатералните односи помеѓу Грција и Албанија, како и нивните отворени прашања, меѓу кои и малцинските права на грчкото население во Албанија, грчко-турските односи, кои биле испреплетени со низа несогласувања и тензии. Нивниот билатерален однос ќе биде разгледан низ призма на кипарската кирза, билатералниот спор за поморско разграничување на Егејското Море, контролата над воздушниот простор над Егејското Море, европската интеграција, бегалската и мигрантската криза.

Заклучокот за овој дел на дисертацијата ќе биде проследен преку анализа на билатералните односи помеѓу Грција со соседните држави Албанија и Турција и има за цел да ја прикаже можноста за влијание врз политиките на внатрешен и надворешен план во Грција во периодот од 1974 до 2018 година. Во овој дел детално ќе се согледаат односите меѓу Грција и соседните држави Албанија и Турција, политиките кои биле преземени од страна на Грција, ставот кон отворените прашања и нивната соработка како членки на НАТО.

**Целта на четвртиот дел** е да се аназираат билатералните односи помеѓу Грција и Република Македонија. Грчко-македонските билатерални односи биле соочени со

голем број тензии и несогласувања уште на самиот почеток, поточно од независноста на Република Македонија. Дваесет и седумгодишниот спор, исполнет со блокади, ембарго, тензии, препреки и преговори, на крај резултира со потпишување на Преспанскиот договор. Нивните билатерални односи ќе се разгледаат преку политиките кои биле преземени во периодот од осамостојувањето на Република Македонија, приемот во ООН, Привремената спогодба од 1995 година, процесот на преговори за спорот со името, европската интеграција и решавањето на спорот со потпишуввање на Преспанскиот договор.

Заклучокот во овој дел ќе биде проследен со анализа на билатералните односи помеѓу Грција и Република Македонија и има за цел да ја прикаже можноста за влијание врз политиките на внатрешен и надворешен план во Грција од периодот од 1991 до 2018 година. Во овој дел детално ќе се согледаат односите меѓу Грција и Република Македонија од осамостојувањето до потпишувањето на Преспанскиот договор. Посебен акцент ќе се стави на дваесет и седумгодишниот спор и преговарачки процес. Преспанскиот договор ќе е разрешница на тензичниот однос помеѓу двете држави и можност за нормализирање на билатералните односи меѓу Грција и Северна Македонија.

Како резултат на тоа, предмет на анализа на докторската дисертација претставува Грција од падот на хунтата до Преспанскиот договор од 1974 до 2018 година, којшто е исклучително значаен период за дефинирање на внатрешната и надворешната политика на Грција. Оваа дисертација ќе се обиде да докаже дека периодот после падот на воената хунта (1974 – 2018) бил пресуден за Грција и одлуките кои ги донесе на внатрешен и надворешен план, особено во односите со соседните држави Албанија, Република Македонија и Турција. Во таа насока, одлуките донесени во овој период имаат пресудно значење во трасирањето на нејзиниот развој на надворешен план. Консеквентно на тоа, докторската дисертација ќе тежнее да ја апострофира демократизацијата на грчкото општество и да ги утврди главните карактеристики на билатералните односи со соседните држави во периодот од 1974 до 2018 година.

## Методологија

Тргнувајќи од определениот предмет на истражувањето, за изработката на докторската дисертација ќе бидат користени следните основни и посебни методи: историскиот метод, аналитички метод, дескриптивниот метод, логичното заклучување, анализата на содржина, систематското и телеолошкото толкување и други методи.

Примарен метод во истражувањето и подготовката на докторската дисертација ќе биде историскиот метод. Во тој правец ќе бидат анализирани серија историски објавени документи (извештаи, студии, стенографски белешки) релевантни за проучуваниот период.

Аналитичкиот метод ќе биде искористен за сумирање на резултатите од истражувањето на главните процеси во Грција од падот на хунтата до Преспанскиот договор, развојот на внатрешно-политичките настани и дипломатските односи на Грција со соседските држави од 1974 до 2018 година, како и за изведување на заклучоците од изведеното истражување.

Дескриптивниот метод ќе биде применет во објаснувањето и опишувањето на предметот на истражувањето. Истовремено, анализата на содржината, правилата на логичко заклучување, заедно со систематското и телеолошкото толкување, ќе помогнат во потврдувањето на главната теза на истражувањето.

Истражувањето ќе се спроведе преку посочените методи и според план кој опфаќа содржина систематизирана во неколку дела. Докторската дисертација ќе се состои од вовед, четири дела и заклучок. Предлог-содржината е дадена во прилог на пријавата.

# 1. ВНАТРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА ГРЦИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1974 – 2018

*„Демократијата е ̓владеење на народот, од народот и за народот̓.”*[3]

– Абрахам Линколн

Во периодот на шеесеттите и седумдесеттите години на минатиот век, грчкото општество било соочено со длабок раскол меѓу комунистите и националистите, што резултирало со воени мешања во политиката. Грција потпаѓала под диктаторска власт, како што било во периодот од 1967 до 1974 година. Граѓанската војна и нестабилноста на политичката сцена, монархистичката диктатура и комунистичкиот тоталитаризам, резултирале со тоа што политиколозите ја класифицирале како „Преторијанска земја”, заедно со Шпанија, Португалија и Турција, како и некои земји од Централна и Јужна Америка.[4]

После воениот удар на полковниците, изведен на 21 април 1967 година, кралот бил принуден да ја напушти земјата и да побегне во Италија, Караманлис[5] подолг временски период се наоѓал во странство[6], а останатите водечки грчки политичари биле уапсени. Воената хунта била на власт во Грција сѐ до 1974 година.[7]

Транзицијата на Грција во „центарот од „периферијата” во 1974 година е портата што поврзува две различни епохи во историјата на дваесеттиот век на Грција. Во периодот 1909 – 1974 година малата и стратешки лоцирана земја доживеала значителни турбуленции во нејзините надворешни и внатрешни односи. Економски била класифицирана во категорија на сиромашни, земјоделски, суровински зависна од трговија и надворешно задолжена држава, накратко – неразвиена.[8]

Политички била поларизирана, функционирала со персоналистички и клиентелистички политичките партии, чија главна цел била да го дистрибуираат

---

[3] *Abraham Lincoln*, пристапено на: 24.10. 2022, https://www.azquotes.com/quote/569417

[4] Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century*. London and New York: Frank Cass, 2003 (33)

[5] Константин Караманлис бил премиер на Грција во периодот 6 октомври 1955 – 5 март 1958; 17 мај 1958 – 20 септември 1961; 4 ноември 1961 – 17 јуни 1963

[6] Партијата на Караманлис изгубила на изборите во ноември 1963 година, а Караманлис заминал во доброволен егзил во Париз, додека Грција била под власт на воената хунта

[7] Докмановиќ, Мишо. *Балканот и американската дипломатија во XX век*. Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први“, 2014 (196)

[8] Couloumbis, Theodore A. *Domestic Sources of Greek Foreign Policy*, пристапено на: 25.03.2023 https://citeseerx.ist.psu.edu/document?repid=rep1&type=pdf&doi=7dc5803376d288eeda49cdfce177b1174fa007ac (2)

раскошот контролиран од хипертрофичниот државен сектор. Длабоките расколи меѓу ројалистите против републиканците и комунистите против националистите, ги одбележале годините од 1915 до 1974 година, што резултирало со чести воени интервенции во политиката. Според тоа, диктаторското владеење било наметнато во периодот 1925 – 1926, 1936 – 1941 и 1967 – 1974 година. Крвавата, деструктивна и социјално трауматична граѓанска војна оставила длабоки лузни врз политиката и општеството на земјата.[9]

Во нејзините надворешни односи, во „казанот" на Европа за време на двете Светски војни, тоталитаристички идеологии, национализам и холокауст, Грција исто така била активно вклучена во меѓународни конфликти како што се Балканските војни, Грчко-турската војна и двете светски војни. Сите овие авантури, кои биле одраз на турбуленциите во Европа (и особено на Балканот), влијаеле на разграничувањето на границите на Грција кои беа формално дефинирани во 1923 година (Договорот од Лозана) и 1947 година (Договорот од Париз).[10]

Внатрешната и надворешната турбуленција и екстензивното надворешно мешање заедно ја обликувале системската физиономија на Грција. Во текот на XX век Грција доживеала значителни турбуленции во своите надворешни и внатрешни односи. Економски таа била класифицирана во категоријата сиромашни, аграрни држави, зависни од трговијата и надворешно задолжена нација: накусо – неразвиена. Политички таа била поларизирана, работејќи под лични и клиентелистички политички партии, чија главна цел била доминација и раководење со целокупниот државен сектор. Во исто време историјата на модерната грчка држава ги илустрирала континуираните трендови на странска интервенција и мешање од страна на конкурентските големи сили.[11]

Со оглед на нејзината стратешка локација на Медитеранот и на Балканот, Грција, низ нејзината модерната историја, била предмет на конкурентските понуди за пробивање од страна на Големите сили. Изложеноста на море ја ставиле малата држава под директно влијание на големите сили кои вршеле контрола на Медитеранот (Велика Британија до 1947 година и Соединетите Американски Држави после тоа време). Во

[9] Couloumbis, Theodore A. *Domestic Sources of Greek Foreign Policy*, пристапено на: 25.03.2023 https://citeseerx.ist.psu.edu/document?repid=rep1&type=pdf&doi=7dc5803376d288eeda49cdfce177b1174fa007ac (2)
[10] Ibid. (2–3)
[11] Kaiser, Wolfram, Elvert, Jurgen. *European Union Enlargement A Comparative History*. London : Routledge, 2004 (81)

областа на односите меѓу Грција и големите сили, политиколозите ја класифицирале Грција меѓу оние држави со навлезени (зависни) политички системи. Колапсот на диктатурата на полковниците, предизвикан од кипарското незадоволство во летото 1974 година, ги отвора портите на нова ера. Длабоките поделби од минатото постепено биле премостувани, што водело кон ефективна реинтеграција на грчкото општество: прашањето за монархијата било решено на слободен и фер референдум во декември 1974 година, отстранувајќи го трнливиот симбол кој со децении ја поларизирал револуционерната левица против авторитарната десница.[12]

Грција била првата земја што потпишала Договор за асоцијација со Европската Економска Заедница уште во 1961 година (применето во 1958 година, во сила од 1962 година). Целта на „Атинтскиот договор" било пристапувањето на Грција во ЕЕЗ во рок од 22 години. Договорот бил делумно замрзнат седум години (1967 – 1974), на иницијатива на Комисијата на ЕЕЗ, како реакција на воениот режим кој бил на власт во Атина од 1967 година.[13]

Грција претставува прилично интересен случај во проучувањето на демократските транзиции. Уставната историја на Грција била одраз на нерамномерниот и неповрзан пат на земјата кон демократска консолидација. Од падот на воениот режим 1967 – 1974 година, Грција зачекорила низ процес на општествена демократизација.[14]

Главни предизвици на Грција во седумдесеттите години на минатиот век биле: кипарската криза, која свои корени влечела уште од 1963 година; неуспешниот државен удар, организиран од грчката диктатура против претседателот на Кипар; затворањето на Теолошката школа во Халки од страна на Турција и создавањето сериозни проблеми за опстанокот на Цариградска патријаршија.[15]

---

[12] Couloumbis, Theodore A. *Domestic Sources of Greek Foreign Policy*, пристапено на: 25.03.2023 https://citeseerx.ist.psu.edu/document?repid=rep1&type=pdf&doi=7dc5803376d288eeda49cdfce177b1174fa007ac (3)
[13] Tsinisizelis, Michael. *Greece in the European Union, A political/institutional balance sheet*. Hellenic Republic, Ministry of Press and Mass Media, 2008 (146)
[14] Grigoriadis, Ioannis N. *Democratic Transition and the Rise of Populist Majoritarianism, Reform and Transition in the Mediterranean*. Cham: Palgrave Macmillan, 2018 (13)
[15] Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century*. London and New York: Frank Cass, 2003 (118)

Во Грција обновата на општеството, по соборувањето на хунтата, се нарекува метаполитефси (грчки: Μεταπολίτευση), што буквално значи „промена на режимот".[16] Многумина пишувале за овој период и ненадејната трансформација од воена диктатурата во една од постабилните демократии во Европа на почетокот на 1980-тите години. Во политичкиот систем на Грција долго време доминирале расцепи меѓу ројалистите и републиканците, венизелистите и антивенизелистите и меѓу комунистите и антикомунистите. На крајот од Втората светска војна започнало формирање на политички центар како додаток на традиционалните лево и десно ориентирани партии.[17]

Во текот на периодот на Metapolitefsi[18] (после 1974 година) следел сложен процес во јавниот простор, со испреплетување на медиумските организации и политичката и економската елита. Последователно, Нова демократија и ПАСОК создале медиумско опкружување кое изгледало хаотично, но всушност било строго контролирано од државни и истакнати приватни интереси. Коалицијата Нова демократија и ПАСОК, која последователно ја играле клучната улога во политичкиот живот во Грција, не направила ништо за да се промени овој тренд.[19]

Транзицијата кон демократија од диктатура во Грција била релативно брза. Настаните што се случиле во текот на владеењето на хунтата дополнително го забрзале падот на полковниците, а тоа било доволна причина да се заклучи дека демократскиот систем бил единствениот можен стил на владеење во Грција, кој најдобро би можел да му служи на својот народ. Начинот на кој полковниците се справувале со општествените прашања за време на целиот период, бил репрезент на нивното неискуство и дрзок пристап кон политика. Сепак, овој пристап довел до нивен неуспех. Грција можела да се врати на демократкиот пат поради претходните дејствија на полковниците. Без полковниците би продолжило демократско владеење под водство на монархијата, која била одраз на застарен тип грчка политика и старомодни погледи кон светот. Полковниците се обиделе да го задржат хеленизмот на земјата, преку строг

[16] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn*. Oslo: University of Oslo, 2014 (59)
[17] Ibid.
[18] Метаполитефси/Μεταπολίτευση („промена на режимот"), бил период во модерната грчка историја од падот на воената хунта 1973/74 година до периодот на транзиција, непосредно по законодавните избори во 1974 година.
[19] Iosifidis, Petros. Boucas, Dimitris. *Media policy and independent journalism in Greece*. London : Open Society Foundation, 2015 (36)

анти-модернистички режим, а Грција можела да напредува во политичка структура преку одраз на променлива меѓународна клима.[20]

Грчките вековни и стари навики, чувството за лична и етничка самодоверба и вродената склоност да го отфрлаат она што не им служи, ги сведува да бараат странски жртвени јарци во периодот на падот на хунтата и кризата во Кипар, како CIA, Кисинџер и шестата флота на САД.[21]

Сеопфатното испитување на односите меѓу САД и Грција по 1974 година откриваат, меѓу другото, значајна промена во повоените обрасци на односите меѓу двете земји. За Грција, земја навикната верно да ги следи надворешните политички насоки на Вашингтон, периодот по 1974 година вовел нова ера на националната сувереност и самоувереност. Дали овие промени во американско-грчките односи претставуваат постојан феномен или се едноставно тактички потези, останува да се проследи понатака. Она што во оваа фаза е очигледно, сепак, е фактот дека Владата на Караманлис презела низа координирани иницијативи кон балканските соседи на Грција и Источна Европа, кои, земени заедно, ја нагласуваат промената на ставот кон оваа област и понезависен пристап во формирањето на грчката надворешна политика.[22]

Условите под кои се водела надворешната политика во Грција по 1974 година може грубо да се класифицираат во два периоди: пред и после 1989 година. Во првиот период позицијата на земјата, како јужно крило на НАТО, било во улога на одбрана на Западна Европа против заканата од Советскиот Сојуз и неговите сојузници, геостратешката важност на Грција и Турција се зајакнувала, така што секое нарушување на нивниот стратешки континуум ја намалувал нивната индивидуална вредност за западната безбедност. Американската неактивност за време на турската инвазија на Кипар била мотив за критиките упатени од страна на Андреас Папандреу кон Западот и неговото додворување кон Третиот свет. Иако Грција станала членка на ЕЗ во 1981 година, изборната победа на антизападното панхеленистичко социјалистичко движење ПАСОК се заканило дека ќе ја отстрани земјата од западниот

---

[20] Jamons, Persephonie. *How did Greece return to democracy following the 1967 coup d'état by the military junta?*. MHIS321 Twentieth-Century Europe (62)
[21] Miller. James, Edward. *The United States and the making of modern Greece, history and power, 1950 – 1974*. Chapel Hill: The University of North Carolina press, 2009 (201)
[22] Couloumbis, Theodore A. Iatrides, John O. *Greek-American relations, a critical review*. New York: Pella Publishing Company, 1980 (149)

свет. Со распадот на комунизмот и СССР, западната политика повторно станува составен дел од грчкото општество. [23]

Со враќањето на демократијата во 1974 година се означил радикален прекин со минатото во многу критични аспекти. Во овие промени изоставен е клиентелизмот. Рутинските осудувања на „клиентелизот” станале вообичаени, т.е. како ништо да не се сменало во овој аспект.[24]

Во периодот 1974 – 1981 година, за време на владеењето на Нова демократија, клиентелизмот бил застапен во форма на остварување на контакти помеѓу пратениците или членовите на локалната самоправа со гласачите. Можностите за клиентелистички назначувања во јавниот сектор биле ретки, но почести биле работните места и доделување јавни договори. Сепак, не било пресудно дека само членовите на НД или гласачите би ја добиле јавната работа или друга услуга од политичарите. За разлика од НД, со доаѓањето на ПАСОК во 1981 година на власт, работите драстично се промениле. Партиската машина станала семоќна. Партискиот комитет на ПАСОК станал актуелен центар на моќ, со кој и пратениците морале да соработуваат. Именувањата во јавниот сектор биле подеднакво поделени меѓу партиската машина и пратениците.[25]

По референдумот во 1974 година, монархијата била укината, а Грција станала Република. Во 1975 година бил донесен нов Устав кој, на економско и социјално поле, имал многу мала врска со претходниот демократски Устав од 1952 година. Приоритетите на фискалната, доходната, кредитната и монетарната политиката, улогата на синдикатите, како и природата и широчината на државната економска активност, радикално се промениле, одразувајќи ги новите идеолошки и политички ставови.[26]

По прогласувањето на републиканскиот Устав во 1975 година, нејзиното членство во Европската Економска Заедница во 1981 година се покажало како едно од клучните сидра на демократизација на Грција. Еден голем уставен амандман во 1986

---

[23] Koliopoulos, John S. *Greece The modern sequel from 1831 to the present*. London : Hurst & Company, 2002 (307)
[24] Mavrogordatos, George Th. *From traditional Clientelism to Machine Politics: the impact of PASOK Populism in Greece*. London : Frank Cass; South European Society & Politics, Vol.2, No.3, 1997 (2)
[25] Ibid. (14-15)
[26] Alogoskoufis, George. *Greece and the Euro: A Mundellian Tragedy. Medford :* The Constantine G. Karamanlis chair in the Hellenic and European studies, The Fletcher School Tufts University no. 2019-01, 2019 (12)

година и два помали уставни амандмани во 2001 и 2008 година, довеле до жестоки дебати, но не ги разнишале темелите на поредокот по 1974 година.[27]

Во 1974 година била формирана политичката партија ПАСОК како целосно нова партија, со недвосмислен единствен идентитет и без врски со минатото. Целта првично била исполнета, но на изборите не постигнале некој позначаен резултат.[28] Најпрво ПАСОК се претставил како социјално движење, а не како партија и бил насочен кон исклучените, обесправените и прогонуваните граѓани.

По 1974 година следел период на двопартиски систем во кој доминирале централно десничарската партија Нова демократија (НД) и Панхеленското социјалистичко движење (ПАСОК) во грчката политика. По падот на режимот на полковниците, екстремната десница одиграла мала улога во грчката политика до формирањето на популистичката партија ЛАОС во 2000 година. ЛАОС претставувала нова генерација во грчката политика и била алтернатива уште подалеку десно за оние кои не биле задоволни со мнозинското владеење на НД и ПАСОК. Во овој периодот, исто така, следело и основањето на „Златна зора".[29]

Обновувањето на демократијата го запечатила колапсот на седумгодишната воена диктатура. Главните политички цели што ги обликуваа грчките домашни и меѓународни приоритети во изминатите децении по политичката промена во 1974 година биле демократизација, економски просперитет, меѓународна безбедност и европеизација. Овие цели ветиле дека ќе ги исполнат долгогодишните општествени барања и ќе иницираат неповратен курс на сеопфатна модернизација, преку вклучување на Грција во европските заедници. Овие клучни политики биле дефинирани и промовирани од владите на десниот центар од 1970-тите, под раководството на тогашниот премиер Константинос Караманлис.[30]

Внатре, во Грција, двојната цел на Караманлис за европеизација била само универзално прифатена. Поларизацијата на општеството била присутна, а партиите биле поделени со проевропски и антиевропски ставови. По 1974 година

[27] Grigoriadis, Ioannis N. *Democratic Transition and the Rise of Populist Majoritarianism, Reform and Transition in the Mediterranean*. Cham : Palgrave Macmillan, 2018 (13-14)
[28] Mavrogordatos, George Th. *Rise of the Green sun, the Greek election of 1981*. London : King's College, 1983 (9)
[29] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn*. Oslo : University of Oslo, 2014 (4-5)
[30] Arvanitopoulos, Constantine., Botsiou, Konstantina. E. *The Constantinos Karamanlis Institute for Democracy Yearbook 2010*. Athenes: Springer, 2010 (93)

евроскептицизмот и антизападноста станале одлики на иднината, проследена со доаѓањето на социјалистите на ПАСОК (Панхеленско социјалистичко движење) кои биле на власт од 1981 година. Мешавина на изолационизам на Балканот и Третиот свет, служење на националниот суверенитет и опсежна реорганизација на државата, „во името на грчкиот народ", биле централна политичка филозофија за која се залагаат ПАСОК и неговиот лидер Андреас Папандреу, наместо строгите правила на приспособување кон западниот тип на модернизација, понудена со членството во ЕЗ.[31]

Социјалистичката реторика била многу популарна меѓу многу општествени групи во Грција. Од една страна, го задоволила долгогодишното незадоволство за повеќевековната странска интервенција во грчките политички работи, вклучувајќи го и наметнувањето на воената диктатура. Анти-американската и анти-западна пристрасност го достигнала својот врв во 1974 година, како резултат на амбивалентните политики од страна на западните сојузници и НАТО за кипарското прашање.[32]

Демократизацијата на грчкиот политички живот била проследена со четири значајни елементи, кои можеле да се сметаат како основна карактеристика на периодот од 1974 до 1981 година. Првиот опфаќал воспоставување демократски одговорни институции, особено демократски избран Парламент, гарантирање на вредностите на легитимитет, отвореност и одговорност. Втората карактеристика на политичкиот спектар во земјата била појавата на Панхеленско социјалистичко движење (ПАСОК), на чело со Андреас Папандреу, која довела левица со искоренување на комунистички димензии во грчката политика. Третиот елемент на процесот на демократизација бил модернизацијата и укинувањето на поранешното воено мешање и минимализирање на можноста за воена интервенција во политиката. Четвртиот елемент бил легализацијата на грчките комунистички партии, што биле забранети да работат легално пред 1974 година.[33] Постоела суштинска разлика помеѓу процесот на демократизација од 1974 година и доаѓањето на власт на ПАСОК во 1981 година. Во првиот случај демократизацијата се одвивала со вклучување на дотогашни исклучени социјални и политички групи во грчкиот политички систем, додека во вториот период, во 1981

---

[31] Arvanitopoulos, Constantine., Botsiou, Konstantina. E. *The Constantinos Karamanlis Institute for Democracy Yearbook 2010*. Athenes: Springer, 2010 (95)
[32] Ibid.
[33] Шуменковска, Ирена. *Американско-грчките односи во периодот 1974 – 1991 година*. Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први", 2017 (19)

година, ги претставувала суштинските интереси и напорите на грчките политички субјекти да дојдат на власт.[34]

Откако Нова демократија победила на изборите во 1990 година, нејзината главна задача била кратењето на огромните внатрешни и надворешни дефицити, а воедно и подобрување на имиџот на Грција како сигурен партнер на Западот. Двата приоритети биле поврзани со надворешно-политичките преокупации на земјата, еволуирачкиот облик на Европската Заедница која ќе ја одреди нејзината иднина и одбранбената соработка, преку која би се обезбедила нејзината безбедност.[35]

Развојот на грчкиот политички живот се согледувал преку два аспекти: прво, лево ориентираната Влада легитимно дошла и останала на власт релативно долго време, која воедно барала „отвореност" на грчката демократија; второ, леснотијата на транзициониот период се манифестирала со зрелоста на грчката демократија. Зрелоста и политичката рационалност која ја покажале не била само од страна на поразените политички партии или од војската, туку било применувана и од страна на новоформираната социјалистичка Влада. Таа била внимателна, особено во областа на надворешната политика, која би можела да ја предизвика или конзервативната опозиција или војската. Новата социјалистичка Влада била посебно претпазлива со војската и настојувала да ги елиминира дотогашните практики.[36]

Според Папандреу, мал број службеници биле одговорни за годините на диктатура, притоа ја истакнувал посветеноста на грчката војска во бранењето на територијалниот интегритет на земјата.[37] Ставовите на Папандреу кон војската не биле провокативни, со цел да се спречат какви било негативни последици.

Во ерата по Студената војна, Грција се соочила со голема безбедносна закана и со бројни ризици на надворешен план. Главната закана во најголем дел произлегувала од Турција, а ризиците биле детектирани како нестабилност на Балканот, Медитеранот, Евроазија и Среден Исток. Покрај тоа, голем број меки безбедносни прашања, кои биле тешко надминливи, на внатрешен план биле проследени со национални иницијативи,

[34] Шуменковска, Ирена. *Американско-грчките односи во периодот 1974 – 1991 година*. Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први", 2017 (19)
[35] Koliopoulos, John S. *Greece The modern sequel from 1831 to the present*. London : Hurst & Company, 2002 (313)
[36] Шуменковска, Ирена. *Американско-грчките односи во периодот 1974 – 1991 година*. Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први"., 2017 (19-20)
[37] Ibid. (20)

вкучително и прелевања на политичко насилство и бегалски движења. Грција се обидувала да ги надмине сите овие предизвици и закани. Грција била сведок на нов меѓународен амбиент од 1990-тите. Во ерата по студената војна, иако имало карактер и динамика на безбедносна (воена, еколошка, економска, општествена и политичка) криза, безбедносната перцепција на Грција, генерално, била ограничена на политичката и воената безбедност.[38]

Западната ориентација на Грција и членството во Европската Унија придонеле да има повластена положба. Од 1999 година Грција во голема мера ги префрлила турско-грчките проблеми во ЕУ и почнала да ја гледа ЕУ како обезбедувач на безбедност. Турско-грчките проблеми (егејското и кипарското прашање) влегле во официјалните документи на ЕУ, со кои се регулираат односите меѓу ЕУ и Турција. Спорот прераснал и се слеал како проблем помеѓу Турција и ЕУ. Во понатамошниот период членството на Турција во ЕУ било условувано со добрососедските односи со Грција, како што било нотирано на самитот во 2004 година.[39]

## 1.1 Падот на воената хунта во Грција и владеењето на Константинос Караманлис

„*Лидер е оној што од неред формира едноставност, од раздор креира хармонија и од тежина креира можност.*"[40]

– Алберт Ајнштајн

Падот на диктатурата на воената хунта во летото 1974 година, предизвикал низа турбуленции во Кипар и тоа ги отворило портите за една нова ера. Константин Караманлис, претставник од партијата Нова демократија, се вратил на власт во 1974 година, во периодот на транзиција на општеството, кога се воспоставиле и се консолидирале демократските институции, што довело до ефикасна реинтеграција на грчкото општество.[41]

---

[38] Akman, Emine. *Continuity and change in Greek security perceptions and priorities in the post-cold war era*. Ankara : Middle East Technical University, 2005 (1)
[39] Ibid. (2)
[40] *Albert Einstein*, пристапено на: 15.10.2022, https://www.entrepreneur.com/leadership/20-leadership-quotes-from-the-worlds-most-influential/295783
[41] Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century* . London and New York: Frank Cass, 2003 (118)

Караманлис ја поврзал европеизацијата со агендата за демократизација, а неговата нова партија, што ја основал во 1974 година, била именувана Нова демократија. Радикалниот раскин со домашната политика пред хунтата, во име на вистинската демократизација, бил придружен со елемент на западниот идентитет на земјата. Демократијата се очекувала да расте рака под рака со европеизацијата на грчките политички структури. Фокусот на Европа бил во голема мера олеснет од меѓународната политичка средина што го опкружувале после падот на диктатурата.[42]

По падот на воениот режим, новата Влада на Константин Караманлис одлучила да спроведе референдум, со цел да ја реши политичката дебата, односно политичкиот раскол меѓу оние што ја поддржувале парламентарната демократија и лојалните на уставната монархија.[43]

Караманлис успеал да создаде нов политички амбиент благодарение на новиот Устав и укинувањето на монархијата.[44] На поразените во грчката граѓанска војна им било дозволено повторно да учествуваат во политичкиот процес, преку учество на изборите на 8 декември 1974 година.[45] Речиси 70% од избирачите гласале против обновувањето на монархијата, што довело до целосен пресврт во грчкото општество. Политичката проценка на земјата кон демократска транзиција и плурализмот во политичките партии, биле основно средство за мотивирање на јавноста во оваа насока. Граѓанското општество кое дотогаш било потиснато, преку учеството во политичките партии, довело до партиципација на граѓанскиот сектор, артикулација на иницијативите кон демократизација.[46]

Нова демократија освоила 54% од гласовите, а, според пропорционален систем, од 300 места во Собранието добила 219. Караманлис бил претставен како спасител на нацијата. Унијата на центарот била втора, со освоени 21%, ПАСОК освоил 14%, ЕДА добила 9% од гласовите.[47] Политичкиот плурализам бил изразен преку вклучување на различни политички перспективи во грчкиот политички систем и зголемување на процесот на демократизација. Од 1974 година Грција имала пропорционален изборен

[42] Arvanitopoulos, Constantine., Botsiou, Konstantina. E. *The Constantinos Karamanlis Institute for Democracy Yearbook 2010*. Athenes : Springer, 2010 (93)
[43] Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century*. London and New York : Frank Cass, 2003 (35)
[44] Crampton, Richard. *The Balkans since second world war*. London : Pearson Education, 2002 (352)
[45] Ibid. (351)
[46] Шуменковска, Ирена. *Американско-грчките односи во периодот 1974 – 1991 година*. Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први“, 2017 (15)
[47] Crampton, Richard. *The Balkans since second world war*. London : Pearson Education, 2002 (351)

систем. Системот бил дизајниран да спречи фрагментација на политичките партии и појава на нестабилни коалиции.[48]

На 8 јуни 1975 година завршило ревидирањето на уставот, политичката структура на републиката била моделирана по терк на Франција. Уставот му доделил голема моќ на претседателот, кој би должен да избере премиер од партијата што би добила најмногу пратенички места на парламентарните избори. До измената на уставот во 1986 година, претседателот имал можност да стави вето на законодавството, да го распушти Парламентот и да повика на директно гласање за недоверба на Парламентот. Според Караманлис, овластувањата биле неопходни за справување со вонредни ситуации на политичката сцена.[49]

Законодавната власт се состоела од Собрание од 300 лица, избрани на директни избори со тајно гласање. Уставот ги заштитува и основните граѓански слободи, како, на пример, слобода на собирање, говор и здружување и слобода на печатот. Православната црква била призната, но воедно се овозможувало и слободно практикување на другите религии.[50]

Од 1974 година била воочена одредена перцепција на амбивалентност на војската за нејзината улога и нејзините ставови кон цивилната Влада и нејзините односи со западните сојузници. Војската, во овој период, се опоравува од негативната слика што ја стекнала во периодот 1967 – 1974 година.[51]

Европската ориентација на Грција станала очигледна со поднесувањето на апликацијата за пристапување кон новоформираната Европска Економска Заедница (ЕЕЗ) во јуни 1959 година. Апликацијата довела до Спогодба за асоцијација помеѓу Грција и ЕЕЗ, потпишана во јуни 1961 година, а воедно тоа бил првиот договор од ваков вид од страна на ЕЕЗ. Овој договор, всушност, претставувал прв чекор кон интеграцијата на Грција во Европската Заедница. Тој процес „се замрзнал" по наметнувањето на диктатурата во Грција (април 1967 година) и бил повторно

[48] Central Intelligence Agency. *Greece's electoral System*. Washington D.C. 1985 (1)
[49] Gallant, Thomas W. Brief *Histories Modern Greece*. London : Arnold, 2001 (207)
[50] Ibid. (207)
[51] Central Intelligence Agency. *Greece : Papandreou and the Military*,1983 (5)

активиран по враќањето на демократијата (јули 1974 година).[52] Во јули 1976 година продолжиле претпристапните преговори меѓу Грција и ЕЗ.[53]

Спроведувањето на Договорот било прекинато во април 1967 година, по воениот удар и по преземањето на власта од страна на режимот на „грчките полковници". Замрзнувајќи го Договорот, ЕЕЗ ја ограничила имплементација на тарифните намалувања и го оставила Договорот во неизвесност сè до враќањето на демократијата. Тоа се случило во јули 1974 година, со колапсот на воената диктатура и враќањето на демократската влада. Во ноември истата година, новата грчка Влада ја информирала ЕЗ за намерата да бара полноправно членство и на 12 јуни 1975 година официјално ја поднела својата апликација.[54]

По одржувањето на референдумот се изготвил нов Устав, во кој се вградиле измените што биле усвоени и најавиле враќање на демократијата, како и реформистичките визии на премиерот, кои започнале сериозно после референдумот. Новиот Устав предвидувал силна претседателска извршна власт, што наидува на силна критика од оние кои биле против какво било скратување на овластувањата на Грчкиот парламент. Уставот од 1975 година го заменил Уставот од 1952 година и бил резултат на компромис помеѓу поддржувачите на претседателскиот и парламентарниот систем. Меѓу останатите промени акцент бил ставен на односите црква – држава. Промената била направена во барањата претседателот да биде православен и да се заколне дека ќе го заштити православното верување.[55]

Овие промени придонеле Караманлис да успее да создаде нов политички амбиент, благодарение на новиот Устав и укинувањето на монархијата. Главна карактеристика на Уставот од 9 јуни 1975 година била зголемената моќ на претседателот во однос на Парламентот и на премиерот.[56]

На надворешен план Грција имала добри односи со арапските народи, главно поради дијаспората која живеела во некои арапски градови.[57] Влошувањето на односите со Турција било поттикнато од кипарскиот проблем. Често се водела

---

[52] „*Greece's course in the EU*", *Hellenic Republic Ministry of foreign affairs,* пристапено на: 16.10.2019, https://www.mfa.gr/en/foreign-pol icy/greece-in-the-eu/greeces-course-in-the-eu
[53] Crampton, Richard. *The Balkans since second world war*. London : Pearson Education, 2002 (356)
[54] Tatham, Allan. *Enlargement of the European Union. Alphen Aan Den Rijn and Austin* : Kluwer Law International, 2009 (30)
[55] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chicheste r: Wiley-Blackwell, 2010 (154)
[56] Шуменковска, Ирена. *Американско-грчките односи во периодот 1974 – 1991 година*. Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први", 2017 (15)
[57] Crampton, Richard. *The Balkans since second world war*. London: Pearson Education, 2002 (346)

вербална војна околу турското малцинство во Тракија и за помалкубројните грчки заедници во Цариград и на островите во влезот на Дарданелите. Двете страни ја истакнувале можноста за воведување воени мерки, со што ја поткопувале недовербата и ги зголемувале трошоците за одбрана.[58]

Константин Цацос, познат интелектуалец и близок соработник на Караманлис, бил избран од Парламентот за претседател на 19 јуни 1975 година и останал речиси целиот свој мандат. Првите избори по хунтата ја означиле волјата на народот и борбата за општествени промени, а следните избори во 1977 година Нова демократија доживеала пад на гласовите на 41,8%, а Панхеленското социјалистичко движење (ПАСОК), во времето на Андреас Папандреу, обезбедило 25,3% од гласовите.[59] Најсериозните предизвици со кои се соочува Караманлис во периодот после воената хунта биле поврзани со надворешната политика на Грција. Еден ден по втората турска офанзива на Кипар, Грција се повлекла од воената структура на НАТО во знак на протест против Алијансата поради неуспехот да се спречи инвазијата. Друг сериозен случај биле турските претензии за дел од територијалните води на Егејот, морското дно и воздушниот простор. Повлекувањето на Грција од војската на НАТО структурата била повеќе пробна разделба отколку целосно оттргнување од Алијансата, поради американската политика кон грчко-турскиот конфликт.[60]

По државниот удар во Кипар постоела можност за напад и поделба на островот. Владата на Караманлис имала повеќе опции, а првата била веднаш да оди во војна со Турција. Втората опција била да се бара примирје за да се добие во време, а подоцна, со масовна вооружена програма, да се принуди Турција да ја повлече својата окупациска армија од Кипар. Третата опција била адекватно одвраќање на идните турски ревизионистички обврски кон Кипар, Егејското Море и Тракија, а за возврат да се вработи паралелна мешавина на политички, економски и дипломатски експерти. Сепак не треба да се изостави фактот дека Грција и Турција се рамноправни членки на НАТО од 18 февруари 1952 година.[61]

---

[58] Crampton, Richard. *The Balkans since second world war*. London : Pearson Education, 2002 (346)
[59] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester : Wiley-Blackwell, 2010 (155-156)
[60] Ibid. (156)
[61] Шуменковска, Ирена. *Американско-грчките односи во периодот 1974 – 1991 година*. Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први“, 2017 (15)

Караманлис бил убеден дека Грција е соочена со големи предизвици и дека водела мрачна политика кон надвор и дека евентуален излез од таа криза би можело да се постигне со демократизација на институциите и европска интеграција. За да може Грција да пристапи кон Европската Заедница (ЕЗ), како Франција, Германија и други држави, морала да се откаже од одредени концепти и политики, како иредентизам или други форми на територијален ревизионизам и да ги прифати функционалните предизвици на интеграција и економска меѓузависност, кои биле главни концепти на Заедницата.[62]

Кипарската криза[63] во 1974 година можела да се смета како голема пресвртница во однос на грчките безбедносни размислувања во периодот по Втората светска војна. Турската инвазија и последователна окупација на северниот дел на Кипар била многу трауматично искуство за Грција, но исто така и основа за нови размислувања во однос на безбедноста. Географската распространетост и бројот на население во Турција, во споредба со тоа во Грција, сѐ повеќе ја зголемувало грчката несигурност. Спорот во врска со ширината на воздушниот простор почнал во 1974 година и довел до чести повреди на грчкиот воздушен простор од страна на турските воени авиони, кои прелетувале над грчките острови, а тоа придонелсо значително да се зголеми загриженоста.[64]

Кипарскиот проблем продолжил да доминира со грчката надворешна политика во средината на 1970-тите. Од грчката гледна точка, нерешениот статус на островот било дело на Соединетите Американски Држави и слабата антизападна реакција во тој период. Од инвазијата во 1974 година, турските трупи останале на островот. Иако во Женева се преговарало за прекин на огнот, сепак, веднаш по разговорите турската армија ја проширила својата зона на окупација на линија која вклучувала 37 отсто од кипарската територија. Караманлис имал намера да избегне вооружен конфликт, пред

[62] Шуменковска, Ирена. *Американско-грчките односи во периодот 1974 – 1991 година*. Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први“, 2017 (15)
[63] Заострените односи помеѓу Грција и Турција во однос на кипарската криза, главно се однесувале на кипарскиот државен удар кој ја поттикнал Турција да го нападне Кипар и да окупира третина од северниот дел на меѓународно признатата Република Кипар. Понатамошното продлабочување и заострување на односите помеѓу Грција и Турција настанало во 1983 година, со едностраното прогласување независност од страна на кипарските Турци и формирање на Турска Република Северен Кипар (ТРСК). Државата има дипломатски односи само со Турција, со која има одлична соработка на секој план. Другите држави ја признаваат само Република Кипар.
[64] Шуменковска, Ирена. *Американско-грчките односи во периодот 1974 – 1991 година*. Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први“, 2017 (15)

сѐ поради грчката неподготвеност, затоа разговорите продолжиле. Новата администрација имала на располагање релативно ограничен опсег на опции.[65]

Во 1975 година била прогласена турска федеративна држава Кипар во северниот дел на островот, а преговорите продолжиле, но имало и прекини. Договорот од 1977 година го поделил островот привремено, но не било постигнато трајно, практично решение. Во 2001 година судбината на Кипар се актуелизирала поради итноста и нарушувањето на односите меѓу Грција и Турција. Грчката јавност реагирала на турското присуство на Кипар, а воедно незадоволството било насочено кон НАТО и САД. Според мислењето на многу Грци, придобивките од членството во западно-европската безбедносна организација било бесмислено ако алијансата не можела да ја спречи инвазијата на островот од страна на НАТО сојузник.[66]

Во знак на протест Караманлис ја повлекол Грција од воените структури на НАТО, статус кој останал до 1980 година. Грција одговорноста ја насочила кон САД поради неуспехот да ја спречи турската акција. Во 1975 година преовладувало размислување дека Централната разузнавачка агенција на САД (CIA) била сметана за помагач на хунтата и за поддржувач на нејзиниот режим. Ова делумно било реакција поради односите на повоена Грција со САД. Обвинувајќи ги Соединетите Држави за настаните во Кипар, Грција, исто така, ја преценила својата моќ над Турција. Тензијата се зголемиле во 1976 година, кога САД делумно го укинале своето ембарго за оружје и дошло до размена на милијарда долари за воена опрема и воени инсталации во Турција.[67]

Во овој период односите со Турција биле затегнати, а Караманлис се насочил кон градење добрososедски односи со Бугарија, Југославија и Романија. Следната година, после посетите на Караманлис, следеле возвратни посети на официјални лица на Романија, Југославија и Бугарија. Истата година бил одржан самит во Атина, на кој присуствувале високи претставници од балканските држави. Самитот не придонесол за некои позначајни резултати и договори.[68]

---

[65] Gallant, Thomas W. *Brief Histories Modern Greece*. London : Arnold, 2001 (206)
[66] Ibid.
[67] Ibid.
[68] Jelavich, Barbara. *History of the Balkans,* Vol. 2: Twentieth Century. Cambridge: Cambridge University Press, 1983 (506)

Односите со балканските држави останале добри, а исто така се подобриле дипломатските врски и со Албанија.[69] Може да се тврди дека со модернизацијата се укажува на политичката зрелост и влијанието на Константин Караманлис како лидер во транзицискиот период, преку флексибилноста и прилагодувањата кон новата политичка животна средина. Влијанието и зголемувањето на улогата на силите на левицата, која несомнено била критична, но влијаела во кампањата против грчката хунта. Всушност, појавата на повеќе партии (десно и лево оринетирани), довеле до организација на сегментите на власта, а воедно и демократизација на општеството во Грција. Враќањето на демократијата во Грција ги сигнализирало напорите на државата дека се движи паралелно со другите западни политички системи.[70] Во јули 1976 година продолжиле претпристапните преговори помеѓу Грција и ЕЕЗ.[71]

По направените крупни политички чекори, Караманлис проценил дека му треба нова потврда од народот. За таа цел организирал избори во 1977 година, а на нив се случило тоа што никој не можел да го претпостави. И покрај големиот почит кај населението, Караманлис успеал да освои само 42% од гласовите, а изненадувачки бил фактот дека ПАСОК рапидно се искачил од 14% во 1975 година на 25% на овие избори.[72] Тоа придонесло ПАСОК да стане најголема опозициска сила. Покрај таквиот изборен резултат и скептицизам на дел од населението, не го попречило Караманлис да ги продолжи преговорите со ЕЕЗ, како и влезот во јануари 1981 година. Отфрлањето на остатоците од авторитаризмот како примарна цел, довело до мајоризација како клучна ставка на политичката дебата, паралелно со подемот на популизмот. Панхеленистичкото социјалистичко движење, левичарска партија основана од Андреас Папандреу на 3 септември 1974 година, се издигнала на доминантна позиција во грчката политика.[73]

Крајот на студената војна во голема мера го намалила поттикот за соработка против комунистичките соседите, охрабрувајќи ги двете земји да заземат понезависни ставови за регионалните прашања. Периодот на доминација на Нова демократија вклучувал и заеднички обиди за национално помирување. Економски, Караманлис се

---

[69] Шуменковска, Ирена. *Американско-грчките односи во периодот 1974 – 1991 година*. Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први“, 2017 (15)
[70] Ibid.
[71] Ibid.
[72] Ibid. (18)
[73] Grigoriadis, Ioannis N. *Democratic Transition and the Rise of Populist Majoritarianism, Reform and Transition in the Mediterranean*. Cham : Palgrave Macmillan, 2018 (19)

залагал за поблиска интеграција со Европа, а оваа политика била заокружена во 1981 година со полноправно членство во ЕЗ. Владата на НД практикувала политика каде државата имала наметлива и директна улога во одредувањето на економската политика, а во исто време се обидела да поттикне систем на слободен пазар. Караманлис распишал избори во 1977 година, една година порано. Целта на оваа стратегија била да се добие валидација на неговата надворешно-политичка програма.[74]

На овие избори се случило изненадување поради подемот на Андреас Папандреу и ПАСОК. Покрај тоа што НД имала мнозинство, сепак имало промена во освоениот резултат на останатите партии. Загубите на НД биле од повеќе причини. Некои поддржувачи на НД се инклинирале кон новата екстремно десничарска партија. На НД ѝ недостасувала јасна идеологија; наместо тоа, харизмата на нејзиниот лидер била нејзиниот главен адут за гласови. Во исто време политиката на ПАСОК имала сѐ поголем одек кај народот. Во периодот помеѓу 1974 и 1981 година ПАСОК се етаблирал како сосема нова партија, со нов политички идентитет и нови идеи. Тоа го направил надминувајќи ги старите поделби на грчката политика, имено оние меѓу конзервативците и либерали, комунисти и антикомунисти, десницата и антидесничарските сили.[75]

Кога би направиле кратка ретроспектива во однос на политиката на медиумите во годините за време и по падот на хунтата, можеме да забележеме драстични промени. Во годините на диктатурата (1967 – 1974) слободата на печатот била потисната и многу новинари биле прогонувани. Дури и пред диктатурата новинарите не ја имале потребната слобода на изразување поради властите и законите кои постоеле во земјата по Втората светска војна. Граѓанската војна и длабоката поделеност меѓу десницата и левицата во земјата создале ситуација на полудемократија, која завршила со падот на хунтата. После јули 1974 година, Грција за првпат во модерната историја се движела кон патот да стане целосно демократска држава. Степенот на развој на настаните во медиумите е поврзан со политичките случувања.[76]

Плурализмот во медиумите бил обновен по 1974 година, но радиото и телевизијата биле под државен монопол до 1987 година, како и во повеќето други

---

[74] Gallant, Thomas W. *Brief Histories Modern Greece*. London : Arnold, 2001 (207)
[75] Ibid.
[76] Шуменковска, Ирена. *Американско-грчките односи во периодот 1974 – 1991 година*. Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први", 2017 (15)

европски земји до 1970 година. Радиото и телевизијата често биле користени како промотори на владините политики. Државниот монопол не бил укинат со враќањето на демократијата во 1974 година, но немало големи ограничувања на слободата на печатот. Со Уставот од 1975 година радиото и телевизијата останале под контрола на државата, во прилог за промовирање на владините политики, ширење и наметнување на идеологијата со цел за да бидат доминантни.[77]

Со развојот на демократизацијата во Грција се актуелизирало прашањето за партиципација на жените во општеството. По падот на диктатурата женското движење го доживеало својот процут. Многу нови организации биле создадени за промени во грчкото општество и координација на политичките цели. Најпрво преку неформални групи, а потоа, во 1976 година, со основање на Федерација на грчките жени (ОГЕ) и Унијата на грчките жени (ЕГЕ), побарана е трансформација, модернизација и промоција на Законот за семејство, високо учество на жените во институциите и компаниите, легализација на абортусот итн. Тоа го означило влезот на Грција во нова фаза. Со демократизација на општеството се овозможило развој и промоција на социјалните права, како и соодветен терен за актуелизирање на правата на жените во грчкото општество, преку примена на одредбите на ОН.[78]

Во текот на ’70-тите и ’80-тите години на XX век било забележано значително зголемување на женската работна сила во Грција. Во осумдесеттите години на минатиот век и понатаму продолжила борбата за промоција на правата на жената, преку координативниот комитет на организациите на жените и партијата на жените, во вид на секции за развивање на свеста и перцепцијата на критичните маси на жени, особено во процесот на донесување одлуки. Покрај тие напори вистинската еднаквост не била постигната и дискриминацијата врз жените продолжила во вид на социо-економска дискриминација против жената. Во почетокот на деведесеттите години на XX век, жените добиле пристап до сите професионални сектори на вработување, а влијателна била и Европската мрежа на жени во донесувањето одлуки, преку основањето на меѓупартиски комитет за соработка на жените.[79]

---

[77] Шуменковска, Ирена. *Американско-грчките односи во периодот 1974-1991 година*. Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први“, 2017 (24)
[78] Ibid. (25)
[79] Ibid. (24)

Преговорите за членство на Грција започнале на 27 јули 1976 година, а Договорот за членство на Грција во Европската Заедница бил склучен на 23 мај 1979 година.[80] Првично Франција се обидела да ги одложи вистинските преговори, со цел да им се дозволи на Шпанија и Португалија, кои ја отфрлиле диктатурата, да формираат група од тројца кандидати, а поради француската загриженост за кохезијата во ЕЕЗ за регионалните разлики и влијанието врз нивниот земјоделски извоз на француските фармери. Тој предлог бил отфрлен, но постоела загриженост дека секое доцнење во преговорите со Грција ќе испрати сосема погрешни сигнали до Шпанија и Португалија.[81]

Во однос на темата за грчко-кипарско-турскиот триаголник, вообичаено биле истакнувани негативни аргументи, изразувајќи ја непријатноста и потенцијално штетните ефекти од пристапот на Грција кон односите меѓу ЕЗ и Турција. Степенот на оваа загриженост бил укажан од страна на Комисијата во однос на грчко-турските односи, каде што категорично било наведено дека Заедницата „не треба да стане дел од споровите” и ги повикала двете страни да ги елиминираат разликите.[82]

Комисијата посочила и дека Грција и Турција треба да најдат „праведно и трајно решение” за нивните разлики, а Грција на оваа изјава се жалела на политичко мешање надвор од надлежностите на Комисијата.[83]

Нападите на Папандреу против пристапувањето на Грција во ЕУ станале уште повеќе очигледни кога ПАСОК го удвоил својот дел од гласовите на изборите во 1977 година. Караманлис сфатил дека времето е од суштинско значење, особено за евро-интегративниот пат на Грција. Со посетите на Копенхаген, Луксембург, Хаг и Рим, тој ја зацврстил нивната поддршка. На неговото враќање во Атина рекол: „Сега постои вистинска сигурност дека за две години Грција ќе биде десеттата членка на ЕЕЗ”. На 3 април 1978 година повеќето од отворените прашања конечно биле договорени со компромис.[84]

---

[80] „*Second enlargement: Greece*“, *Digital Research in European Studies*, пристапено на: 15.10.2019, https://www.cvce.eu/en/education/unit-content/-/unit/02bb76df-d066-4c08-a58a-d4686a3e68ff/4a6854b3-62e2-4e41-aba6-9ccf2cf5a859
[81] Tatham, Allan. *Enlargement of the European Union*. Alphen Aan Den Rijn and Austin : Kluwer Law International, 2009 (31)
[82] Sjursen, Helene. *Questioning EU Enlargement Europe in search of identity*. London : Routledge, 2006 (23)
[83] Emmert, Frank., Petrovich, Sinisha. *The past, present and future of EU Enlargement*. Fordham International Law Journal, Vol. 37, No. 5, pp. 1349-1419, 2014 (1368)
[84] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece : A History since 1821*. Chichester : Wiley-Blackwell, 2010 (160)

Нова демократија требала да го задржи мнозинството од народните гласови по парламентарните изборите од 1977 година, иако довербата била намалена од последните избори. Во 1980 година Караманлис бил избран да го наследи Цацос како претседател, со што ја напушти функцијата, а Џорџ Ралис ја презел функцијата премиер. Караманлис долго време работел на зајакнување на врските на Грција со Европа.[85]

Улогата на Грција како соговорник меѓу балканските држави може да се согледа преку договорот со Романија, Бугарија и Југославија за меѓубалкански средби на ниво на заменици министри за координација и планирање. Од трите, Романија била традиционално најпозитивна кон политичкиот мултилатерализам, а Бугарија најмалку. Посетата на Караманлис на Москва во 1979 година била значајна за грчко-советско зближување. Втората конференција, одржана во Анкара во 1979 година, испратила порака дека соработката е битна, а исто така ставила дознаење дека политичките прашања не може да се решаваат сѐ додека Европа е поделена на блокови.[86]

По завршувањето на претпристапните преговори, Договорот за пристапување бил потпишан на 28 мај 1979 година и, по ратификацијата, тој стапил на сила на 1 јануари 1981 година. Договорот предвидувал општ транзициски период од пет години, завршувајќи на крајот од 1985 година. Во некои сектори немало преоден период или бил многу пократок.[87]

Караманлис вложил голем труд во неговиот петгодишен мандат, а најголем успех било враќањето на демократијата и економскиот напредок. Во мај 1980 година му завршил второт мандат на претседателот Цацос, па со оглед дека новиот Устав не дозволувал трет мандат, претседателската функција ја презел Караманлис, а претседател на Владата и на Нова демократија бил Јоргос Ралис. Во ноември 1980 година тој најпрво ја вратил Грција во НАТО и повторно ја приклонил кон либералното западно општество.[88]

---

[85] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn*. Oslo : University of Oslo, 2014 (60)
[86] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester : Wiley-Blackwell, 2010 (157–158)
[87] Tatham, Allan. *Enlargement of the European Union*. Alphen Aan Den Rijn and Austin: Kluwer Law International, 2009 (32)
[88] Шуменковска, Ирена. *Американско-грчките односи во периодот 1974 – 1991 година*. Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први“, 2017 (18)

Папандреу, промовирајќи го слоганот „Алаги” (промена), апелирал на рамномерност и за мажите, и за жените; и за руралните, и за урбаните средини. НД, од друга страна, премногу се потпирала на Караманлис, кој се соочувал со неуспех во спроведување на реформите неопходни за модернизација на неговата партија. Стапувањето на функција на Јоргос Ралис отсуството на харизматичноста на Караманлис, придонесло за пад на поддршката.[89]

Одлуките за пристапување на Грција во ЕЗ наишле на голем отпор од страна на ПАСОК и комунистите. Поради новонастанатата состојба и порастот на поддршката на ПАСОК на 17 април 1980 година, Караманлис јас истакнал желбата да се кандидира за претседател. Грчкиот парламентот го избрал на 5 мај 1980 година. На 8 мај Нова демократија го избрала Јоргос Ралис за свој следен лидер и премиер, а на 15 мај Караманлис положил заклетва како претседател, додека Цацос претходно поднел оставка поради истекот на неговиот целосен мандат. Општите избори од 18 октомври 1981 година резултирале со убедлива победа на ПАСОК.[90]

Конзервативната партија Нова демократија станала жртва на свесниот обид на својот лидер да ги собере сите десничарски елементи од различни претходни генерации. Следствено, наместо радикален прекин со екстремно десничарските елементи, Караманлис ефективно ги засолнил и ги направил имуни на гонење, создавајќи на тој начин атмосфера на незадоволство дури и кај либералниот поддржувачки деснчарски центар. Караманлис и неговата партија се стремеле да станат либерална партија по стапките на Генерал Де Гол во Франција. Караманлис се претставил како строг државник, посветен на надворешно политичките позиции на Грција во контекст на тековното европско обединување. Неговиот познат слоган бил „Грција припаѓа на Запад”, со што сака да каже дека грчкото општество мора да се трансформира од балканско, постотоманско општество во современа држава заснована на закон, ред и меритократија, според моделите на западноевропските либерални демократии. Компромисите што требало да ги направи со стариот политички

[89] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn*. Oslo : University of Oslo, 2014 (61)
[90] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester: Wiley-Blackwell, 2010 (161)

естаблишмент биле прилично сериозни и, всушност, го поткопале самиот проект за модернизација.[91]

Караманлис ја организирал својата партија врз основа на дихотомија, со прилично наивен обид за асимилација, очекувајќи неутрализирање на екстремистите и десничарските елементи кои останале активни во рамките на државните апарати и армијата. Неговата целокупна програма била сериозно поткопана од неможноста за ефикасно укинување на ендемските проблеми на грчката држава, имено; политикиот клиентелизам, сомнеж меѓу граѓанинот и државата, јавната корупција и длабоките структурни проблеми на општеството, како што е одвојувањето на црквата од државата.[92]

Од економската гледна точка, партијата не успеала да воспостави отворена пазарна економија регулирана и надгледувана од државата, без да се потпира на неа како примарен инвеститор. Државата ја задржала својата привилегирана позиција преку големи програми за субвенционирање, финансирани со високо оданочување, особено на пониските класи. Покрај високата стапка на раст и на интензивна социјална мобилност помеѓу 1975 и 1981 година, политичката и социјалната атмосфера останале статични поради неспособноста на Владата да го убеди мнозинството граѓани дека модернизацијата бара промена на менталитетот на државата, бирократијата, полицијата и армијата. Општественото присуство на таквите недемократски елементи во многу наврати создавало генерализирана анксиозност и социјална паника за можното враќање на угнетувачките режими.[93]

Тековните проблеми со Турција околу Кипар и Егејското Море кај поширокатa јавност го потенцирале чувството на слабост и национална анемија. Дури и најважниот настан за влез во Европската Економска Унија во 1980 годна, проследно со личната заложба на Караманлис, упорноста и лобирањето во сите европски метрополи, било недоволно за да се промени чувство дека конзервативната влада не прави доволно за да ја придвижи земјата напред, преку зајакнување на општеството и зајакнување на граѓаните. Граѓаните се чувствувале беспомошни пред државната бирократија, која

---

[91] Karalis, Vrasidas. *The Socialist Era in Greece (1981 – 1989) or the Irrational in Power. Modern Greek Studies (Australia and New Zealand),* vol. 14, 2010 (256)
[92] Ibid. (256-257)
[93] Ibid. (257)

дејствувала преку врски и служела во интерес на групи поврзани со владејачката партија.[94]

## 1.2 Европската интеграција на Грција и подемот на ПАСОК

„*Ова е пресвртница во грчката историја. Сега е време да се фокусираме на економските прашања.*"[95]
– Андреас Папандреу

Политичкиот спектар во Грција својот развој го доживеал после 1974 година, со формирањето на Нова демократија од страна на Константин Караманлис. Оваа партија, требало да ја замени поранешната конзервативна партија ЕРЕ, која тој ја формирал во средината на 1950-тите. Џорџ Маврос најавил формирање нова центристичка партија Центар унија – нови сили кои би се преименувале во Унија на демократскиот центар (ЕДИК) во февруари 1976 година. Во меѓувреме, со легализирањето на Комунистичката партија, било овозможено појавување како Комунистичка партија на Грција (ККЕ), заедно со Комунистичката партија за внатрешни работи (ККЕ-ЕС), составена од поранешни членови кои се отцепиле во 1968 година. ПАСОК претставувал најзначаен нов елемент во политичкиот спектар и тој го претставувал првото појавување на централно-левичарска, социјалдемократска партија во Грција.[96]

Папандреу го претставил новиот изборен закон кој, покрај козметички промени, во суштина ја зајакнувал пропорционалната застапеност. Комунистите и другите мали левичарски партии го критикувале Папандреу за науспехот да спроведе едноставен пропорционален систем што првично го ветувал.[97] Со формирањето на партијата Папандреу јасно го повикувал секој експлоатиран Грк да ги зајакне редовите на Партијата, да се формираат кадри и да учествува во обликувањето на движење, со цел

---

[94] Karalis, Vrasidas. *The Socialist Era in Greece (1981-1989) or the Irrational in Power*. Modern Greek Studies (Australia and New Zealand), vol. 14, 2010 (257-258)
[95] *Andreas Papandreou Quotes*, пристапено на: 25.10.2022, http://www.quotehd.com/quotes/andreas-papandreou-quote-this-is-a-turning-point-in-greek-history-it-is-now-time-to-focus
[96] Kitroeff, Alexander. *Papandreou, Andreas G. A Brief Political Biography*. Journal of the Hellenic diaspora, Vol. 23.1, 1997 (18)
[97] *Central Intelligence Agency*. Greece's electoral System. Washington D.C. 1985 (1)

да се промовира сопствената национална независност, народниот суверенитет, социјалното ослободување и демократијата во сите фази од јавниот живот.[98]

Во средината на 70-тите години на минатиот век, голем предизвик за Заедницата било проширувањето со држави кои отстапуваат од дотогашните практики. Приоритет во претходните проширувања биле репрезентативна демократија и економска стабилност и напредок. Следниот бран проширување на ЕЗ бил различен од претходните проширувања и насочен кон држави кои немаат доволен демократски и економски капацитет.[99] После враќањето на Андреас Папандреу во Атина во 1974 година, тој основал нова политичка партија: Панхеленското социјалистичко движење – ПАСОК.

Папандреу, критичар на капитализмот, социјалдемократ со револуционерни тенденции, вешт во употреба на зборови и политичар кој „целосно ги смени термините врз кој функционирал грчкиот политички систем". Тој верувал во Грција која не припаѓа ниту на Варшавскиот пакт, ниту на НАТО, земја која ќе го следи својот „трет пат".[100]

Настапот на партијата на изборите во ноември истата година не бил многу задоволителен, иако се издигнале на трето место по големина во Грчкиот парламент. На следните избори, во 1977 година, тоа било многу подобро и се издигнале на второто место, а силната поддршка била особено изразена во општинските совети, работничките и земјоделските синдикати, стручните здруженија и студентските синдикати. Кога биле распишани третите постдиктаторски избори, во есента 1981 година, ПАСОК бил подготвен да постигне спектакуларна и историска победа.[101]

Во 1981 година се случиле големи промени во грчката надворешна политика. Тие големи промени започнале со пристапот на Грција во Европската Заедница на 1 јануари 1981, кога станала десетта членка.[102] Истата година биле спроведени парламентарни избори. Главната трка се водела меѓу Нова демократија и ПАСОК

---

[98] Kariotis, Theodore C. Papandreou, Andreas G. *The Economist*. Journal of the Hellenic diaspora 23, no.1, pp. 33-59, 1997 (46-47)
[99] Шуменковска, Ирена. *Геополитичките импликаци врз проширувањето на Европската Заедница со Грција*. Скопје : Политичка мисла, 2021 (124)
[100] Papandreou, Nick. *Life in the First Person and the Art of Political Storytelling: The Rhetoric of Andreas Papandreou*. London: LSE – Hellenic Observatory European Institute, No.85, 2014 (1)
[101] Kitroeff, Alexander. Papandreou, Andreas G. *A Brief Political Biography*. Journal of the Hellenic diaspora, Vol. 23.1, 1997 (18)
[102] *„Greece"*, European Union, пристапено на: 16.10.2019, www.europa.eu/european-union/about-eu/countries/member-countries/greece_en

(Панхеленското социјалистичко движење). Победа изввојувала партијата ПАСОК, предводена од Андреас Папандреу, а во голема мера била резултат на фрустрацијата и слабоста на земјата на меѓународно ниво и неуспехот на Владата да обезбеди позитивен резултат во грчко-турските спорови.[103]

На изборите ПАСОК освоил 48,07% од гласовите и 172 места во Грчкиот парламент, а Нова демократија станала опозиција со 35,8% од гласовите и 118 пратенички места. Изборната поддршка на ПАСОК била подеднакво распространета меѓу сите општествени групи.[104] Изборите се одржале во услови на силно поларизирана клима. Според многу набљудувачи на состојбата, се навестувала умерена политичка стратегија од страна на новата Влада, а проценките се испоставиле за точни, но и покрај политичката реторика, Грција останува во ЕЕЗ и НАТО и го обновува одбранбениот договор со САД, дозволувајќи ѝ на американската војска да продолжи со операцијата во земјата. Во економската и социјалната сфера новата Влада се воздржува од спроведување какви било радикални мерки.[105]

Победа на ПАСОК во 1981 година била клучен тест за младата грчка демократија од најмалку две причини. Прво, оваа нова партија, основана пред само седум години претходно, во 1974 година, била критички настроени кон новите институции во земјата и општата ориентација. До 1981 година таа останала амбивалентна во однос на нејзините фундаментални надворешно-политички намери. Во контекст на Студената војна, насоката за излез на Грција од НАТО била перспектива полна со предизвици и сериозни опасности. Второ, ова било првиот случај на демократска промена, по седум години на власт на централно-десничарската партија Нова демократија предводена од Константин Караманлис. Во 1981 година бил тестиран степенот до кој бил консолидиран грчкиот демократски систем.[106]

Папандреу вовел широк спектар политички реформи, насочени кон унапредување на граѓанските права и еднаквост како и социјални реформи кои биле во корист на неговата изборна база, ниските приходи, групи и слоеви од пониска средна класа. Законодавството било донесено за да се забрани дискриминацијата врз основа на

---

[103] Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century*. London and New York: Frank Cass, 2003 (156)
[104] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester: Wiley-Blackwell, 2010 (162)
[105] Kalyvas, Stathis N. *Polarization in Greek politics: PASOK's first four years, 1981–1985*. Journal of the Hellenic Diaspora 23 (1), 1997 (83-84)
[106] Ibid. (83)

пол, религија или социјална класа и „посебните закони" кои биле спроведени во текот на Граѓанската војна, давајќи дополнителни овластувања на државата кои биле укинати.[107]

Во својата реторика, Папандреу се трудел да направи вешт микс на национализмот „Грција за Грците" и социјализмот „ПАСОК во Владата, моќта кај народот". ПАСОК ветил „трет пат" кон социјализмот и балансирана надворешна политика, враќање на националната гордост и оттргнување на странската зависност, преориентирање на Грција кон неврзаните земји. Карактеристиката на структурата на ПАСОК била основна базична поддршка што им недостасувала на другите партии. Покрај силниот централен комитет, ПАСОК имала локални партиски канцеларии и кадри во градовите и селата низ Грција. Овој систем се покажал многу ефикасен во поддршката и тврдењето дека партијата не била заснована, како другите, на мрежи на покровителство. Слоганот за „промена" имал големо влијание врз грчкиот народ кој симболизирал нов пат напред по 40 години конзервативно владеење.[108]

Во периодот кога ПАСОК управувал со земјата од 1981 до 1989 година, акцентот бил ставен на структурните промени од трајно значење за идниот развој на грчката економија и општество. Алтернативната економска стратегија на ПАСОК не била алатка за модернизација на економијата, туку повеќе политика која била наменета за трансформација на економската моќ. Како што Андреас Папандреу се приближувал до власта кон крајот на 1970-тите, тој сфатил дека неговите левичарски економски слогани не може да се применат во 1980-тите. Сепак, постол еден слоган што го користел до неговата смрт; она со што допрел до грчкиот народ – *алаги* – αλλαγή (промени). Отсуството на силна социјал-демократска традиција во Грција очигледно му помогнала на Папандреу да создаде релативно радикално социјалистичко движење.[109]

Новата Влада направила промени кои биле од суштинско општествено значење. Во тој период бил легализиран граѓанскиот брак, бил укинат системот на мираз, го

[107] Kitroeff, Alexander. *Papandreou, Andreas G. A Brief Political Biography*. Journal of the Hellenic diaspora, Vol. 23.1, 1997 (22)
[108] Gallant, Thomas W. *Brief Histories Modern Greece*. London : Arnold, 2001 (208)
[109] Kariotis, Theodore C. *Papandreou, Andreas G.* The Economist. Journal of the Hellenic diaspora 23, no.1, pp. 33-59, 1997 (48)

олеснил процесот за стекнување развод и декриминализирана прељуба, бил засилен правниот статус на жената.[110]

Во 1983 година била воведена сеопфатна Национална здравствена служба, под контрола на новоформираното Министерство за здравство, благосостојба и социјално осигурување, каде биле достапни современите медицински процедури во руралните средини. Обезбедена била еднаквост на испораката на здравствена заштита низ целата земјата и била воспоставена национална програма за обука за медицински сестри. Програмата драматично го променила квалитетот на здравјето на населението.[111] Очигледни биле обидите за реформирање на државната служба и управувањето со економијата. Реформите на ПАСОК биле насочени кон синдикалните здружувања, каде им била доделена поголема слобода и подобрување на работните односи.[112]

Изборот на социјалистичкиот лидер Папандреу за премиер ја зголемил загриженоста кај грчкиот офицерски кор. Со преземањето на функцијата, Папандреу извршил одредени промени во одбраната, со назначување на високо ценет поранешен офицер за заменик министер за одбрана. Неговата политика била во насока да се смири воената чувствителност и да се зголеми претпазливоста против „политичка активност" на офицерскиот кор, а воедно направил добар избор на квалификувани професионалци за највисоките воени позиции. Папандреу ги задржал високите трошоци за одбраната.[113]

Голем дел од воените офицери продолжиле да негуваат огорченост кон НАТО и САД за неуспехот да ја запрат турската инвазија на Кипар во 1974 година. Војската, пред сè друго, била силно националистичка, а нејзините прозападни ставови не ја спречиле да поддржат тврд став во тековните разговори за американските бази. Повикот на Папандреу за западна безбедносна гаранција против Турција и рамнотежата на силите во Егејот ја одразува загриженоста на мнозинството воени лица, кои од 1974 година ја сметаат Турција за примарна закана на грчките национални

[110] Gallant, Thomas W. *Brief Histories Modern Greece*. London : Arnold, 2001 (209)
[111] Ibid.
[112] Ibid. (210)
[113] Central Intelligence Agency. *Greece* : *Papandreou and the Military*, 1983 (8)

интереси. Ставовите на Папандреу, политичарите и воените лица се согласувале во поголем степен за турското прашање отколку за кои било други прашања.[114]

Во однос на одбранбената политика, бил задржан истиот континуитет како за време на администрациите на Караманлис и Ралис, па Владата на Папандреу продолжила да ги нагласува трошоците за одбрана за одржување на рамнотежата на силите во Егејското Море.[115]

Кога би направиле ретроспектива на настаните, брзата социо-економска модернизација и урбанизација во текот на 1950-тите и 1960-тите довела и до формирање масовни партиски организации во Грција, традиционално под клиентелистичка контрола од страна на локалните значајни личности, што отстапило место на нова форма на клиентелизам, а раководството на партијата ја одиграло улогата во доделувањето на државниот плен. Двете главни политичките партии, Нова демократија и ПАСОК, манипулирале со политичките бизнис циклуси и со зголемување на исплатите на социјална помош во замена за гласови. Оваа состојба продолжила и во подоцнежните фази на XX век.[116]

Во тој момент, економистот од Харвард кој станал политичар, Андреас Папандреу, го продолжил континуитетот на односите патрон – клиент во Грција. Според Гинтер и Дијамандурос, популизмот на Андреас Папандреу, кој доминирал во партиската политика и власта во текот на 1980-тите, заедно со клиентелизмот што навлегол во ПАСОК и во Нова демократија до раните 1990-ти, ги одвратил и двајцата лидери на партиите од модернизациските реформи. Во анализата на Клог се поставува прашањето: „Зошто толку софистициран и образован човек се однесувал како старомоден партиски шеф, третирајќи ја својата партија како негов личен посед (феуд)?"[117]

Папандреу е категоризиран како лидер кој ги продолжил тие традиции, наместо да е прв кој ќе ја отфрли таа политика и ќе ја модернизира партијата. Традиционалните односи патрон – клиент во Грција, продолжуваат да уживаат високо ниво на популарност и во подоцнежен период. Генерално, можеме да го сумираме дека тој

---

[114] Central Intelligence Agency. *Greece : Papandreou and the Military*, 1983 (8)
[115] Ibid.
[116] Kursat, Cinar. *A comparative analysis of clientelism in Greece,Spain, and Turkey: the rural–urban divide*, Contemporary Politics Vol. 22, No. 1. London: Routledge Taylor & Francis group, 2016 (82)
[117] Ibid.

рурален однос патрон – клиент во Грција се трансформира во нови форми на клиентелизам.[118]

Социо-економската модернизација и растечките стапки на урбанизација, заедно со генезата на масовните партиски организации, довела до слабеење на традиционалните односите помеѓу патрон – клиент, кои се заменети со урбани односи меѓу патрон – клиент предводени од партиски газди. Одредени студии за грчката политика тврдат дека овој тип патронажна политика влијае врз создавањето и развојот на граѓанското општество. Сотиропулос тврди дека граѓанското општество и бирократијата сè уште се прилично слаби во современа Грција поради туторство на многу силни политички партии.[119]

Цукалас тврди дека се направени обиди за реформирање на државата и искоренување на клиентелистичките односи во грчката политика, но, главно, други структурни фактори го попречуваат постигнувањето на целите на ваквите реформи.[120]

Според Маврогордатос, стапувањето на ПАСОК на власт во 1981 година придонесло за квантен скок во партиското покровителство и трансформација на традиционалниот клиентелизам во екстензивна политичка машинерија и „бирократски клиентелизам", преку распределба на државни ресурси и политички услуги на партиски поддржувачи во Грција.[121]

На надоврешно-политички план, политиката на Папандреу кон западот придонесла за појава на нова ера на отворена конфронтација со САД. Неговите нео-марксистички идеи, вирулентната анти-американска реторика и директниот стил во неговата кампања, ја откриле амбициозната визија на Папандреу, што довело до чести иритации кон официјални лица во Вашингтон и можноста да развива силна одбивност уште пред да стане шеф на Владата во Атина.[122] ПАСОК им ветил на Грците, надворешна политика во која Грција ќе биде „горда како нација". Сепак, Владата на ПАСОК не ги прекинала односите со западните сојузници.[123]

---

118 Kursat, Cinar. *A comparative analysis of clientelism in Greece,Spain, and Turkey: the rural–urban divide*, Contemporary Politics Vol. 22, No. 1. London: Routledge Taylor & Francis group, 2016 (82)
119 Ibid. (83)
120 Ibid.
121 Ibid.
122 Шуменковска, Ирена. *Американско-грчките односи во периодот 1974 – 1991 година*. Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први", 2017 (18)
123 Crampton, Richard. *The Balkans since second world war*. London : Pearson Education, 2002 (357–358)

Пристапувањето на Грција во ЕЗ имало длабоки и генерално позитивни влијанија врз речиси секој аспект од грчкото општество, како на економски, така и на политички и на социјален план.

Папандреу, во едно интервју, најавил дека неговата Влада ќе побара од претседателот на републиката Караманлис да свика референдум за пристапување на Грција во ЕЕЗ. Тој посочил дека не треба да се меша идеологијата со практична политика. Како што се менувале перцепциите, така се прифатил и фактот за добивките на Грција од постепената европизацијата на општестото. После изборната победа Папандреу ја обвинил претходната Влада во Атина за капиталистичко-империјалистички експанзионизам предводен од САД и ветил дека ќе ја ослободи Грција од странската експлоатација, а со тоа би го унапредил социјалистичкиот развој. Тој верувал дека судбината на Грција на меѓународната арена во Студената војна служела како мост за поврзување на Источна и Западна Европа, арапскиот свет и Африка, а неговите иницијативи ќе бидат „појдовна точка на обновување на односите меѓу народите".[124]

Платформата на ПАСОК ги вклучила категоричните ветувања за затворање на американските бази и прекинување на воените врски со Вашингтон. Папандреу изјавил дека идејата за странски бази на грчка територија е неприфатлива, бидејќи не верува во натпревар меѓу двете суперсили и европска поделба.[125]

Одлуката за грчкото членство во ЕЗ, во јануари 1981 година, била прифатена од широкиот спектар политички партии во Грција, а ЕЗ станала централен дел од надворешните односи на Грција.[126] Истата година настанала промена во Грција, а на власт дошла социјалистичка Влада предводена од ПАСОК. И покрај антиевропската и антизападна политика која ја застапувала ПАСОК, во средината на осумдесеттите го променила својот став и антизападната политика што ја водела кон ЕЗ. Грчката Влада ја сфатила предноста на членството во ЕЗ, што би можело да придонесе за решавање на проблемите со Кипар.[127]

---

[124] Шуменковска, Ирена. *Американско-грчките односи во периодот 1974 – 1991 година*. Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први", 2017 (18-19)
[125] Ibid.
[126] Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century*. London and New York : Frank Cass, 2003 (162–163)
[127] Gürzel, Günay Aylin. *Greece's Accession to the EU and its integration process*. Ankara: Bilkent University, 2004 (23)

Во мандатот на Папандреу на внатрешен план биле извршени реформи, а најзначајни биле озаконување на граѓанскиот брак и биле воведени планови за подобра здравствена грижа.[128]

Во однос на цивилно-воените односи, Владата на ПАСОК се стремела кон балансирана професионална армија која функционира во модерно, демократско општество. Владата на ПАСОК го охрабрувала Караманлис за поголема инволвираност и градење добри односи со војската. Военото раководство било целосно одговорно пред Владата и министерот за одбрана, чии советници биле поголем број цивили.[129]

Советот на Владата за надворешна политика и одбрана (The Government Council for Foreign Affairs and Defence) бил главен орган за донесување одлуки во врска со прашањето на националната одбрана и бил одговорен за планирање на одбраната. Со него претседавал премиерот и членовите на министерството за надворешни работи, одбрана, национална економија, внатрешни работи и администрација, децентрализација, јавен ред и началникот на хеленистичкиот генерал штаб за национална одбрана.[130]

Папандреу ја поддржувал идејата Балканот да биде зона без нуклеарно оружје. На надворешен план Владата не се согласила со воведувањето санкции против Полска по воедниот удар во 1981 година и не ги поддржала западните сојузници.[131]

Во 1981 година Грција станала членка на Европската Заедница, а таа одлука била прифатена од широкиот спектар политички партии во Грција, додека ЕЗ станала централен дел од надворешните односи на Грција.[132]

Во март 1982 година, грчката Влада донела меморандум за идните односи на Грција со Заедницата, каде што биле детално образложени сите сектори и посебните каратеристики на грчките сектори, во однос на понатамошно функционирање во рамки

---

[128] Шуменковска, Ирена. *Американско-грчките односи во периодот 1974 – 1991 година*. Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први", 2017 (20)
[129] Ibid.
[130] Ibid.
[131] Ibid. (20-21)
[132] Ibid.

на Заедницата. Посебен акценти бил ставен на економијата, индустијата и земјоделието.[133]

Со стапување на функцијата премиер на Грција, Папандреу почнал да се дистанцира од политиката за напуштање на ЕЗ и само се обидел да се извлече од обврските на Грција кои ѝ биле наметнати во рамките на пристапувањето. Во 1982 година, за време на кризата во Фолкланд, гласал воздржано за осуда на Аргентина во ОН, иако Грција се соочувала со слични закани во Егејот. Во септември 1983 година, откако Советскиот Сојуз го соборил корејскиот цивилен авион, Грција инсистирала дека за овој инцидент не треба да се „осудува”, туку едноставно да се „жали” за него. Оттука може да се забележи различната позиција во однос на западот.[134]

За првпат Грција претседавала со ЕЕЗ во периодот јули – декември 1983 година. Во септември 1983 година советската противвоздушна одбрана соборила еден цивилен авион над Пацификот.[135]

Грција, како претседавач со ЕЕЗ, водела двојна политика. Од една страна била солидарна со другите членки, а од друга страна сепак ги поддржувала советските движења против Западот. Во втората половина на 1980-тите години, популарноста на ПАСОК почнала да опаѓа, а за тоа биле доказ изборите за Европскиот парламент со предност на Нова демократија. Во март 1985 година му завршил мандатот на Караманлис, а народот очекувал нова пресвртница. За таа цел Кристос Сарsетакис (ПАСОК) бил избран за претседател, а Папандреу подоцна извршил и промени и ја намалил моќта на претседателот. На 29 март 1985 година ПАСОК одбил да го поддржи Караманлис за втор мандат како претседател на Републиката, па на негово место бил избран Христос Сарsетакис.[136]

Во 1984 година Нова демократија се соочила со внатрепартиска криза, а функцијата ја презел Константинос Мицотакис, на крајот на август 1984 година. На

---

[133] *Greek Memorandum. Position of the Greek Government on Greece's Relations with the European Communities.* Reproduced from the Bulletin of the European Communities, No. 3/1982, 1982 (90-93)
[134] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester : Wiley-Blackwell, 2010 (164)
[135] Шуменковска, Ирена. *Американско-грчките односи во периодот 1974 – 1991 година*. Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први“, 2017 (20)
[136] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester : Wiley-Blackwell, 2010 (166)

изборите во 1985 година ПАСОК успеал да добие 45,82% и 172 пратеници, со што му било овозможено да ја продолжи својата програма.[137]

Папандреу го задржал своето учество со неврзаниот свет и во 1982 година учествувал во „Иницијатива на 6-те за мир”, обид за приближување на контакти Исток – Запад, со цел да се стави крај на Студената војна. На овој состанок Папандреу учествувал заедно со претседателот на Мексико, Мигел де ла Мадрид, претседател на Аргентина Раул Алфонсин, претседателот на Танзанија, Џулиус Њ’Рере и премиерите Олаф Палме од Шведска и Индира Ганди од Индија. Поконтроверзно, Папандреу се насочил на поттик на подобрување на односите меѓу Грција и Куба и Ослободителната организација на Палестина, при што се сретнал со Јасир Арафат во Атина.[138]

Во периодот на 1980-тите години на XX век настанале промените на надворешно-политички план и во уредувачката политика на печатот. Најзначајна била појавата на таблоидите и воведувањето нова технологија во процесот на објавување. Значајна разлика меѓу грчките весници и европските и американските весници бил просторот кој се допуштал за меѓународни прашања, кој во грчките весници бил сведен на минимум, во однос на актуелните домашни политички настани. Сепак, весниците истакнувале информации за политиката и партиските конфликти, за разлика од радиото и телевизијата кои биле под целосна владина контрола. Покрај широката поддршка која ја уживала ПАСОК, не само во текот на првите четири години од своето владеење од 1981 до 1985 година, туку и во својот втор мандат од 1985 до 1989 година, контрола врз печатот сè уште постоела.[139]

Со текот на времето, Грција станувала сè повеќе зависна од ЕЕЗ. По самитот во Брисел во март 1985 година, Папандреу конечно изјавил дека Грција нема да се повлече од Заедницата затоа што, како што истакнал: „трошокот за заминување би бил многу повисок од трошоците за престој”. Дебатата помеѓу политичките ривали за време на изборите во 1985 година се одвивала околу економијата и нејзината неизвесна иднина.[140]

---

[137] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester : Wiley-Blackwell, 2010 (166)
[138] Kitroeff, Alexander. Papandreou, Andreas G. *A Brief Political Biography*. Journal of the Hellenic diaspora, Vol. 23.1, 1997 (23)
[139] Шуменковска, Ирена. *Американско-грчките односи во периодот 1974 – 1991 година*. Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први“, 2017 (24)
[140] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester : Wiley-Blackwell, 2010 (164-168)

Во 1984 година имало пораст од 2% на економскиот раст, наспроти 0,3% во 1983 година, каде што примарниот сектор бил еден од главните придонесувачи (благодарение на политиките на ЕЕЗ кои претходно биле многу критикувани од ПАСОК). Инфлацијата била намалена за 18,5% и очекувањето било да падне за уште 2% во 1985 година, а забележан бил значителен пораст на извозот (5,5% наспроти -0,8% во 1983 година), со истовремено побавно зголемување на увозот. Во исто време, сепак, невработеноста продолжила да расте.[141]

Социјалистичката надворешна политика драстично се променила во периодот од четири години кога ја освоиле власта. Папандреу одржувал дел од својата реторика, особено за време на изборната кампања во 1985 година, но успеал да преземе политики дијаметрално спротивставени од оние содржани во плановите и програмата. Социјалистите постигнале договор со Американците кој, и покрај тврдењата на Владата, го прошириле и гарантирале американското воено присуство во земјата. Во замена за одржувањето на односот 7:10[142] на американската воена помош за Грција и Турција и Владата на ПАСОК продолжила да го почитува Договорот на Роџерс, кој целосно ја реинтегрира земјата во стратешките планови на НАТО во Југоисточна Европа. Голем пресврт била одлуката на ПАСОК за купување огромна количина воена опрема (100 авиони, од кои 70 од САД, а останатите од Франција, меѓу кои тенкови и софистицирани уреди за надзор).[143]

Според грчкиот печат оваа набавка била наречена како „купување на векот”, а воедно и ја потврдила зависноста на земјата од САД и НАТО и ја отвора портата за многу непријатни финансиски последици.[144]

На изборите во 1985 година им претходел крајот на периодот на Караманлис како претседател. Генерално се претпоставувало дека ќе биде продолжен со втор мандат, И покрај што претходно ја пофалил улогата на Караманлис како претседател, Папандреу ја лансирал кандидатурата на помладиот Христос Сарцетакис. По три круга гласање, Сарцетакис конечно го добива потребниот минимум 180 гласови во Грчкиот парламент. ПАСОК тогаш вовел уставни амандмани со кои се зголемиле

[141] Spourdalakis, Michalis. *The Greek Experience.* Socialist register 1985/86 Social democracy and after,vol.22, 1985 (254)
[142] Помошта 7:10 се однесува на соодносот во воената помош, за секои 7 долари воена помош доделена за Грција, Турција добива 10 долари
[143] *The military balance between Greece and Turkey* : How it stands-Where it is headed-What it means, пристапено на: 26.01.2024, https://www.cia.gov/readingroom/document/cia-rdp93t00837r000400040002-4
[144] Spourdalakis, Michalis. *The Greek Experience*. Socialist register 1985/86 Social democracy and after,vol.22, 1985(257-258)

овластувањата на премиерот во однос на тие на претседателот. Затоа, парламентарните избори подоцна истата година се претвориле во конфронтација меѓу НД и ПАСОК, но ПАСОК го задржал приближно истото мнозинство како на изборите во 1981 година со 46%, додека за НД се зголемила поддршката за пет процентни поени, добивајќи 41% од гласовите.[145]

До 1985 година, годишната стапка на инфлација се зголемила на 25%, што довело до девалвација на драхмата и бил претставен план за штедење. Буџетскиот дефицит сепак растел, достигнувајќи на крајот 10% од бруто националниот производ. Јавниот долг, кој излегол од контрола во доцните 1980-ти и понатаму бил сериозна пречка на економскиот раст во Грција во 1990-тите. Во надворешната политика ПАСОК се покажал многу поумерен на власт отколку што бил како опозициска партија. Покрај жестоката анти-американска политика, ПАСОК бил подготвен на компромис за конкретни прашања, како што се продолжување на базите на САД во Грција. За разлика од тврдата линија која ПАСОК ја застапувал додека бил во опозиција кон ЕЗ, оваа политика била подобрена откако дошле на власт. За време на вториот мандат на Папандреу од 1985 до 1989 година, Грција стана целосно европски интегрирана.[146]

Во однос на политиката кон Турција, Владата на ПАСОК цврсто стоела на својот став. Во 1982 година Папандреу станал првиот грчки премиер што го посетил Кипар, сигнализирајќи силна поддршка за грчкото население на поделениот остров. Во 1984 година тој ја мобилизирал грчката војска после турските провокации. Во 1987 година тој уште еднаш ја довел Грција на работ на војна кога Турција се заканила дека ќе испрати брод за истражување нафта во грчките територијални води.[147]

Во 1988 година дошло до затоплување на односите и средба меѓу Папандреу и турскиот претседател Тургут Озал во Давос, Швајцарија, каде што се отвориле нови патишта за преговарање. Таму биле договорени билатерални комуникации и консултации. Набргу потоа дошло до повторно заладување на односите поради малцинствата, воздушниот простор и пристапот до егејската нафта. Во 1988 година

---

[145] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn*. Oslo: University of Oslo, 2014 (61-62)
[146] Gallant, Thomas W. *Brief Histories Modern Greece*. London: Arnold, 2001 (211)
[147] Ibid.

Папандреу не бил доволно активен поради здравствени проблеми и интервенција. Оваа ситуација ја икористила опозицијата за обвинувања.[148]

Најзначајното отстапување на политиката на ПАСОК кон Турција била воведена од средбата во Давос во февруари 1988 година, што означувало смирување на тензиите меѓу двете земји. Во пролетта 1988 година, турскиот министер за надворешни работи, Месут Јилмаз, го покренал прашањето за „турското" малцинство во грчка Тракија и ја отфрлил секоја можност за повлекување на турската војска од Кипар непосредно пред двете заедници да се договорат за решение. За време на првиот мандат на Папандреу како премиер (1981 – 1985), Грција се обидела да води „понезависна" надворешна политика. Во времето кога Движењето на неврзаните било во општ пад, Папандреу воспоставил врски со Северна Африка и Блискиот Исток.[149]

Во овој период се случиле радикални промени и во грчкото образование, проследени со спроведување образовни реформи, меѓу кои и деветгодишното задолжително образование, притоа создавајќи рамка за формирање голем технички секундарен сектор во образованието. Оваа реформа била дополнително засилена кога ПАСОК ја презема власта, преку серија фундаментални промени во наставните планови, програми и во учебниците. Во тековните учебници постоела изразена намера на објективност и модерен историски пристап.[150]

Добрата партиска поставеност на ПАСОК, сепак, не ги дала вистинските резултати за кои се залагала на самиот почеток. ПАСОК станал одличен пример за недемократска, дури и авторитарна организација. Папандреу воспоставил централизирана организација, во која сè се вртело околу семоќниот водач и неговиот внатрешен круг. Искористувајќи ја популарната привлечност, неговата харизма и недостатокот на демократска партиска структура, „Андреас" претпочитал да го нарекуваат, алфа и омега на политичкото постоење на ПАСОК.[151]

Карактеристика на вториот мандат на Папандреу е дека се стремел да ја оствари целосно својата програма на реконструкција и модернизација. Но, во тој мандат имал помалку слобода за спроведување на реформите. На економски план Грција била

---

[148] Gallant, Thomas W. *Brief Histories Modern Greece*. London: Arnold, 2001 (211)
[149] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester : Wiley-Blackwell, 2010 (169)
[150] Шуменковска, Ирена. *Американско-грчките односи во периодот 1974 – 1991 година*. Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први", 2017 (24)
[151] Spourdalakis, Michalis. *The Greek Experience*. Socialist register 1985/86 Social democracy and after,vol.22, 1985 (251)

соочена со сѐ поголем долг, па за таа цел Владата морала да го намали увозот и да ги зголеми даноците.[152] Тешката економска состојба ја зголемила поддршката на опозицијата, а тоа се одразило на локалните избори во 1986 година, со предност на Нова демократија во поголемите градови.

Историски гледано, грчката држава интервенирала во сите аспекти на економскиот и социјалниот живот, вклучително и медиумите. Интервенционистичката држава ги одигра следните улоги: цензура (директната авторитарна контрола спроведена за време на диктатурата од 1967 до 1974 година); сопственост врз медиумите (електронските медиуми вообичаено биле под строга државна контрола); субвенционирање (употреба на јавни пари за поддршка на преферирани медиуми).[153]

Кога би направле една кратка ретроспектива во однос на слободата на медиумите и новинарството во 1980-те и 1990-те години, трендовите за комерцијализација и дерегулација дозволиле влез на различни комерцијални канали кои ги зголемиле опциите за гледање на публиката. Во овој период се појавиле многу медиуми за мал пазар од само 11 милиони луѓе, до тој степен што го прикажувале медиумскиот пејзаж денес како вишок на понудата над побарувачката.[154]

Од радиодифузно поле, со два јавни телевизиски канали и четири радио станици во доцните 1980-ти години, бројот нараснал до 160 приватни телевизии канали и 1.200 приватни радио станици, а ниту една од нив не била опремена со официјална лиценца за емитување, но само со привремени лиценци обновени од последователни влади. „Златното доба" на грчките медиуми и новинарство во 1980-тите и 1990-тите години, довело до неконтролирана диверзификација, високи трошоци и блиски односи меѓу медиумите и политичката елита. Блиските односи со бизнис и политичката елита произвеле широки импликации врз демократијата, медиумскиот плурализам и новинарската независност и продор на „клиентелизам" во медиумскиот простор.[155]

Една од позначајните промени во пост-диктаторскиот период било дерегулацијата на радиодифузниот сектор. Овој развој понтаму ги засилил и

[152] Шуменковска, Ирена. *Американско-грчките односи во периодот 1974 – 1991 година*. Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први", 2017 (21)
[153] Iosifidis, Petros. Boucas, Dimitris. *Media policy and independent journalism in Greece*. London: Open Society Foundation, 2015 (5)
[154] Ibid.
[155] Ibid.

тенденциите за комерцијализација на секторот, притоа обликувајќи се во нов моќен фактор.[156]

Ревизијата на уставот од 1986 година ја зајакнува слободата на печатот и биле извршени регулации во однос на одземање весници, додека за секоја заплена требало да биде издадена наредба од овластен јавен обвинител, а не од Владата. Дозволено било запленување весници во случај на непристојни публикации и публикации кои би ја загрозиле безбедноста и одбраната на државата. После 1986 година бил создаден демократски амбиент кој довел до слободно ширење на идеи и мислења.[157]

После падот на диктатурата имало напредок во печатените медиуми или весниците, а во оптег влегле шест атински весници и тоа: Вима (Vima), Неа (Nea), Апогевнатини (Apogevmatini), Акрополис (Acropolis), Елефтерос Космос (Eleftheros Kosmos) и Естиа (Estia). Подоцна биле лансирани Атенаики (Athenaiki), Авги (Avgi), Ризоспастис (Rizospastis) и Катемерини (Kathemerini).[158]

Политичките случувања после 1990 година се важни поради два фактори кои влијаеле на односите со медиумите. Првиот фактор се однесува на слабеењето и минимизирањето на политичките поделби во грчкиот политички систем. Оваа тенденција имала влијание врз слабеењето на ригидната традиционална ориентација на весниците кон политичките партии. Вториот фактор се однесувал на постепено намалување на степенот на политичко учество. Кај радиодифузните медиуми нема драстични промени, бидејќи тие се обраќаат на повеќе социјални групи и категории на луѓе. Грчкиот печат, сепак, останал блиску до политиката, и покрај силните тенденции на комерцијализација.[159]

За време на мандатот на Папандреу се случиле низа скандали, меѓу кои и финансиските малверзации на Џорџ Коскатос, грчко-американски бизнисмен, банкар и сопственик на Критската банка од која исчезнале над 130 милиони долари. Коскатос тврдел дека премиерот Андреас Папандреу им наредил на државните компании да депонираат средства во банката, при што земал мито од украдените пари. Финансискиот скандал и обвинувањата на Коскатос против Владата на Папандреу ја

---

[156] Skamnakis, Antonis. *Politics, Media and Journalism in Greece.* Dublin : Dublin City University School of Communications, 2006 (203)
[157] Ibid. (205)
[158] Ibid. (222–223)
[159] Ibid. (234)

собориле Владата на ПАСОК во 1989 година. Истата година биле осудени двајца поранешни министри за вмешаност во скандалот. Папандреу бил ослободен од сите обвиненија од страна на Врховниот суд во 1992 година.[160]

Главни предизвици во 1980-тите години и почетоците на 1990-тите години во однос на грчко-турските односи биле: кризата во 1987 година, кога Турција испратила бродови во спорните води и во 1988 година, при неуспешниот напор за приближување во Давос меѓу Андреас Папандреу и Тургут Озал, кој довел до договор – меморандум за воспоставување општи принципи на доверба и градење мерки за Егејското Море, меѓутоа тој меморандум никогаш не бил спроведен.[161]

Овој период бил проследен со низа оставки, а ПАСОК изгубил на изборите во јуни 1989 година со драстичен пад на гласовите. Нова демократија освоила повеќе гласови, но недоволно за да формира влада. После неможноста за функционирање на Нова демократија со партијата на комунистите, следеле нови избори во април 1990 година. Нова демократија конечно успеала да формира влада.[162]

Семејните проблеми, финансискиот скандал и оставката на одредени министри за време на неговиот мандат, придонесле за раскол во Партијата и нарушување во кохезијата и довербата. Покрај неизбежната загуба на изборите, со приспособувањето на изборниот модел во пропорционален, Папандреу успеа да попречи во формирањето на владата. Константинос Мицотакис и НД освоиле 44% од гласовите, шест места помалку за да има мнозинство. Тогаш била формирана краткотрајна конзервативно-комунистичка коалициска влада. Вторите избори исто така не донесле јасен победник и формирање ефикасна влада. Во април 1990 година НД победила со тесна победа и формирала влада. Папандреу и ПАСОК биле тргнати од власт после десет години.[163]

Во текот на 1980-тите години имало несовпаѓање меѓу владите во однос на надворешната политика. Во тој период грчката Влада ги искористила ОН, со цел промоција на сопствената агенда во врска со мултилатералната дипломатија, која, во исто време, им послужила во приоритетите во внатрешната политика. Затоа Грција го

---

[160] Шуменковска, Ирена. *Американско-грчките односи во периодот 1974 – 1991 година*. Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први“, 2017 (21–22)
[161] Ibid. (22)
[162] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester : Wiley-Blackwell, 2010 (170)
[163] Gallant, Thomas W. *Brief Histories Modern Greece*. London: Arnold, 2001 (212)

искористила своето гласање во ОН за да се разликува во неколку клучни прашања од ЕК и САД.[164]

Новата политичка атмосфера создадена после колапсот на комунизмот и т.н. Виетнамска војна, имала каталитички ефекти во агендата на ОН и во грчко-турската политика. Се чини дека на почетокот Грција не ги земала предвид последиците од оваа нова ера и не ги проценувала реално меѓународните национални и регионални корелации на моќ. Реалистичкот пристап во грчко-американските односи преовладувал како резултат на однесувањето во ОН во текот на 1990-тите, како резултат на позаладените односи со ЕУ и НАТО.[165]

Доколку ги ставиме настрана политиките и одлуките кои биле преземени во изминатиот период. а кои може да се припишат на посредни и симптоматични фактори на меѓународната политика, најголемото разочарување стигнало од домашниот фронт. Харизматичниот лидер кој ветувал децентрализација, самоуправа и отворена демократија набрзо се трансформирал во личност со авторитет и моќ. Костас Мардас ја прикажал трансформацијата на демократски лидер кој бил опседнат со моќ како шеф на владејачката партија, кој свесно ја направил својата личност централна институција на грчката граѓанска култура. Оваа трансформација имала последици врз политичкото однесување на граѓаните и процесот на одлучување на администрацијата.[166]

Постепеното исчезнување на граѓанинот како активен политички субјект во земјата, станала доминантна карактеристика на грчкиот политички живот, особено по 1985 година. „Неверојатниот капацитет на Папандреу да тврди едно, а да прави друго"[167] создал огромен дефицит во перцепцијата на политичкото општество во Грција; не можејќи да ја промени државата во еднопартиски систем, создало чувство на загуба во рамките на политичкиот систем, кој ги потрошил сите структурни достигнувања по 1975 година.[168]

[164] Chila, Irini. *Greece at the United Nations: Voting behavior and policy shifts*. Minneapolis: University of Minnesota, 2003 (143)
[165] Ibid.
[166] Karalis, Vrasidas. *The Socialist Era in Greece (1981–1989) or the Irrational in Power*. Modern Greek Studies (Australia and New Zealand), vol. 14, 2010 (263–264)
[167] Ibid.
[168] Ibid.

Френсис Фукујама изјавил дека падот на диктатурите во „Грција, Шпанија и Португалија значело почеток на крајот за тоталитарните држави во Европа".[169] По почетната радост од 1981 година, Социјалистичката партија и нејзиниот лидер се трансформирале во крајно традиционална политичка формација, со авторитет заснован на клиентализам и популизам, поништувајќи ги на тој начин првичните заложби за „нов хуманизам" или „нова политичка економија", за која Папандреу се залагал во своите дела пред да дојде на власт. Во една од неговите најозлогласени изјави, која станала политичка поговорка, била дека имал право да се негира самиот, а фактот што тој тоа го правел толку брзо што на крајот немало потреба воопшто да се негира.[170]

Владеењето на ПАСОК завршило во огромната егзистенцијална празнина што ги направи сите политички проекти ирелевантни, а врз општеството се одразиле сите структурни недостатоци. Исходот од осум години владеење од страна на ПАСОК, придонесол за разединување на движењата кои застапуваа левичарски доктрини.[171]

За целите на оваа докторска дисертација беше извршено интервју со универзитетскиот професор Васко Наумовски, поранешен амбасадор во САД и поранешен вицепремиер за европски прашања на Македонија. Во интервјуто тој ги изнесе неговиот став во однос на преговорите на ЕЗ со Грција и истакна: „При преговорите од т.н. Медитерански круг на проширување, не е тајна дека Грција, во првите години од преговорите, заостанувала зад останатите држави Шпанија и Португалија, дури постојат и мислења на Европската Комисија коишто укажуваат на тоа дека Грција не е доволно подготвена да стане членка на Европската Унија, односно дека треба да поработи на некои аспекти коишто се значајни во тој период на проширувањето. Постојат одредени перцепции во литературата коишто таа ситуација ја опишуваат како ситуација во којашто европските лидери ги следеле своите срца, а не својот разум, алудирајќи на поврзаноста на самата заедничка европска култура со античката грчка цивилизација, како и со фактот дека Грција има една посебно специфична геополитичка положба во Европа и сега, а посебно во тој период. Постои еден податок дека грчкото раководство во тој период се обидело да ги придобие и симпатиите на останатите европски сојузници знаејќи дека тоа е периодот на

[169] Karalis, Vrasidas. *The Socialist Era in Greece (1981–1989) or the Irrational in Power*. Modern Greek Studies (Australia and New Zealand), vol. 14, 2010 (263–264)
[170] Ibid.
[171] Ibid.

Студената војна, период во којшто веќе се случува таа промена во грчкото општество. Грчкото општество се демократизира и последиците од ова преурането членство на Грција во Европската Заедница можеме да ги видиме многу години подоцна, кога тоа недоволно подготвено грчко општество и економија стануваат дел од заедничкиот европски пазар и европските заедници и, впрочем, самата голема европска финансиска и должничка криза, којашто своите корени ги имаше во грчката економска криза, сметам дека е последица на недоволната подготвеност за исполнување на критериумите при самиот влез во Заедницата".[172]

Во интервјуто спроведено за потребите на оваа дисертација со универзитетскиот професор по политички науки Димитри Сотиропулос, на прашањето каков е неговиот став за преговорите на ЕК со Грција и дали во тој период ЕК водела премногу попустлива политика кон Грција во однос на преговорите со други земји, тој истакна: „Преговорите на ЕК со Грција доведоа до пристапување на Грција во ЕЗ во 1981 година. Преговорите, кои започнаа во раните 1960-тите, беа прекинати за време на воената диктатура во Грција (1967 – 1974). По 1974 година, преговорите беа обновени. Грција, во тоа време, ги доживеа негативните ефекти од двете нафтени кризи, како и остатокот од светот. Земјата имаше силен земјоделски сектор и слаб индустриски сектор, а двата може да бидат оштетени откако ќе бидат укинати протекционистичките мерки по пристапувањето на Грција во ЕК. Од друга страна, земјите од ЕК кои произведуваат земјоделски производи, исто така, не сакаа да примат нова земја-членка која има конкурентни земјоделски производи. Ќорсокакот беше решен преку донесување не толку економска, колку политичка одлука за прием во ЕК на нова земја членка (Грција) која беше во првите редови на бранот на демократизација во последната четвртина од XX век. (Грција и Португалија беа првите примери на „третиот бран на демократизација)".[173]

[172] *Интервју со проф. д-р Васко Наумовски*, 30.05.2023, Правен факултет „Јустинијан Први"Скопје, 11 часот
[173] *Интервју со проф. д-р Димитри Сотиропулос*, 21.07.2023, Интервју преку интернет платформа, 20 часот

## 1.3 Крајот на студената војна и владеењето на Константинос Симитис

*„Гласачите ќе одлучат како сакаат да бидат управувани.“*[174]

– Евангелос Венизелос

Во деведесеттите години на XX век, грчката надворешна политика била соочена со стари и нови предизвици. Турција и турската закана останале главна надворешна политичка преокупација на Грција. Оваа надворешна опасност Грција ја чинеле огромни ресурси, финансии и дипломатски напори, а се чинело дека тоа ќе потрае уште некое време.[175]

Грчкото општество често се наоѓало на работ на катастрофата, но секогаш се случувало нешто во последен момент кое ги придвижувало работите на позитивна страна, а со тоа успевало и да се спаси.

Во 1989 година се одржале два изборни процеси кои завршиле во ќорсокак. Лидерот на НД во тој период, Константинос Мицотакис, остави белег во грчката политика како ривал на Папандреу. Папандреу брзо го обвинил дека е предавник кој, меѓу другото, носел голема одговорност за хунтата. Популарноста на Папандреу ненадејно опаднала во пресрет на изборите. Папандреу имал и здравствени проблеми и поминал одредено време во болници во странство. Тој исто така одлучил да се разведе од сопругата и се оженил за значително помлада стјуардеса од „Олимпик Ервејс”.[176]

Ефектот од овие последователни настани се одразил на јунските избори во 1989 година, каде што НД освоила 44% од гласовите, што резултираше со 144 места во Грчкиот парламент, додека ПАСОК освоиле 39% и 125 пратенички места. Комунистичката партија и грчката левица добиле 13%, а со тоа се одржал балансот на моќта. Новите избори не обезбедиле значителна промена во резултатите. Неможноста за формирање коалициска лада ги поткрепила изгледите за неизбежни избори. По долги преговори, била формирана сепартиска vлада на чело со неполитичка личностm Ксенофон Золотас. Оваа „екуменска” влада требало да остане на функција до новите избори во април 1990 година. На овие избори НД извојувала победа со 47%, или 150

---

[174] *Evangelos Venizelos*, пристапено на: 20.10.2022, https://www.azquotes.com/author/62276-Evangelos_Venizelos

[175] Arvanitopoulos, Constantine., Botsiou, Konstantina. E. *The Constantinos Karamanlis Institute for Democracy Yearbook 2010*. Athenes: Springer, 2010 (85)

[176] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn*. Oslo: University of Oslo, 2014 (62)

места во Грчкиот парламент, при што Константинос Мицотакис станал премиер. Еден месец подоцна за претседател бил избран Константинос Караманлис.[177]

Во средината на 1990-тите години, најголеми грижи на Грција биле несогласувањата и безбедносната закана од Турција, која е членка на НАТО. Напнатите односи со Турција придонесле за актуелизирање на проблемот и планирање на одбраната. Во средината на 1990-тите години, јавноста и сите грчки политички партии продолжиле да ја сметаат Турција како главна закана за грчката безбедност, а оваа перцепција била искористена за оправдување на зголемените воени трошоци. Ефектот од нестабилноста на трите поранешни комунистички земји (Албанија, Бугарија и Југославија) ги зголемило стравувањата во Грција за прелевање на кризата во соседните земји. Заштитата на човековите права за грчкото малцинство во Албанија било дополнително прашање кое ги зголемило безбедносните грижи.[178]

Во овој период се појавиле и нови предизвици и прашања, а Грција, понесувајќи ја водечката улога на Балканот, активно давала поддршка за европската интеграција, економската дипломатија, климатските промени, развојната помош и намалувањето на сиромаштијата во третиот свет. Грчката надворешна политика била традиционална по содржина и конвенционална и радикална во нејзиниот пристап поради промената на меѓународната сцена. На некој начин, актуелната грчка надворешна политика била одраз на драматичните промени кои се случиле во Грција и меѓународната положба во последните дваесет години.[179]

Грција не била сиромашна и заостаната на европската периферија, туку прераснала во зрела и поволна демократија, со зголемени меѓународни одговорности, главно регионални. Грција, борејќи се да одговори на улогата која ја заслужила поради нејзиниот минат успех, си дозволувала одредени домашни проблеми да добијат меѓународна димензија, меѓу кои „Македонија" како најистакната и најштетна.[180]

Во 1989 година, на јунските избори, се случил пресврт во политиката со победата на Нова демократија, освојувајќи 144 пратенички места; втор бил ПАСОК со

---

[177] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn.* Oslo: University of Oslo, 2014 (62)
[178] Curtis, Glenn E. *Greece: a country study*. Library of Congress. Headquarters, Department of the Army, 1995 (280)
[179] Arvanitopoulos, Constantine., Botsiou, Konstantina. E. *The Constantinos Karamanlis Institute for Democracy Yearbook 2010*. Athenes: Springer, 2010 (85)
[180] Ibid.

132 мандати. Изборниот резултат се темелел на незадоволството на народот од претходните случувања, на кои Папандреу не им обрнувал внимание. Новата Влада била најнеобична во историјата на модерна Грција, со коалиција на Нова демократија и Сојузот на левицата. Една од главните задачи на привремената Влада била да го испита скандалот со Критската банка. На изборите во април 1990 година Нова демократија го добила потребното мнозинство и Мицотакис можел да формира влада. Во мај истата година завршил мандатот на Сарѕетакис, а за негов наследник бил избран 83-годишниот Караманлис.[181]

После победата на општите избори во април 1990 година, премиерот Константин Мицотакис се обидел да ги подобри односите со САД, преку договорот за одбранбена соработка во јули 1990 година. Тоа потпомогнало за позитивната клима во грчко- американските односи, а после 1964 година Мицотакис станал првиот грчки премиер што го посетил Вашингтон. Грција својот воздушен простор и базите ги ставила на располагање на силите на западната коалиција. Островот Крит бил од особено значење за операциите на САД во Првата заливска војна.[182]

Во 1990 година настанала билатерална криза помеѓу Грција и Турција, вклучувајќи ја и декларацијата за заедничка и одбранбена доктрина помеѓу Грција и Кипар во однос на грчките територијални води. Зајакнувањето на перцепцијата за евентуална воена закана од Турција, била широко распространета од страна на јавното мислење и стручните расправи во времето кога биле нарушени билатералните односи меѓу Турција и Грција. Грчките политичари ја гледале Турција како непријателска земја со големи воени способности.[183]

Врз односите помеѓу Грција и Турција во 1990-тите години влијаело и признавањето на Република Македонија од страна на Турција. Предизвици во овој период биле и приспособувањето со промените во поранешните комунистички земји, растот на економијата и интеграцијата во европските институции.

На надворешнен план Мицотакис ја потврдил определеноста на Грција кон Запад, т.е. ЕЗ и САД. Во 1990 година тој ги посетил членките во ЕЗ, а бил и првиот

[181] Шуменковска, Ирена. *Американско-грчките односи во периодот 1974 – 1991 година.* Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први“, 2017 (22)
[182] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821.* Chichester : Wiley-Blackwell, 2010 (171)
[183] Шуменковска, Ирена. *Американско-грчките односи во периодот 1974 – 1991 година.* Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први“, 2017 (22)

грчки премиер кој го посетил САД, каде бил постигнат договор за соработка во областа на одбраната. По затоплување на односите со САД, Грција го признала Израел. Во јули 1991 година претседателот Буш ги посетил Анкара и Атина.[184]

Во ерата по Студената војна, Владата на Нова демократија предводена од Мицотакис главно била насочена да ги намали огромните внатрешни и надворешни дефицити и да се подобри грчкиот имиџ како доверлив партнер на Западот. Во тој поглед, Владата на НД се фокусирала на двата главни надворешно-политички приоритети на земјата: „еволуирачкиот облик на Европската Унија, кој би ја одредил нејзината економска иднина и формите на западната колективна одбранбена соработка, што би ја осигурала безбедноста . Грчките влади од 1990-тите години ја гледале ЕУ како важна безбедносна гаранција против надворешните закани, особено Турција која се смета за главна „закана” за грчката национална безбедност од 1974 година. Дополнително, Владата на НД се залагала за институционално продлабочување на соработката со ЕУ.[185]

Во 1991 година бил потпишан и Договор со импресивна програма за модернизација на вооружените сили. Тој договор опфаќал транспортни авиони, транспортни хеликоптери, тенкови, оклопни пешадиски борбени возила со повеќе проектилни ракетни системи, фрегати, подморници итн. Бројното зголемување на воените трошоци во европските земји, вклучувајќи ја и Грција, довело САД и Русија да ги намалат своите буџети за одбрана во корист на „мировниот договор”.[186]

Еден од главните предизвици во надворешната политика на Владата на Нова демократија бил проблем со северниот сосед на Грција околу името на државата – Македонија. „Прашањето за името” ја поттикнало прогонувачки надворешната политика на Грција кон Македонија. Истата година министерот за надворешни работи, Антонис Самарас, изјавил дека Грција никогаш нема да признае држава која се вика Македонија, а оттука започнува антимакедонската кампања на грчката Влада.[187]

---

[184] Шуменковска, Ирена. *Американско-грчките односи во периодот 1974 – 1991 година.* Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први“, 2017 (23)
[185] Akman, Emine. *Continuity and change in Greek security perceptions and priorities in the post-cold war era.* Ankara : Middle East Technical University, 2005 (53)
[186] Шуменковска, Ирена. *Американско-грчките односи во периодот 1974 – 1991 година*. Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први“, 2017 (23)
[187] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821.* Chichester : Wiley-Blackwell, 2010 (177 – 178)

Сериозното надворешно-политичко прашање на новата Влада било прашањето со северниот сосед, кој себеси се нарекувал „Македонија”. „Прашањето за името” предизвикало разгорување нетрпеливост во Грција и оттогаш започнуваат прогонувањата кон северниот сосед во надворешната политика. Првите компликации помеѓу Грција и Бугарија се појавиле кога ја признала независноста на поранешната Социјалистичка Република Македонија како независна држава под името „Македонија”. Бугарскиот министер за надворешни работи, Стојан Ганев, јасно ставил до знаење дека оваа одлука не повлекувала признавање на посебна македонска нација.[188]

Премиерот Мицотакис одиграл клучна улога во посредувањето во договорот за Босна во мај 1993 година. Босанската спогодба од ноември 1995 година, во Дејтон, Охајо, можеби не ги реши нерешливите проблеми меѓу Хрватите, Бошњаците и Србите, но тоа барем стави крај на крвавиот конфликт. Поттикнат од несигурната состојба на Балканот, Мицотакис се обидел да ги подобри односите со Анкара во текот на зимата 1991/92. Неговиот обид да го оживее самитот во Давос со премиерот Демирел, преку промовирање на заклучокот за ненапаѓање, не вродил со плод бидејќи не бил постигнат напредок за кипарското прашање. Неподготвеноста на водачот на кипарските Турци, Рауф Денкташ, да постигне договор со кипарскиот претседател Георгос Василиу за време на состаноците во Њујорк, во август и септември 1992 година, укажал дека турската Влада не е подготвена да направи отстапки.[189]

Загубата на тесното мнозинство во Грчкиот парламент (Хеленски парламент) во јули 1993 година на Нова демократија довела до тоа Папандреу да се врати на власт. Папандреу победата не можел да ја препише само на својата харизма, туку очигледна била поларизацијата на грчката политичка сцена и на оние кои се противеле на десницата. Резултатите од изборите во октомври покажале импресивна победа за Папандреу. Со 46.870 гласови ПАСОК освоил 170 места и обезбедила удобно мнозинство. Нова демократија паднала на 39.270 гласови.[190]

Кабинетот на ПАСОК претрпел две големи загуби на почетокот на годината. Смртта на Мелна Меркури на 6 март и на Георгос Гениматас на 25 април придонесле

[188] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester: Wiley-Blackwell, 2010 (171)
[189] Ibid. (174)
[190] Kitroeff, Alexander. Papandreou, Andreas G. *A Brief Political Biography*. Journal of the Hellenic diaspora, Vol. 23.1, 1997 (28)

лидерското место на партијата да го заземе Папандреу. Реконструкцијарата на кабинетот следела после партискиот конгрес во април и исходот од европските избори во јуни. За време на кампањата за европските избори доминирала загриженоста дали НД ќе го намали јазот со ПАСОК, во споредба со претходните парламентарни избори во 1993 година. Таквиот исход се очекувал да ја зајакне позицијата на Милтиадис Еверт како нов лидер на НД, да побара нови избори и да влијае врз личната пресметка за претседателската функција наспроти Папандеу. Според изборниот резултат исходот бил голем удар за двајцата лидери. Големиот број неважечки ливчиња го пресликало незадоволството на народот.[191]

Во однос на националната политика следел период на стагнација, за разлика од надворешната политика. На надворешен план се зголемиле тензиите со три од четирите нејзини непосредни соседи, поточно со сите соседи освен со Бугарија. Конфликтот со Република Македонија не само што продолжил, туку и ескалирал во февруари со воведувањето ембарго од страна на Грција, што довело до блокирање на значителен дел од трговијата на својот сосед. Ембаргото предизвикало силни американски и европски реакции, вклучително и на ЕК, со одлуката за изведба на Грција пред Европскиот суд за прекршување на договорите со ЕУ.[192]

Застојот околу Кипар и турската непопустливост во овој случај, довело до континуирано ривалство и спротивставеност. Тензиите со Турција периодично се разгорувале поради заканите за војна, во случај Грција да го искористи своето право да ги прошири своите територијални води на меѓународните стандарди од 12 милји. Во овој период и односите со Албанија нагло се влошиле. Оваа ситуација била резултат на грчкото малцинство во Јужна Албанија и масовниот прилив на илегални албански мигранти кои барале вработување во Грција. Кризата била предизвикана со напад на албанскиот граничен пункт во април, пришто двајца албански војници биле убиени и биле украдени неколку оружја. Нападот бил преземен после шест месеци, а во тој период следеле закани против Грчката православна црква и казнувања на припадници на грчкото малцинство. Во овој период Грција, на економски план, се соочува со зголемена инфлација и невработеност.[193]

---

[191] Mavrogordatos, George Th. *Greece*. Amsterdam : European Journal of Political Research 28, Kluwer Academic Publishers, 1995 (355)
[192] Ibid. (356-357)
[193] Ibid. (357)

На надворешно-политички план се актуелизирало прашањето со Република Македонија. Грција наметнала ембарго на Република Македонија во февруари 1994 година, и покрај негодувањата од Европската Унија. Таа политика на крајот го натерала раководството на Република Македонија да направи некои отстапки во нивниот избор на симболи и за она што Грците го сметале за иредентистичка и заканувачка политика кон нив. Двете страни потпишале „времена спогодба" во септември 1995 година, нешто што претставувало значителна деескалација на тензијата меѓу нив.[194]

Во овој период Папандреу се активирал кон зајакнување на грчко-кипарските односи. Во април 1994 година Папандреу бил во официјална посета на САД и се сретнал со претседателот Клинтон во Белата куќа, каде што тој бил гостин пред триесет години кога неговиот татко Џорџ Папандреу се сретнал со претседателот Џонсон на слична посета. Покрај изразените анти-американски ставови од страна на Папандреу, тој сепак на крајот практикувал деловна соработка со САД. На домашен план борбата против инфлацијата и движењето кон приватизација биле главни предизвици со кои се занимавала оваа Влада. Од средината на септември 1995 година Папандреу поретко почнал да се појавува во јавност поради здравствената состојба, а неговата нова сопруга, Димитра, играла сѐ поважна улога во политиката, нешто што предизвикувало остри реакции во јавноста.[195]

Владата на Папандреу во 1995 година ја окарактеризирале неколку оставки кои придонеле за континуирано влошување на имиџот на партијата. Најзначајна оставка била таа на Симитис, кој бил првиот што објавил кандидатура за наследување на Папандреу. Овој тек на настани ја забрзал реконструкцијата на кабинетот. Исто како претходната реконструкција, ни оваа промена не ги постигнала своите политички цели. Со тоа се потврдило губењето на допирот на јавното размислување од страна на Папандреу и целосна изолација.[196]

На 8 март 1995 година, изборот на Константинос Стефанопулос за претседател на Републиката ја продолжил таа тенденција и перспектива за распуштање, која била уставно автоматски пропишана ако ниту еден кандидат не ги собере потребните 180

[194] Kitroeff, Alexander. Papandreou, Andreas G. *A Brief Political Biography*. Journal of the Hellenic diaspora, Vol. 23.1, 1997 (29)
[195] Ibid.
[196] Mavrogordatos, George Th. *Greece*. Amsterdam : European Journal of Political Research 30, Kluwer Academic Publishers, 1996 (356)

гласови. Оваа година карактеризира со одредени позитивни движења во надворешните работи, вклучително и нормализација во односите со Албанија и со Република Македонија.[197]

Во однос на спорот со Република Македонија, од страна на САД бил извршен притисок за нормализација на односите, со што се настојувало решавање на сите нерешливи прашања, освен најголемото прашање: официјалното име на државата. Во овој период бил забележан конечен пад на инфлацијата, но останатите прашања во овој период ја засениле јавноста, како приватниот живот на Папандреу и неговата помлада сопруга Димитра, која била споредувана со Изабел Перон. Овој тек на настани предизвикал реакција од страна на членовите на парламентот, а тоа дополнително било поткрепено и со кредитите без камата кои биле подигани во овој период, а немале можност да ги вратат. Тоа било еден од најголемите политички скандали во модерната грчка историја.[198]

Костис Стефанопулос го заменил Караманлис како претседател во 1995 година, кога си поднел оставка по пет години. Во истиот период Папандреу си поднел оставка поради здравствени причини, а Костас Симитис го заменил и како премиер и како шеф на ПАСОК. Тој најпрво се нафатил да ја модернизира партијата и се обидел да го промени мислењето дека партијата е популистичка. На изборите во 1996 година ПАСОК обезбедил 162 од 300 места, а НД 108 места, а имало пораст на левичарските партии, кои освоиле 15% или 30 седишта. Костас Симитис требало да ја извршува функцијата сè до неговата оставка во 2004 година. Јоргос Папандреу, син на Андреас, потоа го наследил како лидер на ПАСОК. На изборите од 2000 година ПАСОК освоиле јасно мнозинство со 158 пратенички места. ККЕ освои 5% од гласовите или 11 пратенички места, додека Коалицијата на левицата освоила 3% или 6 пратеники места. Нова демократија освоила 125 пратенички места.[199]

Во март 1995 година, Грција ги блокирала преговорите за влез на Турција во царинската унија на ЕУ. Потегот на Грција не предизвикал позитивен одговор и кај Владата на Тансу Чилер. Инцидентитр меѓу двете држави започнале во 1994 година, поради правото на Грција да ги прошири нејзините територијални води од шест до

[197] Mavrogordatos, George Th. *Greece*. Amsterdam : European Journal of Political Research 30, Kluwer Academic Publishers, 1996 (357)
[198] Ibid.
[199] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn*. Oslo : University of Oslo, 2014 (67)

дванаесет милји, а кои достигнале висока точка на нетрпеливост на 8 јуни 1995 година, кога турскиот парламент и доделил на Владата *„casus belli"* да преземе какви било неопходни дејствија (вклучувајќи и воени) доколку Грција го искористи своето право (предвидено со Меѓународното право на конвенцијата за море) за проширување на нејзините територијални води. Во тој период, покрај надворешните предизвици, Мицотакис бил соочен и со внатрешни предизвици за балансирање на буџетот, ликвидирање на проблематични фирми под државна одговорност и реформи во јавниот сектор.[200]

Раководството на ПАСОК било сè повеќе загрижено поради политичкиот вакум кој бил создаден од неспособноста на Папандреу. На 15 јануари 1996 година Андреас Папандреу поднесол оставка од својата премиерска функција.[201] Починал на 23 јуни 1996 година.[202]

Изборот на Костас Симитис за нов премиер на Грција бил примен со еуфорија и радост кај повеќето поддржувачи на ПАСОК и умерените гласачи на Нова демократија – главната опозициска партија од десниот центар. Константинос Симитис активно учествувал во отпорот против грчката хунта по военото преземање во 1967 година и бил еден од соосновачите на ПАСОК во 1974 година со обновувањето на демократијата. За време на првиот мандат на ПАСОК на власт 1981 – 1985 година, Симитис бил министер за земјоделство, а за министер за економија бил назначен на почетокот на вториот мандат на ПАСОК 1985 – 1989 година, но поднел оставка на оваа функција во 1987 година, тврдејќи дека неговата политика не се совпаѓа со политиката на власта.[203]

Во 1993 година, по судир со Папандреу, тој се повлекол и од неговата функција во извршното тело на ПАСОК. Мандатот на Симитис во ПАСОК се карактеризирал со цврста приврзаност кон неговите принципи, а како резултат на тоа многумина во круговите на ПАСОК го сметале како личност која би можела да ја води партијата во

---

[200] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester : Wiley-Blackwell, 2010 (174)
[201] Kitroeff, Alexander. Papandreou, Andreas G. *A Brief Political Biography*. Journal of the Hellenic diaspora, Vol. 23.1, 1997 (31)
[202] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester : Wiley-Blackwell, 2010 (184)
[203] Athanassopoulou, Ekavi. *Greece, Turkey, Europe: Constantinos Simitis in Premiership Waters, Mediterranean Politics*. London : Frank Cass, vol. 1, no. 1, 1996 (114)

иднина. Новиот кабинет имал единаесет членови помалку од Владата на Папандреу, а тој кабинет бил најмалиот грчки кабинет од 1920-тите.[204]

Набргу по изборот Симитис морал да се соочи со голема криза во Егејското Море, што ги довело Грција и Турција на работ на воен конфликт. Во јануари 1996 година тим турски новинари го отстраниле грчкото знаме од островот Имија и поставиле турско знаме. Операцијата се прикажувала на турскиот канал „Хуриет". Кризата била смирена со посредство на САД за да се спречи војна помеѓу Грција и Турција.[205] Националистичката коалиција, формирана по турските избори во април 1999 година, ги влошила односите меѓу двете држави. По разорните земјотреси од август 1999 година, во двете земји дошло до меѓусебна соработка.[206]

Грчката надворешна политика претрпела значителна промена за време на премиерот Костас Симитис. Грција се обидела да се приклучи кон еврозоната, учествувала во операцијата „Алба" во Албанија во 1997 година и ги поддржала политиките на ЕУ и НАТО кон Југославија и војната во Косово, покрај неподготвеното јавно мислење, што било доказ за поевропско ориентирана надворешна политика. Главните цели на Симитис биле модернизација во економијата, јавната администрација и надворешните односи, следејќи поевроатлантска политика. Поконкретно, Костас Симитис ги дефинирал стратешките цели на Грција како рамноправно учество со Европската Унија и унапредување на улогата на Грција во геополитичката животна средина на Балканот и Медитеранот. Еднаквото учество во ЕУ Владата на Симитис ја претставувало целосната интеграција во ЕУ и конкретното членство во Европската монетарна унија (ЕМУ).[207]

Владата на Симитис придонесла да се промени ставот на земјата *vis-a-vis* Европа. Примарната цел на Владата била насочена околу влезот на земјата во економската и монетарната унија, задоволување на критериумите на Мастрихт, како и промена на перцепцијата на западот дека Грција е безбедносен ризик во ЕУ.[208]

---

[204] Athanassopoulou, Ekavi. *Greece, Turkey, Europe: Constantinos Simitis in Premiership Waters, Mediterranean Politics*. London : Frank Cass, vol. 1, no. 1, 1996 (114)
[205] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester: Wiley-Blackwell, 2010 (191)
[206] Ibid. (193)
[207] Akman, Emine. *Continuity and change in Greek security perceptions and priorities in the post-cold war era.* Ankara: Middle East Technical University, 2005 (65)
[208] Tsinisizelis, Michael. *Greece in the European Union, A political/institutional balance sheet*. Hellenic Republic, Ministry of Press and Mass Media, 2008 (149-150)

Симитис цврсто верува дека клучот за долгорочната безбедност на Грција лежи во нејзината понатамошна интеграција во ЕУ. Фактот што САД, а не ЕУ ја смириле кризата околу Имија, оставало малку сомнежи дека односите на Атина со Вашингтон треба да се движат во позитивна насока. Симитис зазел поразилчен став од Папандреу и ставил подеднаков акцент на односите со САД и ЕУ. Симитис јасно изјавил дека Грција „ќе бара нови активности, со што би ги подобрило нејзините односи со другата страна на Атлантикот".[209]

Во неговата презентација на политиката на неговата влада, Симитис јавно ги истакнал приоритетите на грчката надворешна политика, кои биле прилагоени според грчките надворешно-безбедносни ризици, како спорот со Република Македонија и турската надворешна политика. Поради територијалните претензии од страна на Анкара, грчката Влада настојувала да ја добие поддршката од ЕУ во нејзиниот спор со Турција.[210]

Во текот на 1990-тите Грција се обидела да го промени курсот и да се прилагоди на барањата од Договорот од Мастрихт за Европската Унија. Сепак, тоа се случило половично. Грција станала дел од еврозоната во 2001 година, две години по првичните единаесет членки, а како резултат на несоодветното и еднострано прилагодување, поради проблемите со ниската меѓународна конкурентност, се наѕирала фискална кршливост.[211]

Грција се приклучила на Европската унија во 1981 година и го усвоила еврото во 2001 година, за да биде меѓу првите земји кои лансирале банкноти и монети евро на 1 јануари 2002 година.[212] Со пристапувањето во еврозоната, националната валута драхма била заменета со евро.[213]

Во првите месеци на 2002 година главниот фокус бил насочен кон прашањата во грчката политика поврзани со НАТО, поради турските предуслови кои биле на

[209] Athanassopoulou, Ekavi. *Greece, Turkey, Europe* : Constantinos Simitis in Premiership Waters, Mediterranean Politics. London: Frank Cass, vol. 1, no. 1, 1996 (115)
[210] Ibid.
[211] Alogoskoufis, George. *Greece and the Euro* : A Mundellian Tragedy. Medford: The Constantine G. Karamanlis chair in the Hellenic and European studies, The Fletcher School Tufts University no. 2019-01, 2019 (3)
[212] *Greece and the euro*, пристапено на: 03.09.2022, https://economy-finance.ec.europa.eu/euro/eu-countries-and-euro/greece-and-euro_en
[213] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester : Wiley-Blackwell, 2010 (194–195)

штета на грчките интереси. Во овој период следела и промена во Владата на Симитис.[214]

На 16 април церемонијата за пристапување на 10 нови членки на Европска Унија се одржала во Атина, а со тоа било одбележано грчкото Претседателство со ЕУ. Овој голем момент за Владата на Симитис бил засенет со наводите за несоодветни врски со бизнисмени, што довело до разрешување на еден заменик министер. Самитот на ЕУ во Грција повторно бил обележан со скандал и следеле оставки од блиски соработници на Симитис.[215]

На 10 јуни Пападопулос поднел оставка од функцијата министер за здравство. Тоа се должело на долготрајната борба да всади поголема ефикасност и одговорност во т.н. „Национален здравствен систем" и нефункционалноста во националните јавни болници. Пападопулос бил заменет со Стефанис.[216]

Во ноември истата година имало жестока расправија меѓу Православната црква на Грција и Вселенската патријаршија од Константинопол над нивните соодветни јурисдикции. Сите политички партии мудро се воздржале од отворено заземање страна.[217]

Изборниот резултат на локалните избори во 2002 година во Грција влијаел на следните парламентарни избори во 2004 година. Кандидатурата на центристички новинар, кој јавно упатил критика до Црквата во врска со прашањата за личните карти, довело до пад на бројот на поддржувачи на НД, а тоа воедно му овозможило на ПАСОК да успее да победи на изборите. Тоа што го одбележало овој период било влијанието на Црквата и архиепископот Христодолос врз одобрување на одредени изборни кандидати. Ова било прво вакво посредување, но сепак не предизвикало значителни промени.[218]

---

[214] Mavrogordatos, George Th. *Greece*. European Journal of Political Research 42. European Consortium for Political Research, 2003 (995)
[215] Mavrogordatos, George Th. *Greece*. Oxford: European Journal of Political Research 43, Blackwell Publishing Ltd, 2004 (1016)
[216] Mavrogordatos, George Th. *Greece*. European Journal of Political Research 42. European Consortium for Political Research, 2003 (995)
[217] Mavrogordatos, George Th. *Greece*. Oxford: European Journal of Political Research 43, Blackwell Publishing Ltd, 2004 (1017)
[218] Mavrogordatos, George Th. *Greece*. European Journal of Political Research 42. European Consortium for Political Research, 2003 (996-997)

На локалите избори во Атина, во 2002 година, за нов градоначалник била избрана Дора Бакојани, најдобро пласираниот иден претендент за раководството на партијата Нова демократија.[219]

После локалните избори, во ноември истата година, грчко-турските односи повторно се актуелизираат, вклучувајќи ги трите меѓусебно поврзани прашања: сеопфатно решение предложено од генералниот секретар на ОН Кофи Анан за повторно обединување на Кипар; пристапување на Република Кипар во ЕУ, како дел од новата рунда на проширување на ЕУ и можностите на Турција како кандидат за членство во ЕУ. Самитот на ЕУ во Копенхаген требало да го потврди пристапот на Кипар, иако не бил постигнат договор со засегнатите страни, и покрај големите надежи создадени од промената на Владата во Турција. На самитот било ветено дека Турција ќе ги започне преговорите за полноправно членство во 2004 година доколку се исполнат одредени услови.[220]

На 7 јануари 2004 година, премиерот Симитис го објавил датумот за следните парламентарни избори – 7 март и го открил договорот со министерот за надворешни работи Јоргос Папандреу. Договорот вклучувал итен трансфер на партиското раководство на ПАСОК, како единствена можност за да се избегне понижувачки изборен пораз кој постојано го предвидувале анкетите.[221]

Непосредно пред изборите во март 2004 година, Костас Симитис си поднел оставка од функцијата претседател на ПАСОК. На негово место бил избран Јоргос Папандреу. Тој бил министер за надворешни работи и син на Андреас Папандреу. Јоргос го предводел ПАСОК до изборите во 2004 година. Двајцата кандидати за премиер биле тесно поврзани со двајцата поранешни лидери и основачи на двете најголеми партии, што укажува на фактот на одредени традиции во грчката политика.[222]

Во следниот период настанала повторна промена во грчкото општество, а на следните избори новата влада била формирана од страна на Нова демократија.

---

[219] Mavrogordatos, George Th. *Greece*. European Journal of Political Research 42. European Consortium for Political Research, 2003 (997)
[220] Ibid. (996-997)
[221] Mavrogordatos, George Th. *Greece*. Oxford : European Journal of Political Research 44, Blackwell Publishing Ltd, 2005 (1025)
[222] Skamnakis, Antonis. *Politics, Media and Journalism in Greece*. Dublin : Dublin City University School of Communications, 2006 (254)

## 1.4 Современи тенденции во грчките општествени политики на почетокот на XXI век, согледани преку владеењето на Костас Караманлис и Јоргос Папандреу

*„За жал, корупцијата е широко распространета во владините агенции и јавните претпријатија.“*[223]
– Јоргос Папандреу

На изборите одржани на 7 март 2004 година, Нова демократија освоила 45,36% од гласовите и 165 пратенички места во Грчкиот парламент, ПАСОК 40,73% и 117 пратенички места, Комунистичката партија 5,90% и 12 пратенички места, Левата коалиција 3,26% и 6 пратенички места. Првиот мандат на Караманлис започнал со изборот на Каролос Папуљас, поранешен министер за надворешни работи на ПАСОК, како шести претседател на Република Грција. Тој положил заклетва во март, откако бил избран со мнозинство од 279 од 300 гласови во Грчкиот парламент. Европските избори се одржале на 13 јуни 2004 година, кога Нова демократија добила 43,04% од гласовите, ПАСОК 34,02%, ККЕ 9,47%, Левата коалиција 4,15%, а новоформираната екстремна десница ЛАОС 4,11%.[224] Владата на Караманлис била назначена на 10 март.[225]

За време на овој изборен процес, Караманлис ја следел постојаната стратегија на водење на кампањата. Тој се обидел да го реструктуира комуникацискиот апарат, со цел за да се обезбеди централизирана контрола врз владината комуникација и да се наметне кохерентност во содржината на пораките низ владините ресори, а воедно назначил комуникациски професионалци на местата на портпароли за печат, кои биле често консултирани со стратези и анкетари. Караманлис се потпирал и на анкети, а особено на фокус групите, за донесување важни политички одлуки.[226]

Атина била домаќин на Олимписките игри во 2004 година, настан кој донел огромен број посетители. Иако предвидувањата биле мрачни, исходот бил брилијантен. Голем број инфраструктурни работи биле завршени во овој период.[227]

---

[223] *George Papandreou* , пристапено на: 21.10.2022, https://www.azquotes.com/author/11291-George_Papandreou
[224] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester: Wiley-Blackwell, 2010 (197)
[225] Mavrogordatos, George Th. *Greece*. Oxford : European Journal of Political Research 44, Blackwell Publishing Ltd, 2005 (1030)
[226] Koliastasis, Panagiotis. *The permanent campaign strategy of Greek Prime Ministers (1996 – 2011)*. London: Queen Mary University of London, 2014 (117)
[227] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester: Wiley-Blackwell, 2010 (197)

Во овој период е забележано затоплување на грчко-турските односи. Турскиот премиер Ердоган ја посетил Атина од 6 до 7 мај 2004 година, а воедно го посетил неговиот колега, премиерот Караманлис. Тој му ветил на својот турски колега поддршка во напорите Турција да стане полноправна членка на ЕУ. На 5 октомври Караманлис ја поздравил препораката на ЕК да ги започне преговорите со Анкара.[228]

На 20 мај 2004 година Караманлис имал работен ручек со претседателот Џорџ Буш за прашања кои се движеле од кипарскиот проблем до претстојните Олимписки игри. На средбата со американскиот претседател, Караманлис изразил надеж за подобрување на односите со Турција.[229]

На европските избори од 13 јуни 2004 година, 1,3 милиони граѓани кои гласале во март не гласале во јуни. Овој изборен резутат бил на штета на ПАСОК, а во корист на новата Влада на Караманлис. Со 43% НД го освоила највисокиот процент што некогаш го добила една грчка партија на европските избори, додека нејзината загуба од само 2,4% во однос на изборите во март била најниска таква загуба. Разликата од 9% помеѓу првата и втората партијата била и најголема досега забележана на европските избори во Грција.[230]

Во август истата година успешните летни олимписки игри што се одржале во Атина произведе редок момент на национално единство и самодоверба, иако краткотрајна. Лажната слика создадена од неколкугодишното економско раководство од страна на Симитис ја маскира фактичката состојба на економијата, а особено на јавните финансии. Новата Влада на Караманлис била принудена да ја прикаже реалната состојба за јавниот дефицит што достигнал (најмалку 4,6% од БДП) и на јавен долг (најмалку 110% од БДП), кој не само што го побил ПАСОК, ами и ги надминал границите на Пактот за стабилност на ЕУ.[231]

На 12 декември 2004 година Караманлис објавил дека НД ќе го предложи Каролос Папуљас за следен претседател на Републиката. Ова бил маестрален потег кој ставил крај на шест месечните шпекулации за претседателските избори (кои требале да се одржат во февруари 2005 година), што би можело да предизвика автоматско

[228] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester: Wiley-Blackwell, 2010 (197)
[229] Ibid. (198)
[230] Mavrogordatos, George Th. *Greece*. Oxford: European Journal of Political Research 44, Blackwell Publishing Ltd, 2005 (1030)
[231] Ibid. (1031)

распуштање на Парламентот доколку не успеат да се соберат потребните 180 гласа. ПАСОК бил обврзан да гласа за Папуљас, поранешниот министер за надворшни работи и доверлив пријател на основачот на партијата Папандреу. Со оваа најава прекинале постојаните гласини дека НД може да го предложи Константопулос.[232]

На 8 февруари 2005 година Грчкиот парламент го избрал Каролос Папуљас за нов претседател на Републиката, со рекордни 279 гласа (НД и ПАСОК). За да се избегнат предвремени избори во случај кандидатот да не ги добие потребните 180 гласа, премиерот Караманлис го поддржал Папуљас во кандидатурата.[233] Во меѓувреме се актуелизирале судски и црковни скандали, вклучувајќи корумпирани судии, епископи и свештеници. Според анкетите, во тој период популарноста на архиепископот Христодулос имала пад, за првпат народно мнозинство настојувало за одвојување на црквата од државата.[234]

Грчкиот случај со прислушквањето бил актуелизиран во овој период, а тоа вклучувало нелегално прислушкување на голем број телефони од грчката мобилна мрежа „Водафон". Овој тек на настани предизвикал и криза во Владата, што проектирало слика на неспособност и недостаток на контрола. За промена на политичкиот амбиент премиерот Караманлис предложил реконструкција на неговиот кабинет, пет министри ја напуштиле Владата, а најважната промена, несомнено, била влегувањето на Дора Бакојани, дотогашиот градоначалник на Атина која триумфално била избрана во 2002 година. Бакојани е ќерка на Мицотакис, поранешениот лидер на НД и премиер до 1993 година. Таа била изборот за министер за надворешни работи, а воедно била и иден претендент за раководството на партијата НД.[235]

Две години подоцна бил постигнат мал напредок кон постигнување решенија за билатералните прашања меѓу двете држави. На 11 декември 2006 година, грчката министерка за надворешни работи Дора Бакојани ги потсетила 25-те членки на ЕУ за европските критериуми во пристапот на Турција кон ЕУ.[236]

На внатрешен план универзитетската реформа и дозволата за работа на приватните универзитети дополнително ја поларизирала меѓупартиската атмосфера, а

[232] Mavrogordatos, George Th. *Greece*. Oxford: European Journal of Political Research 44, Blackwell Publishing Ltd, 2005 (1032)
[233] Mavrogordatos, George Th. *Greece*. Oxford: European Journal of Political Research 45, Blackwell Publishing Ltd, 2006 (1117)
[234] Ibid. (1117–1118)
[235] Mavrogordatos, George Th. *Greece*. Oxford: European Journal of Political Research 46, Blackwell Publishing Ltd, 2007 (962–963)
[236] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester: Wiley-Blackwell, 2010 (198)

воедно предизвикала дополнителен револт кај народот.[237] Следната криза со која се соочила Владата била сомнителниот скандал со инвестиции од пензиските фондови, а последователно следеле и оставки, меѓу кои и министерот за вработување Цитуридис, кој поднел оставка по вторпат во својата кариера.[238]

Во септември 2007 година партијата НД била реизбрана со тенко мнозинство, додека партијата ПАСОК забележала намалување на нејзиниот изборен процент под 40%.[239] Во 2004 година Јоргос Папандреу помладиот го наследил поранешниот премиер Костас Симитис на раководството на партијата ПАСОК. По поразот на ПАСОК на изборите во 2007 година се појавила нетрпеливост во партијата и потреба за промени. На партиските избори, кои биле одржани на 11 ноември 2007 година, Папандреу добил 55,91% од партиските гласови и ја зацементирал својата позиција.[240]

Предвремените избори на 16 септември 2007 година се одржале со 74,1% излезност. Нова демократија претрпела загуба низ целата држава и освоила 152 (еден повеќе од минималното владеачко мнозинство), со 41,83% од гласовите. ПАСОК загубил уште повеќе од претходните резултати со 38% и 102 пратенички места, додека двете левичарски партии ККЕ и СИРИЗА (Коалицијата на радикалната левица) оствариле 8,15% и 5,04%. Двете големи партии ја разочарале својата јавност, но ПАСОК изгубила повеќе отколку Нова демократија. ЛАОС освоиле 3,8% и 10 места, а тоа било нивен прв успех во Собранието.[241]

Новата Влада на Караманлис положила заклетва на 19 септември, а бил предвиден „мал и флексибилен” кабинет. Овојпат две министерства (Министерството за јавен поредок со Министерство за внатрешни работи и Министерството за Егејско Море со Министерство за трговска морнарица) биле споени, со што се намалил бројот. Од друга страна, формирањето на новото Министерство за животна средина следело после катастрофата со шумските пожари од 24 до 27 август 2007 година.[242]

Јоргос Папандреу се соочувал со големи критики. Евангелос Венизелос, министерот за култура во Владата на Симитис, бил противкандидат на

[237] Mavrogordatos, George Th. *Greece. Oxford* : European Journal of Political Research 47, Blackwell Publishing Ltd, 2008 (990)
[238] Ibid. (993)
[239] Konstantinos, C. *Financial Derailment and the Political Class in Greece*. J Pol Sci Pub Aff 5: 257, 2017 (5)
[240] Ibid.
[241] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester: Wiley-Blackwell, 2010 (199-200)
[242] Mavrogordatos, George Th. *Greece. Oxford*: European Journal of Political Research 47, Blackwell Publishing Ltd, 2008 (995)

внатрепартиските избори на ПАСОК. Покрај првичното водство на анкетите, Јоргос Папандреу победил со 55,91% од гласовите во партијата, наспроти само 38,18% за Венизелос. До крајот на првата година од својот втор мандат, Владата на Караманлис запловила во меѓународната економска криза. Растечкиот буџетски дефицит, синдикалците и стечајот на јавните претпријатија дополнително ја продлабочуваат кризата.[243]

Кога би направиле ретроспектива на усогласувањето на Грција со ЕУ во текот на 2000-тите, тоа било поддржано од конвергентен и стабилен двопартиски систем доминиран од про-ЕУ партии. Партискиот натпревар бил отсликан помеѓу левиот центар ПАСОК и централно-десничарската Нова демократија, каде било спречено секакво оспорување на домашната агенда за модернизација и на екстерната агенда на европеизирана надворешна политика. Сепак, аномалиите на оваа поставеност почнале да се појавуваат неколку години пред кризата во еврозоната. Во домашната политика, во 2007/2008 година имало незадоволство кај двете големи партии, со што почнале да ја губат поддршката во грчкото општество.[244]

Во 2008 година рамнотежата на европеизираната надворешна политика била разнишана. Владата на НД ставила вето на влезот на Република Македонија во НАТО и го условила решавањето на спорот за името, како предуслов за почеток на пристапни преговори со ЕУ. Во тој период била иницирана енергетската политика за учество во проект за гасовод подржан од Русија, што го поврзува бугарското крајбрежје на Црното Море со Егејското Море. Овие потези на грчката Влада побудиле интерес во јавноста, а воедно и произвеле некомпатибилност со европската рамка на грчката надворешна политика. Со доаѓањето на кризата во еврозоната, овие веќе постоечки тенденции се интензивираат. Економската и финансиската криза во Грција и мерките за штедење придонесуваат за затегнати односи со ЕУ.[245]

За време на скандалот Захопулос во јануари 2008 година, предизвикувајќи привремено излегување на еден пратеник од НД, мнозинството било намалено на 151 – минимум во Грчкиот парламент – на собранието кое броело 300 членови. На 28 јануари архиепископот Христодулос починал од рак, кој речиси десет години се залагал за

[243] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester: Wiley-Blackwell, 2010 (199 – 200)
[244] Chryssogelos, Angelos. *Still Europeanised? Greek Foreign Policy During the Eurozone Crisis*. London: LSE, 2017 (9)
[245] Ibid.

зголемена „национална" улога, предизвикувајќи конфликти на многу фронтови поради неговата популарност. На 7 февруари неговата функција ја наследил Хиеронимос II, кој бил спречен да биде избран за највисоката црковна функција уште во 1998 година поради измислени обвиненија за финансиски малверзации. Овојпат тој победил со очигледна разлика (за него гласале 45 епископи, наспроти 27 за неговиот противник). Повеќе од кога било дотогаш не било изразено надворешно влијание врз изборниот процес.[246]

За време на самитот на НАТО во Букурешт, од 2 до 4 април 2008 година, премиерот Караманлис извојувал победа спречувајќи ја Република Македонија да се приклучи на организацијата, како што инсистирала САД. Грција настојувала на претходно изнесениот став за решавање на спорот за официјалното име на државата. Во текот на 2008 година, за време на билатералните преговори под покровителство на Обединетите Нации, не бил постигнат напредок, делумно поради зголемената непопустливост од страна на Република Македонија после негативниот одговор во Букурешт.[247]

## 1.5 Грчката должничка криза и влијанието на Андонис Самарас

„*Имаме само план А. Прифаќање и целосно спроведување на постоечкиот план, т.н. План А е најдоброто решение за Грција, за еврозоната, но и за кредиторите и земјопоседниците.*" [248]

– Евангелос Венизелос

Од септември 2008 година, европската финансиска криза била факт. На почетокот биле преземени мерки од Грчкиот парламент за поддршка на грчкиот банкарски систем, а подоцна биле воведени мерки за штедење. Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) не го лансирал првиот извештај за состојбата во Грција до 6 август 2009 година, а од извештајот произлегло дека структурните реформи и фискалните консолидации не би можеле повеќе да се одложуваат. Грција била многу

[246] Mavrogordatos, George Th. *Greece*. Oxford : European Journal of Political Research 48, Blackwell Publishing Ltd, 2009 (969)
[247] Ibid. (970)
[248] *Evangelos Venizelos*, пристапено на: 20.10.2022, https://www.azquotes.com/author/62276-Evangelos_Venizelos

ранлива поради високите нивоа на долг и ерозијата на конкурентноста. Кризата се одразила и на изборите.[249]

Грчките економски политики во последните три децении ја донеле Грција блиску до банкрот. Додека Грците продолжиле да трошат, грчката држава се покажала како неспособена за ефикасно да ги собира приходите. Нефункционалниот грчки правосуден систем не помогнал во борбата против распространетата култура на неказнивост. Друга клучна причина за грчката криза била неделувањето на грчките политички елити и непреземањето соодветни чекори од страна на двете главни партии во Грција.[250]

Овие постапки станале поочигледни за време на Владата на Караманлис со пречекорувањето на трошоците на Олимписките игри во 2004 година и на прикривањето на вистинската слика за грчките јавни финансии од страна на ПАСОК. После спроведената финансиска ревизија, била ветена транспарентност, но не успеала намерата да се спроведат потребните структурни реформи. Во септември 2009 година Костас Караманлис распишал предвремени избори, под притисокот на зголемениот грчки дефицит, глобалната финансиска криза и гласното противење за економските мерки.[251]

На парламентарните избори на 4 октомври 2009 година, ПАСОК освоиле апсолутно мнозинство со 43,92% од гласовите и формирал влада, а Јоргос Папандреу бил на чело на таа Владач Ова значело дека Костас Караманлис од НД бил сменет по дванаесет години како претседател на партијата. На 14 декември 2009 година премиерот Папандреу ја објавил намерата на Владата да го намали фискалниот дефицит на 3% од бруто домашниот производ (БДП) до 2013 година, од проценето ниво од 12,7% во ноември 2009 година. Премиерот го најавил и првиот круг мерки за штедење и структурни реформи.[252]

За време на изборниот циклус, Папандреу ја презел постојаната стратегија на водење на кампањата. Тој создал нови комуникациски институции покрај постојните,

---

[249] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn*. Oslo : University of Oslo, 2014 (70-71)
[250] Mylonas, Harris. *Is Greece a Failing Developed State? Causes and Socio-economic Consequences of the Financial Crisis*. Ann Arbor: University of Michigan, Center for European Studies – European Union Center, 2010 (80)
[251] Ibid.
[252] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn*. Oslo : University of Oslo, 2014 (70-71)

соработувал со комуникациски професионалци кои имале политички врски со ПАСОК, користел приватно анкетирање за да ја обликува стратегијата и бил првиот премиер кој употребил сопствен механизам за спроведување анкети во седиштето на партијата. Во почетокот на својот мандат тој ја искористил својата главна предизборна порака како мото на неговата владина политика. Папандреу имал јавни настапи на телевизија „во живо", каде се обраќал и давал бројни интервјуа за странски медиуми, но тие не влијале во значителна мера врз рејтингот на неговата популарност.[253]

Глобалниот финансиски колапс кој потекнувал од САД, предизвикан од хипотекарната криза, следствено влијаел и на еврозоната поради меѓузависноста на земјите во рамките на глобалниот економски систем. Грчката економија отсекогаш претставувала, во голема мерка, една од најслабите врски во нецелосна европска монетарна унија која се соочила со кризна ситуација, иако веќе била оптоварена со сериозни структурни проблеми, огромен буџетски дефицит, огромен дефицит на платниот биланс и голем државен долг. Грција се задолжувала секоја година, не само со цел да плати за амортизациски распореди на нејзиниот јавен долг, но и за покривање на примарните државни трошоци. Тоа се должело на вработувањата на голем број државни службеници, додека во исто време огромното мнозинство од населението живеело директно или индиректно од јавниот приход.[254]

Финансиската криза во Грција придонесла за висока стапка на невработеност, и тоа околу 27%, невработеноста кај младите се движела нешто под 60%. Тешко било да се биде оптимист за економско закрепнување во Грција со смалувањето на БДП за 25% од 2009 година, повисоките даноци, пониските плати, пензии и скромната дефлација на цените на пазарот. Оваа ситуација во Грција придонесла да биде најслаба алка за време на кризата во еврозоната. Кризата настанала поради контекстуални фактори кои не дозволиле реформите да функционираат како што требало да се спроведат. Грција доживеа долг период на мир и демократско владеење, ги надминала длабоките поделби кои биле обележје на граѓанската војна во Грција, се приклучила на Европската Унија,

[253] Koliastasis, Panagiotis. *The permanent campaign strategy of Greek Prime Ministers (1996–2011).* London : Queen Mary University of London, 2014 (146-147)
[254] Konstantinos, C. *Financial Derailment and the Political Class in Greece*. J Pol Sci Pub Aff 5: 257, 2017 (1)

уживала економски просперитет, но, во периодот на економската криза, сите овие достигнувањата биле загрозени.[255]

Банкротот на Грција бил спречен да еволуира и да ја спаси земјата од катастрофа поради вистинската солидарност од страна на нејзините европски партнери, како и најголемата финанскиска програма која некогаш била лансирана од европскиот механизам за стабилност и Меѓународниот монетарен фонд (ММФ). Оваа економска криза имала големо влијание врз состојбата на земјата, БНП (Бруто национален производ), нивоата на вработеност и граѓанскиот стандард на живеење.[256]

Проширувањето на јазот помеѓу институциите на репрезентативната демократија и јавноста значително го нарушил принципот на народен суверенитет, а претставничката демократија била неактивна. Тоа довело до таканаречениот феномен – „Криза на претставничката демократија". Обидот да се убедат луѓето да преземат активна улога во политичките одлуки кои влијаат на нивниот живот е тежок но, како што е изразено во Уставот, ова практикување власт е суштински дел од политичката слобода. Единствено изводливо решение било да се поттикне партиципативна демократија во рамките на правниот поредок на државата.[257]

За време на кампањата за парламентарни избори во 2009 година, внатрешно-политичката криза во државата проследена со растечката економска криза и внатре партиските несогласувања, формирањето сопствени табори кои биле особено забележани во НД и претензиите на Дора Бакојани да го заземе лидерското место во партијата, придонесле за избори во есента 2009 година.[258] Со задоцнување, признавајќи ги сопствените грешки и неуспеси, НД ја прокламирала потребата од одговорност и воздржаност во пресрет на економската криза и го осудила отсуството на конкретна програма од страна на ПАСОК. Факт кој, главно, ја депопуларизирал кампањата на НД било тоа што ветувале само штедење со цел да се намали јавниот долг. Спротивно на тоа, ПАСОК понудил не само стимулативен пакет за зајакнување на побарувачката, туку и политика за „зелен развој", како нов модел за земјата. Покрај тоа што

---

[255] Mylonas, Harris. *Democratic Politics in Times of Austerity* : The Limits of Forced Reform in Greece. Perspectives on Politics 12(2), pp. 435-443, 2014 (440)
[256] Konstantinos, C. *Financial Derailment and the Political Class in Greece*. J Pol Sci Pub Aff 5: 257, 2017 (1)
[257] Margaritis, Konstantinos. *A Constitutional Discussion of Participatory Democracy in Greece, 2014* 23–3. Constitutional Forum 29, 2014, пристапено на: 27.08.2022, https://canlii.ca/t/t0gs (29)
[258] Mavrogordatos, George Th.; Marantzidis, Nikos. *Greece*. Oxford : European Journal of Political Research 49, Blackwell Publishing Ltd, 2010 (997)

партиските лидери биле целосно свесни за фактичката состојба на државата, во поглед на економијата и јавниот дефицит, Јоргос Папандреу застапувал тези дека проблемот на земјата не е недостатокот на ресурси, туку само нивно лошо управување. Ова било доволно за да ја преземе премиерската функција по убедливата победа на изборите.[259]

Кампањата на ПАСОК за време на изборите во 2009 година била структурирана околу нејзината намера да даде маргинални зголемувања, веднаш над стапката на инфлација. Набрзо новоизбраниот премиер се нашол пред грчката финансиска криза и природно морал да отстапи од повеќето свои предизборни ветувања. Папандреу тврдел дека „имало одредени ендемски проблеми, но во последните пет-шест години претходната власт, наместо да се справи со ендемските проблеми, таа дополнително ги влошила".[260] Тој постојано нагласувал дека Грција е многу корумпирана земја и изјавил дека „проблемот што го имаме е домашен поради големата корупција на највисоките нивоа и се преземаат структурни мерки за да се промени економијата, да се придвижи и да биде поконкурентна".[261]

Папандреу давал чести забелешки тврдејќи дека „главниот проблем на земјата не бил буџетскиот дефицит, туку дефицитот на кредибилитет". Надворешниот дискурс бил делумно одговорен за зголемување на грчкиот проблем, бидејќи Папандреу постојано претставувал депресивна слика за ситуацијата во Грција и на тој начин придонесол за продлабочување на проблемот, наместо да помогне за негово раздвојување.[262]

Папандреу бил еден од архитектите на европеизацијата на грчката надворешна политика и по преземањето на функцијата, се обидел да ги обнови иницијативите што ги промовирал во ПАСОК пред изборниот пораз во 2004 година. Папандреу бил еден од главните промотори на „европската перспектива" за Западен Балкан во раните 2000-ти години и било добро познато дека бил умерен во прашањето за името на Република Македонија. Во Скопје преовладувал оптимизам дека со него на власт, Грција ќе го ублажи својот став по прашањето за членството во НАТО и ЕУ. Овие надежи биле поткрепени со стравувањата во Грција дека, додека земјата е под економско туторство

---

[259] Mavrogordatos, George Th.; Marantzidis, Nikos. *Greece*. Oxford : European Journal of Political Research 49, Blackwell Publishing Ltd, 2010 (998)
[260] Botsiou, Konstantina E. Klapsis, Antonis. *The Konstantinos Karamanlis Institute for Democracy* Yearbook 2011,The Global Economic Crisis and the Case of Greece. Athens: Springer, 2011 (148)
[261] Ibid.
[262] Ibid.

и меѓународен притисок, тоа би влијаело врз грчката надворешна политика и болните компромиси од грчка страна.[263] Папандреу првично изразил потенцијал за решение и ублажување на ставот на Грција кон Скопје во периодот 2009 и 2010 година преку чести средби со премиерот на Никола Груевски. Кога Папандреу ги донел спасувачките средства и програмата на мерките за штедење во Парламентот во 2010 година, НД гласала против, и покрај заложбите како проевропска партија.[264]

Владата на ПАСОК, веднаш по преземањето на власта, го обвинила својот претходник дека ја прикрива очајната економска состојба и открива јавен дефицит од неверојатни 12,7% од БДП.[265]

Кога би се навратиле на генезата на финансиската криза, може да се забележи дека долгот на Грција бил примарно во сопственост на француски, германски и, во помала мера, британски банки. Ако Грција отстапи од обврските, тоа сериозно ќе ја поткопа довербата во други „ризични" земји, како што се Шпанија, Португалија и Ирска. Северно-европските банки имале вкупна изложеност од два трилиони евра кон овие земји. Грчкото неплаќање можело да урне многу од нивните банки, покрај повеќето грчки и на крајот би можеле да го разбијат целиот финансиски систем на Европската Унија.[266]

Со доаѓањето на ПАСОК на власт, се открила многу помрачна слика за грчката економија отколку што била очекувана. Новата влада уште еднаш ја обвинила претходната власт и ветила транспарентност. Оваа состојба била третирана како предизвикувачки момент во односите ЕУ – Грција. Кредибилитетот на Грција како членка и партнер на ЕУ бил нарушен. Новата влада, која била избрана за „трошење" наместо за „штедење", не презела ниту една од неопходните мерки за намалување на дефицитот во првите неколку месеци од своето владеење.[267]

Од октомври 2009 до март 2010 година, новоизбраната Влада на ПАСОК одбила да ја прифати таа ситуација. Во меѓувреме НД била внатрешно поделена и фокусирана на промена на раководството. На земјите од еврозоната и ЕУ, како целина, им требало

---

[263] Chryssogelos, Angelos. *Still Europeanised? Greek Foreign Policy During the Eurozone Crisis*. London: LSE, 2017 (10–11)
[264] Ibid.
[265] Mavrogordatos, George Th.; Marantzidis, Nikos. *Greece*. Oxford : European Journal of Political Research 49, Blackwell Publishing Ltd, 2010 (1000)
[266] Mylonas, Harris. *Is Greece a Failing Developed State? Causes and Socio-economic Consequences of the Financial Crisis*. Ann Arbor: University of Michigan, Center for European Studies – European Union Center, 2010 (77)
[267] Ibid. (80)

подолго период за да го решат овој проблем. Како резултат на тоа, еврото паднало. После Божиќ во 2009 година, кога еврото почнало да опаѓа во однос на доларот, кризата на јавниот долг се сметала за европски проблем, а набргу после тоа била сфатена како глобален проблем, со кој државниот долг влијаел на владите ширум светот, вклучително и на Ирска, Шпанија, Португалија, Јапонија, па дури и на САД. Глобалната финансиска криза се покажала како катализатор, кој ја открил Грција како најслабата алка во еврозоната.[268]

Во јануари 2010 година грчката Влада започнала програма за економска стабилност. Основната цел на оваа програма била да се намали фискалниот дефицит на 2,8% до 2012 година. За време на годишниот состанок на Светскиот економски форум, во јануари 2010 година, комесарот за економски и монетарни прашања на Европската Унија, Хоакин Алмунија, во интервју за „ТВ Блумберг" ја истакнал потребата од фискално прилагодување и дека тоа е дел од планот „А" за спас на Грција, а воедно најавил и дека нема план „Б".[269]

На почетокот на 2010 година Грција успеала да го придобие светското внимание поради неисполнувањата на нејзиниот преголем јавен долг, што ја поткопала довербата во еврото и во продолжение се заканувала да ја дестабилизира глобалната економија. По губење на повеќе од шест месеци, исполнети со полумерки и лажни проценки, Папандреу конечно ја признал реалноста и формално побарал „пакет за поддршка" од Европската Унија и Меѓународниот монетарен фонд. Пакетот за спас за Грција бил финализиран како заем на 110 милијарди евра (30 милијарди евра од ММФ и 80 милијарди евра од Европската централна банка (ЕЦБ) и земјите од еврозоната), а исплатата на ратите би се одвивала според имплементацијата од страна на грчката Влада, според мерките за штедење и структурните реформи наведени во меморандумот.[270]

Мерките наишле на реакција поради предавство и губење на националата независност по налог и во име на странски интереси. Претставниците на трите институции (ММФ, ЕЦБ и Европската комисија), кои го надгледувале грчкото

---

[268] Mylonas, Harris. *Is Greece a Failing Developed State? Causes and Socio-economic Consequences of the Financial Crisis*. Ann Arbor: University of Michigan, Center for European Studies – European Union Center, 2010 (80-81)
[269] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn*. Oslo: University of Oslo, 2014 (70-71)
[270] Mavrogordatos, George Th.; Mylonas, Harris. *Greece*. Oxford : European Journal of Political Research 50, Blackwell Publishing Ltd, 2011 (986)

почитување на договорот, биле демонизирани како „тројката”. Покрај негодувањата, договорот бил ратификуван од Грчкиот парламент на 6 мај, а од 296 присутни „за” гласале 172 пратеници (ПАСОК, ЛАОС и Дора Бакојани од НД) и 121 „против” (НД, ККЕ и СИРИЗА), додека тројца членови на ПАСОК биле воздржани. Ваквиот тек на настаните произвел партиски раслојувања и поделба меѓу поддржувачите и непријателите на меморандумот, по што следеле и партиски отстранувања, а Бакојани основала нова партија – Демократски сојуз (Dimokratiki Symmachia), кон крајот на ноември.[271] Во овој период следеле голем број штрајкови во јавниот сектор, меѓу кои и јавниот превоз, а воедно биле забележани голем број протести, нарушувања на јавниот ред и мир и поттик и оживување на тероризмот проследени со убиства и пакет бомби испраќани до функционери и странски амбасади.[272]

Во февруари 2010 година, грчката Влада започнала остра програма за штедење, а ЕУ го одобрила веќе следниот ден. На вонредниот самит на еврозоната на 11 февруари 2010 година, европските лидери ја истакнале својата посветеност да ја поддржат Грција низ кризата. И покрај поддршката од лидерите на еврозоната, грчкиот министер за финансии, во средината на февруари 2010 година, изјавил дека Грција и грчката економија тонат како „Титаник”. Во март Владата ја претставила програмата за штедење од 4,8 милијарди евра, но не помогнало Грција да го зголеми својот кредибилитет на финансиските пазари. Два дена подоцна германската канцеларка Ангела Меркел ја покренала можноста за „исфрлање” на земјите од еврозоната доколку не ги почитуваат правилата. На крајот од март 2010 година лидерите на еврозоната изјавиле дека имаат намера да ја поддржат Грција, со цел да се заштити стабилноста на еврото, а исто така и да се снабди Грција со финансии во случај да биде суспендиран пристапот на Грција до финансиските пазари.[273]

Во април 2010 година премиерот Папандреу ја увидел потребата да се официјализира барањето за финансиска поддршка. Одговор на неговото барање пристигнал на 2 мај 2010 година, а лидерите на еврозоната и ММФ се согласиле да обезбедат итен заем од 110 милијарди евра на Грција, под услов Грција да треба да спроведе програма за штедење од 30 милијарди евра. Грчкиот парламент се согласува

---

[271] Mavrogordatos, George Th.; Mylonas, Harris. *Greece*. Oxford : European Journal of Political Research 50, Blackwell Publishing Ltd, 2011 (986)
[272] Ibid. (988)
[273] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn* . Oslo: University of Oslo, 2014 (71)

со условите на првиот спасувачки пакет со 172 од 300 гласа, но резултатот бил дочекан со насилни демонстрации во Атина и исход со загуба на три животи.[274]

На почетокот на мај 2010 година, Грција била на работ да прогласи мораториум на плаќањата, како резултат на несоодветните економски чекори од последователни влади во последните три децении, како и лошото управување со земјата од октомври 2009 година. Грција била под меѓународен економски надзор и минувала низ тешка економска и фискална криза во повоената ера.[275]

На 6 мај 2010 година социјалистичката Влада потпишала контроверзен договор за заем – Меморандум, кој предвидувал заеми до 110 милијарди евра кои ќе ѝ ги позајмувале на земјата од една страна и за имплементација на програмата за економска политика, што подразбирало строги фискални и структурни мерки, како и строги временски распореди. Меморандумот бил потпишан меѓу Владата и т.н. тројка – Меѓународниот монетарен фонд (ММФ), Европската комисија (ЕК) и Европската централна банка (ЕЦБ) . Влогот за Грција бил огромен: од една страна постоел ризик од продолжување на маѓепсаниот круг на дефицити и рецесија, вклучително и експлозија на невработеноста, забележителен пад на животниот стандард на грчкиот народ, реструктуирање на долгот, но, од другата страна, мерките би придонеселе за брзо економско закрепнување, исклучување од Меморандумот и непречено враќање на меѓународните пазари. [276]

Драматичните фискални случувања во Грција предизвикале огромна дебата за тоа како да се справат со проблемите на Грција, а воедно и со проблемите во еврозоната. Дискусиите најчесто се воделе за три главни проблеми: управување со кризата на ЕУ, како одговор на грчката должничка криза; механизмите за разрешување на долговите во еврозоната и долгорочни решенија за еврозоната и пошироко за ЕУ. Драматичните фискални случувања во Грција се опишувале како проблем на еврозоната. Причината за оваа ситуација била согледувана во опасноста од зараза во еврозоната, во ситуација доколку Грција не ги извршувала обврските.[277]

---

[274] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn* . Oslo: University of Oslo, 2014 (71-72)
[275] Botsiou, Konstantina E. Klapsis, Antonis. *The Konstantinos Karamanlis Institute for Democracy* Yearbook 2011,The Global Economic *Crisis and the Case of Greece.* Athens: Springer, 2011 (7–8)
[276] Ibid.
[277] Ibid. (17)

Реакциите за референдумот во Грција во 2010 година, според изјавата од германскиот научник Јурген Хабермас, кој се осврнал на недостатокот на граѓанското учество, со посочување на „концентрацијата на моќ во рацете на тесниот круг владини лидери кои ги наметнуваат своите договори на националниот Парламент".[278] Тој, понатаму, тврдел дека политичарите треба јасно да ги објаснат политичките состојби и да ја вратат моќта на одлучување на граѓаните. Во таа смисла, улогата на политичарите била, главно, да го водат граѓанството преку сферично обезбедување на сите релевантни информации, додека крајната одлука за прашања од големо значење, како што е грчката економска криза, би биле оставени на граѓаните кои би ја понесле одговорноста за резултатите од соодветната одлука.[279]

Од 2010 година економската кризата и нејзините општествено-политички последици придонесле за дополнителен поттик на конспиративно размислување, чија главна тема било толкувањето на кризата, како последица на божемен намерен напад врз Грција. Во тој период биле актуелни уште два случаи на теории на заговор кои биле од особен интерес: а) шумскиот пожар што опустошил големи делови од Грција во 2007 година им бил припишан на подметнување пожари од странски агенти; б) божемниот заговор за атентат против тогашниот премиер Костас Караманлис од западните/ американските тајни служби во 2008 година.[280]

Во овој период земјата била поделена на *за* и *против* во однос на прашањето за спасувачките заеми. Политичките партии биле поделени меѓу оние кои го гледале Меморандумот како излез од оваа криза и оние кои се против реформите и мерките за штедење. Во тој период се наметнало и прашањето за излез од еврозоната, а Комунистичката партија настојувала и за излез од ЕУ. Во партиите кои го подржувале Меморандумот би ги вброиле: НД, ПАСОК и Демократска левица. На спротивниот табор биле Коалицијата на радикалната левица (СИРИЗА), Комунистичката партија на

[278] Margaritis, Konstantinos. *A Constitutional Discussion of Participatory Democracy in Greece*, 2014 23–3. Constitutional Forum 29, 2014, пристапено на: 27.08.2022, https://canlii.ca/t/t0gs (31)
[279] Ibid.
[280] Skoulariki, Athena. *Conspiracy theories before and after the Greek crisis*: Discursive patterns and political use of the „enemy" theme. Επιστήμη και Κοινωνία: Επιθεώρηση Πολιτικής και Ηθικής Θεωρίας, 37, pp.73-108, 2018 (79–80)

Грција (ККЕ), заедно со десничарските Независни Хелени и неофашистичката партија „Златна зора".[281]

Од периодот на кризата грчките партии доживеале повеќекратни оставки и исклучувања на пратеници од пратенички групи, предизвикани од спорни гласови поради контроверзните мерки за штедење кои произлегле од договорите за заем. Како резултат на оставки и протерувања, независните пратеници биле втората по големина група во Собранието со 65 пратеници. Овој тренд ја поткопал предвидливоста на гласовите во Собранието.[282]

Политичкото насилство не било нов феномен во Грција. Со почетокот на финансиската криза, немирите биле првиот израз на притаената фрустрација и незадоволство на грчката младина кон грчката држава. Според Андреас Каливас, „востание се случило во Грција во декември 2008 година, а тоа било бунт против државната власт и нејзиниот уставен поредок од страна на дел од својот народ".[283]

За време на собраниските седници каде што се дебатирало и гласало за последователните рунди на мерки за штедење, настаните добиле различен насилен тек, насилството кулминирало со подметнување пожар на зградата на „Марфин банка".[284]

Во периодот за време на финансиската криза, во грчкото општество имало продор на нови партиски опции, а одредени партии имале крајно екстремни гледишта. Претходно официјално малку се знаело за структурата на „Златна зора". После апсењето на членови на партијата „Златна зора", биле откриени одредени податоци околу структурата и функционирањето од страна на „Екатимерини". Меѓу документите била откриена организациска шема во вид на пирамида на моќ, со лидерот на врвот. Организацијата е повеќе слична на паравоено движење отколку на политичка партија и вклучува младинска организација, облечена во црно и испишано „Хриси Авги (Chrysi Avgi)" со големи бели букви на задната страна. Ваков тип на поставеност бил видлив

---

[281] Mylonas, Harris. *Democratic Politics in Times of Austerity: The Limits of Forced Reform in Greece*. Perspectives on Politics 12(2), pp. 435-443, 2014 (438)
[282] Ibid.
[283] Ibid.
[284] Ibid.

во дел од германската нацистичка и младинска организација и за време на режимот на Метаксас.[285]

„Златна зора" започнала како националсоцијалистичко списание во 1980 година. Многумина од оние кои земале дел во основањето на списанието биле претходни членови на партијата која била распуштена во 1977 година, вклучувајќи го и основачот, Никос Михалолиакос, кој се приклучил на партијата на 16 години. Списанието изобилувало со неонацистичка идеологија, а често биле прикажувани натписи во кои се поздравува Адолф Хитлер. Подоцна, во 1970-тите, Михалолиакос поминал одредено време в затвор. Таму бил во контакт со поранешниот диктатор за време на хунтата, Јоргос Пападопулос и било побарано да ја води младинската организација на крајно десничарската партија ЕПЕН. Тој ја напушти организацијата неколку години подоцна, со цел да ја формира „Златна зора" како политичка партија. Сепак, „Златна зора" не учествувала во национални избори сѐ до 1996 година, кога освоила 4.487 гласови, или 0,07% од вкупните гласови. По изборниот исход привремено се повлекле од политиката до локалните избори во Атина во 2010 година. Овде тие освоиле 5,29% од гласовите, а Михалолиакос добил место во градскиот совет.[286]

Кон крајот на првата деценија на XXI век, Европа била погодена од финансиска криза. Во многу земји кризата довела до социјални немири, нестабилност и ненадеен пораст на недовербата во владите и водечките политичари. Зголемување на расно мотивираното насилство во екот на финансиската криза можело да се види и во други европски земји, како што е Унгарија. Покрај нивните поекстремни неонацистички гледишта, се сметало дека повеќе луѓе мислат дека ваквите партии даваат алтернатива на другите политички партии.[287]

„Златна зора" постојано напаѓала имигранти и се борела со левичарските групи кои се движеле од антифашисти до комунисти и анархисти. Ова насилно кулминирало со убиството на Павлос Фисас, симпатизер на Комунистичката партија и антифашистички музичар. Неполни два месеци подоцна, членовите на „Златна зора",

---

[285] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn*. Oslo: University of Oslo, 2014 (91)
[286] Ibid. (82)
[287] Koliastasis, Panagiotis. *The permanent campaign strategy of Greek Prime Ministers (1996–2011).* London: Queen Mary University of London, 2014 (146-147)

Манос Капелонис и Јоргос Фунтулис, биле убиени од нова терористичка организација наречена „Милитантни народни револуционерни сили”. Новата организација ја презела одговорноста и тврделе дека тоа биле политички егзекуции како одмазда за убиството на Павлос Фисас. Зачестените пресметки и убиства во овој период поттикнале дебата за формата на насилството во државата.[288]

Грчката економија била прилично слаба и зависна од странски заеми, а повеќето граѓани барале „стабилност” обезбедена со вработување во јавниот сектор. Обезбедувањето на таква позиција барала потпирање и наклонетост кон доминантните партии. Во приватниот сектор голем број бизниси традиционално биле зависни од владини договори, заеми и заштита за да опстанат. Оваа појава се развила во периодот кога двата главните конкуренти ПАСОК и НД, ги користеле ресурсите на државата за да обезбедат нивен сопствен колективен опстанок. Според Ричард Кац и Питер Меир: „политичките партии сѐ повеќе функционирале како картели, со користење на ресурсите на државата за ограничување на политичка конкуренција и обезбедување сопствен изборен успех”.[289]

Во интервјуто спроведено со универзитетскиот професор Димитри Сотиропулос, на прашањето дали смета дека клиентелизмот сѐ уште опстојува во Грција и дали тој елемент влијае врз демократските процеси во грчкото општество, особено на економската и финансиската криза во Грција, истакна: „Економската криза што ја доживеа Грција започна во 2010 година. Причините за кризата беа меѓународни (претходната криза во САД), поврзани со ЕУ (асиметријата на конкурентни и неконкурентни европски економии кои ја делат истата валута и учествуваат во еврозоната) и домашна (тенденција од 1980-тите во Грција за добивање странски кредити, со цел финансирање на пензискиот систем и домашната потрошувачка)”.[290]

Универзитетскиот професор Сотиропулос, на прашањето дали смета дека клиентелизмот што го практикуваа НД и ПАСОК придонесе за продлабочување на економската и финансиската криза во Грција, истакна: „Клиентелизмот, кој опстојуваше во Грција под сите партии (НД, ПАСОК и СИРИЗА), беше дел од причината поради која јавните финансии на земјата беа исфрлени од колосек до 2010

---

[288] Mylonas, Harris. *Democratic Politics in Times of Austerity* : The Limits of Forced Reform in Greece. Perspectives on Politics 12(2), pp. 435-443, 2014 (438-439)
[289] Ibid. (439)
[290] *Интервју со проф. д-р Димитри Сотиропулос*, 21.07.2023, Интервју преку интернет платформа, 20 часот

година. Клиентелизмот сѐ уште влијае на домашните процеси, но не толку како во минатото”.[291]

Во периодот помеѓу 2010 и 2011 година, НД, под водство на Самарас, станала главен експонент на „антимеморандумскиот” табор. Самарас направил врската помеѓу надворешната политика и економската криза да биде очигледна, а во дебатата во Парламентот истакнал дека никогаш не би се согласил на компромис за надворешната политика поради надворешниот притисок врз економски прашања.[292]

Од 2011 година грчкиот политички пејсаж значително се променил. Веројатно политичката ситуација била понестабилна отколку во времето од падот на хунтата. Од 2011 година финансиската должничка криза што ја погодила Грција се проширила и на другите ранливи европски економии, како што се Ирска, Португалија, Шпанија и Кипар. Во сите случаи нивните демократски избрани влади повеќе ја немале таа способност, поради нивното учество во еврозоната или да ја девалвираат својата валута. Под меѓународна мобилност на капиталот, владите со фиксни девизни курсеви се соочувале со компромис помеѓу стабилноста на надворешната валута и домашната монетарна автономија на политиката. Тие биле соочени со две неоптимални опции: неисполнување на обврските или да се спроведат мерки за штедење. Овие случувања предизвикале пораст на евроскептицизмот низ ЕУ, што довело до пораст на јавното незадоволство во земјите погодени од кризата, владите, но и во Европската комисија и Европската централна банка, потсетувајќи ги сите на проблемот со демократскиот дефицит кој долго време постоел во рамките на Европската Унија.[293]

Спречувањето на хаотичното неплаќање на високиот јавен долг продолжил да биде најважно прашање во Грција во текот на 2011 година. Од истата причина земјата го задржува светското значење и внимание, со што продолжува да ја поткопува довербата во еврото и да влијае врз глобалните пазари. Овие непопуларни мерки го зголемуваат продорот на нестабилност и терористички групи, меѓу кои и групата „Огнени јадра” одговорна за серија пакет-бомби од претходната година. Револтот кој јавно го искажале одредени групации придонесол за нарушување на имиџот и безбедноста на пристаништата, аеродромите и јавниот превоз, каде што имало случаи

[291] *Интервју со проф. д-р Димитри Сотиропулос*, 21.07.2023, Интервју преку интернет платформа, 20 часот
[292] Chryssogelos, Angelos. *Still Europeanised? Greek Foreign Policy During the Eurozone Crisis*. London: LSE, 2017 (10-11)
[293] Mylonas, Harris. *Democratic Politics in Times of Austerity*: The Limits of Forced Reform in Greece. Perspectives on Politics 12(2), pp. 435-443, 2014 (436)

на одбивање да се платат патарините на автопати или билети за јавен превоз, насилство врз инвентар, вработени и граѓани кои го почитувале законот. Новоот движење било појавено како имитација на „Indignados" во Шпанија и го окупирало плоштадот Синтагма и зградата на Парламентот.[294]

Во февруари 2011 година, од страна на претставниците на „тројката" било побарано приватизации од 50 милијарди евра, што дополнително ја подгреало и така нестабилната политичка сцена.[295]

Во мај 2011 година повторно биле пријавени протести пред грчкиот Парламент, после објавените гласини во тоа време дека членовите на еврозоната размислуваат за можен излез на Грција. Во реконструкцијата на кабинетот во јуни, Евангелос Венизелос бил назначен за нов министер за финансии. Ова било направено токму за време на гласањето за новото штедење на пакет мерките што се случиле на крајот на месецот. За време на насилни демонстрации, кои довеле до судири меѓу полицијата и демонстрантите пред грчкиот Парламент, предлогот сепак поминал со 155 гласа *за* поддршка и 136 гласови *против*. Овој резултат бил изненадувачки, бидејќи тогашните анкети сугерирале дека меѓу 70 и 80% од луѓето биле против планот за штедење. Нивото на невработеност продолжило да се зголемува со усвојувањето на уште еден закон за штедење преку Парламентот во октомври. Нацрт-законот вклучувал и план за намалување од 30.000 работниците во јавниот сектор. Најмалку 70.000 луѓе се приклучиле на протестите пред Парламентот на плоштадот Синтагма во Атина.[296]

Демонстрантите и нередите на плоштадот Синтагма го принудиле премиерот Папандреу на разговор со Самарас (НД) да му понуди да формираат голема коалиција. Иницијативата била прекината, а Папандреу бил принуден на 17 јуни 2011 година да направи реконструкција на кабинетот. Реорганизираната Влада на Папандреу ја добила довербата на 22 јуни 2011 година, но вознемиреноста продолжила поради исплата на петтата рата од пакетот помош со што продолжиле и нередите и жестоките судири.[297]

[294] Mavrogordatos, George Th.; Mylonas, Harris. *Greece*. Oxford : European Journal of Political Research 51, Blackwell Publishing Ltd, 2012 (124)
[295] Ibid.
[296] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn*. Oslo: University of Oslo, 2014 (72-73)
[297] Mavrogordatos, George Th.; Mylonas, Harris. *Greece*. Oxford : European Journal of Political Research 51, Blackwell Publishing Ltd, 2012 (124-125)

Планот на фискалната стратегија за 2012 – 2015 година бил одобрен на 29 јуни со 155 гласа *за*, 138 *против* и 5 *воздржани*. Сепак, последователните мерки за штедење преземени од Владата на Папандреу не можеле да ги убеди светските пазари дека грчкиот долг е остварлив, во услови на продлабочена криза на доверба во еврото. На 21 јули 2011 година, на европскиот самит во Брисел, било договорено да се олеснат условите на пакетот помош на Грција со двојно зголемување на времето на доспевање и намалување на каматната стапка на 3,5%, како и план за намалување на јавниот долг.[298]

На Европскиот самит во Брисел (26 – 27 октомври 2011 година) бил одобрен новиот пакет помош за Грција.[299]

Протестите против мерките за штедење продолжиле во текот на месецот, а до крајот на месецот и премиерот Јоргос Папандреу одлучил да повика на гласање за доверба и референдум за одобрување на договорот, постигнат од страна на евро самитот за нов заем од 130 милијарди евра на Грција. Веста предизвикала големи превирања, како на национално, така и на меѓународно ниво. Папандреу победил на гласањето со 153 гласови *за* и 145 гласа *против*, но набргу потоа бил повикан на самитот на Г-20 во Кан, по што го отповикал референдумот и си поднел оставка на 6 ноември 2011 година.[300]

На 11 ноември 2011 година, Лукас Пападимос, непартиски лидер на трипартиската коалициска Влада составена од ПАСОК, НД и ЛАОС, го заменил на премиерската функција. На 12 февруари 2012 година, грчкиот Парламент го одобрил новиот договор за заем со двотретинско мнозинство, а гласањето било проследено со големи демонстрации. Новите мерки за штедење довеле и до напуштање на ЛАОС од коалицијата, оставајќи ги ПАСОК и НД во бипартитна Влада. Во јавен говор претседателот на Европската комисија, Жозе Мануел Баросо, зборувал за

[298] Mavrogordatos, George Th.; Mylonas, Harris. *Greece*. Oxford : European Journal of Political Research 51, Blackwell Publishing Ltd, 2012 (124-125)
[299] Ibid.
[300] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn*. Oslo : University of Oslo, 2014 (73)

одобрувањето на евро-групата на новиот договор за втора програма за финансиска помош за Грција.[301]

Лукас Пападимос премиерската функција ја водел до 16 мај 2012 година. Неговата Влада не се совпаднала со очекувањата. Во време на криза и потреба од штедење, дури педесет членови броела новата Влада која, веројатно, била најголемата. Во суштина, долгоочекуваната „нова” Влада била само продолжение на Владата на ПАСОК.[302] Ваквиот исход му одговарал и на Самарас, и покрај жестокото противење на Меморандумот. На 6 декември буџетот за 2012 година бил одобрен со големо мнозинство на 258 гласови *за* и 41 *против*.[303]

Во 2012 година должничката криза била проследена со тешка економска рецесија и голема невработеност. Ситуацијата кулминирала поради политичката неизвесност и сценаријата за „Grexit” – термин измислен во 2012 година, а се однесува на можноста Грција да ја напушти еврозоната. Системските ризици и негативните општествени случувања, поврзани со пакетот за спас и односот на Грција со „тројката” (ММФ, ЕЦБ и ЕК), би можеле да влијаат врз други европски економии и нивните банкарски сектори. Патот на внатрешна девалвација вклучува мерки за штедење, како што е намалување на расходите, зголемување на даноците и намалување на платите и пензиите – начин за излез од кризата од страна на тројката и владејачките политички елити во Грција, кој довел до многу подлабока економска рецесија, повисока стапка на невработеност и повисока инфлација од очекуваното.[304]

На 9 февруари, од страна на премиерот Лукас Пападемос, бил предложен нов пакет за штедење, што вклучувало кратење на трошоците и отпуштања во јавниот сектор, како и зголемување на даноците и втор договор за заем од околу 130 милијарди евра со тројката. Овие мерки биле изгласани на 12 февруари со 199 гласови *за*, 74 *против* и 5 *воздржани*. До почетокот на 2012 година, целата невработеност била над

[301] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn*. Oslo : University of Oslo, 2014 (73)
[302] Mavrogordatos, George Th.; Mylonas, Harris. *Greece*. Oxford : European Journal of Political Research 51, Blackwell Publishing Ltd, 2012 (126)
[303] Ibid. (127)
[304] Mylonas, Harris. *Greece*. New Jersey: European Journal of Political Research Data Yearbook 52, John Wiley & Sons Ltd, 2014 (87)

20%, на крајот на годината достигнала 26%, а младинската невработеност изнесувала 55%.[305]

Нивоата на невработеност драстично се зголемиле, а довербата во Владата и институциите на ЕУ опаднале. Министерот за финансии, Евангелос Венизелос, се кандидирал и бил изгласан за нов лидер на ПАСОК на местото на Папандреу.[306] Во февруари 2012 година гласањето за мерките за штедење било проследено со насилни протести пред Парламентот. Политичкото насилство во одредени моменти се радикализирало до степен на организирање терористички кампањи.[307]

Првата сериозна промена во грчкиот партискиот систем во „постхунтскиот" период се случи во летото 2012 година. Системот што се кристализираше до крајот на 1970-тите бил срушен во мај и во јуни 2012 година. ПАСОК и НД, двете партии кои дотогаш биле доминантни, заедно добиле само 32% од гласовите во изборите во мај 2012 година. Децениските ривали, ПАСОК и НД, стигнале до точка заедно да владеат. Левичарската партија, Коалицијата на радикалната левица (СИРИЗА), која добила само 4,9% од гласовите на изборите во 2009 година, освоила 26,9% на изборите во јуни 2012 година и станала сериозен кандидат за изборите за Европскиот парламент во мај 2014 година. ПАСОК, со освоени 44% на изборите во 2009 година, има драстичен пад на само 12% на изборите во јуни 2012 година, а, според анкетите, 6,3% на европските избори во мај 2014 година. „Златна зора", една од најекстремните десничарски партии во Европа, ја зголемила својата сила од 0,29% во 2009 година до 7% на изборите во 2012 година. Грчката јавност сè повеќе ја губи довербата во политичките партии, Владата и Парламентот.[308] Успехот на „Златна зора" на изборите во 2012 година бил поради нивното ветување „да ја исчистат земјата" од илегални имигранти.[309]

Пред изборите во 2012 година, Самарас од НД, божем, повикал на сузбивање на имигрантите, ветувајќи дека „масовната инвазија на имигрантите" ќе престане и ќе следи „масовното враќање во нивните татковини". Оттука, лидерот на НД само ја потврдил силната тенденција кон ксенофобија, која била застапена особено на улиците

---

[305] Mylonas, Harris. *Greece*. New Jersey: European Journal of Political Research Data Yearbook 52, John Wiley & Sons Ltd, 2014 (88-89)
[306] Ibid.
[307] Mylonas, Harris. *Democratic Politics in Times of Austerity: The Limits of Forced Reform in Greece. Perspectives on Politics* 12 (2), pp. 435-443, 2014 (438)
[308] Ibid.
[309] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn*. Oslo: University of Oslo, 2014 (89)

во Атина. Насилството врз имигрантите претходи на кризата, но тоа не било истакнато сѐ до убиството на Грк од страна на двајца Авганистанци. За „Златна зора” ова било дополнителен адут кој не можел да се игнорира, а во наредниот период следеле напади од страна на фашистички банди. Полицијата започнала операција во август 2012 година, која била именувана како „Операција Хенос Зеус (*Xenios Zeus)*”, именувана по грчкиот бог на гостопримството. Извештаите содржеле документи за ксенофобичното насилство и антимиграцијата, кои не се покажале како феномен изолиран на екстремно десничарските групи како „Златна зора”.[310]

Изборите биле договорени за 17 јуни, а техничката Влада била под водство на Панајотис Пикраменос, дотогашниот претседател на државниот совет. Земјата била во состојба на неред, а НД стоела зад стравот дека Грција би излегла од еврозоната доколу СИРИЗА дојде на власт. СИРИЗА водела кампања против Меморандумот и се обиделе да го сменат размислувањето на луѓето да излезат и да гласаат. На 17 јуни НД и СИРИЗА ги зголемиле своите гласови за најмалку 10%, но, поради постојниот изборен закон, првата партија добивала бонус од 50 пратенички места и, како резултат на тоа, НД имала вкупно 129 места, а СИРИЗА 71, иако нивната разлика во гласовите била помала од 3%. Овој исход и исцрпеноста на грчкото општество овозможило создавање коалициска Влада од страна на политичките сили кои го поддржувале Меморандумот. Владината коалиција, која опозициските партии често ја осудувале како „Внатрешна тројка”, вклучувајќи ги НД и ПАСОК – некогаш заколнати непријатели и левичарската партија ДИМАР. Тие заедно имаат 179 места во 300-члениот Парламент. Останатите четири партии во Парламентот останале непријателски настроени кон Меморандумот и мерките за штедење (СИРИЗА, Независни Грци, „Златна зора” и ККЕ).[311]

На 21 јуни новата коалициска Влада, поддржана од НД, ПАСОК и ДИМАР, положила заклетва и Андонис Самарас станал премиер. Грчкиот политички систем се карактеризирал со екстремна нестабилност во 2012 година. ПАСОК паднал од 44% на изборите во 2009 година на само 12% на изборите во јуни. „Златна зора” вртоглаво

[310] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn*. Oslo: University of Oslo, 2014 (90-91)
[311] Mylonas, Harris. *Greece. New Jersey :* European Journal of Political Research Data Yearbook 52, John Wiley & Sons Ltd, 2014 (92)

пораснала од 0,3% во 2009 година на 7% на изборите во 2012 година и на трето место меѓу грчките партии во некои подоцнежни анкети.[312]

Во периодот од јули до крајот на ноември се одржала нова рунда преговори меѓу новата Влада и „Тројката". Ставот на европските лидери преминал од негативен во позитивен по европската кампања што ја започнал Андонис Самарас. Најочигледен знак за оваа промена била државната посета на германската канцеларка Ангела Меркел и пораката за поддршка, и покрај илјадниците демонстранти против неа на улиците. На почетокот на ноември коалициската Влада изгласала четиригодишно штедење и пакет реформи, кој вклучувал кратења на трошоците и зголемување на даноците. Кон крајот на ноември, по многумесечни политички превирања во Грција и „Тројката", бил постигнат договор, а Грција завршила со многу подобар сет услови за заем, продолжување на роковите, одложување на каматата и пониски каматни стапки од другите земји-членки на ЕУ.[313]

Наглото зголемување на поддршката за „Златна зора" сугерирал на тоа дека грчкиот народ бара промени. Парламентарните избори од 2012 година можеби го поддржале таквото тврдење. Зголемена невработеност, особено меѓу помладата популација, придонесла за зголемување на тензијата помеѓу населението и Владата. Изборите од мај 2012 година може да се протолкуваат како едновремен феномен, но фактот дека „Златна зора" задржала стабилен процент на јунските избори, само неколку недели подоцна, ги отфрла сите такви тврдења. Претходно споменатата анкета од „Метрон Анализис (Metron Analysis)" ги покажала и претходните политички преференции за гласачите на „Златна зора". Ова сугерира дека значителен дел од гласовите, всушност, биле од луѓе кои не гласале за партијата во мај и се премислиле во текот на шесте недели.[314]

Во 2012 година лидерот на „Златна зора", Михалолиакос, бил снимен со нацистички поздрав во градскиот совет во Атина. Во своја одбрана тој рекол дека поздравот не бил тој што обично се поврзува со Адолф Хитлер, туку верзија на стариот грчко-римски поздрав. Тој поздрав бил користен и од младинската организација на Метаксас во доцните 1930-ти. Михалолиакос, сепак, подоцна потврдил дека навистина

[312] Mylonas, Harris. *Greece. New Jersey :* European Journal of Political Research Data Yearbook 52, John Wiley & Sons Ltd, 2014 (92)
[313] Ibid. (95)
[314] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn*. Oslo : University of Oslo, 2014 (97)

се однесува на нацистите и биле објавени и снимки од истакнати членови кои го користат истиот нацистички поздрав.[315]

Политичките предизвици, поврзани со „присилното прилагодување”, фрлаат темна сенка врз грчкиот (и европскиот) политички дискурс. Грчките договори за заем предизвикале општествен раскол, а во голема мера тоа било резултат на начинот на кој кризата била управувана. Ваквата поставеност на настаните придонесла за удар на премиерот Андонис Самарас, кој се обидувал да воспостави поповолна атмосфета меѓу приврзаниците на стабилно демократско владеење на правото и оние кои ги одобрувале антисистемските насилни акти. Преку овој потег Самарас се обидел да ја стави „Златна зора”, анархистите и дел од СИРИЗА како главна опозициска партија – во истиот табор, ставајќи ги „двете крајности” и тврдејќи дека немало оправдување за насилство. СИРИЗА се обидувала да ја избегне ова поделба, реконфигурација, карактеризирајќи го обидот на Самарас како стратегија за пренасочување, дизајнирана да го одвлече вниманието од реалната ситуација и упорноста на Владата слепо да го следи она што тие го гледаат како надворешно наметната и катастрофална мешавина на неолибералните политики.[316]

Финансиската криза и мерките за штедење влијаеле врз сите сектори. Главните медиумски организации во голема мера позитивно ги претставиле владините политики за штедење, на сметка на плурализмот и независното новинарство. Наглото затворање на јавниот сервис „ЕРТ” во 2013 година дополнително го оштетува плурализмот во грчкото новинарство, бидејќи „ЕРТ” бил единствениот радиодифузер – на пазар на кој доминирале нелиценцирани комерцијални канали – со законска обврска за обезбедување објективни, непристрасни вести. И покрај недостатоците, „ЕРТ” имала разновидна програма и широка публика, и во Грција и во странство. Исклучувањето придонесло за влошување на пејсажот во однос на севкупниот квалитет на новинарската независност.[317]

Главната цел на Владата била да ја спаси земјата од банкрот, а во мај 2013 година, изненадувачка била одлуката на премиерот Самарас за затворање на

[315] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn*. Oslo : University of Oslo, 2014 (93–94)
[316] Mylonas, Harris. *Democratic Politics in Times of Austerity* : The Limits of Forced Reform in Greece. Perspectives on Politics 12(2), pp. 435-443, 2014 (440)
[317] Iosifidis, Petros. Boucas, Dimitris. *Media policy and independent journalism in Greece*. London : Open Society Foundation, 2015 (3)

државниот телевизиски канал („ЕРТ”) и создавање на нејзино место помала државна телевизија.[318] Опстанокот на владината коалиција меѓу НД, ПАСОК и ДИМАР, што произлегла од изборите во јуни 2012 година, била ставена во прашање во текот на 2013 година. Коалицијата се борела за низа прашања за кои немале исти гледишта и често се обвинувале едни со други за кочничари во функционирањето. Масовните протести и насилните демонстрации поради мерките за штедење се намалиле во 2013 година, но насилните инциденти сѐ уште биле застапени.[319]

Во ноември СИРИЗА повикала на гласање недоверба на Владата, што било одбиено со 153 гласови од 294 присутни. Избегнувајќи колапс во текот на 2013 година, коалициската Влада на НД и ПАСОК го изгласала буџетот на 7 декември со 153 од 296 присутни. Во овој период се случиле внатрепартиски промени, а Алексис Ципрас официјално ја трансформирал СИРИЗА во обединета партија на конгресот во јули и ги укинал бројните фракции што ја формирале СИРИЗА во 2004 година. Главниот поттик за оваа трансформација бил бонусот од 50 пратенички места што бил даден на првопласираната партија на националните избори, а СИРИЗА не можела да биде примена како коалиција – туку само како обединета партија.[320]

Во врска со трнливото прашање за имиграциската политика, грчките власти имале многу потешко контролирање на морските граници, и покрај нивниот успех во чувањето на границата со Турција. Регионалната нестабилност ги засилила проблемите со кои се соочувала Грција околу имиграцијата.[321] Иако масовните протести и демонстрации поради мерките за штедење стивнале во 2013 година, насилните инциденти не стивнувале. Во овој период биле забележани инциденти на имигрантите и пораст на расистичко насилство. Инцидентите придонесле за вжештена политичка атмосфера. Владата ја нападнала СИРИЗА дека поддржува поттик на насилство и инциденти, а СИРИЗА ја обвинила Владата дека користи деспотски тактики и ги крши човековите права.[322]

Високото ниво на недоверба кон институциите на претставничката демократија сѐ повеќе се зголемувало и придонесло за општествен јаз. Како што било наведено во

[318] Mylonas, Harris. *Greece.* New Jersey: European Journal of Political Research Data Yearbook 53, John Wiley & Sons Ltd, 2015 (140)
[319] Ibid. (141)
[320] Ibid.
[321] Ibid. (144)
[322] Ibid. (145-146)

стандардните евробарометри на Европската комисија од 2013 година, тенденцијата на довербата на Собранието достигнала 10 – 12%, додека за доверба кон Владата била 9 – 10%. Неизбежно тешката економската криза во Грција и нејзините последици влијаеле врз граѓанството на земјата. Не е изненадувачки што граѓаните на Грција често избирале да не учествуваат во процесите на донесување политички одлуки. Уставот на земјата дозволувал референдуми, но Грција немала одржано од основањето на Третата Хеленска Република во 1974 година.[323]

Во октомври 2013 година следело масовно апсење на истакнати членови на „Златна зора", вклучувајќи го лидерот на партијата Николаос „Никос" Михалолиакос. Од мај 2014 година, партијата сè уште била под истрага, а Михалолиакос сè уште бил во притвор. Покрај тоа, оваа партија добила поддршка од членови на други неонацистички партии во Европа, вклучително и „Свенскарнас" партијата во Шведска и „Данскернес" партијата во Данска, како и од лидерот на „Британската национална партија" Ник Грифин. Покрај наводите за насилство и криминално однесување, партијата била изненадувачки стабилна во анкетите, а во една од анкетите од почетокот на април 2014 година, партијата имала 9,9% поддршка.[324]

Од 1 јануари 2014 година до 30 јуни 2014 година траело петтото грчко претседавање со Советот на Европската Унија. Во ноември завршил трилатералниот состанок во Каиро меѓу Грција, Кипар и Египет, со заедничко соопштение. Во декларацијата од Каиро била наведена посветеноста на трите земји да ги зголемат напорите за соработка и за обележување на нивните поморски зони. Политичкото насилство продолжило и во 2014 година, а прашањата за имиграцијата доминирале во дневните вести.[325]

На 11 октомври на Владата ѝ е изгласана доверба со 155 гласови *за*, 131 *против* и 2 *воздржани*, но на 14 и 15 октомври, композитниот индекс на Атинската берза паднал за 11,62%. Преговорите со „Тројката" западнале во ќорсокак во текот на конечната евалуација на програмата. На 7 декември, 155 пратеници гласаа *за* буџетот. На 8 декември, Грција прифатила двомесечно продолжување на планот за спасување,

---

[323] Margaritis, Konstantinos. *A Constitutional Discussion of Participatory Democracy in Greece*, 2014 23–3. Constitutional Forum 29, 2014, пристапено на: 27.08.2022, https://canlii.ca/t/t0gs (29)
[324] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn*. Oslo: University of Oslo, 2014 (1-2)
[325] Mylonas, Harris. *Greece*. New Jersey: European Journal of Political Research Data Yearbook 54, John Wiley & Sons Ltd, 2016 (130)

со цел да се продолжат преговорите за реформите, кои се движат од намалување на пензиите до зголемување на даноците. Ова бил единствениот начин да се добие нова кредитна линија. Ден подоцна, на 9 декември, Самарас, под притисокот на доверителите и острата реторика на Алексис Ципрас, шеф на СИРИЗА, избрал да распише предвремени претседателски избори. Грчката берза доживеала најголем пад од 1987 година (-12,78% и изгубени 7,9 милијарди американски долари).[326]

Во декември 2014 година, Владата Самарас-Венизелос го забрзала процесот за избор на нов претседател на Хеленската Република, но гласовите за Ставрос Демас не биле доволни, затоа во 2015 година се одржале повторно. Ципрас, харизматичниот лидер на популистичката левичарска партија СИРИЗА, добил 36,34% од општото гласање. Со помош на изборниот закон, политичката партија Независни Грци, предводена од Каменос, Ципрас формирала Влада, која опстојувала само седум месеци поради потпишување на Третиот меморандум.[327]

Коалицијата на НД и ПАСОК владеела со сериозно ослабено мнозинство во Парламентот. За разлика од тоа, СИРИЗА обезбедила јасно водство на мајските избори за Европскиот парламент. Како резултат на овој пораз, следела значителна реконструкција на Владата. Реконструкцијата сигнализирала обид за враќање на поддршката од десничарските гласачи, додека во исто време го ставила во мирување реформскиот процес. Невработеноста била висока – 26,5%, а економијата останала во рецесија. Ваквиот тек на настани на крајот довел до предвремени парламентарни избори на 25 јануари 2015 година.[328]

Краткото време за подготовка довело до фаворизирање на Ципрас, бидејќи неговата внатрешна опозиција, која формирала новата партија (Народно единство – ЛАЕ), немала доволно време да се подготви за изборите. СИРИЗА, и покрај нејзината промена на политиката, победила на овие избори со сличен удел на гласови како во јануарските избори.[329]

По изборите во јануари, СИРИЗА формирала коалициска Влада со АНЕЛ, а основа на нивната заедничка соработка била антимеморандумска агенда и, за првпат во

[326] Mylonas, Harris. *Greece.* New Jersey: European Journal of Political Research Data Yearbook 54, John Wiley & Sons Ltd, 2016 (131)
[327] Konstantinos, C. *Financial Derailment and the Political Class in Greece*. J Pol Sci Pub Aff 5: 257, 2017 (7)
[328] Mylonas, Harris. *Greece.* New Jersey: European Journal of Political Research Data Yearbook 54, John Wiley & Sons Ltd, 2016 (125)
[329] Ibid. (116)

грчката историја, премиерот и неколку министри положиле политичка, а не верска заклетва. Овој кабинет кратко траел поради ќорсокакот во преговорите со кредиторите, кој станал катализатор за политичките случувања што на крајот доведе до нови избори.[330]

После изборите на 25 јануари, новата коалиција на радикалната левица СИРИЗА – АНЕЛ одржала долготрајни преговори со кредиторите, што завршиле во ќорсокак во јуни. Алексис Ципрас одговорил со повик за референдум за нацрт-предлозите на заемодавците на 5 јули истата година. Ова довело до Трет меморандум со кредиторите на Грција и пресметка во СИРИЗА во август, што довело до партиска поделба и нови избори кои ги враќаат СИРИЗА и АНЕЛ на власт. Невработеноста останала висока, 25% во ноември, а економијата останала во рецесијата, одливот на капитал продолжил, а падот на инвестициите очигледен.[331]

На 26 јуни референдумот предложен од Ципрас бил првиот референдум што ќе се одржи во Грција од гласањето во 1974 година. Владејачката коалиција побарала од грчкиот народ да гласа „не" на предлозите на доверителот, а останатите опозициски партии го поддржале гласањето со „за", како афирмација на еврото и на европската насока на Грција. Поддршката на јавното мислење за решение во рамките на еврозоната, го принудиле Ципрас да отпатува во Брисел и да преговара за трет спасувачки план за Грција. Третиот спасувачки план произвел криза во Владата помеѓу поддржувачите и противниците на тоа решение. Мерките поминале со поддршка на две третини од пратениците на СИРИЗА. Распарчувањето на СИРИЗА и проблемот со демократската легитимација резултирале со пад на владиното мнозинство. Оваа состојба го принудила Ципрас да поднесе оставка и да повика на одржување нови избори. Привремената Влада била за првпат раководена од жена, Василики Тану-Кристофилу, која станала првата жена (привремен) премиер на Грција.[332]

Земјата била обврзана да излезе на предвремени избори на 20 септември 2015 година, Владата го загубила парламентарното мнозинство по несогласувањето и отфрлањето на Меморандумот од страна на голем број пратеници од партијата СИРИЗА. Доколку Меморандумот не го изгласале другите проевропски политички

---

[330] Mylonas, Harris. *Greece.* New Jersey: European Journal of Political Research Data Yearbook 54, John Wiley & Sons Ltd, 2016 (118)
[331] Ibid. (113)
[332] Ibid. (115-120)

партии во грчкиот Парламент, поставен од Европската Унија, земјата би била соочена со непремостливи тешкотии. Изборниот резултатот, покрај високиот процент на апстиненција (скоро 45%), бил триумфален за Ципрас, чија партија освоила 35,46% од гласовите. Со помош на националистичката партија на Каменос, тој успеал да формира нова заедничка Влада. Овој изборен триумф бил насочен против сите рестрикции, со оглед на фактот што претходната седуммесечна администрација создала многу сериозни проблеми за економијата, што ја влошила состојбата на економски план. [333]

Во следниот период имало одредени институционални промени, биле формирани нови партии како и важни промени во партиските раководства. Поранешниот премиер Јоргос Папандреу го основал Движењето на демократските социјалисти (КИДИСО). Поранешниот премиер Андонис Самарас останал на кормилото на НД, и покрај јануарскиот изборниот пораз. Резултатите од референдумот на 5 јули довеле до оставката на Самарас и назначување на Вангелис Меимаракис за привремен претседател на партијата. По вториот пораз во рок од една година, партијата иницирала внатрешен процес за избор на нов претседател. Вангелис Меимаракис и Киријакос Мицотакис преминале во вториот круг на гласање закажан за почетокот на 2016 година, а, според анкетите, Мицотакис имал предност. Прашањата кои претходно ја брануваа јавноста, како грчката јавна телевизиска мрежа, „ЕРТ", судењето на обвинетите од криминалните организации, законот за државјанство на странски државјани, критериумите за државјанство, истополовите бракови и мигрантската криза уште долг период ја окупирале грчката јавност. [334]

За време на економската и финансиската криза, Грција се соочила со уште една голема криза – мигрантската криза, која сериозно влијаела врз целокупниот поредок на државата. Европската мигрантска криза, или позната како бегалска криза, била израз за серија случувања, поврзани со масовно доаѓање на бегалци на европското тло во изминатата декада. Мешовити миграциски текови, составени од лица кои главно потекнувале од земји во Африка, Азија и нешто помалку од Југоисточна Европа, претендирале да влезат во земјите на Европската Унија. Ваквиот наплив на мигранти

[333] Konstantinos, C. *Financial Derailment and the Political Class in Greece.* J Pol Sci Pub Aff 5: 257, 2017 (7)
[334] Mylonas, Harris. *Greece*. New Jersey: European Journal of Political Research Data Yearbook 55, John Wiley & Sons Ltd, 2016 (121-122)

започнал средината на 2010 година, ескалира во 2015 година и Грција беше прва на рутата на мигрантските движења.[335]

Кризата во еврозоната нарушила голем дел од проевропскиот попустлив консензус во многу земји-членки на ЕУ. Овие нови политички и општествени динамики го промениле текот во преземање  чекори во надворешната политика. За време на „про-ЕУ" политиките и „про-за" политиките за штедење, владите од 2010 до 2015 година се соочувале со различни начини на притисок за скратување на просторот за компромис со Скопје, или следење на повеќекратна енергетска безбедносна политика со јасен геополитички призвук кои се судрил со нормите на ЕУ и приоритети во различните прилики. Европеизацијата на грчката надворешна политика отсекогаш била недоволно искрена и насочена, отколку пософистициран начин за следење на националниот интерес, но во годините на кризата дури и проевропските елити морале повторно да ги потврдат грчките цели во корелација со рамката на ЕУ. Тоа било важно за јавното мислење кое било поттикнато од кризата уште еднаш да размисли за надворешната политика во услови на „надворешни притисоци" врз Грција да прифати неоправдани „компромиси".[336]

Ситуацијата во медиумите била мрачна, а подобри услови за извршување на оваа професија биле ветени со победата на Коалицијата на радикалната левица (СИРИЗА) на општите избори на 25 јануари 2015 година. Новата Влада предводена од СИРИЗА ветила дека ќе го „уништи" олигархискиот систем во Грција, каде новинските организации се во сопственост на неколку богати претприемачи. Во согласност со предизборните ветувања, кон крајот на април 2015 година, новата Влада би го усвоила предлог-законот за повторно отворање на „ЕРТ", што би се темелела на нова основа. Тогаш биле ветени промени на сите лиценци за приватни канали во постојани лиценци, а со тоа и конкуренција врз основа на здрави економски критериуми. Од страна на СИРИЗА биле ветени и други измени, но дали новата Влада ќе го направи тоа или не, зависело од исходот на изборите.[337]

---

[335] Иванова, Елена. *Европската мигрантска криза и повредата на човековите права и основни слободи загарантирани со Европската конвенција за човекови права – анализа на случај Hirsi Jamaa и останатите против Италија*, Миграција и азил : национална, меѓународна и европска рамка. Штип: Универзитет „Гоце Делчев", Правен факултет  , 2021 (22)
[336] Chryssogelos, Angelos. *Still Europeanised? Greek Foreign Policy During the Eurozone Crisis*. London : LSE, 2017 (20)
[337] Iosifidis, Petros. Boucas, Dimitris. *Media policy and independent journalism in Greece*. London : Open Society Foundation, 2015 (4)

Самоорганизацијата во медиумската продукција и потрагата по нови одржливи деловни модели ќе станат уште поважни. Била потребна поголема мобилизација од страна на граѓанското општество, вклучувајќи ги синдикатите и универзитетите, за промовирање на плурализмот, транспарентноста и објективното новинарство. Врските со меѓувладини организации како што се ОН и ЕУ, ќе бидат клучни во натамошшнот процес.[338]

## 1.6 Преспанскиот договор и Владата на Алексис Ципрас

*„Грчкиот народ не сака да се откаже од еврото и верувам дека грчкиот народ веќе покажа дека направи големи жртви за да остане во еврозоната.*"[339]
– Јоргос Папандреу

Економската криза што ја погодила Грција во 2010 година имала повеќекратни негативни економски и социјални ефекти и негативно влијание врз функционирањето на демократијата. Како што е познато, во замена за спас од лошата економска ситуација, Грција потпишала три меморандуми со меѓународните кредитори во 2010, 2012 и 2015 година. Меморандумите предвидувале дека грчката Влада ќе добива транши од трите соодветни спасувачки пакети, под услов да се имплементира штедењето и реформите во широк спектар на јавни политики, вклучително и фискалното управување на државата, пензиите, приходите, работните односи, пазарната конкуренција и јавната администрација. Во суштина, градењето политика и донесувањето одлуки во широк опсег на политички сектори, во голема мера биле одземени од рацете на избраната Влада и Парламент од страна на „Тројката", поточно од претставниците на Европската комисија, Европската централна банка и Меѓународниот монетарен фонд. Ова е типично за високозадолжени земји кои бараат странска помош и е феномен кој ги открива притисоците врз националните влади од страна на силите на глобализацијата.[340]

Долго време пред почетокот на кризата, големите структурни слабости, како што се опаѓањето на економска конкурентност и фискалното лошо управување, не

[338] Iosifidis, Petros. Boucas, Dimitris. *Media policy and independent journalism in Greece*. London : Open Society Foundation, 2015 (4)
[339] *George Papandreou* , пристапено на: 21.10.2022, https://www.azquotes.com/author/11291-George_Papandreou
[340] Sotiropoulos, Dimitri A. *The Backsliding of Democracy in Today's Greece*. Athens : Friedrich-Ebert-Stiftung, 2018 (7)

биле решени од последователните влади. Последиците биле повеќекратни, вклучително и политичката нестабилност, пет општи изборни процеси во 6 години од 2009 до 2015 година и подемот на политичкиот радикализам низ целиот политички спектар. Економската криза и управувањето со последователните кризи негативно се одразиле врз функционирањето на демократијата во Грција од 2010 година. Грција се соочувала со долгорочни проблеми во демократијата, согледано преку историскиот објектив кој се фокусирал на долгорочните и длабоко вкоренати наследства, како што се политичкиот клиентелизам, популизмот и корупцијата.[341]

СИРИЗА се искачила од статусот на мала партија на второ место на изборите на 6 мај 2012 година, завршувајќи пред партијата ПАСОК, која владеела со Грција во поголемиот дел од последните четири децении и била зад главната конзервативна партија НД. Кога ниту еден од тројцата врвни кандидати не биле во можност да формираат Влада, датумот за нови избори бил сè поизвесен, а СИРИЗА прераснала во сериозна закана за НД.[342]

Коалицијата на радикалната левица (СИРИЗА) била политички проект на левичарските партии и организации во Грција, со реформисти и револуционерни сили во неа. Постојат две важни карактеристики за неговиот карактер кои одиграле многу важна улога во неговата еволуција во текот на овие години и во успехот што го постигнала.[343] Според првата, сите организирани сили биле вклучени во СИРИЗА и ја одржувале својата независност и нивното право јавно да се расправа за нивните политики и идеи. Дебатата меѓу нејзините различни сили била отворена за дискусија кога тоа би било потребно. Ова ја задржало СИРИЗА да се развива во проект, во кој не доминирала ниту една сила – политичка партија – до денес.[344] Според втората карактеристика, отворениот карактер придонесол проектот на СИРИЗА да привлече активисти кои не биле поврзани со ниту една од нејзините организирани компоненти.[345]

СИРИЗА била основана во 2004 година. На почетокот на 2000-тите, како реформистичката партија Синасписмос (Synaspismos), коалицијата на левичарски

[341] Sotiropoulos, Dimitri A. *The Backsliding of Democracy in Today's Greece*. Athens : Friedrich-Ebert-Stiftung, 2018 (7)
[342] Petrou, Panos. *The making of SYRIZ*, пристапено на: 11.06.2022, http://socialistworker.org/print/2012/06/11/the-making-of-syriza
[343] Ibid.
[344] Ibid.
[345] Ibid.

движења и екологија, наречена СИН (SYN) и најголемата организација во СИРИЗА, била во изборен пад, соочена со заканата да не може да освои доволно гласови за да го помине прагот за претставување во Парламентот. Ова било резултат на нејзината централно-левичарска политика во текот на претходните години, што ја направила партијата да личи на сателит на ПАСОК. Потребен бил левичарски пресврт, а тоа било најмногу изразено преку вклучување на СИН во анти-глобализацијата и анти-военото движење од 2003 година против инвазијата на Ирак. Редовните заеднички акции меѓу СИН и организациите на радикалната и анти-капиталистичка левица ДЕА довело до анти-глобалистички и анти-воени движења и создавање на Грчкиот социјален форум. Овој вид на координација претставувал важен прекин со секташкото минато на традиционално фрагментирана грчка левица.[346]

Притисоците од самото движење за единство на дејствување и изразување во политичкото поле на Социјалниот форум, движењето за анти-глобализација и анти-военото движење, довело до формирање на СИРИЗА. Една од најважните цели на тогашното раководство била надминување на прагот од 3% на национално ниво за да се обезбеди влез во Парламентот на изборите во 2004 година. Оваа промена се манифестирала врз членството на СИН, неговата социјална база, а првата голема внатрешна криза се случила веднаш по изборите, на кои СИРИЗА освоила 3,26% од гласовите и успеала да обезбеди мандати во Парламентот.[347]

Од пролетта 2006 година до летото 2007 година избувнале масовни студентски движења, проследени со протести и окупација на универзитетите со месеци, поради планот за укинување на членот 16 од Уставот, кој го гарантирал јавниот карактер на образовниот систем, вклучително и на универзитетско ниво. Во овој период СИРИЗА повторно се активирала за поддршка на студентската борба. Освен овие напори, следеле притисоци и внатре во Парламентот, а Алекос Алаванос делувал како портпарол на поплаките на студентското движење, демонстрирајќи како можат да дејствуваат радикалните сили во парламентарна средина. Во овој период СИРИЗА настапувала со порадикална платформа.[348]

[346] Petrou, Panos. *The making of SYRIZ,* пристапено на: 11.06.2022, http://socialistworker.org/print/2012/06/11/the-making-of-syriza
[347] Ibid.
[348] Ibid.

Есента 2007 година СИРИЗА учествувала на националните избори, а нејзиниот радикален левичарски став успеал да добие повеќе од 5% од гласовите, што во тој момент претставувал голем успех за коалицијата. Оттогаш СИРИЗА прераснала во сериозен ривал на Владата, а наредните месеци коалицијата успеала да се искачи на анкетите со околу 15 до 18% од гласовите за претстојните избори. Ова била првата „пролет“ на грчката радикална левица.[349]

Младинскиот бунт од 2008 година, каде што 15-годишен ученик бил убиен од двајца полицајци во Атина. бил следна сериозна криза каде што СИРИЗА била единствената сила во Парламентот што го поддржала младинскиот бунт и испратила порака до младите да не се враќаат назад, туку да продолжат да демонстрираат. Подоцна СИРИЗА ја платила цената за поддршката на младите, а поддршката на анкетите почнала да опаѓа. Дури и некои водечки членови на СИН заклучиле дека коалицијата отишла предалеку во поддршката на протестите.[350]

Од јануари 2009 година СИРИЗА го користела слоганот „Ниту еден чекор назад!” кој бил користен во голем број јавни масовни собири. Нападите од политичкиот и медиумскиот естаблишмент по младинскиот бунт и доаѓањето на светската економска криза во Грција извршиле притисок врз силите во СИРИЗА, особено врз Синасписмос, да се заземе „поумерена“ политика.[351]

За време на европските парламентарни избори во летото 2009 година и националните избори во есента истата година, СИРИЗА успеала да добие околу 4% од гласовите. Во овој период избила следната голема криза во СИРИЗА. Десното крило на СИН ја осудило и ја оквалификувало СИРИЗА како „екстемистичка крајно левичарска алијанса”. Заминувањето на конзервативните сили од СИН во наредниот период претставувало можност СИРИЗА да направи понатамошен пресврт кон лево, но тоа не се случило веднаш.[352]

За време на конференцијата на СИН, Алаванос му го препуштил раководството на партијата на Алексис Ципрас, со цел да се фокусира главно на градење на СИРИЗА. После националните избори и преминот на ПАСОК на чело на Владата, новото

---

[349] Petrou, Panos. *The making of SYRIZ*, пристапено на: 11.06.2022, http://socialistworker.org/print/2012/06/11/the-making-of-syriza
[350] Ibid.
[351] Ibid.
[352] Ibid.

раководство на СИН донело платформа за „програмска опозиција" на ПАСОК, што значело одреден степен на толеранција, во која претставниците на СИРИЗА би гласале за позитивни предлози од ПАСОК. Овој период бил проследен со аспирациите на ДЕА за заложба за радикална оција на ПАСОК и бранови на отпорот на работничката класа кон Меморандумот (драстичните мерки за штедење). Со појавата на првите генерални штрајкови во мај и јуни 2010 година, раководството на СИН се придвижило кон позициите за кои претходно биле осудени како „левичарски екстремизам".[353]

Раководството на СИН верувало дека најдобрата стратегија за тој период е да се здружи со незадоволните социјалдемократи. Со овој проект се заканувало да се трансформира СИРИЗА од политичка сила на радикалната левица во поширок и поумерен фронт за разочарани гласачи на ПАСОК. Немало ништо лошо во обидот да се придобие базата на ПАСОК, но СИН ја следи стратегијата врз основа на строго изборна пресметка. На регионалните избори во есента 2010 година, Синасписмос избрал да ја поддржи кампањата на поранешна водечка фигура од ПАСОК во Атика, а СИРИЗА била фрагментирана. Поранешниот член на ПАСОК, поддржан од СИН, освоил само 6,22% од гласовите, далеку под високите очекувања.[354]

Неуспесите на Владата на ПАСОК, влошувањето на кризата, мерките за штедење и радикализацијата на движењето на отпорот, придонесле за негодувања во раководството на СИН. Како што продолжиле дебатите, преземени се првите чекори за повторно лансирање на СИРИЗА, т.е. избувнало „движењето на плоштадите", проследено со масивни окупации на јавните плоштади, како Синтагма, плоштадот пред зградата на Парламентот во Атина, предводени главно од млади лица.[355]

Активистите на СИРИЗА биле застапени за време на протестите. Заедно со силите од АНТАРСЈА (ANT.AR.SY.A) – коалиција на радикално леви политички организации во Грција, дале важна организациска и политичка поддршка на демонстрациите и собирите одржани на плоштадите и, што било најважно, имале клучната улога, заедно со автономистите и анархистите, во организирањето собири и комитети во населбите. Од овој момент движењето на отпорот ја одвело СИРИЗА нанапред. Сето ова придонесло СИРИЗА да усвои јасна левичарска политичка линија.

---

[353] Petrou, Panos. *The making of SYRIZ,* пристапено на: 11.06.2022, http://socialistworker.org/print/2012/06/11/the-making-of-syriza
[354] Ibid.
[355] Ibid.

Левото крило на Синасписмос одиграло клучна улога, говорејќи постојано за радикална политика и спротивставувајќи се на какви било обиди на раководството на СИН за умерен пресврт.[356]

СИРИЗА поминала доста кризи, но две главни карактеристики помогнале да се задржи коалицијата и во тие тешки времиња. Првата била кога СИРИЗА била активна сила во движењето на отпорот, способна да влијае со насоката и стратегијата на борбата и обратно. Втората карактеристика била односот на организациите вклучени во алијансата. Бројните различни струи, револуционери и реформисти, троцкисти, маоисти и еврокомунисти заедно коегзистирале во СИРИЗА и успеале да работат заедно на задачите и да се соочуваат. Оваа поставеност очигледно имала голема привлечност за многу луѓе и помагала дополнително да ја продлабочи поддршката за СИРИЗА.[357]

Европската бегалска криза од 2015 година имала директен импакт врз грчкото општество, бидејќи во најголем дел се одвивала во Грција во критичен период за земјата и нејзиното место во ЕУ. Среде заканата од „Grexit" и внатрешно-политичките превирања, бегалската криза ги поставила во прв план прашањата за безбедноста и споделувањето на товарот од бегалскиот бран меѓу Грција и нејзините партнери од ЕУ.[358]

Пред изборната година СИРИЗА веќе била популарна како најистакнатa лева сила, која стоела покрај демонстрантите кога се соочиле со полицијата. Големите партии и главните медиуми ја обвиниле СИРИЗА за политиката која ја застапувала. СИРИЗА се осмелила да се соочи и со ПАСОК и со НД, а воедно да се претстави како движење преку кое се изразува народната волја, со цел ослободување од големите партии и нивните политики. СИРИЗА, како движење, акцентот го ставала на невработените, работниците, младите, за разлика од дотогашнте партии на власт. СИРИЗА останала посветена на својата левичарска насока, спротиставувајќи се на екстремните притисоци кои биле присутни, влијанијата од политичките партии,

[356] Petrou, Panos. *The making of SYRIZ*, пристапено на: 11.06.2022, http://socialistworker.org/print/2012/06/11/the-making-of-syriza
[357] Ibid.
[358] Ibid.

уцените од ЕУ и медиумските притисоци, во услови кога државата се соочува со банкрот.[359]

Успехот на масовните собири што СИРИЗА ги организирала низ цела Грција на плоштадите и во населбите, дополнително влевале оптимизам кај населението. На изборите СИРИЗА ја добила довербата од работничката класа и невработените, што дополнително довеле до понатамошна трансформација на партијата. Коалицијата имала потенцијал да стане политичка сила на левичарски активисти со радикализирана младина и масовна работничката класа. Зајакнувањето на левицата преку СИРИЗА би придонесло за успешно соочување со идните предизвици со поддршка на револуционерните идеи и политики.[360]

Кризата во еврозоната и финанскиската криза во која се наоѓала Грција извршила длабока општествена поделба со долгорочни последици.

Коалицијата на СИРИЗА и АНЕЛ владеела со ослабено мнозинство во Парламентот (153 од 300 места во јануари 2016 година). Владата се борела да ја затвори првата евалуација на спасувачката програма од август 2015 година, а односите со заемодавците на земјата останале затегнати. Лошото справување со бегалската криза и лошите услови во бегалскиот камп дополнително ја поларизирале атмосферата и наишле на осуда ширум светот. Голем број здуженија се спротивставиле на пензиските и даночните реформи. Позитивни знаци биле забележани во секторот економија, вклучително и благо намалување на невработеноста на 24%. Наредната година во Грција не се одржале избори.[361]

Кабинетот формиран во септември 2015 година останал недопрен до ноември 2016 година, кога се случила реконструкција на владата. Оваа реконструкција на кабинетот го зголемила бројот на министерски позиции и со себе донел и промени во имињата на министерствата и профилите. Конечно, родовиот состав на кабинетот се променил, а четири жени презеле позиции во новиот кабинет. Ова била значајна промена, со оглед на тоа што во претходниот кабинет немало жени-министри. Понатака следела и промена на некои контроверзни министри, меѓу кои и министерот за образование и религиозни прашања Никос Филис, чии напори за реформирање на

[359] Petrou, Panos. *The making of SYRIZ*, пристапено на: 11.06.2022, http://socialistworker.org/print/2012/06/11/the-making-of-syriza
[360] Ibid.
[361] Mylonas, Harris. *Greece.* New Jersey: European Journal of Political Research Data Yearbook 56, John Wiley & Sons Ltd, 2017 (115)

часовите по веронаука во средното образование предизвикале несогласувања со Грчката православна црква.[362]

Владата останала на ставот дека реконструкцијата е „обновување со цел за пораст", како што објавил премиерот Ципрас на „Твитер". Промени во министерските места биле направени во Министерството за поморство и островска политика и Министерството за животна средина и енергетика. Во текот на 2016 година имало релативно мали промени меѓу пратеничките групи. До крајот на г-одината, бројот на независните пратеници во Парламентот се зголемил од двајца на шест. Бројот на жени во Парламентот исто така благо се намалил, откако пратеничката на СИРИЗА, Василики Катривану, поднела оставка, а била заменета од Јоргос Кирицис.[363]

Судењето за убиството на Павлос Фисас од страна на член на „Златна зора", како и други обвиненија, вклучително и насилни напади врз левичари и имигранти, од членови на партијата, продолжило со многу бавно темпо. Во меѓувреме, бегалската криза и изборот на Доналд Трамп за претседател на САД, кој поддржувал промена на мигрантската политика, повторно ја поттикнале „Златна зора" да организира анти-мигрантски протести низ целата земја.[364]

Во јануари главната опозициска партија НД го избрала Кирјакос Мицотакис за нов лидер, по оставката на Андонис Самарас во јули 2015 година. Мицотакис успеал да го победи Вангелис Меимаракис благодарение на неговото водство во Атика и Централна Македонија, каде што се наоѓаат двата најголеми урбани центри во Грција, Атина и Солун. Мицотакис се кандидирал со реформски ориентирана, прогресивна платформа ветувајќи дека ќе ја обнови партијата за да ја врати довербата на гласачите. Неговата платформа привлекла многу нетрадиционални гласачи на НД да учествуваат на изборите, со надеж дека НД ќе се насочи кон центарот и ќе понуди остварлива алтернатива на СИРИЗА. Изборот на Мицотакис означувал либерален пресврт за партијата, и покрај внатрешните превирања.[365]

Во овој период дополнително се зголемил политичкиот спектар во грчкото општество. Партијата, чија главна цел била да го пополни вакумот создаден од

---

[362] Mylonas, Harris. *Greece.* New Jersey: European Journal of Political Research Data Yearbook 56, John Wiley & Sons Ltd, 2017 (115)
[363] Ibid. (118)
[364] Ibid. (119)
[365] Ibid.

либералниот пресврт на НД, била основана од Георгиос Карацаферис, претседател на ЛАОС и министер во коалициската Влада на Лукас Пападимос во 2011 година, заедно со Панајотис Балтакос, десната рака на премиерот Самарас и секретар на кабинетот. Името на партијата е Ethniki Enotita (Етники Енотита/Национално единство) и е опишана како „евроскептична и против мерките за штедење”. Зои Константопулу, поранешна претседателка на грчкиот Парламент од СИРИЗА, го основал Plefsi Eleftherias (Плефси Елефтеријас / Слободно едрење). Константопулу поднела оставка од СИРИЗА во 2015 година и се приклучила на ЛАЕ поради несогласувањата околу владините одлука за донесување нов Меморандум во август 2015 година.[366]

Плефси Елефтеријас била партија против мерките за штедење, која повикувала Грција еднострано да одбие да го врати долгот и бара репарации од Германија за штетите од Втората светска војна. ПАСОК, во координација со политичката партија To Potami (То Потами/ Реката), се обиделе да ги здружат силите и да создадат трета опција, која би го претставувала левиот центар, поточно просторот меѓу СИРИЗА и НД. Сепак, двајцата партиски лидери не успеале да постигнат договор за иницијатива која претходно била охрабрена од европските социјалисти.[367]

Друга значајна институционална промена била реформата на изборниот закон. Една од заложбите на СИРИЗА била промената на изборниот систем до чиста пропорционална застапеност. Со 179 гласа *за*, Парламентот го сменил изборниот закон за чиста пропорционална застапеност, со што се разделил со претходниот систем, со бонус од 50 места за првата страна. „За” гласале пратениците на СИРИЗА, АНЕЛ и ЕК, додека НД, Демократската коалиција и Реката гласале против. ККЕ и „Златна зора” биле воздржани во гласањето. Законот не стапувал на сила сè до следните избори, бидејќи не успеал да собере доволно поддршка за да биде веднаш ефективен (поради потребниот праг од две третини).[368]

Владата сметала дека новиот изборен систем ќе биде пофер и плуралистички, но оние што се спротивставиле на тоа го гледале законот како напор од страна на СИРИЗА и АНЕЛ да останат на власт – бидејќи ќе биде тешко да се формираат коалициски влади без нивно учество. На 25 јули 2016 година, премиерот Ципрас ги

[366] Mylonas, Harris. *Greece.* New Jersey: European Journal of Political Research Data Yearbook 56, John Wiley & Sons Ltd, 2017 (119)
[367] Ibid.
[368] Ibid. (119-120)

претставил своите предлози за уставни реформи. Неговите предлози биле наменети како почетна точка за дијалог меѓу политичките партии и социјалните групи. Предлозите изнесени од Ципрас вклучувале зголемување на овластувањата на претседателот на Републиката, дозволувајќи референдуми со народна иницијатива, измени во судството, усвојување на „верска неутралност" во државата и вклучување „социјални права" во Уставот, државната сопственост на вода и струја, како и колективно договарање на плати. Сепак, поитни работи ја засениле дебатата за уставните реформи.[369]

Во домашната политика во 2016 година доминирале двете кризи со кои се соочила земјата: економската криза и бегалската криза. Во јануари грчката Влада била во тешка ситуација кога се соочила со огромен број пристигнувања на бегалци од Турција и закани за протерување од Шенген од европски земји, членки на ЕУ, во случај доколку Грција не ги исполни европските стандарди за проверка.[370]

Во април папата Франциск дошол во Грција, во историска посета, за подигање на свеста за бегалската криза. На папата му се придружиле и православниот патријарх Вартоломеј, архиепископот на Грција, Иеронимос и премиерот Ципрас. Папата и патријархот потпишале заедничка декларација, со која испратиле порака за солидарност за бегалците. Ситуацијата се влошила кога земјите кои го сочинувале „балканскиот коридор" ги затвориле своите граници. Тоа значело блокирање на главната рута за бегалците кон Западна Европа, а со тоа илјадници луѓе биле „заглавени" во Грција. На границата настанала хаотична ситуација, а најпогоден бил градот Идомени, каде што кампувале околу 10.000 бегалци, со надеж дека ќе можат да преминат и да го продолжат своето патување во Западна Европа. Потребни биле речиси четири месеци за да биде уништен овој неформален камп, а бегалците биле преместени во бегалски кампови управувани од Владата.[371]

По договорот ЕУ – Турција од 18 март 2016 година, ситуацијата се подобрила и пристигнувањата на мигранти во Грција драстично се намалило, сепак проблемите продолжиле, особено на островите во северниот дел на Егејското Море каде што бројот на бегалци далеку го надминал локалниот капацитет. Хуманитарната состојба

---

[369] Mylonas, Harris. *Greece*. New Jersey: European Journal of Political Research Data Yearbook 56, John Wiley & Sons Ltd, 2017 (120)
[370] Ibid. (120-121)
[371] Ibid.

на островите останала предизвикувачка, а подготовките на владата се покажале недоволни за во зимски услови, снежни бури, каде што бегалците би биле изложени на студ.[372]

Дополнителен предизвик за Владата било менаџирањето на реакциите за пензиски и даночни реформи, на барање на кредиторите на земјата. Владата се соочила со широко распространета опозиција, вклучувајќи штрајкови, протести и блокади на патишта организирани од адвокати, земјоделци, сопственици на бизниси и политички партии. Во април преговорите со доверителите околу затворањето на првата евалуација на спасувачката програма од август 2015 година доживеала назадување, кога Викиликс објавил разговори меѓу претставници на ММФ во кои се сугерирало дека Грција ќе ги донесе неопходните мерки за штедење само ако остане без пари, а со тоа би требало да се изврши поголем притисок врз Грција.[373]

Контроверзните пензиски и даночни реформи биле усвоени на 9 мај 2016 година со 153 гласа „за" и првата евалуација на евро-групата била затворена на 24 мај 2016 година. Во наредниот период европскиот механизам за стабилност (ЕСМ) ја исплатил очекуваната транша од парите. Кон крајот на годината ММФ уште еднаш ја изразил својата загриженост за грчките изгледи за закрепнување без намалување на долгот. Евро-групата во декември не успеала да ја затвори втората евалуација во рамките од 2016 година, и покрај стимулациите што постоеле поради критичните претстојни избори во повеќе држави на ЕУ, како што се Холандија, Франција и Германија. Финансиската стабилност на земјата, односно исплатата на повеќе транши од програмата на ЕСМ, како и дали грчката Влада мора да преземе нови мерки за штедење за да ги задоволи доверителите, зависеле од оваа оценка. На 10 декември 2016 година буџетот на Владата, воведување нови даноци и кратење на јавната потрошувачка за плати и пензии биле изгласани од 152 пратеници, од 298 присутни.[374]

По усвојувањето на Третиот меморандум меѓу Грција и кредиторите, во август 2015 година, грчката Влада експлицитно барала да започне процес на деполитизација во јавниот сектор, кој вклучувал искоренување на клиентелистичките процедури за избор на раководители во повисокиот јавен сектор. Новиот закон бил донесен во 2016

---

[372] Mylonas, Harris. *Greece.* New Jersey: European Journal of Political Research Data Yearbook 56, John Wiley & Sons Ltd, 2017 (121)
[373] Ibid.
[374] Ibid.

година од Владата на СИРИЗА и АНЕЛ, кој своите резултати ги испорачал во периодот 2017/18 година, со изборот на нови раководители на административни единици. Сепак, клиентелизмот сè уште бил жив и добро втемелен во грчкото општество, што се покажува со фактот дека во пролетта на 2018 година, Европската комисија внимателно го следела процесот на избор.[375]

За време на мандатот на Ципрас бил постигнат договор со Република Македонија за промена на името на државата и решавање на децениското прашање, со додавање географска одредница, во Република Северна Македонија. Во јануари 2019 година грчкиот министер за одбрана Панос Каменос и неговата партија Независни Грци се откажале од владејачка коалиција поради договорот постигнат за спорот за името на Македонија, што ја оставило коалицијата без мнозинство во Парламентот. Сепак, Ципрас успеал да добие доверба и повторно да ја добие поддршката од апсолутното мнозинство на грчкиот Парламент, а потоа следела успешна ратификација на Договорот од Преспа, со кој беше решен дваесет и седумгодишниот спор.[376]

Во либералните демократии под економска криза, како што е примерот со Грција во периодот од 2010 година до 2018 година, имало драматичен пад на довербата во демократските институции и излезноста на изборите. Од 2010 година, поради економската криза, Грција претрпела огромни промени во однос на нејзиниот партиски систем и државно-граѓанските односи во општеството и доживеала скратена демократска легитимација на одлучувањето. Подемот на партиите СИРИЗА и АНЕЛ во Владата во 2015 година, од една страна значело обнова на политичките кадри и можност општествените слоеви, најтешко погодени од кризата, да ги бранат своите интереси, но, од друга страна довело до обид Владата да стави ограничувања на масовните медиуми, јавната администрација и правосудниот систем. Грција претставувала лакмус-случај на демократија и била изложена на многу тежок економски стрес. Во периодот од 2011 година до 2014 година, во Грција немало простор за дискусија за политиката меѓу Владата и опозицијата. Оваа практика траела до август 2015 година, по коалицијата на СИРИЗА и АНЕЛ. Со доаѓањето на власт имало промена во дотогашната поставеност на политиката. Третиот меморандум бил изгласан од партиите од владината коалиција СИРИЗА и АНЕЛ и повеќето партии од

---

[375] Sotiropoulos, Dimitri A. *The Backsliding of Democracy in Today's Greece*. Athens: Friedrich-Ebert-Stiftung, 2018 (13)
[376] *Greek PM Tsipras Faces Confidence Vote After Minister Quits*, пристапено на: 20.01.2024, https://www.voanews.com/a/greek-defense-minister-resigns-over-macedonia-name-change/4740812.html

опозицијата. Економската криза очекувано предизвикала политички несогласувања и парламентарни конфликти. Конфликтите станале речиси неконтролирани, додека јавната сфера наликувала на арена во која имало и насилни борби.[377]

Останувањето во еврозоната била најдобрата и веројатно единствената реална опција за Грција. Потребни биле нов микс политики и економско прилагодување. Оваа мешавина на политики требало да се фокусира на подобрување на меѓународната конкурентност, преку комбинација на умереност на платите и зголемување на растот на продуктивноста и пораст на збирни заштеди, така што зголемената инвестиција, што била предуслов за закрепнување, можела да се финансира преку домашно штедење, а не со задолжување од странство.[378]

Доаѓањето на СИРИЗА на власт придонесло до промена во политичкиот плурализам. СИРИЗА дошла на власт во 2015 година и, како политичка партија, ветила дека многу ќе придонеселе за општествено закрепнување. Во интервјуто со универзитетскиот професор Димитри Сотиропулос, на прашањето дали смета дека бавното економско закрепнување, или надворешната политика кон спорот за името, се одлучувачки за губењето на власта, тој истакна: „По доаѓањето на власт на почетокот на 2015 година, СИРИЗА не водеше стабилна политика ниту за економско, ниту за социјално закрепнување. Две години, 2015 – 2016 година, СИРИЗА водеше непредвидливи политики во неколку политички сектори. СИРИЗА брзо ја загуби својата почетна поддршка од народот, бидејќи ја доведе земјата на работ на излегување од еврозоната и, исто така, спроведе политика на штедење, за разлика од нејзините предизборни ветувања. СИРИЗА водеше стабилна економска и социјална политика во втората половина од својот мандат на власт (2017 – 2018). Сепак, мешаните економски перформанси на СИРИЗА и, пред сè, непредвидливоста на нејзините политики во многу домени и нејзините недостатоци во управувањето (на пр., клиентелизам, административ-на неспособност), негативно влијаеле врз нејзините перформанси на изборите во 2019 година. Договорот од Преспа можел да придонесе за изборниот пад на СИРИЗА, но не беше пресуден за губењето на власта. Економскиот и владејачкиот рекорд на СИРИЗА беше одлучувачки за губењето на моќта. Имајте предвид дека во неколку грчки изборни единици во Централна Македонија (во и околу Солун) и

[377] Sotiropoulos, Dimitri A. *The Backsliding of Democracy in Today's Greece*. Athens: Friedrich-Ebert-Stiftung, 2018 (11)
[378] Alogoskoufis, George. *Greece and the Euro: A Mundellian Tragedy. Medford: The Constantine G. Karamanlis chair in the Hellenic and European studies*, The Fletcher School Tufts University no. 2019-01, 2019 (60)

Западна Македонија (во и околу градовите Верија, Катерини, Едеса итн) веројатно влијаело негативното врз изборниот резултат на СИРИЗА на изборите во 2019 година, со тоа што СИРИЗА го потпишала Договорот од Преспа во 2018 година“.[379]

## 1.7 Заклучок

Транзицијата на Грција во „центарот” од „периферијата” во 1974 година е портата што поврзува две различни епохи во историјата на дваесеттиот век на Грција. Внатрешната и надворешната турбуленција и екстензивното надворешно мешање заедно ја обликувале системската физиономија на Грција. Во текот на XX век, Грција доживува значителни турбуленции во своите надворешни и внатрешни односи.

На економски план, таа е класифицирана во категоријата сиромашни, аграрни држави, зависни од трговијата и надворешно задолжена држава. На политички план, таа е поларизирана, водена од клиентелистички политички партии, чија главна цел била доминација и раководство со целокупниот државен сектор. Со враќањето на демократијата во 1974 година, се означува радикален прекин со минатото во многу критични аспекти, освен со клиентелизмот.

По референдумот во 1974 година монархијата била укината, а Грција станала Република. Во 1975 година бил донесен нов Устав. По 1974 година, следел период на двопартиски систем во кој доминирале централно-десничарската партија Нова демократија и Панеленско социјалистичко движење.

Во 1974 година на власт доаѓа Караманлис од НД. Караманлис вложил голем труд во неговиот мандат, а најголем успех било враќањето на демократијата и економскиот напредок на државата. За време на неговиот мандат биле направени промени на внатрешен и надворешен план. Покрај прогресот во внатрешните реформи, паралелно следел процестот на преговори со Европската Заедница. На надворешен план грчката дипломатија се соочувала со големи предизвици, а како најголем бил предизвикот со кипарската криза и отворените прашања со Турција. Овие прашања директно влијаеле на безбедноста во државата и на Балканот воопшто.

[379] *Интервју со проф. д-р Димитри Сотиропулос*, 21.07.2023, Интервју преку интернет платформа, 20 часот

Во 1981 година се случиле големи промени во грчката надворешна политика. Тие големи промени започнале со пристапот на Грција во Европската Заедница и доаѓањето на ПАСОК на власт, предводена од Папандреу. Папандреу вовел широк спектар политички реформи, насочени кон унапредување на граѓанските права и еднаквост како и социјални реформи.

Во периодот кога ПАСОК управувал со земјата од 1981 до 1989 година, акцентот бил ставен на структурните промени од трајно значење за идниот развој на грчката економија и општество. На надворешно-политички план, политиката на Папандреу придонесла за појава на нова ера на отворена конфронтација со САД.

Тврдењата кои Папандреу ги застапувал за време на изборната кампања не се совпаднале со политиката која ја водел за време на неговиот мандат. Грчката надворешна политика, сепак, го задржала курсот што претходно го застапувала и не биле направени драстични промени кои би имале импут врз членството во Европската Заедница.

Во однос на политиката кон Турција, Владата на ПАСОК цврсто стоела на својот став. Во 1982 година Папандреу станал првиот грчки премиер што го посетил Кипар, сигнализирајќи силна поддршка за грчкото население на поделениот остров. Во 1984 година тој ја мобилизирал грчката војска после турските провокации. Во 1987 година тој уште еднаш ја довел Грција на работ на војна кога Турција се заканила дека ќе испрати брод за истражување на нафта во грчките територијални води. За време на мандатот на Папандреу се случиле низа скандали, меѓу кои и финансиските малверзации на Џорџ Коскатос, поранешен банкар и издавач кој го предводел финансискиот скандал што ја урнал Владата на ПАСОК.

Во 1989 година се одржале два избори процеси кои завршиле во ќорсокак. Лидерот на НД во тој период, Константинос Мицотакис, оставил белег во грчката политика како ривал на Папандреу. Во средината на 1990-тите години, најголеми грижи на Грција биле несогласувањата и безбедносната закана од Турција која е членка на НАТО и нестабилноста на Балканот. Напнатите односи со Турција придонесле за актуелизирање на проблемот и планирање на одбраната.

После победата на општите избори во април 1990 година, премиерот Константин Мицотакис се обидел да ги подобри односите со САД преку договорот за одбранбена соработка во јули 1990 година. Кога НД го загубила тесното мнозинство во Парламентот во јули 1993 година, Папандреу повторно се вратил на власт.

На надворешно-политички план се актуелизирало прашањето со новоформираната Република Македонија. Грција ѝ наметнала ембарго на Република Македонија во 1994 година, и покрај негодувањата од Европската Унија, а тензиите се намалиле со потпишувањето на времената спогодба во 1995 година.

Билатералните односи помеѓу Грција и Турција и во овој период биле проследени со низа подеми и падови, а во некои моменти доаѓале до точка на можна ескалација. Со поднесувањето на оставка од страна на Папандреу во 1996 година, за нов премиер бил избран Костас Симитис. Грчката надворешна политика претрпела значителна промена за време на премиерот Костас Симитис.

Грција се обидела да се приклучи на еврозоната, учествувала во операцијата „Алба” во Албанија во 1997 година, ги поддржала политиките на ЕУ и НАТО кон Југославија и војната во Косово, а тоа било доказ за про-европската ориентирана надворешна политика. Главните цели на Симитис биле модернизација во економијата, јавната администрација и надворешните односи, следејќи про-евроатлантска агенда. Непосредно пред изборите во 2004 година, Костас Симитис си поднел оставка од функцијата претседател на ПАСОК, а на негово место бил избран Јоргос Папандреу.

На изборите во 2004 година победа извојува Нова демократија предводена од Костас Караманлис. Во овој период биле организирани летните олимпски игри, а во Грција сè повеќе почнува да ја чувствува економската и финансиската криза во којашто државата постепено почнала да запаѓа. За време на неговиот мандат, министер за надворешни работи била Дора Бакојани, која не придонесла за позитивно придвижување на споровите со Турција и Република Македонија.

Од 2008 година европската финансиска криза била факт, а постепено почнале да се бараат начини за поддршка и мерки за штедење. Кризата се одразила на изборите и придонесла Папандреу и ПАСОК да остварат победа. Кон крајот на првата деценија на

XXI век, Европа била погодена од финансиска криза. Грчките економски политики во последните три децении ја донеле Грција блиску до банкрот.

Финансиската криза резултирала со потпишување на Меморандум-договор со кредиторите на Грција како услов за спасувачките заеми, а претставниците на трите институции (ММФ, ЕЦБ и Европската комисија) го надгледувале грчкото почитување на договорот. Мерките за штедење, намалувањето на администрацијата, падот на платите, економската и финансиската криза во којашто западнала држават,а придонесле за голем број протести, негодувања и насилство во грчкото општество и продор и формирање на екстремистички партии и движења.

Во 2011 година Папандреу си поднел оставка, а од 2012 до 2015 година премиерската функција ја извршувал Андонис Самарас. Во 2012 година должничката криза била проследена со тешка економска рецесија и голема невработеност. Ситуацијата кулминирала поради политичката неизвесност и сценаријата за „Grexit“. Главната цел на Владата била да ја спаси земјата од банкрот, а во мај 2013 година изненадувачка била одлуката на премиерот Самарас за затворање на државниот телевизиски канал (ЕРТ) и на нејзино место создавање помала државна телевизија.

СИРИЗА се искачила од статусот на мала партија на второ место на изборите на 6 мај 2012 година, завршувајќи пред партијата ПАСОК која владеела со Грција во поголемиот дел од последните четири децении и била зад главната конзервативна партија НД. Кога ниту еден од тројца врвни кандидати не биле во можност да формираат Влада, датумот за нови избори бил сè поизвесен, а СИРИЗА прераснала во сериозна закана за НД.

Во 2015 година се случила промена на политичката сцена со победата на СИРИЗА. После долг временски период на владеење на НД и ПАСОК, тие преминале како опозициски партии во Грција. Главни приоритети на мандатот на Алексис Ципрас биле надгледување на преговорите за грчката должничка криза, иницирање референдум за спас на Грција и справување со европската мигрантска криза. За време на мандатот на Ципрас бил решен спорот за името со Република Македонија, а државата го променила името со додавање на географска одредница во Република Северна Македонија. Решавањето на тридецениското спор со соседната држава бил единствениот разрешен билатерален спор во овој временски интервал.

## 2. ВЛИЈАНИЕТО НА ГРЧКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА ВРЗ ВНАТРЕШНАТА И НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА ГРЦИЈА

„*Тие што велат дека религијата нема врска со политика, не знаат што е религија.*“[380]

– Махатма Ганди

Грција, земја со претежно христијанско православно население, е членка на Западниот блок во Студената војна и членка во европските политички институции. Позиционирана во југоисточниот дел на Европа, придонесува Грција да не е само предмет на бројни инвазии и освојувања, туку и театар на културни и политички тензии, притисоци и конфликти помеѓу Истокот и Западот. Создавајќи се во духот на античкото и хеленистичко време како голема цивилизација, врз која почива значителен дел од современата европска цивилизација, Грција има право да тврди дека се чувствува типично европски. Сепак, модерна Грција е исто така наследник на уште една важна христијанска цивилизација – византиска, која во поголемиот дел од средниот век, па сè до денес, е во затегнати односи со западното, латинско христијанство.

Големата шизма (раскол) меѓу западните и источните христијански цркви и опустошувањето на Константинопол од страна на западните крстоносци во 1204 година, значително го поткопало ова чувство на заедништво во очите на Грците.[381] Доволно е да се направи голема политичка поделба во врска со потенцијалното обединување на православните и католичките цркви, дури и во пресрет на претстојното неизбежно целосно уништување од страна на Османлиите во 1453 година, преку овековечената фраза „подобро турскиот турбан од папската тиара“[382], преку што било изразено анти-западно чувство, а тоа го одразува навидум вечното грчко колебање меѓу Истокот и Западот.[383]

Хеленизмот и православното христијанство, комбинирани со конфликт и напнатост, проследени со историски, социо-економски и политички околности, ја

380 *Mahatma Gandhi*, пристапено на: 22.10.2022, https://www.brainyquote.com/quotes/mahatma_gandhi_135298
381 Mavrogordatos. George *Th. Orthodoxy and Nationalism in the Greek Case*, пристапено на: 09.12.2020, https://www.academia.edu/2363389/Orthodoxy_and_nationalism_in_the_Greek_case
382 *Byzantium – between the Turkish turban and the papal tiara*, пристапено на: 20.01.2024, https://rupensavoulian.com/2011/09/03/byzantium-between-the-turkish-turban-and-the-papal-tiara/
383 Mavrogordatos. George Th. *Orthodoxy and Nationalism in the Greek Case*, пристапено на: 09.12.2020, https://www.academia.edu/2363389/Orthodoxy_and_nationalism_in_the_Greek_case

сочинуваат основата и го градат современиот грчки идентитет. Турбулентната политичка историја на модерна Грција, од своето основање во 1830-тите години како национална држава до денес, долгото и сложено културно наследство и влијанијата од Западот, е основна рамка за претставување на грчкиот идентитет и грчкиот национализам. Од независноста во 1830 година, преку комбинацијата на отомански политички традиции и просветителски идеи, ја формираат клучната рамка за државната религија. Грција била исклучок во контекст на процесот на секуларизација, што беше карактеристика за голем дел од Западна Европа во последните години. Општеството било соочено со длабоки расколи помеѓу комунистите и националистите, што резултирало со воени мешања во политиката. Падот на диктатурата на воената хунта предизвикал низа турбуленции во Кипар и тоа ги отворило портите за една нова ера.[384] Грчката православна црква, и покрај променливото политичко расположение, успеала да го задржи своето влијание на грчката сцена.

Православна црква уште од зачетокот на грчката држава ја уживала положбата да биде доминантна религија. Во Грција досега немало одвојување на црквата од државата. Самиот Устав ја гарантирал положбата на Грчката православна црква како „преовладувачка религија” во Грција, а таа навлегла во сите сектори од јавниот живот.[385]

Црквата, со текот на времето, успеала, преку нејзината способност, да заземе посебна положба во грчката историја. Преку религиозната моќ, верските водачи влијаеле врз следбениците преку убедување и усвојување на одредени не само религиозни, туку и политички и социјални позиции. Религиозната моќ преку религиозните вредноси, како што се мир, толеранција и помирување, можеле да влијаат врз одредени политички процеси, меѓу кои решавање на конфликтни прашања.[386]

Постоењето на посебни врски меѓу Православната црква на Грција и државата се објаснуваат со тоа што оваа Црква ѝ помогнала на нацијата да преживува низ 400 години османлиска окупација, одржувајќи ја верата, јазикот и културата. Со

---

[384] Шуменковска, Ирена. *Американско – грчките односи во периодот 1974-1991 година.* Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“., 2017 (3-4)
[385] *Грчката православна црква*, пристапено на: 20.11.2020, https://wol.jw.org/mk/wol/d/r102/lp-mc/101996005
[386] Grigoriadis, Ioannis N. *The Orthodox Church and Greek-Turkish Relations: Religion as Source of Rivalry or Conciliation?.* Athens: Routledge, 2009 (2-32)

основањето на грчката држава во 1830 година, митрополитски, епископски и архиепископски епархиите кои биле во нејзините граници ѝ припаѓале на Вселенската патријаршија. Овие биле формирани во 1833 година против Канонското право, што значи без дозвола на Мајката црква, т.е. Вселенската патријаршија, а потоа, во 1850 година, именувана канонски како Автокефална црква на Грција. Оттогаш, постепеното проширување на грчката држава доживеала раст на Автокефалната црква на Грција, преку додавање на митрополитски, епископски и архиепископски епархии на Вселенската патријаршија во областите припоени кон грчката држава по Балканските војни (1912 – 1913 година).[387]

Грчката православна црква била формирана: прво, Автокефалната црква на Грција која канонски била конституирана во 1850 година и подоцна проширена преку Унијата со епархиите на Јонските острови во 1866 година, дел од Епир и Тесалија во 1882 година; второ, епархиите на припоената нова територија, значи остатокот од Епир, Македонија, Тракија и Егејските Острови, кои формално ѝ биле отстапени во 1928 година од страна на Вселенска патријаршија; трето, треба да се забележи дека ја задржала својата духовна контрола над нив.[388]

За време на османлиската ера, православната црква одиграла многу важна улога благодарение на нејзината улога во даночниот систем на Отоманската Империја. Во контекст на османлискиот милет систем, Црквата често ја преземала одговорноста за наплата на даноците. За време на грчката револуција од 1821 година, нацијата честопати била ставена во религиозна смисла, при што сите православни поданици на султанот се сметале како потенцијално да припаѓаат на грчката нација.[389]

Поврзаноста меѓу модерна Грција и православното христијанство е карактеристика на XIX век, кога настанала модерна синтеза меѓу православното христијанство и современиот грчки идентитет, при што членството во грчката нација било дефинирано делумно во смисла на конфесионалното членство во одредени црковни институции (Грчката црква по 1833 година, Вселенската патријаршија и некои дополнителни независни цркви, како што се Црквата на Крит и Црквата на Кипар). Од клучна важност за оваа фузија било измислувањето и распоредувањето на нов термин

[387] Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century.* London and New York: Frank Cass, 2003 (225)
[388] Ibid.
[389] Roudometof, Victor. *Eastern Orthodox Christianity and the Uses of the Past in Contemporary Greece*. Religions, 2, 95-113, 2011 (97)

(ellinochristiani-smos или грчко христијанство). Дебатите и конфликтите околу улогата на религијата (а особено на источното православно христијанство) во градењето на нацијата, се дел од историјата на Балканот од XIX и почетокот на XX век. Обемот на нивната важност се открива кога ќе се земе предвид дека Договорот од Лозана од 1923 година – договор кој експлицитно предвидува размена на население меѓу Грција и новоформираната Република Турција, воедно им ги доделил етикетите „грчки” и „турски” на православ-ните и муслиманите, соодветно.[390]

До XX век источното православно христијанство се користело како главен критериум за вклучување на личност во „замислената заедница“ на Грција. Културната хомогенизација придонесла населението на Грција да е обврзано да ја користи припадноста во православното христијанство како основна категорија за поставување на културните граници на нацијата, а со тоа и за дефинирање на „инсајдери“ и „аутсајдери” на нацијата.[391] Грчката православна црква има важна симболика во грчката култура и блиска е поврзаноста помеѓу „да се биде Грк” и „да се биде православен”, врз чија основа има долга историска традиција.[392]

Грчката црква е организирана според синодскиот систем, пто е фундаментална административна институција за секоја Православна црква, а се наоѓа на централно и локално ниво. Врховен орган е Светиот архиерејски синод со архиепископот атински како нејзин претседател, а сите службени епископи (митрополити) се негови членови. Во моментов во целата Архиепископија има осумдесет митрополити: 43 во автокефал-ната Црква и 36 во „Новите земји”. Црквата на Крит има архиепископија и осум митрополити, Додеканеските острови имаат шест, а Света Гора е под епископска јурисдикција на самиот вселенски патријарх.[393]

Светиот синод имал административна, законодавна и правна надлежност. Во својата законодавна надлежност може да објавува прописи и канонски наредби, според овластување дадено во повеќе области со Повелбата на Црквата. Синодот свикува *ipso jure* годишно на 1 октомври, а во друг период, по исклучок, според потребите. Постојаната административна служба е обезбедена од постојаниот Свет синод, која е

---

[390] Roudometof, Victor. *Eastern Orthodox Christianity and the Uses of the Past in Contemporary Greece*. Religions, 2, 95-113, 2011 (97)
[391] Ibid.
[392] Curtis, Glenn E. *Greece: a country study. Library of Congress. Headquarters, Department of the Army*, 1995 (119-120)
[393] Papastathis, Charalambos K. Maghioros, Nikos. *Greece: A Faithful Orthodox Christian State, The Orthodox Church in the Hellenic Republic*. Religion and the secular state, National report: Greece, 2014 (330-331)

формирана од дванаесет митрополити (шест од Автокефалната црква и шест од црквите на новите земји), со атинскиот архиепископ како претседател. Годишниот мандат се одвива според пропишаните овластувања. Во исто време, постојат неколку синодски комитети, кои му помагаат и на Синодот. Црквата на Грција е организирана локално: Атинската архиепископија и митрополит, според резолуциите на Светиот архиерејски аинод.[394]

Митрополитите се правни лица од јавното право. Владиката е главен администратор во секоја провинција, а титулата му е митрополит. За прашања во врска со црквите и парохиите општо одлучува митрополитот составен од судија, службеник од Министерството за финансии, двајца свештеници и парохиски советник. Изборот на атинскиот архиепископ и на митрополитите го врши Светиот синод по хиерархија. Сите активни митрополити се подобни на архиепископија, заедно со оние свештеници кои се вклучени во листата на кандидати. Свештениците кои се кандидати за избор за митрополит мора да бидат вклучени во листата на оние кои ги исполнуваат условите како архиепископи. Оваа листа ја утврдува Светиот синод. Секоја година се додаваат нови имиња, според критериумите наведени во Повелбата на Црквата. Вселенската патријаршија на Константинопол, исто така, има право да додаде нови имиња на списокот, но само за седиштата на „Новите земји".[395]

Парохијата е правно лице од јавното право. Основана е со претседателски декрет, а управувана од парохискиот свештеник и петчлениот совет. Манастирите се и правни лица од јавното право, а основани со претседателски декрет. Манастирите во Грчката црква се поделени на оние кои се под духовен надзор на локалниот митрополит и оние што се надгледуваат духовно од Светиот синод. Исто така, во Грција има манастири кои се духовно надгледувани од Вселенската патријаршија во Света Гора.[396]

Организираниот монашки живот на полуостровот Атос се смета дека датира од 963 година, кога бил изграден манастирот Голема Лавра. Византиските императори имале навика да ѝ даваат привилегии на самоуправување на Света Гора (во врска со

[394] Papastathis, Charalambos K. Maghioros, Nikos. *Greece: A Faithful Orthodox Christian State, The Orthodox Church in the Hellenic Republic*. Religion and the secular state, National report: Greece, 2014 (330-331)
[395] Ibid.
[396] Ibid.

вршењето на законодавната, судската и административната власт), како и привилегиите на религиозна, лична и финансиска природа. Света Гора станала сеправославен манастирски центар, со монаси од сите православни народи. Полуостровот Атос е самоуправен дел од грчката држава, чиј суверенитет останува недопрен. Духовно, Света Гора е под директна јурисдикција на Вселенската патријаршија во Константинопол. Сите лица кои водат монашки живот таму стекнуваат грчко државјанство *ipso jure* по приемот во манастир како монаси.[397]

Света Гора е управувана, според нејзиниот привилегиран режим, од нејзините дваесет манастири, а меѓу нив е и поделен целиот полуостров. Управата ја сочинуваат претставници на дваесетте манастири, со конституирање на Светата заедница и нејзиниот извршен орган Светата епистасија (Superintendence), која опфаќа четири монаси годишно извлечени од четири различни манастири со ротација.[398]

Грција негувала неколку различни религиозни култури, почнувајќи од старогрчкиот политеизам до христијанскиот монотеизам. Над 90% од населението на Грција се православни христијани и затоа зборуваме за улогата на религијата во современа Грција која е идентична во многу аспекти ,со решавањето на улогата на православното христијанство во јавниот живот и националната култура на земјата. Оваа генерализација не е со цел да се занемари важната улога што неколку верски малцинства ја одиграле во историјата на земјата, исто така и постоењето на современи муслимански и други верски малцинства во современа Грција.[399]

Во текот на последните неколку векови, источното православно христијанство било припоено во структурата на современиот грчки национален идентитет. Иако Грција има долга историја на релации со Западна Европа, нејзината социјална, економска и културна траекторијата не ја следи онаа на развиените западноевропски општества, туку напротив, полупериферните општества од Југоисточна Европа.[400]

После Втората светска војна Грција била урбанизирана за првпат во нејзината модерна историја. Оваа урбанизација ги променила традиционалните морални основи на нивната кохезија. Во грчкиот случај овој тренд се манифестирал во статистиката по

---

[397] Papastathis, Charalambos K. Maghioros, Nikos. *Greece* : *A Faithful Orthodox Christian State, The Orthodox Church in the Hellenic Republic*. Religion and the secular state, National report: Greece, 2014 (335-336)
[398] Ibid.
[399] Roudometof, Victor. *Eastern Orthodox Christianity and the Uses of the Past in Contemporary Greece.* Religions, 2, 95-113, 2011 (96)
[400] Ibid. (97)

Втората светска војна за религиозно присуство, кое покажува јасен пад на присуство на Црквата во периодот помеѓу почетокот на 1960-тите и 1980-тите.[401]

Падот на посетеноста на црквата во никој случај не укажувал на пад на јавната улога на религијата во Грција. За време на воената диктатура 1967 – 1974 година, официјалната политика на режимот била стремеж кон создавање „Грција на христијанските Грци“ (како што била официјалната државна парола за време на хунтата). Воената диктатура нашироко го користела претходно воспоставениот поим за „грчко христијанство“ и соодветно ја применувала оваа идеологија на „хеленската христијанска цивилизација“ до сферата на јавната култура и државната политика.[402]

За време на Студената војна било забележлива растечката политичка улога на религијата, што подразбира поголемо влијание на одредени верски актери не само во однос на домашните прашања, туку и во однос на надворешната политика, особено во однос на политиката кон Турција. Религиозната моќ која ја поседувале верските водачи влијаела врз следбениците преку убедување и усвојување на одредени не само религиозни, туку и политички и социјални позиции. Главни предизвици на Грција во седумдесеттите години на минатиот век биле: кипарската криза и неуспешниот државен удар организиран од грчката диктатура против претседателот на Кипар, кој создавал сериозни проблеми за опстанокот на Цариградска патријаршија. Кипарската криза во 1974 година можела да се смета како голема пресвртница во однос на грчките безбедносни размислувања во периодот по Втората светска војна.

Односите меѓу црквата и државата во Грција биле обликувани со Уставот од 1975 година, а биле изменети во 1986 година. Тука се дефинирала и се заштитувала верската слобода, како продолжување и дополнување на правото на индивидуална слобода, бидејќи тоа било предвидено со грчкиот Устав. Ова значи многу повеќе од обична верска толеранција, чии темели биле поставени во почетните устави од револуционерниот период против Турците. Верската слобода утврдувала дека државата не треба да интервенира ниту со дејствување, ниту со непостапување во процесот на формирање на религиозни убедувања (слобода на верска совест) или во нивната манифестација (слобода на богослужба). Сепак, верската слобода била изречена однапред и условена со поставување граници. Слободата на богослужба била

[401] Roudometof, Victor. *Eastern Orthodox Christianity and the Uses of the Past in Contemporary Greece*. Religions, 2, 95-113, 2011 (97)
[402] Ibid. (98)

заштитена, под услов религијата за која станува збор да е „позната“ религија, дека таа не го навредува „јавниот ред“ или „моралните принципи“ и под услов да нема прозелитизам, што било генерално забрането. Од друга страна, Источната православна црква била прогласена за преовладувачка доминантна религија во Грција.[403]

Во уставот од 1975 година, член 13 ги содржи следните основни одредби за верска слобода: Слободата на верската совест е неприкосновена. Сите познати религии се слободни и нивниот обред на богослужба се врши непречено и е под заштита на закон. Практикувањето на обредите на богослужба не било дозволено да го прекршува јавниот ред или моралните стандарди. Прозелитизмот бил забранет. Ниту едно лице не е ослободено од извршување на неговите обврски кон државата или може да одбие да ги почитува законите поради неговите религиозни убедувања. Уставот ја гарантирал толеранцијата кон различните религии и ја овластувал државата да им го даде правото на обожавање на следбениците на религии кои се различни од преовладувачката религија. Слободата на религиозната совест е апсолутна. Уставот не поставува ограничувања, а ниту заедничкото законодавство наметнува рестриктивни одредби.[404]

Уставот од 1975 година ја опишувал Православната црква како „воспоставена религија“ на Грција. Промената од претходниот уставен термин државна религија се сметала за значајно признавање на религиозната плуралност кога бил усвоен новиот Устав. Официјалниот статус на црквата ѝ давал посебни привилегии и обврски. Претседателот на Грција морал да биде поврзан со црквата, тој или таа полага заклетва според обредите на црквата, големите црковни празници исто така се државни празници. Припадниците на Православната црква имаат повластен статус во повеќето врвни позиции во војската, судството, пред останатите религиозни групи, освен ако немаат конкретна дозвола. Односите меѓу црквата и државата во Грција биле обликувани во Уставот од 1975 година, а подоцна биле изменети и дополнети во 1986 година.[405]

Грчката православна црква одиграла важна улога во модерното грчко општество. На верските малцинства им било дозволено да ја следат својата вера во

---

[403] Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century*. London and New York: Frank Cass, 2003 (223)

[404] Papastathis, Charalambos K. Maghioros, Nikos. *Greece : A Faithful Orthodox Christian State, The Orthodox Church in the Hellenic Republic*. Religion and the secular state, National report: Greece, 2014 (336-337)

[405] Curtis, Glenn E. *Greece: a country study*. Library of Congress. Headquarters, Department of the Army, 1995 (120)

„познати“ религии, повикувајќи се на религии чии доктрини биле достапни за секого, со обезбедување јавна практика на богослужба, без потреба од никакви иницијативи. Религиите или култовите не требало да го навредуваат „јавниот поредок“, ниту „моралните принципи“ на грчката држава. За да бидат основани и признати, верските заедници морале да ги почитуваат законите кои биле вклучени во Граѓанскиот законик. Спротивно на тоа, Православната црква е правно лице инкорпорирано под јавното право, а тоа влијае на Православната црква како целина, како и на нејзините посебни ентитети (вклучувајќи епархии, парохии, манастири и други црковни фондации). Што се однесувало до малцинствата муслимани и Евреи, постоела посебна законска регулатива со која се регулирала функцијата на нивните заедници, кои се и субјекти од јавното право.[406]

Повеќето православни цркви го следеле новиот календар, а малкумина продолжувале да се придржуваат до стариот. Постои расколен аспект што го разгледувало воведувањето на Јулијанскиот календар како иновација, која канонитe на Грчката православна црква ја забранувале. Грчката православна црква била тесно поврзана со современата грчка држава.[407]

Грција се повлекла од европскиот тренд на секуларизација. Ова се должело на два главни фактори: прво, влијанието на поранешниот отомански систем и второ, важнатата позиција на религијата во формирањето и вградувањето на грчкиот национализам. Како резултат на тоа, во Грција следел посебен пат за модернизација, во кој црквата уживала значајна социјална и политичка улога. Зајакнувањето на влијанието на црквата било забележливо во периодот на Студената војна, особено во грчко-турските односи, во два контекси: прво, улогата на православието врз грчко-турскиот спор и, второ, способноста на црквата да влијае врз чувството на идентитет кај многу Грци.[408]

Во многу наврати православната традиција била трансформирана во политичкиот дискурс на една православна идеологија, конструирајќи емотивно моќна слика за длабоки и непремостливи разлики со останатите држави во Европа. Така, во

[406] Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century*. London and New York: Frank Cass, 2003 (224)
[407] Ibid.
[408] Grigoriadis, Ioannis N. *The Orthodox Church and Greek-Turkish Relations: Religion as Source of Rivalry or Conciliation*?. Athens: Routledge, 2009 (2-32)

периодот помеѓу 1974 и 1981 година, конфронтацијата на грчкото општество со модерноста довела до непредвиден пресврт кон постепеното инвестирање во секуларноста со религиозна аура и авторитет, оставајќи го на тој начин нецелосен процесот на воспоставување секуларни структури на граѓанска одговорност и политички дискурс.[409]

Во модерна Грција национализмот и тензиите поврзани со грчкиот идентитет биле директно поврзани со економските интереси и класните структури и трансформации. Според Константин Караманлис, грчкото членство во ЕУ во 1981 година требало да ја прекине „секуларната самотија“.[410] Ако националниот идентитет на модерна Грција бил конструиран исклучиво или дури првенствено во однос на класичната антика, заобиколувајќи ја Византија, тоа би било сигурно денес, во контекст и на европската интеграција и глобализацијата. Идентитетот бил конструиран првенствено врз православието, односно византиското и отоманското наследство.[411]

Како резултат на тоа, членството во ЕУ и НАТО, каде Грција била единствената православна земја, рамнотежата била насочена во спротивна насока. Покрај повеќекратните материјални придобивки и промени, овој факт придонесол за отуѓување од Западот.[412]

Грчката црква се нашла во нов општествен и културен пејзаж кој бил во фаза на развој. ЕУ и разните проекти за европеизација предводени од државата и наднационалните институции се обиделе да обезбедат правна и институционална рамка за регистрирање на оваа нова ситуација во државното законодавство и административна практика. Различни законски иницијативи се обиделе да ја приватизираат религијата, со закана за ограничување на авторитативната улога на црквата за низа прашања (кремирање, катехизам, граѓански брак, церемонии итн.). Православната црква реагирала на овие повеќекратни предизвици со повторно влегување во јавниот домен насилно, со цел повторно да го потврди својот традиционален привилегиран правен,

[409] Karalis, Vrasidas. *The Socialist Era in Greece (1981–1989) or the Irrational in Power. Modern Greek Studies (Australia and New Zealand)*, vol. 14, 2010 (260)
[410] Mavrogordatos. George Th. *Orthodoxy and Nationalism in the Greek Case*, пристапено на: 09.12.2020, https://www.academia.edu/2363389/Orthodoxy_and_nationalism_in_the_Greek_case
[411] Ibid.
[412] Ibid.

социјален и културен статус. Нејзините напори се „политизација“ на црквата или „деприватизација“ на православието.[413]

Политизацијата на православието била изразена во различни прашања покренати во контекст на односите црква – држава: кремирање, катехизам во грчките државни училишта, статус на граѓански наспроти црковни венчавки, улогата на црквата во обезбедувањето благосостојба само за етничките Грци (наспроти муслиманско-грчките граѓани), изградбата на џамија во Атина, статусот на заклетвата во јавните церемонии, правата на верските малцинства, биле дел од темите од голема загриженост кои ја вклучуваат државата и нејзиниот однос кон Православната црква.[414]

Деприватизацијата на религијата била изразена и на теми кои се однесувале на односот меѓу православното христијанство и поширокото грчко општество и култура, како на пример, улогата на црквата во благосостојбата, употребата на популарна музика за пренесување религиозни пораки, улогата на жената во црквата и сите односи помеѓу православието и современата грчка култура. Потребно било да се направи диференција помеѓу потесно дефинирани црковни работи и повеќе теми од среден опсег на јавниот дискурс. Во однос на одредени прашања, црквата ужива авторитативна позиција, теми во кои спаѓа црковното законодавство, наспроти низа прашања за кои е потребна согласност и/или учество на нецрковни агенции.[415]

Црквата можела авторитативно да изјави дека кремирањето не е прифатлива опција за православните христијани. Спротивно на тоа, црквата не била во позиција да одлучува или да спроведе верска идентификација на грчката лична карта, кое било овластување што ѝ припаѓа на државата. Црковната хиерархија била целосно свесна за границите на овие прашања, дека улогата на црквата била само советодавна. Со влегувањето во јавен дискурс, црковната хиерархија го проширила својот дофат и со тоа го зајакнала својот морален авторитет со ефикасно лобирање на јавното мислење и државната бирократија кон сè поповолни позиции.[416]

Современиот грчки социо-економски и политички живот функционира врз основа на западните прототипови и институции. Сепак, православната религиозна

---

[413] Roudometof, Victor. *Eastern Orthodox Christianity and the Uses of the Past in Contemporary Greece. Religions*, 2, 95–113, 2011 (98)
[414] Ibid.
[415] Ibid.
[416] Ibid.

култура, и покрај секуларизацијата и модернизацијата, никогаш не престанала да биде дел од грчкиот секојдневен живот. Така, премиерот, а потоа и претседател, Караманлис често изјавувал дека концептот на хеленизмот и православието се вклопуваат и се неразделни во свеста на нацијата.[417]

Премиерот Папандреу заговарал пристап преку одвојување на црквата и државата, но кога бил на власт, тоа прашање не добило популарност. Премиерот Мицотакис изјавувал дека Православната црква претставува поддршка на нацијата, а воедно може да одигра и значајна улога во општествените промени на Балканот, Источна Европа и Советскиот Сојуз. За релациите помеѓу Грција и Еропската Унија се истакнува дека постоел замислен „конфликт“ меѓу грчкиот и идентитетот на ЕУ.[418]

Крајот на Студената војна и глобализацијата имале големо влијание врз Грција, преку новите социјални и економски трендови, претворајќи ја земја од извозник до увозник на имигранти, што придонесло грчкото хомогено општество да прерасне во мултикултурно општество. Овие настани придонесле за зголемување на влијанието на црквата во Грција во 90-те години на XX век во однос на политички прашања. Блискоста помеѓу грчката држава и Православната црква на Грција значело привилегирана позиција во однос останатите религии. Црквата честопати се сметала за дел од државниот апарат, додека епископите честопати ги надминувале нивните строго религиозни должности, со тоа што давале политички изјави за прашања како човековите права, образованието, семејната политика и надворешната политика. Црковните лица сметале дека го претставуваат мислењето на верниците, насочувајќи се кон националистички и изолационистички теми, вклучувајќи глобализација, европска интеграција, решавање на конфликти и имиграција. Овој тренд својот врв го достигнал со изборот на архиепископот Христодулос во 1998 година, преку постојано вклучување на црквата во јавни работи.[419]

Мандатот на Христодулос сигнализирал на период на повеќеслојна модернизација на црквата. Неговата харизма и честите телевизиски обраќања извесен период го претвориле во една од најпопуларните јавни личности во земјата. За време

---

[417] Mavrogordatos. George Th. *Orthodoxy and Nationalism in the Greek Case*, пристапено на: 09.12.2020, https://www.academia.edu/2363389/Orthodoxy_and_nationalism_in_the_Greek_case
[418] Ibid.
[419] Grigoriadis, Ioannis N. *The Orthodox Church and Greek-Turkish Relations: Religion as Source of Rivalry or Conciliation?*. Athens: Routledge, 2009 (2-32)

на владеењето на Христодулос, Грција го подобрила својот статус како клучен агент кој учествувал во културните „војни“, благодарение на честите официјални соопштенија и другите форми на дејствувања од страна на Православната црква. За Христодулос и другите бранители на современата синтеза на црквата и нацијата, православието е синџир на национална меморија. Покојниот архиепископ рутински ја потсетувал својата публика на критичната улога на религијата, во зачувувањето на грчкиот национален идентитет во минатите векови и често истакнувал дека хеленизмот не може да живее без визии и надеж. Оваа перспектива му донела и жестоки поддржувачи и жестоки критичари.[420]

Левицата во него гледала епигон на менталитетот на националистите, ултрадесничарската фракција на десни и други анти-комунистички сили. Но, дури и неолибералните мислители, како што бил поранешниот министер и промоторот на слободниот пазар, Андреас Андријанопулос, изразиле резервираност за силните застапувања на врската црква – нација наметната во дискурсот на Христодулос и менталитетот на опсадата, често евоциран преку неговите говори и други форми на јавна комуникација. Архиепископот бил харизматичен јавен говорник, неговите сопствени позиции не биле имуни на критики од други повисоки свештенства (како што се митрополитите на Закинтос, Епир или Перистери), кои понекогаш имале и свои јавни интервенции.[421]

Во април 2000 година, после втората последователна победа, грчкиот премиер Костас Симитис ја назначил својата нова Влада. Новата Влада презела потег нетипичен за грчкиот политички живот, најпрво со назначувањето на министер за правда, вонпарламентарец, универзитетскиот професор по право, Михалис Статопулос. На 6 мај 2000 година,новоименуваниот министер во интервју најавил серија реформи насочени кон модернизирање на грчкиот правен апарат, а во врска со прашањата на религиозното верување. Во неговото излагање навел укинување на верската заклетва во судовите, воведување опција за секуларен погреб и, што е најважно, бришење на категоријата религија од личните карти. Третата реформа била неопходна со цел да се

[420] Roudometof, Victor. *Eastern Orthodox Christianity and the Uses of the Past in Contemporary Greece*. Religions, 2, 95-113, 2011 (99)
[421] Ibid.

обезбеди почитување на човековите права и особено спречување на дискриминација на неправославните грчки граѓани.[422]

Реформите биле во спротивност со ставот на архиепископот Христодулос – поглаварот на Светиот синод на автокефалната Црква на Грција и верски водач на грчкото православно мнозинство од населението. На оваа реформа тој одговорил дека по ова прашање „постои само еден фактор, а тоа е народот кој не може и не треба да се игнорира“.[423]

Голема поларизација на политичката сцена била забележана во 2000 година, што се чини дека се совпаѓа со еден од највпечатливите случувања во грчката политика на крајот на векот, со политизација на црковниот дискурс. Оваа политизација следела по одлуката на левиот центар, Владата на ПАСОК предводена од Симитис, да ја исклучил религијата од грчките лични карти. Оваа одлука предизвикала огромна реакција од страна на Грчката православна црква, што придонесло и за реакција и поларизација на грчкото општество и извршила огромна доминација врз политичкиот живот и медиумското известување во поголемиот дел од 2000 и 2001 година.[424]

Архиепископот Христодулос, поглаварот на Светиот синод на Автокефалната црква на Грција и верски водач на грчкото православно мнозинско население, се спротиставил на таквите одлуки од страна на Владата. Тој истакнал дека: „постои само еден фактор, а тоа е народот кој не може и не треба да се игнорира“. На состанокот на 15 мај 2000 година на дневен ред било разгледувано ова прашање. Едногласна била одлуката дека религиозното верување е меѓу чувствителните лични податоци кои треба да бидат исклучени од личните карти. На 24 мај 2000 година премиерот потврдил дека Владата ќе застане на страна на оваа одлука и ќе ја спроведе одлуката за исклучување на категоријата религија од личните карти. Одредени политичари и поддржувачи на ПАСОК биле скептични за оваа одлука и за понатамошната „политичка цена“ која би следела со оглед на влијанието на Црквата врз одредени делови од населението. После

---

[422] Stavrakakis, Yannis. *Politics and Religion: On the „Politicization“ of Greek Church Discourse.* The Journal of Modern Greek Studies, Volume 21, Number 2, 2003 (153)
[423] Ibid. (154)
[424] Andreadis, Ioannis. Stavrakakis, Yannis. *Dynamics of Polarization in the Greek Case*. ANNALS, AAPSS, 681, 2019 (162)

оваа одлука следела силна реакција, а архиепископот Христодулос водел кампања за спротивставување на одлуката, проследена со масовни митинзи во Солун и Атина.[425]

Нова демократија, најголемата опозициска партија, го поддржала Архиепископот со многу пратеници кои присуствувале, вклучувајќи го и лидерот Костас Караманлис. На 28 август 2001 година било објавено дека Црквата успеала да собере 3.008.901 потписи за барање за референдум за факултативно вклучување на категоријата религија во грчките лични карти. На 27 јуни 2001 година жалбата од група професори по теологија против исклучувањето на категоријата религија од личните карти била отфрлена од Уставниот суд, кој одлучил дека спомнувањето на религијата (задолжително или незадолжително) е противуставно. Во секој случај, случувањата придонесле за длабока поделеност во грчкиот јавен живот, а брзо решение не било видливо, бидејќи и владата и црквата цврсто се држеле до своите позиции. Претседателот на Републиката, Константин Стефанопулос, поранешен конзервативен политичар, изјавал дека условите за распишување референдум не биле исполнети и секој бил должен да ги почитува правилата на актуелниот Закон и не можеле да се укинат одредбите на уставот.[426]

Потпишувањето на петицијата или противењето на одлуката на власта била став што го делеле приближно 60% од Атињаните, според анкетата на „Та Неа“ од 2 јули 2000 година. Не повлекувало отуѓување од владата, имајќи предвид дека повеќето анкети во последниот период покажале незначителни ефекти врз неговата севкупна изборна привлечност, но несомнено било дека, според сите стандарди, бројот на потписи бил импресивен. Во исто време, може да се заклучи дека црковната хиерархија не можела да го мобилизира мнозинството од неговите претпоставени следбеници за такво „очигледно“ клучно прашање. Воедно била воспоставена длабока поделеност во грчкиот јавен живот, црквата и владата цврсто се држеле до своите позиции.[427]

Според претседателот на Републиката, Константин Стефанопулос, условите за распишување референдум за спорното прашање во личните карти не биле исполнети и секој бил должен да ги почитува правилата на актуелниот закон. Ова генерално се сметало како јасно давање приоритет на секуларниот модел на „неутрално“ владеење

[425] Stavrakakis, Yannis. *Politics and Religion: On the „Politicization“ of Greek Church Discourse.* The Journal of Modern Greek Studies, Volume 21, Number 2, 2003 (155)
[426] Ibid.
[427] Ibid. (155-156)

на правото околу идентификацијата на хеленизмот и православието над законот што црквата го поставувала. Изјавата на претседателот ја означила пресвртницата на цел циклус мобилизации и дискурзивни артикулации во име на црквата и архиепископот.[428]

Кампањата на Архиепископ Христодулос за спротивставување на одлуката, вклучувала масовни собири во Солун и Атина, на кои присуствувале стотици илјади луѓе, прес-конференции во медиумите и напор да се соберат што повеќе потписи за повикување на референдум за прашањето. Оваа фаза на популистичка мобилизација завршила во септември 2001 година, кога барањето за референдум на Црквата било прогласено за неуставно и од Уставниот суд, и од претседателот на Републиката.[429]

Убедливо највидлива и најпознатата контроверзност од ерата на Христодулос (1998 – 2008) била кризата во 2000 година, кога грчката Црква јавно не се согласува со грчката Влада околу тоа дали новите лични карти треба да вклучуваат запис за верска припадност. Оваа криза во голема мера придонесла за ширење на негативната слика за Православната црква. Оттука сликата за црквата била претставена како антимодерна институција, поставена против силите на модернизацијата и европеизацијата.[430] Во тој период било покренато и прашањето за одвојување на црквата од државата.[431]

Кризата од 2000 година помеѓу црквата и владата за личните карти го означила периодот на повторно насилно појавување на црквата во јавниот живот. Листата на „жешки прашања“ воедно ги вклучувала и забраната за катехизам[432], јавна работа на џамии и деноминациски цркви, прашањето за кремирање и прашањето за погребните обреди и крштевањето за поединци кои одлучиле да имаат граѓанска свадбена церемонија (која црквата официјално не ја признавала како валидна) наместо верската церемонија. Во неколку од овие прашања, Црквата требала да се потпре на дејствијата на државата и да ги зачува сопствените позиции. Затоа, меката граница што ги делела строго црковните прашања од оние кои спаѓаат во доменот на државната политика и

---

[428] Stavrakakis, Yannis. *Politics and Religion*: *On the „Politicization“ of Greek Church Discourse*. The Journal of Modern Greek Studies, Volume 21, Number 2, 2003 (155-156)
[429] Andreadis, Ioannis. Stavrakakis, Yannis. *Dynamics of Polarization in the Greek Case*. ANNALS, AAPSS, 681, 2019 (162–163)
[430] Stavrakakis, Yannis. *Politics and Religion: On the „Politicization“ of Greek Church Discourse*. The Journal of Modern Greek Studies, Volume 21, Number 2, 2003 (155-156)
[431] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece*: A History since 1821. Chichester: Wiley-Blackwell, 2010 (196)
[432] Катехизам – учење за христијанската вера, веронаука;

јавниот дискурс барала високо учество и интервенција на свештенството во јавните дебати, како средство за обликување на јавното мислење.[433]

Дебатата за изградбата на исламска џамија во центарот на Атина била актуелизирана за време на Олимписките игри во 2004 година. Прашањето за изградбата на исламска џамија и муслимански културен центар станале долготраен предмет на политички и идеолошки контроверзии. Спротивно, самата црковна хиерархија не е еден од главните противници на проектот. Наместо тоа, хиерархијата се обидувала да се движи помеѓу различни изборни единици, со усвојување флексибилни перспективи кои овозможуваат зачувување на пријателски односи со сите страни. Главно, се сметало дека притисокот произлегол од група радикални десничари, фундаменталисти – како христијани кои активно работеле како група за притисок и врз црквата и врз владата подеднакво за спречување на изградбата на џамија во центарот на Атина.[434]

Аферата со учебниците се одвивала во периодот на учебната 2006 – 2007 година кога избувнала голема дебата во грчките медиуми во врска со воведувањето на нови учебници по историја за основно и средно ниво во грчките училишта. Скандалозното прашање се однесувало на издавањето нов учебник по историја за шесто одделенците. Критичарите тврделе дека новиот учебник е полн со грешки и дека тоа било навредливо за националната меморија на Грција. Во прашање бил обидот да се обезбедуваат помалку националистички прикази на минатите историски настани, преку прикажување на грчката историја во училиштата поразлично од претходно.[435]

Религијата била вмешана во аферата до тој степен што го нападнале учебникот дека не содржи референци за теми кои биле воведени. Според наведените податоци, грчките образовни институции и училишта биле затворени во периодот на османлиското владеење. Православното свештенство ги школувало грчките ученици ноќе, во тајност, па оттука било наведено дека во тој период имало „тајни училишта". Кога новите учебници по историја биле испратени во основните училишта во 2006/2007 година, родители, интелектуалци и новинари се пожалиле на содржината во новиот учебник кој немал никакви референци за националниот мит. Професорите јавно тврделе дека „тајните училишта" биле само мит, а новинарите, политичарите и многу

[433] Roudometof, Victor. *Eastern Orthodox Christianity and the Uses of the Past in Contemporary Greece*. Religions, 2, 95-113, 2011 (100)
[434] Ibid. (101)
[435] Ibid. (101-102)

интелектуалци реагирале со вознемиреност и неверување, создавајќи медиумско лудило во поголемиот дел од март 2007 година. Г-ѓа М. Џианаку, министер за образование во тоа време, го бранела процесот и се обидела да ја смири опозицијата. Нејзиниот наследник во Министерството за образование брзо го одложил тиражот на новите учебници, а со тоа го потклекнал јавното расположение. Одредени извештаи во печатот пишувале дека оваа афера имала влијание врз следните национални избори.[436]

После смртта на архиепископот Христодулос во 2008 година, улогата на неговиот наследник била помирувачка, за разлика од неговиот претходник.[437] Во 2008 година, по смртта на Христодулос, изборот на Иеронимос за Архиепископ на Атина и на цела Грција сигнализирало нов курс во јавното вклучување на црквата. Иеронимос бил благ, многу полиберален, помалку националистички отворен, поточно спротивност од неговиот претходник и не преферирал да се претвори во ТВ личност. Неговиот избор сигнализирал за победа на оние архиереи кои сметале дека црквата претрпела медиумска „прекумерна изложеност“ за време на мандатот на покојниот архиепископ и дека е време да се усвои и црквата да биде водена од попридушена јавна личност. Сепак, аферата за видеото „Партенон“, дала до знаење дека црковната хиерархија е подготвена да ги споделува или да не ги изразува своите ставови, кога смета дека е неопходно, за да се заштити угледот на црквата од она што се смета за неоправдана критика.[438]

Во однос на „аферата Партенон“, после отворањето на Атинскиот музеј „Акропол“ во 2009 година, голема контроверзија избувнала околу видео презентацијата што била видно прикажана во музејот, а видеото било дело на француско-грчкиот режисер Коста Гравас. Спорната содржина се состоела во тоа што била направена штета на „Партенон“ во почетните христијански векови, каде се прикажуваат слики на луѓе облечени во навидум религиозна облека, како ги уништуваат скулптурите на Партенон. По отворањето на Музејот, црквата протестирала поради несоодветното упатување на црквата. Всушност, расправата се движела дека видеото инсинуирало дека црквата е одговорна за штетата направена на Партенон. Првичната реакција на Владата била да го цензурира видеото со бришење на

[436] Roudometof, Victor. *Eastern Orthodox Christianity and the Uses of the Past in Contemporary Greece. Religions*, 2, 95–113, 2011 (101-102)
[437] Andreadis, Ioannis. Stavrakakis, Yannis. *Dynamics of Polarization in the Greek Case*. ANNALS, AAPSS, 681, 2019 (163)
[438] Roudometof, Victor. *Eastern Orthodox Christianity and the Uses of the Past in Contemporary Greece*. Religions, 2, 95-113, 2011 (109)

контроверзните слики од видеото. Но, оваа акција за возврат довела до јавни и гласни протести од Коста Гравас, кој повикал делото целосно да се отстрани од изложбата. Конечно, по една година Владата ја сменила својата првична одлука и дозволила целото видео да биде прикажано во оригиналната верзија.[439]

Во почетокот на 2011 година започнала јавната дискусија за ТВ документарната серија „1821". Серијата била фокусирана на Националната војна за независност на Грција од 1821 – 1827 година. По преносот на телевизија, серијата станала речиси веднаш контроверзна со јавните коментари поради толкувањето на бројни историски настани, почнувајќи од статусот на Грците под османлиска власт до црквата. Една од тие дискусии била подигната од солунскиот епископ Антимос. Критиките се движеле против прикажувањето на улогата на црквата на Грција за време во периодот на османлиското владеење и недостатокот на „националната улога" на црквата и нејзиното прикажување како институција инкорпорирана во отоманската бирократија.[440]

## 2.1 Внатрешните релации помеѓу Грчката православна црква и Цариградската патријаршија

„*Црквата не е политичка сила; тоа не е партија, но тоа е морална моќ.*"[441]
– Папата Бенедикт XVI

Религијата за Грците денес има повеќе идентитетска отколку духовна функција. Православната црква одиграла важна улога во одржувањето на грчкиот јазик и идентитет во периодот на османлиската и муслиманска доминација. За време на османлиското владеење, црквата и нацијата имале големо единство и меѓузависност и не можеле да се одвојат еден од друг. Црквата, по својата природа, е бастион на конзервативни принципи и е отпорна на промена. Улогата на црквата денес, како силен духовен водич со директно влијание врз Грците, се намалила. Византиското наследство за грчката култура се стремело да поддржи потчинување на традиционалниот авторитет, а на антизападните ставови да им се додаде фаталистичко верување дека

[439] Roudometof, Victor. *Eastern Orthodox Christianity and the Uses of the Past in Contemporary Greece*. Religions, 2, 95-113, 2011 (101)
[440] Ibid. (102)
[441] *Pope Benedict XVI,* пристапено на: 21.10.2022, https://www.azquotes.com/quote/685961

поединци не можат да ги контролираат силите против кои работат. Иако помал број Грци одат редовно во црква денес, тие учествуваат во верските обреди, а со тоа сентименталната врска со црквата не е прекината.[442]

Државата го искористила влијанието на црквата за да го поттикне нејзиното градење на нацијата, додека црковната хиерархија ја користела државата за да ја одржи нејзината хегемонија во општеството, но и да ги гарантира своите фискални извори преку државните плати што им се исплаќаат на свештениците. Крајниот резултат бил наклонетоста и поддршката на црквата кон државата и можноста за „автономен глас" во граѓанските, политичките и културните работи.[443]

Недостатокот на институционална диференцијација меѓу црквата и поширокото општество била предмет на опсежна критика низ годините. За разлика од католичките, протестанските цркви и сестрински источни православни цркви низ Источна Европа, црквата на Грција, не може да се спореди со останатите цркви, бидејќи Грчката православната црква, како таква, не прави разлика помеѓу институционална структура на организацијата и верската заедница на верници. Црквата е јавно признат орган на конфесионалната заедница. За разлика од Западот, модернизацијата на грчката држава не повлекува одвојување на црквата од државата.[444]

Вселенската патријаршија и Грчката православна црква долго време се натпреварувале едни против други, со значително влијание врз грчко-турските односи. Сепак, со текот на времето тој натпревар прераснувал во напор за зближување меѓу двете земји. Додека Грчката православна црква, под водство на архиепископот Христодулос, зазела став што очигледно не придонесол за мирно решавање на грчко-турските спорови, за тоа дополнително помогнале и предрасудите, водени од страна на цариградската Вселенска патријаршија, особено од вселенскиот патријарх Вартоломеј. Иако црквата била жртва на турските анти-малцински политики, таа сепак активно ја промовирала грчко-турската соработка, вклучувајќи и мирно решавање на постојните спорови.[445]

---

[442] Papacosma, S. Victor. *Politics and culture in Greece. Ann Arbor: Center for Political Studies, Institute for Social Research*, The University of Michigan, 1988 (9)
[443] Roudometof, Victor. *Eastern Orthodox Christianity and the Uses of the Past in Contemporary Greece*. Religions, 2, 95-113, 2011 (103-104)
[444] Ibid.
[445] Grigoriadis, Ioannis N. *The Orthodox Church and Greek-Turkish Relations: Religion as Source of Rivalry or Conciliation?*. Athens: Routledge, 2009 (2-32)

Црквата со нејзиното ефикасно и активно дејствување имала активна улога во грчкото општество. Во исто време станала зависна од државата, поради усвојувањето на стратегии кои не биле во склад со конзервативните убедувања. На надворешен план грчката држава ја користела „религијата“ како неопходен ресурс со кој можат да се дефинираат граѓаните во периодот од 1830 до 1930 година, па оттука зависноста со црквата се потенцирала, но од друга страна црквата била зависна од државата.[446]

Процесот што започнал во 1833 година со независноста на Грчката автокефална црква завршил со стабилизирање на нејзината внатрешна хиерархија во 1923 година. Гласањето на новата повелба за Црквата на Грција, што го придружувала изборот на Пападопулос во 1923 година, требала да донесе особено значајна промена. Советот на провинциските епископии бил назначен за врховен орган на црковното управување и тој можел да се состанува секоја година, без нужно да има одобрение од државата.[447]

Некој би можел да тврди дека историјата на Грчката автокефална црква во XIX век претставувала оддалечување од хибридната природа на националистичката идеологија кон хибридна природа на општествена формација. Грчката црква, претворена во државен механизам, се соочувала со проблемот на нејзиното царско потекло преку судирот на модернисти и екуменисти. Откако се стекнала со државен легитимитет и значителен степен на контрола врз формирањето приватна сфера (со Цариградската патријаршија, како нејзин идеален модел), Црквата имала одлучувачко влијание врз појавата на граѓанското општество во новоформираната држава. Црквата, и покрај статусот на државен механизам, не дозволила граѓанското општество да се сврти против неа. Преку црковните и парацрковните организации, како и другите коалиции и здруженија, Црквата оставила печат врз граѓанското општество, покрај тоа што ја репродуцирала хегемонистичката позиција на православното свештенство, исто како што се случило за време на османлиската ера. Ова решение на проблемот, сојузот

---

[446] Anastassiadis, Anastassios. *Religion and Politics in Greece: The Greek Church ' s 'Conservative Modernization' in the 1990s*. Questions de Recherche/ Research in Question, N.11, 2004 (31)
[447] Stamatopoulos, Dimitris. *The Orthodox Church of Greece – Orthodox Christianity and Nationalism in Nineteenth-Century Southeastern Europe*. Fordham University Press, 2014 (63)

црква – држава во Грција послужил како модел за тоа како политичката и религиозната моќ се спојуваат една со друга во новата ера на балканските национални држави.[448]

Од административна гледна точка, Православната црква во целиот свет е поделена во специфични автокефални и автономни цркви. Автокефални цркви се Вселенската патријаршија во Константинопол, патријаршиите на Александрија, Антиохија, Ерусалим, Русија, Србија, Романија, Бугарија и Грузија и архиепископии на Кипар, Грција, Полска, Албанија, Чешка и Словачка. Православните цркви на Финска и на Естонија се автономни.[449]

Автокефалните цркви се административно независни една од друга. Но, оваа независност е опкружена со рамка од доктринална и канонска природа. Оваа рамка го претставува духовното единство (или едноставно: единство) на православието. Доктринарното единство се состои од усогласеност со учењето на Светото Писмо, на почит кон светите традиции и на верно почитување на верувањата, пропишани од вселенскиот и локалниот Синод. Канонското единство се изразува со почитување на барем основните институции на управата на црквата, кои пак биле изнесени и признати од истите синоди, како и преку односите меѓу различните православни цркви.[450]

До 1844 година уставните изготвувачи веќе утврдиле дека црквата на Грција постои во нераскинливо духовно единство со Големата константинополска црква (Вселенска патријаршија) и со секоја друга православна црква. Уставотворците посакале религијата која преовладува во Грција да биде православната религија. Тоа била причината зошто, битието водено по теолошки патишта, го наметнале единството на црквата на Грција со другите православни цркви.[451]

Црквата на Грција била „неразделно обединета во доктрина“ со другите православни цркви од „непоколебливо, како што го прават светите апостолски и синодални канони и светите традиции.“ Оваа последна фраза, која останала

[448] Stamatopoulos, Dimitris. *The Orthodox Church of Greece – Orthodox Christianity and Nationalism in Nineteenth-Century Southeastern Europe.* Fordham University Press, 2014 (64)
[449] Papastathis, Charalambos K. Maghioros, Nikos. *Greece: A Faithful Orthodox Christian State, The Orthodox Church in the Hellenic Republic*. Religion and the secular state, National report: Greece, 2014 (319)
[450] Ibid.
[451] Ibid.

непроменета од 1844 година, имала за цел да го задржи духовното единство на грчката Црква со другите православни цркви.[452]

Членот 3, дел 1 од Уставот предвидува дека „Православната црква на Грција е автокефална". За автокефалниот режим да се укине, потребна е ревизија на овој статут. „Православната црква на Грција" не му служи на православието на хеленската територија како цело. Границите на нејзината јурисдикција не се совпаѓаат со границите на државата.[453]

Хеленската територија е поделена на пет посебни црковни области, кои се предмет или на друга православна црква или на иста црква, но под друг административен и духовен режим. Овие области се: Автокефалната црква, Новите земји, Крит, Додеканезите и Света Гора.[454] Автокефалната црквата ја опфаќа централна Грција (Румели), Пелопонез, островите Киклади (1833), Јонските острови (1866), Тесалија и провинцијата Арта во Епир (1882). Метрополите кои денес ја сочинуваат Автокефалната црква на Грција со векови биле под јурисдикција на Вселенската патријаршија во Константинопол. За време на војната за независност од 1821 година, немала контакт со Патријаршијата поради војната.[455]

Од првата година на револуцијата, Адамантиос Кораес, голем интелектуалец и фигура на хеленизмот, предложил со прогласување на автокефален црковен режим во областите под бунт и преземањето на црковната управа од страна на синод, чии членови да бидат избирани од свештеници и лаици.[456]

По основањето на модерната грчка држава имало многу приврзаници кои го фаворизирале автокефалниот режим од црковни и политички причини. Обидите на Патријаршијата да го премости јазот и да се врати на предреволуционерниот режим се пресретнале со противење на претседателот Каподистријас, кој го обвинил министерот за правда, Генатас, за изготвување предлог-закон за односите црква – држава.[457]

---

[452] Papastathis, Charalambos K. Maghioros, Nikos. *Greece: A Faithful Orthodox Christian State, The Orthodox Church in the Hellenic Republic*. Religion and the secular state, National report: Greece, 2014 (319)
[453] Ibid. (319)
[454] Ibid.
[455] Ibid. (319-322)
[456] Ibid. (319)
[457] Ibid. (319-322)

Генатас поднел меморандум во 1830 година, оставајќи го предлог-законот за подоцна кога релевантните ставови на политичките и црковните лица би биле поизразени. Овој меморандум, со детален приказ за случувањата во Црквата и познавањето на нејзините потреби кој биле од национален интерес, заклучил дека односите меѓу Вселенската патријаршија и црковните провинции на ослободената Грција треба да се регулираат по пат на договор.[458]

Во периодот 23 јули – 4 август 1833 година, при прогласувањето „независност на грчката црква“, Хеленската држава на неправилен начин ги направила епископиите на своите територии како Автокефална арква.[459] Овој пуч предизвикал реакции и во Грција и во Константинопол и во другите православни цркви за нарушување на духовното единство. Воедно предизвикал значителна штета на грчките национални интереси на Истокот, на Балканскиот Полуостров и во регионите на кои им служела Вселенската патријаршија, која била црква на сите православни луѓе што живееле таму. На 29 јуни 1850 година, Патријаршијата издала „синодален томос“ (официјален акт) со кој Грчката Црква била прогласена за автокефален *ex nunc*[460].[461]

По анексијата на Јонските острови, а подоцна и на Тесалија, провинцијата Арта, и одредени села на Епир со Грција, Вселенската патријаршија ги признала овие региони како Автокефалната црква на Грција, со нејзини акти од 9 јули 1866 година и од мај 1882 година, соодветно. Со Патријаршискиот и синодалниот акт од 1882 година, обемот на јурисдикцијата на Автокефалната црква бил финализиран. Од тоа време сите територии кои биле ослободени и потпаднале под власт на Хеленската држава не биле предмет на јурисдикција на Автокефалната црква.[462]

Со Балканските војни (1912/1913 година) и со Првата светска војна, регионите биле ослободени и инкорпорирани во Грција, вклучувајќи ги Епир, Македонија, Егејските Острови и Западна Тракија, чии митрополии и епархии биле предмет на Вселенската патријаршија биле нарекувани „Новите земји“. Нивната подложност на целосната јурисдикција на Вселенската патријаршија ја зголемило загриженоста од

[458] Papastathis, Charalambos K. Maghioros, Nikos. *Greece: A Faithful Orthodox Christian State, The Orthodox Church in the Hellenic Republic*. Religion and the secular state, National report: Greece, 2014 (319–3022)
[459] Ibid.
[460] Ex nunc – латинска фраза што значи: *отсега па натаму*
[461] Papastathis, Charalambos K. Maghioros, Nikos. *Greece: A Faithful Orthodox Christian State, The Orthodox Church in the Hellenic Republic*. Religion and the secular state, National report: Greece, 2014 (321-322)
[462] Ibid.

политичка и црковна природа поради војните од периодот од 1912 до 1922 година и затегнатите односи меѓу Грција и Турција[463]

Солунскиот митрополит Генадиос (Алексијадес) во 1925 година предложил духовната потчинетост на Патријаршијата да се продолжи и да се воспостави административен режим, при што централните организации ќе имаат свое седиште во Солун. Ова решение било предложено во следственост со развојот на грчко-турските односи во тој период и размената на население меѓу двете држави.[464]

Во однос со статусот на Новите територии, или т.н. „Нови земји“, било предложено да бидат управувани од Вселенската патријаршија, во координација со Автокефалната црква на Грција. Со тоа што се проширува „целиот систем на администрацијата и редот на сопствените покраини“ и дека „Светиот синод на Православната автокефална црква на Грција во Атина отсега се признава како директен централен и надреден однос на црковната власт на овие провинции“ и овој режим бил привремен. Ова решение било постигнато по расправите меѓу Република Грција, Вселенската патријаршија и Автокефалната црква на Грција.[465]

Патријаршкиот акт бил донесен во периодот 10 – 11 јули 1928 година, а синодалниот акт на 4 септември 1928 година, со што биле утврдени и општите услови за работа на управниот режим. Двата текста имале ефект врз автокефалната црква на Грција и патријаршиските епархии на новите земји кои ја конституирале „Црквата на Грција“.[466]

Статутарната повелба на Црквата на Крит била законски под грчката држава. Според новата повелба, Критската Црква станала полуавтономна кон Вселенска патријаршија. Додеканезите биле припоени кон Грција на 7 март 1947 година. Оваа политичка промена се случила за да не предизвика промени во црковниот режим. Четирите метрополии и егзархијата на Патмос и понатаму биле предмет, духовно и административно под Вселенска патријаршија. Полуостровот Агион Орос (Света Гора), кој бил обединет со Грција во 1912 година, го зачувал непроменетиот антички

---

[463] Papastathis, Charalambos K. Maghioros, Nikos. *Greece: A Faithful Orthodox Christian State, The Orthodox Church in the Hellenic Republic*. Religion and the secular state, National report: Greece, 2014 (321-322)
[464] Ibid.
[465] Ibid.
[466] Ibid.

привилегиран самоуправен режим и духовно бил под надзор на Вселенската патријаршија.[467]

Вселенската патријаршија на Константинопол, или Цариградската патријаршија, е највисоката столица и најсветиот центар на Православната христијанска црква. Нејзината историја опфаќа седумнаесет века, од најраните денови на христијанството, преку Византиската и Отоманската Империја, до денешно време.[468]

Вселенската патријаршија го сочинува центарот на сите православни цркви. Раководното тело не е под критериум на администрацијата, туку врз основа на службата за православно христијанско единство и координацијата на активноста на целината на Православната црква. Функцијата на Вселенската патријаршија, како центар *par excellence* на целото православие, произлегува од нејзината вековна служба и заштитата на православна христијанска вера. Затоа, Вселенската патријаршија поседува супрарегионален карактер.[469]

Вселенската патријаршија активно се занимава со разновидни црковни активности. На дневна основа го надгледува пастирскиот живот на православната заедница во Турција, на оние заедници кои се под нејзина јурисдикција глобално и одржува комуникација со раководството на автокефалните православни цркви. Од 1960-тите Вселенската патријаршија претседавала со серија сеправославни состаноци, за да се осврне на современите предизвици со кои се соочувале сите православни цркви. Вселенската патријаршија бил динамичен водач во екуменскиот дијалог и помирувањето на христијаните.[470]

Од 1960-тите таа била во дијалог со ориенталните православни цркви и целосно учествувала во работата на Светиот собор на цркви од своето основање, како и во локалните екуменски тела кои воделе билатерални теолошки дијалози со неправославните христијани, како и со други монотеистички вери. Вселенскиот патријарх Вартоломеј ги посетил муслиманските нации, кои претходно никогаш не ги

[467] Papastathis, Charalambos K. Maghioros, Nikos. *Greece: A Faithful Orthodox Christian State, The Orthodox Church in the Hellenic Republic*. Religion and the secular state, National report: Greece, 2014 (323)
[468] *The Ecumenical Patriarchate*, пристапено на: 04.04.2023, https://www.goarch.org/documents/32058/2576322/faith_series-ecumenical-patriarchate.pdf/ab563f32-8f30-4af3-b810-9a10b6305cb4
[469] Ibid.
[470] Ibid.

посетиле христијани поглавари на цркви, а кои се залагале за верска толеранција, слобода и мир меѓу сите религии. Тој организирал пет семинари во периодот од 1994 до 1998 година во коспонзорство со принцот Филип – војводата од Единбург .[471] Тој исто така го формирал верскиот и научен комитет, кој организирал седум меѓународни, меѓуверски и интердисциплинарни поморски симпозиуми до денес: Патмос и Медитеранот (1995), Црното Море (1997), реката Дунав (1999), Јадранско Море (2002), Балтичко Море (2003), реката Амазон (2006) и реката Мисисипи и Заливскиот брег (2009).[472]

Кризата во односите на Грчката црква и Вселенската патријаршија во 2003 година била делумно судир на меѓу Христодулос и патријархот Вартоломеј. Различни црковни режими постоеле во доменот на Грција, што ги одразувале различните времиња на присоединување на секоја територија во грчката држава. Кризата конечно беше разбиена од министерката за образование на Нова демократија, Мариета Јанаку.[473]

За целите на оваа докторска дисертација беше обавено интервју со универзитетскиот професор Александар Спасеновски. За односот помеѓу Грчката православна црква и Цариградската патријаршија, тој истакна: „Во врска со релациите помеѓу Грчката православна црква и Цариградската патријаршија, важно е да знаеме дека тука станува збор за еден комплексен однос којшто на самите почетоци, по создавање на грчката држава, поминува низ различни фази во смисла на тоа дека постои истовремено и една фаза којашто трае повеќе од десет години, а таа е фаза на конфронтација помеѓу Цариградската патријаршија и приврзаниците на идејата за создавање на Православната црква во Грција“. Според него: „Иако Цариградската патријаршија и Грчката паравославна црква се одвоени црковни ентитети, во случајов, кога станува збор за важни политички прашања, како што е спорот за името, тие покажуваат максимално единство. Практично, и во однос на духовни, и во однос на политички прашања, спорот помеѓу Црквата на Грција и Вселенската патријаршија не постои. Спорот постоел во првите години по создавањето на грчката држава, кога се одвивала борбата за создавање на Православна црква. Јурисдикциски гледано, пред

[471] *The Ecumenical Patriarchate*, пристапено на: 04.04.2023, https://www.goarch.org/documents/32058/2576322/faith_series-ecumenical-patriarchate.pdf/ab563f32-8f30-4af3-b810-9a10b6305cb4
[472] Ibid.
[473] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester: Wiley-Blackwell, 2010 (196)

создавањето на Православната црква на Грција, територијата на којашто се простирала грчката држава е јурисдикција на Вселенската патријаршија. Значи, Вселенската патријаршија требала доброволно да се повлече од одредена територија и, за сметка на тоа, да се создаде Православна црква на Грција“.[474]

На прашањето какви се денешните односи меѓу Грчката православна црква и Цариградската патријаршија и дали сѐ уште имаат спорни точки, професорот Спасеновски истакна: „Сметам дека спорни точки во некоја смисла, ако може така да се каже, помеѓу Православната црква на Грција и Вселенската патријаршија имало во периодот кога се создава грчката држава и во периодот додека не е признаен автокефалниот статус на Православната црква на Грција којашто била формирана. Таа борба трае околку петнаесеттина години. Подоцна, по создавањето на Православната црква на Грција и нејзиното признавање од страна на Вселенската патријаршија, не сметам дека постои некој амбивалентен однос и спорни точки помеѓу овие две цркви. Тие меѓусебе се прелеваат, Вселенската патријаршија се прелева во Грчката православна Црква и Грчката православна црква се прелева во Вселенската патријаршија. Во таа смисла, сметам дека станува збор за една симфонија на односите помеѓу двата црковни ентитети, со тоа што овој примарен статус на Вселенската патријаршија, како глава на Православната црква, како прва меѓу еднаквите, ѝ е признат и е ценет од страна на Црквата на Грција, а и од страна на политичарите во Грција“.[475]

Грчката православна црква и Цариградската патријаршија имаат комплексни односи во периодот на создавање на грчката држава и во периодот додека не бил признат автокефалниот статус на Православната црква на Грција. За важни политички прашања покажуваат максимално единство. Денес и во однос на духовни, и во однос на политички прашања, не постои спор помеѓу Црквата на Грција и Вселенската патријаршија.

[474] *Интервју со проф. д-р Александар Спасеновски*, 13.06.2023, Правен факултет „Јустинијан Први“. Скопје, 10 часот
[475] *Интервју со проф. д-р Александар Спасеновски*, 13.06.2023, Правен факултет „Јустинијан Први“. Скопје, 10 часот

## 2.2 Стратегијата на Грчката православна црква врз кипарскиот спор

„*Црквата и државата треба да бидат одвоени, не само по форма, туку и факти – не треба да се мешаат религијата и политиката.*“[476]
– Милард Филмор

Грчко-турските односи веќе долго време се проблематични заради различните историски и политички причини. Грција ја стекна својата независност од Отоманската Империја, претходничка на државата Република Турција, во 1830 година. Грција и Отоманската Империја воделе војни во 1897 и 1912 година, додека Грција се соочила и со турските националистички сили кои подоцна ја основале Република Турција помеѓу 1919 и 1922 година. Грчките и турските сили се судриле над Кипар во 1974 година. Од времето на војните во 1912 – 1922 година, кипарското прашање било извор на значителна напнатост во грчко-турските односи, особено од 1950-тите години.[477]

Државниот удар и последователната турска инвазија во 1974 година довеле до нов статус-кво, неприфатлив за меѓународната заедница.[478] Во однос на егејските спорови, Грција и Турција не се согласувале во однос на протегањето на територијалните води, континенталниот гребен, воздушниот простор, а Турција го оспорила суверенитетот на неколку грчки острови на Егејот. Статус на Вселенската патријаршија и грчкото православно малцинство во Истанбул, двата егејски острови и муслиманското малцинство на Западна Тракија, исто така предизвикувале значителна напнатост. Овие фактори довеле до многу конфронтативно опкружување, при што двете држави меѓусебно се сметале за големи безбедносни закани, што довеле до трка во вооружување на грчко-турските копнени и поморски граници. За време на Студената војна, Грција се наоѓала под „источна закана“ (Турција) и „северната закана“ (советскиот блок).[479]

Во 1981 годинна се случиле големи промени во грчката надворешна политика. Тие големи промени, пред сѐ, започнале со пристапот на Грција во Европската

---

[476] *Millard Fillmore*, пристапено на: 23.01.2024, https://www.azquotes.com/quote/714958?ref=religion-and-politics
[477] Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century*. London and New York: Frank Cass, 2003 (162-163)
[478] Grigoriadis, Ioannis N. *The Orthodox Church and Greek-Turkish Relations*: Religion as Source of Rivalry or Conciliation?. Athens: Routledge, 2009 (2-32)
[479] Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century*. London and New York: Frank Cass, 2003 (162-163)

Заедница на 1 јануари 1981 година, кога станала десетта членка. Покрај долгата и разиграна дебат,а која му претходела на влезот во ЕЗ од 1976 до 1979 година, ПАСОК цело време се противел на грчкото членство.[480]

Членството на Грција во Европската Економска Заедница во 1981 година ѝ обезбедило дополнителна моќ на грчката надворешна политика против Турција. Поради правилото на едногласност во одлучувањето на ЕУ, кога секое приближување на ставовите меѓу ЕЕЗ – Турција било условувано со грчката согласност. Тоа не се однесувало само заради ќорсокакот за кипарското прашање, туку и грчко-турските билатерални спорови. Во 1990-тите имало две големи кризи. Во јануари 1996 година, Грција и Турција биле на работ на војната над суверенитетот на островот Имја / Кардак во источниот дел на Егејот.[481]

Во февруари 1999 година, лидерот на Курдистанската работничка партија и тогаш најбараната личност на Турција, Абдула Оџалан, заробен од Турција, пронашол прибежиште во грчката амбасада во Најроби. Овие два настани дополнително ги вжештиле грчко-турските односи од 1974 година. Преку тесна соработка меѓу министрите за надворешни работи Јоргос Папандреу и Исмаил Чем, започнала нова ера на грчко-турските односи.[482]

Трагичните настани, проследени со двата земјотреси кои ги погодиле Истанбул и Атина во рок од еден месец, во август и септември 1999 година довеле до спонтана поддршка на двата народа во маките на жртвите од земјотресите, што било сигнал за зближување. Во декември 1999 година, во Хелсинки, Советот на Европската Унија ја именувал Турција како земја кандидат за членство во ЕУ. Грција, која од своето членство во ЕЕЗ беше најжестокиот противник за подобрување на односите ЕУ – Турција пред решавање на грчко-турските спорови, станала еден од најгласните поддржувачи на членството на Турција во ЕУ.[483]

Порастот на трговијата и инвестициите меѓу двете земји понатаму ја зајакнува подобрената клима во грчко-турските односи. Иницирањето на досега невиден процес

---

[480] Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century*. London and New York: Frank Cass, 2003 (162-163)
[481] Grigoriadis, Ioannis N. *The Orthodox Church and Greek-Turkish Relations: Religion as Source of Rivalry or Conciliation?.* Athens: Routledge, 2009 (2-32)
[482] Ibid.
[483] Ibid.

на политички реформи во Турција, чија цел е исполнување на Критериумите од Копенхаген за членство во ЕУ, покренало надеж кај многу Грци за помирувачки ставови за сите билатерални прашања.[484]

Грчко-турските спорови во Егејот останале нерешени и не бил постигнат никаков напредок за малцинските прашања. Се вложиле многу напори и обиди да се реши кипарското прашање. Кон крајот на 2002 година бил понуден сеопфатен план на Обединетите Нации на обете страни, во пресрет на членството на островската република во Европската Унија. На референдумот од 24 април 2004 година, кипарските Грци го отфрлиле предложеното решение за кипарското прашање, што го оставило нерешено прашањето за Кипар по пристапувањето на Кипар во Унијата во 2004 година.[485]

Промената на Владата во Грција во 2004 година не го променила официјалниот дискурс во врска со аспирациите на Турција во ЕУ. Иницирањето на дебатата на ЕУ-држави, за европскиот или азискиот идентитет на Турција и нејзината способност да се прилагоди на европските политички принципи, била сѐ уште популарна. Оваа дебата се проширила и за заштита на правата на грчкото малцинство и Цариградската партијаршија. Еден дел тврдел дека залудни се напорите Турција да стане дел од ЕУ, а останатиот дел инсистирал на тоа дека Турција е подобна за ЕУ-членство ако ги исполни критериумите од Копенхаген, како и секоја друга земја-членка. Во интерес на Грција било да се промовира трансформацијата на Турција во целосно консолидирана демократија, во која малцинските права би биле целосно почитувани и што би помогнало во решавањето на нејзините спорови со соседите, како што се Грција и Кипар, преку преговори врз основа на меѓународното право.[486]

Процесот за пристапување на Турција во ЕУ обезбедило соодветна рамка за промовирање на поголема демократија и решавање на грчко-турски спорови. Религиозните актери исто така се позиционирале на ова прашање. Ова не било изненадување за црквата на Грција, како што архиепископот Христодулос повеќепати изјавил дека го задржува правото да интервенира во јавната расправа за прашања од „национално значење“ и да зборува во име на Црквата или „Грчката православна

---

[484] Grigoriadis, Ioannis N. *The Orthodox Church and Greek-Turkish Relations: Religion as Source of Rivalry or Conciliation*?. Athens: Routledge, 2009 (2-32)
[485] Ibid.
[486] Ibid.

нација“. Во случајот со Вселенската патријаршија, која избегнувала каква било интервенција во грчките политички работи, ова прашање било од најголемо значење, а политиката кон грчкото малцинството би го диктирала трендот и текот на односите ЕУ – Турција.[487]

Грчко-турските несогласувања се прошириле и врз други теми, како што бил проблемот со мигрантите и бегалците. Оваа реторика се заострувала постепено за време на мандатот на Реџеп Таип Ердоган. Својот пик го достигнала за време на пучот во Турција во 2016 година.[488] Изјавата од Ердоган за напуштање на договорот со Грција за миграција била реакција на барањето за ослободување на осумте турски војници кои избегале во Грција по обидот за турски пуч во 2016 година. Генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг, повикал на „воздржаност и смиреност“ по одлуката на Турција.[489]

Континуумот на несогласувања меѓу Грција и Турција продолжил и во 2019-та година со актуелизирање на прашањето за статусот на Аја Софија. На 22 јуни во една грчка изјава се споменувало дека Агија Софија е светско наследство на УНЕСКО и не треба да се претвори во џамија. На 23 јуни Турција ја осудила грчката изјава, а турскиот претседател Ердоган рекол дека ќе го промени статусот на Агиа Софија од музеј во џамија, додавајќи дека „многу голема грешка“ било претварањето во музеј. Остра осуда за овој чин следела од многу држави, меѓународни организации и од Вселенската патријаршија.[490]

Грчката православна црква ја уживала положбата да биде доминантна религија. Во Грција тотално било елиминирано одвојувањето на црквата од државата. Самиот Устав ја гарантира положбата на Грчката православна црква како „преовладувачка религија“ во Грција. Тоа значело дека Грчката православна црква навлегла во сите сектори од јавниот живот, вклучувајќи ја и јавната администрација, правниот систем, полицијата, јавното образование и, практично, секој друг аспект од општеството.[491]

---

[487] Grigoriadis, Ioannis N. *The Orthodox Church and Greek-Turkish Relations: Religion as Source of Rivalry or Conciliation?*. Athens: Routledge, 2009 (2-32)
[488] *NATO overcomes Greek-Turkish tensions to agree Aegean mission*, пристапено на: 21.01.2024, https://www.reuters.com/article/idUSKCN0VY0MW/
[489] Ibid.
[490] *Turkey Again Calls for Change of Hagia Sofia Status*, пристапено на: 21.01.2024, https://news.gtp.gr/2019/03/29/turkey-again-calls-change-hagia-sofia-status/
[491] *Грчката православна црква,* пристапено на: 20.11.2020, https://wol.jw.org/mk/wol/d/r102/lp-mc/101996005

Димитрис Цацос, професор по уставно право, како и член на Европскиот парламент, навел: „Црквата на Грција мора да престане да доминира во општествениот, политичкиот и образовниот живот. Начинот на кој работи Грчката црква е угнетувачки. Таа е деспот кој владее над нашиот образовен систем и над нашето општество“.[492] Во друго интервју, истиот тој професор рекол: „Црквата има застрашувачка моќ во Грција, која, за жал, не е ограничена само на нејзиното природно место на безмилосен конзервативизам, туку успеала да се вовлече дури и во прогресивниот сектор на грчкото општество“.[493]

Црквата на Грција, под водство на Христодулос, го довела во прашање грчко-турското зближување и се спротивставила на членството на Турција во Европската Унија. Во основа на овој тврдокорен грчки националистички став, Турција била претставена како неевропска земја, која сè уште претставувала егзистенцијална закана и за европската цивилизација и за христијанството. Напорите за промовирање на грчко-турско зближување, пред резолуцијата на споровите околу Кипар и Егејот според грчките ставови, биле третирани со сомнеж, ако не и целосно непријателски од страна на некои епископи.[494]

Пристапувањето на Турција во ЕУ би го загрозило европскиот проект заради релативната сиромаштија, големината, „неевропската“ култура, па оттука доаѓа и загриженоста дека наместо да се европеизира Турција, тоа би довело на туркизирање на Европа. Турскиот и грчкиот народ често се труделе да ги надминат лошите спомени од минатото, но Црквата како да не можела тоа да го прифати и разбери.[495]

Обраќајќи се на публика во Грција, Христодулос, во повеќето негови обраќања, наместо да ги застапува христијанските принципи, тој ги подгревал грчките националистички стереотипи против Турција. Овој пристап имал можност сериозно да го ограничи неговиот потенцијал на мека моќност во државата, не само поради многу силно изразени мислења, туку и заради несоодвествувањето со универзалните верски принципи, како што е мирот, толеранцијата и помирувањето.[496]

---

[492] *Грчката православна црква*, пристапено на: 20.11.2020, https://wol.jw.org/mk/wol/d/r102/lp-mc/101996005
[493] Ibid.
[494] Grigoriadis, Ioannis N. *The Orthodox Church and Greek-Turkish Relations: Religion as Source of Rivalry or Conciliation?.* Athens: Routledge, 2009 (2-32)
[495] Ibid.
[496] Ibid.

Ставот на Вселенската патријаршија за грчко-турските односи бил дијаметрално различен. Покрај тоа што ги застапувала ставовите за помирување, ги бранела ставите за потребата од дијалог и соработка меѓу Грција и Турција. Оваа позиција исто така одговарала на христијанските доблести на толеранција и градење на мир. Во интервју за грчкиот весник „Елефтеротипија“ во 1999 година, вселенскиот патријарх Вартоломеј изјавил: „Ова е нашиот принцип, мир и братство на луѓето и народите. Овој принцип се однесува и на грчко-турските односи. Ние во повеќе наврати заземавме став за грчко-турските односи. Ние отсекогаш ја поддржувале потребата за добрососедски односи, пријателство и соработка меѓу двата народа. Поради тоа таа позиција е критикувана од дел од грчкиот печат. Како и да е, нема да престанеме жестоко да го поддржуваме доброто, соседски односи и соработка на Грција и Турција во корист на двата народа“.[497] Оваа изјава не била добро прифатена од грчките националисти и не соодвествувала со ставовите кои ги застапувала Грчката православна црква. Вселенската патријаршија заземала помирувачка и умерена позиција за грчко-турските односи. Вартоломеј бил обвинет за „поддршка на турските, а не на грчките интереси“. Во овој период било актуелизирано прашањето за пренесување на седиштето на Вселенската патријаршија од Истанбул во Грција, а како можности биле наведени Солун, Света Гора и островот Патмос.[498]

Обидот на Вартоломеј да предложи нов пристап за грчкото малцинско прашање биле од големо значење. Патријаршијата не ги игнорирала постојаните повреди на нејзините права и правата на грчкото малцинство. Европската перспектива на Турција се сметала како единствена реална надеж за подобрување во областа на правата на малцинствата, што можело да биде од корист не само на грчкото малцинство во Истанбул, туку и на самата Вселенска патријаршија. Патријаршијата се интересирала за реформите во демократскиот процес, особено за заштита на правата на малцинствата.[499]

Затворањето на верската семинарија во Хејбелијада (Халки) било уште едно од прашањата кои биле од голем интерес за Патријаршијата. Одбивањето на Турција да дозволи повторно отворање на семинаријата било една од најјасните манифестации

[497] Grigoriadis, Ioannis N. *The Orthodox Church and Greek-Turkish Relations*: Religion as Source of Rivalry or Conciliation?. Athens: Routledge, 2009 (2-32)
[498] Ibid.
[499] Ibid.

дека реформскиот процес сѐ соочувал со сериозни недостатоци. Позитивни чекори биле евидентни, а за тоа доказ била и кандидатурата на Турција за влез во Европската Унија, што би било нужно вклучување со целосно решавање на сите малцински проблеми, вклучително и оние поврзани со грчкото малцинство. Вартоломеј жестоко го поддржувал реформскиот процес во Турција и не го сметал за антиетички за турските национални безбедносни интереси. Во Турција била предложена нова дефиниција за турскиот национален интерес, преку признавање на правата на малцинствата кои не ги сметале за закана, туку напротив, би придонесле за турското обезбедување.[500]

Развојот би ја подобрил турската безбедност, а малцинствата на крајот би се чувствувале како почитувани граѓани на Република Турција. Најимпресивната изјава дадена од Вартоломеј било упатена кон национализмот. Вартоломеј го сметал национализамот со фундаментално антихристијанска природа. Заживувањето на национализмот е горливо современо прашање, што е насочено против православието и христијанството воопшто. Национализмот ги изолирал народите, ги насочувал едни против други, додека типичноста на христијанството е љубовта и братството на народите.[501]

Единство на човештвото била една од основните пораки на апостол Павле и на целите на црквата. Од таа перспектива, расизмот е осуден од светот, кој е поврзан со национализмот, а сепак треба да се разликува од патриотизмот. Овој став бил експлицитна осуда на грчкиот и турскиот национализам, а, од теолошка гледна точка, јасно се дистанцирал од ставот од Грчката православна црква. Вартоломеј ги обвинил разделувачките и нетолерантни елементи очигледно својствени за национализмот. Ова предизвикало изненадување кај грчкото јавно мислење, особено идентификацијата на православието и грчкиот национализам и прикажувањето на православието како „национална религија“ на Грција. Како одговор на раздвојувачките ефекти на национализмот, Вартоломеј предложил меѓурелигиски дијалог како средство да се донесе приближување, помирување и мирен соживот. Оваа порака не се однесувала

[500] Grigoriadis, Ioannis N. *The Orthodox Church and Greek-Turkish Relations: Religion as Source of Rivalry or Conciliation*?. Athens: Routledge, 2009 (2-32)
[501] Ibid.

само на грчко-турскиот конфликт, туку воопшто за поделбите кои постојат помеѓу „Западот“ и „Исламскиот свет“.[502]

Вселенската патријаршија честопати организирала настани што промовирале меѓурелигиски дијалог. Тие вклучувале различни симпозиуми за заштита на животната средина, како Амазон во јули 2006 година и Гренланд следната година. Меѓу соговорниците биле и истакнати личности од исламот во Турција, вклучувајќи го и Фетулах Ѓулен, водачот на американското еврејство и Рабин Дејвид Розен, претседател на Меѓународниот еврејски комитет за меѓурелигиски консултации. Ваквите активности придонесле Вартоломеј да се стекне со голема почит и признанија, а воедно и да го зголеми неговото меѓународно влијание, за разлика од слабата домашна позиција во Турција.[503] Ваквата остра разлика помеѓу пристапот на Вселенската патријаршија и Грчката православна црква за грчко-турските односи, можела да се објасни со алузија на разни фактори.[504]

Патријаршијатата и грчкото малцинство на Турција платиле многу висока цена заради долгорочните тензии на грчко-турски односи. Не случаен бил и падот на грчкото малцинство во Турција и ескалацијата на Кипар како примарни прашања по Втората светска војна. Дискриминаторските мерки и нападите врз Турците во Грција и Грците во Турција се сметале како форма на „одмазда“ за случувањата во Кипар меѓу 1950-тите и 1970-тите години. Тоа придонесло за истребување на грчкото малцинство во Турција, а Вселенската патријаршија била ставена под невиден притисок, соочувајќи се со сериозни потешкотии при извршувањето на дури и најосновните функции.[505] Подобрувањето на грчко-турските односи придонесло за намалување на притисокот врз малцинствата во двете држави. Патријаршијата истакнала дека европската интеграција на Турција и поддршката од Грција во тој процес, би придонело за искоренување на овие напластени прашања. Европска Турција, со просперитетна економија и целосно демократски политички систем, би придонесла да

[502] Grigoriadis, Ioannis N. *The Orthodox Church and Greek-Turkish Relations: Religion as Source of Rivalry or Conciliation?*. Athens: Routledge, 2009 (2-32)
[503] Ibid.
[504] Ibid.
[505] Ibid.

биде соодветна земја домаќин за институција со меѓународниот статус на Патријаршијата.[506]

Расудувањето на инструментализмот е недоволно за да се објасни целокупната позиција на Вселенската патријаршија за грчко-турските односи, кога се разгледува улогата на лидерството. Вартоломеј постојано се залагал за христијанските принципи на толеранција, мир и помирување, против грчкиот или турскиот национализам. Тој исто така истакнува дека Европската Унија била политички проект кој се залага за помирување на европските народи и надминување на националистичките конфликти во европскиот континент. Во неговите изјави нагласувал дека членството на Турција во ЕУ може многу да придонесе во помирувањето не само на Турција со Грција, туку и градење на мостови на толеранција меѓу муслиманите и христијаните. Додека властите настојувале да го променат, Вартоломеј прераснал во лидер кој ужива голема почит промовирајќи го мирот.[507]

Конфликтите јасно укажувале на заплеткување на односите помеѓу црквата и државата во Грција. Покрај значителното подобрување на односите меѓу владата и црквата по победата на конзервативната партија Нова демократија на парламентарните избори 2004 година, јавната дебата за односот меѓу државата и црквата не завршил, напротив, продолжил со рамномерен интензитет.[508]

Црковните службеници честопати истакнувале политички ставови кои наликуваа на позициите на крајно десничарската партија, особено во периодот на архиепископот Христодулос. Усвојувањето на популистичката, националистичката и ксенофобичната агенда била осудена од голем дел од грчката интелектуална маса. Грчко-турските напори за приближување честопати се сметале за странски трик да се промовира лажното помирување меѓу Грција и Турција на штета на грчките национални интереси. Сепак православието одиграло клучна улога во формирањето на грчкиот национален идентитет. Помирувачкиот став на Вселенската патријаршија било

[506] Grigoriadis, Ioannis N. *The Orthodox Church and Greek-Turkish Relations: Religion as Source of Rivalry or Conciliation?*. Athens: Routledge, 2009 (2-32)
[507] Ibid.
[508] Karagiannis, Evangelos. *Secularism in context: The relation between the Greek state and the church of Greece in crisis*. European Journal of Sociology, 50(1) pp. 133-167, 2009 (133-167)

практично игнорирано и сметано за производ на странски притисок, дури и како „предавство".[509]

Спојувањето на религијата со национализамот, популизамот и непосредното политичко вклучување, можеле да доведат до краткорочни политички придобивки и привлечност кај дел од грчкото население, но на долгорочен план тоа помогнало да се поткопа неговата религиозна мека моќ. Јавната харизма и популизам на архиепископот, како и неговата способност да изразува идеи на здравиот разум на просечна личност, значително им помогнале на различните политички и културни мобилизации од крајот на 90-тите години на минатиот век.[510]

Способноста на архиепископот Христодулос била сведена на влијание да се убеди поширoката маса, со поставување морална парадигма заснована врз верски принципи. Неуспехот на оваа политика имплицитно била прифатена од Грчката православна црква. По смртта на архиепископот Христодулос во јануари 2008 година. Светиот синод го избра епископот Иероним за наследник.[511]

Новиот Архиепископ бил познат како противник на стратегијата на Христодулос, црквата да презема клучна политичка улога, вклучително и прашања од надворешната политика, генерално и грчко-турските односи. Во својот говор Иеронимос истакнал дека тој бил црковен водач, а не политичар. Во првите месеци од неговиот мандат, тој следел линија различно од онаа на неговиот претходник. Тој се воздржал од интервенции во надворешно-политички прашања, вклучително и грчко-турските односи, ЕУ и ја ограничил неговата активност на строго религиозни теми. Една од првите задачи била обновувањето на добрите односи меѓу Грчката православна црква и Вселенската патријаршија.[512]

Врската што ги обединувала црквата и државата во Грција била зацементирана во текот на нивното долго историско и културно минато. Двете институции имале легитимна основа за оправдување на тесното здружување на православието со националниот идентитет и културната конституција на модерното грчко општество. Во

[509] Grigoriadis, Ioannis N. *The Orthodox Church and Greek-Turkish Relations: Religion as Source of Rivalry or Conciliation?.* Athens: Routledge, 2009 (2-32)
[510] Roudometof V. *Orthodoxy as Public Religion in post-1989 Greece*, пристапено на: 18.11.2020, https://www.researchgate.net/publication/336146039_Orthodoxy_as_Public_Religion_in_post-1989_Greece
[511] Grigoriadis, Ioannis N. *The Orthodox Church and Greek-Turkish Relations: Religion as Source of Rivalry or Conciliation?.* Athens: Routledge, 2009 (2-32)
[512] Ibid.

1980-тите години Папандреу се обидел да ја поддржи неговата идиосинкратична социјалистичка модернизација со културна политика, насочена кон инкорпорирање во врската помеѓу црквата и нацијата, а воедно и насочувајќи да го оттргне национализмот од неговите главно конзервативни идеолошки конотации. Популистичката природа на неговата стратегија генерирала огромна конфузија во однос на значењето на модерноста и улогата на православието во главно секуларно, институционално диференцирана политичка култура на ЕУ во 90-тите години на минатиот век. Додека официјалната Црква прифатила претпазлива стратегија за проевропскиот став на државата, свештенството било насочено кон ригорозен конзервативизам и непопустливо го промовирале апсолутизамот на православието, проследено со иредентистички, ксенофобичен и расистички дискурс за „националните прашања“.[513]

Обидите за голема модернизација на грчкото општество биле социјализмот на Папандреу во 1980-тите, нео-либерализмот на Мицотакис (1990-1993) и демократскиот европеизам на Симитис (од 1995 година). Овие три различни политички стратегии на модернизација не само што не успеале да манифестираат силна подготвеност да ја оспорат структурната интерпенетрација на црквата и државата, всушност придонесле за континуирано ширење на национализамот и консолидација на врската помеѓу црквата и нацијата.[514]

## 2.3 Односот на Грчката православна црква врз грчко-македонските билатерални односи

„*Ако Грција минеше низ многу нормален политички живот, можеби не ќе бев во политиката. Но, самиот факт што живеев низ огромни пресврти, многу тешки борби, поларизација и варварството на диктатурите – тоа ме натера да чувствувам дека треба да ја промениме оваа земја.*“[515]

– Јоргос Папандреу

[513] Moskoff, Hercules. *Church, state, and political culture in Greece since 1974: Secularisation, democratisation, westernisation*. London: London School of Economics and Political Science, 2005 (89-112)
[514] Ibid.
[515] *George Papandreou Quotes,* пристапено на: 25.10.2022, https://www.brainyquote.com/authors/george-papandreou-quotes

Во согласност со оваа линија на размислување по 1990 година, со распадот на марксистичко-ленинистички режими и целосниот неуспех на капиталистичкиот систем да се формираат хумани заедници, православието е единствената можност за обединетата Европа да стане заедница со човечко лице. Овој став преовладувал во теолошките кругови, а архиепископот Серафим од Атина ги изразил своите стравови во врска со влијанието на социо-економската промена на грчкиот етно-религиозен идентитет, а воедно ја истакнал и духовната, етичката и културната природа на општествениот проблем. Со оглед на пресвртите на Балканот во текот на 90-тите години на минатиот век (босанската војна и македонско прашање) и сè уште нерешениот грчко-турски конфликт, врската меѓу православието и „националните прашања“ станале уште посилна. Оваа компицирана општествено политичка криза била комбинирана со огромен прилив на странски економски имигранти во Грција, а не биле изоставени и трајни дебати меѓу евро-приврзаниците и евро-скептиците обновена во светло на местото на Грција.[516]

Грција е земја со судир на цивилизации, предизвикани од фактот дека е дел на православната цивилизација, како и членка на Европската Унија. Филозофските традиции и вредностите на западната либерална цивилизација, претставени од Европската Унија, се некомпатибилни со оние на источната православна цивилизација, каде процесот на европска интеграција неизбежно води кон судир на цивилизациите.[517]

Исходот од патот кон секуларизмот варирал од земја до друга земја. Не само што се разликувал степенот на државна контрола, туку и моделите на секуларизмот, засновани на државна контрола. Во Грција постоела тензија меѓу нацијата и религијата. Државната контрола над верските институции била комбинирана со протекционистичко регулирање на религиозниот пазар, како и распространетост на источните православни симболи во јавноста. Контролата што ја водела државата била насочена кон ослабување на поранешните моќни религиозни институции и ограничување на нивниот обем на дејствување во значителна мерка.[518]

---

[516] Moskoff, Hercules. *Church, state, and political culture in Greece since 1974: Secularisation, democratisation, westernisation*. London: London School of Economics and Political Science, 2005 (89-112)
[517] Karagiannis, Evangelos. *Secularism in context: The relation between the Greek state and the church of Greece in crisis. European* Journal of Sociology, 50(1) pp. 133-167, 2009 (133-167)
[518] Ibid.

Грчката православна црква честопати јавно го искажувала својот став во однос на одредени политички прашања, а во континуитет тоа се однесувало на различни геополитички теми. Ова биле теми кои вообичаено спаѓале во рубриката надворешна политика или прашања од „национален интерес“. Тоа се жешки теми на јавна дебата, а, за разлика од другите прашања, во овие прашања на црквата ѝ недостигал реален монопол. Во периодот по 1989 година, прашањата за посткомунистичкиот Балкан, како и ефектите од европското обединување по 1989 година, биле често набљудувани од домашната (грчката) и од меѓународната јавност. Геополитичките, културните и религиозните размислувања играле и продолжуваат да играат голема улога во одредување на одговорот на секоја земја и разбирањето на европскиот проект. Не било случајно што од почетокот на 1990-тите Грчката православна црква јавно застанала на српската страна за време на војната во Југославија.[519]

Јавната поддршка за православните Срби било доследното и популарно геополитичко размислување по Студената војна во Грција, при што целта за формирање православен сојуз ширум Балканот против муслиманската, или поточно турската „закана“, било широко распространето и дискутирано. Архиепископот Христодулос ја фаворизирал оваа линија на размислување. Неговите дела во текот на времето откривале конзистентна слика за Турција како „органски“ наследник на варварската Отоманска Империја која ја поробувала грчката нација речиси 400 години. Очекувано, според него, членството во ЕУ не била реална опција за Турција. Овие геополитички прашања ги поврзувале геополитичките работи директно со религиозната реторика и бил исклучително влијателен во текот на 1990-тите, особено за време на војните за југословенското наследство.[520]

Од поголемо значење за самата Грција, било прогласувањето на независноста на Република Македонија во 1991 година. Тврдењето да се користи терминот „Македонија“ (кој е и името на соседната грчка провинција) и историската национална митологија на новата нација директно се судриле со грчки национален наратив. Грција се спротивставила на признавањето на новата држава, со образложение дека

[519] Roudometof, Victor. *Eastern Orthodox Christianity and the Uses of the Past in Contemporary Greece*. Religions, 2, 95-113, 2011 (105)
[520] Ibid.(106)

употребата на името Македонија е прекршување на културното наследство на Грција, што придонесло за дипломатска и геополитичка конфронтација.[521]

Во Грција црковните водачи им дале поддршка на грчките културни „воини“, кои тргнале да ја бранат нацијата против оние со помеки гледишта (кои биле обвинети дека се помалку патриоти). Меѓу нив може да се најдат неколку црковни водачи кои ја поддржале културната битка за одбрана на честа на нацијата. Митрополитот пирејски Серафим бил познат по тврдокорните или екстремни погледи, а митрополитот месогејски Николаос бил познат по помеките погледи. Грчката јавност била многу повеќе запознатa со ставовите искажани од митрополитот Антимос од Солун (втор по големина град во Грција и лоциран во грчкиот дел на географска Македонија). Во голем дел тоа било затоа што редовно се емитувало неговото неделно ораторство на грчкиот државен ТВ канал „ЕРТ-3“.[522]

Антимос бил добро познат отворен креатор на мислење, кој рутински ширел националистичко чувство во корист на тврдокорните ставови за македонското прашање. Покрај тоа, од 2000 година во грчката политика настапила нова ултрадесничарска политичка партија: Народен православен митинг (Laikos Orthodoxos Synagermos или LAOS), создаден од поранешниот конзервативен пратеник Георгос Карацаферис. Партијата успеала да освои доволно гласови за да се етаблира на политичката сцена во Грција. За разлика од своите претходници, партијата имала јасна агенда која била слична на другите европски десничарски партии, вклучително и национализмот и анти-имигрантските чувства како клучни елементи во нејзината политичка агенда.[523]

Политичката употреба на православието било сосема експлицитно во официјалниот наслов на партијата и самиот Карацаферис постојано го истакнувал неговиот пријателски однос со архиепископот Христодулос. Партијата природно застапувала тврдокорни позиции за македонското прашање. Се сугерирало постоењето на одреден идеолошки сојуз меѓу православните христијани и политичките конзервативци.[524]

---

[521] Roudometof, Victor. *Eastern Orthodox Christianity and the Uses of the Past in Contemporary Greece*. Religions, 2, 95-113, 2011 (106)
[522] Ibid. (105)
[523] Ibid. (106)
[524] Ibid.

Верските приврзаници имале тенденција да бидат конзервативни и поголема била веројатноста да ги поддржат политички конзервативни партии. Нивните гледишта за македонското прашање или слични геополитички прашања (како што биле несогласувањето Атина – Анкара околу Егејот) можеле да се сведат на конвенционална политичка поделба меѓу левицата и десницата.[525]

Грчката православна црква уживала симпатии и кај десничарските, но и кај дел од левичарскте партии. Микис Теодоракис, познат грчки композитор и икона на грчката левица, во своето интервју истакнал дека: „...Многумина денес го сметаат зборот патриотизам како навреда. Се декларирам како патриот и ја обожавам грчката нација. Истовремено, јас сум интернационалист и утопистички комунист. Ве потсетувам дека сите овие концепти, татковина, нација, интернационализам и комунизам, ми беа водичи во секој мој чекор, работа, одлука и чин уште од самиот почеток, во 1940 година, кога влеговме во војна, па сè до денес„.[526]

Теодоракис го прифаќал она што често се смета за „тврдокорен" грчки националистички став во однос на македонското прашање. Уште во 2004 година, Теодоракис запрепастил многумина меѓу попрогресивната јавност на Грција, објавувајќи јавна изјава во која тој јасно и отворено го заземал т.н. „националистички" став во однос на злогласниот „спор за името" Атина – Скопје (т.е. спорот за тоа дали Поранешната Југословенска Република Македонија треба да биде призната како „Република Македонија" од страна на Грција и меѓународната заедница. Во таа изјава, Теодоракис изјавил дека: „Во однос на Скопје, треба да се кренеме и да бидеме како еден човек против името „Република Македонија", природно не е со зборови, имено поради иредентистичките претензии против територијалниот интегритет на нашата земја".[527] Во согласност со овие ставови, грчкиот композитор создал и водел движење на загрижени граѓани под името „Искра" (Spitha). Ова движење добило на важност во Грција за време на глобалната финансиска криза во 2008 година и фискалните проблеми на земјата. Движењето било комбинација на националистичка ориентација со левичарска агенда.[528]

---

[525] Roudometof, Victor. *Eastern Orthodox Christianity and the Uses of the Past in Contemporary Greece*. Religions, 2, 95-113, 2011 (106)
[526] Ibid. (107)
[527] Ibid.
[528] Ibid.

Случајот на Теодоракис не бил изолиран инцидент и се користи во оваа дискусија за илустративни цели, поради сложеноста на прашањата од „национален интерес“ и разновидните позиции на прогресивната левица и радикалната десница.[529]

Учеството на црковната хиерархија во овие дебати треба последователно да се стави во овој широк и сложен културен контекст. Сопственото учество на високото свештенство во овие дебати, кои биле од „национален интерес“, нудело средство за прикажување на националните ингеренции на хиерархијата, за зајакнување на мислењето на јавноста и за сликата за себе како чувари на нацијата. Активната улога на црковната хиерархија во овие дебати немала намера да ја обликува надворешната политика на Грција за конкретни прашања. Вистинската придобивка била тоа што тие ја зајакнувале сликата за себе, која потоа се дискутирала и прикажувала како наклонетост и заинтересираност за домашните прашања, каде е потребна поддршка од јавноста за да се убеди владата да усвои одредени политики во согласност со црковните интереси.[530]

Универзитетскиот професор Александар Спасеновски, на прашањето каков е ставот на Грчката православна црква и Цариградската патријаршија кон спорот меѓу Грција и Македонија, истакна: „Грчката православна црква е активен дел на грчкото општество, таа е активен чинител во грчките процеси и нејзиното влијание е огромно. Од друга страна, на територијата на денешна Грција суштествуваат две цркви: едната е Православната црква на Грција и тука е, исто така, Вселенската патријаршија, којашто има црковен суверенитет врз епархиите во Северна Грција, односно во она што ние си го нарекуваме Егејска Македонија. Тоа значи дека, независно од поделениот суверенитет на две цркви на една држава, во суштина нивниот однос е прилично симфоничен и Вселенската патријаршија и Грчката православна црква имаат силно влијание врз грчката политика“.[531]

Професорот Спасеновски истакнува: „Доколку анализираме уставно-правно, преку законските акти. на пример. според уставот кадешто е спомената Православната црква во Грција. како официјална вероисповед на грчката држава и практично влијанието на политиката врз црквата и на црквата врз политиката е огромно. Тоа

[529] Roudometof, Victor. *Eastern Orthodox Christianity and the Uses of the Past in Contemporary Greece*. Religions, 2, 95-113, 2011 (107)
[530] Ibid. (108)
[531] *Интервју со проф. д-р Александар Спасеновски*, 13.06.2023, Правен факултет „Јустинијан Први“. Скопје, 10 часот

можеме да го забележиме доколку ги анализираме. на пример. сајтот на Вселенската патријаршија. ќе можете да видете колкав е бројот и колкав е процентот на истакнати грчки политичари коишто ја посетуваат Цариградската патријаршија, од градоначалникот на Атина преку актуелниот премиер на Грција и лидерот на опозицијата, како и голем број други политичари. Истовремено, пак, за време на неговите посети на грчката држава, исто така и вселенскиот патријарх остварува серија средби со значајни грчки политичари, што упатува на заклучокот дека тие релации помеѓу Вселенската патријаршија и Грчката православна црква се силно испреплетени. Имајќи го предвид фактот дека Грчката православна црква е еден од носителите на конзервативниот елемент во грчката држава, може да се заклучи дека позициите на конзервативниот дел од општеството, во однос на политичките прашања се, на некој начин, прифатени од страна на Грчката православна црква. Тоа значи дека и Грчката православна црква и Вселенската патријаршија, според мене, во однос на прашањето на спорот со името помеѓу Македонија и Грција, во тоа време имаа малку потврди и поконзервативни позиции, кои беа на линија на стојалиштата на конзервативниот дел од општеството. Така што, во оваа смисла, доколку и денес се обидеме да најдеме точки во Грција каде пулсира оној отпор против Преспанскиот договор помеѓу двете држави, веројатно една од тие точки можеме да ја најдеме и во црквата“.[532]

## 2.4 Заклучок

Односите меѓу црквата и државата во Грција биле обликувани со Уставот од 1975 година, а биле изменети во 1986 година. Со уставот се дефинирала и се заштитувала верската слобода, како продолжување и дополнување на правото на индивидуална слобода, предвидено со грчкиот Устав.

Грчката православна црква, уште од формирањето на грчката држава, ја уживала положбата да биде доминантна, преовладувачка религија. Во Грција досега немало одвојување на црквата од државата. Автокефалноста на Црквата на Грција е прогласена во 1834 година, а тоа бил првиот националистички раскол во рамките на православната област, нанесувајќи силен удар на Вселенската патријаршија.

---

[532] *Интервју со проф. д-р Александар Спасеновски,* 13.06.2023, Правен факултет „Јустинијан Први“. Скопје, 10 часот

Православната црква одиграла важна улога во одржувањето на грчкиот јазик и идентитетот во периодот на османлиската и муслиманска доминација.

Силниот печат на православието врз грчкиот национален идентитет, различните позиции на Вселенската патријаршија и на Грчката православна црква, влијаат врз понатамошниот тек на односите со соседните држави, особено во грчко-турските односи.

Вселенската патријаршија и Грчката православна црква долго време се натпреварувале едни против други, со значително влијание врз грчко-турските односи. Вселенскиот патријарх Вартоломеј се залагал за верска толеранција, слобода и мир меѓу сите религии, за разлика од него архиепископот Христодулос во повеќето негови обраќања наместо да ги застапува христијанските принципи, тој ги подгревал грчките националистички стереотипи против Турција. Грчката православна црква, за време на Христодулос, го сметала грчко-турскиот конфликт како ривалство и значаен дел од грчкиот национален и православен религиозен идентитет, спротивставувајќи се на секое приближување и напори за интеграцијата на Турција во ЕУ.

Вселенската патријаршија, предводена од Вартоломеј, не го сметала грчко-турскиот конфликт како дефинирачки елемент на грчкиот идентитет. Овој став ги потенцирал аспирациите за прием на Турција во ЕУ, како светла точка за понатамошно решавање на постојните спорови меѓу државите. Во овој период религиозите актери се однесувале повеќе како државни службеници или политичари за промовирање на државните интереси и ставови на нивната политичка клиентела, наместо како верски лидери за поттикнување на решавање конфликти, мир и толеранција.

Личноста на верскиот водач може да има големо влијание врз формирањето на позицијата на верската институција за разни теми, вклучително и надворешна политика. Конзистентноста меѓу политичките цели и верските принципи може да доведат до трајно и рамномерно зголемување на меката моќ на верските актери. Верските актери кои претпочитаат да служат на радикалната политичка агенда, спортиставувајќи се на верските вредности, како што се мирот, толеранцијата и помирувањето, можеби ќе треба да се соочат со намалување на нивната способност да ги убедат широките сегменти на општеството дека нивната позиција е она што треба да се поддржи.

Влијанието на црквата врз јавните дебати зависи од природата и инволвираноста на црквата во однос на темата на дискусија. Црквата уживала поголем авторитет во црковни прашања, кој е далеку помалку влијателен за прашања од поширок интерес, како, на пример, геополитички спорови. Во одредени спорови, сепак, може да се забележи одреден степен на влијание пресликано во поларизацијата на одредена маса народ.

Во случајот на Грција, постојат три различни нивоа на генералност во однос на опсегот на прашања каде што се вмешува Црквата. Прво, во однос на специфични црковни прашања, како што се кремирањето на мртвите или прашањето за погребните обреди и крштевањето за оние кои правеле граѓанска венчавка. Тоа се теми за кои Црквата ужива авторитетна позиција. Некои од овие прашања имаат повеќе врска со толкувањето на Канонското право, а помалку со националната историја или наследство по себе. Второ, постои широк опсег на повеќе дифузни теми, како што се наведување на верската припадност на личните карти и работењето на џамиите. Ова се теми кои не ја засегаат само Црквата. Трето, постојат некои политички прашања, како што се геополитиката или прашањата на националниот интерес и надворешната политика.

Ставовите искажани на теми, како што е македонското прашање, се обоени со размислувањата за националната меморија и наследство. Грчката православна црква застапувала непопустлив став кон македонското прашање, а грчката јавност била добро запозната со ставовите искажани од митрополитот Антимос од Солун, кој ширел националистичко чувство во корист на тврдокорните ставови за македонското прашање.

Грчката православна црква игра важна улога во грчкото општество. Таа има големо влијание и моќ да влијае врз голем дел од населението и во формирањето на јавното мислење за најразлични теми. Надворешно-политичките прашања често се решаваат со реализам и геополитика. Во овој домен, црквата има ограничена способност да се влијае на резултатите, бидејќи е само една од играчите на јавната сцена.

# 3. СОСЕДСКИТЕ БИЛАТЕРАЛНИ ОДНОСИ НА ГРЦИЈА – НОВА МОЖНОСТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТЕНЗИИТЕ НА БАЛКАНОТ

*„Грчкиот народ не само што се поврзува со древните традиции, тој се бореше, пролеваше крв до неодамна за да ги брани вредностите на демократијата и слободата."*[533]

– Алексис Ципрас

Прускиот премиер и основач на германската империја, Ото фон Бизмарк (1815 – 1898), изјавил дека „Ако некогаш има уште една војна во Европа, таа ќе дојде од некоја проклета глупост на Балканот".[534] Визионерските вештини на германскиот лидер се покажале како многу точно предвидување за непредвидливото однесување на малите народи на Балканот.[535]

Грција е типична национална држава која дејствува во согласност со сопствените национални интереси и цели од нејзиното формирање во 1830 година. Според тоа, грчката надворешна политика е дизајнирана според однапред одредени грчки национални интереси. Грција делува на некој начин да ја зајакне својата позиција, безбедност и интереси меѓу светските држави, а особено во западниот свет. Ова важи исто и за односите на Грција со другите регионални држави на Балканот, нејзиниот источен сосед Турција и нејзините западни партнери ЕУ и НАТО.[536]

Невозможно е да се дискутира за грчките безбедносни перцепции по Студената војна, без да се разберат грчките безбедносни размислувања во периодот на Студената војна. Седумдесетитте години на дваесеттиот век биле пресвртница во грчките безбедносни предизвици, особено во 1974 година Грција кога се соочила со директна закана (т.н. турска „закана") за нејзината национална безбедност. По Втората светска војна, перцепцијата на грчката закана бил комунизмот произлезен од нејзините северни

---

[533] *Alexis Tsipras*, пристапено на: 23.10.2022, https://www.azquotes.com/author/36159-Alexis_Tsipras
[534] *Otto von Bismarck*, пристапено на: 02.04.2023, https://www.oxfordreference.com/display/10.1093/acref/9780191826719.001.0001/q-oro-ed4-00001699;jsessionid=AD11A680C07F0D708013981E1E9C5D5C
[535] Pop-Angelov, Marijan. *A dispute name: Is there a solution to the name issue between Macedonia and Greece*?. Washington: Georgetown University, 2010 (93)
[536] Akman, Emine. *Continuity and change in Greek security perceptions and priorities in the post-cold war era.* Ankara: Middle East Technical University, 2005

граници. Грција ги сметала клучни сојузници НАТО и САД во однос на одбраната на државата.[537]

После 1974 година, во текот на доцните 1970-ти и 1980-ти години, Грција не била под влијание на директен комунистички напад. Затоа Грција ги повлекла своите сили од север и ги распоредила до турските граници, вклучувајќи ги Тракија и Егејските Острови. Тоа било проследено преку слабеење на односите со САД и поблиски економски и политички односи со ЕУ.[538]

Историската еволуција на грчко – балканските односи ја карактеризираат многубројни флуктуации, деликатни ситуации и многу турбуленции. Балканскиот регион отсекогаш изобилувал со нестабилност, што придонесло за некои од најпознатите инциденти од XX век. Грција, како дел од ова соседство, била активно вклучена во обидот да се обликува околината и да го покаже своето лидерство, фокусирајќи се на стабилизација на регионот преку пристапување во ЕУ. Со текот на времето, ситуацијата во регионот имала тенденција да стане постабилна, бидејќи некои од државите веќе станале членки на ЕУ, а останатите го следеле нивниот пример.[539] Грција е постојан поддржувач на пристапувањето на балканските држави во ЕУ, сепак нејзините намери, како и нејзиното присуство во регионот, не секогаш биле перципирани на позитивен начин, како од перспектива на нејзините балкански соседи и од другите членки на ЕУ. Во практична смисла, улогата на Грција во регионот се менувала со текот на времето, со оглед на различните надворешно-политички приоритети што ги следела секоја грчка администрација.[540]

Падот на хунтата, проследена со седумгодишното владеење и обновувањето на демократијата во 1974 година, заедно со усвојувањето на јасна западна ориентација, биле заштитен знак на грчката политичка елита низ овие години. Премиерот Константинос Караманлис истакнал два целни приоритети, и тоа: признавањето на централната улога што Грција би можела да ја има во регионот доколку пристапи кон Економската Заедница (подоцна Европска Унија) и унапредувањето и градењето на

[537] Akman, Emine. *Continuity and change in Greek security perceptions and priorities in the post-cold war era*. Ankara: Middle East Technical University, 2005 (5)
[538] Ibid. (6)
[539] Panagiotou, Ritsa. Valvis, Anastasios I. *How is the sovereign debt crisis affecting Greece's relations with the Balkan countries and Greece's standing in the region?* An initial impact assessment. Athens: Hellenic Foundation for European & Foreign Policy (ELIAMEP) – South East European programme, 2014 (19)
[540] Ibid.

односите на земјите со нејзниото соседство на Балкано,т со цел да се спречи Анкара да стекне посилно влијание во останатите држави.[541]

Што се однесува до односите со нејзините балкански соседи, билатералните односи со Бугарија, Романија и Југославија покажале стабилно подобрување во текот на 1980-тите години. Дополнително, Грција презела иницијативи за унапредување на мултилатералната балканска соработка. Овие обиди не дале резултати како што се очекувало. Грција останала прилично внимателна кон соседите, додека Москва и Анкара успеале да ја прекинат соработката во регионот.[542]

Со обновувањето на грчката демократија во 1974 година, кризата во Кипар и Егејското Море, Грција застапила конзистентна политика за да ги обезбеди нејзините северни граници преку подобрување на односите со сите комунистички соседи (освен Албанија). Односите со Југославија биле од особен интерес за Грција. Фактот дека ѝ го понудиле најпристапниот копнен пат до Западна Европа и влијанието што го имал Тито врз Движењето на неврзаните било корисен избор на поддршка за Кипар. Грција и Југославија се договориле да ги повлечат своите трупи од нивните заеднички граници и да ги пренесат во други области кои биле од клучно значење за нивната национална одбрана. Кавгите како „слободната зона“ во солунското пристаниште биле решени на задоволство на двете страни. Понатаму, се проширил обемот на трговија, бил изграден цевковод за транспорт на нафта од Егејот до Скопје и биле обавени посети меѓу Тито и Караманлис.[543]

Покрај позитивниот развој на настаните и поддршката на тврдењата на Скопје и Белград во однос на „македонски малцинства“, главно во Бугарија и во Грција, предизвикало турбуленции. Разликата меѓу позицијата на Белград и на Скопје се состоела во фактот дека додека Скопје го разгледувало признавањето на „македонско малцинство“ во Грција, како предуслов за секое подобрување на грчко-југословенските односи, Белград верувал дека соработката и пријателските контакти би придонесле за поволно влијание за „македонското прашање“.

[541] Panagiotou, Ritsa. Valvis, Anastasios I. *How is the sovereign debt crisis affecting Greece's relations with the Balkan countries and Greece's standing in the region*? An initial impact assessment. Athens: Hellenic Foundation for European & Foreign Policy (ELIAMEP) – South East European programme, 2014 (19)
[542] Ibid. (20)
[543] Veremis, Thanos. *The Modern Balkans: A Concise Guide to Nationalism and Politics. The Rise and Decline of the Nation State*. London: LSEE Research on South Eastern Europe, 2015 (110)

Грчко-бугарските односи значително се подобриле после 1974 година. Посетите меѓу Караманлис и Живков поминале без никакво спомнување на територијални или малцински претензии, додека трговската размена достигнала сума од сто милиони долари во 1978 година. Склучени биле голем број договори за индустриска соработка и биле воспоставени врски меѓу електроенергетските мрежи, бил овозможен пристап до слободната зона на Солун и имало проширување на виталните патни мрежи. По иницијативата на Грција, во февруари 1976 година во Атина била одржана меѓубалканска конференција на министерско ниво.[544]

Бугарија била против мултилатералните балкански односи, но учествувала на конференцијата охрабрувајќи ја Грција за нејзините аспирации како земја членка на НАТО. Покрај напорот на Караманлис, иницијативата била учтиво одбиена од страна на Бугарија. Одбивањето ги одразувало советските стравови дека такво мултилатерално балканското тело може да влијае врз единството на Варшавскиот пакт. За време на неговата средба на Крф со Караманлис во април 1979 година, бугарскиот претседател Живков се согласил да продолжи со мултилатералната соработка во одредени области.[545] Спорот меѓу Југославија и Бугарија околу „Македонското прашање“ понекогаш бил повторно разгоруван од Белград, поттикнат од национализмот на Скопје, а понекогаш и од Софија, чии тврдењата за југословенска Македонија биле поттикнати од Москва.[546]

Обновениот напор од Караманлис за состанување бил учтиво одбиен од Бугарија, одразувајќи ги советските стравови дека институционализирана балканска соработка би можела да влијае на кохезијата на Варшавскиот пакт. Белград зазела средна позиција. Тито сметал дека тоа било условено со решавање на разликите меѓу државите како Грција и Турција, Бугарија и Југославија и Албанија.[547]

Албанија била категорична во своето противење на мултилатералните средби, а Турција се согласила да учествува. Меѓубалканската конференција се одржала од Атина од 26 јануари до 5 февруари 1976 година, со учество на сите балкански држави, со исклучок на Албанија. Дискусиите биле ограничени само на учесниците, а биле

---

[544] Veremis, Thanos. *The Modern Balkans: A Concise Guide to Nationalism and Politics. The Rise and Decline of the Nation State*. London: LSEE Research on South Eastern Europe, 2015 (111-112)
[545] Ibid.
[546] Ibid.
[547] Ibid.

опфатени прашања од земјоделство, ресурси, енергија, транспорт, трговија и туризам, одлуките биле носени врз основа на едногласност, но имало несогласувања во однос на позициите на Грција, Романија и Југославија од една страна и Бугарија, од друга, кои не можеле да се премостат.[548]

Личниот напор на Караманлис да се одржи конференцијата за колапсот на комунизмот во Источна Европа, бил дочекан со мал ентзијазам во повеќето балкански држави. Сталинистичкиот режим во Албанија најпрво се спротиставил на промените, и покрај масовниот егзодус на својот народ во Грција и Италија. Србија сметала дека комунизмот бил единственото ткиво што ги врзува различните етнички групи заедно. Социјалистичката партија на Бугарија обезбедила 47% од гласовите на изборите во јуни 1990 година, а таа била видоизменета верзија на старата владејачка комунистичка партија. Чувствително прашање меѓу Грција и Бугарија била Социјалитичка Република Македонија. Ова прашање се актуелизирало со распаѓањето на Југославија.[549]

Исходот од втората конференција за меѓубалканска соработката, која се одржала во Анкара во периодот од 26 до 29 ноември 1979 година, јасно ставил до знаење дека политичките прашања не можат да се придвижат додека Југоисточна Европа е поделена на блокови. Караманлис не бил обесхрабрен од неговиот план за приближување и политичка соработка, преку градење доверба на неполитички полиња. Откако станал претседател на републиката во 1980 година, ја организирал третата конференција која се одржала во Софија од 15 до 19 јуни 1981 година, проследена со четврта и петта, во Букурешт од 7 до 12 јуни 1982 година и Белград и од 19 до 23 јуни 1984 година.[550]

Грчката Влада предводена од Андреас Папандреу експериментирала со нов концепт на мултилатерализам. Папандреу бил убеден дека Бугарија е единствената балканска членка лојална на Варшавскиот пакт, па оттука иницирал на сопствен бренд на меѓубалканска соработка со поддршка на зона без нуклеарно оружје во регионот. Ова прашање довело до несогласувања од страна на соседните држави, иницијативата била отфрлена од Турција, СССР сфатил дека тоа би им придонесло јасна предност во

[548] Veremis, Thanos. *The Modern Balkans: A Concise Guide to Nationalism and Politics. The Rise and Decline of the Nation State*. London: LSEE Research on South Eastern Europe, 2015 (119)
[549] Koliopoulos, John S. *Greece The modern sequel from 1831 to the present*. London : Hurst & Company, 2002 (314–315)
[550] Veremis, Thanos. *The Modern Balkans: A Concise Guide to Nationalism and Politics. The Rise and Decline of the Nation State*. London: LSEE Research on South Eastern Europe, 2015 (120)

регионот, Југославија била со млака позиција, а Албанија уште еднаш одбила да учествува во дискусијата за мултилатерални прашања. Овој концепт не ја добил поддршката меѓу членките на НАТО кои инсистирале дека регионот не треба да биде одвоен од остатокот на Европа во однос на контролата на оружјето или разоружување. Напорот на Папандреу да ја прошири меѓубалканската соработка за прашањата од „високата политика“ и безбедноста се покажале за неуспешни.[551]

Грчката надворешна политика се покажала неподготвена да се спротивстави на новите предизвици со распаѓањето на Источниот блок и прераспределбата на регионалната моќ. Постојаното побивање на македонскиот проблем и односите со Југославија и Социјалистичка Република Македонија придонесле Грција ни оддалеку да не ја разгледа можноста за предизвикот со Македонија што настанал со распадот на Југославија, признавајќи дека крајот на студената војна секако не бил нешто лесно предвидлив во 1980-те години, кадешто главна грижа на грчката страна била опседнатоста со Турција, што не дозволувала да се обезбедат ниту основни подготовки за кохерентна балканска политика во случај на распад на Југославија и занемарувајќи ги предупредувачките знаци за нејзината веројатност.[552]

На полето на надворешната политика Грција вешто го искористила сопственото членство и влијание во ЕК во периодот 1981 – 2000 година, а тоа ѝ послужило да биде дипломатски лост и механизам за ограничување. Членството на Грција во ЕЗ го искористила во случајот со Турција, воедно убедувајќи ги своите европски партнери дека односите меѓу Турција и ЕК не можат да се нормализираат доколку не се прекине окупацијата на Кипар. Ваков сличен став Грција зазела во однос на Република Македонија во 1990-тите години, со цел да се спречи историско име на античка грчка Македонија. Во двата случаи ЕК функционирала главно како ограничувачки инструмент.[553]

Балканските спорови успеале да влезат во европското проширување и претставувале голема пречка за земјите кандидати вклучени во нив. Европските институции (како Комисијата и Парламентот) се обиделе да го заштитат заедничкиот

---

[551] Veremis, Thanos. *The Modern Balkans: A Concise Guide to Nationalism and Politics. The Rise and Decline of the Nation State*. London: LSEE Research on South Eastern Europe, 2015 (120–121)
[552] Floudas, Demetrius Andreas. *„Macedonia nostra“ An analysis of Greece's dispute with FYROM*. Greece: Prospects for Modernisation Conference, London School of Economics & Political Science, 1994 (19)
[553] Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century*. London and New York: Frank Cass, 2003 (34-35)

европски интерес, но начинот на кој функционира ЕУ не им дозволувал да бидат успешни во тој поглед. Земјите кои поминале низ процесот на пристапување каде што се користело вето (за поддршка или за забавување на процесот) имале поголема веројатност да го користат ветото како земја членка.[554]

Односите меѓу Грција и другите балкански држави во текот на 80-тите години покажале површна хомогеност која не ги одразувала големите внатрешни проблеми на Бугарија, Романија, Југославија и Албанија. Брзото подобрување на климата помеѓу Грција и нејзините соседи се должела на две главни причини: можноста за обезбедување пријателски односи со Балканот и притисокот на кој била изложена од страна на источниот сосед – партнер во НАТО.[555]

Најсериозниот проблем за Атина бил опстојувањето на тврдењата на Скопје, адресирани исто така и до Бугарија, за правата на „македонска нација“ надвор од границите на Југославија. Додека Бугарија имала покренато побарувања во текот на претходните дваесет години врз грчкото население или територии, Социјалистичка Република Македонија никогаш не ги прекинала своите претензии за обединување на македонски простор и промоцијата како лулка на античка нација. Позицијата на Грција била по многу точки слична на онаа на Бугарија, бидејќи ги сметала македонските Словени како историска припадност на бугарското средновековно кралство.[556]

Во март 1988 година, во Белград, бил одржан состанок на балканските министри за надворешни работи, во време кое било погодно за мултилатерални односи. Договорот Реган – Горбачов, со кој се ограничува употребата на нуклеарното оружје, ги подобрило односите Исток – Запад на сите фронтови. Министрите не се занимавале со прашања од високата политика, туку со животната средина, културата, трговијата, комуникациите и образованието.[557]

Во јануари 1989 година се одржал состанок на ниво на претставници на министерствата за надворешни работи и во октомври 1990 година на ниво на министри за надворешни работи, каде биле истакнати заложбите за пријателство и добрососедство. Со распадот на комунизмот и распадот на Југославија, ситуацијата во

---

[554] Naumovski, Vasko. *Bilateral disputes in the European Union enlargement*. Skopje, 2013 (87)
[555] Veremis, Thanos. *The Modern Balkans: A Concise Guide to Nationalism and Politics. The Rise and Decline of the Nation State*. London: LSEE Research on South Eastern Europe, 2015 (112–113)
[556] Ibid.
[557] Ibid.

балканското соседство радикално се сменила. Најважната промена се случила во односот на западните сојузници кон нивните поранешни противници.[558]

Врските меѓу Грција и Албанија биле проширени преку договорот за гранична трговија од април 1988 година. Една година претходно, Грција се откажала од своите стари претензии кон Јужна Албанија и ја прекинала воената состојба која била на сила уште од Втората светска војна. Судбината на грчкото малцинство била главен камен на сопнување во грчко-албанските односи во минатото и продолжило да опстојува како спорно прашање. [559]

Албанија, после децении изолација, бележела напредок само за прашања од области на образованието, комуникациите, животната средина, трговијата и културата. Министрите кои се состанувале на секои две години одлучиле да се формира секретаријат кој би ги координирал активностите. Состанокот на високи функционери во периодот од 18 до 20 јануари 1989 година во Тирана го одобриле албанскиот предлог за формирање начела за соседски односи.[560]

Следниот период се одржале две средби во Софија и Анкара, кои се занимавале со прашања за медиумите и човековите права. Состанокот на експерти, одржан од 23 до 24 мај 1989 година во Букурешт, ги испитал предлозите за градење мерки на доверба и безбедност. Втората балканска конференција на министри за надворешни работи се одржала во Тирана од 24 до 25 октомври 1990 година, во услови на трансформирана светска средина. Од самиот почеток грчкиот и бугарскиот министер за надворешни работи предложиле балканската соработка да биде воспоставена на „пофункционална основа со помош на секретаријат“. Целите на овој постојан балкански секретаријат би биле да делува како судија за етнички и територијални спорови кои ги нарушиле односите во Југоисточна Европа. Грчкиот министер за надворешни работи, Андонис Самарас, побарал формирање истражувачки институт за балканска економска соработка меѓу балканските парламенти.[561]

---

[558] Veremis, Thanos. *The Modern Balkans: A Concise Guide to Nationalism and Politics. The Rise and Decline of the Nation State*. London: LSEE Research on South Eastern Europe, 2015 (112–113)
[559] Koliopoulos, John S. *Greece The modern sequel from 1831 to the present*. London : Hurst & Company, 2002 (318)
[560] Veremis, Thanos. *The Modern Balkans: A Concise Guide to Nationalism and Politics. The Rise and Decline of the Nation State*. London: LSEE Research on South Eastern Europe, 2015 (122–123)
[561] Ibid.

На крајот од дводневната конференција биле одобрени мерки насочени за промовирање и проширување на балканската соработка, како и договор кој повикувал на заштита на културните, јазичните и верските слободи на малцинските групи. Југославија, откако првично не се согласила со хелсиншкиот договор, на крајот одредбата за човековите права за малцинските групи била израмнета со останатите. Во финалниот документ министрите се обврзале за строго почитување на принципите и почитување на независноста, суверенитетот, територијалниот интегритет, неповредливоста на границите, еднакви права и немешање во внатрешните работи.[562]

Од 1990 година безбедноста на Балканот се променила радикално. Новата закана дошла одвнатре, во самите држави. Додека западноевропските етнички групи се осврнале кон европската интеграција, југоисточните европејци немале развиено значајна форма на мултилатерализам кој би можел да понуди решенија за етничките проблеми. Југославија се распаднала на фрагменти кои ги дуплирале етничките проблеми на првобитната сојузна држава. За раскинување на соживот на различни групи, овие држави или продолжија со отцепување на уште помали „соседски" ентитети или со искористување на метод на етничко чистење до масовно истребување и протерување на луѓе од нивната земја. Покрај бавниот напредок, меѓубалканската соработка најпрво давала надеж за мултилатерализам, а исходот бил избувнување на југословенска војна.[563]

Во периодот помеѓу 1974 и 1989 година Балканот бил ветувачки фактор во грчката надворешна политика, но во текот на 1992 – 1995 година регионалната кредитоспособност на Грција била на ниско ниво. По привремената спогодба меѓу Атина и Скопје во 1995 година, започнал период на подобрување и економско напреднување на приватниот сектор. Одлуката на НАТО за бомбардирање на Сојузна Република Југославија, во март/јуни 1999 година, во врска со конфликтот во Косово, сериозно влијаела и предизвикала пустош, што понатака имало големо влијание врз идните случувања. Меките и тврдите протекторати на Западот сега ги вклучиле Босна, Косово, Република Македонија, а до некој степен и Албанија. Овие настани го

[562] Veremis, Thanos. *The Modern Balkans: A Concise Guide to Nationalism and Politics. The Rise and Decline of the Nation State*. London: LSEE Research on South Eastern Europe, 2015 (124)
[563] Ibid. (125)

продлабочиле влијанието на ОН и НАТО во регионот. Отвореното противење на Симитис за воената операција не придонесло за промена на одлуката на НАТО.[564]

Транзицијата што владеела за време на Студената војна ја поттикнала Турција да води поавтономна политика во рамките на НАТО. Инвазијата ја отворила пандорината кутија на егејското прашање. Кипарската криза предизвикала сериозна тензија меѓу Грција и Турција, а егејскиот континентален гребен ги донесол овие две држави на работ до војна. Контолата на воздушниот сообраќај кај морето, оперативната одговорност за Егејското Море и воздушниот простор биле важни за НАТО. Грчко-турските односи цело време биле испреплетени со вербални напади, лобирања, провокации од двете страни, кои во одредени наврати биле на раб на ескалација. Прашањата за Кипар и Егејот не биле официјално поврзани со актуелната грчка политика кон Турција, но всушност Кипар бил главниот катализатор во грчко-турските односи.[565]

Општата ситуација на Балканот со распадот на Југославија придонесла за големи поместувања, за разлика од претходниот период кога биле обединети. Последните економски потреси, заедно со отворањето на потенцијални нови пазари, им го отежнале постигнувањето на состојба на стабилен економски развој. Поголемиот дел од овие земји биле во фаза на транзиција кон воспоставување пазарна економија и создавање основа за самоодржлив економски и социјален раст. Овие држави пред сè биле соочени со широк спектар етнички, економски и социјални прашања.[566]

Крајот на ерата на Студената војна и исчезнувањето на комунистичката закана барало преиспитување и прилагодување на надворешната политика на Грција, заедно со нејзините безбедносни грижи. Одбраната и надворешната политика на Грција влегле во нова фаза, под влјание на промените во глобалната и регионалната безбедносна средина. Безбедноста била основната цел на Грција во поглед на надворешната политика. За Куломбис, грчката надворешна политика била под влијание на многу варијабли, вклучувајќи ги и лидерството, големината, стратешката локација на една

---

[564] Koliopoulos, John S. *Greece The modern sequel from 1831 to the present*. London : Hurst & Company, 2002 (319)
[565] Ibid. (320–324)
[566] Chionis, Dionysios. Liargovas, Panagiotis. Zanias, George. *Greece's Trade With The Balkan Countries: Is It Too Little*?. Journal of Economic Integration 17(3), 2002 (609)

земја, нивото на политички и економски развој, квалитетот на живот, општествената кохезивност, интересите, целите на регионалните актери и големите сили.[567]

Една од највпечатливите промени во грчката надворешна и безбедносна политика во изминатите години бил чекорот кон европеизација. Грција ја доживува ЕУ како единствен инструмент што ќе ги реши проблемите во регионот и се обидувала да стане „сидро на стабилноста на ЕУ“ на Балканот и во Источниот Медитеран. Во тој поглед Грција се насочила кон понатамошна интеграција во НАТО и во ЕУ. Она што всушност Грција го сакала било активно да придонесе за реструктуирање, просперитет и безбедност на нејзиниот близок регион. На тој начин Грција би станала стратешки сојузник на Западот, па дури и да биде во подобра позиција од Турција бидејќи е членка на ЕУ. Грција, со повисока и стратешка позиција во западната алијанса, можела лесно да ги активира нејзините политики во нејзиното стратешко опкружување, поконкретно префрлањето на проблемите со Турција во ЕУ. Грција направила тешки напори да се прилагоди на новата меѓународна средина за да ја обезбеди сопствената безбедност.[568]

Проширувањето било една од најуспешните политики, а ЕУ морала да најде начин да го одржи проширувањето. ЕУ била посветена да придонесе за „мирот, безбедноста, одржливиот развој на Земјата, солидарноста и заемното почитување меѓу народите.“ На народите во земјите кои сè уште се надвор од ЕУ им требало повеќе докази на солидарност. Билатералните блокади секако не биле чин на солидарност и почит.[569]

Првите години по распадот на СССР и крајот на Студената војна биле неплодни за грчката надворешна политика. Грција пропуштила важна можност да се воспостави како претставник на Западот во регионот. Според специјалниот пратеник Метју Нимиц, Грција имала конкретни дејствија кои требала да ги преземе за промовирање на нејзините структурни предности. На почетокот грчката надворешна политика требала да ја одржи силната западна ориентација, со поддржување на визијата за

---

[567] Akman, Emine. *Continuity and change in Greek security perceptions and priorities in the post-cold war era.* Ankara: Middle East Technical University, 2005 (49)
[568] Ibid. (52)
[569] Naumovski, Vasko. *Bilateral disputes in the European Union enlargement*. Skopje, 2013 (91-92)

политика заснована на западните вредности (човекови права, демократски институции и пазарна економија).[570]

Грција требала да преземе задача да промовира внатребалканска соработка, но не само што не го сторила тоа, туку грчките креатори на политиката главно биле водени од сентиментални, а не логични расудувања, особено кон Скопје и Тирана. Постојано правеле погрешни избори и плаќале за своите постапки во прилики кога грчките аспирации биле блокирани.[571]

Грчкото јавно мислење со огромно мнозинство верувало дека Германија и САД имале влијание врз грчките влади. Огромното мнозинство како закана ги сметале Турција и Германија. Голем број од Грците не се чувствуваат загрозени од ниту една друга балканска соседна земја, вклучително и Албанија. Грците им придаваат прилично ограничено значење на односите на нивната земја со соседните земји, најверојатно поради важноста на внатрешните прашања пред надворешната политика во последните години. Односите со Србија, Турција и Бугарија ги сметале за поважни во споредба со односите со Албанија и Република Македонија.[572]

Владите на земјите-членки на ЕУ ќе се откажеле од правото на вето на одредена одлука при проширувањето, доколку сметале дека тоа не ги загрозува нивните национални интереси. Во блиска иднина веројатно нема да дојде до промена на одлучувањето, имајќи ги предвид големите можности за потпора што им ги дава на земјите-членки.[573] Билатералните спорови отсекогаш постоеле на меѓународната сцена, а земјите се обидувале да ги решат во своја полза и ги користат сите достапни алатки за да го постигнат тоа.[574]

---

[570] Panagiotou, Ritsa. Valvis, Anastasios I. *How is the sovereign debt crisis affecting Greece's relations with the Balkan countries and Greece's standing in the region? An initial impact assessment.* Athens: Hellenic Foundation for European & Foreign Policy (ELIAMEP) – South East European programme, 2014 (26)
[571] Ibid.
[572] Armakolas, Ioannis. *The Greek Public Opinion towards Albania and the Albanians Social attitudes and perceptions.* Athens: ELIAMEP – SE Europe programme, Friedrich Ebert Stiftung, 2013 (8)
[573] Naumovski, Vasko. *Bilateral disputes in the European Union enlargement*. Skopje, 2013 (92)
[574] Ibid.

### 3.1 Грчко-албанските билатерални односи

*„Денес вистинскиот тест на моќта не е способноста да се води војна, туку способноста да се спречи тоа.*“[575]

– Ен О'Хар Мекормик

Односите меѓу Албанија и Грција остануваат комплицирана загатка во југоисточна Европа. Албанците и Грците се соседи со обемна историска, економска и социјална врска и се дел од евроатланската геополитичка сфера и во голема мера се согласуваат за поширокатa макроисториска политичка агенда на регионот: воспоставување здрави демократии, силни пазарни економии и владеење на правото, како и интеграцијата на целиот Балкан во Европската Унија и НАТО.[576]

Историските и културните врски помеѓу Грција и Албанија придонсуваат двете држави да одржуваат силни, но понекогаш и комплицирани дипломатски односи. Двете земји се членки на многу меѓународни организации, вклучително и на Советот на Европа и НАТО и споделуваат заеднички политички ставови за Балканот и светот, при што Грција е силен поддржувач на кандидатурата на Албанија за ЕУ, со предлагање „Агенда 2014“ за промовирање на интеграцијата на сите држави од Западен Балкан во Европската Унија.[577] Под грчкото претседателство со ЕУ, Албанија доби официјален кандидатски статус за ЕУ во 2014 година, што се совпадна со 10-годишнината од „Агендата 2014“ предложена од грчката Влада како дел од Самитот ЕУ – Западен Балкан во 2004 година во Солун.[578]

Современите дипломатски односи меѓу двете земји биле воспоставени во 1971 година, а и денес се сметаат за позитивни. И покрај тоа што двата народа споделуваат заеднички традиции, култура, историја и меѓуетнички односи, дипломатските тензии поврзани со грчките заедници во Албанија и со албанските заедници во Грција, продолжуваат да играат улога во нивните билатерални односи. По замрзнувањето на односите меѓу двете држави, кое траело повеќе од 30 години, двете земји повторно

[575] *International Relations Careees*, пристапено на: 22.01.2024, https://internationalrelationscareers.com/issues/international-relations-quotes/
[576] Armakolas, Ioannis. Siakas, George. Berzani, Alketa. Seferaj, Klodjan. *Relations between Albania and Greece*. Tirana: Open Society Foundation for Albania (OSFA), Hellenic Foundation for European & Foreign Policy, 2021 (9)
[577] *Western Balkans*, пристапено на: 21.01.2024, https://transport.ec.europa.eu/transport-themes/international-relations/enlargement/western-balkans_en
[578] *Albania*, пристапено на: 21.01.2024, https://www.consilium.europa.eu/en/policies/enlargement/albania/

воспоставиле дипломатски односи на 6 мај 1971 година, во насока на економската соработка помеѓу Енвер Хоџа и десничарската грчка воена хунта од 1967 до 1974 година.[579]

Грчко-албанските односи по крајот на Втората светска војна не биле добри и двете земји припаѓале на спротивни политички блокови, разделени со „железната завеса". Дури и со отварањето на амбасадите во Атина и Тирана, нивните билатерални односи биле недоверливи. На крајот од 1987 година и почетокот на 1988 година мразот конечно бил прекинат со средбите на двајцата премиери од двете држави.[580]

Врските меѓу Грција и Албанија биле зајакнати преку договор за прекугранична трговија потпишан во април 1988 година. Една година пред тоа, Грција се откажала од своите стари претензии кон Јужна Албанија кои датирале од Втората светска војна.[581]

Ново поглавје во билатералните односи меѓу соседите започнало по распадот на Источниот блок и падот на комунизмот во Албаниј,а на почетокот на 1990-тите години. Поделбата на Европа на два блока имала влијание и врз движењето на луѓе меѓу Грција и Албанија.[582]

Падот на комунистичкиот систем во Албанија бил проследен со големи социјални, економски рани, шок за целото општество и несигурност за функционирањето на демократското општество. Отворањето на границите го донела првото масовно заминување на Албанците на Запад, а како резултат на географската близина, илјадници Албанци заминале во Грција и за неколку години бил достигнат најголем број странци во Грција. Повеќето од албанските емигранти во Грција биле илегални. Посетата на грчкиот министер за надворешни работи Папуљас во Албанија во 1993 година помогнало да се најде меѓусебното разбирање и посветеност на албанските власти во борбата против криминалот и спречување на илегалната имиграција во Грција и гаранција за неповредливост на грчкото малцинство во

---

[579] *Greek-Albanian Links Resume After 31 Years*, пристапено на: 21.01.2024, https://www.nytimes.com/1971/05/07/archives/greekalbanian-links-resume-after-31-years.html
[580] Adamczyk, Artur. *Albanian immigrants in Greece: from unwanted to tolerated? Journal of Liberty and International Affairs*, 2(1), 2016 (49)
[581] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. Modern *Greece: A History since 1821*. Chichester: Wiley-Blackwell, 2010 (172-173)
[582] Adamczyk, Artur. *Albanian immigrants in Greece: from unwanted to tolerated?* Journal of Liberty and International Affairs, 2(1), 2016 (49)

Албанија, а на тој начин Грција би ги легализирала албанските иселеници во Грција преку издавање „зелени картони“.[583]

Грчката надворешна политика за време на Студената војна и после нејзиното завршување настојувала да ги задржи основните принципи кои ја обликуваат надворешната политика, преку промоција на сопствените национални интереси во контекст на сојузи и обврски, мир и стабилност во регионот, реафирмирање на владеењето на правото и справување со причините и појавата на насилството. Развојот на настаните на Балканот директно влијае врз мирот и стабилноста и на грчкото општество.

Крајот на Студената војна и падот на комунистичкиот режим во Албанија придонесол за актуелизирање на чамското[584] прашање. Од 1991 година, чамската заедницата создала своја политичка организација, а подоцна и своја сопствена политичка партија, која остварила резултат на парламентарно претставување. Организацијата првично ги објавила јавно своите тврдења кои не биле така различни од оние претставени во ОН, странските мисии во Тирана и грчката Влада пред само половина век. Како и во меморандумите по Втората светска војна, организацијата барала репатријација и враќање на нивните имоти и богатство, компензација на приходите и почитување на нивните човекови права. Организацијата Чамерија била втората политичка организација основана по 1991 година и прва опозициска партија во Албанија. Се претпоставувало дека ќе има поддршка од некомунистичката Влада во решавањето на чамското прашање и се негувало верувањето дека чамското прашање требало повторно да влезе во агендата на албанско-грчките односи. Чамското население во Албанија и нивната политичката организација се надевала на поддршка од Демократската партија и првата некомунистичка Влада. Почнувајќи од 1991 година наваму, чамското прашање било постојан дел од албанско-грчките односи.[585]

Во 1992 година барањата на албанската страна биле поврзани со финансиска компензација на одземените имоти и репатријација на протераните Чами во нивната земја. Се чинело дека грчката Влада го прифатила враќањето на чамското прашање во

[583] Dervishi, Glevin. *Greek-Albanian Relations, the Past, the Present and the Future*. Mediterranean Journal of Social Sciences, vol. 10, no. 3, 2019 (32)
[584] Чамско прашање е прашање кое го покренува Албанија од 1990-тите години за статусот на Албанците Чами, кои биле протерани од грчкиот регион Епир помеѓу 1944/ 45 година.
[585] Cela, Alba. Rakipi, Albert. Balla, Andi. Zeneli, Bashkim. Feta, Bledar. Koçi, Dorian. Jorgji, Jordan. Giakoumis, Konstantinos. Krisafi, Ledion. Xhepa, Selami. *Albania and Greece: Understanding and explaining*. Tirana: Friedrich-Ebert-Stiftung, 2018 (31)

агендата за билатерални односи на земјите. Покрај ова прифаќање, натамошните ставови на грчката Влада се движеле од целосно одбивање да се признае чамското прашање до одбивање да разговараат за компензација за одземените имоти, аргументирајќи дека чамското население соработувало со окупаторите, декларирајќи ги за воени злосторници. Враќањето на чамското прашање во 1991 година ја означува динамиката на подеми и падови во билатералните односи[586]

Албанските избори во март 1991 година им дозволиле на социјалистите да ја задржат власта, но на изборите во март 1992 година настанал пресврт и на власт дошла Демократската партија, на чело со Сали Бериша. Грчкото малцинството било претставено во албанскиот Парламент со пет пратеници од малцинската партија „Омонија“ во 1991 година, а нејзините пратеници се намалиле на два во 1992 година. Влошувањето на економските и социјалните услови во Албанија придонесле над половина милион илегални имигранти во Грција. Покрај ваквата состојба на финансиска зависност, претседателот Бериша ги заострил односите во 1994 година, со затворање на пет членови на малцинската организација „Омонија“, под обвинение за заговор против државата.[587]

. Кризата на албанско-грчките односи од 1994 до 1995 година дополнително го радикализирала ставот на албанската Влада кон чамското прашање. Од друга страна, кризата од 1997 година, која имала тенденција да ја однесе државата во анархија, го оставила настрана чамското прашање. Во меѓувреме чамското прашање станало сè повеќе дел од внатрешниот конфликт меѓу албанските политички партии.[588]

Во текот на 1995 година односите на Грција и Албанија се подобриле. Претседателот Бериша ги ослободил затворените припадници на грчкото малцинство.[589]

Во однос на албанско-грчките односи, Грција усвоила сет нови мерки за деескалација на тензиите меѓу двете држави и нормализација на односите. Статусот на албанските илегални имигранти во земјата се подобрил, како и соработката во борбата

---

[586] Cela, Alba. Rakipi, Albert. Balla, Andi. Zeneli, Bashkim. Feta, Bledar. Koçi, Dorian. Jorgji, Jordan. Giakoumis, Konstantinos. Krisafi, Ledion. Xhepa, Selami. *Albania and Greece: Understanding and explaining*. Tirana: Friedrich-Ebert-Stiftung, 2018 (32)
[587] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester: Wiley-Blackwell, 2010 (173)
[588] Cela, Alba. Rakipi, Albert. Balla, Andi. Zeneli, Bashkim. Feta, Bledar. Koçi, Dorian. Jorgji, Jordan. Giakoumis, Konstantinos. Krisafi, Ledion. Xhepa, Selami. *Albania and Greece: Understanding and explaining*. Tirana: Friedrich-Ebert-Stiftung, 2018 (32)
[589] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester: Wiley-Blackwell, 2010 (182)

против прекуграничниот криминал. Покрај тоа, Албанија ѝ дозволила на Грција да отвори училишта на грчки јазик во Јужна Албанија. Воените врски, исто така, биле подобрени со грчката помош за реструктуирање на вооружените албански сили и со заеднички воени вежби.[590]

На 21 март 1996 година бил потишан договорот за пријателство, соработка и добрососедство помеѓу Грција и Албанија, којшто на своевиден начин ја гарантирал безбедноста. Може да се констатира дека односите на Грција со соседните држави Турција, Бугарија, Република Македонија се различни од односите што ги имала со Албанија, бидејќи имала значителен дел од своето население на албанска територија, отколку со другите соседни држави, покрај фактот дека Турција била вистински предизвик за Грција и националната безбедност, а односите со Бугарија биле поврзани со историјата на Западна Тракија. Односите со Република Македонија, според грчката страна, биле попречени со прашањето за името кое во основата било вистинска закана и изразувало територијални претензии. Колапсот на комунистичкиот режим во Албанија донесол големи политички промени и силно влијаел врз билатералните односите во корист на Грција.[591]

Операцијата „Алба“ била мултинационална мировна сила испратена во Албанија во 1997 година, предводена од Италија, чија цел била да и помогне на албанската Влада да го врати законот и редот за време на Албанската граѓанска војна.[592]

Членството на Албанија во НАТО одиграло важна улога во промената на ситуацијата на Балканот, а уште повеќе за Грција ова пристапување го поттикнало спроведувањето на стратегијата за контрола, наспроти забавување на европската интеграција. Интегративниот процес на земјите од регионот и надзорната стратегија вклучувала интеграција и консолидирање на процесите на земјите од регионот во сите аспекти, вклучително и безбедносните. Одржувањето на земјите од регионот ангажирани во евроинтегративните процеси бил дел од грчката стратегија, која ѝ овозможувала на Грција да има инструмент за внатрешен притисок врз земјите од

[590] Akman, Emine. *Continuity and change in Greek security perceptions and priorities in the post-cold war era*. Ankara: Middle East Technical University, 2005 (67)
[591] Dervishi, Glevin. *Greek-Albanian Relations, the Past, the Present and the Future*. Mediterranean Journal of Social Sciences, vol. 10, no. 3, 2019 (31)
[592] *Security council marks withdrawal of multinational force from Albania; need for continuing global support is noted*, пристапено на: 21.01.2024, https://press.un.org/en/1997/19970814.sc6410.html

соседството во процесот на пристапување кон ЕУ. Грција имала предност од членството во евроатлантските структури и придобивка од практикувањето на балканска политика поради условите зададени за понатамошниот евроинтеграциски пат.[593]

Европската Унија имала силна заложба за европска интеграција на балканскиот регион. Договорот за стабилизација и асоцијација бил потпишан со Албанија во јуни 2006 година и стапил на сила во април 2009 година. Албанија во голема мера имала корист од поддршката на Грција во овој процес и требала да биде посветена во зачувување и продлабочување на оваа поддршка. Од друга страна, европската иднина на Албанија била посакувана цел за Грција. Западниот сосед, кој би бил безбеден и стабилен, интегриран во Унијата, би придонесол за позитивен исход во Грција.[594]

Еден од најголемите парадокси помеѓу грчко-албанските односи бил Законот за воена состојба кој опстојувал, а бил донесен во 1940 година. Албанија и Грција ги обединило заедничкото членство во НАТО од 2009 година. Покрај нивното членство во сојуз, каде земјите-членки се согласиле да се вклучат во заедничка одбрана во случај на напад од трета страна, Грција го задржала Законот од 1940 година, одобрен со кралски декрет.[595]

Главни предизвици на грчко-албанските односи биле разграничувањето на поморските зони, континенталниот гребен и ексклузивната економска зона.[596] Грција не можела да се справи со притисокот на НАТО-членките за да се спречи членството на Албанија во алијансата. По членството на Албанија во НАТО во 2009 година и претстојната грчка економска криза, Грција почнала да ѝ дава приоритет на својата дипломатија во изнаоѓање решенија за економските и финансиските проблеми. Грција отсекогаш била клучен фактор за интегративните процеси на Балканот и отсекогаш играла улога врз судбината на регионот кон ЕУ, но кризата ѝ наметнала на Грција

---

[593] Dervishi, Glevin. *Greek-Albanian Relations, the Past, the Present and the Future*. Mediterranean Journal of Social Sciences, vol. 10, no. 3, 2019 (33)
[594] Cela, Alba. Rakipi, Albert. Balla, Andi. Zeneli, Bashkim. Feta, Bledar. Koçi, Dorian. Jorgji, Jordan. Giakoumis, Konstantinos. Krisafi, Ledion. Xhepa, Selami. *Albania and Greece: Understanding and explaining*. Tirana: Friedrich-Ebert-Stiftung, 2018 (14)
[595] Ibid. (21)
[596] Panagiotou, Ritsa. Valvis, Anastasios I. *How is the sovereign debt crisis affecting Greece's relations with the Balkan countries and Greece's standing in the region? An initial impact assessment*. Athens: Hellenic Foundation for European & Foreign Policy (ELIAMEP) – South East European programme, 2014 (34)

повлекување од Балканот, со создавање отворен простор за други регионални и вонрегионални актери.[597]

Грција е главен економски партнер на Албанија во текот на последните 25 години. Од падот на комунизмот мигрирале и најмалку 700 илјади Албанци кои моментално живеат и работат во Грција. Мнозинството Албанци верувале дека земјата е под странска закана и дека оваа закана доаѓа од Грција. [598]

Албанија и Грција, иако се членки на НАТО, дополнително се разликуваат во нивните различни надворешно-политички ориентации на Балканот. Грчката страна во повеќе наврати гледала недоверба во Албанија, а тоа особено паѓало в очи по создавањето и признавањето на новата држава Косово. Грција била една од двете балкански држави и една од петте европски држави која не го признала Косово како независна држава. Непризнавањето на Косово во одредена мера влијаело на билатералните албанско-грчки односи.[599]

Билатералните односи со Грција претставуваат важен аспект во надворешната политика на Албанија. Грција е соседна земја и стратешки партнер на Албанија. Низ историјата различни и сложени прашања ги дефинирале односите меѓу Албанија и Грција, кои понекогаш предизвикувале тензии и спорови меѓу две земји.[600]

Најважните прашања кои континуирано предизвикувале загриженост меѓу двете земји биле: Законот за војна, чамското прашање, албанските мигранти во Грција, грчкото малцинство во Албанија, а и поморските граници. На 27 април 2009 година албанската и грчката Влада го потпишале договорот Договор за разграничување на албанско-грчкиот континентален гребен и поморски зони, познат во јавноста како „Договор за море“. Од април 2010 година двете земји биле во спор за прашањето за морската граница. .[601]

Една година подоцна албанскиот Уставен ауд го поништил договорот поради повреда на територијалниот интегритет. Договорот бил постигнат по помалку од две

---

[597] Dervishi, Glevin. *Greek-Albanian Relations, the Past, the Present and the Future*. Mediterranean Journal of Social Sciences, vol. 10, no. 3, 2019 (33)
[598] Cela, Alba. Rakipi, Albert. Balla, Andi. Zeneli, Bashkim. Feta, Bledar. Koçi, Dorian. Jorgji, Jordan. Giakoumis, Konstantinos. Krisafi, Ledion. Xhepa, Selami. *Albania and Greece: Understanding and explaining*. Tirana: Friedrich-Ebert-Stiftung, 2018 (22)
[599] Ibid.
[600] Ndoj, Dorina. *The political discourse on the Albanian-Greek „Sea Agreement dispute“*. International Journal of Academic Research and Reflection Vol. 3, No. 7, 2015 (1-2)
[601] Ibid.

години, проследени со доверливи преговори меѓу владите на двете земји. По потпишувањето на договорот следел невиден приговор во јавноста од албанските експерти, академици и спротивставени политички партии кои тврделе дека договорот предизвикал значителни прекршувања на албанската граница. Во однос на загриженоста за краткото време и процес на преговори, како и за содржината на договорот, преговарачкиот тим се соочил со бурни реакции во јавноста, тврдејќи дека преговорите и договорот ќе му наштетат на националниот интерес на Албанија. На 15 април 2010 година албанскиот Уставен суд го поништил договорот поради „процедурални и суштински прекршувања на Уставот и Конвенцијата на ОН за поморското право“.[602]

По поништувањето на „Договорот за море“ од страна на албанскиот Уставен суд, Грција одбила да ја прифати судската одлука и затоа одбила повторно да преговара за условите на договор. Од албанска страна се тврдело дека грчката Влада била „доминантна“ и ја обликувала конструкцијата на политичкиот дискурс за „морскиот договор“, а воедно имала и влијание врз можните идни сценарија за решение. Грција постојано ги користела методите и средствата за притисок врз Албанија во однос на прашањето за поморската граница, преку наметнување на сопствената позиција како важен чинител во однос на интеграцијата на Албанија во ЕУ. Со оглед на фактот што Грција одбила повторно да преговара за условите за договор, високи функционери на двете влади ја истакнале опцијата за решавање на спорот во меѓународниот трибунал, иако и двете земји имале сознанија дека не било исплатливо за ниту една држава. Напорите за разграничување на континенталниот гребен биле неуспешни, а тоа било проследено со уште едно несогласување меѓу двете земји за ексклузивни економски зони во Јонското Море.[603]

На 9 ноември 2010 година Европската комисија го издала своето мислење за апликацијата на Албанија за членство во ЕУ. Комисијата оценила дека пред преговорите за пристапување да бидат формално отворени, Албанија морала да постигне неопходен степен на усогласеност со критериумите за членство, особено за да ги исполни 12 клучни приоритети идентификувани во мислењето на Комисијата. Овие приоритети вклучувале завршување на суштинските чекори во реформата на јавната

[602] Ndoj, Dorina. *The political discourse on the Albanian-Greek „Sea Agreement dispute“*. International Journal of Academic Research and Reflection Vol. 3, No. 7, 2015 (1–2)
[603] Ibid. (4-5)

администрација, усвојување и спроведување на реформска стратегија за судството, зајакнување на борбата против организираниот криминал, развивање солидна евиденција во борбата против корупцијата и зајакнување на заштитата на човековите права.[604]

Во октомври 2012 година Европската комисија препорачала Албанија да добие кандидатски статус, под услов да се завршат клучните мерки во областа на реформите на судството и јавната администрација и ревизија на парламентарниот деловник.[605]

Одлуката на Уставниот суд за нацрт-договорот од 2010 година и политичката ротација во Албанија во 2013 година, придонесло на сцена да се вратат барањата на Тирана за укинување на Законот за војна, што испратило јасна позиција за непризнавање на нацрт-договорот од 2010 година за разграничување на поморските области. Оваа констелација на настани го сменила текот на политиката на Тирана, а воедно значело и промена за Атина која, по речиси четири години недостаток на билатерална комуникација со Тирана, мислела дека повторно ќе се активира и да ја унапреди својата политичка и дипломатска позиција со Албанија. Тирана изразила позиција за силна решителност да се пронајдат решенија со Атина за сите билатерални прашања наследени од минатото, што би значело промена во новото стратешко опкружување кое произлегувало од новата реалност на билатералните односи меѓу двете земји.[606]

Продлабочувањето на економската кризата во Грција довело до бегство на голем број албански емигранти од Грција во други ЕУ земји или нивно враќање назад во Албанија. Оваа поставеност на условите довело и до обезбедување простор на Тирана за маневрирање што претходно ѝ недостасувал. Во овие услови Грција морала да се приспособи кон нова реалистична стратегија со Албанија, а во исто време морала

[604] *EU Enlargement policy – Albania*, пристапено на: 23.05.2023, https://www.consilium.europa.eu/en/policies/enlargement/albania/
[605] Ibid.
[606] Dervishi, Glevin. *Greek-Albanian Relations, the Past, the Present and the Future*. Mediterranean Journal of Social Sciences, vol. 10, no. 3, 2019 (33-34)

да им ја претстави на партнерите од ЕУ и НАТО оваа неповолна ситуација на билатерални односи како нормална.[607]

Грција се обидела да го намали притисокот од нејзиниот северен сосед, вклучително и Албанија, во време кога се појавиле тешкотии во односите меѓу Атина и Скопје, а исто така и статус-кво кризата меѓу Атина и Анкара која секогаш била присутна. Оваа ситуација со Албанија била надвор од нормалните параметри на грчката надворешна политика и доктрината на Теодоропулос, кој предвидувал дека Грција не може да биде во непријателска ситуација со двата соседи во исто време, а и да се справува со Турција преку дипломатски пристап да се изградат пријателски односи.[608]

Во контекст на актуелните промени, Грција била заинтересирана да го намали бројот на проблеми, а Албанија била на првата линија грчки интерес на Балканот. Во таа насока биле преземени чекори за интензивирање на дијалогот, инициран од двајцата поранешни министри за надворешни работи, Бушати и Коsијас.[609]

После Самитот во Солун, одржан во јуни 2013 година Албанија, била надворешно-политички приоритет на Владата на Грција, не само од политички аспект, туку и преку нејзината поддршка со сеопфатни развојни програми. Односите биле стратешки, сеопфатно градени во европски дух. Присуството на грчкото етничко малцинство во Албанија сè уште било многу важна политичка тема која имала влијание врз односите на државите.[610]

Со доаѓањето на Социјалистичката партија на власт во 2013 година, премиерот на Албанија, Еди Рама, донесол нов модел на однесување во областа на надворешната политика. Во тој контекст тој артикулирал „Нула проблеми“ со соседите, како еден од главните водечки принципи во неговата политика, начин на практикување преку кој Албанија би се прикажала како пријателска држава. Принципот на практикување во

---

607 Dervishi, Glevin. *Greek-Albanian Relations, the Past, the Present and the Future*. Mediterranean Journal of Social Sciences, vol. 10, no. 3, 2019 (33-34)
608 Ibid.
609 Ibid.
610 Cela, Alba. Rakipi, Albert. Balla, Andi. Zeneli, Bashkim. Feta, Bledar. Koçi, Dorian. Jorgji, Jordan. Giakoumis, Konstantinos. Krisafi, Ledion. Xhepa, Selami. *Albania and Greece: Understanding and explaining*. Tirana: Friedrich-Ebert-Stiftung, 2018 (48)

надворешната политика се покажал успешен и кон билатералнте односи со Грција. Во односите помеѓу Тирана и Атина следеле повеќе кооперативни патеки, со многу контакти на високо ниво кои придонесле до формирање заеднички експертски состаноци на кои се отворале многу прашања за кои се разговарало во детали.[611]

. Албанија стана официјално земја-кандидат во 2014 година и следен чекор било отворање на преговорите, но патот бил долг и напорен.[612] Во 2014 година дошло до тензии кога албанскиот Парламент го усвоил Законот за управна и територијална поделба на територијата, што произвело негодување кај Грција поради можноста да се стават под закана малцинските права. Тензиите продолжиле во 2015 година, а на 4 мај 2015 година албанските властите доставиле официјален демарш до грчкиот амбасадор, барајќи од Атина да ги ревидира своите планови за енергетско истражување во Јонското Море, со образложение дека ќе навлезат во албанските територијални води.[613] Тензиите повторно се појавиле во 2016 и 2017 година. Овојпат тензиите биле иницирани од одлуката на локалните власти во албанскиот градот Химара да ги урне домовите на 19 етнички грчки семејства. Правата на грчкото малцинство во Албанија претставуваат значајна алка во политиката на Грција, која постојано го условувала подобрувањето на билатералните односи и на Албанија и пристапувањето во ЕУ пред сѐ преку почитување на овие малцински права.[614]

Албанија и Грција повторно го обновиле дијалогот за други клучни прашања преку заеднички комитети на експерти, во однос на ревизијата на училишните учебници, прекуграничното управување и заштита на слатките води и патниот транспорт. Во 2016 година заседавал мешовитиот комитет за патен транспорт во Тирана, за натамошно унапредување на албанско-грчката соработка во транспортно поле.[615]

---

[611] Cela, Alba. Rakipi, Albert. Balla, Andi. Zeneli, Bashkim. Feta, Bledar. Koçi, Dorian. Jorgji, Jordan. Giakoumis, Konstantinos. Krisafi, Ledion. Xhepa, Selami. *Albania and Greece: Understanding and explaining*. Tirana: Friedrich-Ebert-Stiftung, 2018 (74-76)
[612] *EU Enlargement policy – Albania*, пристапено на: 23.05.2023, https://www.consilium.europa.eu/en/policies/enlargement/albania/
[613] Cela, Alba. Rakipi, Albert. Balla, Andi. Zeneli, Bashkim. Feta, Bledar. Koçi, Dorian. Jorgji, Jordan. Giakoumis, Konstantinos. Krisafi, Ledion. Xhepa, Selami. *Albania and Greece: Understanding and explaining*. Tirana: Friedrich-Ebert-Stiftung, 2018 (78–80)
[614] Ibid. (81)
[615] Ibid. (98)

Албанија и Грција имале билатерални односи со низа опструкции и недоразбирања во изминатиот период. Во инетервјуто спроведено со универзитетскиот професор Димитри Сотиропулос, на прашањето дали смета дека Грција е сосед кој ги поддржува другите соседни земји на патот на европската интеграција или смета дека Албанија и Северна Македонија веројатно ќе имаат опструкции од грчка страна во иднина, тој истакна: „Албанија и Северна Македонија најверојатно нема да имаат опструкции од грчка страна во иднина. Во дипломатска и економска корист на Грција е Северна Македонија и Албанија да се приклучат кон ЕУ. Што порано тоа подобро. Покрај Бугарија, која веќе е земја-членка на ЕУ на северната граница на Грција, две други држави, Северна Македонија и Албанија, наредени на истата граница, ќе бидат земји -членки на ЕУ. Оваа перспектива би била од корист за Грција и за стабилноста на Југоисточна Европа“.[616]

Европската интеграција треба да биде клучната позитивна цел за подобрување, развивање и усовршување на билатералните односи меѓу Албанија и Грција. Доколку двете страни се стремат да негуваат добри форми на комуникација во сите сектори, би придонесло за општествен развој во двете држави.[617]

### 3.1.1 Статусот на грчкото малцинство во Албанија

„*Не можеме и не треба да ги спречуваме луѓето од миграција. Мораме да им дадеме подобар живот дома. Миграцијата е процес, а не проблем*.“[618]

– Вилијам Л. Свинг

Во периодот од 1944 година до падот на комунизмот во 1991 година, грчкото малцинство трпело дискриминација и прекршување на човековите права. Вистинската големина на малцинството била особено спорна, бидејќи била нераскинливо поврзана со историските територијални претензии кон Јужна Албанија од страна на разни грчки националистички групи, како и некои елементи во грчката црква и држава, кои тврделе

---

[616] *Интервју со проф. д-р Димитри Сотиропулос*, 21.07.2023, Интервју преку интернет платформа, 20 часот
[617] Cela, Alba. Rakipi, Albert. Balla, Andi. Zeneli, Bashkim. Feta, Bledar. Koçi, Dorian. Jorgji, Jordan. Giakoumis, Konstantinos. Krisafi, Ledion. Xhepa, Selami. *Albania and Greece: Understanding and explaining*. Tirana: Friedrich-Ebert-Stiftung, 2018 (16)
[618] *William L. Swing*, пристапено на: 16.10.2022, https://www.azquotes.com/author/51285-William_L_Swing

дека дел од Јужна Албанија, кај Грците познат како Северен Епир, историски ѝ припаѓал на Грција. Овие тврдења биле поврзани врз основа на одлуките донесени на амбасадорската конференција, одржана во декември 1912 – јануари 1913 година, во која на Албанија ѝ биле доделени сегашните граници. Во тоа време се зборувало дека има грчко малцинство од околу 35.000, бројка за која грчките националисти отсекогаш тврделе дека е грубо потценување. Во годините пред тоа имало жестоки меѓуетнички конфликт кај малцинството во регионите на Корча и Ѓирокастро.[619]

За време на поголемиот период од Студената војна, односите меѓу Грција и Албанија биле напнати, главно поради големото грчко малцинско население (проценето помеѓу 250.000 и 400.000) во Албанија, кое било лишено од основните човекови права од сталинистичкиот албански режим на Енвер Хоџа. Во средината на 1980-те години бил направен напредок во односите, иако двете земји технички сè уште биле во војна, според грчкиот Кралски декрет издаден во 1940 година.[620]

По 1978 година Албанија и Грција ја зајакнале нивната соработка во трговијата. Во 1985 година границата меѓу двете земји била повторно отворена, за првпат после четириесет и пет години. Овој настан бил поздравен и двете страни отвориле нова ера во нивните односи. Падот на комунистичкиот режим во 1990 година бил проследен со целосен економски колапс, а после краток перод на либерализација, тензиите повторно се зголемиле меѓу двете земји. Клучното прашање биле илјадниците Албанци и грчко-албански бегалци кои почнале да пребегнуваат во Грција поради отвореноста на границата, а дневно пребегнувале над 900 лица.[621]

Спорот меѓу албанската и грчката Влада за статусот и правата на етничкото грчко малцинство во Јужна Албанија неизбежно придонесле за православната религија во Албанија да е поконтроверзна од останатите религии. Колапсот на еднопартиската држава во 1991 година го отворила начинот за постепено повторно воведување на верската практика. Отсуството на обучено албанско свештенство довело до силно потпирање на свештениците од Грција, Кипар и далечните области на грчката дијаспора. Во тој период Православната црква во Албанија се обидела да негува добри односи со која било Влада на власт во Тирана, за да продолжат долготрајните

[619] Vickers, Miranda. *Balkans Series The Greek Minority in Albania – Current Tensions*. Shrivenham: Defence Academy of the United Kingdom, 2010 (2)
[620] Curtis, Glenn E. *Greece: a country study*. Library of Congress. Headquarters, Department of the Army, 1995 (263)
[621] Ibid. (263)

преговори за враќање на земјиштето во сопственост на црквата од пред 1939 година. Во раните 1990-ти години, црквата почнала да бара компензација од Владата за загубата на имотот.[622]

Грчката традиција се однесувала на византиското и православно наследство, што укажува на врски со Истокот, заедно со грчката дијаспората која живела во источниот дел на Средоземното Море, во близина на Црното Море, оттука и општата поддршка и прифаќање за имигрантите кои дошле во Грција на почетокот на 1990-тите од поранешниот Советски Сојуз и главно од регионот на Црното Море. Иако го познавале грчкиот јазик, доселениците не можеле да го докажат своето грчко потекло, па биле третирани како „локалци“ и веднаш добивале статус на бегалци, социјални бенефиции и на крајот државјанство.[623]

Грчката православна црква одиграла витална улога во градењето позитивен став на грчкото општество. Во текот на целата модерна историја на Грција, црквата ја штитела „грчкоста“ и Грција од другите. Црквата јавно ја осудувала албанската Влада во комунистичките времиња за дискриминација и угнетување на грчкото малцинство кое живело во Северен Епир, т.е. жителите на Јужна Албанија од православна вероисповед, па оттука и негативниот став на црквата кон Албанците поврзани со исламот.[624]

Најголемиот прилив на имигранти во Грција од Албанија бил во 1991 и 1997 година, првично поради финансиски пирамиди кога Албанија претрпела политичка и економска криза. Негативниот однос на Грците кон Албанците бил во тоа што ги прикажувале како криминалци, традиционални непријатели и освојувачи на Грција. Уште повеќе, двете најголемите политички партии, ПАСОК и Нова демократија, наметнале тешки програми и политика кон имигрантите, во обид да се добие политички капитал. Очигледно било дека негативното мислење кон Албанците имало своја основа. Како резултат на приливот на стотици имигранти во Грција во 1990-тите години, стапката на криминал значително се зголемила. Треба да се напомене дека критиките не се однесувале на албанските имигранти со грчко потекло кои биле

[622] Vickers, Miranda. *Balkans Series The Greek Minority in Albania – Current Tensions*. Shrivenham: Defence Academy of the United Kingdom, 2010 (4)
[623] Adamczyk, Artur. *Albanian immigrants in Greece: from unwanted to tolerated?* Journal of Liberty and International Affairs, 2(1), 2016 (54)
[624] Ibid.

третирани на позитивен начин, а на кои им биле издадени визи и одобренија за работни дозволи.[625]

Православната црква била тесно поврзана со етничкото грчко малцинство на југот на земјата и напорите на тоа малцинство да го задржи својот идентитет. Етничкото грчко малцинство во Албанија претставувало јазично, културно и религиозно различно малцинство, повеќето од нив живееле јужно, на линијата што се протегала приближно од јадранското пристаниште Валона до источниот град Корча, со посебна концентрација во долината на Дрим.[626]

Во 1991 годна, во обид да се ограничи приливот на бегалци поради подобри економски услови, Владата на Мицотакис потпишала меѓубанкарски договор за доделување на Албанија 20 милиони американски долари. Средствата била потрошени, а после приклучувањето на Албанија во КЕБС, неколку меѓународни организации повикале да се преиспитаат средствата и да се обезбеди соодветна примена на парите. Албанскиот претседател Сали Бериша бил обвинет за корупција и злоупотреба на заеми од Светска банка. Како што се влошувале економските услови во Албанија, Бериша се обидел да го пренасочи јавното мислење и започнал со актуелизација на правата на малцинствата, до степен и на кршење на човековите права. Во меѓувреме бегалската криза сѐ повеќе се активирала и голем број граѓани од Албанија пребегнувале во Грција.[627]

Со распадот на комунизмот, албанскиот Парламент транзитирал во повеќепартиски систем. Во февруари 1991 година се формирала грчката партија во Албанија – „Омонија“, чиј главен приоритет ѝ бил бранење на правата на грчкото малцинство. На изборите во март 1991 година „Омонија“ освоила пет пратенички места во албанскиот Парламент. Во јули 1993 година, грчкиот премиер Константинос Мицотакис ги прекинал правата што ги имале Албанците од Косово за сметка за грчкото малцинство во Албанија.[628]

---

[625] Adamczyk, Artur. *Albanian immigrants in Greece: from unwanted to tolerated?* Journal of Liberty and International Affairs, 2(1), 2016 (55)
[626] Vickers, Miranda. *Balkans Series The Greek Minority in Albania – Current Tensions*. Shrivenham: Defence Academy of the United Kingdom, 2010 (1)
[627] Curtis, Glenn E. *Greece: a country study*. Library of Congress. Headquarters, Department of the Army, 1995 (264)
[628] Aydin, Abdurrahim F. Progonati, Erjada. *Albanian Foreign Policy in the Post-Communist Era*. Madrid: UNISCI, Universidad Complutense de Madrid, 2011 (260)

Од крајот на 1991 година две третини од малцинското население, заедно со десетици илјади етнички Албанци, заминале да живеат во Грција, оставајќи ги претежно постарите роднини да бидат чувари на нивниот албански имот. Проценките на етничкото грчко малцинство во Албанија се движеле од 2 до 7 % од вкупниот број на населението, но општо прифатен став бил дека денес има приближно помеѓу 45 – 50.000 етнички Грци во Албанија, приближно 2% од вкупното албанско население.[629] Според пописот од 1961 година, бројот на Грци бил 40.000, а до 1981 година бројката се искачила на 58.758, што било пораст пропорционално на општиот пораст на населението во Албанија. Повеќето грчки извори тврделе дека грчкото малцинство изнесува 250.000 – 300.000 луѓе. Ова може да биде реално ако се вклучат и православните Албанци, како и влашката заедница, кои исто така се православни по вера. Во Албанија општо се верувало дека многу од оние кои се сметаат за дел од малцинството се всушност Албанци кои едноставно зборувале грчки поради нивната работа во Грција, поради близината со малцинството или дека навистина биле Власи по потекло и поради нивната христијанска православна религија.[630]

По падот на комунизмот во Албанија во 1992 година, голем број економски бегалци и имигранти од Албанија пребегнале во Грција, главно како илегални имигранти, чија цел била подобри услови за работа. Грчките националистички групи, како што бил Американскиот хеленски институт, тврдел дека бројката за малцинското население била грубо искривена, цитирајќи ја Светската книга за факти на ЦИА од 1992 година, која го евидентирала грчкото малцинство со 8% од вкупното население, а народни организации го проценувале грчкото малцинство на околу 8,75% од населението во Албанија. Проблемот бил што од 1992 година околу милион Албанци, вклучително и етнички Грци, емигрирале во потрага по работа, а со тоа фактите од ЦИА од 1992 година, од пред колапсот на комунизмот, биле целосно застарени.[631]

Етничкото грчко малцинство било единственото малцинство во Албанија кое било доволно големо за да има политичко, економско и општествено значење. Ова дополнително било потенцирано со близина на соседната грчка држава и кон која тежнееле сè поблиски економски и културни врски. Грчкото малцинство го

---

[629] Vickers, Miranda. *Balkans Series The Greek Minority in Albania – Current Tensions. Shrivenham*: Defence Academy of the United Kingdom, 2010 (1)
[630] Ibid.
[631] Ibid. (1-2)

претставувал Демократскиот сојуз на грчкото малцинство, „Омонија“ и од политичката партија Унија за човекови права, која била во коалиција и со Демократската партија и со Социјалистичката партија. Политичката партија Унија за човекови права била основана во февруари 1992 година, по донесувањето на Законот за забрана на партиите засновани на „етнички принципи“. Партијата станала изборен наследник на „Омонија“, освојувајќи две пратенички места во март 1992 година, наспроти петте места на „Омонија“ во 1991 година.[632]

За време на претседателствувањето на Сали Бериша (1992 – 1997 година), односите помеѓу Тирана и Атина биле заладени, а цената на заладените односи ја плаќало етничкото грчко малцинство. Во пролетта 1993 година грчкиот свештеник, Архимандрит Хрисостомос бил протеран од Албанија поради божемните субверзивни антиалбански активности. Тирана го обвинила за злоупотреба на својата служба проповедајќи енозис – заедница со Грција. Понатака следеле напади од широки размери на имоти во грчка сопственост во Јужна Албанија. Во април 1994 година избиле и вооружени инциденти. Ултранационалистичка етничка грчка милитантна група „Ослободителен фронт на Северен Епир“ нападнала мала албанска воена станица во близина на Ѓирокастер, при што загинале двајца војници. Пет етнички Грци кои ѝ припаѓале на „Омонија“ биле уапсени и осудени за соучесништво во нападот. Грција одговорила со ставање вето за влез на Албанија во Европската Унија.[633]

Односите меѓу Грција и Албанија станале посериозни кога лидерите на „Омонија“ побарале автономија на грчкото малцинство во Албанија. Тогашниот албански претседател Сали Бериша започнал со помалку толерантна политика кон грчкото малцинство. Во 1994 година петте избрани членови на „Омонија“ беа уапсени и обвинети за промовирање сепаратизам. Во одговор грчката Влада повторно ги нападнала албанските бегалци со депортирање на приближно 70.000 луѓе. Во исто време Грција се заканала дека ќе го користи право на вето да ја запре помошта што ѝ се дава на Албанија од ЕУ.[634]

---

[632] Vickers, Miranda. *Balkans Series The Greek Minority in Albania – Current Tensions. Shrivenham*: Defence Academy of the United Kingdom, 2010 (2)
[633] Ibid. (3)
[634] Aydin, Abdurrahim F. Progonati, Erjada. *Albanian Foreign Policy in the Post-Communist Era*. Madrid: UNISCI, Universidad Complutense de Madrid, 2011 (260)

Во 1995 година бил спречен граничен напад на МАВИ (MAVI) [635], при што биле уапсени тројца грчки државјани и четворица грчки Албанци. После овие настани билатералните односи постепено почнале да се подобруваа,т поради препознавањето на придобивките од зајакнувањето на економските односи. После ослободувањето на петмината обвинети во 1995 година, следела успешна посета на грчкиот претседател Констандинос Стефанопулос на Тирана во 1996 година, по што двете земји потпишале Договор за пријателство, со кој грчкото на малцинство требало да му се почитуваат правата и да се отворат повеќе училишта на грчки јазик. Согласно овој договор, уредно биле отворени неколку такви училишта, а бил основан и факултет на грчки јазик како филијала на Универзитетот Ѓирокастро.[636]

До 1996 година, грчката Влада стравувала дека соседните земји ќе го спроведат економското ембарго за Македонија, ставајќи вето на средствата што ЕУ ги доделила на соседните земји на Грција. Во 1996 година почнале да се менуваат албанско-грчките односи и започнале да се подобруваат. Ова било поврзано со економските проблеми што ги имала Албанија во овој период. Бројот на Албанците кои емигрирале во Грција рапидно се зголемувал. Грција ја вклучила Албанија во грчкиот план за економско реструктуирање на Балканот, со кој Грција се обврзала за финансирање на одредени инфраструктурни проекти во Албанија.[637]

Градот Химара на јужниот брег на Албанија имал големо влијание врз албанско-грчките односи, особено во предизборниот период. Буквално сите парламентарни и локални избори во Албанија се проследени со тензии и бројни инциденти во Химара, во врска со грчкото малцинство. Градот се користел како корисен пион од Атина на речиси ист начин како што албанската Демократска партија го користела селото Лазарат на периферијата на Ѓирокастро, во обид да го дестабилизира југот на Албанија по последиците од востанието од 1997 година.[638]

За време на Албанскиот бунт од 1997 година, Грција учествувала во мултинационалната мировна и хуманитарна операција „Алба“. Исто така, пред

---

[635] МАВИ / MAVI – Северноепирски ослободителен фронт
[636] Vickers, Miranda. *Balkans Series The Greek Minority in Albania – Current Tensions*. Shrivenham: Defence Academy of the United Kingdom, 2010 (4)
[637] Aydin, Abdurrahim F. Progonati, Erjada. *Albanian Foreign Policy in the Post-Communist Era*. Madrid: UNISCI, Universidad Complutense de Madrid, 2011 (261)
[638] Vickers, Miranda. *Balkans Series The Greek Minority in Albania – Current Tensions*. Shrivenham: Defence Academy of the United Kingdom, 2010 (5)

операцијата „Алба“, Грција учествувала во „Операцијата Космас“ на 15 март 1997 година. Денес двете нации ги опишуваат своите односи како „одлични“, сметајќи ја Грција за еден од нејзините „најсилни и најважни сојузници“ бидејќи и двете се земји-членки на НАТО, а воедно имаат блиски односи во денешно време.[639]

Во Албанија има три етнички малцинства: грчко, македонско и црногорско малцинство и две културни малцинства: влашко и ромско. Грчкото малцинство е најважното малцинство од сите малцински групи. Правата на малцинствата се гарантирани со Уставот од 1998 година во Албанија. Според овој Устав, малцинствата во Албанија се еднакви по социјалните, економските, политичките и граѓанските права со оние на Албанците. Ретроспективно, Албанија ја потпишала Конвенцијата за заштита на националните малцинства на Советот на Европа, кој стапил во сила на 1 јануари 2001 година. Меѓу Грција и Албанија има неколку конфликти. Главната причина за овие конфликти во билатералните односи помеѓу Албанија и Грција била благосостојбата на малцинството на југот на Албанија и албанските бегалци кои емигрирале во Грција. Според грчкиот план „Северен Епир“, Албанија со скептицизам пристапува кон грчкото малцинство кое живее во Јужна Албанија. Во 1986 година било легализирано преминувањето на границите меѓу двете земји. Во 1987 година Грција го актуелизира статусот на Законот за војна од 1940 година, очекувајќи позитивно влијание врз грчкото малцинство во Албанија. Грчкиот Парламент не го добил мнозинството гласови за отстранување на статусот на Законот за војна. Потоа односите меѓу двете земји почнале да се влошуваат.[640]

Дестабилизирачка клима била застапена и на контроверзните локални избори во октомври 2000 година, окарактеризирани со силен националистички призвук и од албанските и од етничките грчки политички партии. Тензиите се зголемиле откако биле поканати грчки претставници да зборуваат на митинзите на локалните избори. Изборниот законик на Албанија забранува учество на странски државјани во изборните кампањи. Неколку грчки пратеници и дипломати исто така отишле во Химара да го набљудуваат гласањето во вториот круг, град кој во грчките медиуми бил наречен „бастион на хеленизмот во Албанија“. Оваа посета предизвикала силна негативна

[639] Marchio, Colonel. Riccardo. *„Operation Alba“: A European approach to peace support operations in the Balkans*. Pennsylvania: U.S. Army War College, 2000 (1–10)
[640] Aydin, Abdurrahim F. Progonati, Erjada. *Albanian Foreign Policy in the Post-Communist Era*. Madrid: UNISCI, Universidad Complutense de Madrid, 2011 (260)

реакција кај Албанците, барајќи од албанските политичари да реагираат против таквото мешање од соседна земја во внатрешните работи на државата.[641] Изборната атмосфера поминала со обид за поткуп на гласови, тензии и насилство. После изборните случувања етничкото грчко малцинство одлучило да го бојкотира пописот од 2001 година. Претседателот на „Омонија“, Вангел Дуле, ги обвинил албанските власти дека се обидуваат да извршат притисок врз грчкото малцинско население да се декларираат како Албанц. „Омонија“ го повикала малцинството да го бојкотира пописот за да се запре „албанизацијата“ на малцинските области.[642]

Имиграцијата во Грција била горлива тема на дискусија во изминатите години. Реформите кои биле преземени изминатиот период делумно го регулирале статусот на илегалните имигранти, бидејќи процесот сè уште бил премногу бирократски и одземал време. Грчката Влада исто така се обидела да го рационализира процесот на депортација на Албанците од земјата и затоа, како резултат на претходните преговори со албанската Влада, бил склучен договор во 2001 година. Помеѓу 2002 и 2004 година грчката Влада ги насочила своите напори кон создавање програма која би овозможила поширока интеграција на имигрантите во грчкото општество, но резултатите не биле добри. Во 2005 година Нова демократија имплементира нови прописи кои требало да го направат процесот на регулирање на престојот во Грција помалку бирократски. Резидентната дозвола и работната дозвола биле споени во еден документ. Следејќи ги барањата наметнати од ЕУ, била воведена регулатива за давање дозволи за престој. Факт било тоа дека преземените чекори всушност донеле мали промени во имигрантското прашање.[643]

За време на првата администрација на Бериша, односите меѓу малцинството и албанските власти се подобриле, исто и за време на владата предводена од социјалистите од 1997 до 2005 година. Ситуацијата почнала да се влошува по реизборот на Сали Бериша на парламентарните избори во јули 2005 година. Во мај 2006 година група грчки лидери на малцинствата од Ѓирокастро испратиле петиција до главните албански институции и меѓународните институции и организации, во кои се барало „запирање на дискриминацијата од страна на Владата на Сали Бериша“.

---

[641] Vickers, Miranda. *Balkans Series The Greek Minority in Albania – Current Tensions*. Shrivenham: Defence Academy of the United Kingdom, 2010 (5)
[642] Ibid.
[643] Adamczyk, Artur. *Albanian immigrants in Greece: from unwanted to tolerated?* Journal of Liberty and International Affairs, 2(1), 2016 (52)

Петицијата била објавена за време на состанокот во селото Грапш меѓу членовите на „Омонија" и претставници на канцеларијата на ОБСЕ во Ѓирокастро.[644]

Во јануари 2006 година Владата понудила помош од 184 милиони евра за Албанија, и покрај фактот дека Грција можела да ги спречи овие средства и исто така можела да стави вето на процесот за членство на Албанија во ЕУ. Низ различни периоди од историјата било очигледно дека Грција имала тенденција да биде сојузничка моќ на Балканот. Покрај економските проблеми, Грција генерално се подобрувала и настојувала да ја зајакне „економската дипломатија" што се однесува кон балканските држави. Албанската Влада презела некои чекори за да се поправи вмешаноста на грчкото влијание внатре, во нејзините граници. Во ноември 2005 година, во извештајот на Европската комисија, бил нагласен напредокот што Тирана го постигнала за заштита на правата на малцинствата.[645]

Во ноември 2006 година албанската Влада го одобрила доделувањето на двојно државјанство на регистрираните членови на етничкото грчко малцинство во Албанија. Како многу одлуки кои што се однесуваа за грчкото малцинство, одлуката се покажала многу контроверзна, при што многу Албанци го гледале овој потег како обид за промена на границите на Албанија во корист на Грција. На приближно 20.000 албански државјани им биле издадени грчки пасоши, што поттикнало голем број етнички Албанци да се обидат да побараат некоја форма на грчки идентитет. Наредниот период постепено се подобрувале односите меѓу Тирана и Атина, а повторно станало тензично кога започнале меѓународните разговори за независноста на Косово во 2007 година. Свесен за барањата на косовските Албанци, грчкиот претседател Каролос Папуљас повикал на почитување на правата на грчкото малцинство во Албанија, тврдејќи дека етничката грчка заедницата продолжила да се бори за своите права.[646]

Контроверзниот градоначалник на Химара, Васил Болано, во повеќе прилики изјавил дека би сакал да ја види автономна областа Северен Епир. Во април 2007 година, Болано кажал уште една многу провокативна изјава дека Северен Епир (Јужна Албанија) требало да биде независен и дека грчкото малцинство не барало ништо

[644] Vickers, Miranda. *Balkans Series The Greek Minority in Albania – Current Tensions*. Shrivenham: Defence Academy of the United Kingdom, 2010 (5–6)
[645] Aydin, Abdurrahim F. Progonati, Erjada. *Albanian Foreign Policy in the Post-Communist Era*. Madrid: UNISCI, Universidad Complutense de Madrid, 2011 (261)
[646] Vickers, Miranda. *Balkans Series The Greek Minority in Albania – Current Tensions*. Shrivenham: Defence Academy of the United Kingdom, 2010 (6)

повеќе од она што Албанија го барала за Косово. Тирана ги отфрлила неговите барања за „специјален статус“ или автономија за областа Химара, тврдејќи дека локалната грчка заедница била премногу мала за да гарантира таков статус.[647] Овие настани придонесле дополнително да се заладат односите меѓу Грција и Албанија. Како што продолжиле разговорите за Косово, тензиите растеле. Во јуни 2007 година некои патокази на грчки јазик во селата Дропули и Поштем биле избришани и заменети со буквите UCC (Ослободителната војска на Чамерија), напишани со сина боја.[648]

Во јануари 2008 година, во говорот за заштита на правата на грчките малцинства во Албанија, грчкиот претседател Каролос Папуљас објаснил дека секој со грчко потекло може да се обрати во Грција за да добие двојно државјанство. Бериша им возвратил со сличен гест на Албанците во Атина. Во овој случај некои албански емигранти во Грција ги сменилe албанските имиња во грчки имиња за да земат грчки пасош. Во овој случај предлогот на грчката Влада за двојно државјанството претставувал опасност за идентитетот на некои Албанци со промената на имињата. На тој начин Грција се справувала со грчкото малцинство во Албанија, и покрај фактот што го имала отфрлено постоењето на албанското малцинство во нејзините граници од 1940 до тите години.[649]

Наредниот период бил проследен со протести, негодување за сообраќајните знаци кои не биле двојазични. После независноста на Косово во пролетта 2008 година, премиерот Сали Бериша се обидел да ги смири стравувањата на Атина и грчкото малцинство околу поимот „Голема Албанија“, нагласувајќи дека има одредени имотно-правни прашања во регионот. Следниот месец средношколците албанци од Саранда организирале демонстрации, прри што го запалиле грчкото знаме и скандирале „Химара е албанска“. Тензиите и етничките инциденти во областа Химара останале на високо ниво. Во март 2009 година градоначалникот на Химара конечно бил обвинет од албанското обвинителство за претходно преземените одлуки.[650]

[647] Vickers, Miranda. *Balkans Series The Greek Minority in Albania – Current Tensions*. Shrivenham: Defence Academy of the United Kingdom, 2010 (6)
[648] Ibid.
[649] Aydin, Abdurrahim F. Progonati, Erjada. *Albanian Foreign Policy in the Post-Communist Era*. Madrid: UNISCI, Universidad Complutense de Madrid, 2011 (261)
[650] Vickers, Miranda. *Balkans Series The Greek Minority in Albania – Current Tensions*. Shrivenham: Defence Academy of the United Kingdom, 2010 (7)

Грција е цврст поддржувач на евроатлантските интеграции на Република Албанија, а од влезот на Албанија во НАТО во мај 2009 година, албанско-грчките односи се развивале на сите фронтови. Односите, особено по изборната победа на Еди Рама во 2013 година, бележат масовно подобрување и затоплување на односите меѓу двата народа за краток временски период, при што албанскиот шеф за надворешна политика, Ралф Ѓони, ги опишува дипломатските односи меѓу двете земји како „одлични“.[651]

Според Ана Трандафилиду, програма за интеграција на странците во грчкото општество практично не постоела до 2010 година. Сепак, за Албанците кои долго престојувале во Грција секоја промена што ќе им овозможела да добијат грчко државјанство била од витално значење за нив. Либерализацијата на законите им помогнала на над 45.000 луѓе, главно Албанци со грчко потекло, да добијат државјанство во следните 3 години од 2009 година. Последователните промени кои биле воведени во 2010 година од Владата на ПАСОК уште повеќе ја либерализирале натурализацијата. Подоцна законот воведен во 2010 година од Владата на ПАСОК бил прогласен за неуставен и бил поништен.[652] Во 2011 година бил спроведен попис на кој се покажало дека има приближно 912.000 странци во Грција, од кои 713.000 државјани надвор од ЕУ. Албанците ја сочинувале најголемата група – приближно 480.000 луѓе. Имајќи го предвид моменталното население во Грција (11 милиони) и фактот дека на пописот не го опфатил бројот на илегални странци, се проценувало дека Албанците сочинуваат 5% од граѓаните во Грција.[653]

Следните влади се обиделе да ги „запечатат“ границите на земјата во страв од огромен прилив на илегални имигранти. Пример за ваква акција на Владата на Нова демократија во периодот од 2012 до 2013 година била операцијата „Ксениос Зевс“, а како резултат на операцијата, илјадници луѓе биле депортирани од Грција, вклучително и 10.000 Албанци во 2012 година и над 6.000 во 2013 година. Властите во Тирана ги прифатиле грчките предлози за реадмисија на Албанците уапсени за илегално преминување на границата или илегален престој во Грција, без никакви

[651] Albanian official: „*We are much more pro-European than several EU members*“, пристапено на: 21.01.2024, https://www.euractiv.com/section/enlargement/interview/albanian-official-we-are-much-more-pro-european-than-several-eu-members/
[652] Adamczyk, Artur. *Albanian immigrants in Greece: from unwanted to tolerated?* Journal of Liberty and International Affairs, 2(1), 2016 (53)
[653] Ibid.

проблеми. Ова во голема мера се должи на договорот за реадмисија од 2003 година потпишан меѓу тие земји и нивната меѓусебна соработка во таа сфера.[654]

Во 2014 година бил воведен уште еден закон за миграција. Новите прописи биле водени со обид за решавање на миграциските проблеми кои произлегувале од економската криза во Грција и последователните бранови бегалци од арапските држави, кои продирале во Грција од Турција. Како резултат на растечката невработеност за време на кризата, голем број странци ги загубиле своите работни места и за возврат го загубиле својот легален имигрантски статус и неизбежно биле истиснати надвор од социјална маржа, што последователно генерирало раст на илегални имигранти во Грција.[655]

Една година по изборот на Рама, односите меѓу Албанија и Грција се влошиле и станувале сè позатегнати. Договорот што ги дефинирал поморските граници не бил непочитуван од албанската страна. Под грчкото претседателство со ЕУ, Албанија го добила официјалниот статус на кандидат за членка на ЕУ, што се совпаѓал со 10-годишнината од „Агендата 2014“ предложена од грчката Влада за зајакнување на интеграцијата на Албанија и сите земји од Западен Балкан во Европската Унија.

Во 2015 година Грција се соочила со бегалска и мигрантска криза. Главен проблем на грчките политичари биле илегалните имигранти и бегалци кои доаѓале преку Турција од Блискиот Исток.

Во јули 2015 година грчкиот министер за надворешни работи Никос Коѕијас ја посетил Албанија, како дел од неговата турнеја низ Западен Балкан. За време на неговата посета, двете нации ги потврдиле своите блиски врски, нагласувајќи дека меѓу двете држави немало отворени прашања или табу теми. Тие се согласиле дека морското прашање ќе го решат во догледно време, но двајцата министри ги истакнале блиските, стратешки и пријателски врски на народот. Коѕијас истакнал дека грчкото национално малцинство, Албанците во Грција и нивното заедничко минато и иднина биле мостови за одржливи, силни и плодни односи.[656]

---

[654] Adamczyk, Artur. *Albanian immigrants in Greece: from unwanted to tolerated?* Journal of Liberty and International Affairs, 2(1), 2016 (54)
[655] Ibid. (53)
[656] *Joint statements of Foreign Minister Kotzias and Albanian Foreign Minister Ditmir Bushati during their press conference* (Tirana, 15 July 2015), пристапено на: 21.01.2024, https://www.mfa.gr/en/current-affairs/top-story/joint-statements-of-foreign-minister-kotzias-and-albanian-foreign-minister-ditmir-bushati-during-their-press-conference-tirana-15-july-2015.html

Дискутирањето со регионалните претставници и претставниците на ЕУ за развојот на потребната политичка култура и потребата од проширување на политичкиот дијалог низ Југоисточна Европа, бил со цел создавање на неопходни услови за одржлив демократски поредок низ целиот регион. Во 2015 година Ралф Ѓони истакнал дека земјите во Југоисточна Европа требало да негуваат попозитивна култура на политички дијалог, при што секоја земја би требало да биде попродуктивна во однос на нивната специфична европска агенда. Според него „проблемот на Балканот бил кога опозициските политички партии хронично одбивале да учествуваат во законодавниот процес и кога биле создадени сите неопходни услови за дијалог“. Главниот советник за надворешна политика заклучил: „Пораките што доаѓаат од Брисел се клучни и треба да бидат конзистентни и сеопфатни. Без оглед на тесните политички интереси во Европскиот парламент, Брисел постојано давал јасно до знаење дека парламентарниот бојкот е неприфатлива практика, според денешните демократски норми“.[657]

Во интервјуто со универзитетскиот професор Васко Наумовски, на прашањето дали се можни идни опструкции од грчка страна на евро-интеграцискиот пат на Албанија и Македонија, истакна: „Позицијата на полноправна држава членка секогаш дава една поголема комоција во билатералните односи, односно Грција ќе може да поставува разни прашања и нема да бидам изненаден доколку и во нашиот случај и во случајот со Албанија се поставуваат нови услови во соодветните поглавја. Во случајот на Албанија тоа ќе биде веројатно поврзано со правата на грчката заедница таму, вклучувајќи и еден своевиден инцидент после еден изборен циклус кога еден од кандидатите којшто припаѓа на грчката заедница беше несоодветно третиран од страна на албанската администрација и држава. Сѐ додека ги исполнуваат критериумите на Копенхаген, ниту една држава не би требало да протестира против нивното зачленување, меѓутоа сведоци сме дека во подолг временски период државите членки се обидуваат, преку своевидено флексибилно толкување на критериумите од Копенхаген, да внесат во процесот на проширување и типични билатерални прашања и на тој начин да го забават унапредувањето на државите. Сето тоа секако ќе зависи и од внатрешните политички прилики во Грција, како политичките елити таму ќе се обидат да го употребат или злоупотребат соодветното билатерално прашање за внатрешно политички цели. Тоа не е нешто што е далеку од целите на создавањето на Европската

[657] *Ralf Gjoni – Articles and Thoughts*, пристапено на: 23.05.2023, http://ralfgjoni.blogspot.com/2015/

Унија, меѓутоа реалноста е таква што мораме да се соочиме со нејзе и да најдеме некаков соодветен одговор на тоа“.[658]

Во интервјуто спроведено за целите на оваа докторска дисертација со поранешниот министер за надворешни работи на Република Македонија, Антонијо Милошоски, на прашањето дали смета дека Грција е сосед кој ги поддржува останатите соседски држави во евро-интеграцискиот пат или смета дека е можно и во идина да имаат опструкции од грчка страна, тој истакна: „Моето мислење е дека Грција делумно ги поддржува евроинтеграциите на соседите коишто не се членки на ЕУ, во случајов тоа се Македонија и Албанија. Зошто викам делумно, затоа што кога ќе ја слушаме официјалната реторика на грчките претставници: премиер, министер за надворешни при нивни посети на Тирана, Скопје или на Брисел на темата проширување, тие се секогаш во изјавите позитивни, но не сум сигурен дека таа поддршка е безусловна. Во случајот на Македонија се покажа дека ние имаме големо задоцнување во евроинтеграциите токму заради односот на Грција со злоупотреба на спорот за името и не би ме изненадило доколку Грција на ист начин се постави и кон европските перспективи на Албанија. Со користење на нивниот поморски спор којшто го имаат, исто така со користење на нивните билатерални прашања поврзани со грчкото малцинство во Албанија. Тоа што сакам да го потенцирам во однос на пристапот на Грција и регионот на Западен Балкан е дека од поранешната министерка за надворешни работи на Грција, Дора Бакојани  во текот на 2009 – 2010 година лично сум посведочил дека нејзиниот став по однос на регионот е дека ниедна друга земја од регионот нема да стане членка на ЕУ побрзо од Република Србија“.[659]

Милошоски во интервјуто истакна: „Грчката позиција и по однос на Албанија и по однос на Македонија претпоставувам дека по еден дел е детерминирана и од динамиката на евроинтеграциите на Србија. Затоа сметам дека нивната поддршка и кон Албанија ќе биде делумна и ќе се тактизира, нема да биде Грција спонзор, покровител на членството на Албанија во ЕУ, нема да биде главен опструктор, но во секој случај

[658] *Интервју со проф. д-р Васко Наумовски*, 30.05.2023, Правен факултет  „Јустинијан Први“. Скопје, 11 часот
[659] *Интервју со поранешниот министер за надворешни работи на Република Македонија, Антонио Милошоски*, 05.07.2023, Собрание на РСМ, 10 часот

ќе си ги користи ресурсите за да може да ја успори или забрза динамиката на интеграциите согласно со нивните национални интереси во регионот“.[660]

### 3.2 Грчко-турските билатерални односи

„*Меѓународната политика, како и секоја политика, е борба за моќ*“[661]

Х– Ханс Ј. Моргентау

Потеклото на грчко-турската интеракција може да се следи station наназад со вековна антагонистичка историја, ривалство, поплаки и недоверба меѓу двете земји. Конфликтите и натпреварувачкиот однос меѓу двете земји имаато длабоки историски корени. Тоа било вградено во двете култури, со оглед дека двете држави го поврзуваат своето постоење, како важен дел од нивниот идентитет, на искуства кои се поврзани со негативни перцепции на другата страна.[662]

Кипар одамна бил во фокусот на политичкиот конфликт, пред сè поради неговата стратешка положба помеѓу Европа и Азија. Низ историјата Кипар бил окупран од Асирците (707 – 650), Египќаните (570 – 546), Персијците (546 – 333), Птоломејите (320 – 58), Римјаните (58 п.н.е. – 330 н.е.) и Венецијанци (1489 – 1571). Кипар бил освоен од страна на Турците Османлии во 1571 година. Во овој период луѓето со кој бил населен Кипар зборувале грчки јазик.[663]

Османлиското освојување на Кипар во 1571 година трајно ја променило кипарската култура, општество и политичките случувања. Кипар добил бикомунален карактер, со две различни етнички заедници, јазици и религии. После освојувањето биле населени околу 30.000 Турци, со цел да се формира турски елемент во кипарското општество. За време на османлиското владеење до 1878 година, немало отворен конфликт помеѓу Грците и Турците на островот. Системот кој бил воспоставен од

[660] *Интервју со поранешниот министер за надворешни работи на Република Македонија, Антонијо Милошоски*, 05.07.2023, Собрание на РСМ, 10 часот
[661] *Hans J. Morgenthau*, пристапено на: 10.10.2022, https://www.goodreads.com/author/quotes/419918.Hans_J_Morgenthau
[662] Naoum, Michael. *The Greek-Turkish Rapprochement Process, 1999 – 2004*: Paradigm Shift or Epi-phenomenon. Monterey: Naval postgraduate school, 2004 (1)
[663] Yılmaz, Muzaffer Ercan. *The Cyprus conflict and the Annan plan: Why one more failure?* Bandırma : Balıkesir Üniversitesi, 2005 (29)

Османлиите ја зацврстил кохезијата на етничкото грчко население на островот. Од 1878 година се зголемило британското влијание на островот за помош на Османлиите за да го намалат влијанието од страна на Русија.[664]

Османлиското освојување на Кипар во 1572 година трајно ја променила кипарската култура, општеството и политичките случувања. Кипар добил бикомунален карактер со две различни етнички заедници, јазици и религии. Иако Турците Османлии кои се населиле на Кипар биле и останале малцинско населението на островот, тие ја имале контролата на островот до 1878 година, кога Британија го презела островот како дел од нејзината империјална експанзија на Блискиот Исток. Според системот милиет на отоманската управа, Православната црква на Кипар ги презела административните овластувања и станала портпарол на заедницата на кипарските Грци.[665]

Кога Османлиите се приклучиле кон Централните сили во Првата светска војна, Велика Британија, во 1914 година, еднострано го анектирала островот. Британското владеење било формално признато од турската Влада во 1923 година, со Договорот од Лозана. Во 1931 година островот бил под британска власт, а движењето на кипарските Грци за сојуз со Грција станало сè подоминантно. Кипарските Турци реагирале на тие движења. Со заминувањето на Британците во 1950-тите години, започнала поделбата на островот. Во овој период во Кипар влијаела грчката организација ЕОКА (Национална организација на кипарски борци). Кипарските Труци формирале своја организација – Волкан, која подоцна била преименувана како ТМТ (Турска одбранбена организација).[666]

Соживотот на двете заедници го одбележале најголемиот дел од периодот на османлиското и британското владеење. Во овој период се развиле заеднички врски меѓу двете заедници, и покрај сепаратистичките политики кои биле белег на британската администрација. Неподготвеноста на Британија да одговори на политичките барања на заедницата на кипарските Грци за обединување со Грција, неуспехот за обезбедување самоуправа од мнозинските интереси и практикувањето на

[664] Yılmaz, Muzaffer Ercan. *The Cyprus conflict and the Annan plan: Why one more failure?* Bandırma : Balıkesir Üniversitesi, 2005 (30)
[665] Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century*. London and New York: Frank Cass, 2003 (111-112)
[666] Ibid.

политиката „раздели па владеј", ги ограничила политичките опции на кипарските Грци, што довело до вооружена борба против Британија која започна во 1955 година.[667]

Додека политичката свест на кипарските Грци била окарактеризирана со различни политички движења, политичката ренесанса на кипарските Турци не се движела во таа насока. Кипарските Турци го одржувале колонијалниот статус-кво, кој го сметале како алтернатива на повиците на кипарските Грци за припојување кон Грција. Кипар, во тој период, бил главен политички приоритет на Турција сé до 1950-тите и почетокот на вооружената борба на кипарските Грци против британското колонијално владеење. Првично Британија се обидела да ја вовлече Турција во кипарскиот проблем за да се смират политичките барања што произлегувале од Атина и Никозија. Според Роберт Холанд кој соодветно документирал, до 1957 година британската политика на Кипар била контролирана од Турција.[668]

Во 1959 година во Цирих имало обид да се изнајде решение за насилството на островот. На состанокот биле застапени претставници на Велика Британија, Турција, Грција и НАТО. Преговорите завршиле безуспешно и не бил изнајден компромис.[669]

Британија ги привлекла и САД во кипарскиот спор со врамување на проблемот во рамките на Студената војна и американската политика во Југоисточна Европа и Источен Медитеран. Политичките одговори на Вашингтон биле фокусирани кон влијанието на проблемот врз грчко-турските односи и политиката на Грција и Турција, за понатамошна ефективност и кохезија на југоисточното крило на НАТО, поради можното учество на Русија во внатрешниот НАТО-спор. Поради овие причини Вашингтон настојувал за вклучување на Обединетите Нации во спорот, претпочитајќи наместо консултации во рамките на НАТО, грчко-турските разговори да се водат под

[667] Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century*. London and New York: Frank Cass, 2003 (111-112)
[668] Ibid. (112)
[669] Ibid.

покровителство на ОН, а со тоа би се ограничило директно посредување и влијание особено од Советскиот Сојуз.[670]

Кипар извојувал независност од Велика Британија во август 1960 година. Оттогаш, последователните кипарски влади, главно, биле насочени кон одржување на суверенитетот и територијалниот интегритет на Републиката и признавањето на нејзината Влада. На 16 август 1960 година било донесено компромисно решение за независност на Република Кипар меѓу грчкото барање за енозис и турското контра-барање за таксим. Формирањето на кипарската држава не било во согласност со волјата на грчката и турската заедница, кои не покажале желба да живеат во една заедничка држава.[671] Прашањето за континуитетот на Република Кипар било уште една константа во еволуцијата на овој спор. Од декември 1963 до 1974 година, за време на турската инвазија, Републиката успеала да се одржи, и покрај заканите за нејзиното постоење од страна на сецесионистички активности на кипарските Турци и дестабилизацијата на кипарската Влада од страна на грчката хунта.[672]

Историјата на современите грчко-турските односи во периодот од 1923 до 2013 се карактеризирале со низа подеми и падови или, како што многу научници сакале да кажат, како „студена војна без крај“. Во текот на XX век до ден денес, пробните односи меѓу Грција и Турција биле во голем фокус на загриженост меѓу политичките и воените лидери и на регионално и на меѓународно ниво. Различните варијабли на домашната и меѓународната политика имале влијание врз оваа проблематична врска, притоа биле преземени низа политики за подобрување на ситуацијата, но без трајни резултати.[673]

Економската заедница била променлива во однос на грчко-турските односи и морала да се прилагоди на постојните надворешно-политички цели. Односите помеѓу Турција – ЕУ имале долго минато. Турција аплицирала за членство во Европската Економска Заедница уште во јули 1959 година, еден месец потоа и Грција, а на 12

670 Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century*. London and New York: Frank Cass, 2003 (112)
671 Ibid (30-31)
672 Ibid. (114)
673 Koukoudakis, George. *Explaining the Endurance of Greek-Turkish Rapprochement Process*. Uluslararası İlişkiler, Volume 11, No. 44, 2015 (82)

септември 1963 година била потпишана спогодба за асоцијација. Дополнителен протокол бил потпишан во ноември 1970 година, каде што правилата за перспективата на Турција биле детално елаборирани. Тоа вклучувало царинска унија со Европската Економска Заедница, што требала да следи по одлуката за пристапување на Турција во Заедницата.[674]

После осамостојувањето, започнале да се јавуваат проблеми меѓу кипарските Грци и кипарските Турци во врска со толкувањето на Уставот, кој исто така бил обликуван од страна на Велика Британија, Грција и Турција. Последователните уставни кризи ја парализирале владата, а на крај тоа се прелеало во меѓукомунални борби. Во 1963 година, три години после формирање на Републиката, насилството прераснало во големи размери. Во 1964 година била испратена мировна мисија на ООН, била направена „тампон зона“ меѓу спротивставените групи која била надгледувана од специјални сили. Во јули 1974 година, Националната гарда на кипарските Грци, со поддршка на грчкиот воен режим од 1967 година, извршила успешен државен удар. Заедничкиот план бил да се реализира енозис. Претседателот Макариос побегнал во Лондон, а Никос Сампсон, поранешен член на ЕОКА, бил назначен за нов претседател.[675]

Поради новонастанатата ситуација, Турција веднаш воено интервенирала и го оправдала своето дејствие, врз основа на статусот како држава-гарант, според договорите од Цирих 1959 година и од Лондон од 1960 година. Турските сили зазеле околу 38% од територијата на островот, делејќи го островот на два дела: јужниот дел – грчки и северниот дел – турски. После турската интервенција, имало бројни напори за преговарање за новата државна структура меѓу кипарските Грци и Турци под покровителство на ОН, но преговорите биле без усепх.[676]

Периодот помеѓу 1963 и 1974 година може да се опише како период на страдање на турската страна. Кипарските Турци биле принудени сами да живеат во

---

[674] Grigoriadis, Ioannis N. *The Changing Role of the EU Factor in Greek-Turkish Relations*. London: London School of Economics and Political Science, Hellenic Observatory, 2003 (2)
[675] Ibid. (31)
[676] Ibid.

енклави и во тој период не контролирале повеќе од 5% од територијата на островот, додека тие поседувале околу 35% во времето на формирањето на Република Кипар.[677]

Турската инвазија на Кипар во 1974 година била извршена за етничко чистење и окупација на речиси 38% од островот, со што се променил не само преговарачкиот баланс помеѓу двете заедници, туку драстично се променила демографската поставеност на островот. Организираниот прилив на турски доселеници, кои се чинило дека се побројни од кипарското турско население, додало нова димензија на проблемот. Потрагата по сеопфатно решение започнала во 1975 година во Виена. После долг преговарачки процес, со освоени околу 100 резолуции на ОН за Кипар и вклучување на претставници на генералниот секретар и други меѓународните посредници, проблемот останал нерешен. Едни од причините за продолжување на кипарскиот проблем биле неуспехот да се спроведат резолуциите од Советот за безбедност на Обединетите Нации за Кипар; распространетоста на стратешките, економските и политички размислувања за функционално и остварливо решение; непопустливите политики на последователните турски влади и политичките услови кои постоеле во секоја кипарска заедница.[678]

Во август 1974 година, брзорастечкиот анти-американизам и последиците од двојната турска инвазија на Кипар извршиле притисок врз новопоставената Влада во Атина. Грчкиот министер за одбрана, Евангелос Авероф, военото раководство и премиерот Константинос Караманлис заклучиле дека војната против Турција би била многу опасна опција, како седумте години на хунтата, што придонесло за кревката состојба на грчките вооружени сили. Наместо војна на 14 август 1974 година Караманлис најавил повлекување на земјата од интегрираната војска на НАТО структурата и побарал повторно преговори за иднината на базите на САД на грчко тло.[679]

---

[677] Grigoriadis, Ioannis N. *The Changing Role of the EU Factor in Greek-Turkish Relations*. London: London School of Economics and Political Science, Hellenic Observatory, 2003 (33)
[678] Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century*. London and New York: Frank Cass, 2003 (119)
[679] Karamouzi, Eirini. Chourchoulis, Dionysios. *Troublemaker or Peacemaker? Andreas Papandreou, the Euromissile Crisis and the policy of peace, 1981 – 1986*. Cold War History, 19 (1). ISSN 1468-2745, 2018 (4)

Грција не се повлекла од Групата за нуклеарно планирање на НАТО (НПГ), а со тоа Американците не ги отстраниле нуклеарните боеви глави. Во рамките на НПГ, Владата на Караманлис делумно ја поддржала одлуката на НАТО за „двојна насока“, бидејќи искрено верувала дека нуклеарната рамнотежа во Европа била разнишана. Поради распоредувањето на SS-20, но и затоа што немало ракети Cruise или Pershing II, сите дополнителни нуклеарни системи требале да бидат распоредени на грчка територија. Караманлис верувал дека Западот требало да бара да се ублажат прекумерните советски стравови, да се намалат тензиите и недовербата и да се бара стабилна рамнотежа во однос на нуклеарните и конвенционалните сили на двата блока.[680]

После трагичните настани на Кипар и колапсот на хунтата, демократијата во Грција повторно била вратена. За извонредно краток период, политичките партии биле реорганизирани и биле спроведени избори, на коишто победа издвоил Караманлис со неговата партија Нова демократија, а во Грција била воспоставена претседателско парламентарна република. Настаните на Кипар и неспособноста или неподготвеноста на НАТО за заштита имале длабоко влијание врз Грција и повикале на радикално преиспитување на нејзината домашна и меѓународна политика.[681]

Грчките креатори на политика сметале дека целосното потпирање на НАТО и на САД ја направиле Грција несигурна и зависна, а со тоа не ги штителе грчките национални интереси. Грција верувала дека САД и НАТО не ја спречиле турската интервенција на Кипар, иако биле во можност. Имало широко распространето верување дека неможноста НАТО да го спречи евентуалниот конфликт меѓу нејзините членови била намалена, а Грција го довела во прашање нејзиниот кредибилитет. Затоа по турската интервенција на Кипар, во јуни 1974 година, грчката стратегија по Втората светска војна за потпирање на сојузничките засилувања била поткопана и Грција почнала да бара поавтономна одбранбена политика. Владата на Караманлис најавила повлекување на Грција од НАТО-командата и ја довела во прашање иднината на американските бази во Грција. Ова било јасен показател за влошување на американско-

[680] Karamouzi, Eirini. Chourchoulis, Dionysios. *Troublemaker or Peacemaker? Andreas Papandreou, the Euromissile Crisis and the policy of peace, 1981 – 1986.* Cold War History, 19 (1). ISSN 1468-2745, 2018 (4)
[681] Couloumbis, Theodore A. Petropulos, John A. Psomiades, Harry J. *Foreign Interference in Greek Politics*. New York: Pella Publishing Company, 1976 (145)

грчките односи. Друга причина за анти-американското чувство бил и исходот на односот на САД против режимот на полковниците помеѓу 1967 – 1974 година.[682]

Дебатите за присуството на нуклеарните бази и контролата на нуклеарното оружје во Грција одвреме-навреме станувале актуелни во јавноста. Во февруари 1975 година, и покрај противењето на администрацијата на Форд, американскиот Конгрес вовел ембарго за оружје на Турција, главно како средство за притисок за да направи отстапка за решение на ситуацијата во Кипар. Ова постапка наишла на негодување кај Турција, која ја прекинала работата на неколку американски објекти и побарала укинување на ембаргото за оружје.[683]

Во март 1976 година САД и турската Влада постигнале договор за подобрување на билатералната воена соработка. Според новиот Договор за одбранбена соработка (ДЦА), САД би обезбедила 1 милијарда американски долари воена помош за Турција, поделена на годишни рати, а тоа значело чекор за укинување на ембаргото наметнато од Конгресот. Како одговор Грција барала секој иден договор за американско-грчка база да содржи слични одредби и дека американската воена помош за Грција требала да биде доволно адекватна за да ѝ овозможи зачувување на рамнотежата на силите во Егејското Море.[684]

На 15 април 1976 година, тогашниот државен секретар Хенри Кисинџер и грчкиот министер за надворешни работи Димитрис Бициос потпишале договор со кој двете страни се обврзувале на грчкиот суверенитет и воената команда на четирите американски бази: поморската база Соуда Беј на Крит која можела да ја закотви целата Шеста флота, воздухопловната база Хеленикон, Неа Марки и Ираклион. На американските сили им било дозволено „само да служат“ на целите овластени од Грција. Овој договор бил дел од пакет-договорот за одбранбена соработка со Соединетите Држави (ДЦА/DCA), кој никогаш не бил ратификуван од страна на конзервативната Влада на НД. До 1977 година, според главните начела на договорот,

[682] Akman, Emine. *Continuity and change in Greek security perceptions and priorities in the post-cold war era.* Ankara: Middle East Technical University, 2005 (16)
[683] Karamouzi, Eirini. Chourchoulis, Dionysios. *Troublemaker or Peacemaker? Andreas Papandreou, the Euromissile Crisis and the policy of peace, 1981 – 1986.* Cold War History, 19 (1). ISSN 1468–2745, 2018 (10-11)
[684] Ibid.

Грција би имала право до 700 милиони американски долари воена помош, распоредена во текот на четири години (односно 70% од износот наменет за Турција). Ова значело, барем де факто, воспоставување на 7:10[685] соодно за нивото на американската воена помош за Грција во однос кон Турција.[686]

Претседателот Форд, под значителен домашен и меѓународен притисок, продолжил со американското признавање на обновената демократска Влада на Кипар како Влада на Републиката и покрај турската окупација на речиси 38% од територијата на земјата. Тоа признание го продолжил претседателот Картер и по смртта на претседателот Макариос во август 1977 година и неговото наследување од Спирос Кипријану. Како што било наведено претходно, прашањето за признавањето на Владата на Кипар како Влада на целиот Кипар и на континуитетот на Републиката, останала конзистентна и примарна цел на кипарските Грци. Оваа цел била поевидентна после турската инвазија и окупација во 1974 година и еднострано прогласување на независност на окупираните области во 1983 година, кога била и основана т.н. „Турска Република Северен Кипар" под покровителство на Турција. Иако „ТРСК" била призната само од Турција, притисоците за постоење на „политички субјект" во окупираните области станал нов извор на дипломатски притисок врз кипарските Грци.[687]

Неповолните политички случувања во Турција и воениот удар од 12 септември 1980 година ја исклучиле секоја можност за членство на Турција во ЕЗ. Односите Турција – ЕЕЗ биле дополнително засегнати со пристапувањето на Грција во ЕЕЗ во 1981 година. Правилото за едногласност во процесот на одлучување на ЕЕЗ предвидувало дополнителна моќ и влијание на Грција врз односите Турција – ЕЕЗ. Покрај турско-грчките спорови во Егејското Море, разграничувањето на територијалните води, воздушниот простор и континенталниот гребен, нерешениот кипарски проблем и билатералните разлики, Грција решила да го искористи интересот на Турција за подобрување на односите со Европската Заедница, со условување на

---

[685] Помошта 7:10 се однесува на соодноc во воената помош, за секои 7 долари воена помош доделена за Грција, Турција добива 10 долари
[686] Karamouzi, Eirini. Chourchoulis, Dionysios. *Troublemaker or Peacemaker? Andreas Papandreou, the Euromissile Crisis and the policy of peace, 1981 – 1986.* Cold War History, 19 (1). ISSN 1468-2745, 2018 (10–11)
[687] Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century*. London and New York: Frank Cass, 2003 (120)

нејзината согласност за подобрување на односите Турција – ЕЗ, проследено со модификација на турските политики во однос на билатерални спорови. Со оглед дека Турција не изгледала подготвена да ги промени своите политики, односите Турција – ЕЗ доживеале ќорсокак, бидејќи сите одлуки кои би можеле да ги подобрат односите Турција – ЕЗ биле блокирани со ветото на Грција. На 14 април 1987 година била испратена апликација за полноправно членство во ЕЕЗ од страна на Владата на Тургут Озал.[688]

Новата Влада на НД, под водство на Јоргос Ралис, се обидела да го искористи статусот на американските бази, како средство за договарање за да се постигнат прифатливи услови за реинтеграција во воените командни структури на НАТО. Додека Грција преговарала за влез во воената структура на НАТО, кон крајот на октомври 1980 година, Владата на Ралис објавила, на 16 јуни 1980 година, прекин на американско-грчките разговори за иднината на базите до грчките избори во октомври 1981 година. Кога Андреас Папандреу дошол на власт, и покрај изборните ветувања за отстранување на базите, тој почнал да преговара за измена на договорот ДЦА (DCA) од 1977 година. Тој договор ги опфаќал американските воени активности и бази во Грција, како и американската воена помош за Грција. Заменик министерот за надворешни работи Јанис Капсис, пак, бил поставен да преговара за договорот за економска соработка (DECA) со американскиот специјален советник Реџиналд Вартоломеј, што би обезбедило и квантитативна и квалитативна рамнотежа на силите во регионот.[689]

Изборниот подем на ПАСОК предизвикал страв кај американските аналитичари и официјални лица. Некои од нив дури и стравувале дека „до завршувањето на првиот мандат на Картер, Грција би можела повторно да биде област на катастрофа". Во надворешната политика ПАСОК, поради заладените односи со Турција, изразил недоверба кон САД и се стремел кон поблиски врски со арапскиот свет и соседите на

[688] Grigoriadis, Ioannis N. *The Changing Role of the EU Factor in Greek-Turkish Relations*. London: London School of Economics and Political Science, Hellenic Observatory, 2003 (2)
[689] Karamouzi, Eirini. Chourchoulis, Dionysios. *Troublemaker or Peacemaker? Andreas Papandreou, the Euromissile Crisis and the policy of peace, 1981 – 1986*. Cold War History, 19 (1). ISSN 1468–2745, 2018 (10-11)

Балканот. Од 1977 година, Папандреу почнал умерено да ја менува својата реторика според надворешно-политичките цели.[690]

Во 1981 година, за време на долгата изборна кампања, тој сè уште ветувал дека Грција ќе се повлече од НАТО, а со тоа би се затвориле американските бази во земјата и би се отстраниле американските нуклеарни воени системи од грчка територија. Тој сметал дека требало и да се одржи референдум во врска со членството на Грција во ЕЗ. Папандреу ја искористил длабоката фрустрација на народот кон политиката за негување на добри односи со Западот и САД која ја практикувал Караманлис, со што бил забележан неуспех на конзервативната партија НД. Обидот да се спречи странското влијание поттикнат од разочараноста кај народот, проследен со антиамериканизам во тоа време, придонесол за пораст на довербата кај левичарските движења и плодна почва за идеите на Андреас Папандреу.[691]

Грција била првата земја членка на НАТО која се залагала за денуклеаризација, а оваа идеја била во голема мера промовирана од страна на Папандреу. Промовирањето на идејата за Балканот – зона без нуклеарно оружје била поддржана и од страна на бугарската Влада, која се стремела за оживување на романскиот предлог за денуклеаризацја на регионот. Целта била да се изврши притисок да не се користи нуклеарно оружје во Европа.[692]

Во текот на ерата на Студената војна, НАТО останува цврсто на својата позиција дека секое намалување на нуклеарните сили било условено со значително намалување и од страна на Варшавскиот пакт. Грчките безбедносни интереси ја диктирале надворешната политика и односот меѓу Грција, САД и НАТО, а очигледно било дека тие односи не би биле фундаментално изменети на краток до среден рок. Папандреу и неговите министри, како и нивните конзервативни претходници, биле свесни дека Грција не може да си дозволи да се повлече од НАТО и да ги прекине односите со САД поради еден главен фактор, а тој бил Турција. Турската закана ја диктирала надворешната политика на земјата и значителните ресурси за одбрана.

[690] Karamouzi, Eirini. Chourchoulis, Dionysios. *Troublemaker or Peacemaker? Andreas Papandreou, the Euromissile Crisis and the policy of peace, 1981 – 1986.* Cold War History, 19 (1). ISSN 1468–2745, 2018 (5)
[691] Ibid.
[692] Ibid. (15)

Советникот на Митеран, Жан-Мишел Гајар, сметал дека повеќе од кога било дејствувањето на соседна Турција во регионот ја одредувала надворешната политика на Грција. Посветувајќи само 6,7% од својот БДП за своја одбрана, Грција не можела да оди понатаму или да се насочи кон север и на исток истовремено.[693]

Папандреу повеќепати јасно истакнал дека Турција ја сметала за главен непријател, а не СССР или советскиот блок. Тој истакал дека Грција имала уникатен проблем, кој не се среќава во ниту една друга земја, поточно закана од членка на алијансата. Папандреу посочувал дека НАТО нудела гаранција против напад од советскиот блок, дури и ако „нема видлива закана“, но она што било потребно и го сакала Грција била „гаранција за источните граници“. Кога Андреас Папандреу ја претставил својата владина програма пред Парламентот на 22 ноември 1981 година, тој истакнал дека Грција може повторно да се повлече од НАТО-интегрираната командна структура, сѐ додека Алијансата не ги гарантира грчките источни граници. Експлицитна закана или навестување за повлекување од НАТО во целост немало.[694]

Реган испратил писмото до Папандреу, каде биле истакнати заложбите за зајакнуање на американско-грчките врски во интерес на демократијата, напредокот и мирот, што придонесоло за зајакнување на грчката одбрана од турската закана. Според Папандреу, засилените тензии од Студената војна и турската агресивност претставувало закана за мирот. Во средината на јануари 1982 година, Папандреу остварил приватна средба со американскиот амбасадор во Атина, Монтигл Стернс, при штое изјавил дека Грција сака да остане во Западната алијанса и за можноста да се преговара за формата на соработка на Грција со НАТО, а оттука бил испратен и сигналот за можно помирување со реалноста.[695]

Во 1980-тите биле забележани значајни промени и поголемо присуство на Грција во меѓународните односи. Во 1983 година, две години по нејзиниот пристап, Грција го презела претседавањето со ЕЗ. Во 1980-тите години било забележано намалување на американското воено присуство во Грција. Во Кипар ситуацијата

---

[693] Karamouzi, Eirini. Chourchoulis, Dionysios. *Troublemaker or Peacemaker? Andreas Papandreou, the Euromissile Crisis and the policy of peace, 1981 – 1986.* Cold War History, 19 (1). ISSN 1468-2745, 2018 (6)
[694] Ibid. (7)
[695] Ibid.

станувала сѐ понапната, исто како што почнала да прави хунтата за време на распаѓањето. Кипарскиот претседател, архиепископот Макариос, побарал смена на грчките трупи од островот, а Димитриос Јоанидис се обидел да го натера Макариос да ја прифати Атина како национален центар на хелинизмот.[696]

Димитриос Јоанидис одговорил со преземање државен удар против претседателот. Ова резултирало со турски одговор во форма на инвазија на северниот дел на островот во 1974 година. Војната била неизбежна меѓу двата соседа, како што и двата почнале да се мобилизираат. Ова било прва криза за време на новиот мандат на Караманлис. Во 1983 година Собранието на кипарските Турци еднострано прогласило независност. Т.е. ја прогласило т.н. „Турска Република Северен Кипар“. Иако формално била призната само од Турција, инцидентот ги влошил односите меѓу Грција и Турција. Поделбата на Кипар создала две независни држави и често се случувале судири меѓу кипарските Грци и Турци во текот на 1990-тите, а поделбата останува до денес. Грчкиот дел на Кипар станал членка на ЕУ во 2004 година.[697]

Во однос на конфликтот меѓу Грција, полноправна членка од 1981 година и Турција, земја аспирант од раните 1960-ти, пристапот на ЕЗ кон решавањето на конфликтот бил колеблив, ако не и рамнодушен. Европската комисија се држела надвор од конфликтот, оставајќи простор за интервенција од САД или од изолираните дипломатски активности на некои од нејзините членки. Членството на Грција во ЕК, иако главно економски мотивирано, настојувало да ја зајакне постојната грчка Влада како и меѓународната позиција на земјата, особено во грчко-турскиот конфликт.[698]

Последователните грчки влади покажале извонреден континуитет во користење на кипарското прашање за блокирање на односите меѓу ЕУ и Турција од 1980-тите години. Во исто време секој напредок во односите меѓу ЕК и Турција бил поврзан со остварувањето на грчкото право на вето, освен ако Турција прво не исполнела одредени критериуми – главно поврзани кон состојбата со демократијата,

[696] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn*. Oslo: University of Oslo, 2014 (63)
[697] Ibid.
[698] Arvanitopoulos, Constantine. *Turkey's Accession to the European Union, An unusual Candidacy*. Athens: Springer-Verlag Berlin Heidelberg, 2009 (110)

почитувањето на човековите права и откажувањето од ревизионистичка политика во Егејот. ЕУ била сфатена од Турција како уште една платформа преку која Грција, целосно искористувајќи ја својата позиција како членка, би можела да врши притисок врз Турција, следејќи ја сопствената национална агенда во однос на Турција. Перцепцијата на заложник на ЕК од Грција била негативно протолкувана како одраз на европската неподготвеност да ја прифати Турција во Европа.[699]

Во средината на јули 1983 година, владите на САД и Грција постигнале петгодишен договор за одбраната и економската соработка, кој бил потпишан на 8 септември 1983 година и било договорено продолжување на четирите постоечки американски бази во Грција и исплата на 500 милиони долари воена помош на САД за Грција. Условите на договорот предвидувале дека тоа би можело да се прекине по пет години со писмено известување на која било од страните, пет месеци однапред. Така, секоја страна можела различно да го толкува поимот „прекин“. Вашингтон и Атина биле задоволни. Во разговор со новинарите, грчкиот премиер со гордост го прикажал „одбранбениот договор со САД“. Од грчка страна бил претставен како можност за започнување нова ера на грчко-американските односи.[700]

Договорот би придонесол за крај на потчинувањето на Грција кон Соединетите Американски Држави и престанок на каква било американска контрола врз формулацијата на грчката безбедносна политика. Најважно било да се обезбеди мир на краткорочен и долгорочен план, преку зајакнување на одбранбените капацитети на Грција против можна турска агресија, додека на долг рок гарантирало отстранување на земјата како можна локација за ескалација на Студената војна.[701]

Последната деценија на XX век донесла значителни промени во меѓународната димензија на кипарскиот проблем. Кипар го потпишал договорот за асоцијација со Европската Заедницата во 1972 година. Во 1990 година Владата на Кипар аплицирала за формално членство во Европската Заедница, а есента 1993 година, Советот на

---

[699] Arvanitopoulos, Constantine. *Turkey's Accession to the European Union, An unusual Candidacy*. Athens: Springer-Verlag Berlin Heidelberg, 2009 (110)
[700] Karamouzi, Eirini. Chourchoulis, Dionysios. *Troublemaker or Peacemaker? Andreas Papandreou, the Euromissile Crisis and the policy of peace, 1981 – 1986.* Cold War History, 19 (1). ISSN 1468-2745, 2018 (14)
[701] Ibid. (15)

министри на Европската Унија ја прифатил кипарската апликација, и покрај загриженоста изразена од Комисијата поради немање политичко решение. Разговорите за интеграција со Кипар започнале, според распоредот, во март 1998 година.[702]

До средината на 1990-тите години, членките на ЕУ ја ставиле во приоритет кипарската надворешна политика. ЕУ го признала континуитетот на Република Кипар и нејзината Влада, а тоа се одразило и во постапките на европските судови и други организации на ЕУ. Изгледите за членство и примената на *acquis communautaire* понудиле нови опции за решавање на нерешливите прашања, како што се оние за човековите права, границите и безбедноста. Дипломатскиот активизам од 90-тите години се пренел во новиот милениум. Резолуциите на Советот за безбедност на ОН за Кипар го поттикнале генералниот секретар да ги искористи своите овластувања во создавање миротворен процес поради неговата одговорност во посредување во дијалогот меѓу Владата на Кипар и кипарските Турци.[703]

Преговарачките иницијативи флуктуирале помеѓу обидите за сеопфатно решение преку рамковен договор и состаноци на високо ниво. Некои од овие состаноци вклучувале лице в лице преговори меѓу претседателот на Кипар и кипарските Турци, преку лидерот Рауф Денкташ, па дури и неформални истражувачки разговори меѓу странските претставници и претставниците на двете страни. Овие состаноци често произведувале документи како што бил „збир на идеи“ на Бутрос Гали од 1992 година. Таму се рефлектирало заедништвото во позициите на две страни и идентификуваните области кои имале потреба од понатамошни преговори, и предлозите од 1993/94 година како мерки за градење доверба (CBMs).[704]

Во однос на кипарското прашање „татковините“ Грција и Турција ги бранеле интересите и ги штителе своите етнички роднини и нивните билатерални односи, затегнати поради прашањата со Егејското Море. На 16 ноември 1993 година, грчкиот премиер Андреас Папандреу и Клеридис се согласиле на заедничка одбранбена доктрина, со која нивните влади ќе одлучуваат за кипарското прашање заеднички. Грција го вклучила Кипар во својот одбранбен план, а секое турско напредување можело да доведе до војна меѓу Грција и Турција. Клеридис, во април 1994 година,

[702] Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century*. London and New York: Frank Cass, 2003 (123-124)
[703] Ibid.
[704] Ibid.(125)

објавил дека Грција ќе обезбеди воздушно покривање за Кипар. Турската Влада тврдела дека кипарскиот проблем не е акутен затоа што безбедноста на кипарските Турци била обезбедена од 1974 година.[705]

Вториот мандат на администрацијата на Клинтон бил одбележан со резолуцијата на кипарскиот проблем и подобрувањето на грчко-турските односи, како повисок приоритет на американската надворешна политика. Грчко-турските односи влегле во нова фаза на нестабилност како последица на кризата во јануари 1996 година над островите Имија.[706]

Во односите на Кипар со ЕУ, following уште три настани кои директно влијаеле на преговорите за Кипар. Прво, одлуката на Европскиот суд за човекови права за случајот Лоизиду на 18 декември 1996 година, кој не го потврдил само континуитетот на Република Кипар, туку уште ја докажал одговорноста на Турција за нејзината контрола врз окупираните области и последователното губење на уживањето на нејзините сопственички права на Лоизиду. Оваа пресуда директно влијаела на американскиот и турскиот обид да ги решат имотните прашања преку компензација и ограничување на правата на населување и сопственост на имот во окупираните области од страна на кипарските Грци. Вториот случај бил поврзан со ладнокрвно убивање на невооружени демонстранти на кипарските Грци долж линијата на поделба кај Дехрима, во октомври 1996 година, од страна на безбедносните сили на кипарските Турци и членовите на турската десничарска терористичка група „Сиви волци“.[707]

После кризата во Имија во јануари 1996 година, бил извршен притисок врз аспирантот Турција од страна на комисијата на ЕУ, Парламентот и Советот, но тоа резултирало со дополнително зајакнување на владејачката перцепција меѓу турската елита, имено, дека ЕУ била заложник на Грција. Не бил изненадувачки фактот дека одлуките на Европскиот совет во Луксембург, од 1997 година, преку факторот на условеност во интервенцијата на ЕУ во грчко-турскиот конфликт, Турција исто така да го толкува како политика на условување и санкции наметнати од Грција. Одлуките во

[705] Migdalovitz, Carol. *Cyprus: Status of U.N. Negotiations*. Congressional Research Service, The Library of Congress, 2005 (12)
[706] Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century*. London and New York: Frank Cass, 2003 (126)
[707] Ibid. (127)

Хелсинки и напредокот во кандидатурата на Турција за членство во ЕУ биле поврзани со решавањето на нејзините гранични спорови со членка на ЕУ.[708]

Односите меѓу ЕУ и Турција дополнително биле затегнати по 1997 година, по самитот во Луксембург. Турција не била вклучена во процесот на проширување, но добила посебен статус кој вклучувал проширена перспектива за полноправно членство. Од друга страна, вклучувањето на Кипар, т.е. одлуката за започнување преговори во блиска иднина, создало длабоко чувство на незадоволство кај Турците. Анкара сметала дека тоа бил јасен знак дека ЕУ ја зазема грчката страна по кипарското прашање.[709]

Како продолжение на самитот на НАТО во Мадрид, премиерите Симитис и Јилмаз се состанале на Крит за време на конференцијата за балканските земји, во ноември 1997 година. Конференцијата била на иницијатива на грчката Влада, со цел да се промовира регионалната соработка, мир и безбедност. Сепак, средбата не допринела за намалувањето на тензиите меѓу двете земји.[710]

Во јули 1997 година, грчкиот премиер Костас Симитис и неговиот турски колега Сулејман Демирел постигнале договор, познат како Мадридска декларација, на маргините на Самитот на НАТО во Мадрид. Државниот секретар на САД, Медлин Олбрајт, ги вложила нејзините напори за влијание на овој договор. Мадридската декларација содржела одредби во форма на норми и принципи што требало да ги регулираат билатералните односи на потписниците. Оваа декларација од Мадрид обезбедила добро воспоставен патоказ за намалување на тензиите во Егејот.[711]

За време на кризата во Кардак во 1996 година и С-300 ракетните кризи во 1997 – 1998 година, односите меѓу Турција и Грција останале напнати. Во кризата во Кардак се гледало дека постоел потенцијал за вооружен конфликт. Покрај тоа, на самитот на ЕУ во Луксембург од 12 до 14 декември 1997 година, Турција била исклучена од листата на кандидати за следниот круг на пристапување на преговорите. Одлуката на ЕУ на самитот во Луксембург во декември 1997 година за исклучување на Турција од листата на следните потенцијални кандидати за влез во ЕУ, предизвикало остра

[708] Arvanitopoulos, Constantine. *Turkey's Accession to the European Union, An unusual Candidacy*. Athens: Springer-Verlag Berlin Heidelberg, 2009 (110–112)
[709] *Luxembourg European Council 12 and 13 december 1997 presidency conclusion*, пристапено на: 21.01.2024, https://www.europarl.europa.eu/summits/lux1_en.htm
[710] Naoum, Michael. *The Greek-Turkish Rapprochement Process, 1999 – 2004*: Paradigm Shift or Epi-phenomenon. Monterey: Naval postgraduate school, 2004 (55)
[711] Ibid. (54)

реакција кај премиерот Месут Јилмаз, со замрзнување на врските со ЕУ и одлучување за надворешната политика на Турција. Во меѓувреме, турскиот министер за надворешни работи, Исмаил Џем, му кажал на Стивен Кинзер од „Њујорк Тајмс“, во декември 1997 година, дека надворешната политика на Турција била подолго фиксирана во Европа. Падот на Советскиот Сојуз, создавањето на нови независни држави и растечката свест за европскиот и азискиот турски идентитет ѝ понудиле на Турција нов пристап.[712]

Во јули 1999 година, Грција и Турција започнале дијалог за „помалите“ прашања, со исклучок на Кипар и Егејското Море, што довело до многу билатерални договори. Одлуката на Грција да ѝ дозволи на ЕУ да ја прифати кандидатурата за членство на Турција во декември 1999 година го потврдила приближувањето во односите. Двете влади оттогаш се вклучиле во долготрајни истражувачки разговори за прашањата на Егејот. На 2 ноември 2000 година, министерот за надворешни работи Јоргос Папандреу тврдел дека решението на кипарскиот проблем е најосновниот предуслов за целосно билатерално зближување. По 24 април 2004 година грчкиот премиер Костас Караманлис рекол дека решавањето на кипарското прашање не требало да биде предуслов за кандидатурата на Турција за влез во ЕУ или за подобрување на грчко-турските односи.[713]

Во периодот од 1995 до 1999 година немало напредок во грчко-турските односи. Идентитетите на двете држави биле различни, а исто така и заканувачки едни на други, со што имало простор за овековечување на нивните конфлити. Одредени студии укажувале дека влијанието на ЕУ врз грчко-турскиот конфликт сугерирало прилично ветувачка улога во остварување на позитивна трансформација на долгогодишниот спор. Ова дополнително било поткрепено по 1999 година, кога Турција добила кандидатски статус за членство во ЕУ.[714]

Грчко-турското ривалство продолжувало да создава нестабилност во југоисточна Европа која била разурната од војната, загрозувајќи ја самата кохезија на НАТО. Ветувачки знаци за затоплување на односите имало после трите разорни

[712] Akman, Emine. *Continuity and change in Greek security perceptions and priorities in the post-cold war era.* Ankara: Middle East Technical University, 2005 (83)
[713] Migdalovitz, Carol. *Cyprus: Status of U.N. Negotiations* Congressional Research Service, The Library of Congress, 2005 (12)
[714] Arvanitopoulos, Constantine. *Turkey's Accession to the European Union, An unusual Candidacy*. Athens: Springer-Verlag Berlin Heidelberg, 2009 (109)

земјотреси во Грција и Турција. Значајни домашни промени – културни и институционални – биле зебележливи и во Грција и во Турција. Овие промени вклучувале либерализација на нивната политика и економија, а тоа било директно поврзано со ефектите и одговорите на глобализацијата. За Грција и Турција движечка сила на модернизацијата и глобализацијата биле барањата за европската интеграција. Учеството во европските структури значело демократски и пазарни реформи и ширење на западноевропските либерални вредности.[715]

Генералниот секретар на ОН Кофи Анан, во писмо до претседателот на Советот за безбедност на ОН од 20 април 1998 година, заклучил дека Турција ја дефинирала својата политика на Кипар во контекст на „две држави и три проблеми“. Ова вклучувало признавање на државноста на кипарските Турци како предуслов за решение. За возврат, трите проблеми кои требало да се решат биле: резолуцијата за безбедноста, имотно-правните барања и разграничувањето на границите. Тие побарале признание за легитимноста на Владата на Денкташ и нејзините политички процедури, укинување на економското ембарго, продолжување на воената гаранција на Турција и признавање на политичката еднаквост на две страни во сите аспекти на преговорите. Денкташ побарал и повлекување на кипарската апликација во ЕУ и дека надворешни посредници на ОН ја прифаќаат оваа „нова политичка реалност“. Генералниот секретар ги опишал овие точки како „нови позиции“ на Денкташ, како резултат на што кипарските Турци ги отфрлиле сите претходни рунди преговори.[716]

Два настана кои се случиле во понатамошниот период послужиле како пресвртни точки, што довело до тековно грчко-турско зближување. Станувало збор за апсење на Абдулах Оџалан, водач на бунтот на ПКК (Работничка партија на Курдистан) и случувањата на Косово и асистенцијата од НАТО за да се запре етничкото чистење на албанското население од страна на Србија. Во февруари 1999 година Оџалан бил уапсен во Кенија, по авантуристичкото патување како политички бегалец. Инволвирањето на грчките политички и дипломатски власти во апсењето било силно критикувано од турското раководство. Оџалан поминал преку Грција и бил пренесен во грчката амбасада во Кенија, каде што бил уапсен. Аферата Оџалан во

[715] Keridis, Dimitris. *Political Culture and Foreign Policy: Greek-Turkish Relations in the Era of European Integration and Globalization, A NATO Fellowship Final Report*. Cambridge: Harvard University, 1999 (2)
[716] Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century*. London and New York: Frank Cass, 2003 (129)

Грција го принудило министерот за надворешни работи Пангалос да поднесе оставка од функцијата.[717]

Грчко-турските односи ја достигнале најниската точка со апсењето на курдскиот лидер Абдула Оџалан во Кенија во пролетта 1999 година. „Аферата Оџалан" предизвикала потрес во грчкото МНР. Абдула Оџалан бил лидер на терористичката организација Курдистанска работичка партија. Јоргос Папандреу, син на починатиот грчки премиер Андреас Папандреу ја презел командата на грчката надворешна политика. Влијанието на „Аферата Оџалан" и летото со разорни земјотреси во Турција и Грција му дале можност на Папандреу да преземе храбри иницијативи *vis-a-vis* Турција. Овој тек на настани се пресликал и на состанокот на ЕУ во Хелсинки за кандидатурата на Турција за ЕУ во декември 1999 година, а тоа го подобрило имиџот на грчката надворешна политика во Европа и во САД. Подобрувањето на грчко-турските односи во последната година на XX век немала позитивен ефект врз преговорите за Кипар.[718]

Случувањата во Србија и инцидентите во српската покраина Косово предизвикале вознемиреност во Грција и Турција. Стравот од последиците од потенцијално прелевање на конфликтот биле очигледни. Голем број бегалци, етнички Албанци, бегале од Косово поради страв од масакр на режимот на Милошевиќ. НАТО, својата решеност за да се стави крај на етничките чистења ја покажал во 1999 година со започнувањето на воздушна кампања, која траела околу 11 недели. Дестабилизацијата во регионот и заканата од можност за промена на границите во околината, со закана или употреба на сила, ги засилила контактите меѓу двете загрижени страни. Во јуни 1999 година биле разменети низа писма од двајцата министри за надворешни работи, во кои била нагласена неопходноста од подобрување на билатералните односи.[719]

Откако Кипар добил кандидатски статус, станало јасно дека Турција бара де факто признавање на окупираните области и формирање конфедерација на две, независни, суверени и признати држави на Кипар. Ричард Холбрук ја промовирал идејата за „признание" на политички субјект на кипарските Турци од страна на

[717] Naoum, Michael. *The Greek-Turkish Rapprochement Process, 1999 – 2004*: Paradigm Shift or Epi-phenomenon. Monterey: Naval postgraduate school, 2004 (56-57)
[718] Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century*. London and New York: Frank Cass, 2003 (128)
[719] Naoum, Michael. *The Greek-Turkish Rapprochement Process, 1999 – 2004*: Paradigm Shift or Epi-phenomenon. Monterey: Naval postgraduate school, 2004 (58)

кипарските Грци. Таа „потврда за признавање“ ја вклучувала легитимноста на законите и институциите воспоставени од 1974 година, како и фактот дека кипарската Влада не зборува во име на заедницата на кипарските Турци. Турските Кипарци биле претставени од водачи избрани преку легитимни постапки. Сер Дејвид Ханеј, британскиот претставник за Кипар, споделувал слични ставови. Двајцата тврделе дека таквото „признание“ би било со цел да го обезбеди потребниот моментум во новата рунда разговори.[720]

Во втората половина на 1999 година, грчко-турските односи влегле во фаза на детант. Ова било поттикнато од солидарноста што ја покажале грчкиот и турскиот народ за време на хуманитарната катастрофа, предизвикана од разорните земјотреси во двете земји. Иако тоа зближување се задржало слабо, тоа веќе придонесло за некои позитивни резултати во намалување на тензиите во Егејското Море, промовирајќи ниска политичка соработка, отворајќи го патот на Турција кон кандидатура за ЕУ и иницирање разговори меѓу лидерите на грчката и турско-кипарската заедница на Кипар. Овие ветувачки случувања биле резултат на новата геостратешка средина, но, уште поважно, тие произлегле од институционалните и културни промени во политиката на двете земји.[721]

Интервенцијата на НАТО на Косово и континуираната нестабилност во поголемиот дел од југоисточниот дел на Европа, ја истакнало потребата за крај на антагонизмот меѓу двете клучни држави во регионот, Грција и Турција. Убедливо најсилните нации во Југоисточна Европа, евентуална војна меѓу Грција и Турција би го опустошиле регионот како никој друг и би го загрозиле самото постоење на НАТО поради членството на двете земји во алијансата.[722]

Генералниот секретар Кофи Анан, во својот извештај до Советот за безбедност на 22 јуни 1999 година, внимателно ги прикажал американските и британските идеи, со напомена дека бил потребен политички статус на кипарските Турци. Тој се обидел да го стори тоа како додаток на статусот на UNFICYP (Мировни сили на Обединетите Нации на Кипар) во декември 1999 година, но во јуни 2000 година пропаднале по

---

[720] Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century*. London and New York: Frank Cass, 2003 (129)
[721] Keridis, Dimitris. *Political Culture and Foreign Policy: Greek-Turkish Relations in the Era of European Integration and Globalization, A NATO Fellowship Final Report*. Cambridge: Harvard University, 1999 (6–7)
[722] Ibid.

повеќекратните предупредувања од страна на кипарската Влада. Тоа било реалноста со која се соочила кипарската Влада, додека влегла во рунди на разговори под покровителство на ОН со турските Кипарци во пролетта и летото 2000 година. До крајот на јули 2000 година, јазот помеѓу двете страни растел и тоа создало дилема за Владата на Кипар. Напуштањето на разговорите би имало сериозни политички последици, особено на напредокот на разговорите со ЕУ. [723]

Во август 1999 година се случил разорен земјотрес во Турција. Грција била меѓу првите земји кои биле солидарни во катастрофата, испраќајќи тимови за пребарување и спасување, како и материјална поддршка за настраданите од земјотресот. Еден месец подоцна се случил помалку разурнувачки земјотрес во Атина. Турција возвратила испраќајќи спасувачки тимови за да им помогнат на Грците во таа тешка ситуација. Брзата и дарежлива меѓусебна поддршка во време на хуманитарната криза имала важен психолошки ефект кај населението. Тоа помогнало кон постепено менување на негативните перспективи на едни со други, акумулирани и засилени со текот на годините. Покрај тоа, била создадена плодна почва за појавата на силно чувство на солидарност меѓу грчкиот и турскиот народ. Оваа актуелна ситуација била медиумски присутна во двете земји кои во претходните прилики ги подгревале националистичките страсти и тензии.[724] Оваа земјотрес, или сеизмичка дипломатија, двајцата министри за надворешни работи ја искористиле како прилика за соработка и се договориле да основаат шест работни групи за да ја истражат можноста за соработка и договори во повеќе области. Напорите кулминирале со реципрочните посети на Папандреу во Анкара во јануари 2000 година и на Џем во Атина во февруари 2000 година. За време на овие прилично симболични посети, биле потпишани девет договори во различни области.[725] Овој тренд на развој на настаните придонесол за зголемена економска и бизнис соработка меѓу двете држави.

Самитот на ЕУ во 1999 година во Хелсинки ја променил статус-кво позицијата во грчко-турскиот конфликт. Со примена на силни, убедливи норми и услови за одреден меѓудржавен конфликт, ЕУ успеала не само во зајакнување на сопствената способност, туку имало и потенцијал за позитивни ефекти на долг рок да биде активен

---

[723] Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century*. London and New York: Frank Cass, 2003 (130-132)
[724] Naoum, Michael. *The Greek-Turkish Rapprochement Process, 1999 – 2004*: Paradigm Shift or Epi-phenomenon. Monterey: Naval postgraduate school, 2004 (60)
[725] Ibid. (61)

играч и да влијае на конфликтот. Способноста на ЕУ да применува силни норми кои позитивно влијаеле на конфликтот биле нарушени на самитот на ЕУ во 2004 година во Брисел. Од Турција, покрај критериумите од Копенхаген, било побарано да се заложи за добрососедски односи и да ги реши сите отворени гранични спорови, во согласност со принципот на мирно решавање на спорови од Повелбата на Обединетите Нации. Оттука, резолуцијата на грчко-турскиот конфликт во блиска иднина би требало да се бара надвор од контекстот на ЕУ.[726]

Во декември 1999 година, за време на Европскиот совет во Хелсинки, биле донесени клучни одлуки за претстојното проширување на Унијата. Грција го укинала долгогодишното вето за пристапот на Турција. Последица на тоа било што на самитот се одобрил статусот на Турција за кандидат во ЕУ. Оваа голема промена во стратешкиот пристап на Грција кон Турција била дел од започнатата политика за „условни награди“. Целта била да ѝ се сигнализира на Турција дека соработката е поатрактивна и поисплатлива од конкуренцијата.[727]

Факторот на ЕУ се покажал како инструмент за интеграцијата на Кипар и е клучен катализатор во евентуалното решавање на кипарското прашање. Магнетното повлекување на ЕУ е клучна компонента на тековната стабилизација на поширокиот балкански регион и евентуалната интеграција на сите балкански земји.[728]

На крајот од минатиот век турската надворешна политика добива на интензитет, а врз овој тек на настаните влијаеле промените на глобално ниво и неизвесноста после понесувањето на апликација за членство во ЕУ. Ваквата поставеност ги редефинирала и подобрила односите со државите од Блискиот Исток, САД, Русија и земјите-членки на ЕУ.[729]

Според новата дипломатија на Турција, која се базирала на мултидимензионалност, идејата се состоела во тоа дека ЕУ не е единствената алтернатива.[730]

---

[726] Arvanitopoulos, Constantine. *Turkey's Accession to the European Union, An unusual Candidacy*. Athens: Springer-Verlag Berlin Heidelberg, 2009 (113)
[727] Naoum, Michael. *The Greek-Turkish Rapprochement Process, 1999 – 2004*: Paradigm Shift or Epi-phenomenon. Monterey: Naval postgraduate school, 2004 (72-73)
[728] Triantaphyllou, Dimitrios. *The Priorities of Greek Foreign Policy Today. Southeast European and Black Sea Studies*, 5:3, 2005 (330)
[729] Рајчиновска Пандева, Ирена. *Турската надворешна политика и судирот на идентитети – со подебен осврт на неоотоманизмот.* Скопје : Институт за демократија „Социетас Цивилис“, Фондација „Конрад Аденауер Стифтунг“, 2013 (127)
[730] Ibid. (132)

Во текот на летото 2000 година, окупираните области влегле во нова фаза на економска и политичка нестабилноста, што отворало пат за подиректно владеење од Анкара. Со целосно непочитување на Обединетите Нации, окупациските сили ја прекршиле неутралната зона и го ставиле под своја контрола селото Стровилија, предизвикувајќи само вербално изразување на „загриженост“ од страна на САД, Британија и генералниот секретар. Во меѓувреме, Анкара ја продолжила својата кампања против Грција со формално повторување на нејзините познати позиции за Тракија, Егејското Море и грчките острови во Егејското Море. Овие акции посочиле дека она што се променило од летото 1999 година бил само тонот, а не суштината или целите на турската политика.[731]

Изгледите за членство во ЕУ за Кипар обезбедувале нови можности за решавање на овој овековечен проблем. Решението засновано на имплементација на резолуциите на ОН за Кипар и на принципите на acquis можеле да ја вратат стабилноста и правдата во Источен Медитеран. Во меѓувреме, во првата година од новиот милениум, Кипар останала последната поделена и окупирана земја во Европа.[732]

„Безбедносната дилема“ над Егејот довела до трка во вооружување помеѓу Грција и Турција. Во почетокот на април 2001 година Грција со декрет ја прекинала воената состојба и мобилизација на вооружените сили, која датирала од турската инвазија на Кипар во 1974 година. На полето на буџетските кратења во однос на одбраната следеле серија намалувања на расходите од двете страни.[733]

За решение на кипарскиот проблем генералниот секретар на ОН Кофи Анан иницирал план за решение, т.н. „План Анан“. После подолг период преговори, планот бил доставен на референдум во двете заедници. Додека Турција го поддржувала прифаќањето на планот, Грција останала неутрална. Караманлис ја објаснил причината за неговата стратегија на неутралност за кипарското прашање, наведувајќи дека „ќе го предаде недостатокот на визија да се заземе позиција што би создала раздор меѓу Грците од Грција и Кипар и би било неодговорно да се провоцира конфликт во грчкиот

---

[731] Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century.* London and New York: Frank Cass, 2003 (133)
[732] Ibid.
[733] Naoum, Michael. *The Greek-Turkish Rapprochement Process, 1999 – 2004*: Paradigm Shift or Epi-phenomenon. Monterey: Naval postgraduate school, 2004 (67)

политички систем". Грција го следела принципот „Кипар одлучува, а Грција поддржува".[734]

На референдумот од 24 април 2004 година мнозинството на кипарски Грци (75.8%) гласале *против,* а мнозинството кипарски Турци (64,9%) гласале *за*. Веднаш по референдумот, ставот на Грција бил во насока на поддршка на Јужен Кипар, потврдувајќи ги претходните грчки изјави. Во меѓувреме, премиерот Костас Караманлис истакнал дека Владата била цврста во стратегијата за подобрување и зајакнување на турско-грчките односи. Турција добила уверување од Грција дека Кипар ќе го стори тоа за да не биде пречка на нејзиниот пат кон ЕУ.[735]

На последниот самит на ЕУ, на 17 и 18 декември 2004 година во Брисел, Кипар и Егеј биле на агендата на условите за пристапување на Турција во ЕУ. Во тој поглед очигледно можело да се тврди дека Грција и кипарските Грци продолжиле да ги користат механизмите на ЕУ ефикасно, за да ги остварат своите барања во однос на Турција. Грција ја дефинирала Турција како „закана", иако постоело зближување меѓу двете земји од 1999 година на самитот на ЕУ во Хелсинки. Турција сè уште била главната движечка сила зад грчката надворешна и безбедносна политика.[736]

Врвни приоритети во агендата на грчката надворешна политика во време на економски проблеми биле: турско-грчките односи (главно Кипар и егејското прашање) во рамките на ЕУ, натамошна интеграција на Грција со западните институции, особено ЕУ, нејзиниот регион заедно со Турција и ЕУ, адаптација на ефектите од глобализацијата и новата безбедносна средина. Економските проблеми барале и нов сет на политики. Ова било клучен период за Владата на Караманлис со долгогодишна т.н. перцепција на „закана" за Турција.[737]

Резултатот од референдумот од страна на кипарските Грци, во пролетта 2004 година, го спречило решавањето на кипарското прашање, а грчко-кипарското неприфаќање со 76% било јасен знак за отфрлање на планот на Анан за обединување на Кипар. Спротивно на тоа, кипарските Турци го поддржале планот со 65%. Кипарскиот спор е едно од наследствата на Студената војна што останува нерешен.

[734] Akman, Emine. *Continuity and change in Greek security perceptions and priorities in the post-cold war era.* Ankara: Middle East Technical University, 2005 (73)
[735] Ibid. (74)
[736] Ibid.
[737] Ibid. (73)

Според дебатата која се водела во Грција, преовладувало размислувањето дека надеж за разрешување на спорот се гледа во ЕУ која воедно била и гарант за безбедноста на Кипар, но и на Грција и Турција.[738]

Според тврдењата на Алексис Александрис од грчката фондација за европски прашања и прашања за надворешна политика, неповолните меѓусебни перцепции за Грција и Турција биле уште поостри според новата динамика на опкружување по Студената војна. Во секој спор, секоја страна била вооружена со правни или политички оправдувања за своите аргументи. Клучот за решавање на разликите меѓу нив е да се намали заканата која ја чувствувале Грците од нивниот поголем сосед и да ги убедат Турците дека не се опколени од Грци во Егејот. Упатувањето на тие разлики на меѓународната арбитража би можело да ја обезбеди магичната формула која би водела кон сеопфатно и трајно решение за проблемите меѓу Грција и Турција.[739]

Според Теодор Кулумбис, професор на Универзитетот од Атина и соработник на американскиот институт за мир, Грците и Турците се суштински осудени на конфликти и конфронтации. Во текот на историјата имало точки на прекин на кои навидум ги променувале непроменливите струи. Западна Европа по Втората светска војна била една таква точка на прекин, а некои набљудувачи сметале дека Грција и Турција биле дојдени до потенцијална точка на прекин во нивните односи.[740]

По двете тешки економски кризи во 2001 година, биле организирани предвремени избори во ноември 2002 година, поради лошата ситуација и социјалното незадоволство од политичката корупција. На овие избори победа остварил Реџеп Таип Ердоган, кој бил умерен исламист и неговата Влада продолжила со главните политички, уставни и законодавни реформи. Во октомври 2004 година комесарот за проширување на ЕУ ја објавил препораката на Европската комисија за формално пристапување на Турција. Извештајот го нагласувал напредокот постигнат помеѓу 2001 и 2004 година.[741]

---

[738] Rasku, Minna. *On the Border of the East and West. Greek Geopolitical Narratives*. Jyväskylä: University of Jyväskylä, 2007 (130)
[739] Bahcheli, Tozun. Couloumbis, Theodore A. Carley, Patricia. *Greek – Turkish relations and U.S. Foreign Policy, Cyprus, the Aegean, and Regional Stability*. Washington: Peaceworks No. 17, United States Institute of Peace, 1997 (6)
[740] Ibid.
[741] Naoum, Michael. *The Greek-Turkish Rapprochement Process, 1999 – 2004*: Paradigm Shift or Epi-phenomenon. Monterey: Naval postgraduate school, 2004 (76-77)

На 3 октомври 2005 година, Турција имала обид да се приклучи на ЕУ, со отворањето на пристапните преговори, иако долгорочните перспективи на Турција за членството во ЕУ останувале прилично неизвесни. Додека стане членка, Турција морала да ги исполни сите критериуми и барања наведени во преговарачката рамка усвоена во септември 2005 година. На политичко ниво, Турција морала да создаде стабилни институции кои гарантирале демократија, владеење на правото, човековите права и почитување на малцинствата. Турција недвосмислено требала да се обврзе за добрососедски односи и мирно решавање на граничните спорови, според Повелбата на ОН и меѓународното право. На економски план ЕУ очекувала Турција да создаде функционална пазарна економија и да го усвои *acquis communautaire*. Според тоа, Турција требала да се реформира драстично за да ги прифати и спроведе европските принципи и вредности. Сепак, пристапните преговори се одвивале во заднина на многу скептична јавност од страна на ЕУ и турската елита. Домашните случувања во Турција биле огромен предизвик за Грција. За огромното мнозинство од грчката елита и за јавноста во целина, кипарската криза била трауматично искуство, но тоа било и основа за „ново размислување“ во безбедносната политика.[742]

Хелсиншките случувања на некој начин го отвореле патот, чекор по чекор, до предлог за подобрување на односите меѓу двете држави, предложено од страна на грчката Влада во Вашингтон во 1996 година. Тоа било проследено со дополнителни разговори во текот на 1999 година на ниво на министри за надворешни работи во Њујорк. Овие договори вклучувале соработка во областите: туризам, финансии, технологија, наука, поморски транспорт, култура, царина, заштита на инвестиции, заштита на животната средина, борбата против меѓународниот организиран криминал и илегалната имиграција. На овие средби министрите за надворешни работи на двете земји се договориле за создавање заедничка работната група, специјален комитет – од грчки и турски функционери кои требале да помогнат и да дадат совети.[743]

Грчко-турската соработка била проширена и во земјоделството, енергетиката и борбата против природни катастрофи. Од 2000 до 2013 година биле склучени повеќе од 100 билатерални договори, кои во голема мера придонесле за импресивно зголемување

[742] Arvanitopoulos, Constantine. *Turkey's Accession to the European Union, An unusual Candidacy*. Athens: Springer-Verlag Berlin Heidelberg, 2009 (122)
[743] Koukoudakis, George. *Explaining the Endurance of Greek-Turkish Rapprochement Process*. Uluslararası İlişkiler, Volume 11, No. 44, 2015 (85–86)

на билатералната трговија меѓу двете земји и за зголемување на директните странски инвестиции, пораст на туристичките активности меѓу граѓаните на двете земји, подобрување на железницата и морските линии кои ги поврзувале двете земји и зголемување на културната и научна соработка меѓу луѓето од двете земји, до потпишување на серија мерки за градење доверба и заеднички вложувања за изградба на гасовод што ќе ја поврзе Турција со Грција и Грција со Италија и формирање на Совет за стратешка соработка, каде премиерите на двете земји се состанувале годишно.[744]

Во однос на грчко-турските односи, ЕУ била далеку од постигнување и промовирање унифициран став, кој всушност би придонесол за помирување на двата соседа. Покрај тоа што низа одлуки на ЕУ (т.е. самитот во Луксембург и Кардиф) одразувале одредени грчки грижи во однос на ревизионистичкиот став на Турција (преку усвојувањето на условите поставени од грчката страна за одржување и зајакнување на европската ориентација на Турција), ЕУ никогаш не одлучила како целина или да посредува за решавање на конфликтот или да ги обезбеди за Грција потребните безбедносни гаранции, ниту пак се очекувало да го стори тоа во блиска иднина.[745]

После промената на власта во Грција во 2009 година, само три дена по стапување на функција, премиерот Папандреу ја избрал Турција за дестинација на неговото прво надворешно-политичко патување. Тој се сретнал со неговиот колега Реџеп Таип Ердоган и министерот за надворешни Ахмет Давутоглу. Симболиката на ова во првичната дипломатска активност во Истанбул не била залудна поради грчките и турските надворешно-политички агенди.[746]

Аспирациите на Турција за ЕУ биле проблем како и процесот кој се водел под покровителство на ОН околу кипарското прашање. Папандреу го поздравил новиот договор меѓу Турција и Ерменија, барајќи нормализација на врските меѓу двете земји. Од турска страна премиерот Ердоган истакнал подготвеност за да се обноват грчко-турските односи. Ердоган повикал на зајакнување на врските меѓу двете земји. Новиот

[744] Koukoudakis, George. *Explaining the Endurance of Greek-Turkish Rapprochement Process*. Uluslararası İlişkiler, Volume 11, No. 44, 2015 (85–86)
[745] Tsakonas, Panayotis J. *Greek-Turkish Relations Towards the 21st Century: A View from Athens, 1999* пристапено на: 31.03.2023, https://scholarsprogram.wcfia.harvard.edu/sites/projects.iq.harvard.edu/files/fellows/files/tsakonas-.pdf (5)
[746] Bastian, Jens. *Greece in Southeast Europe Political Opportunities and Economic Challenges*. Berlin: Friedrich-Ebert-Stiftung, International Policy Analysis, 2010 (3)

турски амбасадор во Атина, Мехмет Хасан Гогуш, го повторил тој став сугерирајќи дека Ердоган сакал да ги подобри односите со Грција во сите области, вклучително и билатералната трговија, заеднички туризам и нерешените дипломатски прашања како кипарскиот предизвик.[747] Грчките влади низ годините успешно ја воделе надворешната политика, и покрај фактот дека имало земји-членки на ЕУ кој јавно ги поддржувале долгогодишните аспирации на Турција за членство во ЕУ.[748]

Во изминатиот период имало голем број иницијативи за изнаоѓање решенија за напластените спорови помеѓу Грција и Турција, меѓу кои и обидите од 1975 до1981 година и 2002 – 2003 година, кои не довеле до позначајно померување на статус-кво ситуацијата, како и разговорите што продолжиле од 2004 до 2009 година, каде што партиите не биле подготвени да преземат чекори од различни причини. Во однос на последните засилени разговори (од 2010 година), се чини дека Ердоган бил подготвен да склучи договор, но Грција за време на Јоргос Папандреу кој првично бил позитивно насочен, сепак се решила да се повлече поради домашната ситуација во тој период. Со „бледнеењето“ на перспективата на Турција за членство во ЕУ, сè помалку популарно во Турција било решавањето на егејскиот конфликт како приоритет, колку и да било корисно за зголемување на акредитациите на Турција за ЕУ и претставувањето на Турција како конструктивна и пријателска држава во регионот. Како што минувало времето, така најмалку ветувала грчката страна поради економскиот колапс на земјата која била на работ на банкрот во 2009 година.[749]

Почнувајќи од 2010 година, се забележува брз пораст на бројот на странци кои доаѓаат во Грција. Повеќето од луѓето биле приведени поради обидот за илегален влез во државата, минувајќи ја копнената граница со Турција. Грчката Влада не можела да се справи со проблемот со мигрантските текови, па Европската Унија избрала да помогне со лансирање на операцијата „Посејдон“ во 2010 година, копнена и морска граница со контролна мисија координирана од агенцијата на ЕУ – ФРОНТЕКС. Грчката владејачка партија, во тоа време конзервативната Нова демократија, негативно била настроена кон мигрантите и решила дефинитивно да ја запечати копнената

[747] Bastian, Jens. *Greece in Southeast Europe Political Opportunities and Economic Challenges*. Berlin: Friedrich-Ebert-Stiftung, International Policy Analysis, 2010 (3)
[748] Ibid.
[749] Heraclides, Alexis. *The Essence of the Greek-Turkish Rivalry: National Narrative and Identity*. Hellenic Observatory European Institute, LSE, 2011 (4-5)

граница со Турција. За таа цел Атина бара од Европската комисија финансиска помош која ќе биде потрошена за подигнување на бодликава жица.[750]

Граѓанската војна што избувнала во Сирија во 2011 година ја променила политиката на Турција кон бегалците кои доаѓале од југ. Претседателот Ердоган претпоставил дека сириските бунтовници брзо ќе го соборат режимот на Асад и со тоа Турција би добила политичко влијание во таа земја со помош на опозицијата и прифаќањето на бегалците. Затоа Турција избрала да води политика на „отворени врати" кон сириските бегалци. Турската Влада првично почнала да поставува бегалски кампови на границата со Сирија, одбивајќи да прифати меѓународна помош за Сиријците.[751]

Политиката на Турција кон Сирија била дел од планот на Анкара во врска со Блискиот Исток: да ја обнови својата позиција како главна сила во регионот и да стане верски лидер меѓу сунитските исламски земји. Кога овие планови не успеале, а особено кога односите со Египет, Израел, Ирак и Иран се влошиле, меѓународната позиција на Турција била значително ослабена. Неуспехот на Ердоган бил особено јасен во поглед на Сирија, каде Асад добил воена поддршка од Русија која уште повеќе го интензивирала егзодусот на сирискиот народ во соседните земји, особено во Турција.[752]

Во 2012 година во Грција започнала „Операција Аспида" (штит), чија цел била да им покаже на илегалните мигранти дека е невозможно да влезат во Грција од Турција, па затоа биле испратени речиси две илјади офицери до границата во Тракија, да патролираат во областа. Во истата година полициските сили ја започнале операцијата „Xenios Zeus" (Hospitable Zeus) преку постојана контрола на документите на лица осомничени дека илегално престојуваат во Грција. Во текот на операција, која траела до 2014 година, стотици илјади „осомничени" биле контролирани само во втората половина на 2012 година, а 65.000 луѓе биле задржани на проверка, од кои околу 4.000 се покажале како незаконски мигранти и затоа биле депортирани.[753]

---

[750] Adamczyk, Artur. Ilik, Goran. *Greek-Turkish Relations, UE and Migration Problem*. Warsaw: Yearbook of Polish European Studies, Centre for Europe, University of Warsaw, vol.19, 2016 (189)
[751] Ibid. (196-197)
[752] Ibid. (186–187)
[753] Ibid. (190)

Со доаѓањето на СИРИЗА на чело на грчката Влада во 2015 година, се применил и ставот на Владата кон мигрантската политика. Владата, составена од радикални социјалисти, се залагала за промена на миграциската политика, укажувајќи на потребата од почитување на човековите права, затворање на центрите за притвор и овозможување легализација на мигранти и бегалци без валидни патнички документи.[754]

Една од првите одлуки на премиерот Алексис Ципрас била тоа што Владата требала постепено да ги затвора центрите за притвор и да ги претвори во отворени или полуотворени „објекти за сместување", каде што би се исполниле условите на човековото достоинство. Владата исто така ја завршила операцијата и им наложила на службениците да користат мерки на притвор само во екстремни случаи. Од грчките функционери се барало да ги набљудуваат човековите права кога се работи со странци. Заменик министерот за имиграциска политика, Тасија Христодулопулу јавно изјавил дека изразот „незаконски" не треба да се користи кон мигрантите бидејќи тие се луѓе кои заслужуваат помош.[755]

Политиката на новата Влада била жестоко критикувана од најголемата опозициска партија Нова демократија, која претходно вовела најрестриктивните мерки против илегалните мигранти и бегалци. Лидерот на НД, Самарас, особено го критикувал раскинувањето на операцијата „Xenios Zeus" и затворањето на центрите за притвор, тврдејќи дека тоа би довело до поголем криминал и закани за грчките граѓани. Тој остро се спротивставил на предлозите за отстранување на бариерите подигнати на копнената граница со Турција. Кога центрите за притвор биле затворени, големи групи мигранти и бегалци почнале да ги окупираат главните плоштади и паркови во Атина. Ова ги налутило и жителите на главниот град и локалните власти кои биле критички настроени кон владината политика.[756]

Странците Грција не ја гледале како крајна дестинација, туку како транзитна рута одејќи кон север по балканската рута кон побогатите земји-членки на ЕУ. Останатите членки на ЕУ првично го потцениле и игнорирале феноменот на нови бранови бегалци кои пристигнувале на грчките острови. Само во мај 2015 година

[754] Adamczyk, Artur. Ilik, Goran. *Greek-Turkish Relations, UE and Migration Problem*. Warsaw: Yearbook of Polish European Studies, Centre for Europe, University of Warsaw, vol.19, 2016 (190)
[755] Ibid.
[756] Ibid. (191)

Европската комисија испратила предлог за одговор на масовната миграција во форма на европска агенда за миграција. Како последица од настанатата ситуација, во септември 2015 година Советот на Европската Унија усвоил одлука насочена кон стабилизирање на ситуацијата предизвикана од масовниот прилив на бегалци. Одлуката предвидувала помош за првата линија на ЕУ земји-членки, Италија и Грција, врз кои бегалската криза имала директно влијание.[757]

Бегалската „криза" од 2015 година го поместила дотогашниот тек на настани во Грција, но и во Европа. Во 2015 година 860.000 лица влегле во Европската Унија преку Грција и периодот бил наречен „лето на миграција". Во периодот со пристигнувањето на повеќе од милион бегалци, на површина се појавиле прашањата за споделување одговорност, солидарност и функцијата на заедничкиот европски систем за азил. „Бегалската криза" од 2015 година првично била „Грчка криза". Островите на северниот дел на Егејското Море функционирале како влезна точка за огромниот број мигранти. Четири острови биле најфреквентна рута за мигрантите: Кос, Хиос, Самос и Лезбос.[758]

Миграциската криза од 2015 година ги принудила земјите-членки на ЕУ да се вклучат во разговори со Турција за контрола на границите и за ограничување на миграцијата. ЕУ ја обвинила Анкара дека не ги чува своите граници и дека на својата територија ги прифаќа илегалните мигранти од трети земји кои се обидувале да влезат во Европа со брановите бегалци. Според договорот склучен со ЕУ, Турција презела чекори за ограничување на приливот на странци на нејзината територија. Во април 2016 година Анкара го ратификува договорот за реадмисија со Пакистан, кој предвидувал дури и да се вратат Пакистанците од бегалските кампови во Грција, под услов да дојдат на грчките острови од Турција. Турската Влада планирала да потпише слични договори за реадмисија со Авганистан, Иран, Ирак, Алжир, Мароко, Еритреја и Бангладеш.[759]

Во 2015 година премиерот Ахмет Давутоглу се сретнал со неговиот грчки колега Алексис Ципрас во Њујорк. На овој состанок двајцата лидери се согласиле да ја

[757] Adamczyk, Artur. Ilik, Goran. *Greek-Turkish Relations, UE and Migration Problem*. Warsaw: Yearbook of Polish European Studies, Centre for Europe, University of Warsaw, vol.19, 2016 (191)
[758] Dimitriadi, Angeliki. Sarantaki, Antonia-Maria. *The refugee „crisis" in Greece: politicisation and polarisation amidst multiple crises*. Chemnitz: Ceaseval research on the common European asylum system, Nr. 11, 2018 (3)
[759] Adamczyk, Artur. Ilik, Goran. *Greek-Turkish Relations, UE and Migration Problem*. Warsaw: Yearbook of Polish European Studies, Centre for Europe, University of Warsaw, vol.19, 2016 (198)

зајакнат соработката за спроведување на проекти кои имаат за цел да ги олеснат маките на сириските бегалци. За време на средбата, Давутоглу ја изразил и подготвеноста на Турција да понуди секаков вид поддршка за да му помогне на соседот да ја надмине тековната финансиска криза. Давутоглу рекол дека со Ципрас разговарал за да организираат состанок за бегалското прашање, додавајќи дека Грција може да биде вклучена во работната група формирана меѓу Турција и Германија. Главна влезна точка за бегалците во Европа е тесниот воден пат меѓу Турција и грчките острови. Турција, која водела политика на отворени врати за Сиријците и била домаќин на повеќе од 2 милиони бегалци погодени од граѓанската војна, се борела да го запре протокот на бегалци во европските земји. Секој ден десетици бегалци ги ризикувале своите животи и се качувале на чамци за да преминат на грчките острови, најблиската порта кон Европа од Турција. Давутоглу ја изразил подготвеноста на Турција да разговара за заедничките чекори за да ѝ помогне на Грција да ја преживее финансиската криза.[760]

Ситуацијата со мигрантите и азилот во ЕУ и нејзиното соседство претставувало точка на несогласување помеѓу европските партнери во последните години. ЕУ продолжила да предлага свои одговори и да ги спроведува своите решенија за мигрантската и бегалската криза во специфични области кои предизвикале и во иднина ќе предизвикуваат различни реакции од различни земји, вклучително и четирите земји од Вишеградската група. Од 2015 година Вишеградската група ги разгледала миграциските прашања во контекст на ЕУ, со цел да се извлечат заеднички ставови, кои би можеле заеднички да се соопштат на форумот на ЕУ. Миграциската и бегалската криза не влијаеле само на нив, а Унгарија, поради локацијата, била директно изложена на западно-балканската миграциска рута.[761]

Ако во 2015 година Грција се доживувала себеси како жртва на непопустливоста на ЕУ, во 2016 година драстично се менува дискурсот. Делумно поради заканата од протерување од Шенген, но пред сè поради затворањето на западно-балканската рута, чиј главен излез бил коридорот од Грција, затоа Владата усвоила прилично прагматичен пристап. Договорот за преселба и финансиската помош

[760] *Davutoğlu meets Greek PM Tsipras, discusses refugee crisis*, пристапено на: 23.05.2023 https://www.dailysabah.com/diplomacy/2015/09/30/davutoglu-meets-greek-pm-tsipras-discusses-refugee-crisis
[761] Pachocka, Marta. *Understanding the Visegrad Group States' Response to the Migrant and Refugee Crises 2014+ in the European Union*. Warsaw: Yearbook of Polish European Studies, Centre for Europe, University of Warsaw, vol.19, 2016 (128)

за Грција придонесле да се промени медиумскиот и владиниот дискурс. Сепак, сè уште имало обвинувања и осудувања на сметка на ЕУ за губењето на моралниот компас, бидејќи ова прашање претставувало многу поголем предизвик за самата „Унија“ во рамките на ЕУ и повеќе политичка криза отколку криза на солидарност. На 18 март 2016 година била објавена изјавата ЕУ – Турција, каде биле упатени критики за договорот, како и за неговото спроведување од страна на Грција во изминатите неколку години. Изјавата била дел од поширокata дискусија за миграција, европски вредности и одговорност до ден денес. Ова не значело дека овој проблем веќе не добивал на важност.[762]

Уште во февруари 2016 година, на грчката интернет страна *www.in.gr* објавиле дека грчки европратеник во Европскиот парламент поднел прашање до Европската комисија во врска со „тајните разговори со Турција за бегалските прашања“. Написот понатаму забележува дека постоеле документи кои покажуваат дека договорот за бегалците е дел и пакет со визната либерализација и членството на Турција во ЕУ. На 7 март 2016 година грчките интернет страни *www.in.gr* и *www.newsbomb.gr* известиле дека вишеградските земји се противеле на враќањето на бегалците во Турција, врз основа на тоа дека Турција не била безбедна земја. Поместувањето од дискурсот во однос на бегалската криза „Грција против ЕУ“ во 2016 година сè повеќе се претставувала Грција како дел од ЕУ со вишеградските земји против европско решение: премиерот Алексис Ципрас изјавил дека морало да има договор, а балканскиот коридор морал да остане отворен. Според него, лицемерно било одредени бегалци да ја продолжат рутата, а други да се вратат во Турција. Тие сепак би нашле начин да дојдат во Европа.[763]

Во наредниот период се зголемиле дискусите во грчкото општество поради размислувањата за можните последици од вмешаноста на Турција во бегалскиот договор со ЕУ, како и за ситуацијата во Идомени поради затворањето на балканската рута што ја претворила Грција од транзитна зона во земја со продолжена дестинација за бегалците и мигрантите. Промената на геополитичките околности со договорот ЕУ – Турција за бегалците и затворањето на границите, довело до нивно повторно појавување во политичките наративи. За време на парламентарните дискусии за

[762] Dimitriadi, Angeliki. Sarantaki, Antonia-Maria. *The refugee „crisis“ in Greece: politicisation and polarisation amidst multiple crises*. Chemnitz: Ceaseval research on the common European asylum system, Nr. 11, 2018 (16)
[763] Ibid.

договорот ЕУ – Турција за бегалците, Владата истакнала дека со овој договор за првпат Турција била призната како проблематичен партнер по прашањето за нерегуларната миграција. НД, како главна опозициската партија, го окарактеризирала овој договор како „исклучително сложен, со многу загрижувачки и нејасни точки“, каде неговата имплементација би била прилично сомнителна. Сепак, со секој неуспех да се спроведе овој договор, ризикувала Грција да постане камп за стотици илјади мигранти и бегалци.[764]

Во 2016 година се случила промена на тоа кој е одговорен и што подразбира таа одговорност. Политизацијата останала константна, но постепено се појавувала поларизација во однос на управувањето со последиците од „кризата“. Медиумите, политичките партии и јавноста ги забележувале поделбите во ЕУ и во неподготвеноста на одредени земји-членки да покажат солидарност и да ја споделат одговорноста. Во март 2016 година, Грција станала дел од коалицијата на земји подготвени да работат заедно против Вишеградската група. Стравот од „Grexit“ и заканата од отстранување од Шенген зоната се наѕирала на хоризонтот. Во оваа рамка се разговарало за улогата на Турција во оваа криза, моралната одговорност на ЕУ да дејствува солидарно и поделбите меѓу ЕУ-земји од север и југ.[765]

Грчката Влада била прилично активна во истакнување на прашањето за миграцијата на форумите и самитите на ЕУ. Исто така, се обиделе да формираат коалиции со другите земји-членки на ЕУ за да ја зајакнат својата позиција. Сите овие обиди биле директно или индиректно поврзани со ривалството меѓу Грција и нејзините кредитори и новиот политички режим на радикалната левичарска Влада на СИРИЗА, во обидот да се наметне во арената на ЕУ. Поради оваа причина, владината реторика инкорпорирала и наративи за поделба од стариот политички систем и одамна воспоставени интереси на ЕУ, кои биле промовирани од земјите од Северна Европа. Ова неизбежно ја зголемило поларизацијата внатре и надвор од државата, а со владината политика за миграцијата била испратена критика првенствено од партиите, но постепено и од медиумите. Во овој период сè повеќе се поставувало прашањето за финансиските трошоци и управувањето со камповите и жариштата, а повеќето

[764] Dimitriadi, Angeliki. Sarantaki, Antonia-Maria. *The refugee „crisis“ in Greece: politicisation and polarisation amidst multiple crises*. Chemnitz: Ceaseval research on the common European asylum system, Nr. 11, 2018 (20)
[765] Ibid. (23–24)

политички партии ја насочувале својата критика кон ЕУ и кон моменталното раководство на ЕУ.[766]

Поларизацијата, сепак, не го достигнала својот врв во март 2016 година, туку речиси една година подоцна, на годишнина од првата година од изјавата ЕУ – Турција. Миграцијата била и останала доста политизирано прашање, но изненадувачки, помалку поларизирачко како што се очекувало, особено во 2015 година, но и во 2016 година.[767]

Незадоволство кон ЕУ растело поради економската криза и преговорите за спас, а бегалската криза дополнитлно функционирала како уште едно прашање за грчките медиуми, јавноста и политичарите, каде Унијата потфрлила во своите нормативни, правни обврски, но, уште поважно, не успеала да покаже солидарност со земја-членка во „криза“.[768]

Според изјавата ЕУ – Турција од 2016 година, Турција се обврзала да спречи нови пристигнувања по море или копно во ЕУ и го прифатила враќањето на мигрантите и барателите на азил кои пристигнувале на грчките острови. Во замена, земји-членки на ЕУ се согласиле да преземат голем број активности за поддршка на турската Влада, особено исплатата на вкупно 6 милијарди евра за бегалците во Турција, за поддршка на социо-економската интеграција на бегалците во Турција и ветување за преселување до максимум 72.000 сириски бегалци од Турција. Изјавата вклучувала збир на обврски во области од интерес на Турција, кои не биле директно поврзани со управувањето на бегалските прашања.[769]

Земји-членки на ЕУ се обврзале да го забрзаат процесот на визна либерализација за турските граѓани, да ја надградат царинската унија на ЕУ – Турција и повторно да го поттикнат процесот на пристапување на Турција во ЕУ. Изјавата вклучувала и заложба за поддршка и подобрување на хуманитарните услови во сириските региони во близина на турската граница, за да им се овозможи на локалното население и бегалците кои се враќаат да живеат безбедно во тие области. Изјавата ЕУ – Турција покренувала прашања за законитоста и демократската одговорност, бидејќи не бил полноправен меѓународен договор, но политичката декларација била претставена

---

[766] Dimitriadi, Angeliki. Sarantaki, Antonia-Maria. *The refugee „crisis“ in Greece: politicisation and polarisation amidst multiple crises*. Chemnitz: Ceaseval research on the common European asylum system, Nr. 11, 2018 (23-24)
[767] Ibid.
[768] Ibid.
[769] Cortinovis, Roberto. *Pushbacks and lack of accountability at the Greek-Turkish borders*. Brussels: CEPS, 2021 (3)

како „соопштение за печат“ на Европскиот совет. Според експертите, ова било двосмислен правен статус, кој спречувал демократска контрола од страна на Европскиот парламент и судска контрола од страна на Судот на правдата на ЕУ, изразувајќи загриженост за компатибилноста на Изјавата со принципите од Договорот на ЕУ за меѓуинституционална рамнотежа и искрена и лојална соработка.[770]

ЕУ се обврзала да го забрза процесот на визна либерализација за турските граѓани по поставените барања од страна на Европската комисија. Првично либерализацијата требала да се одржи на крајот на јуни 2016 година, но тоа не се случило имајќи предвид дека Турција не ги исполнила бараните критериуми. Брисел се обврзал да ѝ обезбеди на Турција финансиска помош во износ од 3 милијарди евра до крајот на 2017 година, кои ќе бидат доделени за создавање соодветни услови за живот на бегалците и додатни 3 милијарди евра кои требале да бидат распределени за помош на бегалците во Турција во 2018 година. На барањата на Турција, Европската Унија постојано нагласувала дека Анкара треба да ги спроведе и почитува основните принципи на европското право. Договорот со Турција, кој стапил на сила на 20 март 2016 година, придонесол за значително намалување на приливот на странци на грчките острови.[771]

Одговорноста за спроведување на договорот меѓу ЕУ и Турција била на владите на Грција и Турција. Во име на ЕУ, Европската комисија се обврзала да обезбеди финансиска, советодавна и експертска помош, а воедно функционерите од двете егејски земји морале да се потрудат да го решат проблемот со бегалците. Европската комисија прогласила финансиска помош за грчката Влада во износ од 700 милиони евра до крајот на 2018 година да се потроши за одржување на инфраструктурата и поддршка на бегалците. Грција требала да изгради инфраструктура за 30.000 странци, а УНХЦР требала да обезбеди за уште 20.000 во Грција.[772]

Односите помеѓу ЕУ и Турција биле често напорни и проследени со обвинувања дека не се придржуваат кон договореното. Ердоган постојано се заканувал на Брисел дека ќе ослободи бран бегалци ако ЕУ не ги исполни условите од договорот од март 2016 година. Грција останувала главната оштетена страна во ова сценарио,

---

[770] Cortinovis, Roberto. *Pushbacks and lack of accountability at the Greek-Turkish borders*. Brussels: CEPS, 2021 (3)
[771] Adamczyk, Artur. Ilik, Goran. *Greek-Turkish Relations, UE and Migration Problem*. Warsaw: Yearbook of Polish European Studies, Centre for Europe, University of Warsaw, vol.19, 2016 (200–201)
[772] Ibid. (201)

како земја на првата линија на ЕУ таа била најпогодена од ефектите на таа одлука. Се чини дека Турција ги третирала мигрантите како форма на оружје против ЕУ и носела голем ризик од ескалација на тензиите меѓу Атина и Анкара. Грција била сѐ позагрижена поради губењето на суверената контрола врз островите во Егејското Море.[773]

Турција и Грција имале билатерални односи исполнети со низа несогласувања во врска со кипарскиот спор, егејскиот проблем и честите одложувања од страна на Грција во европската интеграција на Турција. Во интервјуто спроведено со универзитетскиот професор Димитри Сотиропулос, на прашањето дали е можно целосно нормализирање на билатерални односите меѓу Грција и Турција, тој истакна: „Има несогласувања меѓу Грција и Турција, но несогласувањата се податливи. Постои ниска континуирана тензија меѓу двете земји која никогаш не стигнала до конфликти слични на војна кои периодично избувнуваат во Источен Медитеран или Северна Африка. Во 1999 година, на самитот во Хелсинки, Грција ги укина своите приговори за европската интеграција на Турција. Меѓутоа, во децениите што следеа, не Грција, туку силните земји-членки на ЕУ се спротивставија на интеграцијата на Турција во ЕУ. Во меѓувреме, самата Турција направи промена кон дефицитарна демократија, додека турската економија се влоши. Така, изгледите за приклучување на Турција во ЕУ се намалени“.[774]

### 3.2.1 Кипарскиот спор – причини и импликации за градењето на мирот

„*Кипар е единствениот долгогодишен проблем во Европа кој останува нерешен. Насекаде во Европа линиите на поделби и ѕидови се отфрлени, а странските трупи повлечени. Но, поделбата на Кипар продолжува ...*“[775]

– Андонис Самарас

[773] Adamczyk, Artur. Ilik, Goran. *Greek-Turkish Relations, UE and Migration Problem*. Warsaw: Yearbook of Polish European Studies, Centre for Europe, University of Warsaw, vol.19, 2016 (205)
[774] *Интервју со проф. д-р Димитри Сотиропулос*, 21.07.2023, Интервју преку интернет платформа, 20 часот
[775] *Minister of Foreign Affairs of Greece, Antonis Samaras, in New York, September 27, 1991*. The speech was held in 46$^{th}$ session of the United Nations General Assembly.

Историјата од победничката страна најчесто е селективна. Иако Грција веќе не ја застапувала политиката на *enosis* или унија, таа сè уште го смета Кипар за дел од хеленскиот свет. Грција се смета за чувар на интересите на хеленизмот, а воедно и на Кипар. Кипар не бил дел од модерна Грција, но културно и историски има хеленски идентитет и слични корени. [776]

Односите меѓу Грција и Турција секогаш биле значајни приоритети за надворешната политика на САД. Двете земји веќе долго време се во судир за поморското разграничување на Егејското Море, сопственоста на одредени мали острови и контролата над воздушниот простор над Егејското Море. Сепак, кипарското прашање најмногу ги подграва тензиите меѓу Грција и Турција.[777]

Националните интереси на Грција се протегаат надвор од нејзините граници и ја вклучуваат безбедноста на друга држава, имено Кипар. Кога Кипар е загрозен од турски воени акции, властите во Атина мора да се подготват за одбрана на островот од турската закана.[778] Во 1964 година имало судири меѓу грчката и турската заедница, кога биле испратени миротворни сили од ОН на островот. По државниот удар организиран од грчката хунта во Атина во јули 1974 година, претседателството на архиепископот Макариос било соборено. Подоцна тој се враќа на власт, а следствено, Турција го нападнала островот и окупирала 40% од неговата територија и формирала управа на кипарските Турци, што ќе доведе до формирање на „Турската Федеративна држава Кипар“ во 1983 година. Оттогаш, се одржуваат разговори и има обиди за да се реши ситуацијата, но безуспешно.[779]

Кипар е еден од најкритичните проблеми со кои се соочуваат грчко-турските односи, каде што и двата соседа дошле на работ на војна поради егејските интереси во неколку наврати во изминатите четири децении. Во текот на 1990-тите години имало голем број кризи, вклучувајќи ја и декларацијата на доктрината за заедничка одбрана меѓу Грција и Кипар, декларацијата за *casus belli* од октомври 1994 година и спорот Имија/Кардак кој ги донел двете земји на раб на војна.[780] Прашањето за заедничка одбранбена доктрина меѓу Грција и Кипар кулминирала на крајот на 1998 година, со

---

[776] Rasku, Minna. *On the Border of the East and West. Greek Geopolitical Narratives*. Jyväskylä: University of Jyväskylä, 2007 (125)
[777] Bahcheli, Tozun. Couloumbis, Theodore A. Carley, Patricia. *Greek – Turkish relations and U.S. Foreign Policy, Cyprus, the Aegean, and Regional Stability*. Washington: Peaceworks No. 17, United States Institute of Peace, 1997 (1)
[778] Rasku, Minna. *On the Border of the East and West. Greek Geopolitical Narratives*. Jyväskylä: University of Jyväskylä, 2007 (122)
[779] Ibid.
[780] Ibid. (123-124)

ракетниот систем S-300PMU-1. Кризата за островчињата Имија/Кардак придонесла Турција да ги зголеми своите сили во Северен Кипар, а двата соседи биле речиси на раб на војна.[781]

Кипарската криза од 1974 година доведе до сознание дека НАТО има ограничена вредност, како што беше зависноста од САД како безбедносно средство против турскиот „ревизионизам". За таа цел целосното учество на европскиот проект за интеграција се чинеше дека е најсоодветен инструмент на Грција за надворешно балансирање *vis-à-vis* Турција, проследена со демократски и политички притисок за одвраќање на Анкара од потенцијални авантури во Егејот.[782]

Напорите за ефективно балансирање од турската закана Грција ги реализирала преку ЕУ и приоритетите за спроведување на предуслови во согласност со европските принципи и стандарди за оние земји кои сакаат да станат членки. [783]

После 1974 година, преговорите на ОН се фокусирале кон помирување на двете страни и повторно воспоставување централна власт. Тие се засновале на цели и начини за да се спроведе федерално решение. Кипарските Турци ја истакнале бизоналноста и политичката еднаквост на двете заедници, претпочитајќи две речиси автономни општества со ограничени контакти. Кипарските Грци ги истакнале слободите на движење, сопственост и населување низ целиот остров. Двете страни се разликувале во начините за постигнување федерација: кипарските Грци сакале нивната меѓународно признатa национална влада да ја пренесе моќта на кипарските Турци, кои потоа ќе се приклучат на една кипарска република. За кипарските Турци два ентитета ќе се приклучат за првпат во нова федерација. Овие ставови би можеле да влијаат на решавањето на државјанството на турските доселеници и други правни прашања.[784]

Во овој период имало многу рунди на директни и индиректни преговори под покровителство од ОН. Во 1977 година бил одржан состанокот Макариос – Денкташ. Тие се согласиле дека Кипар ќе биде независна, неврзана, бикомунална, федерална република со контрола на секоја администрација над територијата која ќе ја определува економската исплатливост, продуктивноста и имотните права; ќе се

---

[781] Rasku, Minna. *On the Border of the East and West. Greek Geopolitical Narratives*. Jyväskylä: University of Jyväskylä, 2007 (123-124)
[782] Arvanitopoulos, Constantine. *Turkey's Accession to the European Union, An unusual Candidacy*. Athens: Springer-Verlag Berlin Heidelberg, 2009 (122)
[783] Ibid.
[784] Migdalovitz, Carol. *Cyprus: Status of U.N. Negotiations* Congressional Research Service, The Library of Congress, 2005 (2)

разговара за слободата на движење, населување и имот, за овластувањата и функциите на централната федерална влада која ќе го зачува единството на земјата.[785]

Во 1979 година во коминикето Кипријану – Денкташ се согласиле да разговараат врз основа на насоките од 1977 година за решавање на територијални и уставни прашања, давајќи им приоритет на Вароша, демилитаризацијата и да се избегне сојуз во целост или делумно со која било друга земја. Во 1984 година се одржале разговори, а по декларацијата на ТРСК од 1983 година, преставниците на ООН воделе блиски или индиректни разговори за уставните аранжмани, повлекување на странските трупи и статусот на меѓународните договори и гаранции.[786]

По декларацијата од 1983 година, ТРСК била призната само од Турција, а остатокот од меѓународната заедница продолжила да ја признава Владата на кипарските Грци како легитимна власт на островот, дури иако не ја претставувала турската заедница.[787]

Во 1985 – 1986 година имало неуспешен напор на нацрт-документ инициран од страна на ОН, кој бил отфрлен од двете страни. Кипарските Грци повикале на меѓународна конференција или нов самит за ревитализација на процесот. Во периодот 1988 – 1989 година повторно биле иницирани разговори. После неформалните директни разговори, кипарскиот претседател Василиу и Денкташ дополнително ги зацврстиле позициите. Во април 1989 година, генералниот секретар Перез Де Куељар предложил одделни состаноци. Денкташ ја критикувал идејата за блиски разговори, но ОН верувале дека страните се согласиле да ги „одвојат разговорите и да има периодични заеднички состаноци“. Во јуни, од страна на Перез де Куељар, циркулирале нацрт идеи за договор. Кипарските Турци тврделе дека ОН ја надминале својата улога и дека ќе прифатат само документ изготвен од странките.[788]

Во периодот од март 1990 до април 1992 година, со резолуција 649 на Советот за безбедност од 13 мај 1990 година, било потврдено правото на генералниот секретар да дава предлози. Тоа се однесувало на федералните решенија како заеднички во однос

[785] Migdalovitz, Carol. *Cyprus: Status of U.N. Negotiations* Congressional Research Service, The Library of Congress, 2005 (2)
[786] Ibid.
[787] Bahcheli, Tozun. Couloumbis, Theodore A. Carley, Patricia. *Greek – Turkish relations and U.S. Foreign Policy, Cyprus, the Aegean, and Regional Stability.* Washington: Peaceworks No. 17, United States Institute of Peace, 1997 (10)
[788] Migdalovitz, Carol. *Cyprus: Status of U.N. Negotiations* Congressional Research Service, The Library of Congress, 2005 (3)

на уставните аспекти и бизонско во однос на територијалните аспекти – првата референца на ОН за бизоналноста е клучен концепт за кипарските Турци.[789]

Во јуни 1991 година, Перез де Куелар повикал на меѓународна средба. На 2 август претседателот Буш објавил дека Грција и Турција се договориле на конференција на ОН за Кипар. Генералниот секретар инсистирал страните прво да бидат во опсегот на договорот, но грчкиот и турскиот премиер не можеле да најдат заеднички јазик. На 8 октомври де Куелар објавил дека конференцијата не е можно да се реализира и го обвинил Денкташ за изјавата дека секоја страна поседува суверенитет, кој резолуциите на ООН го припишувале исклучиво на Републиката. Од страна на генералниот секретар Бутрос Гали, во април 1992 година, биле изнесени збир на идеи каде сугерирал на бизонална федерација на две политички еднакви заедници, кои поседуваат еден меѓународен суверенитет. На 21 август Бутрос Гали истакнал дека предлозите на Денкташ не соодвествуваат на предложената рамка, а Василиу бил подготвен да преговара и заклучил дека е можен договор доколку кипарските Турци ги прилагодат барањата според предлогот на ОН. Тоа било неприфатливо за Денкташ и го отфрлил предложениот збир на идеи.[790]

На 14 февруари 1993 година Глафкос Клеридис, кој го поддржал збирот идеи, бил избран за претседател на Кипар. Од 24 мај до 1 јуни 1993 година Клеридис и Денкташ разговарале за отворање на и повторно отворање на аеродромот во Никозија, кој бил под контрола на ОН. Клеридис инсистирал цела Вароша да биде предадена, додека Денкташ се воздржал од идејата и тврдел дека мерките ќе им користат повеќе на кипарските Грци отколку на кипарските Турци. Експертите на ОН утврдиле дека двете страни ќе имаат корист, со релативно поголеми придобивки за кипарските Турци поради нивната помала економија и укинувањето на пречките со кои се соочуваат. После извесен период, Бутрос Гали изјавил дека имало недостатокот на политичка волја кај кипарските Турци околу предлогот.[791]

Кризата од 1996 година била поттик за мировната иницијатива, покрената од турскиот премиер Месут Јилмаз на 24 март 1996 година. Јилмаз ја поканал Грција да стапат во преговори со Анкара за сите отворени прашања меѓу двете земји, без

---

[789] Migdalovitz, Carol. *Cyprus: Status of U.N. Negotiations* Congressional Research Service, The Library of Congress, 2005 (3)
[790] Ibid.
[791] Ibid. (4)

предуслови. Тој истакнал дека Турција била подготвена да „дискутира со добра волја, за можна арбитража од трета страна. Овој последен дел од изјавата означил важна промена во традиционалниот турски став. Јилмаз ја критикувал и поранешната премиерка Тансу Чилер и турската бирократија за ескалацијата на кризата во Имија/Кардак од политички причини. Турското раководство морало да се справи со последиците од кризата и турскиот неуспехот да се добијат средства од ЕУ поради пост-кризното грчко вето. Сепак, и оваа иницијатива не вродила со плод.[792]

Грчкиот Премиер Костас Симитис испратил порака преку турскиот бизнисмен Сарик Тара до Јилмаз, велејќи дека не може да преземе никаква акција пред неговиот претстоен партиски конгрес, кој требало да се одржи во јуни. Кога Симитис бил подготвен, по неговиот избор за претседател на неговата партија, Тансу Чилер веќе го наследила Месут Јилмаз. Понатака не бил изразен интерес за продолжение на иницијативата бидејќи била спротивна од националниот интерес на Турција. Кога турскиот премиер го дал овој предлог, Симитис бил под притисок од опозициските партии, но и од дел од неговата партија, кои го обвиниле за попуштање кон Турција за време на кризата Имија/Кардак. Симитис бил обвинуван дека покажал знаци на помирување со Турција три месеци пред конгресот на неговата партија. Со тој потег би извршил политичко самоубиство бидејќи- антитурското крило на ПАСОК било зајакнато по кризата.[793]

Одреден напор за напредок во грчко-турските односи бил направен на 27 април, кога грчките и турските министри за надворешните работи се состанале во Букурешт. Тие се согласиле да ја истражат можноста за билатерални преговори во мај во Берлин[794].

Во меѓувреме се актуелизирала нова криза во Гавдос. Оваа криза се појавила за време на планираните состаноци во Неапол, проследена со воената вежба „Динамик микс/Dynamic Mix“, кога турскиот претставник во НАТО предложил Турција да го смета островот Гавдос за спорна област и поради тоа не требала да биде вклучено во оперативното планирање на НАТО. Островот Гавдос се наоѓа на стотици милји подалеку од Турција, јужно од Крит. Според членот 4 од Лондонскиот мировен

---

[792] Arvanitopoulos, Constantine. *Turkey's Accession to the European Union, An unusual Candidacy*. Athens: Springer-Verlag Berlin Heidelberg, 2009 (134-135)
[793] Ibid.
[794] Ibid. (135)

договор од 1913 година, Турција се откажала од сите суверени права врз Крит и Гавдос. Овие тврдења биле дистрибуирани во Грција преку медиумите, што предизвикале чувствителност и добиле голем публицитет поради турскиот експанзионизам и плановите на турската војска против грчкиот суверенитет.[795]

Грчката Влада морала да ја покаже својата решеност да ги заштити грчките национални интереси, што всушност и го направила со изразување силна реакција и повлекување од разговорите. Ова придонесло и за дополнителна реакција од грчка страна пред меѓународната заедница да ја претстави Турција како агресивна и дека не го почитува меѓународното право и договорите што ги имала потпишано.[796]

Со завршувањето на меѓувладината конференција на ЕУ во 1996 година, кипарската Влада, предводена од Глафкос Клеридис (Glafcos Clerides), енергично го промовирала пристапувањето во ЕУ заради нејзината политичка и безбедносна корист, повеќе од нејзините економски аспирации. Кипарските Грци се надевале дека притисокот на ЕУ ќе биде поефикасен од напорите на ОН за олеснување и повторно обединување на островот, а тоа во голема мера би било компатибилно со побарувањата на кипарските Грци, односно создавање федерална, бизонална република под еден единствен суверенитет, сосема различно од федерација на две суверени држави, според барањата на раководството на кипарските Турци. Како членка на ЕУ, под контрола на кипарските Грци, веројатно Република Кипар би уживала повеќе безбедност во однос на Турција.[797]

Грција често го користела своето вето во ЕУ или за да блокира одредени бенефиции за Турција поддржани од други држави на ЕУ или за да направи отстапки од Турција и од ЕУ како промена за укинувањето на своето вето. После егејската криза во 1996 година, Атина возвратила против акциите на Турција со запирање на исплатата на средствата на ЕУ за Анкара, кои биле ветени според условите на договорот за царинска унија од 1995 година. Провокации од двете страни биле застапени во целокупниот период. Грција периодично се жалела на малтретирање и прекумерно ограничување на активностите на грчкиот или православниот патријарх во Истанбул.

[795] Arvanitopoulos, Constantine. *Turkey's Accession to the European Union, An unusual Candidacy*. Athens: Springer-Verlag Berlin Heidelberg, 2009 (136)
[796] Ibid.
[797] Bahcheli, Tozun. Couloumbis, Theodore A. Carley, Patricia. *Greek – Turkish relations and U.S. Foreign Policy, Cyprus, the Aegean, and Regional Stability*. Washington: Peaceworks No. 17, United States Institute of Peace, 1997 (22)

На ваквиот начин на одвивање на настаните, Грција и Турција уште повеќе го продлабочуваат спорот за кипарското прашање.[798]

Константин Мицотакис, во неговиот говор во 1988 година, истакнал дека Турците мора да разберат дека ќе биде невозможно да се постигне напредок во грчко-турските односи, интеграција на Турција кон Европската Заедница, доколку не се решат прво кипарското прашање, а потоа да се осврнат на грчко-турските разлики.[799]

Кипар е поделен од 1974 година. Кипарските Грци, речиси 80% од населението, живеат во јужните две третини од островот. Кипарските Турци живеат во Турската Република Северен Кипар (ТРСК), призната само од Турција. Мировните сили на Обединетите Нации одржуваат тампон зона помеѓу двата делови на Кипар. Европската ориентација на Кипар го зголемила меѓународно внимание и ги комплицирала напорите за порамнување. ОН биле домаќини на разговорите во јули и август 1997 година. Денкташ барал ТРСК да се признае како држава рамноправна на грчко-кипарската страна. На преговорите учествувале Клеридис и Денкташ, со посредство на ОН во декември 1999 година.[800]

Во периодот од 1997 до 2001 година имало поместување во однос на случувањата на Кипар. На 4 јануари 1997 година, Кипар склучил договор за купување руски против воздушни ракети С-300 (СА-10), со дострел од 90 милји способни да стигнат до југот на Турција, со кои ќе ги заштити воздухопловните и поморските бази во јужен Кипар што ќе ги користи Грција. САД ја критикувала одлуката. Турските власти се изјасниле дека нема да дозволат да се распореди оружјето. На 20 јануари турскиот претседател Сулејман Демирел и Денкташ потпишале заедничка декларација за одбрана, во која се наведува дека секој напад врз ТРСК би бил напад врз Турција. Генералниот секретар Анан повикал на разговори меѓу Клеридис и Денкташ. Во периодот помеѓу 9 и 12 јули Клеридис и Денкташ се состанале под покровителство на ООН во Трутбек, Њујорк и во Швајцарија од 11 до 15 август.[801]

Денкташ претходно истакнал дека нема да потпишува документи, додека Европската Унија не ги прекине пристапните преговори со грчката Влада на Кипар

---

[798] Bahcheli, Tozun. Couloumbis, Theodore A. Carley, Patricia. *Greek – Turkish relations and U.S. Foreign Policy, Cyprus, the Aegean, and Regional Stability*. Washington: Peaceworks No. 17, United States Institute of Peace, 1997 (23-24)
[799] Ibid. (24)
[800] Migdalovitz, Carol. *Cyprus: Status of U.N. Negotiations* Congressional Research Service, The Library of Congress, 2005 (1)
[801] Ibid. (4)

како единствен претставник на Кипар. Тој одбил да потпишат заедничка декларација на крајот од разговорите. Грција и Турција го прекинале мораториумот на воените летови во октомври. По официјалната одлука на ЕУ од 12 декември 1997 година за почеток на пристапните преговори со Кипар, Денкташ ги информирал ОН дека „разговорите завршиле“ и дека тој само ќе учествува во разговорите меѓу државите со еднаков статус. ТРСК ги суспендирала сите активности на двете заедници, освен верскиот аџилак. Во овој период продложиле воените вежби од двете страни.[802]

Освен иницијативите преземени од двете влади, неколку иницијативи биле лансирани и од други држави во рамките на меѓународните организации како ЕУ и НАТО. Ханс Ван Миерло, претседател на Советот на министри на ЕУ и холандскиот министер за надворешни работи предложиле формирање „Комитет на мудри луѓе“ за решавање на грчко-турските разлики. Предлогот бил даден во април 1997 година во главниот град на Малта, за време на евро-медитеранската конференција. Оваа иницијатива никогаш не била спроведена.[803]

Според професорот Кулумбис, одлуките од страна на ЕУ биле вистински удар за Турција. ЕУ истакнала дека Турција не била на списокот земји со кои ЕУ би иницирале преговори за членство. Во меѓувреме, потврдиле дека преговорите за пристапување на Кипар во ЕУ треба да започнат во 1998 година. Турското министерство за надворешни работи реагирално на оваа одлука во „Комитетот на мудри луѓе“, но од грчка страна бил одбиен секој предлог, па оттука комитетот никогаш не бил активиран.[804]

На 20 јуни 1999 година, на самитот на Г-8, лидерите на големите индустријализирани земји, Русија го повикува генералниот секретар да ги покани кипарските водачи да преговараат без предуслови. Анан се согласил на тоа, а на 29 јуни Советот за безбедност ги повикал двајцата лидери да поддржат сеопфатни преговори без предуслови, со отварање на сите прашања на маса и добра волја, сè додека не се постигне решение, а притоа да се разгледаат сите резолуции и договори на ООН.[805]

---

[802] Migdalovitz, Carol. *Cyprus: Status of U.N. Negotiations* Congressional Research Service, The Library of Congress, 2005 (5)
[803] Arvanitopoulos, Constantine. *Turkey's Accession to the European Union, An unusual Candidacy*. Athens: Springer-Verlag Berlin Heidelberg, 2009 (137)
[804] Ibid.
[805] Migdalovitz, Carol. *Cyprus: Status of U.N. Negotiations* Congressional Research Service, The Library of Congress, 2005 (5)

Европската ориетација на Турција и нејзината заложба дополнително била потврдена со одлуката на Европскиот совет од 1999 година во Хелсинки со доделувањето на кандидатски статус, проследено со неколку услови, и тоа: прво, спорот околу разграничувањето на континенталниот гребен морал да се поднесе до Меѓународниот суд на правдата ако сите други напори не успеат и, второ, пристапувањето на Кипар кон ЕУ нема да биде условено со решавање на кипарскиот проблем. Во Хелсинки ЕУ ја признала врската помеѓу ориентацијата на Турција, решавањето на грчко-турскиот конфликт за егејските прашања и решението за кипарскиот проблем. Грција успеала да ги ограничи и Кипар и егејските спорови во контекст на ЕУ и тесно да се поврзат со патот на Турција до пристапување.[806]

Грчките креатори на политиката оцениле дека интеграцијата на Турција и влезот во ЕУ на крајот би предизвикал одредени трошоци за Турција, особено на домашно ниво. Со зајакнувањето на стремежот кон демократизација, се очекувало цивилно-воениот естаблишмент да биде под притисок и да направи поголема рационална распределба на имотот на земјата. Војската би била ставена под цивилна контрола, циркулацијата би се забрзала и новата државна елита на крајот би била принудена да започне да бара нови дефиниции за „националниот интерес“ кој би бил втемелен врз европските норми.[807]

Дополнителен предизвик за Турција биле и критериумите од Копенхаген кои се надополнети со многу специфичен сет на барања: недвосмислена посветеност на Турција за добрососедско однесување и за мирно решавање на споровите; континуирана поддршка за напорите за постигнување сеопфатно решавање на кипарскиот проблем во рамките на ОН и, во согласност со принципите кои се основни на ЕУ и нормализација на билатералните односи со Кипар. Вистинскиот напредок на Анкара во овој контекст ќе ја „закотви“ Турција уште повеќе, со што би се стекнало поголема стабилност на грчко-турските односи, што водело до евентуална или целосна нормализација меѓу двете земји и повлекување на турските трупи од Северен Кипар.

[806] Arvanitopoulos, Constantine. *Turkey's Accession to the European Union, An unusual Candidacy*. Athens: Springer-Verlag Berlin Heidelberg, 2009 (123)
[807] Ibid.

Предизвикот за Турција бил огромен, а тоа е нешто за што грчките елити биле свесни.[808]

Грција и Турција делат заеднички копнени и поморски граници и двете имаат широко крајбрежје долж Егејското Море. Географските императиви на двете земји се честа алатка за провокација. Овие императиви се долгорочни и можат да ги надминуваат владите и владејачките елити. Тие се меѓусебно поврзани, така што ако еден императив е променет, веројатно ќе влијае на другите. Искрено и остварливо зближување меѓу Турција и Грција може да биде само како резултат на нова билатерална структура, со постепено и постојано редефинирање на националните интереси на двете земји, што ќе овозможи историска конвергенција на стратегии засновани на интерес.[809]

Она што го прави грчко-турскиот конфликт да изгледа нерешлив, пред сè е неговата субјективна димензија, имено, неверојатната психолошка бариера што произлегува од долгогодишниот антагонизам и непријателство. Како и повеќето етнополитички конфликти, грчко-турскиот конфликт се карактеризира со тотален недостаток на меѓусебна доверба, сомневања и демонизација на „другиот“.[810]

Мировните иницијативи за грчко-турските односи биле проследени од кризата во 1996 година до земјотресот во 1999 година. Овие иницијативи биле преземени од владини организации од двете земји и трети страни, како што се ЕУ или САД и невладини организации. Иницијативите преземени од владините агенти ставаат акцент на процесите на договарање, но тоа не придонесло за значаен напредок. Пречката за успехот на владините мировни иницијативи бил отпорот на грчкото и турското општество да прифатат компромис во однос на конфликтните прашања.[811]

Во периодот 1996 – 1999 година биле вклучени неколку признати меѓународни академски и истражувачки институти, како Карнеги донацијата, Кралскиот институт за одбранбени студии на обединетите служби (РУСИ) и Норвешкиот мировен истражувачкиот институт во Осло (ПРИО), Универзитетот Харвард, Флечер школа за право и дипломатија, група за истражување на конфликти на Јеил, Фондацијата Конрад

---

[808] Arvanitopoulos, Constantine. *Turkey's Accession to the European Union, An unusual Candidacy*. Athens: Springer-Verlag Berlin Heidelberg, 2009 (124)
[809] Ibid. (130)
[810] Ibid.
[811] Ibid. (133)

Аденауер и други. Проектите се реализирале во соработка со грчки и турски академски институти и тинк-тенкови.[812]

Грчко-турскиот форум бил резултат на иницијатива преземена од директорот од Робертс центарот, Џејмс Брус Локхарт. Локхарт првично го предложил проектот до РУСИ. Подоцна ПРИО исто така зел учество во проектот. На овој форум се одвивале дискусии околу спорните точки на двете држави. Грчко-турскиот форум успеал да ги преброди препреките кои биле зададени на патот од времето на неговото појавување, почетокот во 1997 година до земјотресите во 1999 година. Кризата на Очалан била пресвртна точка за групата која, сепак, ги зајакнала нејзините врски на доверба и солидарност.[813]

Кризата во Косово, која ескалира со воената интервенција на НАТО во март 1999 година, била можност за блиска соработка помеѓу грчкиот министер за надворешни работи Јоргос Папандреу и турскиот министер за надворешни работи Исмаил Џем. Бегалскиот наплив од Косово кон соседните земји бил мотивација за соработка меѓу двете земји. Двете министерства ги координирале своите активности во врска со бегалските кампови и испраќањето помош до бегалците, како соседи на кризата и членки на НАТО.[814]

Голем број граѓански организации од двете страни вложувале напори за подобрување на односите меѓу државите. Една од нив била и грчата организација НСА која настојувала за соработка меѓу народите. Понатака било иницирано движењето на новинар за мирот од Егејот и Тракија, чија цел била развој на мрежа од луѓе и организации кои ќе работат за промоција на соработка и пријателство во регионот на Егејското Море и Тракија.[815]

Бизнис лидерите отсекогаш биле во првите редови на напорите за подобрување на грчко-турските односи. Причината за тоа е што постојат големи можности за

[812] Arvanitopoulos, Constantine. *Turkey's Accession to the European Union, An unusual Candidacy*. Athens: Springer-Verlag Berlin Heidelberg, 2009 (141-142)
[813] Ibid. (142-143)
[814] Ibid. (136)
[815] Ibid. (139)

економска соработка меѓу двете земји, а со тоа и за остварување профити. Сепак, ова било условено со стабилна политичка клима.[816]

Во овој период имало голем број мировни процеси кои биле преземени од владини и невладини агенти. Тоа овозможува да видиме дека постојат повеќе патишта до мирот, во зависност од меѓусебната поврзаност, чувствителноста и сложеноста на системот, животната средина, поврзаноста на конфликтните теми и меѓусебната соработка за изнаоѓање компромис.

Напредокот за решавање на кипарскиот спор се состоел во „градење доверба“ во грчко-турските односи во Егејското Море и воопшто. Континуираното присуство на турски силите на Кипар укажува на тоа дека Турција ја користела својата воена способност за да го прекрши основното правило од договорот со кој е основана државата Кипар: ниту таксим (поделба), ниту еносис (соединување со Грција), максималистички-те цели на Турција и Грција, соодветно; доколу има докази за кое било, нема да има напредок за кипарското прашање. Кипар е причина и жртва на континуираниот антагонизам меѓу Грција и Турција. На друго ниво Кипар е меѓународен проблем, а во обидот за решавање на овој конфликт се вклучени и Обединетите Нации, НАТО и ЕУ. Грците веруваат дека воведувањето турски трупи во 1974 година претставува добро испланирана инвазија на Кипар, позиција поддржана од многубројните Резолуции на ОН кои повикуваат на повлекување на сите странски војници од островот. Потребните чекори за решение на кипарскиот проблем биле на маса од доцните 1970-ти, но грчката и турската страна имале дијаметрално спротиставени ставови за решението на овој спор.[817]

ОН направиле напор за намалување на разликите меѓу двете страни, но остануваат големи празнини за основните прашања. Според Бахчели, длабоката меѓусебна недоверба продолжува да ги раздвојува двете кипарски заедници. Кипарските Турци стравувале дека би се барало обединување на островот, што би резултирало со нивна евентуална доминација од повеќебројните и побогати кипарски Грци. Кипарските Грци не се плашеле од кипарските Турци кои ги надминуваат бројно – четири спрема еден, но тие се плашат од континуираното присуство на турската

---

[816] Arvanitopoulos, Constantine. *Turkey's Accession to the European Union, An unusual Candidacy*. Athens: Springer-Verlag Berlin Heidelberg, 2009 (141)

[817] Bahcheli, Tozun. Couloumbis, Theodore A. Carley, Patricia. *Greek – Turkish relations and U.S. Foreign Policy, Cyprus, the Aegean, and Regional Stability*. Washington: Peaceworks No. 17, United States Institute of Peace, 1997 (8)

војска. Трите главни прашања во преговарачкиот процес под покровителство на ОН биле природата на федерацијата, безбедносните аранжмани и територијалните прилагодувања. Во однос на федерација, кипарските Турци сакаат да бидат самоуправни, иако биле подготвени да бидат дел на лабава федерација со кипарските Грци. [818]

Бахчели истакнал дека долго време се спротивставувале на идејата за федерација, под услов да се прошират овластувањата на федералната влада на целиот остров за да можат кипарските Грци да се преселуваат слободно, населуваат и купуваат земјиште каде сакаат. Според Бахчели, обединета федерација вклучува редистрибуција на моќта и богатството, перспектива што за многу побогатите грчки жители на земјата е невкусна. Како што е сега, тие не мораат да ги консултираат кипарските Турци за секој потег.[819]

За да се изнајде заемно прифатливо решение, двете страни треба да се спремни на отстапки. Турската Влада морала да ги повлече своите признавање на ТРСК. „Не може да има спогодба на Кипар сè додека Турција го смета Северен Кипар како независен идентитет, како држава“. Грците мора да прифатат дека не можат да го имаат цел остров – тие мора да се откажат од нешто за возврат за спогодба. Мора да има дел од островот каде што Турците се чувствуваат сигурно и безбедно.[820]

Владата на Република Кипар поднела барање за членство во ЕУ во јули 1990 година, а пристапните преговори започнале во март 1998 година. Како што се развивало грчко-турското затоплување на билатералните односи по одлуката на Хелсинки од 1999 година, бил инициран уште еден напор за решавање на кипарскиот проблем во декември 1999 година. Ваквиот чекор бил со цел да се искористи поволната ситуација и очекувањата за пристапување на Република Кипар во ЕУ, со цел повторно обединување на поделениот остров. Разговорите се воделе под покровителство на ОН во периодот од декември 1999 година до ноември 2000 година, а

---

[818] Bahcheli, Tozun. Couloumbis, Theodore A. Carley, Patricia. *Greek – Turkish relations and U.S. Foreign Policy, Cyprus, the Aegean, and Regional Stability.* Washington: Peaceworks No. 17, United States Institute of Peace, 1997 (11)
[819] Ibid.
[820] Ibid. (13)

директни разговори биле реализирани во јануари 2002 година и февруари 2003 година. За време на овој процес на билатерално преговарање не бил постигнат договор.[821]

Во однос на изнаоѓање сеопфатно решение, на 8 ноември 2000 година, генералниот секретар Анан им ги дал на двајцата лидери своите „забелешки" за постапка. Како реакција на тоа Денкташ се повлекол од разговорите. Тој и Клеридис се состанале во Кипар на 4 декември 2001 година и започнале директни разговори на 16 јануари 2002 година. На 11 ноември, Анан поднел сеопфатен план за порамнување врз основа на швајцарски и белгиски модели. Кипарските Грци и Турци не успеале да постигнат решение на самитот на ЕУ во Копенхаген кој бил одржан на 12 и 13 декември.[822]

Генералниот секретар поднел предлог за спогодба во ноември 2002 година, а следеле и две последователни ревизии во декември 2002 и февруари 2003 година. Планот бил насловен „Основа за сеопфатно порамнување на кипарскиот проблем", а на крајот од преговарачкиот процес следел референдум, кон крајот на март 2003 година, за да се одобри, со што би се дозволило повторно обединување на Кипар, а свеченото потпишување на Договорот за пристапување би бил во април 2003 година. Сите три предлози биле прифатени како основа за дискусија од страна на претседателите Клеридис и Пападопулос, но тоа било неприфатливо за водачот на кипарските Турци, Денкташ.[823]

Во февруари 2002 година турскиот министер за надворешни работи Џем и неговиот грчки колега Папандреу ја искористиле можноста на Економскиот форум за соработка, а воедно се договориле за серија средби меѓу дипломати од двете страни, што би било во интерес на двете страни.[824]

Приемот на Кипар во ЕУ бил безусловен од моментот на донесување на последната одлука на Европскиот совет, во декември 2002 година.[825] На почетокот на 2003 година голем број кипарски Турци излегле на масовни демонстрации на улиците во Никозија. Пораката која сакале да ја испратат на тие собири било барањето за

[821] Naoum, Michael. *The Greek-Turkish Rapprochement Process, 1999 – 2004*: Paradigm Shift or Epi-phenomenon. Monterey: Naval postgraduate school, 2004 (78-79)
[822] Migdalovitz, Carol. *Cyprus: Status of U.N. Negotiations* Congressional Research Service, The Library of Congress, 2005 (1)
[823] Naoum, Michael. *The Greek-Turkish Rapprochement Process, 1999 – 2004*: Paradigm Shift or Epi-phenomenon. Monterey: Naval postgraduate school, 2004 (79-80)
[824] Ibid. (83-84)
[825] Рајчиновска-Пандева, Ирена. *Патот кон зачленување во ЕУ: Кипарско искуство*. Скопје : ЕВРОДИЈАЛОГ, Списание за европски прашања, 2003 (176)

прекин на изолацијата на нивната заедница и постигнување договор за нивното место во Европа. На тие собири било искажано јасно несогласување во однос на политиката на нивниот водач и дека тој бил осамен во инсистирањето кога не го прифатил решението предложено од ООН, а поддржано од ЕУ.[826]

По повеќе преговори, во март 2003 година во Хаг, Анан објавил дека неговите напори не успеале. Кипар потпишал договор за пристап кон ЕУ на 16 април. На 14 декември 2003 година, на парламентарните избори на кипарските Турци во Северен Кипар, била изгласана нова Влада со посилна турска определба. Во периодот од 19 февруари до 22 март 2004 година, биле одржани преговори под покровителство на ОН, на кои учествувале Пападопулос и Денкташ, но не успеале да се договорат. Разговорите продолжиле на територијата на Швајцарија, со присуство на грчки и турски претставници. Анан го претставил конечниот ревидиран план на 31 март. На референдумот од 24 април, 76% од кипарските Грци го отфрлиле планот, додека 65% од кипарските Турци го прифатиле, а Анан го обвинил Пападопулос за резултатот.[827]

Во Турција имало големи демонстрации од страна на кипарските Турци за членство во ЕУ. На 2 јануари 2003 година, Реџеп Таип Ердоган, претседателот на владејачката партија во Турција, ја истакнал потребата да се послушаат желбите на народот и изјавил дека не било во прилог поддржувањето на политиката што се одржувала на Кипар во текот на минатите 30 до 40 години.[828]

На 16 февруари 2003 година, Тасос Пападопулос бил избран за претседател на Кипар. Рауф Денкташ го водел северен Кипар од 1975 година до 17 април 2005 година. Тој не се кандидирал за реизбор. На 17 април Мехмет Али Талат бил избран за „претседател" на ТРСК со 55,6% од гласовите, наспроти 22,7% за Дервиш Ероглу.[829]

На 12 јануари 2004 година, Денкташ признал дека планот на Анан бил сè уште на маса. На 24 јануари Ердоган му кажал на Анан дека Турција сака да ги продолжи разговорите со референците кои претходно ги истакнал, со цел да се постигне договор и да се одржи референдуми пред 1 мај (кога Кипар требало да се приклучи во ЕУ). По разговорите со Анан во Њујорк, од 10 до 13 февруари, Пападопулос и Денкташ се

[826] Рајчиновска-Пандева, Ирена. *Патот кон зачленување во ЕУ: Кипарско искуство*. Скопје : ЕВРОДИЈАЛОГ, Списание за европски прашања, 2003 (183)
[827] Migdalovitz, Carol. *Cyprus: Status of U.N. Negotiations* Congressional Research Service, The Library of Congress, 2005 (1)
[828] Ibid. (7)
[829] Ibid. (11)

согласиле да ги продолжат преговорите. На 29 март Анан презентирал ревидиран план.[830] Планот на Анан никогаш јавно не бил споделен, а, според одредени новинарски извештаи, предлогот се состоел во формирање федерација на двете заедници по примерот на Швајцарија, т.е. федерација на два кантона.[831]

Со можноста Република Кипар да се приклучи на ЕУ во мај 2004 година, бил преземен нов напор од страна на Генералниот секретар на ОН во февруари 2004 година, а преговарачкиот процес имал датум на завршување на 31 март 2004 година, но и овој обид не придонесол за опипливи резултати. Во текот на последната фаза од преговорите, помеѓу 24 и 29 март 2004 година во Швајцарија и двајцата премиери, Караманлис и Ердоган, учествувале во процесот со цел придонес за соработката. Текстот на планот за повторно обединување бил финализиран од страна на генералниот секретар на ОН, но планот бил прифатен од кипарските Турци, а отфрлен од кипарските Грци.[832]

На 7 април, Пападопулос го отфрлил планот поради неизвесноста од ратификација од турскиот Парламент и непосредните придобивки за кипарските Турци (т.е. крај на Република Кипар и создавање на Обединета Република Кипар).[833]

На референдумите одржан на 24 април, 76% од гласачите на кипарските Грци го отфрлиле планот на Анан, додека 65% од гласачите на кипарските Турци го прифатиле. Талат (претседателот на Северен Кипар) ја повикал меѓународната заедницата да стави крај на изолацијата на северен Кипар, со укинување на ограничувањата за трговија, патување, спорт и летови со цел економски да се развива. Тој истакнал дека нема да бара меѓународно признавање на ТРСК затоа што кипарските Турци гласале и сакале повторно обединување на островот. Тој истакнал дека за планот не треба повторно да се преговара. Пападопулос ја отфрлил можноста за втор референдум доколку преговорите не доведат до подобрувања.[834]

За надминување на разликите и премостување на несогласувањата, потребна е јасна и искрена волја од двете страни и подготвеност за компромис. Националните

[830] Migdalovitz, Carol. *Cyprus: Status of U.N. Negotiations* Congressional Research Service, The Library of Congress, 2005 (9)
[831] Ibid. (184)
[832] Naoum, Michael. *The Greek-Turkish Rapprochement Process, 1999 – 2004*: Paradigm Shift or Epi-phenomenon. Monterey: Naval postgraduate school, 2004 (81-82)
[833] Migdalovitz, Carol. *Cyprus: Status of U.N. Negotiations* Congressional Research Service, The Library of Congress, 2005 (9)
[834] Ibid. (10)

прашања не можат да се решат ниту со посредство на странци, ниту со превентивно посредување доколу нема вистински интерес и желба од двете страни за надминување на разликите.

Зачленувањето на Кипар во ЕУ било специфично, поради тоа што апликацијата за членство била направена од име на двете заедници кои егзистираат на островот, а многу веројатно било дека во ЕУ во 2004 година би влегол само еден дел од државата.[835]

2004-та година била клучна година за Грција и нејзината надворешна политика бидејќи Грците излегле на гласање и се изјаснале за промена на Владата. Новата Влада била повикана да се занимава со решавање на кипарскиот проблем, обезбедување влез на Кипар во ЕУ и воспоставување соодветни критериуми за курсот на Турција во ЕУ. Кипар официјално пристапил во ЕУ на 1 мај 2004 година, а тоа било последен обид за обединување на островот. Пред овој рок Кофи Анан ги активирал разговорите меѓу кипарските водачи врз основа на неговиот долгогодишен мировен план. Овој процес е од витално значење за блиската иднина на Кипар, но е дел од повеќе комплицирана дипломатска игра во Источниот Медитеран, во која влогот ги вклучува билатералните односи меѓу Грција и Турција и потенцијалната кандидатура за членство во ЕУ.[836] Кипар и Турција можеби станале грижа и на ЕУ, што може да биде само поволно за грчките интереси, но Атина во 2004 година морала да ја унапреди стратегијата.[837]

За Република Кипар приемот во ЕУ не би било само можност за разрешување на конфликтот или причините за конфликтот, заради тоа што ќе стане дел од заедница во која внатрешните граници би биле избришани и би немале никакво етничко или национално значење, туку многу повеќе од тоа. Приемот на Кипар во ЕУ и за двете страни имал економска и политичка димензија.[838]

Пристапувањето на Кипар во ЕУ било клучно за донесување дополнителни промени во надворешната политика на Грција во однос на Турција, со тоа што прашањето за раздвојување полека доаѓа до израз. Пристапувањето на Кипар во ЕУ ја

---

[835] Рајчиновска-Пандева, Ирена. *Патот кон зачленување во ЕУ: Кипарско искуство*. Скопје : ЕВРОДИЈАЛОГ, Списание за европски прашања, 2003 (175)
[836] Triantaphyllou, Dimitrios. *The Priorities of Greek Foreign Policy Today. Southeast European and Black Sea Studies*, 5:3, 2005 (332-333)
[837] Ibid.
[838] Рајчиновска-Пандева, Ирена. *Патот кон зачленување во ЕУ: Кипарско искуство*. Скопје : ЕВРОДИЈАЛОГ, Списание за европски прашања, 2003 (174)

„ослободува“ Грција да води про-детантска политика со Турција, независно од решавањето на кипарското прашање. Може да се смета за голем успех на грчката надворешна политика што не подлегнала на надворешните притисоци за пристапот на Кипар во ЕУ, и покрај гласањето против од страна на кипарските Грци за планот на Анан. Република Кипар до денес покажала дека може да ги издржи турските притисоци во рамките на ЕУ.[839]

За време на приемот на Кипар во ЕУ, Унијата била соочена со историска можност да се промовира како носител на мирот и стабилноста на медитеранскиот остров. Оттука, ЕУ ќе ја истакне својата водечка положба на неприкосновен играч на еворпскиот континент.[840]

Во интервјуто спроведено со универзитетскиот професор Димитри Сотиропулос, на прашањето дали смета дека членството на Грција и Турција во НАТО придонесле конфликтот меѓу овие две земји да не прерасне во нешто посериозно за време на Студената војна, тој истакна: „Членството на Грција и Турција во НАТО не придонесе за конфликтот. Спротивно на тоа, кога се разгореа тензиите меѓу Грција и Турција (на пример, во 1996 година), НАТО и нејзината водечка земја-членка, имено САД, беа тие што спречија ескалација на конфликтот. Покрај тоа, Грција и Турција ги искористија можностите дадени од состаноците на НАТО за да разговараат за дипломатски и воени прашања. НАТО се покажа како корисен форум за двете земји“.[841]

Во интервјуто спроведено за целите на оваа докторска дисертација со поранешниот министер за надворешни работи на Република Македонија, Антонијо Милошоски, на прашањето дали смета дека ЕУ направила отстапки кон Кипар при влезот во Унијата со сè уште целосно нерешен спор, кога го компарираме со ситацијата со Македонија, тој истакна: „ Одговорот е да, ЕУ направи големи отстапки по однос на приемот на Кипар во полноправно членство во ЕУ, и тоа не е само мое мислење, туку еднаш имав прилика на еден семинар политичко-дипломатски во Германија тогашниот претседател на безбедносната конференција во Минхен, Волфган Ишингер, којшто долго време бил активен и во германската политика и во германската дипломатија,

---

[839] Triantaphyllou, Dimitrios. *The Priorities of Greek Foreign Policy Today. Southeast European and Black Sea Studies*, 5:3, 2005 (337)
[840] Рајчиновска-Пандева, Ирена. *Патот кон зачленување во ЕУ: Кипарско искуство*. Скопје : ЕВРОДИЈАЛОГ, Списание за европски прашања, 2003 (172)
[841] *Интервју со проф. д-р Димитри Сотиропулос*, 21.07.2023, Интервју преку интернет платформа, 20 часот

сподели едно свое искуство од времето на големото проширување на ЕУ дека не е сигурен дали направиле правилен потег или грешка што ја прифатиле уцената од страна на грчката Влада која, пред големото проширување, на некој начин се заканила дека може и да го блокира големото проширување на ЕУ на исток доколку Кипар не биде внесен како полноправна членка, без разлика на територијалниот спор којшто и тогаш и денес е сѐ уште не разрешен. Мислам дека Грција има вложено многу политички и голем дипломатски капитал за да го внесе Кипар внатре во ЕУ, бидејќи тоа за Грција е двојна добивка. Прво, на нивните, условно кажано, сонародници на Кипар им обезбедуваат глас во ЕУ, пристап до фондовите и ја зајакнуваат државноста на Кипар. Второ, добивка е и за грчката дипломатија бидејќи после членството на Кипар во ЕУ, Грција, на некој начин, нема еден глас во ЕУ, туку може да се каже дека Грција има два гласа во рамките на ЕУ“.[842]

Според професорката Ирена Рајчиновска-Пандева: „Доколку ЕУ перспективно се согледува себеси како единствен и неприкосновен водач на севкупните развојни процеси на тлото на Европа, но и како простор за остварување на сонот на сите земји кои претендираат да станат дел од неа, таа треба да инсистира на конзистентност и еднаквост во имплементацијата на политички сензитивните делови од политиката за прием. Кипарското искуство на патот кон зачленувањето на ЕУ не треба да се повтори”.[843]

### 3.2.2 Билатералниот спор за поморско разграничување на Егејското Море

„*Преговорите и дискусиите се најголемото оружје што го имаме за промовирање на мирот и развојот*.“ [844]

– Нелсон Мандела

[842] *Интервју со поранешниот министер за надворешни работи на Република Македонија, Антонијо Милошоски*, 05.07.2023, Собрание на РСМ, 10 часот
[843] Ibid. (189)
[844] *Nelson Mandela*, пристапено на: 14.10.2022, https://www.azquotes.com/quote/813316

Договорот од Лозана[845] од 1923 година и Договорот од Париз[846] од 1947 година биле гаранција за неповредливост на границите на регионот. Двата конкретни договори предвидувале територијален режим на Егејот и гарантирале неповредливост на границите во регионот. Договорот од Лозана од 1923 година (ги покривал североисточните и источните Егејски Острови) и Договорот од Париз од 1947 година (ги покривал Додеканезите и островчињата). За време на ерата по Лозана, ситуацијата била статус-кво, а Грција и Турција нашле заеднички јазик, што дополнително било зацврстено со Договорот за пријателство од 1930 година, потпишан од Ататурк и Венизелос. Овој заеднички став им помогнал на двете земји да ги спречат надворешните притисоци од ревизионистичките сили, како Италија на Мусолини и Советскиот Сојуз. Оваа состојба траела до почетокот на 1970-тите години.[847]

Во текот на 1973 – 1975 година Анкара, за првпат од 1920-тите години, ја довела во прашање статус-кво состојбата во Егејското Море, со тврдења за источната половина на егејскиот воздушен простор и правата на морското дно. Турција тврдела дека границата меѓу двете земјите во Егејското Море лежи строго меѓу двата брега на копното. Грција својот став го засновала на правни норми и прописи, особено на Конвенциите на ОН за правото на морињата од 1958 година и Договорот за правото на морињата од 1982 година.[848]

Меѓународните конвенции кои го пропишуваат правото на островите на континенталниот гребен им дале право на крајбрежните држави да ги прошират своите територијални води до дванаесет милји. Разграничувањето на егејскиот континентален гребен е правно прашање, а Грците ги повикувале Турците да го предадат ова прашање на меѓународна арбитража. Турција, која не ја потпишала Женевската конвенција за правото на морињата, останала на ставот дека егејското прашање е политичко прашање и мора да се реши преку билатерални преговори.[849]

Егејскиот спор е збир на меѓусебно поврзани контроверзни прашања за суверенитетот и релевантни права во областа на Егејското Море меѓу Грција и Турција. Овој спор имал голем ефект врз грчко-турските односи од 1970-тите години.

---

[845] *Treaty of Lausanne*, пристапено на: 21.01.2024, https://www.britannica.com/event/Treaty-of-Lausanne-1923
[846] *Paris Peace Treaties*, пристапено на: 21.01.2024, https://www.britannica.com/topic/Paris-Peace-Treaties-1947
[847] Bahcheli, Tozun. Couloumbis, Theodore A. Carley, Patricia. *Greek – Turkish relations and U.S. Foreign Policy, Cyprus, the Aegean, and Regional Stability*. Washington: Peaceworks No. 17, United States Institute of Peace, 1997 (6)
[848] Ibid.
[849] Ibid.

Тоа придонесло двапати да доведе до кризи кои биле на раб на избувнување на воени непријателства: во 1987 година и уште еднаш во почетокот на 1996 година. Прашањата за Егејското Море спаѓаат во неколку категории, меѓу кои и разграничувањето/проширу-вањето на грчките територијални води од 6 до 12 наутички милји (nm), заедно со разграничување и експлоатација на континенталниот гребен (CS). Од 1998 година двете земји биле се поблиску до надминување на тензиите преку низа дипломатски мерки, особено со цел да се олесни пристапот на Турција во Европска Унија. До денес, разликите околу применливото решение останувааат нерешени.[850]

Демаркацијата на територијалните води на Грција од 6 до 12 милји претставувала сериозен проблем во однос на турските суверени права. Грците тврделе дека островите имаат нивни територијални води и тоа било грчко суверено право да се протега на 12 милји. Под постоечката состојба со ограничувања од шест милји, Турција поседува 7,47%, а Грција поседува 43,68% од Егејското Море, додека меѓународните води претставувале 48,85% од тоа море. Во случај Грција и Турција да ги прошират своите територијални води на 12 милји, грчкиот удел ќе се зголеми на 73%, а уделот на Турција ќе се зголеми на 8,76%, додека меѓународните води ќе се намалат на 15% од целото Егејско Море. Тоа било очигледно дека проширувањето на територијалните води до 12 милји ќе биде само во корист на Грција, а не и на Турција и меѓународната заедница.[851]

Значајно место во грчко-турските односи зазел и проблемот со воздушниот простор. Грција била единствената земја која поседува воздушен простор што ги проширува нејзините територијални води. Иако Грција тврдела дека нејзината воздушна зона е 10 милји, Турција признавала само шест милји воздушна зона над грчките територијални води. Според грчкиот став, Турција ги прекршувала нејзините воздушни зони. Овој став бил спорен за Турција, за САД и за други земји кои воедно не ги земале предвид нејзините тврдења за време на воените вежби на НАТО над Егејското Море.[852]

---

[850] Siousiouras, Petros. Chrysochou, Georgios. *The Aegean Dispute in the Context of Contemporary Judicial Decisions on Maritime Delimitation*. Open Access Laws ISSN 2075-471X, 2014 (13)
[851] Akman, Emine. *Continuity and change in Greek security perceptions and priorities in the post-cold war era*. Ankara: Middle East Technical University, 2005 (20-21)
[852] *Air Space Related Related Problems*, пристапено на: 24.01.2024, https://www.mfa.gov.tr/air-space-related-related-problems.en.mfa

Конкретното спорно прашање било доведено во прашање од ноември 1973 година, кога турската Влада доделила зони за истражување на гориво на турската државна нафтена компанија во областа која се наоѓа меѓу грчките острови Лезбос, Скирос, Лимнос и западно од Самотракија. Во јули 1974 година, со издавање нови дозволи, ја прошириле оваа зона на запад и побарале нов тесен дел од континенталниот гребен, лоциран помеѓу грчките островски кластери на Додеканезите и Кикладите. Грција изразила силно негодување кон овие две одлуки на Турција. Ставовите на двете земји во врска со ова прашање се од значаен интерес за законот за поморско разграничување.[853]

Позициите на Грција за прашањето на континенталниот гребен се засноваат врз важечките одредби на морското, конвенционалното и обичајното право. Конвенцијата на Обединетите Нации за поморското право (УНКЛОС/UNCLOS) предвидува ексклузивно право на крајбрежната држава на нејзиниот континентален гребен, кој има минимална широчина од 200 nm, под услов растојанието помеѓу спротивставените брегови да го дозволи тоа. Грција го ратификувала овој договор во 1995 година (Закон 2321/1995) кој, според Уставот, ја заменува секоја спротивна одредба и како најнов закон имал приоритет над постариот. Во согласност со конвенцијата УНКЛОС, сите острови имаат право на територијални води, соседна зона, ексклузивна економска зона и континентален гребен. Овие зони се одредуваат во согласност со општите одредби на конвенцијата УНКЛОС бидејќи тие се имплементирани во копнените региони.[854]

Ова општо правило е обичајното право и е обврзувачко дури и за државите кои не ја потпишале конвенцијата. Сите грчки острови имаат право на континентален гребен, според Законот на морето. Прашањето за разграничување на континенталниот гребен може да се покрене само помеѓу брегот на грчки острови низ Турција и турскиот брег. Во однос на методот на разграничување, Грција цврсто тврдела дека ова разграничување мора да се заснова на меѓународното право, управувано од принципот на еквидистанца/средна линија. Горенаведениот став за принципот на разграничување е во согласност со хеленската позиција пред ратификацијата на конвенцијата УНКЛОС од нејзина страна, бидејќи се потпира на член 6(1), (2) од Конвенција за континенталниот гребен (КСС) од 1958 година (во која и Грција била членка), во која

[853] Siousiouras, Petros. Chrysochou, Georgios. *The Aegean Dispute in the Context of Contemporary Judicial Decisions on Maritime Delimitation*. Open Access Laws ISSN 2075-471X, 2014 (14)
[854] Ibid.

се нагласува дека: „каде што истиот континентален гребен е во непосредна близина на териториите на две или повеќе држави, чии брегови се една наспроти друга, границата на континенталниот гребен што им припаѓа на тие држави ќе се определува со договор меѓу нив.[855]

Во отсуство на договор и освен ако друга гранична линија не е оправдана со посебни околности, границата е средната линија, чија секоја точка е подеднакво оддалечена од најблиските точки на основните линии од кои се мери ширината на територијалното море на секоја држава. Кога истиот континентален гребен е во непосредна близина на териториите на две соседни држави, границата на континенталниот гребен се утврдува со договор меѓу нив. Во отсуство на договор и освен ако друга гранична линија е оправдана со посебни околности, границата се определува со пријава на принципот на еквидистанца од најблиските точки на основните линии од кои се мери широчината на територијалното море на секоја држава“.[856]

Грчката загриженост се зголемувала поради т.н. турски претензии на Егејот, што било надвор од воената команда на НАТО. Пред кипарската криза во 1974 година, прописите биле во корист на Грција, овозможувајќи ѝ да ја прошири воздушната и поморската контрола до надворешниот дел на границите на територијалните води на Турција. Турција била во поволна ситуација поради позиција со преземање на многу командни и контролни одговорности.[857]

Во октомври 1975 година грчката Влада изјавила дека Грција ќе размисли за реинтеграција на нејзините вооружени сили во НАТО. Атина побарала оперативни одговорности на Егејот, како што имала пред повлекувањето на Грција од НАТО во 1974 година. Турција се спротивставила на враќањето на новите услови за Грција. Според Грција, после 1974 година биле создадени празнини во грчката безбедност *vis-*

[855] Siousiouras, Petros. Chrysochou, Georgios. *The Aegean Dispute in the Context of Contemporary Judicial Decisions on Maritime Delimitation*. Open Access Laws ISSN 2075-471X, 2014 (15)
[856] Ibid.
[857] Akman, Emine. *Continuity and change in Greek security perceptions and priorities in the post-cold war era.* Ankara: Middle East Technical University, 2005 (20–21)

*à-vis* Турција. Под овие услови Грција сфатила дека ниту еден друг сојуз не може да ја обезбеди грчката безбедност како НАТО во блиска иднина.[858]

Според Турција, грчките острови немаат право да вршат јурисдикција на континенталниот гребен, бидејќи се наоѓаат на турскиот континентален гребен. Посебните околности кој Турција никогаш не ги потпишала биле неприменливи според методот на средна линија. Поради непремостливите различни позиции, Грција ја доставила контроверзноста на Меѓународниот суд на правдата (МСП) во август 1976 година, но Турција одбила да ја признае јурисдикцијата на Судот, што го натера да се прогласи за ненадлежен.[859]

Поморското прашање останало нерешено и било отежнато со одредени аргументи за територијалноста. Турските позиции за предметното прашање сочинуваат сложена агенда. Спорот, според турскиот став, се однесувал на области на континенталниот гребен надвор од територијата од 6 милји во морето на Егејот. Турција тврдела дека е подготвена да се вклучи во дијалог со Грција, со цел да се постигне заемно прифатливо решение, што би било од најдобар интерес на двете земји. Турција го истакнала „обврзувачкиот“ карактер на Бернскиот договор од 11 ноември 1976 година со Грција, каде страните одлучиле да водат преговори, со цел да се постигне договор за разграничување на континенталниот гребен. Според условите на овој Договор, двете влади ја презеле обврската да се воздржат од каква било иницијатива или чин во врска со егејскиот континентален гребен. Покрај негирањето на јурисдикцијата на МСП во 1976 година, Турција изразила и позитивен став на мислењето на МСП, повикувајќи се на неговата одлука донесена во 1982 година во случајот Тунис – Либија.[860]

Турција истакнала дека Егејското Море е полузатворено море, со многу грчки острови лоцирани насекаде околу мала област, а многу од нив се наоѓале во близина на турското копно, некои на само 3 милји од него. Очигледно било дека ако им се припишат областите на континенталниот гребен, според Турција, би се создало неправеден резултат и би го лишило турското копно речиси целосно од сопствената

---

[858] Akman, Emine. *Continuity and change in Greek security perceptions and priorities in the post-cold war era.* Ankara: Middle East Technical University, 2005 (20–21)
[859] Siousiouras, Petros. Chrysochou, Georgios. *The Aegean Dispute in the Context of Contemporary Judicial Decisions on Maritime Delimitation.* Open Access Laws ISSN 2075–471X, 2014 (15)
[860] Ibid.

област на континенталниот гребен. Турција тврдела дека рамнотежата на интересите што била воспоставена меѓу Турција и Грција за Егејското Море со Лозанскиот мировен договор не треба да биде попречувана со доделување области на континенталниот гребен до наведените грчки острови.[861]

Терминот „рамнотежа на интереси“ подразбира сеопфатна листа на релевантни околности, како што се безбедносни, навигациски и комерцијални интереси. Геоморфолошките фактор Турција ги сметала за додатен адут во оправдување за нивната предложена линија за разграничување. Според турската страна, прашањето за континенталниот гребен на Егејот претставувало само дел од егејското прашање. На овој начин Турција како да имала цел да спроведува дипломатски маневар за да презентира голем број дополнителни спорни прашања од дискутабилна правна природа, како што се територијалните аргументи и „сиви зони“, заедно со прашањето за континентален гребен, за кое, според тврдењата, била подготвена или да преговара со Грција или заемно да се прибегне кон меѓународен суд.[862]

Концептот на континенталниот гребен е тесно поврзан со оној на Ексклузивната економска зона (ЕЕЗ), што воедно се однесувал и на контролата на приморската држава врз рибарството и други слични права. Суштината на спорот меѓу Турција и Грција се однесува на степенот дека грчките острови во близина на турскиот брег треба да се земат предвид при определување на грчката и турската економска зона. Турција тврдела дека поимот на континенталниот гребен, по самата негова дефиниција, имплицира дека растојанието треба да се мери од континенталното копно, што значи дека морското дно на Егејот географски формира природно продолжување на анадолската копнена маса.[863]

Според турскиот аспект, разграничувањето на ЕЕЗ во Источниот Медитеран треба да го следи принципот на природно продолжување, со што не се доделува ефект на ЕЕЗ или континенталниот гребен на острови од источниот дел на Егејско Море, а особено додеканезискиот мал остров Кастелоризо, кој бил од витално значење за

---

[861] Siousiouras, Petros. Chrysochou, Georgios. *The Aegean Dispute in the Context of Contemporary Judicial Decisions on Maritime Delimitation*. Open Access Laws ISSN 2075-471X, 2014 (16)
[862] Ibid.
[863] Ibid. (17)

грчките национални интереси, бидејќи неговото влијание може да ја поврзе грчката Ексклузивна економска зона со кипарската.[864]

Грција, тврдела дека сите острови мора да се земат предвид на еднаква основа, кога станува збор за поморските економски зони. Таа го застапувала трдењето дека се потпира на Конвенцијата на Обединетите Нации за поморското право (УНКЛОС – UNCLOS) кое ги генерира сите поморски зони признати под меѓународното право, без разлика на нивната големина.[865] Фактот што Турција не била потписничка на УНКЛОС дополнително ја комплицирала ситуација. Турција одлучила да ја одбие УНКЛОС бидејќи не успеала да ги издејствува своите позиции за време на трета конференција на Обединетите Нации, која се одржа пред конечната формулација на одредбите на УНКЛОС.[866]

Ставот на Турција на третата конференција ја одразувала нејзината вознемиреност и геополитичките претензии на Егејското Море. Според Турција, Егејското Море е полузатворено море со посебни географски и геолошки карактеристики, голем број острови, островчиња и карпи многу блиску до бреговите на Мала Азија, а со тоа сакале да ја потврдат тезата дека е потребен посебен третман на ова прашање. За Турција идеално решение врз основа на гореспоменатите околности била средната линија помеѓу грчките брегови (Тесалија, Централна Грција и Пелопонез) и турските брегови, кои би значело разделување на Егејот по 25-тиот меридијан.[867]

Грчката желба за повторно влегување во НАТО била грчката перцепција за т.н. „закана" и зачувување на воената рамнотежа меѓу Турција и Грција и да се контролира влијанието на Турција во сојузот. На 12 септември 1980 година Грција имала шанса да извлече полза од новонастанатата ситуација во Турција, што дополнително можело да има ефект врз турско-грчките односи. Турција доживеала воен удар, што предизвикало внатрешни проблеми и надворешно-политички грижи. Со напорите на НАТО и

---

[864] Siousiouras, Petros. Chrysochou, Georgios. *The Aegean Dispute in the Context of Contemporary Judicial Decisions on Maritime Delimitation*. Open Access Laws ISSN 2075-471X, 2014 (16)
[865] Ibid.
[866] Ibid. (18)
[867] Ibid.

Врховниот командант на сојузниците, генерал Бернард Роџерс, Турција го усвоила враќањето на Грција во воената команда на НАТО преку Роџеровиот договор.[868]

Пристапувањето на Грција во Европската Заедница како десетта членка на 1 јануари 1981 година, придонесло односите со Заедницата да послужат како инструмент за одржување на грчкиот територијален интегритет во текот на 1980-тите. Грција сметала дека спорот со Турција е прашање на политика на моќ. До крајот на 1980-тите, Грција се обидела да го зачува балансот на моќта со Турција која се потпирала на нејзиното членство во ЕУ. Меѓутоа, во годините на студената војна ЕЗ не исполнила ниту едно грчко барање за формална безбедносна гаранција против Турција, поради фактот што ЕЗ верувала во европеизација на турско-грчките проблеми и можноста за тензичен однос со Турција.[869]

Членството на Грција во ЕУ имало значителен ефект врз еволуција на односите Турција – ЕЗ. Пристапувањето на Грција во ЕЗ ѝ обезбедило поповолна позиција во однос на Турција. Грција водела политика на резервации и приговори во заедницата кога било во прашање случајот со Турција. Грција се обидела да ја искористи ЕЗ како форум за да добие отстапки од Турција со ставање услови (особено кипарскиот проблем и егејските спорови) на кој било развој на односите меѓу Турција и ЕЗ.[870]

Односите со Турција се заостриле во 1983 година, со прогласувањето на независност на Турската Република Северен Кипар. Во однос на Турција, Папандреу тврдел дека предуслов за нормализирање на билатералните односи и продолжување на дијалогот било повлекувањето на турските окупациски сили од Кипар. Во декември 1984 година тој јавно го објавил усвојувањето на нова одбранбена доктрина, според кој главната закана се сметало дека потекнува од Турција наместо Варшавскиот пакт.[871]

Во 1985 година Грција официјално ја објавила нејзината одбранбена доктрина, дефинирајќи ја нејзината примарна грижа т.н. „турска закана“. Ова било знак за поавтономна стратегија во рамките на НАТО алијансата. Грчката Влада јасно става до знаење дека го смета своето право на вето во ЕЗ како важна алатка во нејзините односи

---

[868] Akman, Emine. *Continuity and change in Greek security perceptions and priorities in the post-cold war era.* Ankara: Middle East Technical University, 2005 (20-21)
[869] Ibid. (22)
[870] Ibid. (22-23)
[871] Naoum, Michael. *The Greek-Turkish Rapprochement Process, 1999 – 2004*: Paradigm Shift or Epi-phenomenon. Monterey: Naval postgraduate school, 2004 (46)

со Турција. Атина истакнала дека нејзиното одобрение за членство на Турција во ЕУ може да биде достапно само доколку Анкара отстапи во билатералните турско-грчки проблеми. Ова било дополнителна можност да се види како Грција умее да ги „европеизира" нејзините спорови со Турција. Папандреу ги обвинил поранешните десничарски влади за преговорите со Турција околу суверените права на земјата во Егејското Море. Тој верувал во тоа што немало за што да се преговара.[872]

Односите на Грција со алијансата биле затегнати. Грција се обидела да води понезависна надворешна политика, вклучително преку одржување добри односи со балканските земји: Бугарија, Југославија и Албанија. Една од причините за иницијативата на Караманлис била да добие терен за грчките побарувања во Егејот и Кипар. Паралелно со овие иницијативи, односите со комунистичките и арапските држави биле подобрени за промовирање на мултилатерална надворешна политика. Според грчкото гледиште, таквиот политички став би придонесол за консолидирање на грчката позиција во меѓународниот систем и промовирање на безбедноста на Грција со зачувување на територијалниот интегритет.[873]

Прашањето за егејскиот континентален гребен повторно се појавува во јануари 1987 година и кризата го достигнува својот врв во последните денови на март, доведувајќи ги двете земји на работ на војна за прв пат по 1976 година. Кон крајот на јануари 1988 година двајцата премиери, Тургут Озал од Турција и Андреас Папандреу од Грција, се сретнале за време на годишните состаноци на Економски форум во Давос, Швајцарија. Дводневните средби се одржале во меѓусебна срдечна атмосфера. Заедничкото коминике во голема мера ја открило главната мотивација за средбите и ја нагласило неопходноста од избегнување конфронтации, кои имале потенцијал да ескалираат до непријателства.[874]

Во овој период имало интензивирање на билатералните контакти, реципрочни посети на сите нивоа со акцент на поттикнување на туризмот и културните размени. За таа цел биле формирани два комитета: за економија и за трговија, а била воспоставена и телефонска линија меѓу Анкара и Атина. Претходно именуваниот настан, потоа бил

---

[872] Akman, Emine. *Continuity and change in Greek security perceptions and priorities in the post-cold war era*. Ankara: Middle East Technical University, 2005 (26)
[873] Ibid. (22)
[874] Naoum, Michael. *The Greek-Turkish Rapprochement Process, 1999 – 2004*: Paradigm Shift or Epi-phenomenon. Monterey: Naval postgraduate school, 2004 (43)

наречен „духот на Давос“. Со обновувањето на билатералните односи, турската Влада, во гест на добра волја, го укинала декретот од 1964 година со кој се ограничуваат правата на сопственост на грчките државјани во Турција и укинување на визите за Грците за посета на Турција. Во реципрочен гест Грција ги укинала своите приговори за реактивирање на Договорот за асоцијација од 1964 година меѓу Турција и Европската Заедница. Во месеците што следеле по настанот во Давос, во двата главни града имало бројни состаноци на формираните комисии и реципрочни посети на високи претставници на различни нивоа.[875]

Во септември министрите за надворешни работи Каролос Папуљас и Месут Јилмаз усвоиле документ што содржел „упатство за превенција од несреќи и инциденти на отворено море и меѓународен воздушен простор“. „Духот на Давос“ кулминирал во мај 1988 година со посетата на турскиот премиер Озал во Атина, што била прва посета на ова ниво за триесет и пет години. Во својата реторика Озал ја искористи симболиката, зборувајќи за историјата на двата народа, како и периодот на соработка меѓу Венизелос и Ататурк. Посетата не ги исполнила првичните очекувања. Земјите продолжиле да си ставаат вето на поглавјата во одбраната на НАТО. Грција се спротивставила на исклучувањето на пристаништето на Мерсин во текот на преговорите на договорот за конвенционалните сили во Европа во рамките на КЕБС. Во овој период грчките и турските воздухопловни сили продолжиле со ангажманите во спорни делови од егејскиот воздушен простор. На овој начин изгледите за воени дејствија останале веродостојна опција. Состанокот во Давос и неговите последователни достигнувања одбележале значајно отстапување од претходните политики, особено за Грција и Папандреу.[876]

Средбата во Давос меѓу Папандреу и турскиот премиер Тургут Озал била протолкувана како отстапување од главниот надворешно-политички став на ПАСОК. Товарот на трошоците за одбрана дополнително влевал надеж дека Папандреу ја увидел неопходноста од намалување на тензиите со Турција. Достигнување во процесот со „Вулијагмени меморандумот“[877], во Атина 27 мај 1988 година, кој вклучува мерки за градење доверба, мерки за намалување на тензиите и мерки за

[875] Naoum, Michael. *The Greek-Turkish Rapprochement Process, 1999 – 2004*: Paradigm Shift or Epi-phenomenon. Monterey: Naval postgraduate school, 2004 (44-45)
[876] Ibid.
[877] Вулијагмени меморандум – мерки за градење доверба, намалување на тензиите и добрососедство

градење на добрососедство. Сепак, ова не придонесло за решавање на егејските спорови, ниту на кипарскиот проблем. Процесот не траел долго, а конечно пропаднал во 1989 година.[878]

Во периодот од 1989 година имало првични знаци на пресврт на ситуацијата, меѓу кои зголемениот број турски повреди на грчкиот воздушен простор, провокации, релевантна реторика поврзана со муслиманско малцинство од Западна Тракија, неуспех на политичкиот комитет да постигне консензус и развивање на нови идеи за решавање на отворените прашања.[879] Во целокупниот период овие политики на зближување биле критикувани во јавноста од страна на опозициските партии во двете држави, а особно бил споменат недостатокот од реципроцитет. Болеста на Папандреу во втората половина на 1988 година, во комбинација со лични и финансиски скандали за време на изборната кампања во 1989 година, придонесло за негово заминување од функцијата. Сличен бил и случајот со турскиот премиер Озал, кој се соочил со внатрепартиски опструкции.[880]

Кризата од јануари 1996 година дополнително ги заострила грчко-урските односи, а спорот започнал со сопственоста на две мали ненаселени земјишта во Егејското Море. Иако западот ја банализирал природата на спорот, сепак тоа претставувало изразена промена во билатералните односи: за првпат по 1923 година и особено од крајот на Втората светска војна, Турција го оспорила територијалниот статус-кво во Егејското Море. Ако статусот на ситните островчиња може да се доведе во прашање, тогаш може да се оспорат и другите острови, со што дополнително ја зголемувало несигурноста на двете страни. Според грчки, турски и американски извори, во пикот на кризата двете земји биле на работ на војна.[881]

Интервенцијата на администрацијата на Клинтон да го смири конфликтот била претставена дека САД игра улога на *deus ex machina* во грчко-турските односи. Оттука било и тврдењето дека нема потреба од загриженост за турска инвазија, бидејќи САД нема да ја дозволат војна меѓу Грција и Турција. Влијанието на САД да влезат во

---

[878] Akman, Emine. *Continuity and change in Greek security perceptions and priorities in the post-cold war era.* Ankara: Middle East Technical University, 2005 (26)
[879] Naoum, Michael. *The Greek-Turkish Rapprochement Process, 1999 – 2004*: Paradigm Shift or Epi-phenomenon. Monterey: Naval postgraduate school, 2004 (48)
[880] Ibid. (49)
[881] Bahcheli, Tozun. Couloumbis, Theodore A. Carley, Patricia. *Greek – Turkish relations and U.S. Foreign Policy, Cyprus, the Aegean, and Regional Stability.* Washington: Peaceworks No. 17, United States Institute of Peace, 1997 (6)

последен момент е многу опасно, бидејќи ги охрабрува двете страни неодговорно да ја ескалираат реториката во најголема мера. Јануарската криза од 1996 година ескалира бидејќи Грците сметале дека Турција ќе започне ревизионистичка програма која бара грчка територија. Расправијата за островите Имиа на Додеканезите ги засилила грчките стравувања од турска закана против територијалниот интегритет на Грција.[882]

Со овие чекори на нестабилност се прекршил Договорот од Лозанаи којшто воспоставил рамнотежа меѓу двете земји. Тоа било императив, дека сите дипломатски напори, вклучително и оние од страна на САД, се концентрираат на почитувањо на Договорот од Лозана. Доколку имало војна, тоа би било катастрофално за двете земји. Откако биле испукани првите истрели, без оглед на тактичката предност на која било страна, Грција и Турција неминовно би навлегле во долготраен циклус на реваншистички конфликти по линијата на конфликтите во Индија и Пакистан или Израел и арапските земји. Цената на катастрофата би била класификација на регионот како воена зона, што би резултирало со пад на домашните и странските инвестиции, трговијата и економските перформанси. Таков конфликт исто така би бил погубен за НАТО, чија улога вклучува спроведување и зачувување на мирот, покрај неговата традиционална улога на колективната одбрана.[883]

Грците и Турците се согласиле за потребата од решавање на прашањата за Егејското Море по мирен пат. Ниту една страна не ја гледала војната како прифатливо средство за решавање на конфликтите. Сепак, тие не се согласувале околу природата на конфликтот и методите што треба да се користат за да се решат. Како што било наведено претходно, за Грците проблемите биле правни, а за Турците биле политички. Турскиот премиер Сулејман Демирел се согласил прашањето да се прати до Меѓународниот суд на правдата во Хаг, но набргу се премислил под притисок на неговите коалициски партнери, националистот Алпарслан Туркеш и Неџметин Ербакан, (премиер на Турција во периодот 1996/1997 година). Оттука на Меѓународниот суд не му била дадена потребната надлежност да пресуди за егејскиот проблем. По дваесет години одбивање да се прифати меѓународна арбитража, Турците чувствувале дека доколку прибегнат кон таков потег, би изгледало како чекор наназад.

[882] Bahcheli, Tozun. Couloumbis, Theodore A. Carley, Patricia. *Greek – Turkish relations and U.S. Foreign Policy, Cyprus, the Aegean, and Regional Stability.* Washington: Peaceworks No. 17, United States Institute of Peace, 1997 (6-7)
[883] Ibid. (7)

Во секој случај, нема гаранции дека Судот би донел одлука која би била наклонета кон Грција.[884]

Прашањата за Егејот ги зголемувале домашните реакции и тензии. Мејнстримот на грчкото размислување не може да го изолира егејскиот брег на Анадолија. Турците се труделе да го игнорираат грчкото островско население кое преовладувало во Егејот и чие присуство датирало од древни времиња. Турците дозволиле тензиите да ескалираат во воен режим, дури и за релативно мали прашања, како правото на грчките рибари да ловат риба во меѓународните води на североистокот на Егејско Море. Посериозна била турската тенденција да се закануваат систематски со *casus belli*. Премиерката Тансу Чилер употребила *casus belli* седумпати во нејзините изјави во период од само дванаесет дена. Грците постојано ја осудувале турската закани за употреба на сила, тврдејќи дека тоа било во спротивност со членовите 2 и 4 од Повелбата на ОН и основните принципи на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ).[885]

Турција и Грција имаат билатерални односи кои се исполнети со низаа несогласувања во однос на кипарскиот спор, егејскиот проблем, честите успорувања од страна на Грција во европската интеграција на Турција. Во интервјуто спроведено со универзитетскиот професор Васко Наумовски за грчко-турските односи, тој истакна: „Грчко-турскиот спор е еден од најдолготрајните т.н. полузамрзнати конфликти коишто тлеат долг период и веројатно единствената причина зошто досега не дошло до отворен вооружен судир меѓу нив е податокот што и двете се земји членки на НАТО-алијансата. Членството на Кипар во ЕУ исто така, според мене, е преурането и недоволно подготвено, што се коси со основните принципи на ЕУ да не внесува нови конфликти при приемот на нови држави членки; со случајот на Кипар се случи токму тоа: се внесе нов конфликт и за првпат ЕУ има држава-членка којашто де факто не контролира еден дел од нејзината формална територија. Спорот што постои со Турција сè уште не е решен, иако имаше повеќе обиди за тоа, дури и еден од нив требаше да кулминира со плановите на ОН на поранешниот генерален секретар Кофи Анан, но тој последен план, што се случи пред членството на Кипар во ЕУ, беше одбиен токму од грчкото население на Кипар и за тоа придонесе фактот што самата ЕУ беше решена

[884] Bahcheli, Tozun. Couloumbis, Theodore A. Carley, Patricia. *Greek – Turkish relations and U.S. Foreign Policy, Cyprus, the Aegean, and Regional Stability*. Washington: Peaceworks No. 17, United States Institute of Peace, 1997 (7)
[885] Ibid.

дека Кипар ќе стане членка на ЕУ без или со тој договор. Во овој период познати се, исто така, податоци дека Грција се заканила дека доколку Кипар не стане членка на ЕУ, Грција ќе ги блокира сите останати држави членки од Централна и Источна Европа и самиот влез на Кипар дополнително го усложнува и решавањето на отворените прашања со Турција, дотолку повеќе што Кипар, како држава членка, се здоби со правото на вето и еден дел од поглавјето за Турција се блокирани токму од Кипар. Веројатно така ќе остане сѐ до затворањето на проблемот внатре, во кипарското општество зашто ќе бидат потребни дополнителни напори и од ОН, меѓутоа и од други влијателни центри на моќ во светот со цел да се затвори тоа прашање. После евентуално затворање на кипарското прашање, мислам дека ќе преостанат неколку помали територијални прашања помеѓу Турција и Грција и самиот пат на преговорите на Турција и приближувањето до ЕУ ќе отвори можност за подобрување на билатералните односи помеѓу Грција и Турција“.[886]

Во интервјуто спроведено со универзитетскиот приофесор Димитри Сотиропулос, на прашањето дали смета дека ЕУ му направи отстапки на Кипар при влезот во Унијата со сѐ уште нецелосно решен спор, во споредба со ситуацијата во Северна Македонија, тој истакна: „Навистина, ЕУ направи отстапки за Република Кипар пред нејзиниот пристап во ЕУ во 2004 година, иако кипарската економија беше доста напредната и во економски услови Кипар беше подготвен да се приклучи на ЕУ. Системот на управување на Кипар исто така беше европски. Отстапките беа поврзани со прашање на надворешни односи: спорот на Кипар со Турција остана нерешен. Случајот со Северна Македонија не е споредлив. Во северниот дел на Кипар има силна странска армија од 1974 година, а на островот има самопрогласена држава, ТРСК. Фала му на Бога, нема инсталирана странска војска во Северна Македонија, ниту пак некое малцинство во Северна Македонија кое прогласило својата национална независност“.[887]

[886] *Интервју со проф. д-р Васко Наумовски*, 30.05.2023, Правен факултет „Јустинијан Први“. Скопје, 11 часот
[887] *Интервју со проф. д-р Димитри Сотиропулос*, 21.07.2023, Интервју преку интернет платформа, 20 часот

### 3.3 Заклучок

Историската еволуција на грчко-балканските односи ја карактеризираат многубројнии флуктуации, деликатни ситуации и многу турбуленции. Балканскиот регион отсекогаш бил театар на извонредна нестабилност, што придонесло за некои од најпознатите инциденти од дваесеттиот век. Грција, како дел од ова соседство, била активно вклучена во обидот да ја обликува околината и да го покаже своето лидерство, фокусирајќи се на стабилизација на регионот преку пристапување во ЕУ.

Што се однесува до односите со нејзините балкански соседи, билатералните односи со Бугарија, Романија и Југославија покажале стабилно подобрување во текот на 1980-тите години. Дополнително, Грција презела иницијативи за унапредување на мултилатералната балканска соработка.

Со крајот на Студената војна и распадот на Југославија имало големо политичко – безбедносно поместување на Балканот. После 1991 година, покрај заладените односи на Грција, со Албанија и Турција, на листата непријателски држави била ставена и Македонија поради спорот со името на државата.

Грчко-албанските односи по крајот на Втората светска војна не биле добри и двете земји припаѓале на спротивни политички блокови разделени со „железната завеса“. Дури и со отварањето на амбасадите во Атина и Тирана, нивните билатерални односи биле недоверливи. Кон крајот од 1987 година и почетокот на 1988 година мразот конечно бил скршен со средбите на двајцата премиери од двете држави.

Во Албанија има три етнички малцинства: грчко, македонско и црногорско малцинство и две културни малцинства: влашко и ромско. Грчкото малцинство е најважното малцинство од сите малцински групи. Правата на малцинствата се гарантираат со Уставот од 1998 година во Албанија.

Малцинските прашања често пати биле тема на дискусија во двете општества поради значителниот број Грци кои живеат во Албанија и Албанци кои живеат во Грција. Оваа тема често била поларизирана од двете општества, честопати поради политички поени, а Грција оваа тема често ја условувала со опструкции поради нејзините повластени позиции како член на ЕУ и НАТО.

Статусот со албанското малцинство во Грција постепено се подобрува во споредба со 1990-тите години. Албанскиот национализам и паролите за создавање Голема Албанија сè уште се присутни кај некои Грци.

Крајот на Студената војна и падот на комунистичкиот режим во Албанија придонесол за актуелизирање на чамското прашање и заладување во односите меѓу двете држави. Во текот на 1995 година односите на Грција и Албанија се подобриле, а претседателот Бериша ослободил затворени припадници на грчкото малцинство. Во однос на албанско-грчките односи, Грција усвоила сет нови мерки за деескалација на тензиите меѓу двете држави и нормализација на односите.

Статусот на албанските илегални имигранти во земјата се подобрил, како и соработката во борбата против прекуграничниот криминал. Во 1996 година бил потпишан договор за пријателство, соработка и добрососедство помеѓу Грција и Албанија, којшто на своевиден начин ја гарантирала безбедноста. „Договорот за морето“ не вродил со јасна дистинкција и затворање на ова прашања поради правните и политичките опструкции во општествата.

Членството на Албанија во НАТО придонесло за нова можност за соработка меѓу двете држави. По членството на Албанија во НАТО во 2009 година и претстојната грчка економска криза, Грција почна да ѝ дава приоритет на својата дипломатија во изнаоѓање решенија за економските и финансиските проблеми.

После Самитот во Солун, одржан во јуни 2013 година, Албанија била надворешно-политички приоритет на Владата на Грција, не само од политички аспект, туку и преку нејзината поддршка со сеопфатни развојни програми. Односите биле стратешки, сеопфатно градени во европски дух. Присуството на грчко етничко малцинство во Албанија сè уште било многу важна политичка тема која имала влијание врз односите на државите.

Со доаѓањето на Еди Рама, тој донесол нов модел на однесување во областа на надворешната политика. Во тој контекст тој артикулирал „Нула проблеми“ со соседите, како еден од главните водечки принципи во неговата политика, начин на практикување преку кој Албанија би се прикажала како пријателска држава.

Принципот на практикување во надоврешната политика се покажал успешен и кон билатералнте односи со Грција.

Грчко – албанските односи во текот на овој четириесетгодишен период биле испреплетени со низа соработки и опструкции, но Грција успевала да биде доминантна и да ја води својата надворешна политика со Албанија според сопствените интереси, без да прави отстапки во однос на спорните прашања. Покрај тоа што двете држави се членки на НАТО и нивните односи се класифицирани за пријателски, помеѓу нив сè уште остануваат отворени прашања.

Историјата на современите грчко-турски односи, во периодот од 1923 до 2013 се карактеризира со низа подеми и падови или, како што многу научници сакаат да кажат, како „студена војна без крај".

Грчко-турските односи долго време претставуваат едно од горливо прашање, на европската, а и воопшто на меѓународната политика, а воедно нивните односи се извор на нестабилност и претставуваат потенцијална точка на воен конфликт и ривалство. Вековното сомневање и ривалството, проследено со децениски жестоки спорови, не се разоткрива по испраќањето на посредници или донесување резолуција. Додека двете земји не можат да си признаат дека другата страна има легитимно гледиште, овие спорови ќе останат нерешени. Турската безбедносна закана од исток придонесла за зголемување на тензиите и последователниот пораст на страв од нуклеарна војна.

Во ерата по Студената војна опсегот на грчката надворешна политика дополнително се проширила со членството во ЕУ. Грчките интереси биле дефинирани според политичките, економските и безбедносните цели.

Грција во нејзиниот близок регион, особено на Балканот, се гледа себеси како сидро на стабилноста. Главната грижа за Грција била насочена пред сè кон Турција. Може да се тврди дека Грција нема да се откаже од користењето на членството во ЕУ за притисок врз Турција и нивните нерешени спорови. Новото безбедносно опкружување не ги промени параметрите на турско-грчките односи.

Поредокот по Студената војна има длабоко влијание врз зголемувањето на грчката несигурност во Источниот Медитеран и Балканот. Оваа несигурност е резултат на промените во геополитичката средина.

Грчко-турското ривалство продолжува да создава нестабилност во Југоисточна Европа која е разурната од војната, загрозувајќи ја самата кохезија на НАТО. Неодамна имало некои ветувачки знаци на пробив за затоплување на односите после трите разорни земјотреси во Грција и Турција. Грчко-турските односи ја достигнале најниската точка со апсењето на курдскиот лидер Абдула Оџалан во Кениј, а во пролетта 1999 година.

Кипар е еден од најкритичните проблеми со кои се соочуваат грчко-турските односи, каде што и двата соседа доаѓаат на работ на војна поради егејските интереси во неколку наврати во изминатите четири децении.

Јнвазијата на островот во 1974 година, трајната окупација на дел од островот, а подоцна и прогласувањето на Турска Република Северен Кипар, призната само од Турција, придонесло за сѐ поголема нетрпеливост и заладување на односите меѓу Грција и Турција.

Во текот на 1990-тите години имало голем број кризи кои ги довеле двете земји на раб на војна. Во ерата по Студената војна главната грижа за безбедноста на Грција била турската „закана“. Грција успешно ги користела меѓународните организации, особено ЕУ, како обезбедувач на безбедност.

„Безбедносната дилема“ над Егејот довела до трка во вооружување помеѓу Грција и Турција. Егејскиот спор е збир на меѓусебно поврзани контроверзни прашања за суверенитетот и релевантни права во областа на Егејското Море меѓу Грција и Турција. Овој спор имал голем ефект врз грчко-турските односи од 1970-тите години. Тоа придонесло двапати да доведе до кризи кои биле на раб на избувнување на воени непријателства: во 1987 година и уште еднаш во почетокот на 1996 година.

Прашањата за Егејското Море спаѓаат во неколку категории, меѓу кои и разграничувањето/проширувањето на грчките територијални води од 6 до 12 наутички милји, заедно со разграничување и експлоатација на континенталниот гребен. Од 1998 година двете земји биле се поблиску до надминување на тензиите, преку низа дипломатски мерки, особено со цел да се олесни пристапот на Турција во Европска Унија. До денес разликите околу применливото решение остануваат нерешени.

Во однос на европската интеграција, Грција станала полноправна членка во ЕЗ во 1981 година. Турција, од друга страна, аплицирала за полноправно членство во 1987 година. Грчката надворешна политика, во периодот 1981 – 1990 година, го искористила членството во ЕЕЗ и како дипломатски лост и како механизам за ограничување на евроинтеграцискиот пат на Турција. Како држава член на ЕЗ и НАТО, Грција ја искористила својата позиција во мултидимензионална политика кон другите балкански земји, за да изврши влијание во одредени политики во нејзина корист.

Бегалската криза од 2015 година го поместува дотогашниот тек на настаните во Грција, но и во Европа. Односите помеѓу ЕУ и Турција биле често проследени со обвинувања дека не се придржуваат кон договореното во однос на моменталната криза. Ердоган постојано му се заканувал на Брисел дека ќе ослободи бран бегалци ако ЕУ не се придржува на претходно договорените услови од договорот. Турција ги третирала мигрантите како еден вид оружје против ЕУ, а тоа само по себе носело голем ризик од ескалација на тензиите меѓу Атина и Анкара. Грција останува главната оштетена страна за време на бегалската криза од ефектот на односите помеѓу Турција и ЕУ и е сѐ позагрижена поради губењето на суверената контрола врз островите во Егејското Море.

Грчко – турските односи во текот на овој четириесет годишен период биле испреплетени со опструкции, тензии и ретки компромиси. Грција успеала да биде доминантна во многу случаи и да ја води својата надворешна политика со Турција според сопствените интереси, без да прави отстапки во однос на спорните прашања. Членството во ЕУ успешно го искористила како механизам за опстркции кон соседната држава. Покрај тоа што двете држави се членки на НАТО и нивните односи се класифицирани за коректни, помеѓу нив сѐ уште остануваат отворени голем број на прашања.

# 4. ГРЧКО-МАКЕДОНСКИТЕ БИЛАТЕРАЛНИ ОДНОСИ

*„... Името на државата е симбол. Фактот што властите во Скопје ја усвоија доминацијата на 'Република Македонија' за нивната држава е од најголемо значење. Важно е да се напомене дека тие експлицитно го усвоиле името на поширокта геополитичка територија која се протега на четири соседни земји, а само 38,5% се наоѓаат на територијата на ПЈРМ. Фактот сам по себе јасно го поткопува суверенитетот на соседните држави на нивниот македонски регион*[888]*…“*[889]

– Папаконстантиноу Мишел, 1993

Поранешниот британски премиер Винстон Черчил изјавил дека „Балканот произведува повеќе историја отколку што може да консумира“. Историјата, секако, е во срцта на проблемот помеѓу Грција и Македонија.[890]

Од Првото заседание на АСНОМ (2 август 1944 година) македонската држава го носела името Демократска Федерална Македонија, и тоа до 8 март 1946 година, а од тој датум називот Народна Република Македонија. Следувал називот Социјалистичка Република Македонија (од 1963 година). По распадот на Сојузна Република Југославија, Социјалистичка Република Македонија, во 1991 година, добила ново име – Република Македонија. Државата најчесто се нарекувала „Македонија“ и тука, од грчка гледна точка, започнувале проблемите. За означување се користело и името Македонија, поширок географски регион на Македонија, кој вклучувал дел од Грција, дел од Бугарија и дел од Албанија, а во врска само со грчкиот регион конкретно наречен Македонија. Поради спорот помеѓу владите на Република Македонија и Грција за името, Обединетите Нации се согласиле за привремена референца: Поранешна Југословенска Република Македонија“ (FYROM/ПЈРМ) во 1993 година, со членството во ООН.[891]

---

[888] Papaconstantinou Michael, Minister of Foreign affairs of Greece, sent this letter, Memorandum of Greece, to the U.N. Secretary – General 25.1.1993.
[889] Rasku, Minna. *On the Border of the East and West. Greek Geopolitical Narratives*. Jyväskylä: University of Jyväskylä, 2007 (134)
[890] Pop-Angelov, Marijan. *A dispute name: Is there a solution to the name issue between Macedonia and Greece?*. Washington: Georgetown University, 2010 (94)
[891] Rasku, Minna. On the Border of the East and West. Greek Geopolitical Narratives. Jyväskylä: University of Jyväskylä, 2007(29-30)

Повеќето меѓународни организации ја усвоиле истата конвенција, вклучително и ЕУ, НАТО, ММФ, Радиодифузната унија и Меѓународниот олимписли комитет. Сè поголем број земји ја напуштале привремената референца на ОН и ја признале земјата како Република Македонија. Грците се спротивставиле на името Македонија и наизменично ги користат имињата ПЈРМ или Скопје. Причината за дебата била повеќедимензионална. Дел од просторот на историска Македонија лежи внатре, во границите на Грција и Бугарија и би можеле да се користат во легитимирање на политичката програма за обединување на „Цела Македонија“.[892]

Проблемот, од грчка гледна точка, бил историјата на името која Грците ја поврзувале со својата историја. Уште од античко време, античките богови, па сè до Александар Македонски се поврзани со Македонија. Многу било тешко да се дефинира географската област Македонија. Македонија никогаш не била одредена област на картата во антички, средновековни времиња или за време на османлиската ера. Тоа обично дефинирало место кое се простирало на Јужниот Балкан: од Црно Море до Јадранот и од Егејско Море до Балканските Планини.[893]

После Балканските војни (1912 – 1913) терминот Северна Македонија Грците го користеле за да означат дел од Македонија надвор од грчката северна граница. По Втората светска војна, Грците намерно го изоставувале (заборавиле) терминот „Северна Македонија“ бидејќи Тито креирал планови за обединување на сите области на Македонија, а Грците не сакале да го потсетуваат на никакви врски помеѓу овие области.[894]

Македонското прашање во периодот на Студената војна било главно водено помеѓу дипломатите и политичарите. Тоа била битка на зборови што се водела меѓу Југославија, Бугарија и Грција, според аспирациите и надворешните политики *vis-à-vis* Вашингтон и Москва. Дебатата за ова прашање се водела често измеѓу Белград и Скопје. Разликите меѓу Белград и Скопје околу нивниот став кон Грција биле видливи во официјалните документи во југословенските архиви.[895]

---

[892] Rasku, Minna. *On the Border of the East and West. Greek Geopolitical Narratives*. Jyväskylä: University of Jyväskylä, 2007 (29–30)
[893] Ibid.
[894] Ibid.
[895] Veremis, Thanos. *The Modern Balkans: A Concise Guide to Nationalism and Politics. The Rise and Decline of the Nation State*. London: LSEE Research on South Eastern Europe, 2015 (207)

Со краток историски преглед на периодот по демократизацијата на грчкото општество, можело да се забележи постепеното заземање на лидерската улога на Грција на Балканот. Оваа промена дополнително се засилила во 1989 година, со крајот на Студената војана, падот на комунизмот и распаѓањето на советската империја и самиот Советски Сојуз.

Грција во тој период била меѓу западните нации најпогодени од геостратешките промени по падот на Берлинскиот ѕид. Во овој период, со отварањето на северното соседство на Грција, источно-европската економија и политичката конвергеција кон либералните пазари и демократската политика, обезбедила огромен нов простор за потенцијална интеракција и меѓусебна соработка.[896]

Распадот на Југославија ја открил другата страна на иредентизмот – етничкото чистење. Ако една држава не може да ја прошири својата територија, таа секако може да ја исчисти непожелната етничка малцинска група, особено ако се перципира како безбедносна закана.[897]

Во 1989 година Грција барала формулирање ефективни нови политички одговори, а тоа било впечатчиво при дефанзивната реакција на промените на Балканот и остатокот од Источна Европа. Распадот на Југославија бил во корист на Грција поради односот на моќта, бидејќи тоа ѝ овозможи Атина да преземе одредена лидерска улога на Балканот, што било незамисливо доколку Југославија сè уште постоела. Сите западни земји, вклучувајќи ги САД и Канада, првично го поддржале единството на Југославија. Со зголемување на насилството, тие ја промениле својата политика од фаворизирање на единството во санкционирање на независноста на отцепените републики. Грција била последната западна земја која се помирила со оваа нова реалност и нејзината континуирана поддршка за Југославија сè повеќе погрешно се толкувала како директна поддршка за српската политика на Милошевиќ.[898]

Пред 1990 година, грчките влади промовирале мултилатерализам на Балканот и се стремеле да одиграат голема улога во пост-комунистичката ера. Кога дошло време

---

[896] Arvanitopoulos, Constantine., Botsiou, Konstantina. E. *The Constantinos Karamanlis Institute for Democracy Yearbook 2010*. Athenes: Springer, 2010 (86)
[897] Veremis, Thanos. *Balcanica XXXVI, Western Amateurs in the Balkans and the End of History*. Belgrade: Serbian academy of science and arts, 2006 (245)
[898] Arvanitopoulos, Constantine., Botsiou, Konstantina. E. *The Constantinos Karamanlis Institute for Democracy Yearbook 2010*. Athenes: Springer, 2010 (86)

да се отвори оваа тема, Грција била психолошки неподготвена за големата транзиција. Грчките креатори на политиката не можеле да сфатат дека македонското прашање се поврзува со раѓањето на државата, нејзиното име и поврзаноста со работата на Коминтерната и подоцна Титова Југославија.[899]

Професорот, Димитар Мирчев истакнува: „Македонската пролет на независноста, враќањето на суверенитетот и „осамостојувањето", започнува релативно доцна, дури во почетокот и рано пролетта на 1990 година. Не се работи само за неизјаснетоста на македонското водство на XIV Конгрес, туку за вкупните процеси на осамостојување, или „осамосвојување", макар што обата термина беа многу нејасни и контроверзни: дали тие значеа раздружување од Федерацијата, независност, прифаќање на конфедерација или малку повеќе права за Републикава? Имаше тука доста конфузија, но и неопределености, па и лојалност кон Федерацијата и системот. Велам доцна бидејќи, како што е веќе наведено, подготовките за независност и популаризацијата на Словенија, Хрватска и донекаде во Боцна и Херцеговина, беа значително понапреднати. Колку идејно-концепциски, толку и јавно и медиумски, па и практично".[900]

Политичари и дипломати, добро упатени во регионалната политика и иредентистичките судири, ја предупредуваат ЕУ на насилството поради распадот на Југославија. Нивното предвидување било дека признавањето на сецесионистичката унитарност на државите, во кои доминантните етнички сили владееле над нивните малцинства, ќе предизвика верижна реакција додека, на крајот, процесот на распаѓање доведе до плејада етнички чистки. Имплозијата на националистички судири во Југославија може да создаде верижна реакција на случувањата што би ги поткопала економиите на соседните држави и постоела можност и да ја одреди иднината на Балканот, како трет свет на Европа.[901]

Своето осамостојување народот на Република Македонија го остварил во времето од септември 1990 до септември 1991 година по мирен, демократски и легален пат. Процесот на осамостојувањето на Република Македонија поизразено започнал со

[899] Veremis, Thanos. *The Modern Balkans: A Concise Guide to Nationalism and Politics. The Rise and Decline of the Nation State*. London: LSEE Research on South Eastern Europe, 2015 (207)
[900] Мирчев, Димитар. *Ферментација на демократијата и на нацијата, сите македонски политички пролети 1943 – 1993*. Скопје: Силсонс, 2014 (211)
[901] Veremis, Thanos. *Balcanica XXXVI, Western Amateurs in the Balkans and the End of History*. Belgrade: Serbian academy of science and arts, 2006 (241)

крупните промени во општествено-економското уредување и во политичкиот систем, извршени со амандманите на Уставот на Републиката од 1974 година и усвоени во септември 1990 година. Со овие уставни амандмани се прокламирало правото на македонскиот народ на самоопределување, вклучувајќи го и правото на истапување од југословенската федеративна заедница со двотретинско мнозинство од страна на сите членови на Собранието на Републиката.[902]

Неколку денови пред Референдумот во Македонија, тогашниот шеф на грчката дипломатија Андонис Самарас изјавил дека „Грција нема никогаш да го признае постоењето на државата која ќе го носи името Македонија...“, со оглед на тоа „водечките кругови во Скопје имаат терироријални претензии кон нашата земја“.[903] Според изјавата на портпаролот на грчката Влада, ова претставувало официјален став на Владата. Натаму, Грција со незадоволство ја примила бугарската изјава за признавање на Македонија, со повторување на „категоричниот став дека Грција никогаш нема да ја признае држава со историското грчко име Македонија...“[904]

Одлуката за остварување на правото на самоопределување станала полноважна дури откако бил прифатен референдумот од мнозинството на сите граѓани на Републиката што уживале избирачко право. На 11 ноември 1990 година се одржале демократски избори за Собранието на Републиката, на кои учествувале повеќе политички партии. Новоизбраното повеќепартиско Собрание. наскоро по своето конституирање на 25 јануари 1991 година, усвоил Декларација заувереност на Републиката, со која се определувала Република Македонија како суверена држава, во согласност со своите интереси самостојно ќе одлучува за идните односи со државите на другите народи на Југославија.[905]

На референдумот одржан на 8 септември 1991 година, граѓаните, со големо мнозинство, се изјасниле за суверена и независна држава Македонија. Врз основа на резултатите од референдумот, Собранието на Република Македонија, на седницата

---

[902] Димитров, Евгени. Зографски, Данчо. Илиевски, Петар Хр. Конески, Блаже. Матевски, Матеја. Пандевски, Манол. Старделов, Георги. Христов, Александар. Грозданов, Цветан. Ристовски, Блаже. Битоски, Крсте. Ивановски, Владо. Кирјазовски, Ристо. Киселиновски, Стојан. Миновски, Михајло. Младеновски, Симо. Панов, Бранко. Симовски, Тодор. *Македонија и односите со Грција*. Скопје: Македонска академија за науките и уметностите, 1993 (96-97)
[903] Глигоров, Киро. *Македонија е сѐ што имаме*. Скопје: Култура, 2002 (358)
[904] Ibid.
[905] Димитров, Евгени. Зографски, Данчо. Илиевски, Петар Хр. Конески, Блаже. Матевски, Матеја. Пандевски, Манол. Старделов, Георги. Христов, Александар. Грозданов, Цветан. Ристовски, Блаже. Битоски, Крсте. Ивановски, Владо. Кирјазовски, Ристо. Киселиновски, Стојан. Миновски, Михајло. Младеновски, Симо. Панов, Бранко. Симовски, Тодор. *Македонија и односите со Грција*. Скопје: Македонска академија за науките и уметностите, 1993 (96-97)

одржана на 17 септември 1991 година, донесува Декларација со која ја потврдува волјата на граѓаните изразена на референдумот.[906]

После осамостојувањето и по прогласувањето на независна држава Република Македонија, се кренала внатрешна тензија во Грција. Тоа не било само политика на тогашниот премиер Мицотактис, туку и на актуелната Влада предводена од Нова демократија, акцентирајќи го тоа прашање, сакала да влијае врз целата грчка јавност и да ја придобие позицијата на оваа партија, што ѝ било потребна и за престојните избори.[907]

Во Владата министер за надворешни работи бил Андонис Самарас, млад човек, со изразито елинистички и антимакедонски ставови. За него Македонија не постоела, целата Македонија била грчка. Пред Европската Унија настапувал со тврдењата дека прашањето на името на Македонија, зачувувањето на неговиот исклучително грчки карактер, претставувало една од врвните национални интереси на Грција. Грците не можеле да се сложат со признавањето на независноста на Македонија, туку околу тоа требало да се преговара и таа, односно како што веделе „Скопје“, да се натера на значителни отстапки за да може Грција некогаш да ја признае таа држава и меѓу двете држави да се воспостават нормални односи.[908]

Во Грција постоеле две спротивставени опции: според првата, за Грција би било најдобро Македонија воопшто да не постои како држава. Нивната „аргументација“ околу името Македонија, околу загрозувањето на „нивното“ културно наследство и слично (и покрај македонскиот јасно изложен став дека ние немаме територијални претензии кон нив), било израз на грчкото стравување да не се случи подоцна, по признавањето, Македонија да поведе некаква иницијатива пред меѓународните институции за враќање на територијата на етничка Македонија која се наоѓа во рамките на Грција. Според втората теза, Грција можела да ги заштити своите национални интереси преку економски вложувања во Македонија, со чија помош би се

[906] Димитров, Евгени. Зографски, Данчо. Илиевски, Петар Хр. Конески, Блаже. Матевски, Матеја. Пандевски, Манол. Старделов, Георги. Христов, Александар. Грозданов, Цветан. Ристовски, Блаже. Битоски, Крсте. Ивановски, Владо. Кирјазовски, Ристо. Киселиновски, Стојан. Миновски, Михајло. Младеновски, Симо. Панов, Бранко. Симовски, Тодор. *Македонија и односите со Грција.* Скопје: Македонска академија за науките и уметностите, 1993 (96-97)
[907] Глигоров, Киро. *Македонија е сѐ што имаме.* Скопје: Култура, 2002 (356-357)
[908] Ibid.

влијаело на политички план. Според Глигоров, за време на Мицотакис преовладувал првиот став.[909]

Грчкото јавно мислење само постепено станало свесно за ситуацијата, додека премиерот Мицотакис првично покажал флексибилност на прашањето за државата во подем. Главна грижа на Грција била новата држава да не го користи терминот „Македонија“ без да се разјаснат нејзините географски граници. Новонастаната ситуација во државата на север сѐ повеќе ја подгревало политиката во Грција. Во обид да се блокира неквалификуваното признавање на Републиката, грчкиот министер за надворешни работи Андонис Самарас ја признал Словенија и Хрватска на 7 декември 1991 година. Воедно и усвоиле заедничка декларација за ЕЕЗ со која се воспоставувале услови за признавање, што вклучувале забрана за „територијални претензии кон соседната држава на заедницата, непријателската пропаганда (и) употребата на деноминација што подразбира територијални претензии“.[910]

Барањата на Грција се однесувале и на преамбулата на уставот за основачкиот манифест на НР Македонија во 1944 г., кој го истакнал „барањето за обединување на македонските луѓе, поточно тврдењето за самоопределување“. Тоа дополнително создадало бес во грчките медиуми и јавноста стравувала дека Скопје ќе го монополизира терминот „Македонија“. Иако Мицотакис најпрво имал умерена позиција, неговото несигурно мнозинство во Парламентот значително го скратувало просторот за маневрирање.[911]

Според Љубчо Георгиевски: „Кога Македонија формално се осамостојуваше, кај македонскиот народ не постоеше глобална свест што добиваме со независноста и самостојноста на земјата. Дали беше заслуга на нашите предци или е божји дар на којшто треба да му се радуваме, бидејќи на нашата генерација независноста и самостојноста на земјата ѝ беа пренесени на послужавник, или можеби заради силната желба волшебно се остварила? Да, прашањата се нелогични па дури и смешни!? Но, имајќи ја предвид постоечка структура во најшироките слоеви, коишто ни еден миг искрено не ѝ се израдуваа на стекнатата самостојност и независност, којашто не успеа да се одлепи од југоносталгијата, небаре им е тесно во кожата на сопствената држава,

[909] Глигоров, Киро. *Македонија е сè што имаме.* Скопје: Култура, 2002 (360)
[910] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester: Wiley-Blackwell, 2010 (172)
[911] Ibid.

сонувајќи дека во Југославија им било подобро. Според мене, таквиот однос имплицитно содржи игнорирање и отфрлање на независноста на сопствената држава. Веројатно кај ни еден друг народ, кој по долгогодишна водена битка дошол до независност и самостојност, нема да сретнете сличен синдорм.“[912]

Од првиот ден на независноста Македонија се соочила со сериозни предизвици, вклучувајќи го и ширењето на меѓуетничките тензии во Косово, социјалните немири во Албанија како последица на економски и финансиски колапс и воената закана од авторитарниот режим на Слободан Милошевиќ во Србија. Новата земја морала да се справи со меѓуетничките тензии дома и спорот за името со Грција. Од македонската независност Грција се обидувала да го попречи секој обид на младата република да добие признавање на нејзината независност и да се приклучи на Обединетите Нации, како и да се интегрираат во НАТО, Европската Унија и другите меѓународни организации под нејзиното уставно име – Република Македонија.[913]

Љубчо Георгиевски, во однос на незавиноста на Републиката, изјавил: „... до ден денеска нашиот Референдум секој си го толкува на начин каков што му е интересот политички, се разбира, како од граѓаните кои гласаа, така и од надворешните аналитичари... Веќе една и пол година од тој референдум ние сè уште зборуваме за Југославија.“[914]

После независноста Владата на Република Македонија ја засилила својата пропаганда со провокативни националистички симболи, како ѕвездата од Вергина на нејзиното знаме. Ова бил симболот што го користела античката македонска кралска династија. Република Македонија го усвоила и ликот на Белата кула (симболот на градот Солун во грчка Македонија) на својата комеморативна валута, променила имиња на многу улици и други јавни места со словенски ознаки на грчките градови и дистрибуирала памфлети со кои се осудува „нелегалната грчка окупација на делови од Македонија од 1913 година“. Во овој период биле дистрибуирани и мапи кои го прикажуваат регионот на грчка Македонија во синџир. Грчката Влада овие мерки ги протолкувала како акти со непријателски намери, а тоа дополнително го поткрепило тврдењето зошто Атина одбила да ја прифати понудата на Скопје да склучи договор за

---

[912] Георгиевски, Љубчо. *Мојата македонска приказна: каде одиш, Македонијо*?. Скопје: Ѓурѓа, 2018 (297–298)
[913] Pop-Angelov, Marijan. *A dispute name: Is there a solution to the name issue between Macedonia and Greece?*. Washington: Georgetown University, 2010 (8-9)
[914] Георгиевски, Љубчо. *Тоа сум јас*. Велес: Лекс легис, 2012 (271-273)

неповредливост на границите, како доволен доказ за добрососедските односи и инсистирала на дополнително отстранување на некои од овие симболи, имено симболот на знамето.[915]

Од почетокот на непријателствата, Грција се обидела да го спречи признавањето на Република Македонија, преку настојување да ги усогласи нејзините регионални политички цели со оние на меѓународната заедница, која се залагала за принципот на самоопределување. За да влијае врз консензусот на ова прашање, Грција лобирала во ЕК и САД, со нагласување на потенцијалот за понатамошна дестабилизација во регионот. Грција не го оспорувала постоењето на нацијата, јазикот или републиката после 1944 година, но тоа ја побивало легитимноста на присвојувањето на македонското име за дефинирање на словенското население на Балканот.[916]

Грчката надворешна политика во текот на последната деценија на XX век била обележана со конфликти и нестабилност на северната граница, Албанија, Југославија и Бугарија. Албанија имала големо грчко малцинство на југ. Ненадејниот егзодус во 1991 година предизвикал стравови дека албанската Влада го принудувала малцинството да си замине, но, во исто време, границата ја преминале и големи групи Албанци кои не биле со грчко потекло на југ за да најдат работа во Грција. Границата на Советскиот Сојуз била затворен со години, а во Грција било забележано значително зголемување на имиграција на грчките малцинства.[917]

Со независноста на Република Македонија се отворил патот кон нови дипломатски односи помеѓу членките на ЕЗ со Република Македонија, но оваа ситуација Грција ја дочекала со негодување поради неприфаќањето на името на државата.[918]

Според Глигоров, Грција успешно го користела членството во ЕУ и НАТО, па оттука: „Грчката држава треба да ги испроба сите расположливи средства против Македонија, сметајќи ја како потенцијална опасност за актуелизирање на ова прашање,

[915] Zahariadis, Nikolaos. *Nationalism and Small State Foreign Policy: The Greek Response to the Macedonian Issue*. Political Science Quarterly, 109 (4), 1994 (10-11)
[916] Ibid. (11)
[917] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn*. Oslo: University of Oslo, 2014 (65–66)
[918] Ibid.

настојувајќи без употреба на воени средства, бидејќи како членка на НАТО, Грција и не можела тоа да го направи без договор внатре, во алијансата. Значи, мораше да ги употреби и да ги користи сите други средства: дипломатија, членство во Унијата, членство во НАТО, големото грчко лоби кое постои во светот".[919]

Ковен[920] утврдил три начини на употреба на името „Македонија" од страна на македонските граѓани и дијаспората: нешто што се однесува или на античкото кралство или на историски воспоставената (но нејасно дефинирана) територија која е „поделена" меѓу Грција (Егејска), Србија (Вардарска) и Бугарија (Пиринска Македонија) во 1913 година. Грците го користеле терминот за означување на северниот дел на нивната национална држава, или за означување на „не сосема прецизното демаркирање на античкото кралство Македонија".[921]

Според Зенакос:[922] „национализмот на грчката држава е претставен како огромен и директен скок во античката слава. Македонија, во грчкиот наратив, може да се однесува само на античка Македонија – која била „ослободена" во војните од XX век". Според Проева:[923] „факт било дека панхеленистичката интерпретација на историјата се потпирала на митот за Грција како лулка на целата европска цивилизација".[924]

Грција постепено се изолирала од северните соседи, додека нејзиниот кредибилитет кај партнерите од Европската Унија се намалил. После распадот на комунистичките режими во Југоисточна Европа, Грција станала очигледен кандидат кој поседувал доволна моќ за доминација на Балканот. Додека Караманлис и Папандреу се стремеле да го негуваат мултилатерализмот во регионот, Бугарија, Турција и Албанија покажувале помал степен на заинтересирност, што направило

[919] Глигоров, Киро. *Македонија е сè што имаме.* Скопје: Култура, 2002 (365)
[920] Cowan, Jane. (ed.) *Macedonia: The Politics of Identity and Difference*. London: Pluto Press, 2000 (207-210)
[921] Ванковска, Билјана. *Преспанскиот договор, етницитетот и националноста*. Скопје: Филозофски факултет, УКИМ, 2019 (259)
[922] Zenakos, Augustine, *„Greece & Macedonia: negotiating history doesn't make it true"*, Open Democracy, пристапено на: 16.03.2023, https://www.opende mocracy.net/en/can-europe-make-it/greece-macedonia-negotiating history-doesn-t-make-it-true/
[923] Проева, Нада.*„Кога политичарите решаваат научни проблеми"*, Нова Македонија, пристапено на: 16.03.2023, https://novamakedonija.com.mk/mislenja/kolumni/%D0%BA%D0%BE%D0%B3%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%B0%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D1%80%D0%B5%D1%88%D0%B0%D0%B2%D0%B0%D0%B0%D1%82-%D0%BD%D0%B0%D1%83%D1%87%D0%BD%D0%B8-%D0%BF%D1%80/
[924] Ванковска, Билјана. *Преспанскиот договор, етницитетот и националноста*. Скопје: Филозофски факултет, УКИМ, 2019 (259)

важен напредок во воспоставувањето мултилатерални односи и соработка на Балканот.[925]

Условот на Грција за признавање на новата држава се состоел во тоа дека не требала да инсистира да се именува како „Република Македонија“, требала да се откаже од своите територијални претензии и да го повлече своето тврдење за постоење на македонски етникум во Грција. Овие препораки биле вклучени во одлука на состанокот на министрите за надворешни работи на ЕУ од 16 декември 1991 година, што довело до признавање само на Хрватска и Словенија. Исклучувањето на Република Македонија од почетната група признати држави било резултат на договорот меѓу германскиот министер за надворешни работи Ханс Дитрих Геншер и неговиот грчки колега, Андонис Самарас.[926]

Според тврдењето на Самарас од 1992, тој смета дека: „предусловите за признавање на независноста на Скопје, содржани во ‛Декларацијата за Југославија‘, би морале да се почитуваат во целот“.[927] Според него, другата страна не понудила доволни гаранции, уставни или други, за да обезбедат дека немаат територијални претензии. Тие продолжиле да вршат непријателска пропаганда, дури и во тој критичен момент, пред нивното признавање. Самарас сметал дека другата страна не направила никаков обид да изнајдат соодветен назив за нивната идна независна Република.[928]

Македонското прашање ги вклучувало и трите други елементи: Устав, државни симболи и употреба на историјата. Грчкиот став бил дека за други услови „може да се разговара“, но за името „не може да се преговара“. Со почетокот на распадот на југословенското единство, македонскиот национализам стекнал сопствена динамика и сè повеќе почнал да ги предизвикува грчките перцепции за македонската историја и култура.[929]

Еден национализам на Балканот го храни другиот. Против национализам во една земја не може да се борите со сопствениот национализам. Тоа води директно во

[925] Veremis, Thanos. *The Modern Balkans: A Concise Guide to Nationalism and Politics. The Rise and Decline of the Nation State*. London: LSEE Research on South Eastern Europe, 2015 (208-209)
[926] Ibid.
[927] Георгиевски, Сашо. Додевски, Сашо. *Документи за Република Македонија 1990 – 2005*. Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први“, 2008 (435)
[928] Ibid.
[929] Rasku, Minna. *On the Border of the East and West. Greek Geopolitical Narratives*. Jyväskylä: University of Jyväskylä, 2007 (132)

етнички судири и војни. Значи, против национализмот треба да се бориме со демократија. Тоа, во овој случај, значи заштита на правата на човекот и на етничките групи.[930]

Спорот допирал до „егзистенцијални нерви“ и во двете Македонии: независната држава Република Македонија и регионот „Грчка Македонија“ на Република Грција. Потребата да се разбере дека географскиот регион Македонија, кој ја опфаќал целата провинција „Грчка Македонија“, не бил и не можел да се смета за „татковина“ на македонскиот народ кој живее во Република Македонија. Ова била црвената линија за Грција и Грците често ја истакнувале. Според Грција, името на државата требало конкретно да се однесува на регионот и да се применува erga omnes, во мултилатералните и билатералните меѓународни односи од страна на сите организации, држави и други невладини меѓународни организации, вклучително и самата држава.[931]

Денко Малески во својата книга истакнува: „Македонија во грчката лексика: „Етничко чудовиште“, „Вошка на грбот на Грција“ ... Господо, зборувате за нас. Ние сме луѓе (има место Македонија да се доживее во сета шареноликост, има место за сите во Македонија, има место и за Грците, и за Македонците, и за Албанците, и за Власите, и за Ромите ... Има место сите да живееме едни покрај други и едни со други. Етничко чудовиште? Не. Во тоа е убавината на Македонија...“.[932]

Според професорот и поранешен министер за надворешни работи Денко Малески: „Во поглед на толеранцијата и умереноста (предусловот за успешна демократска разврска), неискусна во демократијата, Македонија за три копја ја надвиси „демократската“ Грција. Тоа сосема одговорно го тврдам. А имаме и тренинг: ние одолеавме на сопствените национализми во Југославија, ќе одолееме и на овој надворешниот од Грција. Не е добро да има победници и поразени во овој судир меѓу Република Грција и Република Македонија. Нужен е компромис. Нужно е да се решат проблемите во духот на толеранцијата, разбирањето и заемното почитување. Треба да

[930] Малески, Денко. *Бебето од катран, Македонија во меѓународните односи (1991 – 1993).* Скопје: Култура, 2012 (231)
[931] Kofos, Evangelos. *Macedonia’s Name: Breaking the Deadlock*. ICG Report, 2009 (4)
[932] Малески, Денко. *Бебето од катран, Македонија во меѓународните односи (1991 – 1993).* Скопје: Култура, 2012 (231)

живееме како први соседи и утре, затоа никој не треба да биде поразен. Зошто Грција се однесува вака?"[933]

Според атинскиот весник „Неа Синора" во 1992 година: „алтернативни решенија на Грција биле: прво, во една офанзивна политика на признавање, пенетрација и сателитизирање на скопската државичка, а второ, во една активна политика на непризнавање, со цел да се охрабрат процесите за разбивање на оваа вештачки создадена државна творба со хетероген етнички состав".[934]

Професорот Денко Малески смета: „тие се однесуваат како разгалено дете: НАТО, ЕЗ, контакти, комуникации со светот, секаде со секого можат да седнат на маса. Оваа комоција, која е производ на едно минато време, од крајот на Студената војна наваму ја користат за да условуваат. Тие ги условуваат и своите партнери, од најмоќните до тие послабите, на истиот начин на кој нè условуваат и нас. Тоа е манир што е лесно препознатлив за сите што комуницираат со Грција".[935]

Во годините по независноста, ситуацијата со малата република останала кревка. Таа го имала потенцијалот да стане дестабилизирачка сила, доколку продолжи да ги следи старите и бескомпромисни политики во однос на сопствените малцинства и нејзините односи со соседите. Малески ги истакнал како недостатоци: лидерство со почитување на демократските институции изградени врз морални, општествени принципи и одговорноста на албанското малцинство во набљудувањето на националните и меѓународните политички традиции.[936]

Грчката дипломатија претрпела низа пресврти во овој период и несогласувања во рамките на конзервативната партија за тоа како се справувала владата со актуелните настани во тој период. Самарас и десетина конзервативни пратеници поднеле оставки, а периодот бил проследен со протести против справувањето со македонското прашање и приватизацијата на телекомуникацискиот сектор. На последователните избори, на 10 октомври 1993 година, социјалистичката партија ПАСОК освоила 47%, или 170 пратенички места, а Нова демократија 39%, или 111 пратенички места. Постапувајќи по изборно ветување, премиерот Андреас Папандреу му се заканил на северниот сосед

---

[933] Малески, Денко. *Бебето од катран, Македонија во меѓународните односи (1991 – 1993).* Скопје: Култура, 2012 (231)
[934] Глигоров, Киро. *Македонија е сè што имаме.* Скопје: Култура, 2002 (359)
[935] Малески, Денко. *Бебето од катран, Македонија во меѓународните односи (1991-1993).* Скопје: Култура, 2012 (231)
[936] Papavizas, George C. *FYROM: A Source of Balkan Instability.* Duke University Press, Mediterranean Quarterly, Vol. 23, No. 2, 2012 (61)

со затворање на нивната заедничка граница, и тоа во најкусо можно време, по повлекувањето од билатералните разговори.[937]

Во центар на спорот помеѓу двете држави бил терминот „Македонија", за кој Грција тврдела дека е исклучиво грчки, но, во исто време, го негирала правото на соседната земја слободно да го користи името.[938]

Според извештај на Меѓународната група за малцински права, објавен во октомври 1994 година, уште на 4 декември 1991 година грчката Влада ги дефинирала условите за меѓународното признавање на (во тоа време) Социјалистичка Република Македонија и утврдила дека „таа не смее да го користи името Македонија кое има чисто географско, а не етничко значење, таа треба да признае дека нема територијални барања кон нашата земја, таа треба да признае дека во Грција' нема македонско' малцинство".[939]

Кога САД ја признаваат Македонија на 17 февруари 1994 година, Грција одговора со прекинување на дипломатските врски со Скопје, блокирање на помошта од ЕУ и воведување блокада на македонска стока која се движела до и од пристаништето во Солун, со исклучок на хуманитарна помош. Грција и Македонија ги нормализирале билатералните односи со Привремената спогодба потпишана во Њујорк на 13 септември 1995 година.[940]

Двете земји се обврзале да ги продолжат разговорите под покровителство на ОН, додека Грција се согласила да не ги попречува барањата на Републиката Македонија за членство во меѓународните тел,а сè додека тоа го правела под привремената ознака на ОН. Ова ја отворила вратата на Републиката да се приклучи на различни меѓународни организации и иницијативи, вклучувајќи ги Советот на Европа, ОБСЕ и Партнерството за мир.[941]

Грчката надворешна политика флуктуирала во последните две децении помеѓу поривот да се наметне решение и да се најде компромис; иако примарните цели на

[937] Kotsovilis, Spyridon. *Exploring the Sources of Greek Foreign Policy Towards the Former Yugoslav Republic of Macedonia*. The Hellenic Observatory, London School of Economics and Political Science 2005 (9)
[938] Markovic, Nenad. Nikolov, Marjan. *Aspects of the name dispute between Macedonia and Greece: symbols, conflict and economic costs*. CEA Journal of Economics, Center for Economic Analyses, 2017 (86)
[939] Глигоров, Киро. *Македонија е сè што имаме* Скопје: Култура, 2002 (358)
[940] Daskalovski, Zhidas. *Clashing historical narratives and the Macedonian name dispute – solving the unsolvable*. Skopje: University of Kliment Ohridski, 2017 (329)
[941] Ibid.

Грција не го вклучиле оспорувањето на државноста на Македонија од потпишувањето на Привремената спогодба од 1995 година.[942]

После потпишувањто на Привремената спогодба на 13 септември 1995 година, биле разрешени бројни билатерални прашања околу употребата на името: името во патните исправи, визите, трговкиот режим, а во разговорите бил ангажиран и амбасадорот Нимиц. Со меѓународното признавање на уставното име од страна на: Русија, Кина, САД и Канада, во Република Македонија сѐ повеќе јакнела тенденцијата на размислување дека државата се движи по добра патека.[943]

Промената на ставот на грчката политика бил забележан во периодот кога Симитис бил на чело на Владата. Тој бил личност со европска димензија, со свои модерни европски карактеристики, а воедно и навистина прагматичен лидер. Во бројните интервјуа што Симитис ги имал дадено, за неговите гледања на меѓународната политика, во тој контекст и на проблемот со соседите, можело да се види дека тој е многу повеќе европски ориентиран отколку покојниот Папандреу и другите пред него. Неговиот претходник очекувал дека притисокот врз Македонија, сѐ она што се правело со ембаргото, помошта од Америка и слично, би вродило со плод и дека Македонија ќе мора да ги прифати грчките услови.[944]

Со доаѓањето на Симитис се промениле методите како и средствата кои Грција ги користела во барањето решение на проблемот со Македонија. Додека Папандреу одел на целосна македонска изолација, затворање на границата, оневозможување на користење на солунското пристаниште, со што се нанесени големи штети, идејата на премиерот Симитис била поинаква. Тој сметал дека Грција треба да има водечка улога на Балканот, а според тоа била предодредена да биде фактор кој ќе го анимира Балканот или секоја одделена земја во нег,о да се подготвува за влегување во овие асоцијации. Таа политика очигледно ја спроведувала и во практика.[945]

Во тој контекст Грција ја променила својата тактика кон Македонија. Наместо изолации, ембрга и слично, таа се отворила кон Македонија. Најпрво после Привремената спогодба се отвориле гранците, се овозможило да се користи солунското

---

[942] Sofos, Spyros. *Beyond the Intractability of the Greek-Macedonian Dispute. In M. Casule (Ed.),* The Name Dispute Revisited. Skopje: Macedonian Information Center, 2013 (224)
[943] Ружин, Нано. *НАТО во современите меѓународни односи. Скопје*: Фондација „Фридрих Еберт“, 2010 (225)
[944] Глигоров, Киро. *Македонија е сѐ што имаме* Скопје: Култура, 2002 (441-442)
[945] Ibid.

пристаниште, па потоа почнала интензивно да се развива меѓусебната трговија. Грција станала стратешки партнер на Македонија и во размената со странство, во областа на инвестициските зафати тие покажале голем интерес за клучни стратешки објекти во Македонија. Така се продале ОКТА, Стопанска банка и неколку претпријатија во Гевгелија, Струмица и Прилеп, а постоел и интерес да се преговара и за други капацитети.[946]

Глигоров, во неговата книга, изнесува дека грчкиот интерес не бил само економски, туку поширок. Тој очекувал во иднина да продолжи таа политика и со тоа би се настојувало да се смени поранешниот груб притисок и политиката на дискриминација на Македонија во меѓународната јавност од неодамнешното минато. Со тоа би се настојувало да бидат сè поприсутни во Македонија и во такви случаи да можат да почнат да ги остваруваат и определуваат своите влијанија од поинаков, пред сè од политички карактер.[947]

Европската интеграција била исклучително корисна за Грција. Во 1999 година, Грција ја европеизирала својата надворешна политика. Прво, со прифаќањето на политиката на ангажирање во странство; второ, користењето на европската интеграција како најдобар процес за решавање на билатералните проблеми со соседите, главно Турција и Република Македонија. Во тој период Република Кипар станала дел од ЕУ, и покрај приговорите на Турција и на кипарските Турци. Ветото кое Грција го ставала на пристапувањето на Република Македонија во НАТО и последователно ЕУ, придонесло младата земја од северот сериозно да започне да преговара за компромисно решение за спорот за името.[948]

Проблемот со името се усложнувал со нејасните позиции околку спорот за името и неговото префрлање во доменот на националниот идентитет и официјалниот јазик на државата. За разлика од проблемот со името, геополитичките интереси на Грција во однос на опстојувањето на Република Македонија биле во насока на натамошен развој и стабилност на Македонија. Територијата за Република Македонија, како безбедносна зона на Грција, особено се актуелизирала за време на воздушната

[946] Глигоров, Киро. *Македонија е сè што имаме* Скопје: Култура, 2002 (442)
[947] Ibid.
[948] Arvanitopoulos, Constantine., Botsiou, Konstantina. E. *The Constantinos Karamanlis Institute for Democracy Yearbook 2010*. Athenes: Springer, 2010 (88)

интервенција на Алијансата на Косово во 1999 година и за време на кризата во Република Македонија во 2001 година.[949]

Во периодот на кризата од 2001 година, грчката дипломатија инсистирала кај останатите европски сојузници што поитно да се потпише Спогодбата за асоцијација и стабилизација меѓу Скопје и Брисел, како чин на стабилизацијата и јакнењето на Република Македонија. Оваа спогодба била потпишана во полн ек на кризата во Република Македонија, на 9 април 2001 година. Во истиот период, грчката Влада покажала загриженост за дестабилизацијата на Република Македонија и испратила воена помош до Министерството за одбрана на Република Македонија. Грција сметала и покажала јасни сигнали дека единствено суверена и стабилна Македонија може позитивно да влијае врз безбедноста и стабилноста на Балканот.[950]

Во текот на 1990-тите години, територијата на Република Македонија се потврдила и како значајна тампон зона меѓу југословенските боишта и можните бегалски бранови кон мирна и европска Грција. Духот на пријателство и балканското сојузништво продолжил и во 2003 година кога, за време на одржувањето на Самитот на Европската Унија, Грција се заложила за побрза интеграција на Западниот Балкан во Европската Унија.[951]

После изборите во 2004 година, со изборот на конзервативната администрација на Костас Карамналис, имало пад на активизмот што бил прикажан претходно помеѓу 1999 и 2004 година, но немало суштинско влијание врз главната надворешна политика на Грција. Новиот развој на настаните, на кој конзервативците биле горди, бил обидот да се изгради стратешко партнерство со Русија, базирана главно на енергетска соработка, која ставила одредена дистанца меѓу грчката Влада и САД.[952]

Грција имала водечка улога во регионот преку понудата за поддршка за нормализација на Балканот, со конструктивна работа заедно со САД. Целта била олеснувачка позиција во преговорите помеѓу Грција и Турција за стариот спор над Егејското Море, што понатака би можело да резултира со потребната поддршка за повторно обединување на Кипар. На крај останало отворено прашањето „Македонија“.

---

[949] Ружин, Нано. *НАТО во современите меѓународни односи. Скопје*. Скопје: Фондација „Фридрих Еберт“, 2010 (224-225)
[950] Ibid.
[951] Ibid.
[952] Arvanitopoulos, Constantine., Botsiou, Konstantina. E. *The Constantinos Karamanlis Institute for Democracy Yearbook 2010 Yearbook 2010*. Athenes: Springer, 2010 (88)

Овие заложби за интеграција на Западен Балкан изгледале неостварливи сѐ додека ги блокирала надежите за пристап на нејзиниот сосед од север. Продолжението на спорот ги поткопувал основите на балканската и пошироката надворешна политика на Грција. „Македонија" станала високо набиен и разгорен домашен проблем во Грција, потхранет со национализмот од Владата на ВМРО ДПМНЕ во Скопје.[953]

Свесна за губитокот на битката за името, после признавањето на уставното име на Република Македонија од страна на САД и Канада, како и на поголемиот број членки на ЕУ кои во билатералните односи со Република Македонија комуницирале со употреба на уставното име, грчката дипломатија станала поагресивна и поисклучителна. Атина била свесна дека со здобивањето на полноправниот стаус во НАТО и ЕУ, преговарачките позиции на Република Македонија би станале посилни.[954]

Грчката дипломатија настојувала да ги искористи сите епизодни превиди и гафови на македонските политичари и државни институции на тема: провокации и територијални претензии на Скопје кон Атина. Како мевлем ѝ се погодила засилената политизација на археолошките артефакти и антиквизацијата, што ја спровела десничарската Влада на ВМРО ДПМНЕ по 2007 година. Во проантичкиот занес на власта биле поставени античките статуи пред Владата на Република Македонија, аеродоромот во Скопје „Петровец" бил преименуван во „Александар Велики", Градскиот стадион во Скопје „Филип Втори", споменици и статуи на античките Македонци, преименување на неколку плоштади, институции, патни коридори и печатени едиции.[955]

Во текот на сите парламентарни и претседателски избори во периодот до 2008 година, прашањето за името било суштинска политичка непридобивка, бидејќи цврсто бил воспоставен неформален национален консензус за т.н. двојна формула. На предвремените парламентарни избори во 2008 година, организирани веднаш по Самитот во Букурешт каде Македонија не успеала да стане членка на НАТО, од очигледни причини ова прашање било на значајно место во кампањата.[956]

---

[953] Arvanitopoulos, Constantine., Botsiou, Konstantina. E. *The Constantinos Karamanlis Institute for Democracy Yearbook 2010 Yearbook 2010*. Athenes: Springer, 2010 (90)
[954] Ружин, Нано. *НАТО во современите меѓународни односи. Скопје : Фондација „Фридрих Еберт"*, 2010 (225)
[955] Ibid.
[956] Pendarovski, Stevo. *Macedonian foreign policy: 1991-2011, Aspects of integral legitimacy*. Skopje: Magor, University American Collage, 2012 (115)

Голем број домашни и меѓународни набљудувачи се согласиле дека решавањето на проблемот со името било од витално значење за зајакнување на кревкото чувство за индентитетот на Македонија, кое долго време било отворено оспорувано од трите нејзини соседи: Грција го оспорувала името на земјата и македонското малцинство на нејзината територија, Бугарија го доведувала во прашање самото постоење на македонскиот народ и неговиот посебен македонски јазик, додека Српската православна црква го негира автокефалниот статус на Македонската православна црква. Во исто време, албанската етничка заедница во земјата постепено ја подигнувала решетката во политичката игра и, се чини, фрустрирана од фактот што евроатланските интеграции биле закочени поради грчката блокада за проблем кој не им бил важен.[957]

Во 2008 година Грција практично ја блокирала интеграцијата на Македонија во НАТО на самитот во Букурешт. На 17 ноември 2008 година Македонија повела постапка пред Меѓународниот суд на правдата, тврдејќи дека приговорот на Грција на нејзината апликација за влез во НАТО ја прекршила Привремената спогодба од 1995 година меѓу овие две држави. Покрај тоа што Македонија ја добила пресудата во нејзина корист, интеграцијата на Македонија во НАТО и ЕУ се уште била блокирана од Грција.[958]

На изборите во 2009 година социјалистите повторно ја добиле власта, на чело со Георгос А. Папандреу. Новиот премиер се насочил кон надворешната стратегија. Грчката стратегија имала за цел градење политички капитал и сојуз на меѓународно ниво, помагајќи конструктивно на неговото соседство, главно Западен Балкан, преку членство во Европа, со цел подобро да се справи со Турција.[959]

Грција, во тој период преку, ангажирање на политички и неполитички механнизми, со употреба и злоупотреба на принципот на одлучување со консензус во мутилатералната дипломатија на НАТО и Европска Унија, го блокира приемот на Република Македонија во алијансата и го забавува утврдувањето на датумот за отпочнување на преговори на Република Македонија со Европската Унија. Овојпат

[957] Pendarovski, Stevo. *Macedonian foreign policy: 1991-2011, Aspects of integral legitimacy*. Skopje: Magor, University American Collage, 2012 (115)
[958] Daskalovski, Zhidas. *Clashing historical narratives and the Macedonian name dispute – solving the unsolvable*. Skopje: University of Kliment Ohridski, 2017 (329)
[959] Arvanitopoulos, Constantine., Botsiou, Konstantina. E. *The Constantinos Karamanlis Institute for Democracy Yearbook 2010 Yearbook 2010*. Athenes: Springer, 2010 (89)

барањата на Грција биле многу категорични: да се изнајде заемно прифатливо решение за името на Република Македонија за универзална употреба – *erga omnes*.[960]

После серизното заладување на билатералните односи за време на Владата на десницата, предводена од лидерот на Нова демократија, Караманлис во 2009-тата, власта ја освоила партијата на левицата ПАСОК, на чело со Папандреу, кој покажал поголемо разбирање и желба за затоплување на односите, незавино од спорот околу името. Република Македонија се надевала дека со левичарската власт на јужниот сосед ќе може полесно да изнајде компромисно решение кон евроатланските интеграции, како што тоа го направила за време на Самитот на Европската Унија во Солун во 2003 година, кога ги отворила европските перспективи на Република Македонија. Во овој миг неопходно било затоплувања на односите со Грција и покажување знаци на добра волја од страна на Република Македонија. Тоа било добро како за билатералните односи, така и за имиџот на Република Македонија во Европската Унија и НАТО.[961]

Грција била особено загрижена поради зголемото меѓународно влијание на Турција, под водство на Реџеп Таип Ердоган. На таа загриженост влијаеле решението на спорот со Ерменија, зголеменото вклучување на Турција на Блискиот Исток и привилегираниот однос со САД под водство на Барак Обама. Грција не можела да си дозволи да биде неактивна или конзервативна. Во првото странско патување во Истанбул, Папандреу го поставил камен-темелникот на неговата нова стратегија: заложбата на Грција за пристапување на целиот Западен Балкан во Европската Унија до 2014 година, на стогодишнината од избувнувањето на Првата светска војна. Во извесна смисла, Папандреу сакал да го оживее духот на Солун од 2003 година, за време на претседателството на Грција со ЕУ, кога силно лобирала за интеграција на земјите од Западен Балкан. Целта била амбициозна поради скептицизмот во многу европски престолнини за понатамошно проширување. Но, тоа било реално со оглед на големината на земјите и придобивките кои произлегувале од заживувањето на изгледите за пристапување.[962]

Во грчкото општество во овој период била забележана двојна реалност околу надворешната политика на Грција. Во исто време двете најголеми партии, ПАСОК и

---

[960] Ружин, Нано. *НАТО во современите меѓународни односи*. Скопје : Фондација „Фридрих Еберт“, 2010 (225-226)
[961] Ibid.
[962] Arvanitopoulos, Constantine., Botsiou, Konstantina. E. *The Constantinos Karamanlis Institute for Democracy Yearbook 2010 Yearbook 2010*. Athenes: Springer, 2010 (89)

Нова демократија, ја поддржале турската европска вокација, за разлика од тоа што 70% од Грците, според „The Economist“[963] и други анкети, остануваат непријателски настроени кон Турција и секаков вид турско членство во ЕУ. Така, како и во многу други западни демократии, постоела растечка дивергенција меѓу раководството на Грција и грчкиот народ.[964]

Следен проблем кој се надвиснувал бил потенцијалот за силно избувнување на криза од стилот на Имија. Грција биле повеќегодишна жртва на меѓународната политика и требало да ги стави високо на агендата одбраната и нејзините неотуѓливи права, наместо да биде активен и кредибилен играч. Стратегијата на Грција за интеграција и проширување во голема мера била зависна од ЕУ. Оваа стратегија пред сè била зависна од економската издржливост на Европа. Во време на економска стагнација, Европа ја грубила својата динамичност, оживеале протекционистичките инстинкти, интеграцијата станува потешка, европските граѓани се плашеле од невработеност и губење на социјалните бенефиции, а тоа придонесло за отпорност кон проширувањето. Грчката надворешна политика се наоѓала како заложник на пошироките трендови. Ефикасноста и корупцијата на грчката држава и нејзината јавна администрација останале како проблеми кои долго време му задавале грижа на грчкото општество.[965]

Грција била партнер на Европа и лидер во регионот и можела да игра конструктивна улога благодарение на сопствената историја, култура, географија, економија и меѓународна политика. Реформска Влада во Атина во овој период требала да ги искористи овие предности во корист на долгорочниот национален интерес на земјата во помирен и посоработувачки свет.[966]

Во однос на спорот за името, македонската страна тврдела дека тоа е името со кое мнозинството од населението на младата република се препознавало себеси, својот јазик, својата земја и своите предци. Македонските влади постојано ја уверувале Грција дека нема иредентистички аспирации. Имајќи го предвид тоа, владите предводени од ВМРО ДМПНЕ во изминатата деценија, продолжувајќи да ги уверува

[963] *„Better late than never“*, The Economist, 4 October 2005
[964] Arvanitopoulos, Constantine., Botsiou, Konstantina. E. *The Constantinos Karamanlis Institute for Democracy Yearbook 2010*. Athenes: Springer, 2010 (91–92)
[965] Ibid.
[966] Ibid. (92)

грчките влади и меѓународната заедница за нивната посветеност на неповредливоста на балканските граници често ја тестирале силата на симболични граници кои биле централни за спорот.[967]

Непопустливоста на Грција и оспорувањето на Македонија продолжувало со несмалено темпо. Нејзините ефекти биле очигледни: прогресивно отуѓување меѓу Грците и Македонците, потенцијал за радикализирање на сегменти од македонското население, етнички Македонци и Албанци подеднакво, поткопување на младата република, деградирање на јавната дебата и демократија во двете земји. Меѓународната заедница се обидела да го олесни компромисот меѓу страните, но нивните напори во голема мера биле одвоени од прагматиката во основата на спорот и честопати ја игнорирале сложената социјална динамика. Спорот за името со Грција се третирал како чисто билатерално прашање, кое требало да се реши во рамките на тековните преговори во ОН.[968]

## 4.1 Патот на независност: предизвици и перспективи

„...*Скопје нема апсолутно никакво право, ниту историско, ниту етничко, да го користи името Македонија. Нема историско право бидејќи Словените, кои го сочинуваат мнозинството од сегашното население на Републиката, првпат се појавиле во историјата на регионот во шестиот век од нашата ера, односно околу 1.000 години по периодот кога Александар Велики ја воспоставил Македонија како значаен дел од грчкиот свет. Нема никакво етничко право, затоа што сегашното население на оваа Република го сочинуваат Словени, Албанци, Роми и други етнички групи, сите ги почитуваме, се разбира, но никој нема никаква поврзаност со Македонците...*“[969]

– Самарас, 1993

Имено, уште во декември 1992 година францускиот претседател Митеран предложил проблемот на името *Македонија* да се решава по пат на меѓународна

[967] Sofos, Spyros. *Beyond the Intractability of the Greek-Macedonian Dispute. In M. Casule (Ed.)* Casule (Ed.), The Name Dispute Revisited. Skopje: Macedonian Information Center, 2013 (225)
[968] Ibid. (225 – 226)
[969] Rasku, Minna. *On the Border of the East and West. Greek Geopolitical Narratives*. Jyväskylä: University of Jyväskylä, 2007 (138)

арбитража. Според некои индиции од француски извори, божем се работело за француско-грчки проект за решавање на прашањето.[970]

Македонското прашање одиграло централна и често дефинирачка улога во меѓународната политика на Југоисточна Европа.[971] По распадот на комунистичките режими во Југоисточна Европа, Грција станала очигледен кандидат за улогата на водич на Балканот. Распадот на Југославија започнал со отцепување на Хрватска и Словенија на 25 и 26 јуни 1991 година. На 8 септември 1991 година се одржал референум во некогашната Социјалистичка Република Македонија (СРМ) за независност. Условите на Грција за признавање на новата држава биле (1) дека не треба да инсистира на ознака „Република Македонија“, (2) дека треба да се откаже од нејзините територијални претензии и (3) дека треба да го повлече своето тврдење за постоење на македонско етничко малцинство во Грција. Овие термини биле вклучени во одлуката на состанокот на министрите за надворешни работи на ЕЕЗ на 16 декември 1991 година ,за време на признавањето на Хрватска и Словенија од страна на Грција. Кон одлуката бил приложен став со кој се ограничувало признавање на републики кои имаат територијални претензии кон соседна држава, негување непријателска пропаганда или употреба на име што имплицира иредентистички претензии. На 17 февруари 1992 година, состанокот на министрите за надворешни работи на ЕЕЗ во Лисабон, под португалското претседателство, изготвил план за посредување, познат како „Пакет Пинеиро“, кој, меѓу другите мерки за градење доверба, божем го вклучувал и името „Нова Македонија“. „Пакетот Пинеиро“ бил отфрлен од двете страни, но состанокот во Лисабон бил најдобриот момент за Грција за преговарачко решение. Оттаму условите за решение се влошиле на штета на двете страни. Грција ја изгубила можноста да игра лидерски водич на Балканот, а Македонија – ПЈРМ изгубила во нејзиниот развоен пат.[972]

На состанокот на самитот во Единбург на 12 декември 1992 година, Михалис Папаконстантину, министер за надворешни работи, се заканил дека Грција ќе се повлече од заедничката декларација на ЕЕЗ за Југославија доколку не се потврди солидарноста. Преку привременото решение „ПЈРМ/ФИРОМ“, како што треба да биде

[970] Глигоров, Киро. *Македонија е сè што имаме* Скопје: Култура, 2002 (368)
[971] Tziampiris, Aristotle. *Greece, European political cooperation and the Macedonian question,* june 1991-december 1992. Ann Arbor: ProQuest LLC ,1999 (64)
[972] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester: Wiley-Blackwell, 2010 (177-178)

името користено во ОН од 1993 година, била пристигната Привремената спогодба од 1995 година, заобиколувајќи го прашањето за името.[973]

Грчкиот премиер Константинос Мицотакис, во однос на независноста на државата, одговорил на прилично умерен начин со нагласување дека ставот на грчката Влада во однос на даденото име што го користеле „жителите на југословенска Република Македонија“. И покрај негативнот став околу името на државата, неговиот говор овозможил значителен простор за преговарање и можен компромис. Изјавата на Мицотакис претставувала ран пример за неговата флексибилност на прашањето за името, но на крајот довело до конфронтација со Самарас.[974]

Грција сметала дека македонското име било главно средство за територијален и културен експанзионизам кој навлегувал на грчка територија. Континуираната употреба и злоупотреба од страна на Скопје на хеленската цивилизација и традиции, чија цел била да се промовираат експанзионистички цели и секоја понатамошна употреба на македонското име од независна држава *ipso facto* би значело територијални претензии против Грција. Терминот „Македонија“, доколку се користел во деноминацијата на Република Македонија (Скопје), било неприфатливо, бидејќи само по себе содржел експанзионистички поим со усвојувањето на македонското име и носело јасна порака дека јурисдикцијата на Републиката се протега на сите македонски провинции во соседните држави. [975]

Грчката Влада ја обвинувала Република Македонија за кршење на човековите права, за фалсификување на античката грчка историја, водење непријателска пропаганда и изнесување иредентистички тврдења. Според Грците, веројатно највознемирувачката практика би била неправедното присвојување на историјата на античките Македонци, каде во бројни публикации, карти и училишни учебници се тврдело дека не биле грчки. Република Македонија дополнително била обвинета за

[973] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester: Wiley-Blackwell, 2010 (177-178)
[974] Tziampiris, Aristotle. *Greece, European political cooperation and the Macedonian question*, june 1991-december 1992. Ann Arbor: ProQuest LLC ,1999 (99)
[975] Ibid. (134–135)

иредентистичка пропаганда, најчесто во форма на карти кои ја прикажувале македонска држава која опфаќала делови од Грција.[976]

Грчката Влада сметала дека Уставот на државата, усвоен на 20 ноември 1991 година, содржел иредентистички елементи. Поконкретно, Преамбулата на Уставот била спорна затоа што во неа се тврдела дека државата почива врз државно-правните традиции на Крушевската Република и историските одлуки на Антифашистичкото Собрание на Народното Ослободување на Македонија (АСНОМ). Крушевската република била поврзана со Илинденското востание кое, според териториите, опфаќа дел од современата грчка Македонија.[977]

Грција се спротивставила и на членот 3, бидејќи тој имплицирал промени кои можеле да се случат на територијата на ПЈРМ преку промена или анексија на нови територии. Со други зборови, се претпоставувало дека членот 3 предвидувал законско санкционирање на какви било идни анекси. Грчко несогласување имало за членот 49, кој гласел дека Републиката се грижи за статусот и правата на членовите на македонскиот народ во соседните земји. Ова било сфатено како повик за да се меша во грчката внатрешна политика и се сметало за провокација, со оглед на фактот дека Владата и сите поголеми политички партии не го признаваат постоењето на такво малцинство во нивната земја. На крај, спорниот елемент бил името на државата бидејќи името и историјата на Македонија биле составен дел на грчкиот идентитет.[978]

Во овој период имало масовни демонстрации во Солун, поврзани со прашањето за името на Република Македонија, исполнати со страст, патриотизам и национализам проследени од милион демонстранти. Демонстрациите во Солун испратиле јасен знак до властите, а воедно се постигнало учеството и поддршка на речиси една десетина од населението во земјата, за одредена позиција. Всушност, луѓето станале важни и активни актери во однос на политичката ситуација во Грција.[979]

Папаконстантину се обидел да го реструктуира курсот на грчката „македонска“ аргументација. Наместо да се зафати со историскиот аспект во спорот, министерот инсистирал дека поранешната југословенска републиката ќе мора да се откаже од

---

[976] Tziampiris, Aristotle. *Greece, European political cooperation and the Macedonian question*, june 1991-december 1992. Ann Arbor: ProQuest LLC ,1999 (83-85)
[977] Ibid.
[978] Ibid. (83-85)
[979] Ibid. (141)

својот иредентизам пред да биде одобрено признавањето од страна на ЕЕЗ и меѓународната заедница. Со тоа имало промена во курсот на политиката, која се занимавала со стабилизација во регионот, наместо да се делат лекции по историја. Во јануари 1993 година ЕЕЗ и Советот за безбедност на Обединетите Нации на маса го ставиле планот за градење доверба меѓу Атина и Скопје и предложиле прием на државата во ОН со привремено име „Поранешна Југословенска Република Македонија (FYROM/ПЈРМ)“.[980]

Грчкиот меморандум во врска со примената на Поранешна Југословенска Република Македонија за прием во ООН бил доставен до Генералниот секретар на 25 јануари, со што била извршена значителна промена во надворешно-политичкиот профил на Грција. Тука било наведено дека „апликантот не треба да биде примен во ООН пред да реши одредени отворени прашања неопходни за зачувување на мирот и стабилноста“. Комунистичкото минато на ПЈРМ ги зголемило европските грижи, со други зборови, регионалната стабилност не трабала дополнително да биде загрозена. По мачни преговори и дискусии, ООН ја презела улогата на посредување меѓу Атина и Скопје.[981]

На 14 мај бил предложен нацрт-меѓународен договор меѓу Грција и Македонија – ПЈРМ, предложен од Сајрус Венс, во својство на претставник на генералниот секретар на ОН Бутрос Бутрос Гали во Југославија и од Лорд Овен, кој бил предаден на двете страни. Нацртот се состоел од шест поглавја кои прво се однесувале на „Пријателските односи и мерки за градење доверба“.[982]

Во однос на Република Македонија, Владата на Мицотакис се насочила кон прилично умерена политика преку договарање средби меѓу претставници на Грција и на Министерствата за надворешни работи на новата република, чија цел била да го решат спорот и одржувањето на умерена и флексибилна позиција за прашањето за името. Иако името што се состоело исключиво од зборот „Македонија“, било јасно

[980] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester: Wiley-Blackwell, 2010 (179)
[981] Ibid.
[982] Ibid.

отфрлено, опцијата за компромисно име поврзана со географската локација на ПЈРМ (т.е. Горна Македонија или Северна Македонија) доследно се спроведувала.[983]

За разлика од Мицотакис, Глигоров бил преокупиран со политичката цена за усвојување сложено име, кое исто така повлекувало ревизија на Уставот. За повеќето други аспекти на нацрт договорот, се чинело дека двете страни се договориле. Глигоров истакнал дека, и покрај приговорите, постигнат бил значителен напредок што водел кон решение со преговори. Во тој момент Самарас, кој поднел оставка од владејачката Нова демократија, ја објавил својата намера да ја мобилизира својата поддржувачка маса во Парламентот и да ја урне Владата ако Мицотакис се согласел на име кое го вклучува терминот „Македонија“.[984]

Во тој период бил актуелизиран предлогот „Нова Македонија“. Мицотакис во неколку наврати експериментирал со двојни имиња – едно под кое би се признала таа држава, а друго кое би го користела самата држава. Соочен со ултиматумот од Самарас, Мицотакис го отфрлил компромисот „Нова Македонија“ и ја оживеал ознаката „славомакедонска“, која веќе била одбиена од Скопје. Изборите одржани на 10 октомври 1993 година на ПАСОК му донеле близу 47% од гласовите и 170 пратенички места, додека Нова демократија загубила со 39,3% од гласовите и 111 пратенички места. Мицотакис поднел оставка од раководството на партијата, а функцијата ја презел Милтиадес Еверт. Откако ги загубил изборите во 1996 година, во 1997 година бил заменат од Костас Караманлис, имењак и внук на основачот на партијата Нова демократија.[985]

Ставот на Самарас кон спорот бил прилочно остар и непопустлив. Со писмото кое го испратил до своите колеги од ЕПС на 17 јануари 1992 година, тврдејќи дека зборот *Македонија* мора целосно да се исклучи од името на ПЈРМ. Во тој момент ова било максималистичка и преговарачка позиција на неговата Влада. По завршувањето на вториот совет на 13 април 1992 година, заклучено било дека тие позиции се тешко

---

[983] Tziampiris, Aristotle. *Greece, European political cooperation and the Macedonian question*, june 1991-december 1992. Ann Arbor: ProQuest LLC ,1999 (216)
[984] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester: Wiley-Blackwell, 2010 (180)
[985] Ibid.

остварливи и не можело да се преговара. Понатака следело отфрлање и на „Пакетот Пинеиро“, според кој новата република би била именувана како „Нова Македонија“.[986]

Последователен напор на ЕПС, спроведен од пензионираниот британски амбасадор Робин О'Нил под покровителство на претседателството на неговата земја, ја доживеал истата судбина. Неговиот извештај предложил да се усвои името Македонија (Скопје) за ФИРОМ/ПЈРМ, што било спротивно на одлуката од 13 април. За време на состанокот на ЕПС во Единбург, во декември 1992 година, министерот за надворешни работи Михаис Папаконстантину не само што го отфрлил извешајот на О̓ Нил, всушност се заканил дека ќе стави вето на заклучоците на состанокот за Југославија. Политиката на несоработка не била ограничена само на прашањето за името на Република Македонија. Последователно се водела подиректна конфронтација со наметнување на ембарго за нафта против новата република во август 1992 година. Политиката за етикетите и заканите за запечатување на границите го илустрирале степенот на грчката конфронтација, чија цел била сериозно да ја оштети и онака кревката економија на Република Македонија.[987]

Во периодот помеѓу средината на јануари и декември 1992 година имало кооперативни одлуки, а нивниот обем и значење биле прилично ограничени. Во овој период грчката надворешна политика кон поранешна Југославија била насочена кон актуелизирање на македонското прашање. Вториот чекор од овој период, што може да се смета за кооперативен, бил да се вклучи предлогот за формулата за двојно име. Нејзината кооперативна природа била намалена поради конзистентноста на претходните одлуки. Оваа политика која ја водела Грција директно влијаела врз безбедноста на ПЈРМ за да се обезбеди финансиска помош.[988]

Внатрешно-политичкиот развој на настаните влијаел врз текот на процесите во надворешната политика, особено прашањето со Република Македонија. Мицотакис не бил во состојба да биде доследен кон своите позиции во однос на надворешната политика, поради притисокот од Самарас и Папандреу, дополнително проследен со

[986] Tziampiris, Aristotle. *Greece, European political cooperation and the Macedonian question*, june 1991-december 1992. Ann Arbor: ProQuest LLC ,1999 (217)
[987] Ibid. (218)
[988] Ibid.

слабото мнозинство во Парламентот. Во овој контекст можело да се заклучи дека било тешко да се менаџира ваков тип билатерален спор во услови на поларизираност на политичката клима, емотивност во прашањата за дискусија, подгреани со вклучување на националниот интерес и идентитет, проследени со нестабилност на домашната политичка сцена и нестабилна Влада.[989]

Членството во Западноевропската Унија било од голема важност, бидејќи било поврзано со најзначајната безбедносна закана на Грција која произлегува од Турција. Надежта се базирала за да се добијат дополнителни безбедносни гаранции и евентуална помош во случај на конфликт со соседната држава. Економските аспекти на надворешната политика не биле за занемарување, бидејќи надоместокот за штетите на националната економија се должела на војна во Југославија. Грчката надворешна политика може правилно да се образложи со сериозно преземање предвид три фактори: јавното мислење, улогата на лидерот и интеракција помеѓу лидерот и општеството / јавното мислење. Последователни настани, како што биле демонстрациите во Солун и Атина, бојкотот на италијанските и данските производи, како и тврдокорната непреговарачка позиција за прашањето за името, ја потврдувале насоката на движење на надворешната политика во овој период. Масовните демонстрации и народните чувства, како и начините на кои тие влијаеле врз грчката надворешна политика, заслужувале дополнително внимание.[990]

Појавата на масовни демонстрации не биле ретки или невообичаени во современата грчка историја. Според историографски податоци, ваков тип демонстрации на народните маси биле забележани за време на Првата светска војна и Блаканските војни, а подоцна во периодот на кипарското прашање. Во услови на пораст на национализмот, била намалена можноста за соработка и изнаоѓање компромис, а, во конкретниот случај, македонското прашање доволно ги подгреало народните маси и предизвикало дополнителен револт, охрабрени од Грчката православна црква, истакнати интелектуалци, политичари и медиуми.[991]

Според Папандреу, постапките на Мицотакис ги покажуваат неговите популистички тенденции. Во периодот после февруари 1992 година, лидерот на

---

[989] Tziampiris, Aristotle. *Greece, European political cooperation and the Macedonian question*, june 1991-december 1992. Ann Arbor: ProQuest LLC ,1999 (219)
[990] Ibid. (230-231)
[991] Ibid. (232–233)

ПАСОК целосно го напуштил ставот на релативна воздржаност, флексибилност и умереност, а вовел тврд став за прашањето за името. Иако се чинело дека верувал во позициите што ги застапувал, стилот и начинот на неговото противење не биле секогаш конструктивни и корисни во креирањето на надворешната политика на земјата.[992]

Спротивно на Папандреу, Папаконстантину имал за цел да ја промени природата и тонот на надворешната политика на неговата земја. Како прагматичар и еден од ретките грчки политичари со големо познавање на македонското прашање, веднаш се откажал од акцентот на античката историја. Немајќи никакви дополнителни политички амбиции, неговата цел била да постигне решение во рамките на ЕПС. Внатрешната политика го оневозможила секој таков развој, а Папаконстантину дури бил принуден да стави вето во ЕПС за одлуката за Југославија. Неговото политичко искуство подобро било прикажано за време на последователниот обид на Република Македонија за признавање од ОН, тоа било епска битка и спротивно на очекувањата на Грција.[993]

Мицотакис, еден од најискусните и најконтроверзните грчки политичари, на крајот бил одговорен за надворешната политика што ја водела Грција кон поранешна Југославија и Република Македонија. Мицотакис пред сè настојувал кон трајно решение на спорот за името и најголем дел од неговите напори се насочени кон постигнување на оваа цел. Тој го искористил моментот во Лисабон, на 26 – 27 јуни 1992 година, со цел да се обезбеди компромис врз основа на двојната формула за името, но се нашол во незавидна положба поради тенкото парламентарно мнозинство кое постојано било загрозено од Самарас и неговите сојузници, а со тоа и компромисот бил невозможен. секој нареден компромис би бил отфрлен од следната Влада. Во период кога Мицотакис барал решение, Самарас ја „славел“ победата.[994]

Во интервјуто со универзитетскиот професор Васко Наумовски  и на прашањето дали одлуката на Глигоров за додавање на референцата Поранешна Југословенска Република Македонија беше исправна за да може Македонија да стане дел од ООН, тој истакна: „Тоа беше одлука на Советот за безбедност на ОН и беше една резолуција која

[992] Tziampiris, Aristotle. *Greece, European political cooperation and the Macedonian question*, june 1991-december 1992. Ann Arbor: ProQuest LLC ,1999 (236-238)
[993] Ibid.
[994] Ibid.

имаше за цел да го отвори патот за нашето членство во ОН и истовремено да ги поттикне двете страни да најдат едно заемно прифатливо решение за разликата околу името“.[995]

Според професорот Наумовски: „Тогашното политичко раководство, соочено со многубројни конфликти во соседството, имаше за цел да го зачува мирот и стабилноста на државата и веројатно проценката била дека е подобро да се создаде некаква ситуација во која Македонија е сепак членка на ОН, иако и се обраќаат на таков начин, отколку да се остане надвор од ОН во едно опкружување на конфликти и војни. Не треба да заборавиме дека оваа референца не беше ново име на државата, ние не бевме преименувани, ниту ОН има таква надлежност. Тоа беше само начин на обраќање внатре, во ОН. Тоа што подоцна тоа беше претворено во некаков нов начин на обраќање дури и во други меѓународни организации и нашиот прием се одвиваше под тоа име, сметам дека е грешка на тогашната македонска дипломатија и истовремено во истата таа резулуција ние бевме повикани да изнајдеме едно решение за разликата којашто постои околу името, а не бевме обврзани да го смениме името на државата, но исто така сите чекори што следеа потоа подоцна сметам дека можеа да се изведат на еден поинаков начин и да имаме еден подобар краен разултат“.[996]

Разединетоста меѓу премиерот Мицотакис и министерот за надворешни работи, Андонис Самарас околу Македонија во 1992 година, довело до разрешување на Самарас и колапс на краткотрајната Влада на НД. Како одговор Самарас основал своја партија, Политичка пролет, а на изборите во 1993 година добил 5% од гласовите и со тоа обезбедил 10 места. ПАСОК се вратиле како победници, а Папандреу се вратил на власт. Иако ги критикувал мерките за штедење претставени од претседателот, Папандреу започнал со економски политики за намалување на огромниот грчки долг и стекнување контрола врз инфлацијата, сѐ со цел подготовка за влез во Европската монетарна унија (ЕМУ).[997]

Во февруари 1994 година, Папандреу најавил блокада на Македонија поради прекршување на законите на заедницата, а Комисијата на ЕУ се пожалила на Европскиот суд на правдата. Прашањето го достигнало својот врв во 1995 година, кога

[995] *Интервју со проф. д-р Васко Наумовски*, 30.05.2023, Правен факултет „Јустинијан Први“. Скопје, 11 часот
[996] *Интервју со проф. д-р Васко Наумовски*, 30.05.2023, Правен факултет „Јустинијан Први“. Скопје, 11 часот
[997] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn*. Oslo: University of Oslo, 2014 (66)

грчкиот Министер одбил да присуствува на церемонијата за комеморација на 50-годишнината од ослободување на концентрациониот логор Аушвиц, бидејќи македонското знаме требало да се вее заедно со знамињата на другите земји, кои исто така загубија државјани во кампот на смртта. Односите се подобриле во 1995 година и Грција на крајот се согласила да ја укине блокада.[998]

Следен чекор бил сеопфатен пакет артикли кои би довеле до билатерален договор, различен од оној кој датирал од пролетта 1993 година во Њујорк.[999] После одбивањето од страна на Глигоров, предложено било посредување од емисар на генералниот секретар на ОН, со помош на специјалниот пратеник на Клинтон, Метју Нимиц, кој продолжил со посредувањето. Ембаргото повлекло големо меѓународно внимание. Како што се зголемувал странскиот притисок врз Грција, Глигоров првично се оддалечил од решението преку преговори. Убеден дека времето било на негова страна, Глигоров продолжил со консолидација на својата позиција и внатрешна надмоќ на неговите „славомакедонци “ над другите малцинства. Незадоволството на големиот албански елемент во Република Македонија добил форма на насилна пресметка со полицијата во зимата 1995 година и особено во 2001 година, што довеле до воен конфликт и Охридскиот договор.[1000]

На почетокот на 1994 година Папандреу избрал да воведе сосема нов фактор во „македонската дебата“. Американското признавање на Република Македонија во февруари го убедило Папандреу дека мултилатерализмот пропаднал, затоа што Грција била изолирана од повеќето нејзини западни сојузници. Враќањето на билатералните разговори за постигнување договор можеби би ѝ овозможиле на Грција да ги искористи своите предности во регионот. На 16 февруари грчкиот премиер ја прогласил одлуката за „прекинување на транспортот на стоката до и од Скопје преку пристаништето во Солун, со исклучок на стоки од хуманитарни причини, како што се храна и лекови“.[1001]

Грчкото ембарго покренало бура од протести на Запад, се зголемило и меѓународното внимание, а Грција сметала дека има стекнато одреден статус за

[998] Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn*. Oslo: University of Oslo, 2014 (66)
[999] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester: Wiley-Blackwell, 2010 (181)
[1000] Ibid. (182)
[1001] Veremis, Thanos. *The Modern Balkans: A Concise Guide to Nationalism and Politics. The Rise and Decline of the Nation State*. London: LSEE Research on South Eastern Europe, 2015 (218)

договарање во идните преговори со северниот сосед. Папандреу му предложил на Глигоров понуда за укинување на ембаргото, со бришење на античко-македонската ѕвезда (сонце) од знамето на Република Македонија. Следниот чекор би бил сеопфатен пакет на ставки што би довеле до билатерален договор. Позицијата на Грција на почетокот на 1995 година била незавидна. Благодарение на ембаргото, Република Македонија привлекла симпатии ширум светот, што ја заматила вистинската природа на проблемот, а решението било уште поодалечено. Барајќи ги корените на словенско-македонскиот иредентизам, меѓународното внимание се насочило кон самото ембарго. Како што се зголемувал странскиот притисок врз Грција, Глигоров првично се оддалечил од решението со преговори.[1002]

Поради влошената здравствена состојба и општествената ситуација на 17 јануари 1994 година, под притисокот на високите фигури на ПАСОК, Папандреу си поднел оставка. За нов премиер бил избран Костас Симитис.

Во текот на 1995 година односите на Грција со нејзиниот северен сосед значително се подобриле. Атина и Тирана ги продолжиле билатералните односи откако претседателот Бериша ги ослободил затворените членови на грчкото малцинство („Омонија“), бугарскиот премиер Виденов ја покажал својата добра волја кон Грција, а решението за ќорсокакот со Република Македонија бил издигнат високо на агендата. Помошникот државен секретар Ричард Холбрук се обидел да го расчисти метежот меѓу Атина и Скопје, а Сајрус Венс ги истакнал понудите до двете страни како емисар на ОН.[1003]

На 13 септември 1995 година во Њујорк била потпишана Привремена спогодба од грчкиот министер за надворешни работи Каролос Папуљас, неговиот колега од Република Македонија, Стево Црвенковски и Сајрус Венс, како специјален пратеник на генералниот секретар на ОН. Договорот од самиот почеток се сметал за привремен, по кој ќе следело трајно решавање на името на Република Македонија. Грција се согласила да ја признае државата и да го укине ембаргото во замена за ѕвездата или сонцето од Вергина да се изостави од знамето на Република Македонија. Новото знаме

[1002] Veremis, Thanos. *The Modern Balkans: A Concise Guide to Nationalism and Politics. The Rise and Decline of the Nation State*. London: LSEE Research on South Eastern Europe, 2015 (219)
[1003] Ibid. (220)

го задржува „сонцето" како национален симбол, но во нова форма која едвај наликувала на античките обележја на македонските кралеви.[1004]

Привремената спогодба предвидувала и уставни амандмани, со кои Република Македонија се оградила од иредентистичките аспирации кон Грција. Договорот предизвикал помалку контроверзии во Грција отколку што се очекувало. Обидот за атентат врз претседателот Глигоров во октомври 1995 година во Скопје ги одложил разговорите за новото име.[1005]

До пролетта 1996 година, Владата на Костас Симитис била преокупирана со турските предизвици за суверенитетот на Грција на Егејските Острови, додека проблемот со Република Македонија се одолговлекувал.[1006] Иако трговските односи меѓу двете држави продолжиле непречено по Привремената спогодба, Грција верувала дека само конечен договор за името на државата ќе им помогне на државите кон добрососедски односи, а со тоа би придонесле кон демократија и почитување на човековите права, отколку на националистичките и иредентистичките аспирации.[1007]

Глобализацијата и европеизацијата во 2000-тите ѝ помогнале на Грција да процени прво порационално, а потоа прагматично, во однос на прашањето за името со тоа што влијаела на меѓународната сцена. За таа цел тајмингот на евроатлантските интеграции и самиот процес поттикнат од САД и ЕУ бил катализатор. Моргентау тврдел дека „нацијата може да има само рационално гледиште за својата националност".[1008]

Додека грчкиот министер за надворешни работи ги подобрувал односите со Албанија и Бугарија, со Република Македонија немало позитивен прогрес. Откако го убедила Западот дека ранливата држава заслужува ексклузивно внимание и сочувство, Глигоров ги занемарил домашните приоритети, што набрзо довеле до судир со сопственото албанско малцинство. Незадоволството на Албанците во Република

[1004] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester: Wiley-Blackwell, 2010 (182)
[1005] Veremis, Thanos. *The Modern Balkans: A Concise Guide to Nationalism and Politics. The Rise and Decline of the Nation State*. London: LSEE Research on South Eastern Europe, 2015 (221)
[1006] Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester: Wiley-Blackwell, 2010 (183)
[1007] Veremis, Thanos. *The Modern Balkans: A Concise Guide to Nationalism and Politics. The Rise and Decline of the Nation State*. London: LSEE Research on South Eastern Europe, 2015 (221-222)
[1008] Kechagiaras, Yannis. *Why did Greece block the Euro-Atlantic integration of the Former Yugoslav Republic of Macedonia*? An Analysis of Greek Foreign Policy Behaviour Shifts. Hellenic Observatory European Institute, LSE, 2012 (34)

Македонија добило форма на насилна пресметка со полицијата во зимата 1995 година и особено во 2001 година, што довело до воен конфликт и потпишување на Охридскиот договор меѓу Македонците и Албанците од Република Македонија.[1009]

Стабилизирачката улога и позиција на Грција за време на етничката криза во Република Македонија помеѓу Македонците и Албанците во 2001 година било успешен момент и за грчката балканска дипломатија. Според Сербос, Грција го поддржувала територијалниот интегритет на Република Македонија за време на преговорите што довело до потпишување на Охридскиот договор, а подоцна и нејзино учество во обидот да се постигне мир под покровителство на НАТО. Оваа евидентна промена на ставот на Грција кон северниот сосед го означила иницирањето на нејзината клучна двојна улога во регионот и како стабилизаторски фактор за балканските држави и промотор на европеизацијата во регионот.[1010]

Во овој период Грција започнала да ја користи и искористува ЕУ како фактор на стабилизација, што можело да придонесе и за решавање на „трнливиот“ проблем со името. Република Македонија го потпишала Договорот за стабилизација и асоцијација со ЕУ во 2001 година, а грчкиот Парламент го ратификувал две години подоцна. Скопје во 2004 година поднело барање за пристапувањето во ЕУ, а Европскиот совет му доделил кандидатски статус во 2005 година.[1011]

Администрацијата на Симитис била заменета со Владата на Костас Караманлис во 2004 година. Стратешкиот избор на Грција да ја искористи политиката на проширување на ЕУ како апарат на сопствената надворешна политика, останала непроменета. Иако меѓународното опкружување не изгледало поволно за Грција – со оглед на бројните признанија на Уставното име на Република Македонија – грчката дипломатија успеала инкорпорирање на регионалната соработка и добрососедските односи, како суштински елемент за курсот на ЕУ кон Република Македонија. Грција немала да го одобри членството во ЕУ пред да се реши проблемот со името.[1012]

---

[1009] Veremis, Thanos. *The Modern Balkans: A Concise Guide to Nationalism and Politics. The Rise and Decline of the Nation State*. London: LSEE Research on South Eastern Europe, 2015 (220)
[1010] Panagiotou, Ritsa. Valvis, Anastasios I. *How is the sovereign debt crisis affecting Greece's relations with the Balkan countries and Greece's standing in the region? An initial impact assessment*. Athens: Hellenic Foundation for European & Foreign Policy (ELIAMEP) – South East European programme, 2014 (31)
[1011] Ibid.
[1012] Ibid.

Во декември 2009 година Советот за општи работи ја одбил препораката на Комисијата. Советот ја имал предвид грчката позиција и повторил дека добрососедството, вклучително и изнаоѓање заемно прифатено решение во прашањето за името, останале суштински. Во меѓувреме администрацијата на Караманлис малку ја изместила грчката позиција за проблемот со името. Грција се откажала од претходниот став за ексклузивна употреба на терминот „Македонија“.[1013]

Владата на Нова демократија практично тргнала кон двоен пристап на одржување на одделни дипломатски патеки во ОН и ЕУ. Грција го засилила својот преговарачки капацитет преку одлуките на ЕУ за продолжување на добрососедските односи и на тој начин специјалниот посредник на ОН бил принуден да ги земе предвид. Исто така, Грција ја следела политиката и во однос на преговорите со НАТО. Во 2008 година, за време на самитот на НАТО и без Грција технички да го изрази своето право на вето, грчката позиција ја навела Алијансата да бара затворање на прашањето за конечно решение за спорот со името пред да дозволи Република Македонија да стане членка на НАТО.[1014]

Грција била осудена од Меѓународниот суд на правдата во Хаг две години пред блокадата на кандидатурата на Република Македонија за членство во НАТО во 2008 година, со што била прекршена Времената спогодба од 1995 година меѓу двете земји. Со оглед на тогашните политички турбуленции, ситуацијата во Грција постепено се влошувала.[1015]

Објавувањето на мемоарите на Киро Глигоров дополнително ги подгреале намерите на скриената агенда на неговата земја. Иако владите на Република Македонија промовирале слика на мирна држава, тие го привлекле меѓународното внимание со тоа што го прикажуваат својот ентитет со мапи од три Македонии (грчка, бугарска и таа на Република Македонија) обединети во една земја. Глигоров не го криел овој став: „Имаме веќе постигната слобода на една третина од Македонците, тие кои живеат во Вардарскиот дел“. Оваа теза додатно го отвора прашањето за Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија и слободните и делумно ослободените луѓе. Никола

[1013] Panagiotou, Ritsa. Valvis, Anastasios I. *How is the sovereign debt crisis affecting Greece's relations with the Balkan countries and Greece's standing in the region? An initial impact assessment*. Athens: Hellenic Foundation for European & Foreign Policy (ELIAMEP) – South East European programme, 2014 (31)
[1014] Ibid.
[1015] Ibid. (37)

Груевски, претседател на партијата ВМРО-ДПМНЕ кој станал премиер на Република Македонија во 2007 година, негувал политика која дополнително се повикувала на такви тврдења. Грчката министерка за надворешни работи, Дора Бакојани, ставила вето на членството на Република Македонија во НАТО во Букурешт 2008 година.[1016]

После долгогодишна инерција, прашањето за името повторно се појавило со своите иредентистички барања од минатото. Поранешниот претседател Киро Глигоров успеал да преовладува над грчките приговори во врска прашањата, кои во тој период биле клучни за напредокот на државата. Премиерот Груевски сепак не успеал да извлече корисна поука од тој успех.[1017]

Општите избори во Грција на 4 октомври 2009 година означиле одлучувачка политичка промена, а ПАСОК успеал да оствари победа и да ја формира новата грчка Влада. Грчката катастрофална економска и финансиска состојба се продлабочувала од ден на ден. Покрај состојбата на економски план, новата администрација тежнеела и кон враќање на домашниот и меѓународен кредибилитет. Со стапувањето на функцијата во октомври 2009 година, Папандреу истакнал дека има три регионални прашања од особен интерес за Грција: односите со Турција, Кипар и развојот на настаните на Балканот, источниот и западниот дел, вклучувајќи го и т.н. „прашање за името" со ПЈР Македонија.[1018]

Промената на власта во Грција и стабилната Влада во Република Македонија понудиле една нова надеж за решавање на проблемот со името. Под овие прилично поволни политички услови, можело да се создаде простор за нови иницијативи. Двајцата премиери се сретнале двапати и искажале подготвеност да инвестираат во политичкиот капитал во подобрување на билатералните односи, експлицитно вклучувајќи ја и долгогодишната контроверзност околу името на Република Македонија. Фокусот на овие иницијативи го нагласувале тоа дека двете земји треба да седнат на преговарачка маса, заедно со другите учесници во процесот, како што биле Обединетите нации, Европската Унија и Владата на САД.[1019]

[1016] Veremis, Thanos. *The Modern Balkans: A Concise Guide to Nationalism and Politics. The Rise and Decline of the Nation State*. London: LSEE Research on South Eastern Europe, 2015 (223–224)
[1017] Ibid.
[1018] Bastian, Jens. *Greece in Southeast Europe Political Opportunities and Economic Challenges*. Berlin: Friedrich-Ebert-Stiftung, International Policy Analysis, 2010 (2)
[1019] Ibid.

При посетата на Атина, во ноември 2009 година, од страна на генералниот секретар на ОН Бан Ки Мун, тој истакнал дека изборот на новата Влада во Атина треба да го отвори патот за рестартирање на преговорите во рамките на покровителство на посредникот на ОН г. Метју Нимиц. Со оглед на тоа што прашањето за името било нерешено повеќе од 15 години, очекувањата дека може да се постигне непосреден напредок бил премногу оптимистичко сценарио.[1020]

Во овој период имало процес на идентификација колкава волја за иновативно решение постои меѓу политичкото раководство на двете земји по промената на власта во Атина. Премиерот Папандреу се сретнал со своите колеги Никола Груевски и Сали Бериша на разговори за животната средина, кон крајот на ноември 2009 година во Националниот парк „Преспански езера“ во Грција. Официјално, целта на средбата била да се разговара за можното започнување на заеднички иницијативи за зачувување на регионот на Преспанското Езеро, кој зазема територија што ја делат сите три земји.[1021]

Претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов, го поканил својот грчки колега, Каролос Папуљас, на прва официјална посета на Скопје во ноември. Дотогаш немало претседател од Грција кој официјално ја посетил соседната држава. Во писмото до претседателот Папуљас, Иванов напишал дека: „има повеќе работи што нѐ поврзуваат и нѐ доближуваат едни до други отколку работите што нѐ разделуваат“. Иванов истакнал дека длабоко бил убеден во тоа дека како шефови на две соседни држави, дефинитивно ќе обезбедат дополнителен импулс за зајакнувањето на пријателските односи, но од грчка страна поканата не била прифатена.[1022]

За време на Самитот на НАТО во Чикаго во 2012 година, Република Македонија се обидела уште еднаш да ги искористи предностите на грчката слабост со дипломатски притисок за дискусија за нејзиниот пристап во НАТО без решение на проблемот со името. Други членки на Алијансата ги одбиле тие барања. Економската ситуацијата во Грција ја изменила политичката тактика за прашања од „национална“ важност, како што бил спорот за името. Атина усвоила домашна непопуларна позиција за прашањето за името, со напуштање на претходниот став во однос на ексклузивната употреба на терминот „Македонија“. Позицијата на Грција била зајакната со фактот

[1020] Bastian, Jens. *Greece in Southeast Europe Political Opportunities and Economic Challenges*. Berlin: Friedrich-Ebert-Stiftung, International Policy Analysis, 2010 (2)
[1021] Ibid. (3)
[1022] Ibid.

што раководството на Република Македонија избрало да користи националистичка реторика која ја изолирала од земји-членки на ЕУ. Грчките власти граделе канали за комуникација со албанските политички партии во Република Македонија (особено со ДУИ, албанска партија која учествувала во владината коалиција), со цел да се изрази волјата да се направат понатамошни чекори кон конечното решение и, од друга страна, да се изврши притисок врз партијата на Груевски, со што се открива националистичкиот став кој го поткопувал секое потенцијално подобрување. Затоа Грција чекала чин на добра волја од страната на Република Македонија, што ќе го отвори патот за конечен договор со цел да се постигне конечно решение и да ѝ се дозволи влез во ЕУ и НАТО.[1023]

## 4.2 Дваесет и седумгодишниот преговарачки процес

„*Никогаш да не преговараме од страв. Но, никогаш да не се плашиме да преговараме*“.[1024]
– Џон Ф. Кенеди

Популаризацијата на македонското прашање во 1990-тите во Атина и во Скопје придонесла за неконтролиран и помалку предвидлив исход на спорот, за разлика од периодот кога стручни лица од грчките и југословенските министерства се обидувале да изнајдат решение. Политичарите во двете држави станале заложници на јавноста, што несвесно биле поттикнати на такви акции. Решението на ваквиот спор бил невозможен сè додека самото општество не ја надраснело националистичката фаза во својот заостанат развој.[1025]

Проценката на елементите на спорот меѓу Грција и Република Македонија можеле да бидат од помош за да се разјасни степенот на историските компоненти на македонското прашање, кои биле измешани со актуелните геополитички и стратегиски нужности заради формулирање на прашањата на спорот. Двете страни сигурно

[1023] Panagiotou, Ritsa. Valvis, Anastasios I. *How is the sovereign debt crisis affecting Greece’s relations with the Balkan countries and Greece’s standing in the region? An initial impact assessment*. Athens: Hellenic Foundation for European & Foreign Policy (ELIAMEP) – South East European programme, 2014 (38)
[1024] *John F. Kennedy*, пристапено на: 11.10.2022, https://www.azquotes.com/quote/156200
[1025] Veremis, Thanos. *The Modern Balkans: A Concise Guide to Nationalism and Politics. The Rise and Decline of the Nation State*. London: LSEE Research on South Eastern Europe, 2015 (224)

покажале неколку знаци за доаѓање до компромис околу овие прашања, но честопати ситуацијата дополнително се разгорувала.[1026]

Во ноември 1991 година Република Македонија усвоила нов Устав кој содржел клаузули кои Грција ги сметала за непристојни. Во Преамбулата на Уставот се нагласува неговиот идеолошки афинитет кон принципите на Крушевската Република (1903 година) и на Антифашистичкото Собрание на Народното Ослободување на Македонија (АСНОМ од 1944 година), кои се сметаат за прв чекор кон создавање независна „македонска нација“.[1027] Во овие декларации директно се повикувало на анексија на македонска територија која им припаѓа на Грција и Бугарија и на отпорот на народот против балканските империјалисти кои ја поделиле Македонија во почетокот на XX век.[1028]

Едно од главните оружја во билатералната борба на пропагандната било проблематичното прашање за постоењето на македонско малцинство во грчка Македонија. Политиката на Атина во последните пет децении била насочена кон негирање на постоењето на такво малцинство. Особено по независноста, Република Македонија постојано го покренувала ова прашање на меѓународни форуми, барајќи Грција да ги почитува основните човекови права на ова малцинство и да го признае нивниот „македонски“ статус. Постоењето на македонско малцинство во Грција станало едно од главни прашања во последователниот период, особено тоа било наметнато од Скопје за да го искористи во преговорите со Атина.[1029]

Во однос на противењето на грчката Влада за признавање на Република Македонија, сведочело писмото на министерот за надворешни работи на Грција Андонис Самарас до партнерите на ЕЗ од 10 јануари 1992 година, во кое било наведено: „Не понудија доволно гаранции, уставни или други, за да обезбедат дека нема да имаат територијални претензии. Продолжуваат да вршат непријателска пропаганда, дури и во овој критичен момент пред нивното признавање. Не направија никаков обид да изнајдат соодветен назив за нивната идна независна Република“.[1030]

---

[1026] Floudas, Demetrius Andreas. *Pardon? A Conflict for a Name? FYROM'S dispute with Greece revisited; The New Balkans*. New York: Columbia University Press, 2002 (5)
[1027] Ibid.
[1028] Ibid.
[1029] Ibid. (6)
[1030] Митев, Оливер. *Создавање на независна Република Македонија*. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, 2015 (77 – 78)

Еден од најистакнатите грчки функционери во тој период, Константин Караманлис, на 26 февруари 1992 година испратил нота од три страници до грчкиот министер за надворешни работи, во кој тврдел: „Босна и ФИРОМ не се одржливи држави. Според Караманлис, распадот на Југославија создаде голема криза во Европа. Независноста на само два нејзини делови, Словенија и Хрватска, резултирала со многу човечки жртви и материјално уништување. Зачувувањето на нивната независност била скапа и барала големи напори – најголеми мировни сили во историјата на ОН. Меѓутоа, проблемите предизвикани од релативно бенигни случаи во Словенија и Хрватска избледеа во споредба со многу посериозните последици од брзото признавање на независноста на Босна и ФИРОМ без соодвени предуслови. Етничкиот состав и географската дистрибуција на нивното население сочинуваат експлозивна мешавина и одржливоста како држави е доведена во прашање“.[1031]

Во април 1992 година Собранието на Република Македонија одлучило да поднесе Пријава за прием на Република Македонија за членство во ОН. Истата година Грција не успеала да ја издејствува својата позиција во Европската комисија, а на 27 јуни 1992 година успеала да ја обезбеди т.н. Лисабонска декларација, во која било истакнато дека ЕК ќе ја признае земјата со име што нема да го содржи зборот „Македонија“.[1032]

После упатеното барање и одговорот на прашалникот на арбитражната комисија, ЕЗ побарала од Македонија да се направат измени на Уставот, со цел да се отстранат пречките за признавање, а воедно да се задоволи и Грција. Покрај измените во членовите 3 и 49 од Уставот и позитивното мислење на Бадинтеровата комисија за признавање на Македонија, поради противењето на Грција, од страна ЕЗ, на состанокот во Лисабон, биле признати само Словенија и Хрватска, со што започнува македонската голгота за меѓународно признавање.[1033]

Според Самарас: „Косово и ФИРОМ не би можеле да опстанат како независни ентитети од економски, геополитички, етнолошки и историски причини. Во двата региони ќе започна борба чија цел би била нивно припојување кон нивните соседни

[1031] Michas, Takis. *Plans for Macedonia. The name issue revisited – an anthology of academic articles*. Skopje : Macedonian Information Center, 2013 (499)
[1032] Shkaric, Svetomir. Apasiev, Dimitar. Patchev, Vladimir. *Name dispute between Greece and Macedonia*. Skopje : Matica Makedonska, 2009 (296-297)
[1033] Митев, Оливер. *Создавање на независна Република Македонија*. Штип : Универзитет „Гоце Делчев“, 2015 (77–78)

држави. Независна македонска држава е тешко остварлива. Потеклото на нејзините словенски жители е причина за спор. Тие се именувани како етнички Македонци, но Бугарите и во помал степен Србите, ги сметаат како свои“.[1034]

После преземањето на претседателството со ЕЗ од страна на Португалија, пролетта 1992 година, под нивно покровителство била поведена посредничка иницијатива, позната како „пакет Пињеиро“. Иницијативата содржела неколку предлози за решавање на спорот, а дел од предлозите било и името Словенска Република Македонија. Посредништвото завршило без успех поради категоричното противење на Грција во името на државата да се употребува терминот Македонија. На вонредниот министерски состанок на ЕЗ, одржан на 1 и 2 мај 1992 година во Гимараеш, поради противењето на Грција, повторно било одложено признавањето на Македонија. Во соопштението од состанокот било истакнато дека ЕЗ била подготвена да ја признае Македонија „со име што можат да го прифатат сите страни“. На состанокот имало обиди за преименување на Македонија со предлог на име „Нова Македонска Република Скопје“. Грците повторно не прифатиле и се изјасниле дека можеле да го прифатат само името – Република Скопје.[1035]

После усвоената декларација, за првпат била употребена формулацијата „Поранешна Југословенска Република Македонија“. На самитот во Лисабон, одржан на 27 јуни 1992 година, под силно влијание на грчката делегација и премиерот Мицотакис, била усвоена Декларација во која признавањето на Република Македонија било условено со прифаќање на друго име кое во ниедна варјанта не би го содржела името Македонија. Грчкото раководство вешто го користело своето членство во ЕЗ и правото на вето да го блокира македонското признавање по секоја цена. Иако имало силно спротивставување од некои членки на ЕЗ за нелогичните ставови на Грција, сепак на крајот, имајќи го предвид фактот дека одлуките се донесувале со консензус, тие секогаш се солидаризирале со Грција.[1036]

Состојбата на Македонија станала уште потешка поради економските и политичките притисоци од страна на јужниот сосед. На политички план, во почетокот на 1992 година, во Грција се одржале масовни митинзи под паролата „Македонија е

---

[1034] Michas, Takis. *Plans for Macedonia. The name issue revisited – an anthology of academic articles*. Skopje: Macedonian Information Center, 2013 (500)
[1035] Митев, Оливер. *Создавање на независна Република Македонија*. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, 2015 (78)
[1036] Ibid. (79)

грчка“. Сите политички партии со консензус ја поддржале официјалната политика на грчкото раководство кон Македонија. Економската блокада кон Македонија започнала во август 1992 година, под изговор дека се кршило ембаргото кон Србија, а со тоа Грција го блокирала транспортот на нафта од солунското пристаниште.[1037]

Во август 1992 година Собранието на Република Македонија усвоило апликација за своето знаме со шеснаесеткраката ѕвезда на Вергина, симболот на античката македонска династија. Овој потег не само што бил историски сомнителен, туку се сметал за национална навреда за Грција. Според грчката страна, она што го поттикнало усвојувањето на ѕвездата од Вергина била желбата на Скопје да ги унапреди максималистичките цели, со цел за отстапки на преговарачката маса. Билатералните преговори што следеле по привремената спогодба од 1995 година го оправдале овој став.[1038]

После Лисабонскиот самит, претседавањето со ЕЗ го презела Велика Британија. Тие понудиле посредништво во надминување на спорот со името помеѓу Македонија и Грција, преку британскиот дипломат амбасадорот Робин О’Нил. Во овој период се шпекулирало со неколку можни решенија од типот „Словенска Македонија“, „Вардарска Македонија“, а со македонското раководство било разговарано и за можноста за двојна формула. Со двојната формула било понудено за домашна употреба Република Македонија да го користи уставното име, а за надворешна употреба требало да се најде име прифатливо и за јужниот сосед. Оваа варјанта ја отфрлиле Грците, а не била прифатлива ниту за македонскиот врв. Амбасадорот О’Нил, пред почетокот на самитот во Единбург, доставил предлог до македонското раководство за име на државата да биде користено „Република Македонија – Скопје“.[1039]

Овој предлог генерално бил прифатлив за македонското раководство, со што бил решен предлогот да се достави за дискусија до Собранието. Владата била подготвена да го прифати името Република Македонија (Скопје), но не добила поддршка од Собранието, со што предлогот бил отфрлен. На Самитот на ЕЗ, одржан во Едингург на 11 и 12 декември 1992 година, овој предлог бил ставен на разгледување,

[1037] Митев, Оливер. *Создавање на независна Република Македонија*. Штип: Униврзитет „Гоце Делчев“, 2015 (79)
[1038] Floudas, Demetrius Andreas. *Pardon? A Conflict for a Name? FYROM’S dispute with Greece revisited; The New Balkans*. New York: Columbia University Press, 2002 (6)
[1039] Митев, Оливер. *Создавање на независна Република Македонија*. Штип : Униврзитет „Гоце Делчев“, 2015 (80)

но повторно Грција не го прифатила, со што уште еднаш било одложено признавањето на Република Македонија. На самитот била донесена одлука на Република Македонија да ѝ се помогне финансиски, а Грција да ги прекине санкциите, со што било симнато грчкото ембарго кон Македонија. Со оглед дека шансите за решавање на проблемот не биле на повидок, ЕЗ по Самитот во Единбург одлучила постапката за меѓународно признавање на Република Македонија да се префрли во ОН.[1040]

Македонија своето официјално барање за прием во ОН го доставила уште на 30 јули 1992 година, но поради противењето на Грција и очекувањето на можно решение во рамки на ЕЗ, не било ставено на дневен ред сè до почетокот на 1993 година. На 7 јануари 1993 година Република Македонија формално, по вторпат, доставила барање за прием до ОН. На 25 јануари 1993 година Грција упатила меморандум од 16 точки до ОН, во кој биле содржани грчките спротивставувања и докази зошто Република Македонија не треба да биде примена во ОН. Тука било содржано и грчкото спротивставување за приемот на Република Македонија во ОН под нејзиното уставно име.[1041]

Во воведот на меморандумот, во точката 1 се вели: „Грција смета дека барањето на Поранешната Југословенска Република Македонија за прием во членство на Обединетите нации, под името споменато во нејзината апликација, внесува елемент на натамошна дестабилизација на Јужен Балкан како на краток, така и на долг рок“. Тој ги содржел погледите и ставовите на Владата на Грција во однос на Македонија од нејзиното конституирање, на 2 август 1944 година од Првото заседание на АСНОМ, па сè до барањето за прием во ОН. Во меморандумот биле содржани и неколку прилози како докази на грчките наводи. Грците со овој документ инсистирале Македонија да исполни некои неопходни услови, особено да се откаже од употребата на името „Република Македонија“.[1042]

Во својата книга Стојан Андов се надоврзува на тој период и истакнува: „На крајот на јануари 1993 година на грчката дипломатија ѝ стана сосема јасно кои се објективните рамки во кои таа може да делува во Обединетите Нации. Ним им стана јасно дека: Република Македонија ќе биде примена во ООН, и тоа наскоро, дека не

[1040] Митев, Оливер. *Создавање на независна Република Македонија*. Штип : Универзитет „Гоце Делчев“, 2015 (80)
[1041] Ibid. (81)
[1042] Ibid.

може да се спречи во името на нашата држава да стои зборот ‘‘Македонија‘, но кај некои значајни фактори во ООН постои мислење дека доколку нашата држава биде примена во ООН со нејзиното уставно име, тоа во тој момент може да предизвика сериозно влошување на политичката ситуација во Грција и дека тој факт треба да го искористи грчката дипломатија. Грција не смее априори да се спротистви на приемот на нашата земја во ООН, бидејќи во тој случај механизмот на ООН ќе функционира според својата логика и Република Македонија ќе биде примена под своето уставно име.“[1043]

Тргнувајќи од тие сознанија, грчката дипломатија ја променила својата тактика и не настојувала да го запре приемот на Република Македонија во ООН, туку се обидела активно да влијае на условите под кои тој прием ќе се изврши и на тој начин да ги заштити декларираните национални интереси на Грција. Во таа смисла грчката дипломатија настојувала Република Македонија да биде примена во ООН под привременото име „Поранешна Југословенска Република Македонија“, приемот да не биде дефиниран, туку да биде условен до конечно решение на прашањето за името, да се даде рок во кој мора да се дојде до конечно решение, да се воспостави арбитража која во тој рок ќе го реши прашањето на името и да се усвои пакет „мерки за градење доверба“ што ќе ги предложи Грција. Тоа биле правците на дејствување на грчката дипломатија во првите три месеци од 1993 година. Дозирано беа пуштани вести во јавноста за тоа како грчката дипломатија ги постигнува поставените цели. Со тоа се настојувало постепено да се создава атмосфера во Грција за прифаќањето на приемот на Република Македонија во ООН.[1044]

На 8 април 1993 година Советот за безбедност на ОН донел одлука да ја прими Македонија во Обединетите Нации под референцата „Поранешна Југословенска Република Македонија“. Објаснувањето било дека референцата била само привремена за целите на ОН. Овој настан претставувал невиден преседан во историјата на Обединетите Нации, што не може да се оправда под ниту една причина, и покрај реалната политички комплицирана ситуација во периодот на дезинтеграцијата на СФРЈ, проследена со крвави граѓански војни. Резолуцијата 817, под која била официјално примена Република Македонија во ОН, имала четири архивски броеви,

[1043] Андов, Стојан. *На мој начин*. Скопје : Матица Македонска, 2003 (394–395)
[1044] Ibid. (395)

што е сосема ексклузивен факт: S/25147 – официјалната апликација за прием во ООН била регистрирана под овој број; S/25541 – договорот од Македонија се адресирал како „Поранешна Југословенска Република Македонија“ (потпишана од Бранко Црвенковски – премиер на македонската Влада во тоа време) која била архивирана под горенаведениот број; S/25542 – договорот од Грција за референцата (потпишан од Константинос Мицотакис); S/25543 – го содржел несогласувањето Македонија да биде примена во ООН со привремено име (потпишан од Киро Глигоров во својство на претседател на Република Македонија).[1045]

Овој преседан во историјата на ОН бил составен од следниве елементи: политичка злоупотреба на приемот, додека во Повелбата на ОН била наведена целта „да се одржи меѓунационалниот мир и безбедност и да се спречи создавање кризен регион“; преку својата дипломатска мрежа успеала да ги претстави своите негативни политички позиции кон Македонија како можна закана за мирот и „закана за грчкиот територијален суверенитет“.[1046]

Формална и законска злоупотреба на приемот со други зборови, прекршување на процедура: директно прекршување на член 4 од Повелбата од страна на ООН. „Напорот“ спорот да се реши во рамките на ЕЗ, поточно на регионално ниво, од самиот почеток бил осуден на неуспех, бидејќи една од засегнатите страни во ова прашање (Грција) е член на меѓународна организација и поседува моќно оружје со правото на вето. Приемот за членство на земја под т.н. „привремена деноминација“ (референца) и со привремено отсуство на официјалното знаме на земјата пред зградата на ОН.[1047]

За целите на оваа докторска дисертација беше спроведено интервју со поранешниот министер за надворешни работи на Република Македонија, Антонијо Милошоски, кој на прашањето дали одлуката на Глигоров за додавање на референцата Поранешна Југословенска Република Македонија беше исправна за да може Македонија да стане дел од ООН, тој истакна: „Ако гледаме од денешна гледна точка, сметам дека одлуката да се прифати т.н. привремена референца за членство во Обединетите Нации можеше да биде и дипломатски и политички подобро изиграна, бидејќи во тој период, според мене, Македонија недоволно ја искористи состојбата на

[1045] Shkaric, Svetomir. Apasiev, Dimitar. Patchev, Vladimir. *Name dispute between Greece and Macedonia*. Skopje : Matica Makedonska, 2009 (297)
[1046] Ibid. (298)
[1047] Ibid.

мир и стабилност во Македонија, наспроти состојбата на воени жаришта и нестабилност во Словенија, Хрватска и Босна. Затоа ценам дека македонската дипломатија требало да вложи многу повеќе напори за да го обезбеди членството во Обединетите Нации, како додадена вредност на регионалната стабилност и на тој начин да може да биде поуспешна од грчките опструкции. Прифаќањето на привремената референца очигледно во тој период била резултат на нееднаквиот, на асиметричниот сооднос на политичките и дипломатските сили, од една страна на Грција и од друга страна на Македонија и веројатно дополнително и ветувањата од некои позначајни меѓународни актери дека таа привремена референца ќе трае кратко време“.[1048]

Во текот на периодот помеѓу 1991 и 1993 година, грчките власти не биле задоволни од унапредувањето на сопствените гледишта за Македонија. За време на тој период, тие биле ангажирани во систематска политика на цензурирање на грчки новинари и интелектуалци кои имале различни мислења.[1049]

За време на кризата со македонското прашање во периодот од 1992 до 1994 година, според грчката перцепција, „Поранешната Југословенска Република Македонија, после сондираното македонско-грчко наследство повеќе од педесет години, најпосле го присвоила како свое“. Аргументите користени за поддршка на овие тврдења прво започнале од аспектот на грчката антика, како името Македонија кое се поврзувало со нивната историја и потекло и второ, користењето на ова име придонесувало за сериозна закана за грчката сигурност, а вистинска намера зад тоа било да се вклопи цела Македонија, вклучувајќи ја и грчката Македонија, во новата македонска држава.[1050]

Грчката Македонија била интегрален дел од националната идеологија и тоа било во сржта на националниот идентитет на северниот сосед на Грција. Според Грција, во овој случај имало потреба од разграничување на минатото и културното наследство на Македонија.[1051]

---

[1048] *Интервју со поранешниот министер за надворешни работи на Република Македонија, Антонијо Милошоски*, 05.07.2023, Собрание на РСМ, 10 часот

[1049] Michas, Takis. *Plans for Macedonia. The name issue revisited – an anthology of academic articles*. Skopje: Macedonian Information Center, 2013 (499)

[1050] Koliopoulos, John S. *Greece The modern sequel from 1831 to the present*. London : Hurst & Company, 2002 (236)

[1051] Ibid. (237)

Во согласност со ставот 3 на Резолуцијата 817, Генералниот секретар на ОН за посредници во спорот ги назначил Сајрус Венс и Лордот Овен. На 12 април 1993 година тие ги почнале преговорите помеѓу Грција и Македонија за надминување на несогласувањата во врска со името и за тоа кое знаме ќе се вее пред седиштето на ОН. На 16 април тие предложиле идеја за склучување „спогодба за пријателство помеѓу Скопје и Грција“.[1052]

По низата средби во текот на април и мај, посредниците на преставниците на владите на Македонија и на Грција им предале нацрт договор за постојните граници и изградба на мерки за доверба, пријателство и добрососедска соработка. Предлогот имал 25 члена и било предложено договорот да се склучи меѓу „Република Грција и Република Нова Македонија“. Грција овој предлог веднаш го одбила, повторувајќи го ставот дека не прифаќаат име што го содржи терминот Македонија. Тие предлагале да се усвои името „Славомакедонија“, за што со изјава го информирале генералниот секретар на ОН.[1053]

Претседателот Глигоров со писмо му се обратил на Бутрос Гали и го информирал дека од предложените 25 члена, неприфатлив бил само членот 5 кој се однесувал на името. Првиот обид на посредниците Венс и Овен завршил без успех, за што генералниот секретар на ОН доставил извештај до Советот за безбедност. Советот за безбедност оценил дека овој документ бил добра основа за продолжување на преговорите и со Резолуцијата 845 ги повикал грчката и македонската страна да продолжат да соработуваат и, со посредство на генералниот секретар, да дојдат до брзо решение.[1054]

Мандатот на Сајрус Венс бил продолжен и по 1 август 1993 година. По кратки консултации на 23 август 1993 година, започнале директните средби и разговори околу разликата за името на амбасадорско ниво. Првата средба се одржала помеѓу амбасадорт Иван Тошевски, од македонска страна и амбасадорот Јоргос Папуљас, од грчка страна. Преговорите биле во мирување до изборите во Грција на 10 октомври

[1052] Митев, Оливер. *Создавање на независна Република Македонија*. Штип : Универзитет „Гоце Делчев“, 2015 (82–83)
[1053] Ibid.
[1054] Ibid.

1993 година. Во тој период се случил прсврт на изборите и победил ПАСОК, односите се затегнале и добиле друг тек.[1055]

Во февруари 1994 година, Грција, која тогаш претседавала со ЕК, вовела „ембарго“ на 16 февруари 1994 година против Република Македонија. Оваа неразумна мерка ја темелела поради тоа што нејзиниот северен сосед одбил да го смени името, знамето и Уставот, кој претходно тврдел дека има територијални претензии кон северните делови на Грција.[1056]

Посредникот Сајрус Венс, во март 1994 година, успеал да ги состане двете страни и предложил нов текст, т.н. нацрт-преоден договор. На 18 март 1994 година американскиот претседател Бил Клинтон го назначил за свој специјален преставник за „македонското прашање“ Метју Нимиц. По преземањето на Германија со претседавањето со Европската Унија, министерот Клаус Кинкел се јавил со своја иницијатива, т.н. Кинкелов план. Иницијативата содржела 6 точки: Грција да ги укине мерките спрема Македонија; Македонија да се откаже од „грчките симболи“; да се договори сложено име „Нова Македонија“ или „Северна Македонија“; да се постигне трговски договор меѓу ЕУ и Македонија; да се потпише договор за пријателство помеѓу Грција и Македонија и да се обезбеди зачленување на Македонија во ОБСЕ. Но, повторно не дошло до поместување на позициите на двете страни.[1057] .

Истата година во април ЕК започнала судска постапка против Грција пред Европскиот суд на правдата дека актот на Грција бил во спротивност со Договорот за основање на Европската Заедница и побарала усвојување на привремени мерки за суспендирање на оваа забрана, но Судот го одбил ова барање на Комисијата. На 13 август 1995 година, под покровителство на генералниот секретар на ОН, во Њујорк била потпишана „Привремена спогодба“ меѓу Атина и Скопје, во кој двете страни се согласиле да ги продолжат преговорите под покровителство на генералниот секретар на Обединетите Нации, согласно резолуцијата 845 (1993) на Советот за безбедност, со

[1055] Митев, Оливер. *Создавање на независна Република Македонија*. Штип : Универзитет „Гоце Делчев“, 2015 (82–83)
[1056] Shkaric, Svetomir. Apasiev, Dimitar. Patchev, Vladimir. *Name dispute between Greece and Macedonia*. Skopje : Matica Makedonska, 2009 (299-300)
[1057] Митев, Оливер. *Создавање на независна Република Македонија*. Штип : Универзитет „Гоце Делчев“, 2015 (83–84)

цел да се постигне договор за разликата опишана во таа резолуција и во Советот за безбедност со резолуција 817 (1993).[1058]

Во ноември 1994 година грчката стрна го лансирала т.н. „мал пакет“ за македонско-грчките преговори: промена на Уставот и знамето во замена за симнување на ембаргото и воспоставување дипломатски односи, а прашањето за името да се остави настрана.[1059]

Во разрешувањето на македонско-грчкиот спор активно биле вклучени Соединетите Американски Држави. На 10 ноември 1994 година неофицијално било соопштено дека САД разгледува компромисна спогодб,а т.н. тројна формула во врска со името меѓу Атина и Скопје. Во текот на месец јануари 1995 година, во надминување на спорот се вклучил и Ричард Холбрук, помошник државен секретар задолжен за надворешната политика на САД за овој дел од светот. Државниот потсекретар Ричард Холбрук, по интензивните средби со двете страни, успел да ги убеди грчките авторитети да го симнат ембаргото кон Македонија и понудил да се потпише договор чија основа бил документот предложен од Венс и Овен.[1060]

По средбата со претседателот Глигоров на 4 септември 1995 година и премиерот Папандреу, американскиот преговарачки тим бил составен од: потсекретарот Холбрук, амбасадорот Кристофер Хил и генералот Весли Кларк. Во Атина и Скопје постигнале согласност да се сретнат министрите за надворешни работи на двете земји и да се потпише договорот предложен од посредниците Венс и Нимиц.[1061]

На 5 септември 1995 година, истовремено во Скопје, Атина и Вашингтон, било објавено дека за една недела ќе биде потпишан македонско-грчки договор. На 13 септември 1995 година во Њујорк била одржана средба помеѓу министрите за надворешни работи на Македонија и Грција, Црвенковски и Папуљас, при што била

[1058] Shkaric, Svetomir. Apasiev, Dimitar. Patchev, Vladimir. *Name dispute between Greece and Macedonia*. Skopje : Matica Makedonska, 2009 (299-300)
[1059] Митев, Оливер. *Создавање на независна Република Македонија*. Штип : Универзитет „Гоце Делчев“, 2015 (83–84)
[1060] Ibid. (84)
[1061] Ibid.

потпишана Привремена спогодба за нормализација на односите помеѓу двете држави.[1062]

Со привремената спогодба, во членот 1, било предвидено: „Со влегување во сила на оваа Привремена согласност, Првата страна ќе ја признае Втората страна како независна и суверена под привремено обраќање, назначено во писмото на Првата страна од датумот на оваа Привремена согласност и по кратко време страните ќе воспостават дипломатски односи на договореното ниво, со конечна цел – воспоставување на односи на амбасадорско ниво“.[1063]

Во членот 5 пак двете страни биле обврзани: „Страните се согласни да ги продолжат преговорите под покровителство на генералниот секретар на Обединетите Нации, според Резолуцијата 845 (1993) на Советот за безбедност, со намера да се постигне договор за разликите наведени во таа Резолуција и во Резолуцијата 817 (1993) на Советот за безбедност“. Со привремената спогодба била предвидена и промена на македонското државно знаме и користењето на симболот жолто златно сонце со 16 краци.[1064]

Во членот 7 било договорено: „По влегување во сила на оваа Привремена согласност, Втората страна ќе престане на каков и да е начин да го користи симболот во сите негови форми, што ги истакнуваше на нејзиното знаме пред таквото влегување во сила“.[1065]

Во членот 11 било пропишано дека: „По влегување во сила на оваа Привремена согласност, Првата страна се согласува да не приговара на пријавата за членство или на членството на Втората страна во меѓународни, мултилатерални и регионални институции и организации, во кои првата страна е членка...“.[1066]

Во завршните одредби од Спогодбата во членот 23 било предвидено: „Оваа согласност останува во сила сè додека не се замени со дефинитивен договор, со тоа што, по седум години, секоја од страните може да се повлече од оваа Привремена

[1062] Митев, Оливер. *Создавање на независна Република Македонија*. Штип : Универзитет „Гоце Делчев“, 2015 (84)
[1063] Ibid.
[1064] Ibid.
[1065] Ibid.
[1066] Ibid.

согласност со писмено известување што ќе влезе во сила дванаесет месеци по неговото доставување до другата страна“.[1067]

После потпишувањето на Спогодбата, уште истиот ден претседателот на САД, Бил Клинтон, упатил писмо со кое информирал за воспоставување на целосни дипломатски односи меѓу Република Македонија и САД. Во овој период биле испратени заемни телеграми помеѓу претседателот Глигоров, претседателот на Грција Стефанопулос и премиерот Папандреу. Овој чин го истакнало значењето на подобрувањето на односите меѓу двете земји. Посредникот на ОН, Сајрус Венс, го информирал Советот за безбедност за постигнатата согласност и потпишувањето на Привремената спогодба.[1068]

Собранието на Република Македонија, на 9 октомври 1995 година, ја ратификувало Привремената спогодба меѓу Македонија и Грција. На 13 октомври 1995 година, во Скопје, бил склучен Меморандум за практични мерки за примена на Спогодбата. На 15 октомври 1995 година било укинато грчкото ембарго кон Македонија и била отворена македонско-грчката граница за промет на стоки и минување на луѓе.[1069]

Во Атина на 20 октомври 1995 година биле потпишани повеќе договори: Меморандумот за отворање на канцеларии за врски во Скопје и во Атина, Протокол за заемно визен режим и такси и Протокол за транспорт и комуникација. На 5 октомври 1995 година Собранието го донело Законот за новото знаме со осум краси, со што бил исполнет условот за подигање пред седиштето на ОН во Њујорк, што било направено со свечена церемонија на 22 октомври 1995 година.[1070] По потпишувањето на Спогодбата,од 1995 година, стратегијата на Скопје била да ги консолидира политичките и економските институции.[1071]

Фактот што Спогодбата не била склучена во име на Републиката Македонија, со други зборови не бил потпишана од претседателот на Република Македонија, ниту од претседателот на Владата на Република Македонија, како што било утврдено во

---

[1067] Митев, Оливер. *Создавање на независна Република Македонија*. Штип : Универзитет „Гоце Делчев“, 2015 (98)
[1068] Ibid.
[1069] Ibid. (99)
[1070] Ibid.
[1071] Nimetz, Matthew. *The Macedonian „Name“ Dispute: The Macedonian Question-Resolved?*. Nationalities Papers 48: 205–214, 2020 (209)

Уставот на РМ иницирал претставка пред Уставниот суд. Поради тоа што не била склучена во име на независна и суверена Република Македонија или од нејзини овластени претставници – иницијаторот побарал целосно поништување на првиот член од Законот за ратификација на Привремената спогодба потпишана меѓу Република Македонија и Република Грција, која според иницијаторите на претставката, не била во согласност со Уставот. Уставниот суд одлучил да не поведе постапка за оценување на уставноста на овој Закон.[1072]

Генералниот секретар на ОН, под чие покровителство и се воделе преговорите за разликите околу името, го овластил најпрво Сајрус Венс, а подоцна и Американецот Метју Нимиц, кој во име на ОН посредувал во изнаоѓање заедничко прифатливо решение за двете страни. Во 1996 година, кога се приклучил на преговарачкиот тим како претставник на американскиот претседател, тој бил во посета на Скопје, со цел да ја тестира подготвеноста на македонските граѓани да прифатат едно од повеќето „компромисни решенија" на нивна штета.[1073]

Поранешниот премиер Љубчо Георгиевски истакнал дека не гледа ништо трагично ако Македонија ја прифати додавката „Северна" или „Горна" пред своето име, ако тоа е дел од решението коешто ќе ни овозможи непречен влез во Европската Унија и НАТО, а со тоа воопшто не би се загрозил македонскиот идентитет.[1074]

Во периодот за време на кризата во 2001 година, грчката Влада покажала голема загриженост за дестабилизацијата на Република Македонија и испратила воена помош до Министерството за одбрана на Република Македонија. Грција сметала и покажала јасни сигнали дека единствено суверена и стабилна Македонија може позитивно да влијае врз безбедноста и стабилноста на Балканот.[1075]

Во текот на деведесеттите години, територијата на Република Македонија била значајна тампон зона меѓу југословенските боишта и можните бегалски бранови кон мирната и европска Грција. Духот на пријателство и балканско сојузништво

---

[1072] Shkaric, Svetomir. Apasiev, Dimitar. Patchev, Vladimir. *Name dispute between Greece and Macedonia*. Skopje : Matica Makedonska, 2009 (300)
[1073] Ibid. (299)
[1074] Георгиевски, Љубчо. *Мојата македонска приказна: каде одиш, Македонијо*?. Скопје : Ѓурѓа, 2018 (268)
[1075] Ружин, Нано. *НАТО во современите меѓународни односи*. Скопје: Фондација „Фридрих Еберт", 2010 (225)

продолжил и во 2003 година, кога за време на одржувањето на Самитот на Европска Унија, Грција се заложила за побрза интеграција на Западниот Балкан во ЕУ.[1076]

Билатералните односи меѓу САД и Македонија биле заокружени со одлуката на САД за признавање на Република Македонија под уставно име, која била соопштена на 4 ноември 2004 година.[1077] Грција, свесна за битката за името што ја губела, особено по признавањето на уставното име на Република Македонија од страна на САД и Канада, како и на поголем број членки на ЕУ кои во билатералните односи со Република Македонија комуницирале со употреба на уставното име, било причина нејзината дипломатија да стане поагресивна и поисклучитена.[1078]

Во јануари 2005 година Македонија добила статус на кандидат за членство во Европската Унија, но датумот на отворање на преговорите сé уште не бил одреден. Зближувањето на Македонија со ЕУ било резултат на напорите на европските земји да ја стабилизираат ситуацијата во Македонија по случувањата од 2001 година. Покрај делумниот напредок во реформите, сепак главна причина за овој исход бил спорот меѓу Грција и Република Македонија околу името.

Односите меѓу двете соседни земји, Грција и Македонија, во однос на името биле апострофирани кон крајот на 2006 година и почетокот на 2007 година, кога македонската Влада одлучила македонскиот меѓународен аеродром „Петровец", во близина на главниот град Скопје, да го преименува во „Александар Македонски". На ваквата позиција веднаш реакција испратило грчкото Министерство за надворешни работи, директно преку министерката Дора Бакојани.

По овој настан македонската Влада делумно ја променила својата позиција и како „компромис" го избрала името „Александар Велики", со сосема необично објаснување дека „преводот на англиски би бил полесен и поразбирлив за странците". Грчката министерка за надворешни работи Бакојани жестоко реагирала на ова, а за грчките медиуми најавила можна ревизија од Привремената спогодба склучена меѓу двете земји во 1995 година во Њујорк. Во интервју објавено во весникот „Етнос", таа

---

[1076] Ружин, Нано. *НАТО во современите меѓународни односи.* Скопје: Фондација „Фридрих Еберт", 2010 (225)
[1077] Докмановиќ, Мишо. *Балканот и американската дипломатија во XX век. Скопје :* Правен факултет „Јустинијан Први", 2014 (319)
[1078] Ружин, Нано. *НАТО во современите меѓународни односи.* Скопје: Фондација „Фридрих Еберт", 2010 (225)

истакнала дека поради прекршувања на одредени аспекти од Привремената спогодба, потребна била ревизија“.[1079]

Грчката дипломатија настојувала да ги искористи сите епизодни превиди и гафови на македонските политичари и државни институции на тема провокации и територијални претензии на Скопје кон Атина. Дополнително и се погодила засилената политизација на археолошките артефакти и антиквизацијата што ја спровела десничарската Влада на ВМРО ДПМНЕ по 2007 година.[1080] Со овие потези Грција ја обвинила Република Македонија за погрешно присвојување на нејзиното историско наследство, што била во спротивно на Времената спогодба од 1995 година.[1081]

Нејзиниот македонскиот колега Антонио Милошоски, министер за надворешни работи на Владата на РМ, во одбрана на ставот на македонската Влада за преименување на аеродромот во Скопје, изјавил за грчкиот весник „Катимерини“, дека преименувањето не е чин на провокација насочена кон Грција и тој не очекува дека овој настан ќе ги комплицира дискусиите за името меѓу двете земји. Тој додал дека Александар Македонски бил личност од поголемо цивилизациско значење и дека „...тој го има истото значење како Карло Велики за Европејците“. Милошоски во споменатото интервју испратил порака до Атина дека не очекува суштинска промена од страна на новата македонска Влада во веќе познатите позиции за таканаречената „двојна формула“ (едно име за целиот свет, односно *erga omnes* и друго име „заемно прифатливо решение“ за билатерална комуникација со Грција).[1082]

Во политичките анализи на грчкиот весник „Елефтеротипија“ било наведено дека ревидираните сегменти од Привремената спогодба би придонесле за влошување на односите меѓу двете земји и доколку Грција предлага промена на привременото решение, со тоа ќе се направело простор и давање можност на ПЈРМ да побара од ОН да биде призната под уставното име, а поголем дел од членките на ОН веќе ја имале признатоо земјата под името Македонија“.[1083]

---

[1079] Shkaric, Svetomir. Apasiev, Dimitar. Patchev, Vladimir. *Name dispute between Greece and Macedonia*. Skopje : Matica Makedonska, 2009 (303-304)
[1080] Ружин, Нано. *НАТО во современите меѓународни односи*. Скопје: Фондација ”Фридрих Еберт”, 2010 (226)
[1081] Karadzoski, Mladen. Adamczyk, Artur. *Macedonia and Her Difficult Neighbours on the Path to the EU.* Yearbook of Polish European Studies, 17, 2014 (222)
[1082] Shkaric, Svetomir. Apasiev, Dimitar. Patchev, Vladimir. *Name dispute between Greece and Macedonia*. Skopje : Matica Makedonska, 2009 (304-305)
[1083] Ibid.

Грчкиот професорот Лукас Цукалис, претседател на грчката фондација за европска и надворешна политика, го истакнал неговото мислење за македонскиот дневен весник „Дневник“ со зборовите: „Отсекогаш сум верувал дека е во интерес на двете земји да се обидат да воспостават блиски односи, базирани на меѓусебно почитување. Јас настојував за брзо и заемно решение на спорот за името, бидејќи „одложувањето за утре“ не е мудра политика, иако може да биде разбирливо од аспект на политичарите кои сакаат да избегнат политичка одговорност со склучување на секаков вид компромис“.[1084]

После последователните настани, Грција иницирала средба со посредникот во спорот Метју Нимиц, кој отишол прво во Атина, а потоа во Скопје и било истакнато дека тоа била „редовна средба со медијаторот која веќе била планирана“. На 22 јануари 2007 година следеле средби, под притисок на грчката дипломатија, на парламентарната седница на Советот на Европа во Стразбур (Франција), македонските знаци и симболи биле отстранети од местото, каде што требало да седат македонски извештаи, на што реагирале од македонската парламентарна група.[1085]

На 23 јануари 2007 година, по говорот на грчкиот премиер Костас Караманлис, поранешната македонска министерка за надворешни работи Илинка Митрева, го прашала грчкиот премиер дали е подготвен да најде рационално решение за ирационален проблем?, а неговиот одговор бил следниот: „...јас самиот сум Македонец, а уште 2,5 милиони Грци се Македонци, така што прашањето не може да се разгледува еднострано…“. Оваа изјава го испровоцирала претседателот на Република Македонија, Бранко Црвенковски, кој веќе следниот ден на 24 јануари 2007 година, на прес-конференција, на новинарско прашање да го коментира говорот на Караманлис во Советот на Европа, рекол: „… Ако Караманлис се чувствува како Македонец, тоа ќе го почитуваме, но исто очекуваме и почит од Грција кон македонскиот народ...“[1086]

На 23 јануари 2007 година за време на промоција на проектот „Инвестирај во Македонија – нов деловен рај во Европа“, македонскиот премиер Никола Груевски, на прес-конференција во Владата, истакнал дека тие како Влада наишле на проблеми при

---

[1084] Shkaric, Svetomir. Apasiev, Dimitar. Patchev, Vladimir. *Name dispute between Greece and Macedonia*. Skopje : Matica Makedonska, 2009 (304-305)
[1085] Ibid. (305)
[1086] Ibid.

обидот за закуп на комерцијален простор во грчките весници. „Катимерини“ и „То вима“ одбиле да објават текст кој го содржи зборот Македонија, а тоа било резултат на затегнатите македонско-грчки односи по преименувањето на скопскиот аеродром.[1087]

На 26 јануари 2007 година, во центарот на Атина, албанскиот писател Исмаил Кадаре предизвикал дипломатски инцидент со промоцијата на неговите два најнови романи преведени на грчки јазик, кој го употребиле зборот „Македонија“, а се однесува на денешна Република Македонија. Градоначалникот на Атина, Никитас Какламанис, кој најпрво искрено го поздравил и го пофали албанскиот писател, демонстративно го напуштил настанот.[1088]

Односите меѓу двете соседни земји во однос на името уште еднаш биле апострофирани во првиот квартал од 2008 година, со приближувањето на самитот на НАТО во Букурешт, проследени со притисок на „меѓународна заедница“ за решавање на овој спор. На 19 февруари 2008 година, во Атина, посредникот Метју Нимиц поднел нов официјален предлог во девет точки кои содржел пет имиња. Двете партии го одбиле овој предлог, кој беше оценет од многу светски аналитичари како „прогрчки“. Двете страни останале на своите ставови. Грција барала сложено име со географска референца за меѓународна употреба *erga omnes,* а Македонија од друга страна побарала т.н. „двојна формула“ – името Република Македонија за меѓународна употреба и заемно прифатливо име за билатерална комуникација со Грција.[1089]

Во овој напнат период се прошириле информации дека американската администрација директно ќе се вклучи во преговорите, па дури и би назначила свој директен преговарач, а името на Викторија Нуланд, амбасадор на САД во НАТО, било можна опција. Оваа информација била проследена со интензивни министерски состаноци на амбасадорите во Њујорк, Виена и Брисел.[1090]

Во Виена, на 17 март 2008 година, медијаторот Метју Нимиц на маса ставил три предлози кои биле оквалификувани како „прогрчки“ предлози, според неговиот официјален став по средбата со амбасадорите Василакис (Грција) и Димитров (Македонија), наведувајќи дека нема нови предлози и дека бил оптимист за решавање

[1087] Shkaric, Svetomir. Apasiev, Dimitar. Patchev, Vladimir. *Name dispute between Greece and Macedonia*. Skopje : Matica Makedonska, 2009 (306-307)
[1088] Ibid.
[1089] Ibid.
[1090] Ibid.

на прашањето пред Самитот на НАТО. Тој ги охрабрил двете страни да ги интензивираат преговорите во наредните денови и ги поканал на нареден состанок во Њујорк. Последниот официјален предлог на Нимиц пред самитот на НАТО бил „Република Македонија (Скопје)“, како име за меѓународна употреба – поднесена на 26 март 2008 година во Њујорк. Грција го одбила овој предлог веднаш како „… оддалечен од целите на Грција…“, при што македонската страна го оквалификувала како „... финален конечен предлог по 17 години преговори...“, наведено во соопштението на министерот за надворешни работи на Република Македонија, Антонио Милошоски.[1091]

Следен настан кога биле актуелни односите меѓу Грција и Македонија во однос на прашањето за името бил Самитот во Букурешт за проширување на НАТО од 2 до 4 април 2008 година. Премиерот Костас Караманлис го поднел предлогот „Скопје (Македонија)“ кој бил одбиен од македонската делегација како несоодветен предлог. Грција го искористила своето најавено право на „вето“ и со тоа спречила прием на Македонија во НАТО, односно ја поделила т.н. „Јадранска група“ (Хрватска, Албанија, Македонија). На прес-конференцијата македонските репортери ја напуштиле салата во знак на протест, а македонската државна делегација предвреме го напуштила самитот.[1092]

По самитот на НАТО во Букурешт во 2008 година, во обид за божемно подобрување на националните аргументи во спорот за името со Грција, раководството на етничките Македонци, предводено од партијата ВМРО ДПМНЕ, започнало амбициозен идеолошки и културен потфат. Овој процес со далекусежни политички последици се обидувал да го редефинира идентитетот на етничките Македонци. За таа цел биле доделени значителни буџетски средства за изградба на споменици и спроведување на археолошки истражувања кои требале да утврдат дека етногенезата на Македонците се протега до античките времиња.[1093] Со процесот на антиквизација во Македонија односите помеѓу овие две држави дополнително се влошиле, особено со реализацијата на проектот „Скопје 2014“. Овој проект опфаќал редизајнирање и реформирање на центарот на Скопје, истакнувајќи ги историските врски на градот со

---

1091 Shkaric, Svetomir. Apasiev, Dimitar. Patchev, Vladimir. *Name dispute between Greece and Macedonia*. Skopje : Matica Makedonska, 2009 (307)
1092 Ibid. (308-309)
1093 Pendarovski, Stevo. *Macedonian foreign policy: 1991-2011, Aspects of integral legitimacy*. Skopje : Magor, University American Collage, 2012 (84)

античкиот Македон, статуите на Александар III Македонски и Филип Втори Македонски и други истакнати фигури на грчката историја.[1094]

Во периодот од 2008 година следеле низа инциденти од ултранационалистички групи во Грција, а во низата настани се вбројува каменуванувањето на куќата на свештеникот Никодим Царкњас кој бил протеран од Грчката православна црква затоа што служел литургија на македонски јазик и инцидентот со претседателот на „Виножито", организација на Македонците во Грција, кога постоеле сомнежи дека бил отруен.[1095]

На 13 април 2008 година непозната група присилно поставила грчко знаме на македонска црква во Лерин, а наредниот ден била одржана меѓународна конференција во Атина од магазинот „Дипломатија", каде грчката министерка за надворешни работи, Дора Бакојани, испровоцирана од претходен чин на македонскиот амбасадор во Грција, Благој Ханџиски, изјавила дека „...Грција ќе го вежба правото на вето и при одредувањето на датумот за почеток на преговорите за пристапување на соседната земја во ЕУ...". [1096]

На 16 јуни 2008 година, на затворен состанок, министрите за надворешни работи на земјите-членки на ЕУ, словенечкиот претседавач Димитри Рупел и грчката шефица на дипоматијата Дора Бакојани се судриле околу спорните прашања за Република Македонија. Истиот месец грчката министерка Бакојани ја промовирала книгата „Македонскиот идентитет во времето" од контроверзниот грчки „историчар" Евангелос Кофос, познат по неговата негативна позиција кон Македонците.[1097]

Во јуни 2008 година имало реакција од страна на македонскиот министер за надворешни работи Антонио Милошоски поради провокативни воени вежби под слоганот „Македонија е една и грчка!" од страна на грчката армија во областа на Лерин.[1098]

---

[1094] Karadzoski, Mladen. Adamczyk, Artur. *Macedonia and Her Difficult Neighbours on the Path to the EU*. Yearbook of Polish European Studies, 17, 2014 (222)
[1095] Shkaric, Svetomir. Apasiev, Dimitar. Patchev, Vladimir. *Name dispute between Greece and Macedonia*. Skopje : Matica Makedonska, 2009 (308-309)
[1096] Ibid. (309)
[1097] Ibid. (310)
[1098] Ibid.

Наредниот месец, македонскиот премиер Никола Груевски испратил отворено писмо до грчкиот премиер Караманлис во врска со т.н. „Прашање на Егејска Македонија“. Слични писма биле испратени и до Жозе Мануел Баросо, претседател на Европската комисија, кој се прогласил за ненадлежен за решавање на малцинските прашања. На 11 август 2008 година македонскиот премиер Никола Груевски испратил отворено писмо до специјалниот пратеник на ОН Метју Нимиц, барајќи прашањето за Македонската православна црква да биде вклучено во преговорите со Грција. Во текот на август 2008 година се случила „специјална војна“ помеѓу поштата на Грција и Македонија. Имено, грчката пошта не ги прифаќала зборовите со македонски топоними, додека македонската пошта не ги прифаќала писмата со референцата ПЈРМ и се создал хаос во комуникацијата. Истиот месец македонскиот Парламент ја усвоил Резолуцијата за бегалците од Егејска Македонија.[1099]

Во октомври истата година, Грција објавила дека успеала безбедно повлекување на признавањата на Конго и Мексико во врска со уставното име на Република Македонија, додека неколку дена подоцна Македонија објавила дека успеала да обезбеди признавање на земјата под нејзиното уставно име од страна на Индија.[1100]

Во ноември 2008 година Република Македонија поднела тужба против Република Грција пред Меѓународниот суд на правдата во Хаг, поради прекршување на Привремената спогодба од 1995 година со грчкото вето на Самитот на НАТО во Букурешт во април 2008 година.[1101]

Наредната година Грција го откажала грантот од 50 милиони долари за коридорот „Север – Југ“ бидејќи Владата на Република Македонија го преименува автопатот Табановце – Гевгелија (Е-75) во „Александар Македонски“ и стадионот во Скопје во „Филип II“. Неколку дена по жестока реакција против „посегнувањето кон античкото минато“, Грција најавила дека ќе финансира изградба на гигантски споменик на Александар Македонски во Ирак, во чест на битката на Гавгамела.[1102]

Преку ангажирање на политичките и неполитичките механизми, односно употре-бата и злоупотребата на принципот на одлучување со консензус во

---

[1099] Shkaric, Svetomir. Apasiev, Dimitar. Patchev, Vladimir. *Name dispute between Greece and Macedonia*. Skopje : Matica Makedonska, 2009 (311)
[1100] Ibid. (312)
[1101] Ibid.
[1102] Ibid.

мултилатералната дипломатија на НАТО и ЕУ, Грција го блокирала приемот на Република Македонија во Алијансата и го забавила утврдувањето на датумот за отпочнување на преговорите на Република Македонија со ЕУ. Овојпат барањата на Грција биле многу категорични: да се изнајде заедничко прифатливо решение за името на Република Македонија за универзална употреба *erga omnes*.[1103]

Во изминатиот период биле понудени неофицијално голем број имиња во замена за Република Македонија. Според грчко-српски извори, биле наведени следниве имиња: „Централнобалканска Република" во 1992 година, „Република Јужна Славија" во 1992 година, „Република Јужна Србија" во 1992 година, „Република Скопје" во 1993 година. Овие предлози го негираат постоењето на Република Македонија и македонскиот народ, одвојувајќи го од Македонија и идентификувајќи го со поголеми географски и културни групи (т.е. Балканот, Словените, Србите итн.). Во 1995 година било понудено името „Вардарија", но овој предлог не бил многу актуелен во јавноста. Во 2008 година, како бугарски предлог од ултранационалистичките движења во Република Бугарија, било предложено неофицијално „Југозападна Бугарија".[1104]

Во текот на преговарачкиот процес биле понудени и имиња кои го содржат зборот „Македонија". Најпрво бил понудено името „Поранешна Југословенска Република Македонија" во 1992 година (на македонски јазик и напишано со кирилични букви). Ова било официјалното име под кое е примена државата во ОН. Следен предлог бил „Република Македонија – Скопје" во 1992 година (предлог даден од Константин Мицотакис, шеф на Владата на Грција предводена од Нова демократија, која подоцна ги загубила следните парламентарни избори под притисок на грчката јавност). Предлогот беше поднесен од грчкиот премиер на средбата со тогашниот претседател на Собранието на Република Македонија, г. Стојан Андов, одржана во Давос, Швајцарија, за време на Светскиот економски форум во февруари 1992 година. Во наредниот период биле понудени предлозите „Независна Македонија" и „Словенска Република Македонија" во 1992 година. Ова бил неофицијално предлогот

[1103] Ружин, Нано. *НАТО во современите меѓународни односи*. Скопје: Фондација "Фридрих Еберт", 2010 (225)
[1104] Shkaric, Svetomir. Apasiev, Dimitar. Patchev, Vladimir. *Name dispute between Greece and Macedonia*. Skopje : Matica Makedonska, 2009 (313)

за името во т.н. „пакет Пинеиро“, според португалскиот министер за надворешни работи Жоао де Деус Пинеиро во својство на претседател на ЕК.[1105]

Наредната година, 1993, бил понуден предлогот „Нова Македонија“, а според грчките извори, тоа било едно од трите имиња предложени од посредникот во спорот г. Сајрус Венс. Истата година било предложено името „Република Македонија (Скопје)“, од страна на г. Киро Глигоров, но првично предложено од Робин О’Нил за решение на спорот. Наредната година бил даден предлогот „Славомакедонија“ во 1994 година, неофицијален предлог, а според некои шпекулации било наложено од претседателот на Собранието на Република Македонија, во тоа време г. Стојан Андов. „Северна Македонија“ во 1994 година бил неофицијален германски предлог за надминување на „разликите во името“.[1106]

Во август 1994 година грчките медиуми известиле за нов германски предлог за решавање на спорот за името. Шефот на германската дипломатија во тоа време, министерот за надворешни работи Клаус Кинкел, предложил план (во шест точки) за решавање на спорот, кој вклучувал две алтернативи за името: „Нова Македонија“ или „Северна Македонија“. Овие предлози биле исто така отфрлени.[1107]

Предлог кој датира од 1999/2000 година бил „Горна Македонија“, предложен од страна на поранешниот грчки премиер Костас Симитис на прес конференција во Скопје во хотелот „Александар Палас“, во времето кога негов македонски колега бил г. Љубчо Георгиевски, а д-р Васил Тупурковски бил коалиционен партнер. Предлогот бил широко критикуван од македонската јавност.[1108]

Во 2001 година, по потпишување на Охридскиот рамковен договор, бил доставен предлог со името „Република Македонија“. На прв поглед ова е уставното име на државата, но не било преведено на англиски, туку само препишано на латиница. Целта била сосема очигледна: Грција да го задржи ексклузивното поседување на името, на англиски јазик – Macedonia, (не Makedonija). Со признавање на горенаведениот предлог за името, на тој начин да се користело име Македонија за културни, историски, комерцијални и туристички цели, додека државата била *de facto* и

[1105] Shkaric, Svetomir. Apasiev, Dimitar. Patchev, Vladimir. *Name dispute between Greece and Macedonia*. Skopje : Matica Makedonska, 2009 (314-315)
[1106] Ibid. (316-317)
[1107] Ibid.
[1108] Ibid.

*de iure* именувана – Republika Makedonija. Всушност, намерата на овој предлог била да се подели историското наследство на Македонија во два периода: еден до VI век и еден од VI век наваму, а притоа Македонците би ја стекнале словенската историја, култура и археологија, додека Грците би добиле сè друго, појавувајќи се како божемен легитимен наследник на античката македонска држава.[1109]

Следни предлози биле: „Republika Makedonija“ и „Republic of Macedonia“. Во 2005 година бил даден предлогот „Република Македонија – Скопје“, официјален предлог на медијаторот Метју Нимиц, но бил одбиен од грчка страна. Во понатамошниот период следеле предлози од типот: „Уставна Република Македонија“, „Демократска Република Македонија“, „Независна Република Македонија“ и „Нова Република Македонија“. „Република Горна Македонија“ бил предлог од 2008 година, а Атина го вклучила и т.н. „рамковен план“ кој се состоел од 9 точки (ова било официјален предлог на медијаторот Метју Нимиц непосредно пред Самитот на НАТО, поврзан со проширувањето на Алијансата со прием на земјите од „Јадранската група“, Хрватска, Албанија и Македонија.[1110]

Во наредниот период биле пролиферувани и следните предлози: „Нова Република Македонија“, „Република Горна Македонија“, „Република Македонија (Скопје)“ од 2008 година како неофицијален предлог на медијаторот Метју Нимиц. Официјалниот став бил дека Нимиц не понудил предлози до амбасадорите Василакис и Димитров на консултацијата во Виена, но медиумите ги објавиле овие три предлози, со забелешки дека биле претставени под директно туторство на американската администрација.[1111]

Предлогот „Република Македонија (Скопје)“ од 2008 година бил последниот официјален предлог на медијаторот Метју Нимиц. Грчката страна го одбила овој предлог бидејќи бил далеку од целите на Грција, додека македонската страна го опишала како“…конечен предлог по 17 години разговори, според кој највисоките државни органи би ја формирале својата позиција“. Сепак, позицијата не била

[1109] Shkaric, Svetomir. Apasiev, Dimitar. Patchev, Vladimir. *Name dispute between Greece and Macedonia*. Skopje : Matica Makedonska, 2009 (316-317)
[1110] Ibid.
[1111] Ibid.

оформена пред самитот на НАТО поради различните мислења на претседателот Црвенковски и премиерот Груевски.[1112]

Мислењето на Атина, македонската опозиција, западните дипломати и набљудувачи било дека Владата на Груевски, со својата национал-популистичка политиката, била главниот виновник за неуспехот на Македонија да напредува на нејзиниот евроатлантски пат. Тие наводи имале тенденција да ја занемарат економската и реформската ориентација, а режимот на Груевски, со т.н. процес на „антиквизација", ја поткопал македонската демократија (човекови права, слобода на медиумите) и меѓуетничката стабилност.[1113]

Меѓународната заедница инсистирала на решение поради нестабилноста во Западен Балкан. Дипломати од САД, ЕУ, Германија, Обединетото Кралство, Австрија и Словенија интервенирале на позитивен начин за изнаоѓање на заемно прифатливо решение. Овие актери не сакале да изберат страни, но нивното охрабрување за решение, понекогаш било проследено со одреден притисок.[1114]

Универзитетскиот професор Васко Наумовски, на прашањето дали смета дека била прекршена привремената спогодба за време на Самитот на НАТО во 2008 година, истакна: „Да, тоа беше потврдено и од Меѓународниот суд на правдата. Има јасна определба во Привремената спогодба каде што Грција се обврзува да не го попречува нашето членство во меѓународните организации, доколку е тоа со обраќањето на т.н. Привремена референца. Дневниот ред предвидуваше членство на Македонија токму под привремената референца и самото прекршување беше констатирано од Меѓународниот суд на правдата, но, за жал и после таа пресуда, Грција продолжи со своето однесување и дополнително прекршување на оваа спогодба".[1115]

Во интервјуто со поранешниот министер за надворешни работи на Република Македонија, Антонијо Милошоски, на прашањето дали смета дека беше прекршена Привремената спогодба за време на Самитот на НАТО во 2008 година, тој истакна: „Да, не само што сметам дека беше прекршена Привремената спогодба на НАТО

[1112] Shkaric, Svetomir. Apasiev, Dimitar. Patchev, Vladimir. *Name dispute between Greece and Macedonia*. Skopje : Matica Makedonska, 2009 (316-317)
[1113] Ivanovski, Hristijan. *The Macedonia-Greece dispute/difference over the name issue: mitigating the inherently unsolvable*. New Balkan Politics, 14, 48–80, 2013 (50)
[1114] Ibid. (51)
[1115] *Интервју со проф. д-р Васко Наумовски*, 30.05.2023, Правен факултет „Јустинијан Први". Скопје, 11 часот

Самитот во 2008 година, туку за тоа имаме и меѓународна потврда преку пресудата од Меѓународниот суд на правдата од Хаг, којшто е врховен суд на Обединетите Нации и каде што од сите присутни судии, освен ад хок судијата од Грција, којшто беше против, сите други беа за таа пресуда, едногласно беше усвоена и со самото тоа се докажа дека Грција ја повредила склучената времената спогодба каде што се обврзала да не го попречува членството на Македонија во меѓународни организации доколку во тие организации се користи привремената референца којашто Грција веќе се согласила во рамките на Обединетите Нации и Советот на Европа и други меѓународни организации“.[1116]

Во 2009 година Европската комисија препорачала отворање пристапни преговори со Република Македонија, а Грција ја блокирала таа одлука за датумот на започнување на овие разговори.[1117] По сериозното заладување на билатералните односи за времето на Владата на десницата, предводена од лидерот на Нова демократија Караманлис, во 2009-тата година власта ја освоила партијата на левицата ПАСОК, на чело со Папандреу, кој покажал поголемо разбирање и желба за затоплување на односите, независно од спорот околу името.[1118]

Груевски иницирал контакти со Јоргос Папандреу во 2009 година, но тоа не го спречило да го искористи континуираниот спор за сè поавторитарно владеење и масовно градење во Скопје. Ова вклучувало 23-метарска статуа еуфемистички наречена „Воин на коњ“, но јасно означена како симбол на Александар Велики. Искористувајќи ги финансиските средства кои земјата не можела да си ги дозволи, Груевски се обидел да се прикаже преку овие дела како бранител на македонскиот идентитет.[1119]

Во интервјуто со универзитетскиот професор Васко Наумовски, на прашањето дали беше правилна одлука на тогашната Влада или провокација за постојаните вета кои Македонија ги добиваше од Грција во процесот на евроатланските интеграции, тој истакна: „Доколку се анализираат детално сите изјави на грчките претставници и на

---

[1116] *Интервју со поранешниот министер за надворешни работи на Република Македонија, Антонијо Милошоски,* 05.07.2023, Собрание на РСМ, 10 часот
[1117] Karadzoski, Mladen. Adamczyk, Artur. *Macedonia and Her Difficult Neighbours on the Path to the EU.* Yearbook of Polish European Studies, 17, 2014 (220-221)
[1118] Ружин, Нано. *НАТО во современите меѓународни односи.* Скопје: Фондација ”Фридрих Еберт”, 2010 (225)
[1119] Fouéré, Erwan. *Progress in resolving the Greek Macedonian name dispute: Will it break the Gordian knot at last*?. Brussels: CEPS, 2018 (2)

нашите претставници во тој период, постои една изјава на тогашната грчка министерка за надворешни работи Дора Бакојани, во којашто таа вели дека дури и да не постоел во конкретниот случај проект со определени искориски елементи за коишто Грција смета дека припаѓаат на нејзината историја, Грција повторно ќе го искористи правото на вето за влез во НАТО, што покажува дека Грција беше решена да го спречи приемот на Македонија во НАТО, без разлика на тоа дали ќе постоеше ваков проект или не. Впрочем, ветото на членството во НАТО не се должеше само на овие културно-искориски градби и споменици, туку се должеше на фактот што Грција сакаше да се постигне решение за спорот за името пред приемот во НАТО и ако со времената спогодба таа со обврза да не го попречува приемот на Македонија во меѓународните организации токму како НАТО, што подоцна беше потврдено и од страна на Меѓународниот суд за правдата. Значи, не сметам дека тоа беше некаква причина за ветото. Причината за ветото беше желбата на Грција да изврши дополнителен притисок да се најде решение за името кое ќе биде во нивна полза затоа што, доколку Македонија станеше членка на НАТО и под привремената референца, Грција ќе изгубеше еден значителен дел од својата преговарачка моќ во однос на Македонија во спорот за името, што главната моќ на Грција во преговорите за името беше користењето на правото за вето за членство во НАТО и ЕУ. Доколку станевме членка на НАТО, Грција ќе изгубеше еден дел од тие свои ресурси и тој свој арсенал. Без разлика дали ќе постоеше овој проект или не, сметам дека повторно ќе добиевме вето“.[1120]

Меѓународната заедница била упорна во испраќањето критики, потпирајќи се на грчките аргументи против политиката на Владата која, според нивното мислење, ја изолирала Македонија од Европа. Извештајот на Европскиот парламент во 2010 година, за кој гласало мнозинството, потврдило дека Република Македонија нема единствена поддршка за ова конкретно прашање меѓу земји-членки на ЕУ.[1121]

Директните разговори меѓу двете страни се одвивале одвреме-навреме. Забележителни биле серија директни состаноци помеѓу премиерите Никола Груевски и Јоргос Папандреу, кои никогаш не довеле до значителни резултати. Грција се втурнала во финансиска криза почнувајќи од 2010 година, а во тој период следеле и изборни

[1120] *Интервју со проф. д-р Васко Наумовски*, 30.05.2023, Правен факултет „Јустинијан Први“. Скопје, 11 часот
[1121] Pendarovski, Stevo. *Macedonian foreign policy: 1991 – 2011,* Aspects of integral legitimacy. Skopje: Magor, University American Collage, 2012 (85)

процеси во двете земји.[1122] Во овој период не биле забележани некои непријателства поради долгогодишниот спор и односите меѓу државите, а тоа било забележано со чести преминувања на границите од страна на граѓаните на двете држави. Меѓутоа, при средби на поединци од двете страни, тие избегнале да зборуваат за „Македонија“.[1123]

Во 2011 година Меѓународниот суд на правдата пресудил дека грчкото блокирање на членството на Република Македонија во НАТО било нелегално, но оваа одлука немала големо влијание врз политиката на Атина кон Скопје. Според Атина, „интеграцијата на ПЈРМ можела да се случи доколу се решел спорот за името“. Покрај тоа што Македонија ги исполнувала условите за почеток на преговори, Грција во континуитет го блокирала секој обид да се започнат преговори со Македонија.[1124]

Атина ја користила секоја можност да ги осуди проектите за „антиквизација“ на Владата на Груевски, како главен пример на неконструктивност, национализам и културна кражба. Откако Грција го загубила случајот пред Меѓународниот судот на правдата кон крајот на 2011 година и двете соседни земји оцениле дека е време да се вратат на дипломатската арена[1125].[1126]

Во 2012 година Европскиот совет изјавил дека процесот за пристапување на Република Македонија во ЕУ зависел од повеќе реформи, меѓу кои консолидирање на добрососедските односи и решавање на спорот за името под покровителство на ООН, во посредство на претставникот на ООН Метју Нимиц. Во 2013 година биле промовирани неколку имиња, меѓу кои: Горна Република Македонија, Северна Република Македонија, Демократска Република Македонија и Вардарска Република Македонија, но овие имиња не биле прифатливи за Грција, но и за Бугарија.[1127]

Во меѓувреме, посредникот на ОН Метју Нимиц очигледно им помогнал на двете земји да го засилат темпото на преговори и да се вратат на суштинските работи. Европската комисија, преку комесарот за проширување Штефан Филе, го изразила

---

[1122] Ivanovski, Hristijan. *The Macedonia-Greece dispute/difference over the name issue: mitigating the inherently unsolvable*. New Balkan Politics, 14, 48–80, 2013 (51)
[1123] Ibid.
[1124] Karadzoski, Mladen. Adamczyk, Artur. *Macedonia and Her Difficult Neighbours on the Path to the EU.* Yearbook of Polish European Studies, 17, 2014 (221-222)
[1125] *The Court finds that Greece, by objecting to the admission of the Former Yugoslav Republic of Macedonia to NATO, has breached its obligation under Article 11, paragraph 1, of the Interim Accord of 13 September 1995.* The Hague: International court of Justice, 2011
[1126] Ivanovski, Hristijan. *The Macedonia-Greece dispute/difference over the name issue: mitigating the inherently unsolvable*. New Balkan Politics, 14, 48–80, 2013 (51)
[1127] Karadzoski, Mladen. Adamczyk, Artur. *Macedonia and Her Difficult Neighbours on the Path to the EU.* Yearbook of Polish European Studies, 17, 2014 (221-222)

својот интерес да помогне да се катализира процесот, вклучително и лансирање идеи за паралелни преговори за името на Македонија и членството во ЕУ. Додека на моменти очигледно имало поголем оптимизам од страна на медијаторот и на преговарачките страни, требало да се има предвид историската длабочина на овој спор. Кон крајот на 2012 година кружеле гласини дека Никола Груевски склучил таен договор со САД и ЕУ со кој тој требало да прифати компромис најдоцна до јуни 2013 година и дека македонската опозиција дала слично ветување дека ќе го реши прашањето доколку победи на следните вонредни парламентарни избори.[1128]

Поради преземените политики во изминатиот период, Македонија немала прогрес за членство во ЕУ. Комесарот за проширување и европска соседска политика, Штефан Филе, предложил да ги започне преговорите за пристап со ПЈРМ и да го направи нивниот понатамошен напредок условен од решавањето на проблемот со името, но неговата мисија не успеала. Поради овие настани се претпоставувало дека односите меѓу Грција и Македонија западнале во ќорсокак. Во овој момент Владата во Атина и Владата на Македонија имале непопустлив став во однос на ова прашање, а тоа придонесло да се зајакне надежта дека спорот нема да се реши во блиска иднина, со што иинтеграцијата на Македонија во ЕУ би била невозможна во овој период.[1129]

Во интервјуто спроведено со поранешниот министер за надворешни работи Антонијо Милошоски, на прашањето дали смета дека проектот Скопје 2014 беше правилна одлука на тогашната Влада или провокација за постојаните вета кои Македонија ги добиваше од Грција во процесот на евроатланските интеграции, тој истакна: „За темата 2014 година и таа флоскула за антиквизација, јас би кажал три работи: прво, Грција имаше намера во секој случај да ја блокира Македонија и доколку не беше овој проект, тогаш нешто друго ќе беше најдено како изговор. Второ, зошто сметам дека ова компаративно може да го докажеме со претходното однесување на Грција. Меѓу 1991 и 1995 година, после прогласувањето на независноста на Република Македонија, немаше никаков, условно да кажам сличен проект на антиквизација, но тоа не ја спречи Грција да наметне не само дипломатско, туку и трговско ембарго против Македонија и да ја блокира во сите можни апликации за членство во

[1128] Ivanovski, Hristijan. *The Macedonia-Greece dispute/difference over the name issue: mitigating the inherently unsolvable*. New Balkan Politics, 14, 48–80, 2013 (51)
[1129] *ЕУ вести*. пристапено на: 31.03.2023, https://www.sobranie.mk/eu-vesti-2014-ns_article-shesta-preporaka-za-makedonija-za-pocetok-na-pregovorite-za-clenstvo-vo-eu.nspx

меѓународни организации, така што се покажува дека блокадите во периодот од 2008 до 2014/15 година се само континуитет на блокадите коишто Грција ги правеше помеѓу 1991 и 1995 година. Единствено што се менува е тоа што се менуваат околностите и се менуваат изговорите којшто Грција ги користи како оправдание за веќе однапред донесената одлука да блокира. Третата поента, која е најрелевантна, бидејќи претходните две може да се сметаат како мое субјективно гледање, но третата поента е ставот на Меѓународниот суд на правдата од Хаг. Во пресудата што ја добивме во 2011 година јасно се произнесува самиот Суд дека нагласените од грчка страна т.н. провокации за антиквизација, коишто Грција ги користеше во овој спор, се отфрлени како нерелевантни бидејќи Грција се обидуваше нејзиното нелегално вето за приемот на Македонија во НАТО да го оправда со недобронамерното поведение на Македонија во други области, вклучително и проектот „Скопје 2014“, но Меѓународниот суд на правдата тоа го отфрли како неосновано тврдење и како нерелевантен аргумент. Сметам дека повеќе Грција го искористи овој проект за создавање перцепција, но суштински тој не смени ништо во веќе однапред утврдените позиции на Грција да го искористи своето членство во НАТО како алатка за блокирање и преку таа алатка за притисок за решавање на спорот за името во нивна корист“.[1130]

Во современите меѓународни односи, несогласувањето меѓу Македонија и Грција околу името било атипично и асиметрично во неговото јадро. Влогот на инволвираните страни бил од различна големина: Македонија била притисната да го смени своето уставно име, а од Грција се барало да се помири со реалноста дека нејзиниот многу помал сосед е поставен над дел од географска Македонија и треба да има право да се идентификува со него. Терминот „Македонија“ се однесува на поширок регион кој денес вклучува делови од територии на неколку балкански земји. Следствено, разумно било да се заклучи дека ниедна држава не треба да има овластување да објавува ексклузивни побарувања во однос на терминот „Македонија“ во географска, политичка, комерцијална или историска смисла.[1131]

Метју Нимиц, посредникот на ОН, постојано тврдел дека прашањата во врска со (македонскиот) „идентитет“ не биле дел на неговиот мандат. Според него, станувало

[1130] *Интервју со поранешниот министер за надворешни работи на Република Македонија, Антонијо Милошоски,* 05.07.2023, Собрание на РСМ, 10 часот
[1131] Pendarovski, Stevo. *Macedonian foreign policy: 1991-2011, Aspects of integral legitimacy.* Skopje : Magor, University American Collage, 2012 (117)

збор за формулирање на името на државата за дипломатски цели, кои не би имале влијание врз обичните граѓани: „Не преговараме за идентитетот. Да беше така, јас немаше да бидам тука“.[1132] Тој експлицитно изјавил дека не слушнал дека „грчката страна го негира идентитетот на луѓето што живеат во Македонија“.[1133] Ова било тешко да се земе како кредибилно, имајќи го предвид фактот дека грчката официјална политика околу прашањето била јасна и континуирано и јавно потенцирана, и тоа не само на интернет-страницата на Министерството за надворешни работи.[1134]

Кога премиерот Зоран Заев во 2017 година посочил дека можно било да биде Скопје, име со географска одредница, вклучително и заштита на идентитетот на македонскиот народ. Сетот на предлози на Нимиц до партиите од 17 јануари 2018 година иницирал конечен и успешен тек на преговорите, а страните биле повикани да ги разгледаат петте имиња: „Северна Македонија“, „Горна Македонија“, „Македонија –Скопје“, „Вардарска Македонија“ (реката Вардар минува низ земјата) и Нова Македонија (предложено од Венс во 1993 година и одбиено од двете страни во тоа време). Атина изразила негативен став кон Македонија – Скопје, размислувајќи дека постоела веројатност дека луѓето би се стремеле да ја исфрлат наставката Скопје. Скопје изразил негативен став кон „Нова Македонија“ од различни причини, делумно затоа што идејата за „Нова Македонија“ имплицирала дека тие биле дојденци во регионот и на тој начин би имале помала легитимна врска со регионот.[1135]

Албанското малцинство во државата имало значително влијание врз целокупниот процес, поттикнувајќи разумен компромис. Кон крајот на преговорите имало гласини за негативно влијание од Москва. Русија имала добри односи со двете земји и немала интерес, но решението на спорот значело дека Грција ќе го крене ефективното вето на Скопје, а со тоа и членството во НАТО, а Русија се спротиставувала за проширување на НАТО на кој било начин. На крајот Русија ја прифатила одлуката на двете балкански држави да ги решат своите меѓусебни

[1132] BBC (2017), *The man who has focused on one word for 23 years*, пристапено на: 17.03.2023, https://www.bbc.com/news/magazine-40781213
[1133] Marusic, Sinisa, Jakov. *Nimetz Excludes 'Identity' Issues From Macedonia Talks*, пристапено на: 17.03.2023 https://balkaninsight.com/-2018/02/01/identity-issues-not-part-of-macedonia-name-talks-nimetz 02-01-2018/
[1134] Ванковска, Билјана. *Преспанскиот договор, етницитетот и националноста*. Скопје: Филозофски факултет, УКИМ, 2019 (260)
[1135] Nimetz, Matthew. T*he Macedonian „Name“ Dispute: The Macedonian Question-Resolved*?. Nationalities Papers 48: 205–214, 2020 (212)

проблеми. Во текот на долгиот преговарачки процес, понекогаш се чинело дека медијаторот се залагал за решение повеќе од самите партии.[1136]

На крајот македонската страна се одлучила за „Република Северна Македонија“ во последните денови пред Преспа. Заедно со договорот за самото име, следело и прашањето за опсегот на неговата употреба. Нимиц, како посредник, сугерирал дека секое ново име треба да се користи на меѓународно ниво и дека уставното име Република Македонија продолжува да се користи внатрешно. Системот со двојни имиња би имал предности во однос на јавната прифатливост кај северниот сосед, а исто така веројатно немало да се бара уставен амандман. Грците биле категорични дека името треба да се применува *erga omnes*, едно име за сите намени. Ова била тешка отстапка за Скопје, но конечно се согласиле дека со erga omnes примената на новото име, би биле неопходни уставни измени. Атина се согласила да го повлече ефективното вето за апликациите на Скопје за пристапување кон Европската Унија и НАТО и активно го поддржале нејзиниот влез.[1137]

Универзитетскиот професор Васко Наумовски, на прашањето дали смета дека членството на Турција во НАТО придонесло да се извлече подобра позиција во преговарачкиот процес во споредба со позицијата на Македонија, која во тој период не била членка на НАТО, истакна: „Моќта за преговарање и притисокот што една членка на НАТО и ЕУ може да го прави е највидлив кога другата страна во билатералниот спор не е членка на тие организации. Доколку постои рамноправност во одредени меѓународни органзиации, таа не може да даде посилна преговарачка моќ на една од страните“.[1138]

Професорот Наумовски истакнува: „Во случајот помеѓу Грција и Турција, тоа најдобро се гледа таму кадешто двете се заедно во НАТО, Грција нема некоја релативно поголема преговарачка моќ, напротив: мислам дека доминацијата на турската воена моќ ѝ дава некаква предност на Турција. Додека таму каде што Турција не е членка – во ЕУ, таму Грција некогаш индивидуално, некогаш заедно со Кипар, го користи тоа право на вето и врши дополнителен притисок врз Турција. Прашање е дали

[1136] Ivanovski, Hristijan. *The Macedonia-Greece dispute/difference over the name issue: mitigating the inherently unsolvable*. New Balkan Politics, 14, 48-80, 2013 (51)
[1137] Nimetz, Matthew. *The Macedonian „Name“ Dispute: The Macedonian Question–Resolved*?. Nationalities Papers 48: 205–214, 2020 (212)
[1138] *Интервју со проф. д-р Васко Наумовски*, 30.05.2023, Правен факултет „Јустинијан Први“. Скопје, 11 часот

Турција воопшто во блиска иднина може да стане членка на ЕУ, знаејќи ги ставовите на некои други држави- членки и се чини дека и колку да се врши тој притисок, турското општество, благодарение на неговата економија, демографија и геополитика, може да опстои да биде релевантен фактор без членството на Турција во ЕУ, а Македонија, во случајот со Грција, изгуби со тоа што не беше членка во ЕУ и НАТО“.[1139]

Во интервјуто со поранешниот министер за надворешни работи на Република Македонија Антонијо Милошоски, на прашањето дали смета дека членството на Турција во НАТО придонесло да извлече подобра позиција во преговарачкиот процес во споредба со позицијата на Македонија, која во тој период не била членка на НАТО, тој истакна: „Да, во секој случај, асиметријата на членството на Грција во НАТО и ЕУ и кандидатскиот статус за членство на Македонија кон НАТО и ЕУ се одразува и како асиметрија и на дипломатскиот, политичкиот и меѓународниот потенцијал на двете држави којшто бил во полза на Грција во одреден сооднос, но, во секој случај, сметам дека и при таквата асимитерија Македонија направи сериозен напредок во своето меѓународно етаблирање со членството во многу други меѓународни организации: Обединети Нации, ОБСЕ, Совет на Европа, Меѓународен монетарен фонд, Светска банка и други огранизации. Истовремено направи голем напредок во билатералното признавање на нашето уставно име – Република Македонија. Има и еден друг парадокс во самиот однос на Грција кон Македонија пред Преспанскот договор. Парадоксот беше што Грција повторно, би кажал заради создавање перцепција, тврдеше дека Македонија има намера и може територијално да ја загрози Грција само затоа што во своето уставно име го користи терминот Република Македонија, на коешто Грција неоправдано полагаше ексклузивно право“.[1140]

Во однос на грчко-турските односи, Милошоски истакна: „Во исто време, ако ги следеме турско-грчките односи, ќе забележиме дека иако Турција и Грција се и двете членки на НАТО, реално Грција секогаш имала многу поголема воена, безбедносна и територијална закана од Република Турција, а немала никогаш ни оддалеку таква безбедносна или територијална закана од Република Македонија, којашто не била членка на НАТО. Затоа мислам дека ова е само уште еден доказ дека Грција го

[1139] *Интервју со проф. д-р Васко Наумовски*, 30.05.2023, Правен факултет „Јустинијан Први“. Скопје, 11 часот
[1140] *Интервју со поранешниот министер за надворешни работи на Република Македонија, Антонијо Милошоски*, 05.07.2023, Собрание на РСМ, 10 часот

злоупотребуваше овој наратив само за да создаде таква перцепција кај дел од меѓународната јавност и делумно да ги оправда или да ги амортизира незадоволствата коишто дел од меѓународната заедница ги имаа заради блокадите коишто Грција ги поставуваше на патот на членството на Македонија кон НАТО“.[1141]

## 4.3 Преспанскиот договор: успех за Грција и нова визија за Македонија

„*Доколку двете страни не победат, ниеден договор не може да биде траен*.“[1142]

– Џими Картер

Премиерот Алексис Ципрас и неговата левичарска партија СИРИЗА имале турбулентна прва година на функцијата, проследена со контроверзен референдум од јули 2015 година, а спорот за името со Република Македонија не бил приоритетен за Владата, па затоа не биле на дневно-политичката агенда. Во брз временски период оваа политика набрзо се променила. Подготвеноста на СИРИЗА да постигне компромисно решение за спорот за името со Скопје довело до сериозно внатрешно несогласување и видливи тензии со коалициониот партнер АНЕЛ (Независни Грци).[1143] Националистичката десничарска партија силно се спротивставувала на секакви планови за компромис по тоа прашање.[1144] Министерот за одбрана, Каменос, најавил дека нема да поддржи каков било договор со соседната „здодевна“ балканска нација, што ќе дозволи да продолжи да го користи името Македонија, освен ако тоа не биде одобрено од грчкиот народ преку референдум или општи избори.[1145]

Односот на јавното мислење за спорот за името во Грција се чини дека бил емотивно поврзан, но и исполнет со парадокси. Прашањето за името се сметало за прашање од најголемо национално значење што треба да се реши што поскоро, бидејќи секое одложување може да им наштети на грчките интереси, со што води кон тоа ПЈРМ да биде меѓународно призната како Република Македонија. Во исто време постоело целосна неподготвеност да се постигне секаков вид компромис од Грција,

[1141] *Интервју со поранешниот министер за надворешни работи на Република Македонија, Антонијо Милошоски*, 05.07.2023, Собрание на РСМ, 10 часот
[1142] *Jimmy Carter*, пристапено на: 12.10.2022, https://www.azquotes.com/quote/50075
[1143] Armakolas I., Bandovic I., Bechev D., Webe B. *North Macedonia: What's next*?. Open Society European Policy Institute. 2019 (4)
[1144] Satanakis, Sofia Maria. *Greece and the Former Yugoslav Republic of Macedonia: The Prespa Agreement. What comes next*, пристапено на: 26.03.2022, https://www.aies.at/download/2018/AIES-Fokus_2018-06.pdf
[1145] Armakolas I., Bandovic I., Bechev D., Webe B. *North Macedonia: What's next*?. Open Society European Policy Institute. 2019 (4-8)

која барала ексклузивно право на името Македонија. Овој став на Грција во изминатите години се докажал дека ги поттикнува националистичките тенденции во земјата, а карактеристи-чен пример за тоа било ветото на Атина за прием на Република Макеонија во НАТО во 2008 година.[1146]

Република Македонија, во декадата помеѓу 2006 и 2016 година, на Владата на премиерот Никола Груевски и ВМРО ДПМНЕ ја трансформирале државата во авторитарна држава и се воделе со јасно националистичка агенда, додека во исто време требала да се справи со различни политички скандали, како што била корупцијата и пристрасниот судски систем и деградацијата во слободата на печатот. Владата била најмногу критикувана за својата политика на т.н „антиквизација“, обид да се тврди дека античките историски симболи и фигури како Филип II и кралот Александар Македонски ги сметале за свои, акција која постојано подгревала тензии со јужниот сосед Грција.[1147]

Во македонското општество, во периодот 2016 и 2017 година, настанале крупни промени во демократизацијата, проследени со објавување на „бомбите“ од незаконското прислушкување во државата, анти-владините протести и Шарената револуција, кои биле еден своевиден белег на овој период којшто придонесол за пад на Владата на ВМРО ДПМНЕ, предводена од Никола Груевски.[1148]

После изборот на новиот премиер Зоран Заев и СДСМ, ситуацијата драстично се променила. Претседателот Ѓорге Иванов одбил со недели да му го даде мандатот на Заев за да формира Влада, иако тој го имал мнозинство во Парламентот, но, по голем меѓународен притисок, конечно новата Влада ја презела својата работа. Реформската коалициска Влада зазела силна прозападна стратегија, насочена кон зајакнување на демократијата и владеењето на правото, а влезот во ЕУ и НАТО биле ставени како главна надворешна политика на Владата и приоритет за наредните години.[1149]

---

[1146] Satanakis, Sofia Maria. *Greece and the Former Yugoslav Republic of Macedonia: The Prespa Agreement. What comes next*, пристапено на: 26.03.2022, https://www.aies.at/download/2018/AIES-Fokus_2018-06.pdf
[1147] Ibid.
[1148] Ibid.
[1149] Ibid.

Република Македонија јасно се обврзала кон европскиот пат, пред сѐ со потпишување на билатерален „Договор за пријателство, добрососедство и соработка“ со соседна Бугарија во август 2017 година.[1150]

Наредната година, 2018-тата, била плодна и поволна за решение на долгогодишниот спор за името помеѓу Република Македонија и нејзиниот јужен сосед, Грција.

Во јуни 2018 година, по 27 години преговори, Владите на Република Македонија и Грција го потпишале договор за решавање на таканаречениот „спор за името“ за употребата на терминот „Македонија“. Договорот стави крај на еден од најдолгите регионални спорови и се очекувало да ја деблокира интеграцијата на Македонија во НАТО и ЕУ, каде Грција стави вето на нејзиното членство во 2008 година. Сепак, целосниот успех на договорот сѐ уште бил неизвесен, со постојаниот домашен отпор во двете земји и бил реален предизвик во регионален и геополитички контекст.[1151]

Во 2018 година премиерот на Републиката на Македонија Зоран Заев истакнал дека неговата земја конечно била подготвена за решавање на спорот со Грција, т.е. да додаде географска одредница до нивното име, што довело до извонредна промена во преговарачкиот процес кој беше западнат во ќорсокак. На 17 јуни 2018 година двете соседни држави отвориле нова страница во нивните билатерални односи, со кои се насочиле дека ќе стават крај на непријателствата од минатото. Министрите за надворешни работи на двете земји го потпишале Преспанскиот договор, со којшто Република Македонија го промени своето име во Република Северна Македонија за севкупна употреба, а тоа придонесе официјално да е разрешен еден од најстарите спорови на Балканот, поточно тридецениските спор помеѓу Грција и Македонија. За таа цел во Македонија беше спроведен и консултативен референдум во есента 2018-та година.[1152]

Универзитетскиот професор Васко Наумовски, во интервјуто, на прашањето дали се чекаше посебен временски период за прифаќање на името Северна Македонија,

---

[1150] Satanakis, Sofia Maria. *Greece and the Former Yugoslav Republic of Macedonia: The Prespa Agreement. What comes next*, пристапено на: 26.03.2022, https://www.aies.at/download/2018/AIES-Fokus_2018-06.pdf
[1151] Koneska, Cvete. *The Macedonia Name Dispute: A Few Drivers and Spoilers of Success*. Insight Turkey Vol. 21, No. 2, 2019 (51)
[1152] Satanakis, Sofia Maria. *Greece and the Former Yugoslav Republic of Macedonia: The Prespa Agreement. What comes next*, пристапено на: 26.03.2022, https://www.aies.at/download/2018/AIES-Fokus_2018-06.pdf

кое беше споменато уште во 1994 година како можно компромисно решение, истакна: „Од почетокот на 90-тите до постигнувањето на договорот со Грција, ние имавме една ситуација во која Македонија имаше огромен број држави кои ја признаваат по нејзиното тогашно уставно име Република Македонија, во голем број меѓународни организации исто така бевме примени под тоа име, на многу спортски натпревари, и меѓународни и билатерални, бевме претставени под тоа име. Културните настани исто така ни одеа во прилог и она што беше најголема наша предност во тој период е тоа што преку повеќе елементи, кампањи, активности, ние успеавме да го пробиеме името Македонија на едно повисоко ниво и преку кампањите за инвестиции на државата и преку кампањите за развој на туризмот. Едноставно светот сѐ повеќе слушаше за Македонија под името Македонија“.[1153]

Профсорот Наумовски истакна: „Да не заборавиме дека и добар дел од државите членки на ЕУ и на НАТО, меѓу кои и САД, Руската Федерација, Народна Република Кина билатерално нѐ признаваа под името Македонија и се чувствуваше дека Грција едноставно го губи тлото под нозете и се соочува со сѐ поголем број држави за коишто ние бевме Македонија и сметам дека, доколку продолжевме со една силна дипломатска активност, ќе имавме многу подобра позиција на крајот“.[1154]

Името Северна Македонија било споменано уште во 1994 година како можно компромисно решение. Во интервјуто спроведено со поранешниот министер за надворешни работи на Република Македонија, Антонијо Милошоски, на прашањето дали смета дека се чекаше посебен временски период за прифаќање на ова име, тој истакна: „Имало во различни периоди различни предлози, но мислам дека тоа што беше сериозно ослабување на македонските позиции и отстапување од, условно кажано, изградениот повеќепартиски континуитет во изминатите 30 години по однос на спорот со Грција е што во 2018 година македонската Влада се согласи на структурно решение коешто наложи и менување на Уставот. Затоа што ако се договарате за одредено решение коешто би било користено во меѓународните организации, како што претходно се создаде одредена пракса со привремената референца Поранешна Југословенска Република Македонија, но го зачувате суверенитетот на Уставот, тогаш таквото решение може да биде сметано како

[1153] *Интервју со проф. д-р Васко Наумовски*, 30.05.2023, Правен факултет „Јустинијан Први“. Скопје, 11 часот
[1154] *Интервју со проф. д-р Васко Наумовски*, 30.05.2023, Правен факултет „Јустинијан Први“. Скопје, 11 часот

поповолно за Македонија, а по однос на самата референца јас сум забележал дека од грчка страна најголемото нивно залагање било некоја референца како што е „нова“ или „северна“ или „горна“ Македонија да стои исклучиво пред името Македонија. Никогаш не им одговарале одредени идеи коишто се разгледувале и во коишто можното решение предвидувало употреба на некоја референца пред терминот Република или после името Македонија, во заграда или со тире или без заграда. Зошто ова го нагласувам – затоа што инсистирањето одредена референца да стои пред терминот Македонија има задна намера во грчката тактика, а таа задна намера е со ваквата структурна референца пред името Македонија да се продолжи да се деградира идентитетскиот концепт на името Македонци, македонски јазик, македонска култура и слично, со тоа што во иднина очекувам да се прави притисок и билатерален и меѓународен, референцата да биде користена за создавање на нов дериват од референцата и името, за создавање на еден нов идентитет којшто би бил поврзан истовремено и со референцата, а не само со името Македонија. Затоа сметам дека структурата на ова решение не е поволно“.[1155]

Спорот за името на Македонија бил еден од понеобичните меѓународни конфликти. Спорот за името на Македонија опфаќал прашања кои оделе во срцето на идентитетот на еден народ и чувството за безбедност на една нација. Во овој случај, името на новата независна држава вклучувал длабоки прашања поврзани со идентитетот на два различни народи и нивните различни погледи на историјата, културата и иднината на нивниот регион. Решавањето на спорот за „името“ меѓу Грција и Република Македонија создавал нова можност за поконструктивни односи и посигурно балканско соседство.[1156]

Договорот од Преспа, кој бил решение за спорот и основа за нов почеток, бил потпишан на брегот на Преспанското Езеро кое се протега меѓу двете земји. Треба да се напомене дека овој договор не бил широко поддржан во ниту една земја и едвај го добил потребниот број гласови и во Грција и кај нејзиниот северен сосед. „Македонското прашање“ претставува стратешка, повеќедимензионална контроверза што била актуелна на европската агенда од XIX век, иако сега генерално се гледа како

[1155] *Интервју со поранешниот министер за надворешни работи на Република Македонија, Антонијо Милошоски,* 05.07.2023, Собрание на РСМ, 10 часот
[1156] Nimetz, Matthew. *The Macedonian „Name“ Dispute: The Macedonian Question—Resolved?.* Nationalities Papers 48: 205–214, 2020 (205-206)

проблем кој во голема мера е решен со Договорот од Преспа, не постои гаранција дека контроверзноста за името нема да се разгори, подготвен и да предизвика допонителни проблеми во иднина.[1157]

Кога министрите за надворешни работи на Репубика Македонија и Грција го потпишале договорот, насочен кон решавање на долгогодишниот „спор за името" меѓу двете земји, реакциите во домашната и меѓународната јавност се движеле од неверување и одбивање, до честитки. Ставањето крај на билатерален спор што доминирал во надворешниот дел на македонската политика од независноста влијаел врз надворешната политика и клучните меѓународни партнери како што се НАТО и ЕУ, повлекло тешки одлуки во име на двете влади.[1158]

Македонската Влада се согласила да го смени името на државата во „Северна Македонија", голема отстапка и за многу Македонци потег што покажува дека Грција „победила" во спорот. Новото име е и за внатрешна и за меѓународна употреба, вклучително и на форуми и во билатерални односи со земјите кои веќе ја признале Македонија како Република Македонија. Грчката Влада се обврзала да го отповика своето вето во НАТО и ЕУ и да даде поддршка на Македонија за членство во овие организации. Грција ја прифатила употребата на терминот „Македонија" во означување на националноста и јазикот во Македонија. Двете страни се обврзале да ги подобрат меѓусебните односи и заемно да работат за да се искоренат иредентистички тенденции и говорот на омраза во двете држави.[1159]

Во конечниот договор[1160] за решавање на македонско-грчкиот спор за името и за стратешко партнерство е наведено дека конечната спогодба за решавање на разликите, опишани во резолуциите 817(1993) и 845 (1993) на Советот за Безбедност на Обединетите Нации за престанување на важноста на привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување стратешко партнерство меѓу страните. Првата страна, Грција („Првата страна") и Втората страна, која беше примена во Обединетите Нации согласно резолуцијата 47/225 од 8 април 1993 година на Генералното собрание на

[1157] Nimetz, Matthew. The Macedonian „Name" Dispute: The Macedonian Question—Resolved?. Nationalities Papers 48: 205–214, 2020 (205-206)
[1158] Koneska, Cvete. *The Macedonia Name Dispute: A Few Drivers and Spoilers of Success*. Insight Turkey Vol. 21, No. 2, 2019 (51-52)
[1159] Ibid.
[1160] *Prespa Agreement. 2018*. „Final Agreement for the Settlement of the Differences as Described in the United Nations Security Council Resolutions 817 (1993) and 845 (1993), the Termination of the Interim Accord of 1995, and the Establishment of a Strategic Partnership Between the Parties, June 17, 2018." пристапено на: 09.09.2023, https://www.un.org/pga/73/wp-content/uploads/sites/53/2019/02/14-February-Letter-dated-14-February-2019.pdf

Обединетите Нации („Втората страна“), заедно именувани како „Страните“, се повикани на начелата и целите на Повелбата на Обединетите Нации, Завршниот документ од Хелсинки од 1975 година, релевантните акти на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) и вредностите и начелата на Совет на Европа.[1161]

Во спогодбата било наведено дека двете држави треба да се воздржат од закана и употреба на сила против територијалниот интегритет или политичката независност на која било држава. Двете страни биле согласни за потребата од зајакнување на мирот, стабилноста, безбедноста и натамошното унапредување на соработката во Југоисточна Европа. Разликите биле решени во согласност со Резолуцијата 817 (1993) од 7 април 1993 година, Резолуцијата 845(1993) од 18 јуни 1993 година, „на Советот за безбедност, членот 5 од Привремената спогодба од 13 септември 1995 година на достоинствен и одржлив начин, имајќи ги предвид важноста на прашањето и чувствителностите на секоја страна, со заложба да ги зајакнат, прошират и продлабочат своите билатерални односи и да постават цврсти темели за зајакнување и почитување на добрососедските односи и за развивање на нивната севкупна билатерална соработка.[1162]

Целта на договорот било зајакнување и проширување на билатералната соработка и надградување на нивото на стратешко партнерство во областите на земјоделството, цивилната заштита, одбраната, економијата, енергијата, животната средина, индустријата, инфраструктурата, инвестициите, политичките односи, туризмот, трговијата, прекуграничната соработка и транспортот преку призма на придобивките од постоечките мерки за градење на довербата. [1163]

Договорот бил составен од три дела и ги опфаќал следниве поглвја: решавање на разликата околу името, зацврстување на добрососедските односи, интензивирање и збогатување на соработката меѓу двете страни и решавање на спорови.[1164]

Преговорите за Договорот од Преспа биле во раце на двајцата министри за надворешни работи. Министерот за надворешни работи Никос Коѕијас имал

---

[1161] *Договор за решавање на македонско – грчкиот спор за името и за стратешко партнерство*, пристапено на: 14.03.2023, https://www.vlada.mk/node/17422
[1162] Ibid.
[1163] Ibid.
[1164] Ibid.

долгорочна визија, во која Грција требала да игра поважна улога во југоисточна Европа. Решавање на спорот за името со северниот сосед на Грција, заедно со решавањето на некои отворени прашања со Албанија, биле суштински чекор во позиционирањето на Грција за таа улога. Таа политика била позиционирана високо на неговата агенда. Тој лично подготвил многу од одредбите на договорот и ја артикулирал грчката позиција. Министерот за надворешни работи Никола Димитров бил добро упатен во проблемот со името бидејќи бил претставник во претходните разговори. Двајцата дипломати ги постигнале своите најважни цели и ги поттикнале преговорите да се фокусираат на она што може да се добие. Крајната заслуга ја имале двајцата премиери кои утврдиле дека било време да се реши овој спор и дека би го ставиле својот политички кредибилитет на линија за да се постигне тој резултат. Личниот однос што го развиле двајцата премиери дозволил прашањето директно да оди до нив во неколку ситуации кога преговорите биле соочени со застој. Процесот на ратификација во двете земји бил тежок. Опозицијата била жестока во однос на ова прашање.[1165]

Меѓу најзначајните одредби на договорот биле: договореното име за Република Македонија било „Република Северна Македонија“, што ќе се користи *erga omnes*, а краткото име ќе биде „Северна Македонија“. Националноста била утврдена да биде: Македонец /државјанин на Република Северна Македонија. Официјален јазик останува да биде македонскиот јазик. Уставот на Македонија требало да се смени до крајот на 2018 година и да се вклучи новото име во сите области. Она што го одредувало текстот била посебна диференцијација помеѓу „македонската“ или „словенската“ култура и „хеленската“ култура. Со договорот се правело одделување помеѓу двете култури, нагласувајќи дека не постои врска помеѓу нив, без разлика дали се однесува на историјата, цивилизацијата, културата и наследството. Зборовите „заеднички вредности“, „заедничко наследство“ или „еднаквост“ не се појавиле никаде во текстот на конечниот договор, и покрај фактот што договорот се водел од принципите на „демократија, основни слободи, почитување на човековите права и достоинство“, во согласност со соодветните конвенции на ОН, ОБСЕ и Советот на Европа.[1166]

[1165] Nimetz, Matthew. *The Macedonian „Name“ Dispute: The Macedonian Question—Resolved?.* Nationalities Papers 48: 205–214, 2020 (213)
[1166] Fouéré, Erwan. *Progress in resolving the Greek Macedonian name dispute: Will it break the Gordian knot at last?*. Brussels: CEPS, 2018 (3)

Договорот предвидувал формирање заеднички интердисциплинарен комитет на експерти за историски, археолошки и образовни прашања и Совет за соработка на високо ниво за унапредување на соработката во стопанството, транспортот, образованието, културата и многу други области.[1167]

Во однос на Преспанскиот договор, универзитетскиот професор Васко Наумовски истакнува: „Се претпоставуваше дека какво и да е решениет,о Македонија ќе биде страната што ќе изгуби, затоа што предмет на преговори беше разликата што ја имавме за името на нашата држава, а не името на Грција. Доколку пристапевме со еден поконзистентен и поаргуменитран пристап, не само во овој спор, туку севкупно во нашите односи со државите членки на НАТО и ЕУ, мислам дека ќе можевме да добиеме подобар резултат. Тука имаше и внатрешно-политички моменти коишто не одеа во прилог на една широка конзистента и сеопфатна наша преговарачка позиција, но во преговорите во меѓународните односи, честопати државите како нашата се соочуваат со предлози и притисоци што се наметнуваат од другите центри на моќ и секој нареден предлог е полош од претходниот, односно одбивањето на еден предлог за решавање на меѓународен спор може да донесе уште полош предлог понатаму. Доколку останевме конзистентни на нашиот став и понатаму, можеби ќе добиевме и полош предлог, меѓутоа можеби и некои други околности од друга страна, како што е, на пример руско-украинската војна и руската агресија врз Украина, значително ќе ги зајакнеа позициите на оние кои што велеа дека Македонија мора да стане членка на НАТО и без решение на спорот за името. Несфатлива беше попустливоста со којашто пристапи тогашната македонска дипломатија и доколку имате ситуација на две преговарачки страни, од кои едната страна не отстапува ништо, а другата отстапува сѐ, тогаш е многу полесно да се изврши притисок врз, условно речено, послабата страна и страната што е порасположена да направи отстапки и, од тој контекст, сметам дека ние можевме да имаме подобро решение од она што го потпишавме“.[1168]

Во интервјуто спроведено со универзитетскиот професор Александар Спасеновски во однос на неговиот став кон Преспанскиот договор, тој истакнува: „Спорот помеѓу Македонија и Грција имал долга предисторија, практично од создавањето на независна Македонија до 2019 година. Тој ги обременуваше

[1167] Fouéré, Erwan. *Progress in resolving the Greek Macedonian name dispute: Will it break the Gordian knot at last?*. Brussels: CEPS, 2018 (3)
[1168] *Интервју со проф. д-р Васко Наумовски*, 30.05.2023, Правен факултет „Јустинијан Први“. Скопје, 11 часот

билатералните односи помеѓу двете држави, од една страна, меѓутоа,, од друга страна, исто така влијаеше многу негативно во однос на меѓународното етаблирање на државата како во однос на членството во НАТО така и во однос на интеграцијата во Европската Унија. Од денешна перспектива сметам дека моментумот за решавање на македонско-грчкиот спор политичарите пропуштија да го доловат, да го сфатат и да ги земат предвид во едни минати времиња заради тоа што државата можеше да се избори тогаш и за подобро решение коешто многу повеќе ќе ги валоризираше интересите на државата, наспроти ова решение од 2019 година и потпишувањето на Преспанскиот договор. Независно од карактерот на одредбите од фактот дека има голем број одредби со кои граѓаните не се согласуваат, особено во делот на нацијата, во делот на историјата, во делот на трговските марки итн. Она кое што е важно да се нагласи со овој договор беше постигната една голема цел, а тоа е да се спречи инфлацијата на лошите вести во односите помеѓу Македонија и Грција и тоа е можеби неговата најголема придобивка. Спречувањето на инфлацијата на лошите вести помеѓу двете држави доведе и до членство на Македонија во НАТО и до вкупно подобрување на билатералните односи и до зголемување на трговијата, меѓусебната размена и до почеток на една нова ера во меѓусебните политички односи. Во таа смисла сметам дека ова е многу важно да се истакне и во ова светло би сакал да ви укажам во однос на одредени квантитативни параметри по серија истражувања на јавното мислење коишто ги правиме од 2021 година до денес, го следиме и ставот на граѓаните во однос на Преспанскиот договор. Она што можеме да го забележиме е следново: дека граѓаните, вкупно јавноста, покажува извесен отпор кон Преспанскиот договор, сè уште е релативно мал бројот граѓани коишто го прифаќаат овој договор и се движи некаде отприлика околку 1/3 од вкупниот дел на населението. Меѓутоа, на прашањето, независно од карактерот на Преспанскиот договор, дали сметате со неговото потпишување односите помеѓу двете држави се подобруваат, позитивните одговори во континуитет се зголемуваат. Така, на пример, ако во 2022 година само 30% од населението сметале дека односите помеѓу Македонија и Грција се подобруваат со потпишувањето на Преспанскиот договор, една година подоцна 37,2% од населението смета дека односите помеѓу Република Македонија и Грција се подобруваат со потпишуањето на Преспанскиот договор“.[1169]

[1169] *Интервју со проф. д-р Александар Спасеновски*, 13.06.2023, Правен факултет „Јустинијан Први“. Скопје, 10 часот

Во Северна Македонија се случиле важни уставни измени со вклучување на народен референдум и гласови во Парламентот.[1170] Договорот од Преспа имал и свои последици и во грчкото и во македонското општество. На 16 јуни 2018 година во грчката Влада се гласало за недоверба на премиерот Ципрас.[1171] Гласањето било неуспешно, но оваа одлука следела по постигнатиот договор со Скопје. Наредните месеци биле проследени со протести и негодувања и во Грција и во Македонија. Ова сигнализирало дека СИРИЗА и СДСМ можат да се соочат со последици на идните избори поради договорот.[1172]

Претседателот на Македонија Иванов истакнал дека не го прифаќа, а воедно и нема никаква врска со овој договор, став што го делела главната опозициска партија ВМРО ДПМНЕ. Овие изјави биле очекувани поради политичката поделба меѓу Владата и опозицијата. Ситуацијата дополнително ја разбранувале гласините дека македонската Влада не ги почитувала сопствените црвени линии во преговорите, односно дека нема да прифати каква била промена во Уставот.[1173] Покрај непријателската реторика и протести, договорот успешно ја надминал првата пречка преку обезбедување на 2/3 мнозинство во Парламентот.[1174] Владата често била обвинувана за недоволна транспарентност во преговарачкиот процес за спорот за името.

Одговорноста и задачата на Владата била голема, бидејќи требала да ја убеди јавноста за позитивниот аспект на постигнатиот договор со Грција, а воедно требала да ги убеди граѓаните дека македонскиот идентитет и култура остануваат недопрени со овој договор.

Според Константинос Цакалидис: „Договорот од Преспа се очекува да го поплочи патот на интеграција на Северна Македонија во Европската Унија“.[1175] Владата во Северна Македонија продолжила да го спроведува договорот дури откако референдумот за него, во септември 2018 година, не бил успешен. Договорот од

---

[1170] Nimetz, Matthew. *The Macedonian „Name“ Dispute: The Macedonian Question—Resolved?*. Nationalities Papers 48: 205–214, 2020 (214)
[1171] Satanakis, Sofia Maria. *Greece and the Former Yugoslav Republic of Macedonia: The Prespa Agreement. What comes next,* пристапено на: 26.03.2022, https://www.aies.at/download/2018/AIES-Fokus_2018-06.pdf
[1172] Fouéré, Erwan. *Progress in resolving the Greek Macedonian name dispute: Will it break the Gordian knot at last?*. Brussels: CEPS, 2018 (4)
[1173] Ibid.
[1174] Satanakis, Sofia Maria. *Greece and the Former Yugoslav Republic of Macedonia: The Prespa Agreement. What comes next,* пристапено на: 26.03.2022, https://www.aies.at/download/2018/AIES-Fokus_2018-06.pdf
[1175] Koneska, Cvete. *The Macedonia Name Dispute: A Few Drivers and Spoilers of Success*. Insight Turkey Vol. 21, No. 2, 2019 (56)

Преспа отворил неколку прашања за внатрешно-политички поделби во Македонија, опаѓачката моќ на ЕУ во Западен Балкан, евроскептицизмот и еволуирачко геополитичкото опкружување во Балканот. Крајниот успех на Договорот од Преспа зависел од домашни и надворешни фактори откако двата парламента би го ратификувале самиот документ. Напредокот со членството во НАТО одел со побрзо темпо, а одлуката за започнување на разговорите за пристапувањето во ЕУ била предвидена до јуни 2019 година. Договорот бил ратификуван од двата парламента во февруари 2019 година, а Алијансата упатила покана за членство. Сепак, противењето за Преспанскиот договорот сè уште било силно во двете земји.[1176]

Договорот од Преспа од јуни 2018 година бил главен пробив во „спорот за името" меѓу Македонија и Грција. По повеќе од 25 години преговори под покровителство на ОН и ќорсокак во текот на изминатата деценија, владите на двете земји постигнале компромис за ова прашање. Решавањето на спорот имал потенцијал да ја трансформира надворешната политика на Република Северна Македонија. Овој договор ја отворил можноста за деблокирање на пристапувањето кон ЕУ и НАТО, како главни надворешно-политички приоритети на земјата од независноста.[1177]

Договорот придонесол за подобрување на соседските односи со изнаоѓањето на заемно прифатливо решение за долгогодишниот спор, но имплементацијата на договорот зависела од домашната јавност.

Неуспешниот референдум во септември 2018 година покажал дека има длабоки поделби внатре, во македонското општество, со кои Владата треба да се справи доколку сака одржливо решение за спорот за името. Во спротивно, на крајот секое негативно дејствување можело да го поткопа договорот и неговата имплементација. Процесот на имплементација на Договорот од Преспа, сепак, немало да биде доволен за целосно деблокирање на Македонија за кандидатура за влез во ЕУ. Напредокот во борбата против корупцијата и зајакнувањето на владеењето на правото ќе останат клучни приоритети за понатамошен напредок во пристапувањето во ЕУ.[1178]

Во својот говор на пленарната седница во Парламентот, пред гласањето за ратификацијата на ПД, Ципрас изјавил: „Петтата работа што ја добивме и којашто ја

[1176] Koneska, Cvete. *The Macedonia Name Dispute: A Few Drivers and Spoilers of Success*. Insight Turkey Vol. 21, No. 2, 2019 (52)
[1177] Ibid. (60-61)
[1178] Ibid.

сметам за најважна, е дека грчката традиција и историското наследство од античката грчка Македонија се втемелени на најјасен, правно обврзувачки начин“.[1179] Никола Димитров во 2018 година јасно нагласил: „во согласност со конструктивистичкото разбирање на нацијата – сите нации се конструкти“.[1180]

Според проф. д-р Билјана Ванковска, успехот на грчкиот проект за градење нација е резултат на наметната „грчкост“ на сите етнички групи, за сметка на нивните малцински права. На крајот, оригинално асиметричниот спор сега станувал асиметричен и во уште еден аспект: македонската страна, божемно, го прифаќала конструктивизмот како своја позиција, додека сиот историски фолклор и романтичен национализам ѝ биле препуштени на Грција.[1181]

Во интервјуто спроведено со поранешниот министер за надворешни работи на Република Македонија Антонијо Милошоски, на прашањето каков е неговиот став кон Преспанскиот договор и дали смета дека Македонија изгуби премногу во споредба со Грција во тоа компромисно решение, тој истакна: „Преспанскиот договор сметам дека е многу асиметричен. Таа асиметрија се забележува дека грчката страна во самиот Преспански договор успеа да си протне најголем дел од нивните позиции, додека македонската страна беше таа којашто направи енормно големи политички, национални, па и идентитетски отстапки. Сметам дека самиот Преспански договор не е соодветно направен затоа што, при склучувањето на истиот, македонската страна не инсистираше во него да бидат вметнати делови од пресудата на Меѓународниот суд на правдата во Хаг, како врховно тело за судска арбитража помеѓу две земји членки на Обединетите Нации, ги занемари тие принципи на Меѓународниот суд на правдата и потпиша нешто што го релативизираше капиталот на Македонија граден 30 години на дипломатско и на меѓународно ниво, како што беа, на пример, 139 признавања на уставното име од страна на земји-членки на Обединетите Нации од 1991 година па до 2018 година, до склучувањето на Преспанскиот договор. Исто, еден голем недостаток, би рекол, дури и мешање во личните права на чувството на граѓаните дел во Македонија дел во Грција е што со овој Преспански договор се дефинира што е тоа идентитет, што се подразбира при користењето на терминот македонски, се ограничува

---

[1179] Koneska, Cvete. *The Macedonia Name Dispute: A Few Drivers and Spoilers of Success*. Insight Turkey Vol. 21, No. 2, 2019 (60-61)
[1180] Ibid.
[1181] Ванковска, Билјана. *Преспанскиот договор, етницитетот и националноста*. Скопје: Филозофски факултет, УКИМ, 2019 (261-262)

употреба на одредени имиња, идентитетски, културни или јазични симболи, што сметам дека е сериозно навлегување на просторот на човекови и малцински права и во рамките на Македонија, но и во рамките на соседна Грција којашто сѐ уште не признава постоење на какви било малцинства на нивна територија".[1182]

Договорот од Преспа сѐ уште се смета за пат кој ја води напред Северна Македонија кон аспирациите за пристап во ЕУ, и покрај неодамнешните неповолни исходи на тој план. Од друга страна, договорот од Преспа сѐ уште генерира значителни поделби меѓу македонска јавност. Ова е особено видливо кај етничките македонски граѓани кои се длабоко поделени во нивната проценка за добрите и лошите страни од исходите на Договорот од Преспа. Постои значителна поделба во перцепциите помеѓу две најголеми етнички групи во земјата. Етничките Албанци имаат позитивни ставови за договорот од Преспа. Спротивно на тоа, речиси половина од етничките Македонци имаат негативна перцепција за исходите од договорот од Преспа.[1183]

Од грчка страна има јасни знаци на умереност во ставовите, но во исто време за некои клучни прашања мислењата на мнозинството остануваат отфрлачки или помалку компромитирачки. Покрај тоа што главниот надворешно-политички фокус е на Турција, односите со Северна Македонија имаат одредена тежина и за јавното мислење. Мнозинството Грци се противат на идејата за компромисот за името, но процентот на оние кои го отфрлаат е намален, наспроти зголемениот процент на оние кои го прифаќаат компромисното решението. Се претпоставува дека има промена во ставовите и за Договорот од Преспа, бројот на оние кои ги прифаќаат аргументите сметаат дека ги темелат врз прашањето за етничката припадност и јазикот. Мнозинството Грци го сметаат договорот како болен, но неопходен компромис, а повеќето испитаници сметаат дека договорот го поткопува националниот интерес.[1184]

Поддржувачите на ПД тврдат дека токму член 7 е од есенцијално значење, поради тоа што го регулира правото на двете страни да го користат името, секоја страна на свој начин. Тоа имплицирал дека секоја страна му дава сопствено и различно

---

[1182] *Интервју со поранешниот министер за надворешни работи на Република Македонија, Антонијо Милошоски*, 05.07.2023, Собрание на РСМ, 10 часот
[1183] Armakolas, Ioannis. Damjanovski, Ivan. Siakas, George. *The prospects of the Prespa Agreement public perceptions in North Macedonia and Greece*. Skopje, Athens : Konrad Adenauer Stiftung, 2021 (2)
[1184] Ibid.

значење и тоа во контекст на својата историја, културното наследство и јазикот, како дел на нешто што го профилира идентитетот.[1185]

Повеќето Грци сметале дека договорот ѝ бил наметнат на Грција од странски сили и практично сите меѓународни актери вклучени во посредничките напори за спорот за името ефикасно ја фаворизирале страната на Северна Македонија и работеле против грчките интереси.[1186] Се тврдело и дека од Македонија се барало да плати неоправдано висока цена заради преговорите за влез во ЕУ, а други сметале дека вредела таа цена. Ова било спор кој од самиот почеток немал еднаков терен за игра. Грција ги користела сите можности да се покаже дека, како членка на НАТО и ЕУ, може да ги диктира условите на преговорите. Текстот на конечниот договор остава впечаток на еднostран договор, при што најголем дел од обврските требало да ги преземе само едната страна – Македонија.[1187]

Во јавното истражување спроведено во Грција, во однос за односите меѓу двете држави и решението за спорот за името, се чинело дека е високо емотивно, притоа полно со парадокси и недоследности. Грчката јавност сметала дека прашањето за името било од големо значење и како такво, Грците мислеле дека тоа прашање требало да се реши поскоро, бидејќи секое одложување им штети на грчките интереси. Доколку не се изнајдело решение, „ПЈРМ“ би била призната меѓународно како Македонија. Но, во исто време, грчката јавност се чинело дека била тотално неподготвена за компромиси за да се спречи таков негативен развој кога во прашање било копромисно решение кое би го вклучувало терминот „Македонија“. Процентот на оние кои одбивале каква било референца на терминот „Македонија“ во анкетата за 2018 година, дури е и поголем од мнозинството во 2016 година. Тогаш, прашањето било нагласено, но не било на врвот на политичката агенда.[1188]

Во 2018 година прашањето се вратило во полн ек и било приоритет на владите и партиите, станувајќи дел од дневно-политичката агенда и вестите, со што длабоко се зголемила одбивноста кон оваа тема. Недоследностите и парадоксите можеле да се

---

[1185] Ванковска, Билјана. *Преспанскиот договор, етницитетот и националноста*. Скопје: Филозофски факултет, УКИМ, 2019 (262)
[1186] Armakolas, Ioannis. Damjanovski, Ivan. Siakas, George. *The prospects of the Prespa Agreement public perceptions in North Macedonia and Greece*. Skopje, Athens : Konrad Adenauer Stiftung, 2021 (3)
[1187] Fouéré, Erwan. *Progress in resolving the Greek Macedonian name dispute: Will it break the Gordian knot at last*?. Brussels: CEPS, 2018 (2)
[1188] Armakolas, Ioannis. Siakas, George. *What's in a name? Greek Public Attitudes towards the „Name Dispute“ and the Former Yugoslav Republic of Macedonia in 2018*. Athens: Hellenic Foundation for European and foreign policy (ELIAMEP), 2018 (27)

објаснат со емоционални и политички аргументи. Грчкото јавно мислење се чинело сензибилизирано и чувствително во различни димензии на овој проблем, кој не е секогаш видлив за надворешни лица.[1189]

Во интервјуто спроведено со универзитетскиот професор Димитри Сотиропуос, каков е неговиот став кон Договорот од Преспа и дали смета дека Северна Македонија изгуби премногу во споредба со Грција во тоа компромисно решение, тој истакна: „Договорот од Преспа беше неопходен и корисен за двете земји кои потрошија премногу дипломатски ресурси во Атина и Скопје. Двете земји беа вклучени во симболични, а не суштински спорови долго време по 1991 година. Ниту една земја не беше целосно задоволна од Договорот од Преспа, но исходот беше многу подобар отколку да немаме договор“.[1190]

Во интервјуто со универзитетскиот професор Васко Наумовски, на прашањето дали смета дека Преспанскиот договор придонесол за нормализирање на односите меѓу двете држави и дали смета дека овој договор ќе продолжи да опстојува, тој истакна: „Договорот придонесе за извесен степен на нормализација помеѓу, пред сè би рекол политичките елити, имајќи предвид дека на секојдневно ниво помеѓу двете општества надвор од политиката не се чувствуваше дека постои анимозитет или омраза помеѓу двата народи. Дали тој ќе продолжи да опстојува, зависи од политичките елити на двете страни. Ние имавме една ситуација во Грција кога тогашната грчка опозиција се противеше на овој договор, откако дојде на власт, како да се помири и продолжи да го реализира, што покажува дека дури и тие порадикални десничарски националистички политички сили во Грција се согласни дека тој договор е добар за Грција. Кај нас од потпишување на Преспанскиот договор немало промена на власта и ќе видеме дали после евентуална промена власта би имало промени во тој погед и дали некоја идна политичка елита ќе направи некој чекор во насока на елиминирање на некои од штетните последици со овој договор“.[1191]

Во интервјуто со унверзитетскиот професор Александар Спасеновски, на прашањето дали Преспанскиот договор придонесе за нормализирање на односите меѓу двете држави и дали смета дека овој договор ќе продолжи да опстојува, тој истакна:

---

[1189] Armakolas, Ioannis. Siakas, George. *What's in a name? Greek Public Attitudes towards the „Name Dispute" and the Former Yugoslav Republic of Macedonia in 2018.* Athens: Hellenic Foundation for European and foreign policy (ELIAMEP), 2018 (27)
[1190] *Интервју со проф. д-р Димитри Сотиропулос*, 21.07.2023, Интервју преку интернет платформа, 20 часот
[1191] *Интервју со проф. д-р Васко Наумовски*, 30.05.2023, Правен факултет „Јустинијан Први“. Скопје, 11 часот

„Сметам дека, независно од спорните елементи, овој договор придонесе да се нормализираат односите. Спорните елементи на овој договор ги гледаме во два дела. Овој договор излегува надвор од рамките на спорот којшто го имавме со Република Грција. Спорот се однесуваше на разликите околу името, а договорот беше сеопфатен и опфаќа и делови коишто се однесуваат на историјата, јазикот, трговските марки, меѓусебната размена итн. Станува збор за еден договор што излегува надвор од рамките на природата на спорот што го имавме“.[1192]

Професорот Спасеновки истакна: „Независно од сето тоа, сметам дека тој доведе до навистина едно големо подобрување на односите и сметам дека истиот ќе опстојува и во иднина, не заради нешто друго, туку заради фактот што имам чувство дека четири години по неговото потпишување, климата во однос на потребата на неговото почитување и во Грција и во Македонија е навистина на едно завидно ниво. Имам впечаток дека дури и грчките политичари, особено доколку е анализирано од аспект на нивната политичка провиненција, можеме да заклучиме дека се прилагодија кон тој договор. Иако договорот го склучи левицата, денеска во Грција десниот центар Неа Демократија е на власт и можеме да забележиме позиции, чекори, постапки коишто одат на линија на почитување на тој договор и на афирмирање на неговите придобивки. Од друга страна, иако левицата е сè уште на власт во Македонија, партијата којашто го потпиша Преспанскиот договор не можеме да забележиме последниве години изјави, позиции, ставови на десниот центар на партијата којашто очекува да дојде на власт кои одат на линија на ревидирање, поништување и повлекување на Македонија од овој договор. Накратко, овој договор ги нормализира односите, а воедно сметам и дека договорот ќе продолжи да опстојува“.[1193]

Во интервјуто спорведено со поранешниот министер за надворешни работи на Република Македонија Антонијо Милошоски, на прашањето дали смета дека Преспанскиот договор придонесе за нормализирање на односите меѓу двете држави и дали смета дека овој договор ќе продолжи да опстојува, тој истакна: „Да ја земеме како паралела улогата на Привремената спогодба од септември 1995 година во споредба со Преспанскиот договор, значи постоењето на секој договор најчесто создава услови за делумно релаксирање на односите, но затоа е битно каков ќе биде договорот, бидејќи

[1192] *Интервју со проф. д-р Александар Спасеновски*, 13.06.2023, Правен факултет „Јустинијан Први“. Скопје, 10 часот
[1193] *Интервју со проф. д-р Александар Спасеновски*, 13.06.2023, Правен факултет „Јустинијан Први“. Скопје, 10 часот

договорот трае подолго секогаш од кој било договор и секоја страна треба да се избори за сѐ подобри позиции во самиот договор. Времената спогодба, иако беше несовршена, сепак создаде еден период на намалување на тензиите и воспоставување релативно нормална комуникација помеѓу Македонија и Грција и така и овојпат со договорот од Преспа и зачленувањето на Македонија во Северноатланската лијанса очекувам дека овој договор во следниот период, до одреден степен, ќе ги амортизира тензиите на коишто сме сведочеле претходно“.[1194]

Дали тоа ќе значи беспрекорни односи помеѓу Македонија и Грција засекогаш врз основа на Преспанскиот договор, Милошоски одговори: „Не сум сосема сигурен затоа што доколку се засили динамиката на македонските интеграции во Европската Унија, тогаш во тој контест очекувам Грција да направи дипломатски и политички напори за дополнителен притисок врз Македонија заради тоа што грчката власт или политичка номенклатура смета дека не успеала целосно да го освои како идентитетски код и да го преземе преку Преспанскиот договор, да продолжи да притиска да се издејствува во текот на македонските преговори за членство во Европската Унија“.[1195]

Поранешиот министер за надворешни работи Милошоски истакна: „Сметам дека во овој период кога Македонија има други политички теми поврзани со Бугарија или со нешто друго и самата европска перспектива, поврзана заради заморот на Брисел, не е приоритет на ЕУ во овој момент и ќе биде период во којшто ќе имаме релативна нормализација во македонско-грчките односи и секојдневна комуникација, но во периодот кога ќе се интензивира македонското приближување кон полноправно членство во Европската Унија, тогаш ќе бидеме сведоци повторно на грчки опструкции и одредени тактички блокади коишто ќе имаат за цел дополнително да делуваат во насока Македонија да направи отстапки по однос на одредени идентитетски обележја на коишто Грција полага право за ексклузивно користење“.[1196]

Во интервјуто со професорот Александар Спасеновски, на прашањето дали смета дека Преспанскиот договор придонесе за признавање на автокефалноста на МПЦ-ОА, тој истакна: „Сметам дека една од придобивките на Преспанскиот договор е

[1194] *Интервју со поранешниот министер за надворешни работи на Република Македонија, Антонијо Милошоски*, 05.07.2023, Собрание на РСМ, 10 часот
[1195] *Интервју со поранешниот министер за надворешни работи на Република Македонија, Антонијо Милошоски*, 05.07.2023, Собрание на РСМ, 10 часот
[1196] *Интервју со поранешниот министер за надворешни работи на Република Македонија, Антонијо Милошоски*, 05.07.2023, Собрание на РСМ, 10 часот

токму признавањето на канонскиот статус на Македонската православна црква од страна на Вселенската патријаршија. Имено, нерешавањето на проблемот со името ќе го одолговлекуваше и натаму решавањето на црковното прашање и обратно, решавањето на проблемот со името придонесе да се реши црковното прашање. Во таа смисла ефектите од Преспанскиот договор, во смисла на неговото прфаќање од страна на граѓаните на Република Македонија, треба да се гледаат и во светло на остварување на оваа цел на државата. Заради тоа што МПЦ е еден од носечките елементи, една од идентитетските обележја на оваа држава и признавањето на канонскиот статус не е само придобивка на црквата, таа е придобивка и за државата. Оваа држава во 2003/04 година во Собранието усвои посебна Декларација за автокефаниот статус на МПЦ-ОА. Со таа Декларација за првпат законодавната власт во нашата држава се произнесува во однос на прашања коишто се однесуваат на црквата. Ако знаеме дека секуларизмот ни кажува дека црквата е одвоена од државата, односно дека државата е одвоена од црквата и дека тие два ентитета меѓусебе не си влијаат во нивните активности, овој пример со оваа декларација ни зборува дека во македонскиот случај не е баш така. МПЦ е уставна категорија, Собранието има донесено посебна декларација, сите досегашни премиери, влади, собранија имале некакви потези во минатото кои биле на линија на лобирање за признавање на автокефалниот статус на МПЦ. Тоа ни зборува и тоа ни е нам доказ дека црквата е еден од столбовите на државноста и колку е посилен тој столб, толку е посилна државата“.[1197]

Професорот Спасеновски истакна: „Призавањето на канонскиот статус на МПЦ од страна на Вселенаската патријаршија, на 9 мај 2022 година, придонесе да се зајакне тој црковен столб на којшто почива македонската држава и оттаму треба да правиме алузија, ако треба да правиме анализа и да извлекуваме заклучоци, одговорот би бил дека Преспанскиот договор одигра важно влијание во насока на надминување на преостанатите, би рекол политички теми и овозможи Вселенската патријаршија, на тој сега веќе историски ден – 9 мај 2022 година, да донесе одлука за признавање на канонскиот статус на Православната црква. Во оваа смисла само да укажам дека, според анкетите што ги правиме, исто така го имаме поставено и ова прашање: дали сметате дека решавањето на спорот за името доведе до признавање на канонскиот статус на МПЦ – ОА од страна на Вселенската патријаршија, при што 30% од

[1197] *Интервју со проф. д-р Александар Спасеновски*, 13.06.2023, Правен факултет „Јустинијан Први“. Скопје, 10 часот

граѓаните одговориле позитивно дека решавањето на спорот со името или потпишувањето на Преспанскиот договор доведе и до тоа да биде решено и македонското црковно прашање“.[1198]

Европската Унија недвосмислено го истакнува значењето на Договорот од Преспа и посветеноста кон Западен Балкан, со цел да се спречи развојот на политички вакум. Република Македонија била од стратешко значење за безбедноста на ЕУ поради локација во центарот на т.н. балканска рута, која била актуелизирана со многуте мигранти кои бегале од земјите во војна. Ситуацијата би се подобрила доколку Република Северна Македонија ги започне преговорите за членство во Европската Унија. Одлуката за отворање на преговорите во летото 2019 година би била од пресудно значење за Северна Македонија, ЕУ и Балканот.[1199]

Во интервјуто со универзитетскиот професор Димитри Сотиропулос, на прашањето дали смета дека Договорот од Преспа придонесе за нормализирање на односите меѓу двете земји и дали овој договор ќе продолжи да постои, тој истакна: „Договорот од Преспа придонесе за нормализирање на односите меѓу двете земји. Договорот ќе продолжи да постои сѐ додека траат бавните преговори за технички прашања (трговија, земјоделство итн.) и до степен до кој следната Влада во Северна Македонија, која ќе произлезе од изборите во 2024 година во Северна Македонија, не се обидува да го измени Договорот. Во грчкиот Парламент најголемите партии и Владата го поддржуваат Договорот и ќе продолжат да го прават тоа“.[1200]

Договорот од Преспа го отвори патот за Северна Македонија да ги започне преговорите за официјално членство во ЕУ, а воедно ја отвори вратата на земјата за да се приклучи во Трансатлантската алијанса. За време на Самитот на НАТО во Брисел на 11/12 јули 2018 година, Владата во Скопје официјално била поканета да започне разговори за пристапување.

Договорот од Преспа се смета за клуч што може да ја отвори вратата до траен мир и помирување во овој проблематичен регион. Овој процес заслужува посебно внимание: менување на срцата и размислувањата на грчките и македонските граѓани

[1198] *Интервју со проф. д-р Александар Спасеновски*, 13.06.2023, Правен факултет „Јустинијан Први“. Скопје, 10 часот
[1199] Satanakis, Sofia Maria. *Greece and the Former Yugoslav Republic of Macedonia: The Prespa Agreement. What comes next,* пристапено на: 26.03.2022, https://www.aies.at/download/2018/AIES-Fokus_2018-06.pdf
[1200] *Интервју со проф. д-р Димитри Сотиропулос*, 21.07.2023, Интервју преку интернет платформа, 20 часот

подеднакво, ќе биде доста тешко поради врските со етничкиот и културниот идентитет, но и националната гордост и затоа несомнено ќе потрае некое време. Затоа е особено важно што договорот од Преспа опстојува и континуирано е поддржан од двете земји.[1201]

## 4.4 Заклучок

Распадот на Југославија започнува со отцепувањето на Хрватска и Словенија на 25 и 26 јуни 1991 година. На 8 септември 1991 година независност издвоила и Социјалистичка Република Македонија. Главен услов на Грција за признавање на новата држава било да не се се именува како „Република Македонија", да се откаже од своите територијални претензии и да го повлече своето тврдење за постоење на македонско малцинство во Грција.

После осамостојувањето и по прогласувањето на независна држава Република Македонија, во грчкото општество се подигнала внатрешна тензија. Осамостојувањето и создавањето на независна Република Македонија било исклучителен пример, а можеби и преседан во светската историја.

Грчката Влада сметала дека Уставот на државата, усвоен на 20 ноември 1991 година, содржи иредентистички елементи. Преамбулата на Уставот била спорна, затоа што во неа се тврдело дека државата почива врз државно-правните традиции на Крушевската Република и историските одлуки на АСНОМ. Крушевската република била поврзана со Илинденското востание, кое според териториите опфаќала дел од современата грчка Македонија.

Грција се спротивставила на членот 3 поради можноста за промена или анексија на нови територии. Грчкото несогласување за членот 49 било дека републиката се грижи за статусот и правата на членовите на македонскиот народ во соседните земји. Ова било сфатено како мешање во грчката внатрешна политика и провокација, со оглед на фактот дека Владата и сите поголеми политички партии не го признаваат постоењето на такво малцинство во грчката држава.

[1201] Satanakis, Sofia Maria. *Greece and the Former Yugoslav Republic of Macedonia: The Prespa Agreement. What comes next*, пристапено на: 26.03.2022, https://www.aies.at/download/2018/AIES-Fokus_2018-06.pdf

Спорниот елемент во името на државата било во контекст на историјата. Македонија, според нивното тврдење, била составен дел на грчкиот идентитет. Проблемот или македонското прашање, како што е често наречено во Грција, ги вклучува и трите други елементи: Устав, државни симболи и употреба на историјата.

На 13 септември 1995 година во Њујорк била потпишана Привремена спогодба од грчкиот министер за надворешни работи Каролос Папуљас, македонскиот министер за надворешни работи Стево Црвенковски и Сајрус Венс, специјален пратеник на генераленот секретар на ОН. Договорот од самиот почеток се сметал за привремен сѐ додека не биде договорено трајно решение на името на Република Македонија. Во тој период било договорено промена на симболот на знамето на Република Македонија, поточно сонцето од Вергина. Новото знаме на Република Македонија го задржало „сонцето" како национален симбол, но во нова форма која не наликувала на античките обележја.

Во јануари 2005 година Република Македонија добила статус на кандидат за членство во Европската Унија, но датумот за отворање на преговорите не бил одреден поради нерешениот спор со Грција. Зближувањето на Македонија со ЕУ следело како резултат на напорите на европските земји да ја стабилизираат ситуацијата на Балканот проследена со последиците од конфликтот во Република Македонија од 2001 година.

Во однос на реформскиот процес во државата, Република Македонија имала делумен напредок, но главна причина за овој исход бил сѐ уште нерешениот спор за името меѓу Грција и Репубика Македонија.

Со доаѓањето на власт на Никола Груевски и ВМРО ДПМНЕ, односите помеѓу двете држави бележат тренд на уназадување поради заострената националистичка реторика, политизација на археолошките артефакти и антиквизацијата. Во 2008 година на Самитот на НАТО Грција ставила вето за прием во Алијансата на Република Македонија, а како причина бил наведен нерешениот спор помеѓу државите.

Меѓународните актери биле насочени кон посредување и лобирање за изнаоѓање компромис за спорот помеѓу Грција и Република Македонија. Во 2012 година Европскиот совет изјавил дека процесот за пристапување на Република

Македонија во ЕУ зависел од повеќе реформи, меѓу кои консолидирање на добрососедските односи и решавање на спорот за името под покровителство на ООН.

Во 2013 година биле промовирани неколку имиња меѓу кои: „Горна Република Македонија“, „Северна Република Македонија“, „Демократска Република Македонија“ и „Вардарска Република Македонија“. Овие имиња не биле прифатливи за Република Македонија, Грција, но и за Бугарија.

Во развојот на односите помеѓу Грција и Република Македонија била забележана стагнација и статус-кво ситуација, поради дијаметрално спротивставените ставови на двете влади во државите и неможноста за изнаоѓање компромисно решение. Во 2017 и 2018 година била забележана тенденција на промена на оваа ситуација.

Во 2018 година, после долг процес на преговори и консултации, изнајден е компромис за решавање на тридеценискиот спор помеѓу Грција и Република Македонија. Со ова компромисно решение името на државата Република Македонија е променато во Република Северна Македонија.

Меѓу најзначајните одредби на договорот биле договореното име за Република Македонија да биде „Република Северна Македонија“, што ќе се користи *erga omens*. Националноста, според договорот, била формулирана како: Македонец /државјанин на Република Северна Македонија. Официјален јазик останува да биде македонскиот јазик. Уставот на Македонија требало да претрпи измена до крајот на 2018 година и новото име на државата да се вклучи во сите области. Во текстот од договорот била извршена посебна диференцијација помеѓу „македонската“ или „словенската“ култура и „хеленската“ култура. Целта на одделувањето на овие две култури била да се нагласи дека не постои врска помеѓу нив, без разлика дали се однесува на историјата, цивилизацијата, културата и наследството.

После повеќе од 25 години преговори под покровителство на ОН, владите на двете земји постигнале компромисно решение. Решавањето на спорот имало потенцијал да ја трансформира надворешната политика на Република Северна Македонија. Овој договор ја отворил можноста за деблокирање на пристапувањето кон ЕУ и НАТО, како главни надворешно-политички приоритети на земјата од независноста.

Договорот од Преспа опфаќа транзиција, аранжмани за промена на името, поддршка од Грција на процесот за прием на Северна Македонија кон НАТО, отворање на процесот на преговори за пристапување во ЕУ, области на соработка помеѓу двата соседа по економски, културни, образовни, политички, безбедносни прашања и методологија за справување со прашања за спорното културно наследство.

Имплементацијата на Преспанскиот договор е во тек во двете општества. Без разлика дали тоа е успех или не, дали Грција и Северна Македонија навистина ги решиле нивните разлики и дали македонското прашање кое датира децении наназад е конечно решено, ќе остане идните генерации детално да го утврдат.

Грчко-македонските односи во текот на овој четириесетгодишен период биле испреплетени со чести опструкции, тензии, долги преговори и ретки компромиси. Грција успеала да биде доминантна во многу случаи и да ја води својата надворешна политика според сопствените интереси, без да прави отстапки во однос на спорните прашања.

Грчкото членство во ЕУ и НАТО успешно го искористила како механизам за опстркции кон соседната држава. Преспанскиот договор придонесол за нормализација на односите помеѓу двете држави и можност Северна Македонијсоа да продолжи кон понатамошна интеграција на евро-атлантскиот пат. Нивните односи, после потпишувањето на Преспанскиот договор, се класифицирани за добрососедски, но потребна е поголема соработка во духот на пријателските односи за прифаќање на моменталната ситуација во двете општества.

## 5. ЗАКЛУЧОК НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Транзицијата на грчкото општество во 1974 година е портата што поврзува две различни епохи во историјата на XX век во Грција. Внатрешната и надворешната турбуленција и екстензивното надворешно мешање, заедно ја обликувале системската физиономија на Грција. Во текот на XX век, Грција доживеала значителни промени во своите надворешни и внатрешни односи.

Проектот за градење нација, „Мегали идејата“ и длабоките расцепи меѓу ројалистите и републиканците, а подоцна и комунистите и крајната десница, создале чувство на политички крајности на двата краја на спектарот. Тие поделености во грчкото општество се присутни и денес.

Во овој четиридецениски период, што беше и цел на истражувањето, Грција ретко успева да се стабилизира и создава системи на екстремни спротивности. Соодве*тно на тоа, грчкото национално мото е „Ελευθερία ή Θάνατος“ (Eleftheria í thánatos), „слобода или смрт“.

Караманлис, како премиер на Грција во периодот после 1974 година, успеал да ја врати демократијата на парадигматичен начин, легализирајќи ја Комунистичката партија. Во 1974 година завршила грчката монархија, а Грција станала република со Уставот од 1975 година. Тоа бил почеток на тековниот период на Третата грчка република. Караманлис на власт бил во периодот од 1974 до 1980 година, кога бил избран за претседател на Републиката.

Во јануари 1981 година, Грција станала полноправна членка на Европската Заедница. Во 1980-тите години доминирала социјалистичката партијата ПАСОК, под водство на нејзиниот лидер Андреас Папандреу. Тој управувал со Грција од 1981 до 1996 година, со краток прекин во периодот од 1989 до 1993 година, кога конзервативната партија Нова демократија се вратила на власт со лидерот на либералните реформи Константин Мицотакис.

Доминацијата на ПАСОК продолжила и после смртта на Папандреу со реформистичкото општествениот демократ Костас Симитис, на чело на премиерската

функција. Осумгодишниот мандат на Симитис бил обележан со високи стапки на раст и пристапување на Грција кон еврозоната, но без поголеми структурни реформи.

Следниот премиер на Грција, Костас Караманлис од Нова демократија, се соочил со најголемата економска и финансиска криза која сериозно го нарушила демократското владеење во државата. Караманлис загубил на изборите во 2009 година од ПАСОК, предводена од Јоргос Папандреу. Негова главна задача била да се справи со должничката криза.

Во мај 2010 година Грција склучила договор за спас со земјите од еврозоната и ММФ. Оттогаш следеле спасувачки пакети, проследени со заеми за Грција од вкупно над 250 милијарди евра. Усвоените мерки за штедење, договорени меѓу Грција и нејзините доверители, довеле до фискална консолидација, но тоа ја стагнирало економијата. Првите договори за спас биле спроведени од ПАСОК, а потоа од две коалициони влади формирани од Нова демократија и ПАСОК.

Во периодот на 2014 година Грција водела процес на закрепнување, но целокупната политичка ситуација во државата придонесла за промена во политичкиот спектар во грчкото општество. Овој период придонесол за брз продор и победа на радикална левица СИРИЗА. СИРИЗА се обидела повторно да преговара поповолни мерки со кредиторите за економски спас на државата, но третиот договор за спас вклучувал дури и построги мерки за штедење од претходните.

После долг временски период на владеење на НД и ПАСОК, тие преминале како опозициски партии во Грција. Главни приоритети на мандатот на Алексис Ципрас биле надгледување на преговорите за грчката должничка криза, иницирање референдум за спас на Грција и справување со европската мигрантска криза. За време на мандатот на Ципрас бил решен спорот за името со Република Македонија и државата го промени името со додавање на географска одредница – Република Северна Македонија. Решавањето на тридецениското спор со соседната држава бил единствениот разрешен билатерален спор во овој временски интервал.

Односите меѓу црквата и државата во Грција биле обликувани со Уставот од 1975 година, а биле изменети во 1986 година. Грчката православна црква, уште од формирањето на грчката држава, ја уживала предносната положба да биде доминантна

религија во грчкото општество. Во Грција досега немало одвојување на црквата од државата и покрај обидите за време на владеењето на екстремно левичарските партии.

Силниот печат на православието врз грчкиот национален идентитет, различните позиции на Вселенската патријаршија и на Грчката православна црква влијаеле врз понатамошниот тек на односите со соседните држави.

Грчката православна црква, за време на Христодулос, го сметала грчко-турскиот конфликт како ривалство и значаен дел од грчкиот национален и православен религиозен идентитет, спротивставувајќи се на сите напори за интеграцијата на Турција во ЕУ.

Вселенската патријаршија, предводена од Вартоломеј, не го смета грчко-турскиот конфликт како дефинирачки елемент на грчкиот идентитет. Овој став ги потенцирал аспирациите за прием на Турција во ЕУ, како светла точка за понатамошно решавање на постојните спорови меѓу државите.

Во овој период религиозите актери се однесувале повеќе како државни службеници или политичари за промовирање на државните интереси и ставови на нивната политичка клиентела, наместо како верски лидери за поттикнување на решавање конфликти, мир и толеранција.

Грчката православна црква игра важна улога во грчкото општество. Таа има големо влијание и моќ да влијае врз голем дел од населението и во формирањето на јавното мислење за најразлични теми. Надворешно-политичките прашања често се решаваат со реализам и геополитика. Во овој домен, црквата има ограничена способност да се влијае на резултатите, бидејќи е само една од играчите на јавната сцена.

Историската еволуција на грчко-балканските односи ја карактеризирале деликатни ситуации и многу турбуленции. Балканскиот регион бил проследен со нестабилност, што придонесло за некои од најпознатите инциденти од XX век. Грција била активно вклучена во обидот да ја обликува околината и да го покаже своето лидерство, фокусирајќи се на стабилизација на регионот преку пристапување во ЕУ.

Крајот на Студената војна и распадот на Југославијапредизвикува големо политичко- безбедносно поместување на Балканот. После 1991 годин,а покрај заладените односи на Грција со Албанија и Турција, на листата непријателски држави била ставена и Република Македонија поради спорот со името на државата.

Грчко-албанските односи после крајот на Втората светска војна не биле класифицирани како добри и двете земји припаѓале на спротивни политички блокови. Малцинските прашања честопати биле тема на дискусија во двете општества поради значителниот број Грци кои живееле во Албанија и Албанци кои живееле во Грција. Оваа тема често била поларизирана од двете општества поради политички поени. Грција во континуитет ја условувала Албанија со опструкции поради нејзините повластени позиции како член на ЕУ и НАТО.

Членството на Албанија во НАТО придонесло за нова можност за соработка меѓу двете држави. После членството на Албанија во НАТО во 2009 година и претстојната грчка економска криза, Грција почна да ѝ дава приоритет на својата дипломатија во изнаоѓање решенија за економските и финансиските проблеми.

Грчко – албанските односи во текот на овој четириесетгодишен период биле испреплетени со низа соработки и опструкции, но Грција успевала да биде доминантна и да ја води својата надворешна политика со Албанија според сопствените интереси, без да прави отстапки во однос на спорните прашања. И покрај тоа што двете држави се членки на НАТО и нивните односи се класифицирани како пријателски, помеѓу нив сѐ уште останувaат отворени прашања.

Историјата на современите грчко-турски односи се карактеризирала со низа подеми и падови, или како „студена војна без крај“. Грчко-турските односи долго време претставуваат горливо прашање на европската, а и воопшто, на меѓународната политика. Нивните односи се извор на нестабилност и претставуваат потенцијална точка на воен конфликт и ривалство.

Во ерата по Студената војна опсегот на грчката надворешна политика дополнително се проширил со членството во ЕУ. Грчките приоритети биле дефинирани од политички, економски и безбедносни цели. Главната грижа за Грција

била насочена пред сè кон Турција. Грција активно го користела нејзиното членство во ЕУ за притисок врз Турција за нивните нерешени спорови.

Кипарскиот спор бил еден од најкритичните проблеми со кои се соочуваат грчко-турските односи, каде што и двата соседи дошле на работ на војна, поради егејските интереси во неколку наврати во изминатите четири децении. Со инвазијата на островот во 1974 година, трајната окупација на дел од островот, а подоцна и прогласувањето на Турска Република Северен Кипар, призната само од Турција, довело до сé поголема нетрпеливост и заладување на односите меѓу Грција и Турција. Перцепцијата за т.н. турска закана за Грција сè уште продолжува. Грција ефективно се обидувала да ги користи меѓународните организации, особено ЕУ, како обезбедувач на безбедност.

„Безбедносната дилема" над Егејот довела до трка во вооружување помеѓу Грција и Турција. Егејскиот спор е збир на меѓусебно поврзани контроверзни прашања за суверенитетот и релевантни права во обласка на Егејското Море меѓу Грција и Турција. Овој спор имал голем ефект врз грчко-турските односи од 1970-тите години. Од 1998 година двете земји биле поблиску до надминување на тензиите преку низа дипломатски мерки, особено со цел да се олесни пристапот на Турција во Европска Унија. До денес разликите околу применливото решение остануваат нерешени.

Во однос на европската интеграција, Грција станала полноправна членка во ЕЗ во 1981 година. Турција, од друга страна, аплицирала за полноправно членство во 1987 година. На почетокот процесот бил забавен поради економски и политички причини. Грција, како држава член на ЕЗ и НАТО, ја користи својата позиција во мултидимензио-нална политика кон другите балкански земји за да изврши влијание врз одредени политики во нејзина корист.

Бегалската криза од 2015 година била трауматско искуство за грчкото општество и го поместила дотогашниот тек на настани во Грција, но и во Европа. Односите помеѓу ЕУ и Турција биле често напорни и проследени со обвинувања дека не се придржуваат кон договореното во однос на моменталната криза. Се претпоставува дека Турција ги третира мигрантите како форма на оружје против ЕУ, а тоа, само по себе, носело голем ризик од ескалација натензиите меѓу Атина и Анкара.

Грција била сè позагрижена поради губењето суверена контрола врз островите во Егејското Море.

Грчко-турските односи во текот на овој четириесетгодишен период биле испреплетени со опструкции, тензии и ретки компромиси. Грција успеала да биде доминантна во многу случаи и да ја води својата надворешна политика со Турција според сопствените интереси, без да прави отстапки во однос на спорните прашања. Членството во ЕУ успешно го искористила како механизам за опстркции кон соседната држава. Покрај тоа што двете држави се членки на НАТО и нивните односи се класифицирани за коректни, помеѓу нив сè уште остануваат отворени голем број на прашања.

Грчко-македонските односи и македонското прашање во процесот на меѓународното признавање на Република Македонија повеќе од две и пол децении, го привлекуваат вниманието на земјите од ОН, ЕУ и светската јавност. Условот на Грција за признавање на новата држава бил дека не треба да инсистира да се именува како „Република Македонија“, да се откаже од територијални претензии и да го повлече своето тврдење за постоење на македонско малцинство во Грција.

Со потпишувањето на Привремена спогодба делумно се нормализирале односите помеѓу двете држави, било симнато ембаргото од страна на Грција, а државата била условувана со референцата Поранешна Југословенска Република Македонија (ПЈРМ), сè до изнаоѓање компромисно решение за спорот.

Во овој период било договорено промена на симболот на знамето на Република Македонија, поточно сонцето од Вергина. Новото знаме на Република Македонија го задржала „сонцето“ како национален симбол, но во нова форма која не наликувала на античките обележја.

Во јануари 2005 година Република Македонија добила статус на кандидат за членство во Европската Унија, но датумот за отворање на преговорите не бил одреден поради нерешениот спор со Грција. Зближувањето на Македонија со ЕУ следело како резултат на напорите на европските земји да ја стабилизираат ситуацијата на Балканот, проследена со последиците од конфликтот во Република Македонија од 2001 година.

Во однос на реформскиот процес во државата, Република Македонија имала делумен напредок, но главна причина за овој исход бил сè уште нерешениот спор за името меѓу Грција и Република Македонија. Во 2008 година, на Самитот на НАТО, следело вето од страна на Грција за прием во Алијансата на Македонија, како резултат на нерешениот спор и заладените односи помеѓу двете држави. Во развојот на односите помеѓу Грција и Република Македонија била забележана стагнација и статус-кво ситуација поради дијаметрално спротиставените ставови на двете влади во државите и неможноста за изнаоѓање компромисно решение.

Во 2017 и 2018 година била забележана тенденција за промена на оваа ситуација. Во 2018 година, после долг процес на преговори и консултации, беше изнајден компромис за решавање на тридеценискиот спор помеѓу Грција и Република Македонија. Со ова компромисно решение името на државата Република Македонија било променато во Република Северна Македонија.

Решавањето на спорот има потенцијал да ја трансформира надворешната политика на Република Македонија. Овој договор ја отворил можноста за деблокирање на пристапувањето кон ЕУ и НАТО, како главни надворешно-политички приоритети на земјата од независноста. Без разлика дали тоа е успех или не, дали Грција и Северна Македонија навистина ги решиле нивните разлики и дали македонското прашање кое датира децении station наназад било конечно решено, ќе остане за идните генерации детално да го утврдат.

Грчко – македонските односи, во текот на овој четириесетгодишен период, биле испреплетени со чести опструкции, тензии, долги преговори и ретки компромиси. Грција успеала да биде доминантна во многу случаи и да ја води својата надворешна политика според сопствените интереси, без да прави отстапки во однос на спорните прашања.

Грчкото членство во ЕУ и НАТО успешно го искористила како механизам за опструкции кон соседната држава. Преспанскиот договор придонесол за нормализација на односите помеѓу двете држави и можност Северна Македонија да продолжи кон понатамошна интеграција на евро-атлантскиот пат. Односите после потпишувањето на Преспанскиот договор се класифицирани за добрососедски, но потребна е поголема

соработка во духот на пријателските односи за прифаќање на моменталната ситуација во двете општества.

Со претходните изнесени факти и аргументи во докторската дисертација, се потврдува тезата којашто беше поставена на самиот почеток дека внатрешно-политичките случувања и политиката на Грција од падот на хунтата до Преспанскиот договор, во периодот од 1974 до 2018 година, имаат влијание врз односите со соседните држави Албанија, Македонија и Турција. Грчката внатрешна и надворешна политика, во периодот од падот на хунтата до Преспанскиот договор, е еден исклучителен пример на трансформација на целокупното општество. Тој период на транзиција и општествена трансформација, благодарение на грчката позиција во меѓународните односи, придонесува да извлече големи придобивки во споредба со останатите држави од опкружувањето, а воедно да биде и дипломатски лост на Балканот. Понатамошниот тек на односите со соседните држави и нејзината позиција во Европската Унија и на Балканот ќе останат да се истражат во некои идни научно-истражувачки трудови.

# Додатоци

## ИЗБОРИ, ВЛАДЕАЧКИ ПАРТИИ, ПРЕМИЕРИ И ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА ГРЦИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1974 ДО 2018 ГОДИНА

*Овој додаток ги наведува датумите на изборите, претстојните влади, премиерите и претседателите во Грција во периодот од 1974 до 2018 година*

- 1974, ноември, НД (Константин Караманлис)
- 1977, ноември, НД (Константин Караманлис)
- 1981 година, октомври, ПАСОК (Андреас Папандреу)
- 1985 година, јуни, ПАСОК (Андреас Папандреу)
- 1989 година, јуни, НД, КЛП (Цанис Цанетакис)
- 1989, ноември, НД, ПАСОК, КЛП (Ксенофон Золотас)
- 1990 година, април, НД (Константин Мицотакис)
- 1993 година, октомври, ПАСОК (Андреас Папандреу)
- 1996 година, септември, ПАСОК (Костас Симитис)
- 2000 година, март, ПАСОК (Костас Симитис)
- 2004 година, март, НД (Костас Караманлис)
- 2007 година, септември, НД (Костас Караманлис)
- 2009 година, октомври, ПАСОК (ЈоргосПапандреу)
- 2012, јуни, НД, ПАСОК, ДЕМАР (Антонис Самарас)
- 2015, јануари, СИРИЗА, АНЕЛ (Алексис Ципрас)
- 2015, септември, СИРИЗА, АНЕЛ (Алексис Ципрас)

## *Претседатели на Грција во периодот од 1974 до 2018 година*

- ✓ 18.12.1974 – 19.7.1975 Михаил Стасинопулос (Нова демократија)
- ✓ 19.7.1975 – 10.5.1980 Константинос Цацос (Нова демократија)
- ✓ 10.5.1980 – 10.3.1985 Константин Караманлис (Нова демократија)
- ✓ 10.5.1985 – 30.5.1985 Јоанис Алеврас (ПАСОК)
- ✓ 30.5.1985 – 04.5.1990 Христос Сарцетакис (независен)
- ✓ 5.5.1990 – 10.3.1995 Константин Караманлис (Нова демократија)
- ✓ 10.3.1995 – 12.3.2005 Константинос Стефанопулос (независен)
- ✓ 12.3.2005 – 13.3.2015 Каролос Папуљас (ПАСОК)
- ✓ 13.3.2015 – 13.3.2020 Прокопис Павлопулос (Нова демократија)

*Политичките партии кои учествуваа во владите во Грција за време на овој период*

- ❖ НД (Нова демократија, централно-десничарска партија основана од Константин Кара Манлис во 1974 година)
- ❖ ПАСОК (Панхеленско социјалистичко движење, Социјалистичка партија основана од Андреас Папандреу во 1974 година)
- ❖ КЛП (Коалиција на левицата и напредокот, привремена коалиција на комунистичките и еврокомунистичките партии на Грција)
- ❖ СИРИЗА (Коалиција на радикалната левица, формирана во 2004 година од поранешни членови на еврокомунистичките и комунистичките партии на Грција)
- ❖ ЛАОС, (Народен православен митинг, партија на националистичката десница формирана во 2000 година од Јоргос Карацаферис, поранешен пратеник на НД)
- ❖ ДЕМАР (Демократска левица, формирана во 2010 година од поранешни членови на Еврокомунистичка партија на Грција)
- ❖ АНЕЛ (Независни Грци, партија на националистичката десница, формирана во 2012 година од Панос Каменос, поранешен пратеник на НД)

## Библиографија

### Книги, статии, натписи и документи

1. Adamczyk, Artur. *Albanian immigrants in Greece: from unwanted to tolerated?* Journal of Liberty and International Affairs, 2(1), 2016
2. Adamczyk, Artur. Ilik, Goran. *Greek-Turkish Relations, UE and Migration Problem*. Warsaw : Yearbook of Polish European Studies, Centre for Europe, University of Warsaw, vol.19, 2016
3. *Air Space Related Related Problems,* accessed January 24, 2024, https://www.mfa.gov.tr/air-space-related-related-problems.en.mfa
4. Akman, Emine. *Continuity and change in Greek security perceptions and priorities in the post-cold war era*. Ankara : Middle East Technical University, 2005
5. Alogoskoufis, George. *Greece and the Euro: A Mundellian Tragedy*. Medford : The Constantine G. Karamanlis chair in the Hellenic and European studies, The Fletcher School Tufts University no. 2019–01, 2019
6. Anastassiadis, Anastassios. *Religion and Politics in Greece: The Greek Church's 'Conservative Modernization' in the 1990s*. *Questions de Recherche/ Research in Question*, N.11, 2004
7. Andreadis, Ioannis. Stavrakakis, Yannis. *Dynamics of Polarization in the Greek Case.* ANNALS, AAPSS, 681, 2019
8. Андов, Стојан. *На мој начин.* Скопје : Матица Македонска, 2003
9. Armakolas I., Bandovic I., Bechev D., Webe B. *North Macedonia: What's next*?. Open Society European Policy Institute. 2019
10. Armakolas, Ioannis. Damjanovski, Ivan. Siakas, George. *The prospects of the Prespa Agreement public perceptions in North Macedonia and Greece*. Skopje, Athens : Konrad Adenauer Stiftung, 2021
11. Armakolas, Ioannis. Siakas, George. Berzani, Alketa. Seferaj, Klodjan. *Relations between Albania and Greece*. Tirana : Open Society Foundation for Albania (OSFA), Hellenic Foundation for European & Foreign Policy, 2021
12. Armakolas, Ioannis. Siakas, George. *What's in a name? Greek Public Attitudes towards the „Name Dispute" and the Former Yugoslav Republic of Macedonia*

*in 2018. Athens* : Hellenic Foundation for European and foreign policy (ELIAMEP), 2018

13. Armakolas, Ioannis. *The Greek Public Opinion towards Albania and the Albanians Social attitudes and perceptions*. Athens : ELIAMEP – SE Europe programme, Friedrich Ebert Stiftung, 2013
14. Arvanitopoulos, Constantine. Botsiou, Konstantina. E. *The Constantinos Karamanlis Institute for Democracy Yearbook 2010*. Athenes : Springer, 2010
15. Arvanitopoulos, Constantine. *Turkey's Accession to the European Union, An unusual Candidacy*. Athens : Springer-Verlag Berlin Heidelberg, 2009
16. Athanassopoulou, Ekavi. *Greece, Turkey, Europe: Constantinos Simitis in Premiership Waters, Mediterranean Politics*. London : Frank Cass, vol. 1, no. 1, 1996
17. Aydin, Abdurrahim F. Progonati, Erjada. *Albanian Foreign Policy in the Post-Communist Era*. Madrid : UNISCI, Universidad Complutense de Madrid, 2011
18. Bahcheli, Tozun. Couloumbis, Theodore A. Carley, Patricia. *Greek – Turkish relations and U.S. Foreign Policy, Cyprus, the Aegean, and Regional Stability*. Washington : Peaceworks No. 17, United States Institute of Peace, 1997
19. Bastian, Jens. *Greece in Southeast Europe Political Opportunities and Economic Challenges.* Berlin : Friedrich-Ebert-Stiftung, International Policy Analysis, 2010
20. „*Better late than never*", The Economist, 4 October 2005
21. Botsiou, Konstantina E. Klapsis, Antonis. *The Konstantinos Karamanlis Institute for Democracy Yearbook 2011,The Global Economic Crisis and the Case of Greece*. Athens : Springer, 2011
22. Cela, Alba. Rakipi, Albert. Balla, Andi. Zeneli, Bashkim. Feta, Bledar. Koçi, Dorian. Jorgji, Jordan. Giakoumis, Konstantinos. Krisafi, Ledion. Xhepa, Selami. *Albania and Greece: Understanding and explaining*. Tirana : Friedrich-Ebert-Stiftung, 2018
23. Central Intelligence Agency. *Greece: Papandreou and the Military*,1983
24. Central Intelligence Agency. *Greece's electoral System*. Washington D.C. 1985
25. Chila, Irini. *Greece at the United Nations: Voting behavior and policy shifts*. Minneapolis : University of Minnesota, 2003

26. Chionis, Dionysios. Liargovas, Panagiotis. Zanias, George. *Greece's Trade With The Balkan Countries: Is It Too Little*?. Journal of Economic Integration 17(3), 2002
27. Chryssogelos, Angelos. *Still Europeanised? Greek Foreign Policy During the Eurozone Crisis*. London: LSE, 2017
28. Cortinovis, Roberto. *Pushbacks and lack of accountability at the Greek-Turkish borders*. Brussels: CEPS, 2021
29. Couloumbis, Theodore A. Iatrides, John O. *Greek-American relations, a critical review*. New York : Pella Publishing Company, 1980
30. Couloumbis, Theodore A. Kariotis, Theodore. Bellou, Fotini. *Greece in the Twentieth Century*. London and New York : Frank Cass, 2003
31. Couloumbis, Theodore A. Petropulos, John A. Psomiades, Harry J. *Foreign Interference in Greek Politics*. New York : Pella Publishing Company, 1976
32. Cowan, Jane. (ed.) *Macedonia: The Politics of Identity and Difference*. London: Pluto Press, 2000
33. Crampton, Richard. *The Balkans since second world war*. London : Pearson Education, 2002
34. Curtis, Glenn E. *Greece: a country study*. Library of Congress. Headquarters, Department of the Army, 1995
35. Daskalovski, Zhidas. *Clashing historical narratives and the Macedonian name dispute – solving the unsolvable*. Skopje : University of Kliment Ohridski, 2017
36. Dervishi, Glevin. *Greek-Albanian Relations, the Past, the Present and the Future*. Mediterranean Journal of Social Sciences, vol. 10, no. 3, 2019
37. Dimitriadi, Angeliki. Sarantaki, Antonia-Maria. *The refugee „crisis" in Greece: politicisation and polarisation amidst multiple crises*. Chemnitz : Ceaseval research on the common European asylum system, Nr. 11, 2018
38. Димитров, Евгени. Зографски, Данчо. Илиевски, Петар Хр. Конески, Блаже. Матевски, Матеја. Пандевски, Манол. Старделов, Георги. Христов, Александар. Грозданов, Цветан. Ристовски, Блаже. Битоски, Крсте. Ивановски, Владо. Кирјазовски, Ристо. Киселиновски, Стојан. Миновски, Михајло. Младеновски, Симо. Панов, Бранко. Симовски, Тодор. *Македонија и односите со Грција*. Скопје : Македонска академија за науките и уметностите, 1993

39. Докмановиќ, Мишо. *Балканот и американската дипломатија во XX век.* Скопје *:* Правен факултет „Јустинијан Први“, 2014
40. Emmert, Frank., Petrovich, Sinisha. *The past, present and future of EU Enlargement*. Fordham International Law Journal, Vol. 37, No. 5, pp. 1349-1419, 2014
41. Ersland, Birgitta. H. L. L. *One step further to the right, Right-wing extremism in Greece and the rise of Golden Dawn*. Oslo : University of Oslo, 2014
42. Floudas, Demetrius Andreas. *„Macedonia nostra“ An analysis of Greece's dispute with FYROM. Greece: Prospects for Modernisation Conference*. London School of Economics & Political Science, 1994
43. Floudas, Demetrius Andreas. *Pardon? A Conflict for a Name? FYROM'S dispute with Greece revisited; The New Balkans*. New York : Columbia University Press, 2002
44. Fouéré, Erwan. *Progress in resolving the Greek Macedonian name dispute: Will it break the Gordian knot at last*?. Brussels : CEPS, 2018
45. Gallant, Thomas W. *Brief Histories Modern Greece*. London : Arnold, 2001
46. Георгиевски, Љубчо. *Мојата македонска приказна: каде одиш, Македонијо*!. Скопје : Ѓурѓа, 2018
47. Георгиевски, Љубчо. *Тоа сум јас*. Велес : Лекс легис, 2012
48. Георгиевски, Сашо. Додевски, Сашо. *Документи за Република Македонија 1990 – 2005*. Скопје : Правен факултет „Јустинијан Први“, 2008 (435)
49. Глигоров, Киро. *Македонија е сѐ што имаме.* Скопје : Култура, 2002
50. Greek Memorandum. *Position of the Greek Government on Greece's Relations with the European Communities. Reproduced from the Bulletin of the European Communities*, No. 3/1982, 1982
51. Grigoriadis, Ioannis N. Democratic *Transition and the Rise of Populist Majoritarianism, Reform and Transition in the Mediterranean*. Cham : Palgrave Macmillan, 2018
52. Grigoriadis, Ioannis N. *The Changing Role of the EU Factor in Greek-Turkish Relations*. London : London School of Economics and Political Science, Hellenic Observatory, 2003
53. Grigoriadis, Ioannis N. T*he Orthodox Church and Greek-Turkish Relations: Religion as Source of Rivalry or Conciliation*?. Athens: Routledge, 2009

54. Gürzel, Günay Aylin. *Greece's Accession to the EU and its integration process*. Ankara : Bilkent University, 2004
55. Heraclides, Alexis. *The Essence of the Greek-Turkish Rivalry: National Narrative and Identity*. Hellenic Observatory European Institute, LSE, 2011
56. Iosifidis, Petros. Boucas, Dimitris. *Media policy and independent journalism in Greece*. London : Open Society Foundation, 2015
57. Иванова, Елена. *Европската мигрантска криза и повредата на човековите права и основни слободи загарантирани со Европската конвенција за човекови права – анализа на случај Hirsi Jamaa и останатите против Италија, Миграција и азил: национална, меѓународна и европска рамка*. Штип : Универзитет „Гоце Делчев“, Правен факултет, 2021
58. Ivanovski, Hristijan. *The Macedonia-Greece dispute/difference over the name issue: mitigating the inherently unsolvable*. New Balkan Politics, 14, 48–80, 2013
59. Jamons, Persephonie. *How did Greece return to democracy following the 1967 coup d'état by the military junta*?. MHIS321 Twentieth-Century Europe
60. Jelavich, Barbara. *History of the Balkans*, Vol. 2: Twentieth Century. Cambridge: Cambridge University Press, 1983
61. Kaiser, Wolfram., Elvert, Jurgen. *European Union Enlargement A Comparative History*. London : Routledge, 2004
62. Kalyvas, Stathis N. *Polarization in Greek politics: PASOK's first four years, 1981–1985*. Journal of the Hellenic Diaspora 23 (1), 1997
63. Karadzoski, Mladen. Adamczyk, Artur. *Macedonia and Her Difficult Neighbours on the Path to the EU*. Yearbook of Polish European Studies, 17, 2014
64. Karagiannis, Evangelos. *Secularism in context: The relation between the Greek state and the church of Greece in crisis*. European Journal of Sociology, 50(1) pp. 133–167, 2009
65. Karalis, Vrasidas. *The Socialist Era in Greece (1981-1989) or the Irrational in Power*. Modern Greek Studies (Australia and New Zealand), vol. 14, 2010

66. Karamouzi, Eirini. Chourchoulis, Dionysios. *Troublemaker or Peacemaker? Andreas Papandreou, the Euromissile Crisis and the policy of peace, 1981-1986*. Cold War History, 19 (1). ISSN 1468-2745, 2018
67. Kariotis, Theodore C. Papandreou, Andreas G. *The Economist*. Journal of the Hellenic diaspora 23, no.1, pp. 33–59, 1997
68. Kechagiaras, Yannis. *Why did Greece block the Euro-Atlantic integration of the Former Yugoslav Republic of Macedonia*? An Analysis of Greek Foreign Policy Behaviour Shifts. Hellenic Observatory European Institute, LSE, 2012
69. Keridis, Dimitris. *Political Culture and Foreign Policy: Greek-Turkish Relations in the Era of European Integration and Globalization, A NATO Fellowship Final Report*. Cambridge : Harvard University, 1999
70. Kitroeff, Alexander. Papandreou, Andreas G. A *Brief Political Biography*. Journal of the Hellenic diaspora, Vol. 23.1, 1997
71. Kofos, Evangelos. *Macedonia's Name: Breaking the Deadlock*. ICG Report, 2009
72. Koliastasis, Panagiotis. *The permanent campaign strategy of Greek Prime Ministers (1996 – 2011)*. London : Queen Mary University of London, 2014
73. Koliopoulos, John S. *Greece The modern sequel from 1831 to the present.* London : Hurst & Company, 2002
74. Koliopoulos, John S. Veremis, Thanos M. *Modern Greece: A History since 1821*. Chichester : Wiley-Blackwell, 2010
75. Koneska, Cvete. *The Macedonia Name Dispute: A Few Drivers and Spoilers of Success*. Insight Turkey Vol. 21, No. 2, 2019
76. Konstantinos, C. *Financial Derailment and the Political Class in Greece*. J Pol Sci Pub Aff 5: 257, 2017
77. Kotsovilis, Spyridon. *Exploring the Sources of Greek Foreign Policy Towards the Former Yugoslav Republic of Macedonia*. The Hellenic Observatory, London School of Economics and Political Science, 2005
78. Koukoudakis, George. *Explaining the Endurance of Greek-Turkish Rapprochement Process*. Uluslararası İlişkiler, Volume 11, No. 44, 2015
79. Kursat, Cinar. *A comparative analysis of clientelism in Greece,Spain, and Turkey: the rural–urban divide, Contemporary Politics* Vol. 22, No. 1. London : Routledge Taylor & Francis group, 2016

80. Малески, Денко. *Бебето од катран, Македонија во меѓународните односи (1991 – 1993)*. Скопје : Култура, 2012
81. Marchio, Colonel. Riccardo. *„Operation Alba“: A European approach to peace support operations in the Balkans*. Pennsylvania : U.S. Army War College, 2000
82. Markovic, Nenad. Nikolov, Marjan. *Aspects of the name dispute between Macedonia and Greece: symbols, conflict and economic costs*. CEA Journal of Economics, Center for Economic Analyses, 2017
83. Mavrogordatos, George Th. *From traditional Clientelism to Machine Politics: the impact of PASOK Populism in Greece*. London: Frank Cass; South European Society & Politics, Vol.2, No.3, 1997
84. Mavrogordatos, George Th. *Greece.* Amsterdam : European Journal of Political Research 28, Kluwer Academic Publishers, 1995
85. Mavrogordatos, George Th. *Greece*. Amsterdam : European Journal of Political Research 30, Kluwer Academic Publishers, 1996
86. Mavrogordatos, George Th. *Greece*. European Journal of Political Research 42. European Consortium for Political Research, 2003
87. Mavrogordatos, George Th. *Greece*. Oxford : European Journal of Political Research 43, Blackwell Publishing Ltd, 2004
88. Mavrogordatos, George Th. *Greece*. Oxford : European Journal of Political Research 44, Blackwell Publishing Ltd, 2005
89. Mavrogordatos, George Th. *Greece*. Oxford : European Journal of Political Research 45, Blackwell Publishing Ltd, 2006
90. Mavrogordatos, George Th. *Greece*. Oxford : European Journal of Political Research 46, Blackwell Publishing Ltd, 2007
91. Mavrogordatos, George Th. *Greece*. Oxford : European Journal of Political Research 47, Blackwell Publishing Ltd, 2008
92. Mavrogordatos, George Th. *Greece*. Oxford : European Journal of Political Research 48, Blackwell Publishing Ltd, 2009
93. Mavrogordatos, George Th.; Marantzidis, Nikos. *Greece*. Oxford : European Journal of Political Research 49, Blackwell Publishing Ltd, 2010
94. Mavrogordatos, George Th.; Mylonas, Harris. *Greece*. Oxford : European Journal of Political Research 50, Blackwell Publishing Ltd, 2011

95. Mavrogordatos, George Th.; Mylonas, Harris. *Greece*. Oxford : European Journal of Political Research 51, Blackwell Publishing Ltd, 2012
96. Mavrogordatos, George Th. *Rise of the Green sun, the Greek election of 1981*. London : King's College, 1983
97. Michas, Takis. *Plans for Macedonia. The name issue revisited – an anthology of academic articles*. Skopje : Macedonian Information Center, 2013
98. Migdalovitz, Carol. *Cyprus: Status of U.N. Negotiations.* Congressional Research Service, The Library of Congress, 2005
99. Mikedakis, Emmi. *„Manipulating Language: Metaphors in the Political Discourse of Georgios Papadopoulos (1967 – 1973).*" In E. Close, M. Tsianikas and G. Frazis Greek Research in Australia: Proceedings of the [3rd] Annual Conference of Greek Studies, Flinders University, 23-24 June 2000. Flinders University Department of Languages – Modern Greek: Adelaide, p.84
100. Miller. James, Edward. *The United States and the making of modern Greece, history and power, 1950 – 1974*. Chapel Hill: The University of North Carolina press, 2009
101. Мирчев, Димитар. *Ферментација на демократијата и на нацијата, сите македонски политички пролети 1943 – 1993*. Скопје : Силсонс, 2014
102. Митев, Оливер. *Создавање на независна Република Македонија*. Штип : Универзитет „Гоце Делчев", 2015
103. Moskoff, Hercules. *Church, state, and political culture in Greece since 1974: Secularisation, democratisation, westernisation*. London : London School of Economics and Political Science, 2005
104. Mylonas, Harris. *Democratic Politics in Times of Austerity: The Limits of Forced Reform in Greece. Perspectives on Politics* 12(2), pp. 435–443, 2014
105. Mylonas, Harris. *Greece*. New Jersey : European Journal of Political Research Data Yearbook 52, John Wiley & Sons Ltd, 2014
106. Mylonas, Harris. *Greece*. New Jersey : European Journal of Political Research Data Yearbook 53, John Wiley & Sons Ltd, 2015
107. Mylonas, Harris. *Greece.* New Jersey : European Journal of Political Research Data Yearbook 54, John Wiley & Sons Ltd, 2016
108. Mylonas, Harris. *Greece.* New Jersey : European Journal of Political Research Data Yearbook 55, John Wiley & Sons Ltd, 2016

109. Mylonas, Harris. *Greece*. New Jersey : European Journal of Political Research Data Yearbook 56, John Wiley & Sons Ltd, 2017
110. Mylonas, Harris. *Is Greece a Failing Developed State? Causes and Socio-economic Consequences of the Financial Crisis.* Ann Arbor : University of Michigan, Center for European Studies – European Union Center, 2010
111. Naoum, Michael. *The Greek-Turkish Rapprochement Process, 1999 – 2004*: Paradigm Shift or Epi-phenomenon. Monterey : Naval postgraduate school, 2004
112. Naumovski, Vasko. *Bilateral disputes in the European Union enlargement*. Skopje, 2013
113. Ndoj, Dorina. *The political discourse on the Albanian-Greek 'Sea Agreement dispute'*. International Journal of Academic Research and Reflection Vol. 3, No. 7, 2015
114. Nimetz, Matthew. *The Macedonian „Name" Dispute: The Macedonian Question–Resolved?*. Nationalities Papers 48: 205–214, 2020
115. Pachocka, Marta. *Understanding the Visegrad Group States' Response to the Migrant and Refugee Crises 2014+ in the European Union*. Warsaw : Yearbook of Polish European Studies, Centre for Europe, University of Warsaw, vol.19, 2016
116. Panagiotou, Ritsa. Valvis, Anastasios I. *How is the sovereign debt crisis affecting Greece's relations with the Balkan countries and Greece's standing in the region? An initial impact assessment*. Athens : Hellenic Foundation for European & Foreign Policy (ELIAMEP) – South East European programme, 2014
117. Papacosma, S. Victor. *Politics and culture in Greece*. Ann Arbor : Center for Political Studies, Institute for Social Research, The University of Michigan, 1988
118. Papandreou, Nick. *Life in the First Person and the Art of Political Storytelling: The Rhetoric of Andreas Papandreou*. London : LSE – Hellenic Observatory European Institute, No.85, 2014
119. Papastathis, Charalambos K. Maghioros, Nikos. *Greece: A Faithful Orthodox Christian State, The Orthodox Church in the Hellenic Republic*. Religion and the secular state, National report : Greece, 2014

120. Papavizas, George C. *FYROM: A Source of Balkan Instability. Duke University Press, Mediterranean Quarterly*, Vol. 23, No. 2, 2012
121. Pendarovski, Stevo. *Macedonian foreign policy: 1991-2011, Aspects of integral legitimacy*. Skopje : Magor, University American Collage, 2012
122. Pop-Angelov, Marijan. *A dispute name: Is there a solution to the name issue between Macedonia and Greece?*. Washington : Georgetown University, 2010
123. Рајчиновска-Пандева, Ирена. *Патот кон зачленување во ЕУ: Кипарско искуство*. Скопје : ЕВРОДИЈАЛОГ, списание за европски прашања, 2003
124. Рајчиновска-Пандева, Ирена. *Турската надворешна политика и судирот на идентитети – со подебен осврт на неоотоманизмот*. Скопје : Институт за демократија „Societas Civilis“, Фондација „Конрад Аденауер Стифтунг“, 2013
125. Rasku, Minna. *On the Border of the East and West. Greek Geopolitical Narratives*. Jyväskylä : University of Jyväskylä, 2007
126. Roudometof, Victor. *Eastern Orthodox Christianity and the Uses of the Past in Contemporary Greece*. Religions, 2, 95–113, 2011
127. Ружин, Нано. *НАТО во современите меѓународни односи*. Скопје : Фондација „Фридрих Еберт“, 2010
128. Shkaric, Svetomir. Apasiev, Dimitar. Patchev, Vladimir. *Name dispute between Greece and Macedonia*. Skopje : Matica Makedonska, 2009
129. Siousiouras, Petros. Chrysochou, Georgios. *The Aegean Dispute in the Context of Contemporary Judicial Decisions on Maritime Delimitation*. Open Access Laws ISSN 2075-471X, 2014
130. Sjursen, Helene. Questioning EU Enlargement Europe in search of identity. London : Routledge, 2006
131. Skamnakis, Antonis. *Politics, Media and Journalism in Greece*. Dublin : Dublin City University School of Communications, 2006
132. Skoulariki, Athena. *Conspiracy theories before and after the Greek crisis: Discursive patterns and political use of the „enemy“ theme*. Επιστήμη και Κοινωνία : Επιθεώρηση Πολιτικής και Ηθικής Θεωρίας, 37, pp.73–108, 2018
133. Sofos, Spyros. *Beyond the Intractability of the Greek-Macedonian Dispute. In M.* Casule (Ed.), The Name Dispute Revisited. Skopje : Macedonian Information Center, 2013

134. Sotiropoulos, Dimitri A. *The Backsliding of Democracy in Today's Greece*. Athens : Friedrich-Ebert-Stiftung, 2018
135. Spourdalakis, Michalis. *The Greek Experience*. Socialist register 1985/86 Social democracy and after,vol.22, 1985
136. Stamatopoulos, Dimitris. *The Orthodox Church of Greece – Orthodox Christianity and Nationalism in Nineteenth-Century Southeastern Europe*. Fordham University Press, 2014
137. Stavrakakis, Yannis. *Politics and Religion: On the „Politicization" of Greek Church Discourse.* The Journal of Modern Greek Studies, Volume 21, Number 2, 2003
138. Tatham, Allan. *Enlargement of the European Union. Alphen Aan Den Rijn and Austin*: Kluwer Law International, 2009
139. *The Court finds that Greece, by objecting to the admission of the Former Yugoslav Republic of Macedonia to NATO, has breached its obligation under Article* 11, paragraph 1, of the Interim Accord of 13 September 1995. The Hague: International court of Justice, 2011
140. Triantaphyllou, Dimitrios. *The Priorities of Greek Foreign Policy Today. Southeast European and Black Sea Studies,* 5:3, 2005
141. Tsinisizelis, Michael. *Greece in the European Union, A political/institutional balance sheet. Hellenic Republic, Ministry of Press and Mass Media,* 2008
142. Tziampiris, Aristotle. *Greece, European political cooperation and the Macedonian question,* june 1991 – december 1992. Ann Arbor: ProQuest LLC, 1999
143. Ванковска, Билјана. *Преспанскиот договор, етницитетот и националноста*. Скопје : Филозофски факултет, УКИМ, 2019
144. Veremis, Thanos. *Balcanica XXXVI, Western Amateurs in the Balkans and the End of History*. Belgrade : Serbian academy of science and arts, 2006
145. Veremis, Thanos. *The Modern Balkans: A Concise Guide to Nationalism and Politics. The Rise and Decline of the Nation State*. London : LSEE Research on South Eastern Europe, 2015
146. Vickers, Miranda. *Balkans Series The Greek Minority in Albania – Current Tensions*. Shrivenham : Defence Academy of the United Kingdom, 2010

147. Yılmaz, Muzaffer Ercan. *The Cyprus conflict and the Annan plan: Why one more failure?* Bandırma: Balıkesir Üniversitesi, 2005
148. Zahariadis, Nikolaos. *Nationalism and Small State Foreign Policy: The Greek Response to the Macedonian Issue*. Political Science Quarterly, 109 (4), 1994
149. Шуменковска, Ирена. *Американско – грчките односи во периодот 1974 – 1991 година*. Скопј е: Правен Факултет „Јустинијан Први“, 2017
150. Шуменковска, Ирена. *Геополитичките импликаци врз проширувањето на Европската Заедница со Грција*. Скопје : Политичка мисла, 2021

**Интернет страни**

1. Abraham Lincoln, https://www.azquotes.com/quote/569417
2. Albania, https://www.consilium.europa.eu/en/policies/enlargement/albania/
3. Albanian official: „*We are much more pro-European than several EU members*“, https://www.euractiv.com/section/enlargement/interview/albanian-official-we-are-much-more-pro-european-than-several-eu-members/
4. Albert Einstein, https://www.entrepreneur.com/leadership/20-leadership-quotes-from-the-worlds-most-influential/295783
5. Alexis Tsipras, https://www.azquotes.com/author/36159-Alexis_Tsipras
6. Andreas Papandreou Quotes, http://www.quotehd.com/quotes/andreas-papandreou-quote-this-is-a-turning-point-in-greek-history-it-is-now-time-to-focus
7. BBC (2017), „*The man who has focused on one word for 23 years*“, https://www.bbc.com/news/magazine-40781213
8. Byzantium – between the Turkish turban and the papal tiara, https://rupensavoulian.com/2011/09/03/byzantium-between-the-turkish-turban-and-the-papal-tiara/
9. Couloumbis, Theodore A. Domestic Sources of Greek Foreign Policy, https://citeseerx.ist.psu.edu/document?repid=rep1&type=pdf&doi=7dc5803376d288eeda49cdfce177b1174fa007ac
10. Davutoğlu meets Greek PM Tsipras, discusses refugee crisis, https://www.dailysabah.com/diplomacy/2015/09/30/davutoglu-meets-greek-pm-tsipras-discusses-refugee-crisis

11. *Договор за решавање на македонско-грчкиот спор за името и за стратешко партнерство*, https://www.vlada.mk/node/17422
12. *EU Enlargement policy – Albania*, https://www.consilium.europa.eu/en/policies/enlargement/albania/
13. *ЕУ вести*, https://www.sobranie.mk/eu-vesti-2014-ns_article-shesta-preporaka-za-makedonija-za-pocetok-na-pregovorite-za-clenstvo-vo-eu.nspx
14. George Papandreou, https://www.azquotes.com/author/11291-George_Papandreou
15. George Papandreou Quotes, https://www.brainyquote.com/authors/george-papandreou-quotes
16. Greece and the euro, https://economy-finance.ec.europa.eu/euro/eu-countries-and-euro/greece-and-euro_en
17. Greece, August 2018: a mid-term report from a Syriza MP, https://www.opendemocracy.net/en/can-europe-make-it/greece-august-2018-mid-term-report-from-syriza-mp/
18. „Greece“, European Union, www.europa.eu/european-union/about-eu/countries/member-countries/greece_en
19. „Greece's course in the EU“, Hellenic Republic Ministry of foreign affairs, https://www.mfa.gr/en/foreign-pol icy/greece-in-the-eu/greeces-course-in-the-eu
20. Greek-Albanian Links Resume After 31 Years, https://www.nytimes.com/1971/05/07/archives/greekalbanian-links-resume-after-31-years.html
21. Greek PM Tsipras Faces Confidence Vote After Minister Quits, https://www.voanews.com/a/greek-defense-minister-resigns-over-macedonia-name-change/4740812.html
22. Грчката православна црква, https://wol.jw.org/mk/wol/d/r102/lp-mc/101996005
23. *Hans J. Morgenthau*, https://www.goodreads.com/author/quotes/419918.Hans_J_Morgenthau
24. International Relations Careees, https://internationalrelationscareers.com/issues/international-relations-quotes/
25. *Jimmy Carter*, https://www.azquotes.com/quote/50075

26. *John F. Kennedy*, https://www.azquotes.com/quote/156200
27. *Joint statements of Foreign Minister Kotzias and Albanian Foreign Minister Ditmir Bushati during their press conference* (Tirana, 15 July 2015), https://www.mfa.gr/en/current-affairs/top-story/joint-statements-of-foreign-minister-kotzias-and-albanian-foreign-minister-ditmir-bushati-during-their-press-conference-tirana-15-july-2015.html
28. Luxembourg European Council 12 and 13 december 1997 presidency conclusion, https://www.europarl.europa.eu/summits/lux1_en.htm
29. Mahatma Gandhi, https://www.brainyquote.com/quotes/mahatma_gandhi_135298
30. Margaritis, Konstantinos. A Constitutional Discussion of Participatory Democracy in Greece, 2014 23-3. Constitutional Forum 29, 2014, https://canlii.ca/t/t0gs
31. Marusic, Sinisa, Jakov. Nimetz Excludes ‘Identity’ Issues From Macedonia Talks, https://balkaninsight.com/-2018/02/01/identity-issues-not-part-of-macedonia-name-talks-nimetz 02-01-2018/
32. Mavrogordatos. George Th.Orthodoxy and Nationalism in the Greek Case, https://www.academia.edu/2363389/Orthodoxy_and_nationalism_in_the_Greek_case
33. Millard Fillmore, https://www.azquotes.com/quote/714958?ref=religion-and-politics
34. NATO overcomes Greek-Turkish tensions to agree Aegean mission, https://www.reuters.com/article/idUSKCN0VY0MW/
35. *Nelson Mandela*, https://www.azquotes.com/quote/813316
36. Otto von Bismarck, https://www.oxfordreference.com/display/10.1093/acref/9780191826719.001.0001/q-oro-ed4-00001699;jsessionid=AD11A680C07F0D708013981E1E9C5D5C
37. Paris Peace Treaties, https://www.britannica.com/topic/Paris-Peace-Treaties-1947
38. Petrou, Panos. The making of SYRIZ, http://socialistworker.org/print/2012/06/11/the-making-of-syriza
39. Pope Benedict XVI, https://www.azquotes.com/quote/685961

40. *Prespa Agreement. 2018*. „Final Agreement for the Settlement of the Differences as Described in the United Nations Security Council Resolutions 817 (1993) and 845 (1993), the Termination of the Interim Accord of 1995, and the Establishment of a Strategic Partnership Between the Parties, June 17, 2018." https://www.un.org/pga/73/wp-content/uploads/sites/53/2019/02/14-February-Letter-dated-14-February-2019.pdf
41. Проева, Нада. „Кога политичарите решаваат научни проблеми", Нова Македонија, https://novamakedonija.com.mk/mislenja/kolumni/%D0%BA%D0%BE%D0%B3%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%B0%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D1%80%D0%B5%D1%88%D0%B0%D0%B2%D0%B0%D0%B0%D1%82-%D0%BD%D0%B0%D1%83%D1%87%D0%BD%D0%B8-%D0%BF%D1%80/
42. Ralf Gjoni – Articles and Thoughts, http://ralfgjoni.blogspot.com/2015/
43. Roudometof V. Orthodoxy as Public Religion in post-1989 Greece, https://www.researchgate.net/publication/336146039_Orthodoxy_as_Public_Religion_in_post-1989_Greece
44. Satanakis, Sofia Maria. *Greece and the Former Yugoslav Republic of Macedonia: The Prespa Agreement. What comes next?*, https://www.aies.at/download/2018/AIES-Fokus_2018-06.pdf
45. „Second enlargement: Greece", Digital Research in European Studies, https://www.cvce.eu/en/education/unit-content/-/unit/02bb76df-d066-4c08-a58a-d4686a3e68ff/4a6854b3-62e2-4e41-aba6-9ccf2cf5a859
46. *Security council marks withdrawal of multinational force from Albania; need for continuing global support is noted*, https://press.un.org/en/1997/19970814.sc6410.html
47. The Ecumenical Patriarchate, https://www.goarch.org/documents/32058/2576322/faith_series-ecumenical-patriarchate.pdf/ab563f32-8f30-4af3-b810-9a10b6305cb4

48. The military balance between Greece and Turkey: How it stands-Where it is headed – What it means, https://www.cia.gov/readingroom/document/cia-rdp93t00837r000400040002-4
49. *Treaty of Lausanne*, https://www.britannica.com/event/Treaty-of-Lausanne-1923
*50.* Tsakonas, Panayotis J. *Greek-Turkish Relations Towards the 21st Century: A View from Athens, 1999*, https://scholarsprogram.wcfia.harvard.edu/sites/projects.iq.harvard.edu/files/fellows/files/tsakonas-.pdf
51. Turkey Again Calls for Change of Hagia Sofia Status, https://news.gtp.gr/2019/03/29/turkey-again-calls-change-hagia-sofia-status/
52. Western Balkans, https://transport.ec.europa.eu/transport-themes/international-relations/enlargement/western-balkans_en
53. *William L. Swing*, https://www.azquotes.com/author/51285-William_L_Swing
54. Zenakos, Augustine, „Greece & Macedonia: negotiating history doesn't make it true", Open Democracy, https://www.opendemocracy.net/en/can-europe-make-it/greece-macedonia-negotiating history-doesn-t-make-it-true/

Докторанд:

М-Р ИРЕНА ШУМЕНКОВСКА

Тема:

ГРЦИЈА ОД ПАДОТ НА ХУНТАТА ДО ПРЕСПАНСКИОТ ДОГОВОР (1974 – 2018) ВНАТРЕШНО-ПОЛИТИЧКИОТ РАЗВОЈ И НЕГОВОТО ВЛИЈАНИЕ НА ОДНОСИТЕ СО СОСЕДИТЕ

Ментор:

Проф. д-р НЕНАД МАРКОВИЌ

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Правен факултет "Јустинијан Први" во Скопје

Комисија за одбрана:

Проф.д-р САШО ГЕОРГИЕВСКИ (претседател)

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Правен факултет "Јустинијан Први" во Скопје

Проф. д-р НЕНАД МАРКОВИЌ

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Правен факултет "Јустинијан Први" во Скопје

Проф. д-р ИРЕНА РАЈЧИНОВСКА ПАНДЕВА

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Правен факултет "Јустинијан Први" во Скопје

Проф. д-р ВАСКО НАУМОВСКИ,

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Правен факултет "Јустинијан Први" во Скопје

Проф. д-р ИВАНКА ВАСИЛЕВСКА,

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Правен факултет "Јустинијан Први" во Скопје

Научна област: ПОЛИТИЧКИ НАУКИ

Датум на одбрана: 26.04.2024

*За помошта која ми е дадена во изборот и реализацијата на овој труд со особено задоволство се заблагодарувам на мојот ментор проф. д-р Ненад Марковиќ. Чувствувам пријатна обврска да му изразам длабока благодарност за сугестиите, советите и стручната помош која ми ја укажуваше при работата на овој труд.*

*Благодарност до моите родители Лидија и Новица и мојата сестра Дијана, за нивното трпение и подршка за целокупната работа во сите овие години.*

Изјавувам дека докторскиот труд е оргинален труд што го имам изработено самостојно.

Ирена Шуменковска

Изјавувам дека електронската верзија на докторскиот труд е идентична со отпечатениот докторски труд.

Ирена Шуменковска